ФЈОДОР М. ДОСТОЈЕВСКИ

ИДИОТ

ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

ИДИОТ

Наслов на оригиналот

Ф. М. ДОСТОЕВСКИЙ
ИДИОТ

Превела од руски
ТАЊА УРОШЕВИЌ

Лектура и коректура
ЛИЗА БАРСОВА
ЕЛИСАВЕТА БЕЖАНОВСКА

Ликовно обликување
ВОЈА МИЛИЌ

Уредувачки одбор
ВАСКО АНАСТАСОВ
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, претседател
БОЖИН ПАВЛОВСКИ
БРАНКО ПЕНДОВСКИ
ДУШКО ЦРВЕНКОВСКИ

Печат
Графички завод
„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
Скопје

Ф. М. ДОСТОЕВСКИ

ИДИОТ

МИСЛА
МАКЕДОНСКА КНИГА
НАША КНИГА
КУЛТУРА
1980

ПРВА КНИГА

ПРВ ДЕЛ

I

Кон крајот на ноември, по јужното време, околу девет часот изутрина, возот од петербуршко-варшавската железничка линија со сета брзина му се приближуваше на Петербург. Беше толку влажно и магливо што одвај осамна; тешко беше да се распознае нешто, лево и десно од патот, на десет чекори од прозорецот на вагонот. Меѓу патниците имаше и такви кои се враќаа од странство; но поисполнети беа одделенијата на третата класа и тоа сè со ситен, деловен народ кој не патуваше оддалеку. Сите, како што можеше и да се очекува, беа изморени, на сите очите им станаа тешки од ноќта, сите беа изѕемнати, сите лица беа бледо-жолти, со маглива боја.

Во едно купе од трета класа, уште од осамнување, се најдоа еден спроти друг, крај самоти прозорец, двајца патници – и обајцата млади луѓе, и обајцата речиси без багаж, и обајцата необлечени наконтено, и обајцата со прилично забележливи физиономии и обајцата кои, најодзади, посакаа да стапат во разговор еден со друг. И обајцата кога би знаеле еден за друг со што имено се забележливи во тој миг, се разбира, би се почудиле на случајот кој толку чудно ги намести еден спроти друг во купе на трета класа во петербуршко-варшавскиот воз. Едниот од нив не беше висок, на околу дваесет и седум години, со кадрава

коса и речиси црн, со малечки сиви, но пламени очи. Носот му беше широк и сплескан, лицето со широки скули; тенките усни непрестајно се стиснуваа во некаква дрска, подбивна и дури злобна насмевка; но челото му беше високо и убаво оформено и го разубавуваше неблагородно развиениот долен дел на лицето. Особено забележлива беше, на тоа лице, неговата мртовечка бледнота, која ѝ придаваше на целата физиономија на момчакот истоштен изглед, без оглед на прилично силната градба и воедно нешто страсно до страдање, кое не беше во хармонија со натрапничавата и груба насмевка и со неговиот резок и самозадоволен поглед. Тој беше топло облечен во широк јагнешки кожув прекриен со црн штоф и ноќта не се смрзна, додека неговиот сосед беше принуден да ја извлече на својот измрзнат грб сета сладост на влажната ноемвриска руска ноќ, за која, очевидно, не беше приготвен. Тој имаше доста широка и дебела наметка без ракави, но со огромна ќулавка, токму онаква какви што често употребуваат патниците зиме, некаде далеку во странство, во Швајцарија или, на пример, во Северна Италија, не сметајќи, се разбира, притоа и на такви делови на патот, каков што е од Ејткунен до Петербург. Но она што можеше да послужи и сосема да задоволи во Италија, се покажа сосема неупотребливо во Русија. Сопственикот на наметката со ќулавка беше, исто така, млад човек на околу дваесет и шест или дваесет и седум години, со малку повисок од среден раст, многу рус, со густа коса, со пропаднати образи и со пердувесто, шилесто и речиси сосема бело брадиче. Очите му беа големи, сини и внимателни; во нивниот поглед имаше нешто тивко, но тешко, нешто исполнето со оној чуден израз, по кој, некои, на прв поглед ја откриваат епилепсијата кај субјектот. Лицето на момчакот беше, впрочем, пријатно, фино и суво, но безбојно, а сега беше дури и измрзнато до помодрување. Во неговите раце се нишкаше тенко врзулче од изветвен фулар што си ја загубил бојата, која го содржеше, се чини, сето она што го носеше на пат. На нозете имаше длабоки чевли со дебели ѓонови, – сè неруско. Црнокосиот сосед во прекриениот кожув

го разгледа сето тоа делумно зашто немаше што да прави, и, најодзади, запраша со онаа неделикатна насмевка, со која напати толку безобѕирно и презриво се изразува човечкото задоволство од несреќата на блискиот:

– Студено, а?

И собра раменици.

– Многу, – одговори соседот со необична готовност, – и, претставете си, уште и јужно е. А што би било да има мраз? Јас и не помислував дека кај нас е толку студено. Сум се одвикнал.

– Од странство ли?

– Да, од Швајцарија.

– Фи-и! Дури од каде! . . .

Црнокосиот свирна и се раскикоти.

Почна разговорот. Готовноста на русокосиот момчак во швајцарска наметка да одговара на сите прашања на својот црномурест сосед беше вчудовидувачка и без воопшто да се сомнева за тоа дека некои прашања се сосема безобѕирни, неумесни и празни. Одговарајќи, тој меѓу другото, изјави дека навистина долго време не бил во Русија, повеќе од четири години, дека во странство бил испратен поради болест, поради некоја си необична нервна болест, слична на епилепсија или игра на свети Вид, некакви треперења и грчеви. Слушајќи го, црномурестиот неколкупати се насмевна; тој особено се насмеа кога на прашањето: „И, како, се излекувавте ли?“ – русокосиот одговори дека „не, не се излекувал“.

– Хе! Изгледа, напразно сте им дале пари, а ние тука им веруваме, – навредливо забележа црномурестиот.

– Токму така! – се замеша во разговорот некојси лошо облечен господин што седеше скраја, кој личеше на чиновник закоравен од писарство, на околу четириесет години, цврсто граден, со црвен нос и мозолесто лице, – токму така господине, само сите руски сили залудно ги префрлуваат кај нив!

– О, колку грешите во мојов случај! – го продолжи разговорот швајцарскиот пациент со тивок помирлив глас, – се разбира, јас не можам да оспору-

вам, зашто не знам сè, но мојот доктор од своите последни пари за патот наваму ми даде и речиси две години таму самиот ме издржуваше.

– А зошто, немало кој да плати, или што? – праша црномурестиот.

– Господинот Павлишчев, кој ме издржуваше таму, умре пред две години; потоа јас ѝ пишував вам на генералицата Епанчина, мојата далечна роднина, но одговор не добив. Ете така и заминав.

– Каде ќе одите?

– Мислите каде ќе се сместам? ... Та уште не знам, јас вистина да речам ... така ...

– Уште не сте се решиле?

И обајцата што го слушаа повторно се раскикотија.

– И ова врзулче овде да не го содржи сиот ваш имот? – праша црномурестиот.

– Готов сум да се обложам дека е така, – со извонредно задоволен израз му се придружи црвенолициот чиновник, – и дека друг багаж во товарниот вагон нема, макар што сиромаштијата не е порок, што пак не можам да не го забележам.

Излезе дека тоа беше вистина: русокосиот момчак истиот миг и со необична брзина го призна тоа.

– Вашето врзулче сепак има извесно знаење, – продолжи чиновникот откако се изнакикотија (треба да се забележи дека и сопственикот на врзулчето почна, најодзади, да се смее, што ја зголеми нивната веселост), – макар што можам да се обложам дека тоа не содржи златници, пакети со странски наполеондори и фридрихдори и малку помали холандски дукати, за кое може да се суди уште и само по гамашите што ги прекриваат вашите странски чевли, но ... но ако на вашето врзулче му се додаде една таква роднина, каква што е, на пример, генералицата Епанчина, тогаш и врзулчето ќе добие малку поинакво значење, се разбира, само во тој случај, ако генералицата Епанчина ви е навистина роднина, и вие не се лажете, од расеаност ... што е многу карактеристично за еден човек, да речеме ... со прекумерна фантазија.

– О, вие пак погодивте! – му одговори русокосиот

момчак, – зашто навистина речиси се лажам, то ест речиси и не ми е роднина; дотолку дури, што јас, вистина, да речам, воопшто и не се почудив тогаш, што таму не ми беше одговорено. Тоа и го очекував.

– Напразно сте потрошиле пари за марки. Хм! . . . сепак сте простодушен и искрен, а ова е за пофалба! Хм! . . . а пак генералот Епанчин го познаваме, всушност, поради тоа што е тој општопознат човек; а и покојниот господин Павлишчев, кој ве издржувал вас во Швајцарија, исто така го познававме, само ако тој беше Николај Андреевич Павлишчев, зашто ги има двајца братучеди. Другиот е и до денес на Крим, а Николај Андреевич, покојникот, си беше почитуван човек и со врски, и во свое време имаше четири илјади души, господине . . .

– Токму така, се викаше Николај Андреевич Павлишчев, – и кога одговори, момчакот внимателно и испитувачки го изгледа господинот сезнајко.

Тие господа сезнајковци можат да се сретнат напати, а дури и прилично често, во извесен слој на општеството. Тие сè знаат, сета немирна љубопитност на нивниот ум и на способностите незапирно се насочуваат на една страна, се разбира, поради недостигот на позначајни животни интереси и погледи, како што би рекол еден современ мислител. Под зборот „сè знаат" треба, впрочем, да се подразбере прилично ограничен круг: каде работи тој и тој, со кого се познава, што има, каде бил како губернатор, со кого е женет, колку мираз добил, кој му се паѓа како прв братучед а кој како втор итн., итн., и сè во таа смисла. Најчесто тие сезнајковци одат со излитени лакти и добиваат по седумнаесет рубли месечна плата. Луѓето, на коишто тие им го знаат и црното под ноктот, се разбира, не би биле во состојба да разберат од какви интереси се раководат тие, а меѓутоа многумина од нив во ова знаење, кое може да се спореди со цела наука, наоѓаат вистинска утеха, постигнуваат самопочитување и дури највисоко духовно задоволство. А науката е и соблазнива. Сум имал прилика да видам учени литерати, поети, политички дејци кои со оваа наука стекнуваа и стекнаа свои највисоки достигну-

вања и цели, дури и такви кои проверено само со тоа постигнаа кариера. Додека траеше сиот овој разговор црномурестиот момчак се прозеваше, гледаше бесцелно во прозорецот и со нетрпение го чекаше крајот на патувањето. Тој беше како расеан, нешто премногу расеан, речиси вознемирен, стануваше дури и некако чуден: напати небаре не гледаше, се смееше и одеднаш и самиот не знаеше и не сфаќаше на што се смееше.

– Но дозволете, со кого имам чест ... – му се обрна ненадејно мозолестиот господин на русокосиот момчак со врзулчето.

– Кнез Лав Николаевич Мишкин, – одговори овој со полна и незабавена готовност.

– Кнез Мишкин, Лав Николаевич? Не го познавам. Дури и немам слушнато, – одговори размислувајќи чиновникот, то ест, јас не мислам за презимето, презимето си е историско, може да се најде во историјата на Карамазин, и мора, јас мислам на лицето, господине, а веќе нешто и не можат никаде да се сретнат кнезовите Мишкини, дури им е изгубена и секаква трага.

О, се разбира! – веднаш одговори кнезот, – кнезовите Мишкини денеска сосема ги нема, освен мене; ми се чини дека јас сум последниот. А што се однесува до татковците и дедовците, имаше меѓу нив и слободни селани. Татко ми, впрочем, беше армиски потпоручник, од јункерите. И, ете, не знам на кој начин, и генералицата Епанчина излезе, исто така, од кнегињите Мишкини, исто така последна во својот род ...

– Хе-хе-хе! Последна во својот род. – Хе – хе! Како го обрнавте тоа, – се закикоти чиновникот.

Се насмевна, исто така, и црномурестиот. Русокосиот малку се почуди што успеал да каже, впрочем, прилично лош каламбур.

– Но претставете си, јас го реков тоа сосема не размислувајќи, – најодзади појасни тој вчудовидено.

– Та разбравме, разбравме, господине, – весело потврди чиновникот.

– А вие, кнезу, и науките ли ги изучувавте таму, кај професорот? – запраша ненадејно црномурестиот.

– Да . . . учев . . .

– А јас, ете, никогаш ништо не сум учел.

– Та и јас онака само понешто, – додаде кнезот небаре се извинува. – Заради болеста сметаа дека е невозможно систематски да се обучувам.

– Ги познавате ли Рогожини? – набрзина праша црномурестиот.

– Не, воопшто не ги познавам. Та јас во Русија малкумина познавам. Вие ли сте Рогожин?

– Да, јас, Рогожин, Парфјон.

– Парфјон? Зар е можно да сте од оние Рогожини . . . – веќе почна чиновникот со засилена важност.

– Да, од тие, токму од тие, – забрзано и со неучтива нетрпеливост го прекина црномурестиот, кој, впрочем, ниеднаш не му се беше обрнал на мозолестиот чиновник, туку уште од самиот почеток му зборуваше само на кнезот.

– Та . . . како може да биде? – се почуди чиновникот до стаписаност и ги ококори очите, а целото лице веднаш почна да добива израз на длабока почит и ропска понизност, дури и уплав, – тоа на оној истиот ли Семјон Парфјонович Рогожин, наследниот почесен граѓанин, што почина пред еден месец и остави два и пол милиони капитал?

– А ти како узна дека тој оставил два и пол милиони чист капитал, – го прекина црномурестиот не удостојувајќи го чиновникот и овојпат со поглед, – види го ти него! (му намигна тој на кнезот) каква корист имаат од тоа што веднаш тие се приближуваат како подлизурковци? А вистина е дека мојот родител почина, а јас по еден месец од Псков речиси и без чизми дома ќе дојдам. Ниту брат ми, никаквецот, ниту мајка ми, ниту пари, ниту вест – ништо не ми испратија! Како на куче! Во Псков цел месец прележав во треска!

– А сега повеќе од милионче веднаш ви се паѓа да добиете, и тоа најмалку, о господи! – плесна со рацете чиновникот.

– Та што му е, кажете ми ве молам! – раздра-

зливо и луто пак покажа кон него Рогожин, – та јас не ќе ти дадам ниту копејка, па макар сега со главата удолу да ми одиш.

– И ќе одам, и ќе одам.

– Види го! Та не ќе ти дадам, не ќе ти дадам, макар цела недела да ми играш!

– И не давај ми! Така и ми треба; не давај ми! А јас ќе играм. Жената, ситните деца ќе ги оставам, а пред тебе ќе играм. Удостој, удостој!

– Пфу! – плукна црномурестиот. – Пред пет недели јас исто како вас, – му се обрна тој на кнезот, – само со врзулче, побегнав од мојот родител во Псков, кај тетка ми; и таму и легнав од треска, а тој во мое отсуство почина. Дамла го удри. Да му е вечен спомeнот на покојникот, а тогаш, за малку до смрт да ме претепа! Ми верувате ли, кнезу, еве ви се колнам во бога! Да не побегнев тогаш, сосема ќе ме убиеше.

– Вие со нешто сте го налутиле? – се одзва кнезот, разгледувајќи го милионерот во кожув со некаква особена љубопитност. Но макар што имаше нешто што би заслужувало внимание имено во милионот и во добивањето на наследството, кнезот беше вчудовиден и заинтересиран од уште нешто; та и самиот Рогожин којзнае зошто со радост го беше прифатил кнезот за свој соговорник, макар што, се чини, соговорник му требаше повеќе механички, одошто духовно; некако повеќе од расеаност одошто од чистосрдечност; од тревога, од вознемиреност, само да има да гледа во некого и да меле со јазикот за што и да е. Се чинеше дека тој сè уште има треска, или барем температура. Што се однесува пак до чиновникот, тој така и висна над Рогожин, не смееше да воздивне, ловеше и измеруваше секој збор, небаре бараше брилијант.

– За налутување, тој се налути, а можеби, имаше и зошто, – одговори Рогожин, – но мене најмногу брат ми ме среди. За мајка ми немам што да речам, жената си е стара, житијата на светците ги чита, со старички си седи, и што ќе рече брат ми Соњка, така и ќе биде. А тој, што не ме извести навреме? Разбирам! Вистина си е дека јас тогаш не сум бил при себе.

Исто така, велат, дека била пратена телеграма. И телеграмата стигнала кај тетка ми. А таа таму триесет години вдовица везден си седи со јуродиви. Монахиња, да речеш, не е, туку уште полошо од тоа. Се исплаши таа од телеграмата и, не отворајќи ја, ѝ ја предаде на полицијата и таму таа и до денес остана. Дури Коњов, Василиј Василевич, ме спаси, сѐ ми напиша. Од чоаниот покров на сандакот на родителот ги исекол ресите излеани од злато: „Тие, божем, ете колку пари чинеле". Та тој само заради ова може да појде в Сибир, ако посакам јас, зашто тоа е осквернување. Еј, ти, бостан-плашило! – му се обрна тој на чиновникот – Како е по законот: осквернување ли е?

– Осквернување е! Осквернување! – веднаш му потврди чиновникот.

– Во Сибир ли се оди за тоа?

– Во Сибир, во Сибир! Веднаш во Сибир!

– Тие сите мислат дека јас сум уште болен, – продолжуваше Рогожин обрнувајќи му се на кнезот, – а јас, никому ниту збор, си седнав во вагон и патувам; отвори ги вратите, братче Семјон Семјонович! Тој кај покојниот родител мене ме озборувал, тоа го знам. А дека јас навистина тогаш заради Настасја Филиповна го разлутив мојот родител, тоа си е вистина. Тука јас сум си виновен. Ме збркал гревот.

– Заради Настасја Филиповна? – понизно изговори чиновникот небаре сфаќајќи нешто.

– Та не ја знаеш! – му се извика Рогожин нетрпеливо.

– А можеби и ја знам! – победоносно му одговори чиновникот.

– Види го! Зар малу има Настасји Филиповни! И колку си ти, да ти речам дрско суштество. Ете, како да знаев дека едно вакво суштество веднаш ќе ми се прилепи, – продолжуваше тој обрнувајќи му се на кнезот.

– А можеби и ја знам! – креваше врева чиновникот. – Лебедев знае! Вие, ваша светлост, повелевте да ме прекорувате, а што ако јас ви докажам? Можеби тоа е онаа иста Настасја Филиповна заради која ва-

шиот родител сакал да ве поучи со дренов стап, а Настасја Филиповна е Барашкова, може да се рече и дека е уѓледна госпоѓа и, исто така, на свој начин кнегиња, а се познава со некојси Тоцки, Атанасиј Иванович, некојси извонреден спахија и богат капиталист, член на компании и друштва, и кој воедно многу се дружи со генералот Епанчин ...

– Охо, види го ти! – вистински се почуди најодзади Рогожин, – Пхи, по ѓаволите, та тој навистина знаел! ...

– Сè знае! Лебедов сè знае! Јас, ваша светлост, и со Лихачов Алексашка имам два месеца поминато, исто така, по смртта на татко му, и знам сè, то ест, сите катови и премини, и сè стаса дотаму што без Лебедев ниту чекор. Сега тој седи во одделението за долгови, а тогаш и Арманс, и Коралија, и кнегиња Пацка, и Настасја Филиповна имав среќа да ги запознам, а и многу нешта имав среќа да запознам.

– Настасја Филиповна? Зар таа со Лихачов ... – гневно го погледна Рогожин, дури и усните му побелеа и затреперија.

– Н-ништо! Н-н-ништо! Богами ништо! – се созеде и поита чиновникот, – со н-никакви, така да речам, пари Лихачов не можеше ништо да постигне! Не, тоа не ти е Арманс. Тука е само Тоцки. А навечер во Бољшој или во францускиот театар таа седи во своја сопствена ложа. Офицерите не малку нешто зборуваат меѓу себе, но и тие не можат ништо да докажат: „еве ја, божем, тоа е онаа Настасја Филиповна", и толку; а понатаму – ништо! Зашто и нема ништо.

– Сето тоа е вистина, – мрачно и намуртено потврди Рогожин, – истото и Заљожев тогаш ми го зборуваше. А јас тогаш, кнезу, го претрчував Невски во тригодишно палто од татко ми, а таа излегува од продавница и седнува во кочија. Тука мене истиот миг оган ме прониже. Го сретнувам Заљожев, тој не ми е другар, излегува од фризер, како управител, со монокл на око, а ние кај татко ми се одликувавме со чизми намачкани со масло и со проста чорба. Таа, ми вели, не ти е другарка, таа е, вели, кнегиња, а се вика

Настасја Филиповна, се презива Барашкова, и живее со Тоцки, а Тоцки сега не знае како да се откачи од неа, зашто веќе сосема, така да речам, ги достигна вистинските, педесет и пет години и сака да се ожени со најголемата убавица во целиот Петербург. Тогаш тој и ми сугерира дека уште денес можам да ја видам Настасја Филиповна во Бaљшој театар, на балет, во нејзината ложа, во партерската ложа, како седи. Кај нас, кај татко ми, обиди се само на балет да појдеш, – еден е крајот – ќе те убие! Јас, пак, тивко отрчав часкум и Настасја Филиповна уште еднаш ја видов; целата ноќ не заспав. Изутрината покојникот ми дава две петпроцентни меници, на по пет илјади секоја, појди, ми вели, продај ги и седум илјади и петстотини однеси во канцеларијата на Андрееви и плати им, а останатиот кусур од десетте илјади, не задржувај се никаде, мене дај ми го; ќе те чекам. Меницата јас ги продадов, ги зедов парите и не појдов во канцеларијата на Андрееви, туку не гледајќи никаде, право во англиската продавница и за сите пари одбрав две обетки, по едно дијамантче во секоја, онака слични на орев, им останав должен уште четиристотини рубли, им го кажав името, ми поверуваа. Со обетките јас кај Заљожев: вака и вака, ајде, братче, кај Настасја Филиповна. Појдовме. Што имав тогаш под нозете, што пред мене, што отстрана – ништо не знам и не се сеќавам. Влеговме кај неа право во салонот, таа лично нè пречека. Јас, како што се вели, не ѝ реков тогаш кој сум; туку „од Парфјон Рогожин, – вели Заљожев, – за вас, за спомен од вчерашната средба, бидете великодушна да ги примите“. Таа ги отвори, погледна и се насмевна: „благодарете му, вели, на вашиот другар Рогожин, поради неговото љубезно внимание“, се поздрави и излезе. И, ете, зошто тогаш не умрев, истиот миг! А и кога одев, го сторив тоа само затоа што мислев: „Сеедно, жив не ќе се вратам!“ А најнавредливо од сè ми се виде тоа што тоа животно Заљожев сè си присвоил за себе. Јас сум и кус, и облечен како момок, и стојам, молчам, ја гледам ококорено, зашто ми е срам, а тој сиот по мода, напомаден и нафризиран, румен, со карирана вратоврска, – како се расту-

ра, како се поклонува, и веројатно таа тогаш помислила дека сум тоа јас! „Е, – му велам кога излетовме, – ти тука не смееш ниту да помислиш, разбираш!" Се смее: „А како сега ќе му ја дадеш сметката на Семјон Парфјонич?" Јас, навистина, сакав тогаш веднаш да се фрлам во вода, да не наминувам дома, но мислам: „та сега е сеедно" и како проколнат си се вратив дома.

– Ех! Ох! – се кривеше чиновникот и дури морници го сполазуваа, – а пак покојникот не за десет илјади, туку за десет сребреници на оној свет испраќаше, – му се обрна тој на кнезот. Кнезот љубопитно го разгледуваше Рогожин; се чинеше дека тој беше уште поблед тој миг.

– Испраќаше! – повтори Рогожин, – ти што, знаеш? Истиот миг, – му продолжи тој на кнезот, – сè узна, а и Заљожев дрдореше секому кого ќе сретнеше. Ме фати родителот, ме заклучи горе и цел час ме поучуваше. „Јас само те подготвувам, ми вели, инаку пред легнување пак ќе дојдам да се поздравам со тебе". И што мислиш? Пошол стариот кај Настасја Филиповна, ѝ се поклонил до земја, ја молел и плачел; таа најодзади му го изнела кутичето и му го фрлила: „Еве ти ги, вели, стара брадо, твоите обетки, а тие сега ми се десетпати поскапи, штом Парфјон морал под таков страв да дојде до нив. Поздрави го, вели, и заблагодари му на Парфјон Семјонич". А јас во тоа време, со благослов од мајчицата, позајмив дваесет рубли од Серјошка Протушин и со воз се упатив за Псков, а стигнав таму во треска; таму старички почнаа да ми читаат молитви, а јас си седам пијан, а потоа тргнав по крчмите до последна пара, и целата ноќ во несвест ја прележав на улица, а изутрината треска, и кучињата во меѓувреме ноќта ме искасаа. Одвај си дојдов на себеси.

– Ле-ле, ле-ле, сега ќе ни запее Настасја Филиповна! – триејќи си ги рацете се кикотеше чиновникот, – сега, господине, какви обетки! Со какви обетки ќе ја даруваме ...

– А сега, ако изговориш уште некој збор за Настасја Филиповна, тогаш, жими бога, ќе те претепам,

ако си го придружувал Лихачов! – викна Рогожин зграпчувајќи го силно за рака.

– Ако ме претепаш, значи, нема да ме отфрлиш! Тепај! Ќе ме истепаш, со тоа ќе ставиш печат... А, еве и пристигнавме!

Навистина, влегуваа во станицата. Макар што Рогожин велеше дека заминал тивко, сега го чекаа веќе неколкумина. Тие викаа и му мавтаа со шапките.

– Глеј, и Заљожев е тука! – промрмори Рогожин, гледајќи ги со победничка и дури и малу зла насмевка, и ненадејно му се обрна на кнезот. – Кнезу, не знам поради што сум те засакал. Можеби поради тоа што те сретнав во таков миг, но, ете, и него го сретнав (и тој покажа кон Лебедев), а не го засакав него. Дојди кај мене, кнезу. Ќе ги исфрлиме тие гамаши, ќе те облечам во бунда од куница, најпрвокласна; ќе ти сошијам фрак, првокласен, бел елек, или каков што сакаш, џебовите ќе ти ги наколкам со пари и... ќе појдеме кај Настасја Филиповна! Доаѓаш или не?

– Слушајте го, кнезу Лав Николаевич! – сугестивно и свечено го поддржа Лебедев. – Оф, не испуштајте го! Оф, не испуштајте!...

Кнезот Мишкин се приподигна, учтиво му подаде рака на Рогожин и љубезно му рече:

– Ќе дојдам со огромно задоволство и многу сум ви благодарен за тоа што ме засакавте. Дури, можеби, уште денес ќе дојдам, ако стасам. Зашто, искрено да ви речам, и вие многу ми се допаднавте, а особено кога раскажувавте за дијамантските обетки. Дури и пред обетките ми се допаднавте, макар што имате мрачно лице. Исто така благодарен сум ви за ветената облека и бунда, зашто мене навистина ќе ми биде потребна облека и бунда. А пари пак во овој час речиси немам ниту копејка.

– Пари ќе има, ќе има приквечер, дојди!

– Ќе има, ќе има – се надоврза чиновникот, – приквечер ќе има, уште пред мугрите!

– А женскиот пол, кнезу, дали ве привлекува многу? Кажете ми однапред!

– Јас, н-н-не! Та јас сум . . . Вие можеби не знаете, зашто јас поради својата вродена болест, воопшто не ги познавам жените.

– Е, штом е така, – викна Рогожин, – ти кнезу сосема испадна јуродив, а таквите како тебе ги сака господ.

– И таквите ги сака господ, – се надоврза чиновникот.

– А ти тргнувај по мене, плашило, – му рече Рогожин на Лебедев и сите излегоа од купето.

Лебедев заврши така што си го постигна своето. Наскоро бучната дружина се оддалечи накај Вознесенскиот проспект. Кнезот требаше да сврти кон Литејна. Беше мокро и студено; кнезот се распраша кај минувачите – до крајот на патот што го чекаше имаше околу три врсти и тој реши да земе кочија.

II

Генералот Епанчин живееше во своја сопствена куќа малку понастрана од Литејна, кон Преображенскиот Спас. Покрај оваа (одлична) куќа, од која пет шестини се издаваа под наем, генералот Епанчин имаше уште една огромна куќа на Садоваја, која, исто така му донесуваше извонреден приход. Освен овие две куќи, крај самиот Петербург тој имаше многу корисен и значаен имот; во Петербуршката околија имаше и некаква фабрика. Во минатото, генералот Епанчин, како што им беше познато на сите, учествувал во откупите. Денес тој беше член и имаше многу значаен глас во неколку солидни акционерски компании. Тој важеше за човек со големи пари, со голема зафатеност и со големи врски. На некои места тој успеа да биде сосема неопходен, меѓу другите и на својата служба. А меѓутоа, исто така беше познато дека Иван Фјодорович Епанчин е човек без образование и произлегува од војничко семејство; последново, без сомнение, можеше да му служи само за чест, но генералот, макар што беше умен човек, исто така, не беше без мали слабости и не сакаше извесни алузии.

Тој, на пример, имаше систем да не се истакнува, каде што е потребно да се губи, и многумина го ценеа името поради неговата простота, името поради тоа што тој секогаш си го знаеше своето место. А, меѓутоа, само да знаеја тие судии што се случува напати во душата на Иван Фјодорович, кој толку убаво си го знаеше своето место! Макар што, мора да се признае, тој имаше и практика и искуство во секојдневните работи и извесни многу значајни способности, но тој љубеше да се претставува повеќе како извршител на туѓа идеја, одошто како со свој господар во главата, како човек „верен без ласкање", и – што не ќе рече веков? дури и како човек руски и срдечен. Во однос на последново, тој доживеа дури и неколку анегдоти; но генералот никогаш не ја губеше верата, дури и во најсмешните анегдоти; покрај тоа тој имаше и среќа, дури и на карти, а тој играше во необично крупни влогови и дури намерно не само што не сакаше да ја прикрие оваа своја божем малечка слабост кон картите, која толку значајно и толкупати му донесуваше корист, туку и ја истакнуваше. Тој имаше, се разбира, мешано друштво, но во секој случај „асови". Но уште сè беше пред него, времето трпеше, времето трпеше сè, и сè мораше да си дојде со времето и со ред. А и по години генералот Епанчин беше уште, како што се вели, во самиот сок, то ест на педесет и шест години и никако повеќе, што, во секој случај, претставува цветна возраст, возраст од која, всушност, започнува в и с т и н с к и о т живот. Здравјето, бојата на лицето, здравите, макар и црни заби, широка и јака градба, загрижениот израз на физиономијата изутрина на работа, а весел навечер кога игра карти или кај неговата светлост – сè придонесуваше за вистински и трајни успеси и му го постилаше животот на неговото превосходство со ружи.

Генералот имаше семејство кое цутеше. Треба да се каже дека тука сите веќе не беа ружи, но затоа пак имаше и многу од она врз што веќе одамна почнаа сериозно и срдечно да се сосредоточуваат најглавните надежи и цели на неговото превосходство. Та и навистина, која цел во животот е поважна и посвета од

родителските цели? На што да се потпреш, ако не на семејството? Семејството на генералот се состоеше од сопруга и три возрасни ќерки. Генералот се оженил уште многу одамна, уште кога бил во чин потпоручник, со девојка речиси негова врсничка, која немала ни убавина ни образование и со која тој доби само педесет души, но кои, треба да се признае, послужија за неговата натамошна фортуна. Но генералот никогаш подоцна не се жалеше поради својот ран брак, никогаш не го третираше како прелага на несреќна младост и сопругата своја толку ја почитуваше и напати толку се плашеше од неа, што дури и ја сакаше. Генералицата беше од родот на кнезовите Мишкини, макар и не толку славен род, но многу стар и поради своето потекло таа многу се почитуваше себеси. Некое од тогашните влијателни лица, еден од оние покровители, чие што покровителство, впрочем, не ги чини ништо, се согласил да се заинтересира за бракот на младата кнегиња. Тој му ја отворил портичката на младиот офицер и му дал залет; а на оној не залет, туку еден поглед му беше потребен – та ништо да не пропушти! Со мали исклучоци, сопружниците го проживеаја долгото време на својата заедница во слога. Уште на млади години генералицата умееше да си најде, како родена кнегиња и последна во родот, а можеби и со своите лични квалитети, некои многу високи покровителки. Подоцна, со богатството и службеното значење на својот маж, таа почна во овој висок круг дури донекаде и да си го наоѓа местото.

Последниве години пораснаа и созреаја трите генералови ќерки – Александра, Аделаида и Аглаја. Сите три, вистина, беа само Епанчини, но по мајка од кнежевски род, со доста голем мираз, со родител кој претендира подоцна, можеби, на некое многу високо место, и, што е, исто така, прилично важно, сите три беа забележливо убави, не исклучувајќи ја и најстарата Александра, која веќе беше минала дваесет и пет години. Средната имаше дваесет и три години, а најмалата, Аглаја, тукушто наполни дваесет. Оваа, најмалата, беше вистинска убавица и во светот почна да обрнува големо внимание на себеси. Но и тоа уште не

беше сè: сите три се одликуваа со образование, ум и надареност. Беше познато дека тие многу се сакаа една со друга и се поддржуваа меѓу себеси. Како да се спомнуваше дури и за некои жртви на двете постари во корист на заедничкиот домашен идол – најмалата. Во друштво тие не само што не сакаа да се истакнуваат, но беа дури и премногу скромни. Никој не можеше да им префрли поради надменост или вообразеност, а меѓутоа се знаеше дека се тие горди и си ја знаат цената. Постарата беше музичарка, средната беше извонреден сликар; но за тоа со години скоро никој не знаеше, а се откри тоа дури во најпоследно време и тоа случајно. Со еден збор, за нив се зборуваше извонредно пофално. Но имаше и такви кои не им беа наклонети. Со ужас се зборуваше за тоа колку книги прочитале тие. Со мажачка тие не брзаа; извесен круг од друштвото тие го ценеа, но сепак не премногу. Тоа беше дотолку позабележливо, што на сите им беше позната насоката, карактерот, целите и желбите на нивниот родител.

Веќе беше околу единаесет часот кога кнезот заѕвони во станот на генералот. Генералот живееше на вториот кат и заземаше колку што можеше поскромен стан, макар што тој беше пропорционален со неговото значење. На кнезот му отвори слуга во ливреја, и тој мораше долго да се расправа со овој човек, кој уште од самиот почеток сомнително го гледаше него и неговиот врзулец. Најодзади, по не еднаш повторена и потврдена изјава дека тој навистина е кнез Мишкин и дека тој неопходно мора да го види генералот поради неопходна работа, човекот во недоумица го придружи до малечкото претсобје, пред самата чекална крај кабинетот и му го предаде, од рака на рака, на друг човек, кој секоја изутрина дежураше во тоа претсобје и му јавуваше на генералот за неговите посетители. Овој друг човек беше во фрак, имаше повеќе од четириесет години и загрижена физиономија, и беше специјален кабинетски службеник и најавувач на неговото превосходство, поради што си ја знаеше цената.

– Почекајте во чекалната, а врзулчето оставете го овде, – проговори тој бавно и важно наместувајќи се

во својата фотелја и со строга вчудовиденост погледнувајќи накај кнезот, кој се смести веднаш покрај него на столот, со своето врзулче в раце.

– Ако дозволите, – рече кнезот, – јас на драго срце би почекал тука со вас, што ќе правам таму сам?

– Во претсобјето не смеете да останете, зашто сте посетител, или, поинаку, гостин. Вие кај генералот лично ли?

Лакејот по сè изгледа не можеше да се помири со мислата да пропушти еден таков посетител и се реши уште еднаш да го праша.

– Да, имам работа . . . – веќе почна кнезот.

– Јас не ве прашувам по каква работа имено, – моја работа е само да јавам за вашето доаѓање. А без секретарот, јас ви реков, нема да јавам.

Подозривоста на овој човек небаре сè повеќе и повеќе се зголемуваше; кнезот воопшто не можеше да се стави во калапот на секојдневните посетители, и макар што генералот мораше, доста често, речиси секој ден, во определено време, особено по р а б о т и, да прима напати дури и многу разновидни гости, и без оглед на навика и прилично широки инструкции, слугата беше во голема дилема; посредништвото на секретарот за најавување беше неопходно.

– Та вие сте навистина . . . од странство? – некако не сакајќи тој најодзади праша и се збуни; тој можеби сакаше да праша: „Та вие навистина ли сте кнез Мишкин?“

– Да, тукушто излегов од воз. Ми се чини дека сакавте да прашате: дали сум јас навистина кнез Мишкин? И не ме прашавте од учтивост.

– Хм . . . – промрмори вчудовидениот лакеј.

– Ве убедувам дека не ве измамив и нема да одговарате поради мене. А поради тоа дека вака изгледам и сум со врзулчево, не треба да се чудите; во дадениов миг моите работи не стојат најдобро.

– Хм! Гледате ли, јас не се плашам од тоа. Јас сум должен да ве најдам и вас ќе ве пречека секретарот, освен ако не сте . . . Ете во тоа и е работата што освен . . . Ќе се осмелам, ако може да знам, да не доаѓате кај генералот да молите поради сиромаштијата.

– О не, бидете сосема сигурен во тоа. Јас имам друга работа.

– Вие извинете ме, јас затоа и прашав гледајќи ве вас. Почекајте го секретарот; самиот генерал сега е зафатен со еден полковник, а потоа ќе дојде секретарот . . . дружељубив човек.

– Ако треба долго да се чека, јас би ве замолил за ова: може ли некаде да се пуши? Јас си носам луле и тутун.

– Да се пу-ши? – слугата фрли кон него презрив поглед исполнет со недоумица, како сè уште да не им верува на ушите, – да се пуши? Не, тука не смеете да пушите, а притоа треба да ви е срам дури и да го помислите тоа. Хе . . . чудно, господине!

– О, јас не молев во собава; та јас знам; јас би излегол некаде каде што ќе ми речете вие, зашто јас навикнав, а веќе три часа немам пушено. Впрочем, како што сакате и, знаете ли, има пословица: во туѓ манастир . . .

– Е, како ќе ве најавам јас, вас ваков како што сте? – промрмори речиси не сакајќи слугата. – Пред сè, тоа што вам не ви ни прилега тука да се наоѓате, туку да седите во чекалната, зошто вие сте од редот на посетителите, со други зборови гостин, и јас ќе одговарам . . . А вие што, да не имате намера да живеете кај нас? – додаде тој погледнувајќи го уште еднаш накриво врзулчето на кнезот, кое очевидно не му даваше спокојство.

– Не, немам намера. Дури и да ме поканат, нема да останам. Јас дојдов само да се запознам и ништо повеќе.

– Како? Да се запознаете? – со недоумица и тројна подозривост го праша слугата, – та како тоа, вие прво рековте дека имате работа?

– О, речиси и немам! То ест, ако сакате, јас имам една работа, онака само да прашам за совет, но, најглавно е да се претставам, зашто јас сум кнез Мишкин и генералицата Епанчина е, исто така, последна од кнегињите Мишкини, и покрај мене и неа повеќе нема Мишкини.

– Та вие сте притоа и роднина? – се сепна веќе речиси сосема преплашениот лакеј.

– Речиси не сум ни тоа. Впрочем, ако баш сакате, се разбира дека сме роднини, но толку далечни, што навистина не може ни да се смета со тоа. Јас еднаш ѝ се обрнав на генералицата со писмо од странство, но таа не ми одговори. Јас сепак најдов дека е потребно по моето враќање да се поврзам со нив. Вам пак сега тоа ви го објаснувам за да не се сомневате, зашто гледам, вие сè уште сте вознемирен: најавете го кнез Мишкин и во самата најава ќе се согледа и причината на мојата посета. Ако бидам примен – добро, ако не – исто така добро, можеби дури и мошне добро. Само, чинам, не може да не бидам примен: генералицата сигурно ќе посака да го види најстариот и единствениот претставник на својот род, а таа многу си го цени своето потекло, како што имам чуено, ако е точно.

Би можело да се рече дека разговорот на кнезот беше најобичен; но колку што беше тој пообичен, толку, во дадениот случај, тој станувашe понеумесен и искусниот слуга не можеше да не почувствува нешто, што би било сосема пристојно ако беше меѓу човек со човек, а сосема непристојно за гостин со ч о в е к. А бидејќи л у ѓ е т о се многу поумни, одошто господата обично мислат за нив, на слугата му падна на ум дека тука можат да бидат две работи: или кнезот е некаков неранимајко кој бездруго дошол да бара милостина, или пак кнезот е обичен будала и нема гордост, зашто умен кнез со гордост не би седел во претсобје и не би разговарал со лакеј за своите работи, а според тоа, и поради едното и поради другото, да не одговара тој самиот?

– Но сепак вие повелете во чекалната, – забележа тој колку што можеше понастојчиво.

– Та, ете, да седев таму, не ќе ви го објаснев сево ова, – весело се насмеа кнезот, – а вие, сигурно, сè уште ќе се вознемирувавте гледајќи ја мојата наметка и моето врзулче. А сега, можеби и секретарот нема да го чекате, можеби ќе појдете и самиот ќе ме најавите.

– Таков посетител како вас јас не можам да најавам без секретар, а притоа тој и самиот пред малку

лично ми нареди да не го вознемирувам, кој и да дојде, додека полковникот е таму, а Гаврило Ардалионович влегува без најавување.

– Тој е чиновник?

– Гаврило Ардалионович? Не. Тој од своја страна работи во Компанијата. Врзулчето можете да го оставите еве овде.

– Јас и самиот веќе помислив; ако ми дозволите. И знаете ли, да ја симнам ли и наметката?

– Се разбира, та нема во наметка да влезете кај него.

Кнезот стана, забрзано си ја симна наметката и остана во пристојно и убаво сошиено, иако веќе излитено, палто. Елекот го пресечуваше челично синџирче. На синџирчето се појави женевски сребрен часовник. Макар што кнезот и беше улав, – лакејот веќе не се сомневаше во тоа, – но сепак на генераловиот слуга најодзади му се стори дека е непристојно да го продолжува разговорот со посетителот, без оглед на тоа што кнезот којзнае зошто му се допаѓаше, на свој начин, се разбира. Но од друга страна пак тој пробудуваше во него решително и грубо негодување.

– А генералицата кога прима посети? – праша кнезот седнувајќи пак на претешното место.

– Тоа веќе не е моја работа, господине. Прима во различно време, зависи од лицето. Шивачката може да ја прими и во единаесет. Гаврило Ардалионович, исто така, ќе го прими порано од други, го прима дури и на раниот појадок.

– Кај вас овде во собите е потопло одошто во странство, – забележа кнезот, – а таму е пак затоа потопло на улиците одошто кај вас, а во куќите зиме – Русин ако е ненавикнат не може ни да живее.

– Не палат печки?

– Да, а и куќите се поинаку градени, то ест печките и прозорците.

– Хм! А долго време ли повелавте да патувате?

– Веќе четири години. Впрочем, јас речиси седев сè на исто место, на село.

– Одвикнавте од нашето, а?

– Вистина е. Ми верувате ли, самиот се чудам

поужасно од разбојничкото убиство. Оној кого го убиваат разбојници, го колат ноќе, в шума, или на некој друг начин, бездруго уште се надева дека ќе се спаси, до својот последен миг. Имаше примери кога веќе грлото е пресечено, а тој сѐ уште се надева, или бега, или моли. А тука, целата таа последна надеж, со која десетпати е полесно да се умре, ти се одзема **сигурно**; тука имаме пресуда, и во тоа дека нема да ја избегнеш сигурно, се наоѓа и целата ужасна мака, и посилна од таа мака нема на светов. Доведете и поставете војник наспроти самиот топ во борба и пукајте во него, тој сѐ уште ќе се надева, но прочитајте му на истиот војник пресуда **сигурно**, и тој ќе се избезуми или ќе заплаче. Кој рекол дека човечката природа е во состојба да го поднесе тоа без да се споулави? Зошто е потребно такво подбивање, безобразно, излишно, залудно? Можеби постои некој човек кому му е прочитана пресуда, дадено му е да се поизмачи, а потоа му е речено: „Оди си, простено ти е“. Таков еден човек, можеби, би можел да раскаже. За тоа мачење и за тој ужас и Христос зборуваше. Не, со човек не смее да се постапува така!

Слугата макар што и не би можел да го изрази сево ова вака како кнезот, но, се разбира, макар и не сѐ, најглавното го разбра, што можеше да се види дури и по неговото трогнато лице.

– Ако веќе толку сакате, – изговори тој, – да пушите, можеби би можеле, само побрзајте. Зашто ако ненадејно ве побараат, а вас ве нема? Ене онаму под малине скали, гледате, врата. Ќе влезете низ вратана, десно има сопче: таму можете, само отворете го прозорчето за проветрување, зашто инаку не е редно...

Но кнезот не стаса да појде да пуши. Во претсобјето наеднаш влезе момчак со хартии в раце. Слугата му помогна да си ја симне бундата. Момчакот го сврти погледот кон кнезот.

Овој, Гаврило Ардалионович, – почна доверливо и речиси семејно лакејот, – се претставува како кнез Мишкин и роднина на госпоѓата, стигнал со возот од странство, а в раце има само врзулче...

Она што следуваше понатаму кнезот не го чу,

зашто слугата почна да шепоти. Гаврило Ардалионович го слушаше внимателно и погледнуваше кон кнезот со големо љубопитство, најодзади престана да слуша и со нетрпение му се приближи.

– Вие сте кнез Мишкин? – го праша тој мошне љубезно и учтиво. Тоа беше убав млад човек, исто така на околу дваесет и осум години, русокос со убава става, со средно-висок раст, со малечка, наполеоновска брада, со умно и многу убаво лице. Само неговата насмевка, и покрај неговата љубезност, беше премногу остра; погледот, и покрај целата веселост и неговата очевидна простодушност, беше премногу внимателен и испитувачки.

„Тој, кога е сам, веројатно, воопшто не гледа така и можеби никогаш не се смее“, – почувствува некако кнезот.

Кнезот објасни сè што можеше на брза рака, речиси сè што му имаше објаснето на слугата и уште порано на Рогожин. Гаврило Ардалионович, меѓутоа, како да си приспомнуваше нешто.

– Вие ли тоа, – праша тој, – пред една година или дури и побрзо, повелавте да ѝ испратите писмо на Лизавета Прокофиевна, се чини од Швајцарија?

– Токму така.

– Тогаш овде ве познаваат, веројатно се сеќаваат за вас. Вие кај неговото превосходство ли? Јас сега ќе најавам . . . Тој сега ќе биде слободен. Само вие . . . вие би требало да повелите во чекалната . . . Зошто е господинов тука? – строго му се обрна тој на лакејот.

– Му велев, самиот не сакаше . . .

Во тој миг наеднаш се отвори вратата од кабинетот и некое воено лице со чанта в рака зборувајќи гласно и поздравувајќи се излезе оттаму.

– Тука ли си ти, Гања, – се чу глас од кабинетот, – а, повели ваму!

Гаврило Ардалионович му даде знак со главата на кнезот и забрзано влезе во кабинетот.

По едно две минути вратата повторно се отвори и се чу ѕунливиот и љубезен глас на Гаврило Ардалионович:

– Повелете, кнезу!

III

Генералот Иван Фјодорович Епанчин стоеше сред својот кабинет и со извонреден интерес го гледаше кнезот што влегуваше, дури и му зачекори два чекори во пресрет. Кнезот влезе и се претстави.

– Така, – одговори генералот, – што можам да сторам за вас?

– Јас немам никаква итна работа; мојата цел беше само да се запознам со вас. Не би сакал да ве обеспокојувам, но бидејќи ниту го знам вашиот ден, ниту пак вашите навики . . . Но јас самиот сум тукушто од воз . . . стигнав од Швајцарија . . .

Генералот веќе одвај забележливо се насмевна, но поразмисли и запре; потоа уште малу поразмисли, замижи, го разгледа уште еднаш својот гостин од глава до петици, потоа брзо го покани да седне, самиот седна некако накриво и со нетрпеливо очекување се сврти кон кнезот. Гања стоеше во аголот на кабинетот, крај работната маса и средуваше хартии.

– За запознавање јас воопшто имам малку време, – рече генералот, – но, бидејќи вие, се разбира, имате своја цел, тогаш . . .

– Јас така и претчувствував, – го прекина кнезот, – дека вие во мојата посета бездруго ќе видите некаква цел. Но, жими бога, освен задоволството да се запознам јас немам никаква друга приватна цел.

– Задоволството, се разбира, и моето е огромно, но сепак е забава, а понекогаш, знаете, има и работа . . . Притоа сè уште јас не можам да согледам меѓу нас ништо заедничко . . . така да речам, причина . . .

– Причина нема, неоспорно, и заедничко, се разбира, има сосема малку. Зашто, ако сум јас кнез Мишкин, а вашата сопруга е од нашиот род, тоа, се разбира, не е причина. Јас тоа многу убаво го разбирам. Но, впрочем, сиот мој повод се заклучува само во тоа. Јас не сум бил во Русија околу четири години и повеќе; а и кога ја напуштив, речиси сосема не бев на својот ум! И тогаш ништо не знаев, а сега уште повеќе. Потребни ми се добри луѓе; имам дури и една работа и не знам што да правам. Уште во Берлин си

помислив: „Тие ми се скоро роднини, ќе почнам откај нив; можеби ќе се најдеме еден на друг, тие мене, – јас ним, ако се добри луѓе". А имам чуено дека сте добри луѓе.

– Многу сум ви благодарен, – се вчудовидуваше генералот, – дозволете да ве прашам, господине, каде сте отседнале?

– Јас уште никаде не отседнав.

– Значи, од воз право кај мене? И . . . со багаж?

– Багажот ми се состои само од едно мало врзулче со долни алишта и ништо повеќе; јас обично го носам в рака. Ќе стигнам и навечер да си земам соба.

– А вие сè уште имате намера да си земете соба?

– О, да, се разбира.

– Судејќи по вашите зборови, јас веќе помислив дека вие право кај мене.

– Тоа би можело да биде, но никако поинаку одошто по ваша покана. Јас, пак, ќе ви признам, не би останал ни по покана, поради ништо друго, туку онака . . . поради карактерот.

– Значи, добро е што не сум ве поканил и не ве канам. Дозволете, кнезу, веќе наеднаш да разјасниме: бидејќи, еве, сега се сложивме дека не може да стане ни збор за некоја роднинска врска, макар што, се разбира, ми беше многу ласкаво, но не преостанува ништо . . .

– Но не преостанува ништо, освен да станам и да си заминам, – се приподигна кнезот насмевнувајќи се некако весело, без оглед на очевидната непријатност на својата положба. – И, ете, генерале, живми бога, макар што јас практично воопшто ништо не се разбирам во овдешните обичаи, ниту воопшто како живеат луѓето овде, но јас така и мислев дека меѓу нас бездруго ќе излезе така како што излезе сега. Што да правам, можеби така требаше да биде . . . А и тогаш на писмото не ми одговоривте . . . Е, збогум и проштавајте што ве обеспокоив.

Погледот на кнезот во тој миг беше толку нежен, а неговата насмевка толку чиста од секакво навестување на некакво прикриено непријателско чувство, што генералот ненадејно запре и некако на поинаков

начин го погледна својот гостин; целата промена на погледот беше извршена за еден миг.

– А знаете ли, кнезу, – рече тој со речиси сосема поинаков глас, – та јас сепак не знам, можеби и Лизавета Прокофјевна ќе посака да си го види презимењакот . . . Почекајте, ако сакате, ако имате време.

– О, јас имам време; времето си е сосема мое (и кнезот веднаш си ја стави својата мека валчеста шапка на маса). Јас, ќе признам, на тоа и сметав дека можеби Лизавета Прокофјевна ќе се сети дека јас ѝ пишав. Пред малку, вашиот слуга, кога чекав да ме примите, подозираше дека јас дојдов да ви барам милостина; јас тоа го забележав, а кај вас, изгледа, во тој однос има строги инструкции; но јас, ве убедувам, не сум дојден за тоа, туку едноставно да се поврзам со луѓе. Само мислам, ете, дека малку ви попречив и тоа ме вознемирува.

– Еве што кнезу, – рече генералот со весела насмевка, – ако сте вие навистина таков каков што изгледате, тогаш со вас, може да се рече, ќе ми биде пријатно да се запознам; само, гледате ли, јас сум зафатен човек и сега веднаш ќе седнам нешто да разгледам и да потпишам, а потоа ќе се упатам кај неговата светлост, а потоа на работа, и така излегува што јас, макар и да им се радувам на луѓето . . . на добри луѓе, то ест . . . но. . . Впрочем, јас сум толку убеден дека сте вие одлично воспитан, што . . . А колку години имате, кнезу?

– Дваесет и шест.

– Ох, а јас помислив многу помалку.

– Да, велат, имам младолико лице. А да не ви пречам, јас веднаш ќе научам и брзо ќе разберам, зашто и самиот не љубам да пречам . . . И, најодзади, ние сме толку различни луѓе по изглед . . . по многу околности, што, би можел да кажам, кај нас не може да има многу заеднички точки, но, знаете ли, во последнава идеја јас самиот и не верувам, зашто многу често тоа само така се чини дека нема заеднички точки, а нив ги има . . . тоа потекнува од човечката мрзеливост што луѓето така меѓу себе одоко се сорти-

раат и не можат ништо да најдат... А впрочем, јас, можеби, почнав да бидам здодевен? Вие како да...

– Два збора, господине: имате ли вие макар некаков имот? Или можеби имате намера да прифатите некаква работа? Проштавајте што така...

– Дозволете, вашето прашање јас многу го ценам и го разбирам. Засега јас немам никаков имот, а би ми бил потребен. Јас досега немам мои пари, ми даде Шнајдер, мојот професор, кај кого се лекував во Швајцарија, за пат, и ми даде токму колку што требаше, така што сега, на пример, ми останаа само неколку копејки. Јас, вистина, имам една работа и ми треба совет, но...

– Кажете ми, како мислите да проживеете во прво време, и какви намери имавте? – го прекина генералот.

– Сакав да работам нешто.

– О, та вие сте филозоф; а впрочем... имате ли некакви дарби, способности,макар нешто, то ест такви кои можат да го дадат насушниот леб? Проштавајте, јас пак...

– О, не извинувајте се. Не, јас мислам дека немам ниту дарби, ниту некои особени способности; дури напротив; зашто сум болен човек и не учев како другите. Што се однесува пак до лебот, чинам...

Генералот пак го прекина и пак почна да се распрашува. Кнезот одново го раскажа сето она што веќе беше раскажано. Се покажа дека генералот имал слушнато за покојниот Павлишчев и дури и лично го познавал. Зошто Павлишчев се интересирал за неговото воспитание, кнезот и самиот не можеше да објасни, – прочем, можеби, поради старото пријателство со неговиот покоен татко. Кнезот останал без родители уште како мало дете, сиот живот го поминал и пораснал на село зашто и неговото здравје барало селски воздух. Павлишчев го оставил на некакви стари спахијки, свои роднини; за него прво била држана воспитувачка, а подоцна воспитувач; тој, впрочем изјави дека макар што сè паметел, не можел задоволително сè да објасни, зашто за многу работи не бил свесен. Честите напади на неговата болест го на-

правиле речиси вистински идиот (кнезот така и рече: идиот). Тој најодзади го раскажа и тоа дека Павлишчев еднаш во Берлин се нашол со професорот Шнајдер, Швајцарец, кој се занимавал имено со такви болести, имал установа во Швајцарија, во Валискиот кантон, лекувал по своја метода со студена вода, гимнастика, лекувал и од идиотизам и од душевни заболувања; притоа поучувал и воопшто се грижел за духовниот развиток; дека Павлишчев го пратил кај него во Швајцарија, пред околу пет години, а самиот ненадејно умрел пред околу две години без да се погрижи за него; дека Шнајдер го лекувал уште едно две години; дека не го доизлекувал, туку извонредно многу му помогнал и дека најпосле, по негова сопствена желба и поради една нова околност го испратил сега во Русија.

Генералот многу се почуди.

– И во Русија немате никој, сосема никој? – праша тој.

– Сега никој . . . но се надевам . . . притоа јас добив писмо . . .

– Но сепак, – го прекина генералот не слушајќи го она за писмото, – вие нешто сте учеле и вашата болест нема да ви попречи да заземете некое, на пример, полесно место, во некоја служба?

– О, сигурно нема да ми попречи. И што се однесува до место, јас многу би сакал, зашто и самиот сакам да видам за што сум способен. Јас пак сите четири години учев без прекин, макар и не онака како што е вообичаено, туку онака, по специјален систем и притоа успеав да прочитам многу руски книги.

– Руски книги? Значи, писмен сте и можете да пишувате без грешки?

– О, можам многу убаво.

– Прекрасно; а ракописот?

– А ракописот ми е одличен. Ете, за тоа, би рекол, имам дарба; во тоа сум просто калиграф. Дајте ми, јас веднаш ќе ви напишам нешто колку за проба, – понесено рече кнезот.

– Бидете љубезен. И тоа е дури потребно . . . И ја

сакам јас таа ваша готовност, кнезу, вие сте, право да ви кажам, многу мил.

– Вие имате толку убав прибор за пишување, а колку имате моливи, перца, каква цврста, прекрасна хартија . . . И колку ви е убав кабинетов! Еве, јас го познавам овој пејзаж, тоа е швајцарска панорама. Сигурен сум дека сликарот го сликал во природа и сигурен сум дека го имам видено ова место: тоа се наоѓа во кантонот Ури . . .

– Сосема е веројатно, макар што е купено тука. Гања, дајте му на кнезот хартија; еве ви перца и хартија, повелете на оваа масичка. Што е тоа? – се обрна генералот кон Гања, кој во меѓувреме извади од својата чанта фотографски портрет во голем формат, – глеј, Настасја Филиповна! Тоа таа самата, самата ти го пратила, самата? – живо и со големо љубопитство го прашуваше тој Гања.

– Сега, кога бев да ѝ честитам, ми го даде. Јас веќе одамна ѝ барав. Не знам, да не е тоа навестување од нејзина страна, зашто самиот сум дошол со празни раце, без подарок, во еден таков ден, – додаде Гања, насмевнувајќи се непријатно.

– Тоа не, – убедливо го прекина генералот, – и каков ти е тоа, право да ти кажам, начин на размислување! Ќе почне да ти навестува . . . та таа воопшто не е заинтересирана. И после, што ќе ѝ подариш: та тука се потребни иљадарки! Зар портрет? А патем речено, таа уште не ти побарала портрет?

– Не, уште не ми побарала; а можеби и никогаш нема да ми побара. Вие, Иван Фјодорович, секако, не сте заборавиле за вечерва? Зашто вие сте еден од специјално поканетите.

– Не сум заборавил, не сум заборавил, се разбира, јас ќе дојдам. Како да заборавам, роденден, дваесет и пет години! Хм! . . . А знаеш ли што, Гања, што сака нека биде, ќе ти откријам. Приготви се. Таа на Атанасиј Иванович и мене ни вети дека вечерва на нејзиниот прием ќе го каже својот последен збор: ќе биде или не ќе биде! Сега внимавај, да знаеш.

Гања наеднаш толку се збуни, што дури малку пobледна.

– Тоа таа сигурно ли го рече? – праша тој, а гласот како да му затрепери.

– Завчера даде збор. Ние толку ѝ се закачивме и обајцата, што ѝ го изнудивме. Само молеше да не ти кажуваме тебе сѐ до последниот миг.

Генералот внимателно го гледаше Гања; збунетоста на Гања очевидно не му се допаѓаше.

– Потсетете се, Иван Фјодорович, – рече Гања вознемирено и со колебање, – за тоа дека таа ми даде целосна слобода да се решам сѐ дотогаш додека не реши таа самата, а и тогаш мојот збор ќе биде сѐ уште последен . . .

– Но зар ти . . . зар ти . . . – се уплаши наеднаш генералот.

– Јас ништо.

– Но дозволи, што сакаш сега да ни направиш?

– Та јас не се откажувам. Јас, можеби, не сум се изразил како што требаше . . .

– Уште тоа ни треба, ти да се откажеш! – со незадоволство проговори генералот, не сакајќи ни да го прикрие незадоволството. – Тука веќе, братче, работата не во тоа што н е се откажуваш, туку во твојата готовност, во задоволството, во радоста со кои ќе ги пречекаш нејзините зборови . . . Што се случува кај тебе дома?

– Што ми е грижа како е дома? Дома си е сѐ по моја волја, само татко, како и секогаш, се будали, но тој веќе стана вистински безобразник; јас повеќе и не разговарам со него, но, сепак, го држам стегнато и, вистина да речам, да не е мајка ми, би му ја покажал вратата. Мајката, се разбира, само плаче, сестрата се лути, а јас најпосле отворено им реков дека јас сум господар на својата судбина и дека сакам дома да ме слушаат. Всушност, на сестра ми тоа ѝ го кажав пред мајка ми.

– А јас, братче и натаму не сфаќам, – замислено забележа генералот поткренувајќи ги малку рамената и ширејќи ги рацете. – Нина Александровна, исто така, пред некој ден, кога дојде, се сеќаваш? офка и лелека. „Што ви е?“ – ја прашувам. Испаѓа дека за нив тоа е некакво о б е с ч е с т у в а њ е. Какво е тоа

обесчестување, дозволете ми да прашам? Кој може да ја прекори во нешто Настасја Филиповна, или да каже нешто за неа? Зар она, дека била со Тоцки? Но тоа е таква глупост, особено во извесни околности! „Вие, ми вели, нема да ја пуштите кај своите ќерки?" Глеј, уште и тоа! Ех, Нина Александровна! То ест како да не го разбира тоа, како да не ја разбира . . .

– Својата положба? – му потскажа Гања на генералот кој се најде во мака, – таа ја разбира, не лутете ѝ се. Јас, впрочем, уште тогаш ѝ го врежав во главата да не се меша во туѓи работи. Но сепак, дома сè и се држи само на тоа што последниот збор уште не е кажан, а луњата ќе избувне ако денес биде изречен последниот збор, верувам, сè ќе излезе на видело.

Кнезот го слушаше сиот овој разговор седејќи во катот над своето калиграфско испробување. Тој заврши, се доближи до масата и го подаде ливчето.

– Тоа е, значи, Настасја Филиповна? – проговори тој, откако внимателно и заинтересирано го погледна портретот, – необично е убава! – додаде тој веднаш пламено. На портретот беше претставена жена со навистина необична убавина. Таа беше насликана во црн свилен фустан, необично едноставно и елегантно сошиен; косата, веројатно темно-руса, беше прибрана едноставно, како за по дома; очите ѝ беа црни, длабоки, челото замислено; изразот на лицето страстен и, би можело да се каже, горделив. Таа беше малку слабикава во лицето и, можеби, и бледа . . . Гања и генералот со вчудовидување го погледнаа кнезот.

– Како, Настасја Филиповна! Зар вие веќе ја познавате Настасја Филиповна? – праша генералот.

– Да; само дваесет и четири часа сум во Русија, а веќе ја познавам оваа убавица, – одговори кнезот и веднаш раскажа за својата средба со Рогожин и им ја предаде целата негова прикаска.

– Ете ти новости! – пак се вознемири генералот, откако необично внимателно го ислуша раскажувањето. и испитувачки го погледна Гања.

– Веројатно, чиста безобразност, – промрмори, исто така, малку зашеметен Гања, – трговско синче лумпува. За него веќе имам нешто чуено.

– И јас, братче, имам слушнато – му се придружи генералот. – Веднаш, по обетките, Настасја Филиповна ја раскажуваше целата анегдота. Но работата сега веќе сосема е поинаква. Тука можеби навистина има милионче и... страста, ќе речеме безобразна страст, но тука сепак мириса на страст, а веќе е познато на што се готови тие господа кога се во пијанство!... Хм!... Да не излезе некоја анегдота! – заврши генералот замислено.

– Вие се плашите од милиончето? – ги развлече усните Гања.

– А ти, се разбира, не?

– Како ви се стори, кнезу, – му се обрна ненадејно Гања, – дали е тој некој сериозен човек, или само онака, безобразник? Какво е вашето лично мнение?

Кај Гања се случуваше нешто особено додека го задаваше ова прашање. Небаре се запали некоја нова и особена идеја во неговиот мозок и нетрпеливо почна да светка во неговите очи. Генералот, пак, кој искрено и простодушно беше вознемирен, исто така, го сврти својот поглед кон кнезот, но како да не очекуваше многу од неговиот одоговор.

– Не знам, како да ви речам, – одговори кнезот, – само мене ми се стори дека тој имаше многу страст и дури некаква болна страст. А тој и самиот уште како да беше сосема болен. Сосема е веројатно дека по неколку дена во Петербург пак ќе легне, особено ако се запие.

– Така ли? Вам така ви се стори? – се закачи генералот за оваа идеја.

– Да, така ми се стори

– И, имајте го тоа на ум, дека такви анегдоти можат да се случат не за неколку дена, а уште довечер, уште денеска, можеби, нешто ќе се пресврти, – Гања му се насмевна на генералот.

– Хм!... Се разбира... Можеби, а тогаш веќе целата работа ќе биде во тоа како ќе ѝ болсне во умот, – рече генералот.

– А веќе ја знаете каква може да биде понекогаш таа?

– То ест каква? – му се нафрли пак генералот за-

паѓајќи во огромно растројство. – Слушај ме, Гања, ти се молам, денеска не спротивставај ѝ се многу и потруди се онака, знаеш, да бидеш . . . со еден збор, да ѝ бидеш по ќефот . . . Хм! . . . Та што ја кривиш толку устата? Слушај, Гаврило Ардалионович, сега ќе биде наместо, многу наместо да ти кажам: зошто се грижиме? Разбираш ли дека што се однесува до моја лична корист, која се содржи тука, јас сум веќе одамна обезбеден; така или поинаку, работата ќе ја решам во моја корист. Тоцки ја донесе својата одлука непоколебливо, според тоа и јас сум сосема сигурен. И затоа, доколку јас сега сакам нешто, тоа е само твојата корист. Самиот просуди; зар не ми веруваш мене, или што? Притоа ти си човек .. човек . . . со еден збор, умен човек и јас се надевав на тебе . . . а тоа во случајов е . . . тоа е . . . тоа е . . .

– Тоа е главно, – дорече Гања помагајќи му уште еднаш на генералот кој се најде во мака и ги искриви своите усни во најотровна насмевка, која повеќе не сакаше да ја крие. Тој гледаше со својот запален поглед право в очи на генералот, како дури да сакаше тој да ја прочита во неговиот поглед целата негова мисла. Генералот поцрвени и избувна.

– Се разбира, умот е најважен! – потврди тој гледајќи го остро Гања, – колку си ти смешен човек, Гаврило Ардалионович! Ти небаре му се радуваш, како што забележувам, на тоа трговче, како на излез во твоја корист. Имено тука треба со ум да се тргне од самиот почеток; имено тука треба да се разбере и . . . и од двете страни да се постапи чесно и отворено, инаку . . . требаше порано да се изјасниш, за да не компромитираш други, дотолку повеќе што и време имаше доволно, и дури и сега го има доволно (генералот важно ги крена веѓите), без оглед на тоа што преостануваат само уште неколку часови . . . Разбра? Разбра ли? Навистина, сакаш или не? Ако не сакаш, кажи и – ваша волја. Никој вас, Гаврило Ардалионович, не ве задржува, никој сосила в стапица не ве става, доколку вие тука гледате некоја стапица.

– Јас сакам, – полугласно но тврдо изговори Гања, го наведна погледот и мрачно замолчи.

Генералот беше задоволен. Генералот избувна, но веќе очевидно се каеше што отиде толку далеку. Тој наеднаш се сврте накај кнезот и, се чинеше, по неговото лице ненадејно мина вознемирена мисла за тоа дека кнезот сепак бил тука и морал да чуе. Но за миг тој се успокои: само со еден поглед на кнезот можеше сосема да се смири.

– Охо! – викна генералот гледајќи го калиграфскиот примерок кој му го покажуваше кнезот, – тоа ти е краснопис! И тоа редок краснопис! Погледни, Гања, каков талент!

На дебел пергаментски лист кнезот со руско средновековно писмо ја напиша реченицата:

„Смирениот игумен Пафнутиј си ја приложи раката".

– Тоа е, – објаснуваше кнезот со огромно задоволство и одушевување, – тоа е личниот потпис на игуменот Пафнутиј според отпечатокот од четиринаесетти век. Тие прекрасно се потпишуваа, сите тие наши стари митрополити и игумени, и со каков вкус, со каква грижливост! Зар е можно да немате макар Погодинско издание, генерале? Потоа јас, еве, напишав со друго писмо: тоа е валчесто француско крупно писмо од минатиот век, некои букви дури и поинаку се пишувале, тоа е грубо писмо, писмо на јавните писари, позајмено е од нивни обрасци (јас имав еден), – и самите ќе се сложите дека не е без свои квалитети. Погледајте ги овие валчестиве **д** и **а**. Јас го пренесов францускиот карактер на руски букви, што е многу тешко, но излезе успешно. Еве уште едно прекрасно и оригинално писмо, еве оваа реченица: „Работливоста се совладува". Тоа е руско писмо, писарско, или, ако сакате, воено-писарско. Така се пишува државен документ кон важно лице, исто така, валчесто писмо, прочуено ц р н о писмо, црно напишано, но со прекрасен вкус. Еден калиграф не би ги дозволил овие шари или, поарно речено, обиди да се шара, еве овие недовршени полуопавчиња, – ги забележувате, – но во целина, погледајте, тоа претставува карактер, и, навистина, оттука избива целата воено-писарска душа: би сакал да се разигра и талентот не дава мир, но вое-

ната јака е тесно запетлана, дисциплината се појави и во ракописот, прекрасно! Тоа неодамна ме вчудовиди еден таков образец, случајно го најдов и тоа каде? – во Швајцарија! А ова ви е просто, обично и најчисто англиско писмо: елеганција нема каде да оди потаму, тука е сè убавина, бисер, перла; тоа е завршено; но, еве, има и варијација, и тоа пак француска, јас ја позајмив од еден француски трговски патник: истото англиско писмо, но црната линија е малку поцрна и подебела одошто во англиското, така е пропорцијата на светлината нарушена; забележете го и ова: овалот е изменет, малку е потопчест и си дозволува извесна шара, а шарата тоа ви е најопасна работа! Шарата бара необичен вкус; но кога таа е успешна, кога е најдена пропорцијата, тогаш таквото писмо со ништо не може да се спореди, толку е убаво што можеш да се заљубиш во него.

– Охо! Во какви финеси навлегувате вие, – се смееше генералот, – та вие, братче, не сте обичен калиграф, вие сте уметник, а, Гања?

– Необично, – рече Гања, – и дури со познавање на својата предопределеност, – додаде тој смеејќи се подбивно.

– Смеј се, смеј се, а тука претстои кариера, – рече генералот. – Знаете ли, кнезу, на какво лице ќе ви дадеме сега да пишувате? Та вам триесет и пет рубли месечно веднаш може да ви се даде. Но веќе е дванаесет и пол, – заврши тој погледнувајќи на часовникот, – да свршиме работа, кнезу, зашто треба да побрзам, а денес, можеби, повеќе нема да се видиме! Седнете за еден миг; јас веќе ви објаснив дека не сум во состојба да ве примам почесто; но искрено сакам да ви помогнам малкуцка, се разбира, то ест во она најнеопходното, а после веќе самите како што знаете. Јас ќе ви најдам местенце во канцеларија, не тешко, но ќе бара педантност. Сега во однос на друго: во куќата, то ест во семејството на Гаврило Ардалионович Иволгин, на овој овде, мојот млад пријател, со кого ве молам да се запознаете, неговата мајчица и сестричката испразниле две-три мебелирани соби од својот стан и ги издаваат на добро препорачани самци со храна и послу-

га. Убеден сум дека Нина Александровна ќе ја прими мојата препорака. За вас, пак, кнезу, тоа е повеќе од откривање на скриено богатство, зашто нема да бидете сам, а така да речам, во пазувите на едно семејство, а според мене, вие не смеете уште при првиот чекор да се најдете сам во таква столнина, каква што е Петербург. Нина Александровна, мајката и Варвара Ардалионовна, сестрата на Гаврило Ардалионович, се дами кои јас многу ги почитувам. Нина Александровна е сопруга на Ардалион Александрович, генерал во оставка, мој некогашен другар во почетокот на службата, но со кој јас, поради извесни околности, ги прекинав односите, што, впрочем, не ми пречи на извесен начин да го почитувам. Сето ова јас, кнезу, ви го појаснувам за да разберете дека јас, така да речам, лично ве препорачувам, според тоа како да гарантирам за вас со тоа. Ќе плаќате сосема умерено и јас се надевам дека наскоро вашата плата ќе ви биде сосема доволна. Навистина, на еден човек му се неопходни и џебни пари, макар малку, но нема да се налутите, кнезу, ако забележам дека подобро за вас ќе биде да ги избегавате џебните пари, и воопшто пари во џебот. Ова ви го велам онака гледајќи ве. Но бидејќи сега кесето ви е сосема празно, како за почеток, дозволете ми да ви ги предложам овие дваесет и пет рубли. Ние, се разбира, ќе се разбереме, и ако сте вие толку искрен и простодушен човек, каков што изгледате по зборувањето, и такви тешкотии не ќе можат да се појават меѓу нас. Што се интересирам пак толку за вас, тоа е затоа што во врска со вас имам извесна намера; подоцна ќе ја дознаете. Гледате ли, јас сум со вас сосема отворен; се надевам, Гања, ти немаш ништо против сместувањето на кнезот во вашиот стан?

– О, напротив! И на мама ќе ѝ биде многу мило . . . – учтиво и пресретливо потврди Гања.

– Кај вас, се чини, уште само една соба е зафатена. Оној, како се викаше, Ферд . . . Ферд . . .

– Фердишченко.

– Па да; не ми се допаѓа мене тој ваш Фердишченко; некаков си скареден шут. И не разбирам,

зошто го поддржува толку Настасја Филиповна? Та тој навистина ли ѝ е роднина?

– О не, сето тоа е шега! Дури и не мириса на роднина.

– Ех, нека го носи ѓавол! Е како, кнезу, задоволен ли сте?

– Ви благодарам, генерале, вие постапивте со мене како необично добар човек, дотолку повеќе што јас уште и не ве молев; јас не го велам тоа од гордост; јас навистина не знаев каде да си ја засолнам главата. Мене, вистина, ме покани Рогожин . . .

– Рогожин? О не; јас би ви дал татковски совет, или, ако повеќе сакате другарски, сосема да го заборавите господинот Рогожин. И воопшто би ве советувал да се придржувате до семејството во кое ќе влезете.

– Кога сте веќе толку добар, – веќе почна кнезот, – јас, еве, имам една работа. Јас добив соопштение . . .

– Е, проштавајте, – го прекина генералот, – сега повеќе немам ни минута. Сега јас ќе ѝ речам за вас на Лизавета Прокофјевна: ако таа посака да ве прими веднаш (јас веќе ќе се обидам така да ве претставам), тогаш ве советувам да го искористите случајот и да ѝ се допаднете, зашто Лизавета Прокофјевна може да ви биде мошне корисна, та вие сте еднопрезименик. Ако не сака, не лутете ѝ се, другпат. А ти, Гања, разгледај ги засега овие сметки, јас пред малку се мачев со Федосеев. Не би требало да се заборават да се вклучат . . .

Генералот излезе, а кнезот така и не стаса да му каже за својата работа за која почнуваше речиси четирипати. Гања запали цигара и му понуди и на кнезот; кнезот зеде но не почнуваше разговор не сакајќи да пречи и почна да го разгледува кабинетот; но Гања одвај го погледна листот испишан со бројки на кој му беше укажал генералот. Тој беше расеан; насмевката, погледот, замисленоста на Гања станаа уште потешки, како што забележа кнезот, кога тие останаа сами. Наеднаш тој му се приближи на кнезот; тој во овој миг стоеше пак над портретот на Настасја Филиповна и го разгледуваше.

– Значи вам ви се допаѓа таква жена, кнезу? – го праша тој ненадејно гледајќи го пронижувачки. И небаре имаше некоја особена намера.

– Чудно лице! – одговори кнезот, – и јас сум сигурен дека таа нема обична судбина. Лицето ѝ е весело, но таа ужасно страдала, нели? За тоа ни зборуваат очите, еве овие две ковчиња, двете точки под очите во почетокот на образите. Тоа е гордо лице, ужасно гордо, а, ете, не знам, дали е таа добра? Ох, кога би била добра! Сè би било спасено!

– А дали би се ожениле со таква жена? – продолжуваше да го прашува Гања не иставајќи го од него својот вжарен поглед.

– Јас со никоја не можам да се оженам, јас не сум здрав, – рече кнезот.

– А Рогожин дали би се оженил? Што мислите?

– Како да речам, да се ожени, јас мислам, тој би можел и утре; би се оженил, а по една недела би можел и да ја заколе.

Штотуку кнезот го изговори тоа, Гања ненадејно така затрепери, што кнезот за малку не извика.

– Што ви е? – проговори тој фаќајќи го за рака.

– Ваша светлост! Неговото превосходство ве моли да повелете кај нејзиното превосходство, – објави лакејот појавувајќи се на вратата. Кнезот тргна по лакејот.

IV

Трите Епанчини девојки беа здрави госпоѓици, расцутени, со крупна става и прекрасни рамена, со јадри гради, силни, речиси машки раце и, се разбира, поради својата јадрост и здравје тие љубеа понекогаш добро да јадат и тоа воопшто не сакаа да го прикриваат. Нивната мајчица, генералицата Лизавета Прокофјевна, понекогаш се муртеше поради нивниот премногу отворен апетит, но бидејќи извесни нејзини мислења, без оглед на надворешната почит со која биле примани од ќерките, всушност, веќе одамна го загубиле својот некогашен неоспорен авторитет кај нив, и

тоа до таков степен, што утврдениот сложен конклав меѓу трите девојки почна да претегнува на сите полиња, така што и генералицата, за да си го сочува сопственото достоинство, најде засходно да не спори и да попушта. Навистина, нејзиниот карактер не секогаш ги слушаше и им се потчинуваше на одлуките на благоразумноста; со секоја наредна година Лизавета Прокофјевна стануваше сѐ понаумничава и понетрпелива, стана дури и некако чудна, но бидејќи под нејзината власт сепак останувааше сосема покорен и припитомен маж, сите насобрани излишоци обично се излеваа на негова глава, а потоа хармонијата на семејството се обновуваше и пак сѐ си одеше како подмачкано.

Генералицата, впрочем, ни самата не го имаше изгубено апетитот и обично, во дванаесет и пол, заедно со ќерките учествуваше во обилниот појадок, кој беше речиси ручек. Госпоѓиците испиваа по филџан кафе многу порано, токму во десет часот, во постела, во мигот на будењето. Тие тоа го засакаа и го утврдија еднаш засекогаш. Во дванаесет и пол, пак, се редеше масата во малечката трпезарија, близу собите на мајката, и на овој семеен интимен појадок присуствуваше понекогаш и самиот генерал, кога времето тоа му го дозволуваше. Освен чај, кафе, сирење, мед, путер, специјални пржени лепчиња, кои ги обожуваше самата генералица, котлети и сл. се служеше дури и јака врела супа. Тоа утро, кога почнува нашево раскажување, целото семејство беше собрано во трпезаријата чекајќи го генералот кој беше ветил да дојде во дванаесет и пол. Да задоцнеше макар една минута, веќе ќе беше испратен човек да го вика; но тој се појави точно навреме. Кога пријде да се поздрави со сопругата и да ѝ ја бакне раката, на нејзиното лице тој забележа нешто мошне необично. И макар што тој уште вчеравечер претчувствуваше дека денес ќе биде имено вака поради извесна „анегдота“ (како што самиот имаше обичај да се изразува) и, вчеравечер веќе заспивајќи се беспокоеше поради тоа, сепак сега одново го фати страв. Ќерките му се приближија да го бакнат; кај нив и покрај тоа што немаше лутина кон

него, сепак небаре имаше нешто особено. Вистина, генералот, поради некои околности, стана премногу подозрив; но бидејќи беше искусен и умешен татко и сопруг, тој веднаш презеде свои мерки.

Можеби нема да ја повредиме многу сликовитоста на нашето раскажување ако запреме тука и повикаме на помош извесни појаснувања за верно и точно утврдување на односите и околностите во кои го наоѓаме семејството на генералот Епанчин во почетокот на нашата повест. Ние веќе пред малку кажавме дека макар што генералот не беше многу образован човек, беше „самоук" како што самиот се изразуваше за себеси, сепак тој беше искусен сопруг и умешен татко. Меѓу другото тој го прифати системот да не ги тера своите ќерки да побрзаат со мажачка, то ест „да не им тежи на душата" и да не ги беспокои премногу со здодевноста на својата родителска љубов за нивната среќа, како што и против нивната волја природно се случува насекаде, дури и во најумните семејства, каде што стасуваат зрели девојки. Тој го достигна дури тој степен, што успеа да ја придобие за својот систем и Лизавета Прокофјевна, макар што работата беше многу тешка, – тешка беше затоа што не беше природна; но аргументите на генералот беа премногу значајни и беа засновани врз опипливи факти. А девојките сосема оставени на своја волја и свои одлуки, природно, ќе бидат принудени најодзади и самите да се фатат за глава, и тогаш работата ќе пламне, зашто тие ќе го прават тоа со полет, оставајќи ги настрана каприците и преголемата избирливост; на родителите би им останало тогаш што побудно и колку што се може понезабележано да набљудуваат, да не дојде до некој чуден избор или некоја неприродна наклоност, а потоа, погаѓајќи соодветен миг, веднаш со сите сили да помогнат и да ја насочат работата со сето свое влијание. Најодзади, само поради тоа што секоја година, на пример, со геометриска прогресија растеше нивното богатство и општествен углед: колку што повеќе време одминуваше, толку повеќе добиваа ќерките, дури и како кандидатки. Но сред сите овие убедливи факти, се појави и уште еден: постарата ќерка, Алек-

сандра, наеднаш и речиси сосема ненадејно (како што тоа секогаш се случува), наполни дваесет и пет години. Речиси во истово време и Атанасиј Иванович Тоцки, човек од највисокиот круг, со највисоки врски и необично богатство, уште еднаш ја пројави својата стара желба да се ожени. Тоа беше човек на околу педесет и пет години, со префинет карактер и необично истенчен вкус. Тој сакаше убаво да се ожени; тој необично ја ценеше убавината. Бидејќи во последно време тој со генералот Епаничин беше во големо пријателство, особено со засилено заедничко учество во некои финансиски потфати, тој му соопшти, барајќи, така да речеме, другарски совет и насока: можна ли ќе биде претпоставката за неговиот брак со една од неговите ќерки? Во тивкиот и прекрасен тек на семејниот живот на генерал Епанчин настапуваше очевиден пресврт.

Неоспорна убавица во семејството, како што веќе беше речено, беше најмалата, Аглаја. Но дури и самиот Тоцки, човек со необичен егоизам, сфати дека не може тука да си ја бара среќата, и дека Аглаја не му е нему наменета. Можеби, малку заслепувачката љубов и премногу топлото пријателство меѓу сестрите ја преувеличувале работата, но судбината на Аглаја од сите нив на најискрен начин беше предопределена да не биде обична судбина, туку можен идеал за рајот на земјата. Идниот маж на Аглаја би требало да биде сопственик на сите совршенства и успеси, а да не зборуваме за богатството. Сестрите дури ја поставија меѓу себе, некако без особени излишни зборови, можноста за жртвување од нивната страна во корист на Аглаја: за Аглаја беше предопределен огромен и невообичаен мираз. Родителите знаеја за оваа одлука на двете сестри и затоа, кога Тоцки побара совет, меѓу нив немаше речиси ни сомневање дека една од постарите сестри нема да се откаже да ја задоволи нивната желба, дотолку повеќе што Атанасиј Иванович не би правел тешкотии во однос на миразот. Понудата на Тоцки пак самиот генерал, со нему својственото познавање на животот, веднаш ја оцени необично високо. Бидејќи и самиот Тоцки засега, поради извесни нео-

бични околности, пројавуваше извонредна претпазливост во своите чекори и засега само ја сондираше работата, и родителите им нафрлија на ќерките само уште најдалечни претпоставки. Како одговор на тоа, од нив беше добиена, исто така, не сосема определена, но, во крајна мера, успокојувачка изјава за тоа дека постарата ќерка, Александра, сигурно не би се откажала. Макар што имаше тврд карактер, оваа девојка беше добра, разумна и необично помирлива; таа можеше дури на драго срце да се омажи за Тоцки, и ако би дала збор, таа чесно би го исполнила. Таа не го сакаше сјајот, и не само што не навестуваше грижи и нагли пресврти, но дури можеше и да го засладди животот. Таа на изглед беше многу убава, макар и што не беше премногу атрактивна. Што можеше повеќе да очекува Тоцки?

Но работата продолжуваше да тече потамина. Заемно и другарски меѓу Тоцки и генералот беше утврдено да се избегува секој формален и неповратен чекор до вистинскиот миг. Дури и родителите сè уште не почнуваа да зборуваат со ќерките сосема отворено; небаре почнуваше извесна неусогласеност: генералицата Епанчина, мајката на семејството, којзнае зошто почнуваше да биде незадоволна, а тоа беше мошне важно. Постоеше тука една околност која на сите им пречеше, еден заплеткан и загрижувачки случај поради кој целата работа можеше неповратно да пропадне.

Овој заплеткан и загрижувачки „случај“ (како што се имаше изразено самиот Тоцки) беше почнат уште многу одамна, речиси пред осумнаесет години. Крај еден од најбогатите имоти на Атанасиј Иванович, во една од централните губернии, чмрееше во беда еден ситен и многу сиромашен спахија. Тоа беше човек забележлив по своите непрестајни и анегдотски неуспеси, – офицер во оставка, од добро дворјанско потекло, и во тој однос дури и почисто од Тоцки, некојси Филип Александрович Барашков. Сиот задолжен со заложен имот, по робијашки, речиси селански напори, тој најодзади успеа да го среди некако задоволително своето малечко домаќинство. И при

најмал успех тој необично се охрабруваше. Охрабрен и светнат од надежи, тој замина за неколку дена во околиското гратче за да се види и, ако биде можно, конечно да се договори со еден од своите најглавни кредитори. Третиот ден по неговото пристигнување во градот стаса пред него од село неговиот управител, на коњ, со изгорен образ и нагорена брада и му јави дека „му изгорел имотот", вчера, на самото пладне, при што „повелала да изгори и сопругата, а дечињата останале живи". Вакво изненадување не можеше да поднесе дури и Барашков свикнат на „лузните на фортуната"; тој полуде а по еден месец умре во треска. Изгорениот имот, со чивчиите што отскитале во свет, беше продаден за долгови; двете, пак, малечки девојчиња од шест и седум години, децата на Барашков, поради својата великодушност ги прими на издржување и воспитување Атанасиј Иванович Тоцки. Тие почнаа да се воспитуваат заедно со децата на управителот на Атанасиј Иванович, еден чиновник во оставка со големо семејство и притоа Германец. Наскоро остана само едно девојче, Настја, а помалото умре од голема кашлица; а пак Тоцки речиси сосема ги заборави и двете живеејќи во странство. Еднаш, по едно пет години, на Атанасиј Иванович, на минување, му дојде на ум да намине во својот имот, и ненадејно, во својата селска куќа, во семејството на својот Германец, тој забележа прекрасно дете, девојче од околу дванаесет години, весело, мило, интелигентно, кое ветуваше да стане необична убавица; во тоа Атанасиј Иванович не можеше да погреши. Овојпат тој остана на имотот само неколку дена но стигна да донесе одлуки; во воспитувањето на девојчето се случи важна промена: беше поканета постара почитувана гувернантка, искусна во повисоко воспитување на девојки, образована Швајцарка, која освен француски, предаваше и различни науки. Таа се насели во селската куќа и воспитувањето на малечката Настја доби необични размери. Точно по четири години тоа воспитување заврши; гувернантката си замина, а по Настја дојде една госпоѓа, исто така, некоја спахијка и, исто така, сосетка на Тоцки по својот имот, но веќе во

друга, подалечна губернија и, по инструкција и полномошно од Атанасиј Иванович, ја поведе Настја со себеси. И на овој помал имот имаше не голема, но тукушто изградена дрвена куќа; таа беше наместена особено елегантно, а и селцето, небаре намерно, се викаше „Радосно“. Спахијката ја доведе Настја директно во оваа тивка куќичка, а бидејќи и самата, како вдовица без деца, живееше сѐ на сѐ на една врста далечина, се насели заедно со Настја. Околу Настја се најде една старица-економка и една млада, искусна собарка. Во куќата имаше музички инструменти, елегантна девојчинска библиотека, слики, гравири, графити, четки, бои, прекрасна 'ртка, а по две недели повела и Атанасиј Иванович лично . . . Оттогаш, тој некако особено го засака ова свое затантено степско село, наминуваше секое лето, остануваше по два, дури и по три месеци, и така измина прилично долго време, околу четири години, спокојно и среќно, елегантно и со добар вкус.

Се случи еднаш, некако во почетокот на зимата, околу четири месеци по едно од летните доаѓања на Атанасиј Иванович во „Радосно“, кој овојпат беше наминал само за две недели, да се рашири глас, или, поубаво речено, да стаса глас до Настасја Филиповна дека Атанасиј Иванович во Петербург сака да се ожени со една убавица, богата и позната, – со еден збор солидна и болскава партија. Подоцна се покажа дека овој глас не е точен во сите детали: и тогаш свадбата уште беше само во проект, и сѐ беше уште сосема неопределено, но во судбината на Настасја Филиповна сепак од тоа време настапи необичен пресврт. Таа ненадејно пројави необична решителност и покажа многу неочекуван карактер. Не размислувајќи многу, таа ја напушти својата селска куќичка и ненадејно се појави во Петербург, директно кај Тоцки, сосема сама. Тој беше вџашен, веќе беше почнал да зборува; но наеднаш, уште од првиот збор се покажа дека треба сосема да го измени начинот на зборувањето, дијапазонот на гласот, преѓешните теми на пријатните и елегантните разговори, кои дотогаш се употребуваа со толкав успех, логиката – сѐ, сѐ, сѐ! Пред

него седеше сосема поинаква жена, воопшто неслична на онаа која тој досега ја познаваше и којашто уште во јуни ја беше оставил во селото „Радосно".

Се покажа дека оваа нова жена, пред сѐ, необично многу знаеше и разбираше, – толку многу, што мораше длабоко да се вчудоневидува, од каде можела да се здобие со такви податоци и да дојде во себеси до точни сфаќања. (Зар е можно од нејзината девојчинска библиотека?). И уште повеќе, таа дури и правните работи необично многу ги разбираше и имаше позитивно познавање, ако не на целиот свет, тогаш барем за тоа како течат работите на светов; второ, тоа воопшто не беше оној карактер, како порано, то ест, не она плашливо, пансионски неопределено, понекогаш замајно по својата оригинална веселост и наивност, понекогаш тажно и замислено, вчудовидено, расплакано и вознемирено девојче.

Не; тука пред него се кикотеше и го боцкаше со најотровни сарказми необично и неочекувано суштество, кое директно му изјави дека во своето срце немало никогаш кон него ништо, освен најдлабок презир, презир до смачување, кој настапил веднаш по првото изненадување. Оваа нова жена изјавуваше дека ќе ѝ било сосема сеедно ако тој веднаш се ожени и тоа со кого сака, но дека таа дошла да не му го дозволи тој брак, и не ќе му го дозволела поради злоба, единствено поради тоа дека така таа сакала, и дека според тоа така и морало да биде, – „е, макар за тоа и јас да ти се потсмеам колку што сакам, зашто сега и јас најодзади сакам да се смеам".

Во крајна мера, таа така зборуваше; таа можеби не изрече сѐ што ѝ беше во умот. Но додека новата Настасја Филиповна се кикотеше и го изложуваше сево ова, Атанасиј Иванович размислуваше во себе за оваа работа и, колку што можеше, ги средуваше своите малку растурени мисли. Ова размислување траеше подолго време; тој се задлабочуваше и донесуваше конечна одлука речиси две недели: но по две недели тој имаше прифатена одлука. Работата беше во тоа што во тоа време Атанасиј Иванович веќе имаше околу педесет години и тој беше во најголем

степен солиден и сталожен човек. Неговата положба во светот и општеството веќе одамна беше утврдена на најцврсти основи. Себеси, својот комфор и мир тој ги ценеше повеќе од сѐ на светов, како што и му прилегаше на еден во најголем степен пристоен човек. Не смееше да биде дозволено ни најмало нарушување, и најмало колебање на она што се утврдуваше со целиот живот и кое се беше здобило со толку прекрасен облик. Од друга страна, искуството и длабокото гледање на работите му потшепнаа на Тоцки многу брзо и необично точно дека сега тој има работа со суштество кое е сосема надвор од вообичаеното, дека е тоа токму такво суштество кое не само што се заканува, но кое и бездруго ќе го изврши тоа, и, најглавно, дека апсолутно пред ништо нема да се запре, дотолку повеќе што не држи до ништо во светов, така што е дури невозможно да ја соблазни со нешто. Тука, очевидно, постоеше нешто друго, можеше да се претпостави некаква мешаница на душата и срцето, – нешто слично на некое негодување од романите којзнае на кого и којзнае поради што, на некое незаситно чувство на презир, кое е сосема излезено од мерка, – со еден збор нешто во најголем степен смешно и недозволено во пристојно општество и сретнувањето со кое на секој пристоен човек претставува чиста божја казна. Се разбира, со богатството и врските на Тоцки можеше да се направи некое мало и сосема невино злосторство, за да се спаси од непријатноста. Од друга страна, очевидно беше дека и самата Настасја Филиповна не е во состојба да направи речиси ништо непријатно, бар не, на пример, во правна смисла; таа не би можела да направи дури ни позначаен скандал, зашто во секој миг таа можеше толку лесно да биде оневозможена. Но сето тоа само во случај кога Настасја Филиповна би се решила да дејствува како сите и како што се дејствува обично во вакви случаи, не излегувајќи премногу ексцентрично од мерата. Но во овој случај му помогна на Тоцки проникливоста на неговиот поглед: тој успеа да насре дека Настасја Филиповна и самата одлично разбира колку е таа безопасна во правна смисла, но дека во нејзиниот ум и . . .

во нејзините очи што светкаат има нешто сосема друго. Не држејќи до ништо, а најмалку до самата себе (беше потребен голем ум и проникливост во овој миг да се насре дека таа веќе одамна престанала да држи до себеси, и тој, скептик и светски циник, да поверува во сериозноста на ова чувство). Настасја Филиповна беше во состојба да се уништи себеси, неповратно и непристојно, со Сибир и робија, само да му се потсмевне на човекот, кон кој таа чувствуваше толку нечовечка одвратност. Атанасиј Иванович никогаш не криеше дека беше по малку плашлив, или, поубаво речено, во најголем степен конзервативен. Кога би знаел, на пример, дека за време на венчавање ќе биде убиен или дека ќе се случи нешто, исто така, многу непристојно, смешно, неприфатливо во тоа не толку затоа што ќе биде убиен или ранет до крв или јавно ќе му биде плукнато в лице и т.н. и т.н., туку затоа што сето тоа ќе му се случи во толку неприроден и неприфатлив облик. А Настасја Филиповна имено тоа му го навестуваше, иако сѐ уште не беше рекла ништо; тој знеше дека таа го имаше разбрано и проучено до највисок степен, а според тоа, знаеше како да го погоди. А бидејќи свадбата навистина сѐ уште беше само намера, Атанасиј Иванович се примири и се повлече пред Настасја Филиповна.

Неговата одлука беше потпомогната од уште една околност: тешко е да се замисли до кој степен оваа нова Настасја Филиповна не беше слична со претходната ни со ликот. Порано тоа беше само многу убаво девојче, а сега . . . Тоцки не можеше да си прости себеси што четири години ја гледал и не ја видел. Навистина, многу значи и тоа, кога од двете страни, внатре и однадвор се случува пресврт. Тој, впрочем, си приспомнуваше за мигови кога понекогаш му доаѓаа чудни мисли штом ќе ги погледаше, на пример, тие очи: како да можеше да се насети во нив некоја длабока и таинствена темнина. Тој поглед се отвораше – небаре задаваше загатка. Последните две години тој често ѝ се чудеше на промената на бојата на лицето на Настасја Филиповна; таа стануваше ужасно бледа и – што е чудно – од тоа стануваше дури поубава.

Тоцки, кој, како и сите џентлмени кои убаво си го минале векот, во почетокот со презир гледаше на тоа колку ефтино ја беше добил таа уште непроживеана душа, во последно време почна донекаде да се сомнева во тој свој поглед. Во секој случај, уште минатата пролет тој беше решил во најскоро време, за добра прилика и со мираз да ја омажи Настасја Филиповна за некој си благоразумен и чесен господин, кој би работел во некоја друга губернија. (О, колку ужасно и злобно му се смееше Настасја Филиповна на тоа сега!) Но сега Атанасиј Иванович, соблазнет со новиот лик, си помисли дури и дека повторно би можел да ја експлоатира таа жена. Тој реши да ја пресели Настасја Филиповна во Петербург и да ја опколи со раскошен комфор. Ако не едно, тогаш би можело да биде друго: со Настасја Филиповна би можел да се пофали, та дури и да предизвика завист во извесно кругче. А пак на Атанасиј Иванович му беше многу драга славата на тоа поле.

Минаа веќе пет години од животот во Петербург и, се разбира, за тоа време многу работи се разјаснија. Положбата на Атанасиј Иванович беше беспомошна; најлошото беше тоа што тој, откако еднаш се исплаши, после веќе никако не можеше да се смири. Тој се плашеше – и дури и самиот не знаеше од што, – едноставно се плашеше од Настасја Филиповна. Извесно време, првите две години, тој беше почнал да подозира дека Настасја Филиповна самата сака да се омажи за него, но дека молчи поради својата необична гордост и дека чека цврста понуда. Вакво претендирање би било многу необично; Атанасиј Иванович се муртеше и паѓаше во тешки мисли. За големо и (такво е човечкото срце!) свое малку непријатно вчудовидување, тој, по еден случај се убеди дека дури и да направеше таква понуда, ќе беше одбиен. Долго време тој не можеше да го сфати тоа. Му се чинеше дека тој може само на еден начин да се објасни, со тоа што „гордоста на навредената и фантастична жена" достигнала до такво искривоколчување, што ѝ е попријатно наеднаш да си го искаже својот презир со одбивање, одошто засекогаш да си ја определи по-

лажбата и да достигне недостижно величие. Најлошото од сѐ беше тоа што Настасја Филиповна стана премногу супериорна. Со интерес, исто така, не можеше да се примами, дури и со многу крупен и макар што го прифати понудениот комфор, таа живееше многу скромно и за тие пет години немаше речиси ништо заштедено. Атанасиј Иванович, за да се ослободи од својот синџир, веќе испроба и едно многу итро средство: незабележано и умешно тој почна да ја соблазнува со умешната помош на најидеални соблазнувања; но олицетворените идеали: кнезови, хусарски офицери, секретари на амбасади, поети, романописатели, дури и социјалисти – ништо не можеше да остави некаков впечаток врз Настасја Филиповна, небаре место срце имаше камен а чувствата ѝ се пресушиле и изумреле засекогаш. Таа живееше повеќе осамено, читаше, дури и учеше, ја љубеше музиката. Имаше малку познанства; се дружеше само со некои сиромашни жени на чиновници, се познаваше со некакви си две артистки, некакви старици, многу љубеше едно многучлено семејство на некојси почитуван учител, и во тоа семејство ѝ нејзе многу ја љубеа и со задоволство ја примаа. Доста често навечер се собираа кај неа пет-шест души познајници, не повеќе. Тоцки ѝ доаѓаше многу често и педантно. Во последно време не со мал труд се запозна со Настасја Филиповна генералот Епанчин. Во исто време и без каков и да е труд се запозна со неа и еден млад чиновник, со презиме Фердишченко, многу непристоен и груб шут, со претендирање да биде забавен и со наклонетост за пиење. Меѓу познајниците имаше и еден млад и чуден човек, со презиме Птицин, скромен, педантен и измазнет, кој потекнуваше од мизерија, а кој стана лихвар. Се запозна со неа најодзади и Гаврило Ардалионович . . . На крајот беше постигнато само тоа што за Настасја Филиповна се зацврсти едно чудно мислење: сите знаеја за нејзината убавина, но тоа беше сѐ; никој со ништо не можеше да се пофали, никој не можеше да раскаже ништо. Таквиот углед, нејзиното образование, префинетоста во однесувањето, остроумноста, сето тоа конечно го зацврсти Атанасиј Ивано-

вич врз еден план. Оттука и почнува оној миг од кој во оваа историја зеде толку деловно и необично учество самиот генерал Епанчин.

Кога Тоцки толку љубезно му се беше обрнал за другарски совет во однос на едната од неговите ќерки, тој веднаш, на најблагороден начин искрено и наполно му призна сè. Тој му откри дека решил повеќе да не запира пред н и к а к в и средства за да ја добие својата слобода; дека тој не би имал мир дури и ако Настасја Филиповна самата му изјави дека во иднина ќе го остави во целосно спокојство; дека нему зборовите му биле малку, дека му требале најцврсти гаранции. Тие се договорија и решија да дејствуваат заеднички. Тие решија прво да ги испробаат најмеките средства и да ги гибнат, така да се рече, само „благородните струни на срцето". Обајцата дојдоа кај Настасја Филиповна, и Тоцки почна директно од тоа што ѝ изјави за неподносливиот ужас на неговата ситуација; тој се обвини себеси за сè; отворено ѝ рече дека не може а да не се покае за својата првобитна постапка со неа, зашто бил закоравен сладострасник и не владеел со себеси, но дека тој сега сакал да се жени и дека целата судбина на овој во најголема мера пристоен и светски брак била во нејзините раце; со еден збор дека тој сè чекал од нејзиното благородно срце. Потоа почна да зборува генералот Епанчин, како татко, и тој зборуваше со резон, го избегна она што е трогателно, го спомна само тоа дека тој наполно го признавал нејзиното право во решавањето на судбината на Атанасиј Иванович, умешно си поигра со својата помиреност, претставувајќи така небаре судбината на неговата ќерка, а можеби и на двете други ќерки, зависела сега од нејзиното решение. На прашањето на Настасја Филиповна: „што бараат всушност од неа?" – Тоцки со пређешната, сосема разголена отвореност ѝ призна дека бил толку исплашен уште пред пет години, што дури и сега не можел сосема да се смири, сè додека самата Настасја Филиповна не се омажи за некого. Тој вднаш додаде дека таа молба, се разбира, од негова страна ќе била сосема неумесна, дека немал тој извесни основи за неа.

Тој многу убаво забележал и позитивно дознал дека еден млад човек, со многу добро презиме, кој живее во многу чесно семејство, а имено Гаврило Ардалионович Иволгин, кого таа го познава и го прима во својата куќа, веќе одамна ја љубел со сета силина на страста и, се разбира, би ја дал половината од животот само за надеж оти ќе ја стекне нејзината симпатија. Гаврило Ардалионович му го признал тоа нему, на Атанасиј Иванович, самиот, и веќе одамна, онака пријателски, со своето чисто младо срце, и дека за тоа веќе одамна знаел и Иван Фјодорович, кој му е добродетел на момчакот. Најодзади, ако само тој, Атанасиј Иванович, не се лажел, љубовта на момчакот ѝ била веќе одамна позната и на самата Настасја Филиповна, и нему дури му се сторило дека таа на оваа љубов гледала снисходливо. Се разбира, нему од сите најтешко му било да говори за тоа. Но кога Настасја Филиповна би посакала да допушти кај него, кај Тоцки, освен егоизмот и желбата да си ја среди својата сопствена судбина, макар и малку желба и за нејзиното добро, тогаш би сфатила дека нему веќе одамна му било чудно и дури тешко да ја гледа нејзината осаменост: дека во неа имало само неопределена темнина, целосно неверување во обновувањето на животот, кој толку прекрасно би можел да воскресне во љубовта и во семејството, и на тој начин да добие нова цел; дека тука било упропастување на способностите, кои можеби биле прекрасни, доброволно восхитување со својата тага, со еден збор, дури и некаква романтичност, недостојна ниту за здравиот разум, ниту за благородното срце на Настасја Филиповна. Откако повтори уште еднаш дека нему му било потешко од другите да говори, тој заврши дека не можел да се одрече од надежта дека Настасја Филиповна нема да му одговори со презир, ако тој ја искаже својата искрена желба да ѝ го обезбеди животот во иднина и да ѝ ја понуди сумата од седумдесет и пет илјади рубли. Тој додаде како појаснување дека таа сума била и онака определена за неа во неговиот тестамент; со еден збор, тоа воопшто не е некоја награда ... и дека, најодзади, зошто да не му се допушти не-

говата човечка желба макар со нешто да ја олесни својата совест и т.н., и т.н., сè што се зборува во слични случаи на таа тема. Атанасиј Иванович зборуваше долго и красноречиво, станувајќи свесен, така да речеме, патем, за многу интересен податок дека она за тие седумдесет и пет илјади му се испушти сега за првпат и дека за нив не знаеше дури ни самиот Иван Фјодорович, кој, еве, седи крај него; со еден збор не знаеше н и к о ј.

Одговорот на Настасја Филиповна ги вчудовиде обајцата пријатели.

Кај неа не само што не можеше да се забележи ни најмала сенка на пређешната подбивност, на пређешното непријателство, и омраза, на пређешното кикотење, од кое до денес му минуваше студенило по грбот на Тоцки, туку напротив, таа како да се израдува поради тоа дека најодзади може да поразговара со некого отворено и пријателски. Таа призна дека самата одамна сакала да побара пријателски совет, дека ѝ пречела гордоста, но дека сега, кога мразот бил скршен, ништо поубаво и не можело да се случи. Со тажна насмевка отпрвин, а потоа весело и радосно насмеана, таа призна дека во секој случај не можело ни да се зборува за пређешната бура; дека таа делумно веќе одамна го изменила својот поглед на работите, и дека макар што не се изменила во срцето, сепак била принудена да се помири со многу работи како веќе свршени факти; што било сторено, било сторено, што минало, минало, така што дури ѝ било чудно поради тоа што Атанасиј Иванович продолжува да биде толку исплашен. Тогаш таа се обрна кон Иван Фјодорович и со изглед на длабока почит му изјави дека таа веќе одамна имала многу чуено за неговите ќерки и дека веќе одамна свикнала длабоко и искрено да ги почитува. Самата помисла дека таа би можела макар со нешто да им биде корисна, ѝ се чини дека би претставувала за неа чест и гордост. Вистина било дека сега ѝ е здодевно и тешко, мошне здодевно; Атанасиј Иванович ѝ ги погоди мечтите; таа би сакала да воскресне ако не во љубов, тогаш во семејство, свесна за нова цел; но дека таа не можела речиси ништо да

каже за Гаврило Ардалионович. Се чини дека било вистина оти тој ја сака; таа чувствувала дека и самата би можела да го засака, кога би можела да поверува во цврстината на неговата приврзаност; но тој бил премногу млад, иако бил искрен; тука било тешко да се донесе одлука. Нејзе, впрочем, најмногу ѝ се допаѓало тоа што тој работи, се труди и сам го помага целото семејство. Таа чула дека тој бил енергичен човек, горд, ја сакал кариерата, сакал да се пробие. Исто така, чула дека Нина Александровна, мајката на Гаврило Ардалионович, била одлична и до најголема мерка почитувана жена: дека неговата сестра, Варвара Ардалионовна, била прекрасна и енергична девојка; таа имала многу чуено за неа од Птицин. Таа чула дека тие добро ги поднесувале своите несреќи; таа многу би сакала да се запознае со нив, но постоело уште едно прашање, дали тие ќе ја примат со задоволство во своето семејство? Воопшто таа не сакала ништо да каже против можноста за тој брак, но за тоа уште требало добро да се поразмисли; таа би сакала да не ја тераат да брза. Што се однесувало, пак, на седумдесет и петте илјади залудно на Атанасиј Иванович му било толку тешко да зборува за нив. Таа самата ја сфаќала вредноста на парите и, се разбира, ќе ги примела. Таа му била благодарна на Атанасиј Иванович поради неговата деликатност, и поради тоа што тој дури ни на генералот не му говорел ништо за тоа, а не само на Гаврило Ардалионович, но, всушност, зошто и тој да не знае за тоа отпорано? Таа не би имала зошто да се срами од тие пари влегувајќи во нивното семејство. Во секој случај, таа немала намера да бара прошка од никого за ништо и сакала тоа да биде познато. Таа немало да се омажи за Гаврило Ардалионович сè додека не се убеди дека ниту кај него, ниту во неговото семејство нема ниту една скриена мисла во однос на неа. Во секој случај, таа не се сметала себеси виновна за ништо, и добро би било Гаврило Ардалионович да знае како ги проживеала таа тие пет години во Петербург, во какви односи со Атанасиј Иванович, и дали заштедила богатство врз основа на нив. Најодзади, ако таа и го примала сега

капиталот, тоа воопшто не било како плата за својот девојчински срам, за кој таа воопшто не била виновна, туку едноставно како награда за расипаниот живот.

Пред крајот таа толку се вжари и се растрои, изложувајќи го сето тоа (што, впрочем, беше сосема природно), што генералот Епанчин беше многу задоволен и ја сметаше работата како завршена; но еднаш исплашениот Тоцки и сега не ѝ поверува сосема, и долго се плашеше да не има тука змија меѓу цвеќе. Преговорите, впрочем, почнаа; точката врз која беше заснован сиот маневар на двајцата пријатели, а имено можноста на наклонетоста на Настасја Филиповна кон Гања, малку по малку почна да се пројавува и да се оправдува, така што дури и Тоцки напати веруваше во можноста за успех. За тоа време имаше разговарано со Гања: беа кажани сосема малку зборови, небаре страдаше притоа нејзината невиност. Таа ја прифати и ја дозволи неговата љубов, но упорно му изјави дека во ништо не сакала да се ограничува себеси; дека таа до самата свадба (ако свадбата се одржела) си го задржувала правото да каже: „не“, макар и во најпоследниот миг; со исто такво право го удостојувала и Гања. Наскоро Гања позитивно дозна, со помош на удобен случај, дека непријателството на целото негово семејство кон тој брак и кон Настасја Филиповна, кое се пројавуваше преку домашни сцени, веќе ѝ било познато на Настасја Филиповна до големи подробности; таа самата не почнуваше разговор со него за тоа, ако тој тоа секој ден го очекуваше. Впрочем, би можеле да се раскажат уште многу работи од сите истории и околности кои се беа појавиле по повод на оваа женачка и преговорите; но ние и онака поитавме напред, дотолку повеќе што некои околности се појавуваа уште во вид на сосема неопределени гласови. На пример, Тоцки небаре дознал од некаде дека Настасја Филиповна стапила во некакви неопределени и за сите тајни односи со девојките Епанчини, – сосема неверојатен глас. Затоа пак на другиот глас тој и не сакајќи му веруваше и до кошмар се плашеше од него: тој имаше слушнато, како сигурно

дека Настасја Филиповна најпозитивно знаела дека Гања се жени само со парите, дека душата на Гања била црна, нетрпелива, завидлива и неопфатно, непропорционално со ништо самољубива; дека Гања макар што порано навистина страсно сакал да ја придобие Настасја Филиповна, кога двајцата пријатели решија да ја експлоатираат таа страст, која започнуваше од двете страни, во своја корист и да го купат Гања со тоа што ќе му ја продадат Настасја Филиповна за законска жена, тој ја замразил како свој кошмар. Во неговата душа небаре чудно се сретнале страста и омразата, и тој макар што по мачни колебања ја дал својата согласност да се ожени со „расипана жена", самиот се заколнал во душата горчливо да ѝ се одмазди поради тоа и да ја „среди" после, како што самиот небаре се изразил. Сево ова Настасја Филиповна небаре го знаела и приготвувала нешто утајум. Тоцки веќе дотолку беше уплашен што дури и на Епанчин престана да му ги соопштува своите неспокојства; но имаше мигови кога тој, како слаб човек, темелно повторно се ободруваше и му воскреснуваше надежта; тој необично се ободри на пример, кога Настасја Филиповна најодзади на двајцата пријатели им даде збор дека вечерта, на својот роденден, ќе си го кажела последниот збор. Затоа пак најнеобичниот и најневеројатниот глас кој се однесуваше на почитуваниот Иван Фјодорович лично, за жал, се покажуваше сѐповеќе и повеќе како точен.

Ова на прв поглед се чинеше како најсовршена глупост. Тешко можеше да се поверува дека Иван Фјодорович, во староста на своите почитувани години, со својот одличен ум и позитивното познавање на животот и т.н. небаре самиот бил соблазнет од Настасја Филиповна, – и тоа небаре толку, небаре до таков степен, што овој каприц речиси заприлегал на страст. Но тешко можеше да се претпостави на што можел да се надева тој во случајов; можеби на помошта на самиот Гања. Во крајна линија Тоцки подозираше нешто слично на ова, подозираше дека постои некој речиси нем одговор заснован врз заемната проникливост меѓу генералот и Гања. Впрочем, познато е дека

човек, премногу опфатен со страст, особено ако е во години, станува сосема заслепен и готов е да наѕира надеж и таму каде што воопшто ја нема; и уште повеќе, тој го губи разумот и почнува да се држи како глупо дете, та дури и да има седум педи високо чело. Беше познато дека генералот за роденденот на Настасја Филиповна имал приготвено како подарок необичен бисер, кој чинел огромна сума, и тој бил мошне заинтересиран за тој подарок макар што знаел дека Настасја Филиповна не е користољубива жена. Еден ден пред роденденот на Настасја Филиповна тој сиот небаре беше во треска, макар што умееше умешно да се прикрие. Имено за тој бисер имаше нешто начуено генералицата Епанчина. Точно е дека Лизавета Прокофјевна веќе одамна ја беше запознала ветерничавоста на својот сопруг, делумно дури и се свикна со неа; но сепак невозможно беше да се испушти ваков случај: гласот за бисерот необично ја интересираше. Генералот благовремено го насети тоа: уште пред еден ден беа кажани извесни зборчиња; тој претчувствуваше темелна расправија и се плашеше од неа. Ете зошто, тоа утро, од кое го почнавме нашето раскажување, нему не му се одеше да појадува во пазувите на семејството. Уште пред појавувањето на кнезот тој реши да се оправда со работа и да го избегне појадокот. Да се избегне кај генералот понекогаш значеше едноставно да се побегне. Тој сакаше да го добие макар само тој ден, а особено вечерта без какви било непријатности. И наеднаш така на време се појави кнезот. „Небаре господ го пратил!“ – помисли генералот во себеси влегувајќи кај својата сопруга.

V

Генералицата беше љубоморна на своето потекло. Како ѝ беше, пак, кога директно и без подготовка, слушна дека овој последен во родот кнез Мишкин, за кој таа веќе имаше нешто чуено, не бил ништо друго туку беден идиот и дека бил речиси питач и примал милостина. Генералот полагаше на ефектот, за да ја

заинтересира, да ја одвлече некако на сосема друга страна.

Во крајните случаи генералицата обично силно ги ококоруваше очите и, откако ќе го повлечеше наназад телото, неопределено гледаше пред себеси, не проговорувајќи ниту збор. Тоа беше крупна жена, врсничка на својот маж. Со темни, бело прошарени но уште густи коси; со малку грбав нос, сувулеста, со жолти виснати образи и тенки пропаднати усни. Челото ѝ беше повисоко но тесно; сивите, прилично големи очи понекогаш имаа мошне неочекуван израз. Некогаш, во миг на слабост, таа поверувала дека нејзиниот поглед ѝ бил необично ефектен: тоа убедување остана во неа неизбришливо.

– Да го примам? Вие велите да го примам, сега, веднаш? – и генералицата со сета сила ги ококори своите очи врз Иван Фјодорович кој збунето стоеше пред неа.

– О, што се однесува за тоа, без секоја церемонија, само ако ти е тебе, пријателко моја, пријатно да го видиш, – иташе да ѝ објасни генералот. – Тој е вистинско дете и толку е беден; тој сега пристигнува од Швајцарија, тукушто излегол од воз, облечен е чудно, некако на германски и што е најважно нема ниту копејка, буквално малку му треба за да заплаче. Јас му подарив дваесет и пет рубли и сакам да му најдам некое писарско место кај нас в канцеларија. Вас, mesdames, ве молам да го почестите, зашто е тој, чинам и гладен . . .

– Вие ме вчудовидувате, – продолжуваше генералицата на претешниот начин, – бил гладен и имал напади! Какви напади,

– О, тој не ги добива толку често и притоа, тој е речиси дете, впрочем, образован е. Јас веќе сакав, mesdames, – им се обрна тој повторно на ќерките, – да ве замолам да го испрашате, сепак добро би било да знаеме какви му се способностите.

– Да го ис-пра-шаат? – развлече генералицата и со длабоко вчудовидување почна повторно да ги тркала очите од ќерките кон мажот и обратно.

– Ох, пријателко моја, не придавај ѝ таква смисла

... впрочем, како што сакаш. Јас имав намера да бидам милозлив со него и да го воведам кај нас, зашто тоа е речиси, добро дело.

– Да го воведеш кај нас? Од Швајцарија?

– Швајцарија тука не ќе попречи ништо; а впрочем, ти повторувам, како што сакаш. Та јас поради тоа што сте прво, со исто презиме и, можеби, дури е и роднина, а второ, тој не знае каде да си ја засолни главата. Јас дури мислев дека ќе ти биде интересно зашто сепак од наш род е.

– Се разбира, maman, ако може со него без церемонии; после, тој тукушто пристигнува и е гладен, зошто да не го најадеме, кога не знае каде да оди? – рече постарата, Александра.

– И дотолку повеќе, што е сосем дете, со него можете и криеница да си поиграте.

– Да си играме криеница? Како тоа?

– Оф, maman, престанете да се преправате, ве молам, – ја прекина Аглаја губејќи трпение.

Средната, Аделаида, како што беше смешлива, не издржа и се расмеа.

– Поканете го, papa, maman дозволува, – реши Аглаја. Генералот заѕвони и нареди да се покани кнезот.

– Но, со тоа бездруго да му се врзе салветка на вратот кога ќе седне на маса, – реши генералицата, – да се повика Фјодор, или можеби Мавра ... да стои зад него и да го надгледува додека ќе јаде. Не е ли опасен во крајна линија, кога има напад? Не гестикулира ли?

– Напротив, дури е многу пријатно воспитан и има прекрасни манири. Понекогаш е малку наивен. А еве го и него лично! Е-те, ви го претставувам, кнез Мишкин, последниот во својот род, презименик а, можеби, дури и роднина, примете го, бидете милозливи. Тие сега одат на појадок, кнезу, сторете ни ја таа чест ... А мене, извинете ме, веќе задоцнив, итам ...

– Познато е каде итате вие, – важно рече генералицата.

– Итам, итам, пријателко моја, задоцнив! Ах, дајте му ги вашите албуми, mesdames, нека ви напише во

нив, каков калиграф е тој, вистинска реткост! Талент, таму кај мене тој така ми се потпиша со старинско писмо: „Игумен Пафнутиј ја приложи раката“ ... Е, довидување.

– Пафнутиј? Игумен? Та почекајте, почекајте, каде итате и кој ви е тој Пафнутиј? – Со упорно незадоволство и дури и тревога му викна генералицата на сопругот кој бегаше.

– Да, да, пријателко моја, во старо време имаше еден игумен кој се викаше така ... а јас итам кај грофот, ме чека, веќе одамна, и, што е најважно, самиот ми има закажано ... Кнезу, до видување!

Генералот замина со брзи чекори.

– Знам кај кој гроф оди! – остро проговори Лизавета Прокофјевна и нервозно го префрли погледот кон кнезот. – Што беше! – почна таа приспомнувајќи луто и гадливо, – е, што беше тоа! Ах, да: е, кој беше тој игумен?

– Maman, – веќе почна Александра, а Аглаја дури тропна со ножето.

– Не пречете ми, Александра Ивановна, – ѝ отчита генералицата, – и јас сакам да знам. Седнете еве тука, кнезу, еве на оваа фотелја наспроти мене, не, ваму, спрема сонцето, седнете тука кај што бие сонцето, да можам да ве гледам. Е, кој беше тој игумен?

– Игуменот Пафнутиј, – ѝ одговори кнезот внимателно и сериозно.

– Пафнутиј? Тое е интересно; но кој е тој?

Генералицата прашуваше со нетрпение, брзо и остро, не симнувајќи ги очите од кнезот, а кога кнезот одговараше, таа кимнуваше по секој негов збор.

– Игуменот Пафнутиј, во четириесеттиот век, – почна кнезот, – живеел како пустиник на Волга, во денешната наша Костромска губернија. Бил познат по светечки живот, патувал во Хордата, помагал да се средуваат тогашните работи и се има потпишано под една повелба, а копијата на тој потпис јас ја имав видено. Мене ми се допадна ракописот и го научив. Кога, пред малу, генералот сакаше да види како пишувам, за да ми определи место, јас тогаш напишав неколу реченици со различни писма и меѓу другите и

„Игуменот Пафнутиј ја приложи раката“ со ракописот на игуменот Пафнутиј. На генералот многу му се допадна и, ете, тој сега го спомна тоа.

– Аглаја, – рече генералицата, – запомни: Пафнутиј, или, поубаво запиши, зашто јас секогаш заборавам. Впрочем, јас мислев дека ќе биде нешто поинтересно. И каде е тој потпис?

– Се чини дека остана во кабинетот на генералот, на масата.

– Веднаш да се нареди да се донесе.

– Та јас, поубаво, уште еднаш ќе ви напишам, ако сакате.

– Се разбира, maman, – рече Александра, – а сега подобро би било да појадуваме; ние сме гладни.

– Може и така, – реши генералицата. – Ајде, кнезу, многу сте гладни?

– Да, сега почувствував силна глад, и многу ви благодарам.

– Многу е убаво што сте учтив и забележувам дека вие воопшто не сте толку ... чудак, каков што повелале да ве претстават. Ајде, седнете еве овде, наспроти мене, – се грижеше таа, седнувајќи го кнезот кога стигнаа во трпезаријата, – сакам да ве гледам. Александра, Аделаида, послужете го кнезот. Не е ли вистина дека тој воопшто не е онаков ... болен? Можеби, не е потребна ни салветката . . . Вам кнезу, ви врзувале салветка кога јадете?

– Одамна̀, кога имав околу седум години, се чини дека ми врзувале, а сега кога јадам јас обично си ја ставам салветката на колениците.

– Така ѝ треба. А нападите?

– Нападите? – малку се почуди кнезот, – нападите сега ги добивам доста ретко. Впрочем, не знам, велат дека овдешната клима може да ми биде штетна.

– Тој убаво зборува, – забележа генералицата, обрнувајќи им се на ќерките и продолжувајќи да кима со главата по секој збор на кнезот, – јас дури и не очекував. Изгледа сето тоа се глупости и измислици, како што е и вообичаено. Јадете, кнезу, и раскажете ни каде сте роден, каде сте се воспитувале? Јас сакам сѐ да знам; вие необично ме интересирате.

Кнезот ѝ заблагодари и, јадејќи со голем апетит, почна одново да го предава сето она, што веќе не еднаш мораше да го кажува таа изутрина. Генералицата стануваше сѐ позадоволна и позадоволна. Девојките, исто така доста внимателно слушаа. Ги споредија роднините; излезе дека кнезот доста добро си го познавал целото родословие; но колку и да споредуваа, сепак, меѓу него и генералицата речиси немаше никаква родственост. Меѓу дедовците и бабите уште можело да се најде извесно родство. Таа сува материја особено ѝ се допадна на генералицата, која речиси никогаш не успеваше да разговара за своето родословие, макар што многу го сакаше тоа, така што таа стана од масата во прилично возбудена состојба на духот.

– Да појдеме сите во нашата заедничка соба, – рече таа, – и таму ќе нѐ послужат со кафе. Имаме таква заедничка соба, – му се обрна таа на кнезот водејќи го, – всушност, моја малечка гостинска соба, каде што ние седиме кога сме сами, си се збираме и секој се занимава со своја работа: Александра, еве оваа, моја најстара ќерка, свири на пианино, или чита, или шие; Аделаида – слика пејзажи и портрети (и ништо не може да заврши), а Аглаја седи и ништо не работи. Мене, исто така, работата ми паѓа од раце: ништо не ми успева. Е, ете дојдовме; седнете кнезу, ваму, крај каминот, и раскажувајте. Јас сакам да знам како раскажувате нешто. Сакам наполно да се убедам, и кога ќе се сретнам со кнегињата Болонска, со старицата, јас ќе ѝ раскажам за вас. Јас сакам вие, исто така, и сите нив да ги заинтересирате. Ајде, зборувајте сега.

– Maman, та вака да се раскажува е мошне необично, – забележа Аделаида, која во тоа време го намести својот штафелај, ги зеде четките, палетата и почна да го копира веќе одамна почнатиот пејзаж од една гравира. Александра и Аглаја заедно седнаа на малиот диван и скрстувајќи ги рацете се приготвија да го слушаат разговорот. Кнезот забележа дека од сите страни кон него е вперено особено внимание.

– Јас ништо не би можела да раскажам, кога вака би ми било наредено, – забележа Аглаја.

– Зошто? Што има тука необично? Зошто да не раскажува? Та има јазик. Јас сакам да знам како умее тој да говори. Та, за што и да е. Раскажете ни како ви се допадна Швајцарија, првиот впечаток. Ете ќе видите, тој, еве, сега ќе почне и тоа прекрасно ќе почне.

– Впечатокот беше силен . . . – веќе почна кнезот.

– Ете-ете, – го прекина нестрпливата Лизавета Прокофјевна обрнувајќи се кон ќерките, – гледате дека почна.

– Дозволете му најодзади, maman, да говори, – ја запре Александра. – Овој кнез е можеби голем измамник, но воопшто не е идиот, – ѝ шепна таа на Аглаја.

– Изгледа дека е така, јас тоа веднаш го видов, – одговори Аглаја. – И подло е од негова страна да ја игра таа улога. Што ли сака да добие со тоа?

– Првиот впечаток беше мошне силен, – повтори кнезот. – Кога ме носеа од Русија, низ различни германски градови, јас само молкум гледав и, се сеќавам, дури не се ни распрашував ништо. Тоа беше по низа силни и тешки напади на мојата болест, а јас секогаш кога болеста се засилуваше и нападите се повторуваа по неколку еднoподруго, запаѓав во полна затапеност, сосема го губев паметењето, а умот ако и работеше, логичниот тек на мислите небаре се прекинуваше. Повеќе од две или три идеи јас не можев да поврзам една со друга. Така ми се чини. Кога пак нападите се смируваа, јас одново станував и здрав и силен, еве каков што сум сега. Паметам: чувствував неподнослива тага; дури ми се плачеше; јас постојано се чудев и се вознемирував: ужасно дејствуваше врз мене тоа што сѐ е таму т у ѓ о ; тоа го разбрав. Туѓото ме убиваше. Сосема се разбудив од овој мрак, паметам, навечер, во Базел, на влегување во Швајцарија, и ме разбуди мене викањето на магаре на градскиот пазар. Магарето ужасно ме вчудовиди и којзнае зошто, необично ми се допадна, а со тоа истовремено наеднаш во главата небаре ми стана посветло.

– Магаре? Тоа е чудно, – забележа генералицата. – А впрочем, нема ништо чудно, по некоја од нас може дури и да се заљуби во магаре, – забележа таа откако луто ги погледа девојките што се смееја. – Тоа го имаме уште во митологијата. Продолжете, кнезу.

– Оттогаш јас ужасно ги сакам магарињата. Тоа се претвори дури во некоја симпатија кај мене. Јас почнав да се распрашувам за нив, зашто порано не ги имав видено, и веднаш лично се убедив дека тоа е најкорисно животно, работливо, силно, трпеливо, ефтино, издржливо, и преку тоа магаре мене наеднаш целата Швајцарија почна да ми се допаѓа, така што сосема ми мина прееѓешната тага.

– Сето тоа е многу чудно, но она за магарето може и да се испушти; да минеме на друга тема. Зошто сѐ уште се смееш, Аглаја? А ти, Аделаида? Кнезот прекрасно ни раскажа за магарето. Тој го има лично видено, а ти што имаш видено? Ти не си била во странство?

– Јас имам видено магаре, maman, – рече Аделаида.

– А јас го имам и чуено, – ѝ се придружи Аглаја. Сите три одново почнаа да се смеат. Кнезот се насмеа заедно со нив.

– Тоа е многу неубаво од ваша страна, – забележа генералицата, – извинете ги, кнезу, тие се добродушни. Јас постојано се карам со нив, но ги сакам. Тие се ветерничави, лекомислени, луди.

– Зошто? – се смееше кнезот, – и јас да сум на нивно место не би го испуштил случајов. А јас сепак гласам за магаре, магарето е добар и корисен човек.

– А вие, кнезу, добар ли сте? Го прашувам тоа од љубопитство, – го праша генералицата.

Повторно сите се изнасмеаја.

– Пак тоа проклето магаре ми се најде на пат; а јас и не мислев за него, – викна генералицата. – Верувајте ми, ве молам, кнезу, јас без никакво . . .

– Споредување? О, ви верувам, несомнено!

И кнезот се смееше без прекин.

– Убаво е што се смеете. Гледам дека сте мошне добар момчак, – рече генералицата.

– Понекогаш не сум добар, – ѝ одговори кнезот.

– А јас сум добра, – неочекувано дофрли генералицата, – и ако сакате, јас сум секогаш добра, и тоа е моја единствена мана, зашто не треба секогаш да се биде добар. Јас многу често се лутам, еве на нив, на Иван Фјодорович особено, но тоа е лошо што сум јас најдобра кога се лутам. Пред малку, пред вашето доаѓање, јас се разлутив и се преправав дека ништо не разбирам и дека не можам ништо да разберам. Тоа ми се случува; како на дете. Аглаја ме поучи; ти благодарам, Аглаја. Впрочем, сето тоа се глупости. Јас сепак не сум толку глупа како што изгледам и како што сакаат да ме претстават ќерките. Јас сум со карактер и не сум премногу срамежлива. Впрочем, јас тоа го зборувам без лутина. Дојди ваму, Аглаја, бакни ме, ајде . . . и доста со нежностите, – забележа таа кога Аглаја нежно ја бакна в уста и в рака. – Продолжете, кнезу. Можеби ќе се сетите и за нешто поинтересно од магарето.

– А јас сепак не разбирам, како може тукутака да се раскажува, – одново забележа Аделаида, – јас никако не би можела да се снајдам.

– А кнезот ќе се снајде, зашто кнезот е необично умен и поумен е од тебе најмалку десетпати, а можеби и дванаесет. Се надевам дека ќе го почувствуваш тоа подоцна. Докажете им го тоа, кнезу; продолжете. А магарето, навистина, можеме да го оставиме скраја. Е, што сте виделе во странство, освен магарето?

– Та и она за магарето беше умно, – забележа Александра, – кнезот многу интересно го раскажа случајот на својата болест и како почнало сè да му се допаѓа по еден надворешен шок. Мене секогаш ме интересираше како луѓето си го губат умот и како после пак оздравуваат. Особено, кога тоа наеднаш се случува.

– Навистина? Навистина? – се замеша генералицата, – јас гледам дека и ти понекогаш умееш да бидеш умна; е доста смеа! Ми се чини, вие запревте, кај швајцарската природа, ајде!

– Пристигнавме во Луцерн и ме прошетаа по езе-

рото. Јас чувствував колку е тоа убаво, но притоа ми беше ужасно тешко, – рече кнезот.

– Зошто, – праша Александра.

– Не сфаќам. Секогаш ми е тешко и неспокоен сум кога гледам таква природа за првпат; и убаво е и вознемирувачки; впрочем, сето тоа беше уште за време на болеста.

– Но, не, јас многу би сакала да ја видам, – рече Аделаида. – И не знам, кога ќе тргнеме ние во странство. Јас, еве, две години не можам да најдам сиже за слика: *Исток и Југ се опишани одамна.* Најдете ми, кнезу, сиже за слика.

– Јас воопшто не се разбирам од тоа. Се чини: гледај и сликај.

– Не умеам да гледам.

– Та што зборувате во загатки? Ништо не разбирам! – ги прекина генералицата, – како тоа не умеам да гледам? Имаш очи и гледај. Ако не умееш овде да гледаш, не ќе научиш ни во странство. Поубаво раскажете ни, кнезу, што сте гледале вие самиот.

– Ете, тоа ќе биде најубаво, – додаде Аделаида. – Зашто кнезот во странство научил да гледа.

– Не знам; јас таму само здравјето си го поправив; не знам дали сум научил да гледам. Впрочем, јас, речиси целото време бев многу среќен.

– Среќен! Вие умеете да бидете среќен? – викна Аглаја, – како тврдите тогаш дека не сте научиле да гледате. И нас уште ќе нѐ поучите.

– Научете нѐ, ве молам, – се смееше Аделаида.

– Ништо не можам да ве научам, – се смееше и кнезот, – речиси целото време во странство јас го проживеав во тоа швајцарско село; ретко патував некаде во близина; што можам да ве научам? Отпрвин ми беше така што не чувствував здодевност; почнав брзо да оздравувам; подоцна секој ден ми стануваше скапоцен и како што минеше времето сѐ поскапоцен, така што почнав да го забележувам тоа. Легнував да спијам мошне задоволен, а станував уште посреќен. А зошто сѐ беше така – доста е тешко да се објасни.

– Така што никаде не ви се одело, ништо не ве повикувало? – праша Александра.

– Отпрвин, уште во самиот почеток, да, ме повикуваше и јас запаѓав во голема вознемиреност. Сè си мислев како ќе живеам; сакав да си ја дознам својата судбина, во извесни мигови бев особено возбуден. Вие знаете, постојат такви мигови, особено кога сте сам. Имавме таму водопад, малечок, паѓаше високо од планината како танок конец, речиси вертикално, – бел, шумен, пенлив; паѓаше одвисоко а се чинеше дека е доста ниско, беше на половина врста, а се чинеше дека до него има педесетина метри. Ноќе сакав да ја слушам неговата бучава; ете во тие мигови понекогаш паѓав во голема вознемиреност. Исто така, кога напладне ќе навлезеш некаде меѓу планини, ќе застанеш сам среде планина, наоколу борови, стари, големи, смолести; горе на карпа стар замок средновековен, урнатини; нашето село е далеку долу, одвај се гледа; сонцето е светло, небото сино, тишина страшна. Ете тогаш се случуваше некој повик однекаде, и сè ми се чинеше дека ако тргнам право, ако одам долго-долго и ако навлезам, ене, зад онаа линија, онаа каде што се сретнува небото со земјата, ќе видам, илјадапати посилен и побучен од нашиот; секогаш ми се привидуваше голем град каков што е Неапол, а во него сè дворци, бучава, грмеж, живот . . . Да, сешто ми се привидуваше! А потоа ми се чинеше дека и во затвор може да се најде огромен живот.

– Последнава мисла достојна за пофалба јас ја имам прочитано уште во мојата „Хрестоматија", кога имав дваесет години, – рече Аглаја.

– Сето тоа е филозофија, – забележа Аделаида, – вие сте филозоф и дојдовте нас да нè поучувате.

– Можеби имате право, – се насмевна кнезот, – јас сум можеби навистина филозоф, и којзнае, можеби, навистина се носам со мисла да поучувам . . . Тоа можеби е точно; навистина, можеби е точно.

– А вашата филозофија е исто таква каква што е на Евлампија Николаевна, – додаде пак Аглаја, – нè посетуваше една таква чиновничка, вдовица, нешто слично на арамолепка. Кај неа целата задача на животот е евтинијата; само поевтино да се проживее, да се зборува само за копејките, а, имајте го тоа на ум,

таа има пари, таа е измамничка. Таков ви е и вашиот огромен живот во затвор, а можеби и вашата четиригодишна среќа во селото, поради која сте го продале градот Неапол и тоа, се чини, со добивка, макар што било за копејки.

– Што се однесува за животот в затвор, можеме и да не се сложиме, – рече кнезот, – имам чуено една приказна од човек кој прележал в затвор околу дванаесет години; тоа беше еден од болните на мојот професор и тука се лечеше. Тој имаше напади, напати беше вознемирен, плачеше и наеднаш дури направи обид да се самоубие. Животот в затвор, ве убедувам, му бил многу тажен, но, се разбира, не бил безвреден. А целото негово познанство му бил пајакот и дрвцето што пораснало крај неговиот прозорец . . . Но јас поубаво ќе ви раскажам за моја друга средба минатата година со еден човек. Тогаш имаше една мошне чудна околност, – чудна, всушност, поради тоа што ретко има такви случаи. Тој човек бил еднаш изведен на губилиште и му била прочитана пресуда за смртна казна со стрелање заради политички престап. По дваесетина минути му било прочитано и помилување и му била одредена друга казна; но, во растојанието меѓу двете пресуди, дваесет минути, или најмалу четврт час, тој ги проживеал во несомнено убедување дека по неколку минути тој нагло ќе умре. Многу сакав да слушам кога тој напати ги приспомнуваше своите тогашни впечатоци и јас по неколкупати почнував повторно да го прашувам. Тој сето тоа го паметеше со необична јасност и велеше дека никогаш нема да заборави ништо од тие минути. На дваесетина чекори од губилиштето околу кое бил насобран народ и војници, биле закопани три столбови, зашто имаше неколкумина престапници. Првите тројца ги довеле до столбовите, ги заврзале, им ја облекле смртната облека (бели долги ризи), а на очи им навреле бели ќулавки, за да не ги гледаат пушките; потоа пред секој столб се построила чета од по неколку војници. Мојот познајник бил осми по ред, според тоа тој морал да застане пред столбот по третпат. Свештеникот ги обиколил сите со крст. Испаѓало дека

имал да живее уште пет-шест минути, не повеќе. Тој раскажуваше дека тие пет минути му се чинеле небаре бескраен рок, небаре огромно богатство; му се чинело дека за тие пет минути тој ќе проживее толку животи, што сега уште немал што да мисли за последниот миг, така што тој дури направил и извесен распоред: определил време за да се прости со пријателите, за тоа оставил околу две минути, потоа уште две минути одделил за последен пат да поразмисли за себеси, а потоа, последен пат да погледа наоколу. Тој мошне убаво се сеќавал дека ги определил токму тие три работи и токму така ги распоредил. Тој умирал на дваесет и седум години, здрав и силен; поздравувајќи се со пријателите, тој се сеќавал дека на едниот од нив му задал прилично неважно прашање и дури многу бил заинтересиран за одговорот. Потоа, откако се поздравил со пријателите, настапиле оние две минути кои што ги определил да р а з м и с л у в а з а с е б е с и; тој однапред знаел за што ќе размислува: тој сакал да си претстави, колку може побрзо и пословито, дека, ете, како можело да биде: тој сега постои и живее, а по три минути ќе биде н е ш т о, некој или нешто, – а кој? А каде? Тој мислел да го разреши сето тоа во тие две минути! Во близина имало црква, и врвот на храмот со позлатен покрив светкал на силното сонце. Тој се сеќавал дека ужасно упорно гледал во тој покрив и во тие зраци кои се одбивале од него; тој не можел да се откине од зраците: му се чинело дека тие зраци се неговата нова природа, дека по три минути тој некако ќе се слее со нив . . . Неизвесноста и одвратноста од тоа ново, кое е неизбежно и кое сега ќе настапи, биле ужасни; но тој вели дека во тоа време ништо не било потешко за него од непрестајната мисла: „А што ќе биде ако не морам да умрам! А што ако го вратам животот, – каков бескрај! И сето тоа би било мое! Јас тогаш секоја минута би ја претворил во век, ништо не би изгубил, секоја минута со бројници би ја избројал, ништо напразно не би поарчил!“ Тој велеше дека таа мисла му се претворила во таква лутина што тој сакал поскоро да го стрелаат.

Кнезот ненадејно замолчи; сите чекаа тој да продолжи и да извлече заклучок.

– Завршивте? – праша Аглаја.

– Молам? . . . Завршив, – рече кнезот напуштајќи ја миговната замисленост.

– А зошто го раскажавте сево ова?

– Така . . . се потсетив . . . Така за разговор . . .

– Вие сте многу несреден, – забележа Александра, – вие, кнезу, изгледа сте сакале да заклучите дека ниеден миг не смее да се цени евтино и дека понекогаш и пет минути се поскапи од богатство. Сето тоа е достојно за пофалба, но сепак, дозволете, тој ваш пријател, што ви ги раскажал тие свои страдања . . . та нему му е заменета казната, значи, подарен му бил тој „бескраен живот“. И како, што направил тој подоцна со тоа богатство? Живеел ли „броејќи“ ја секоја минута?

– О, не, тој самиот ми раскажуваше, – јас веќе го прашав за тоа, – воопшто не живеел така и губел многу, многу минути.

– Според тоа, ете, ни со искуство, значи, невозможно е вистински да се живее „броејќи со бројници“. Којзнае зошто, но невозможно е.

– Да, којзнае зошто, но не може, – повтори кнезот, – мене самиот ми се чинеше . . . А сепак некако не ми се верува . . .

– То ест, вие мислите дека ќе проживеете поумно од сите? – рече Аглаја.

– Да, понекогаш и тоа ми паѓаше на ум.

– И сè уште ви паѓа?

– И . . . сè уште, – одговори кнезот, гледајќи ја Аглаја како и порано со истата бојазлива насмевка; но веднаш се насмеа и ја погледна весело.

– Скромно! – рече Аглаја, речиси раздразнета.

– А сепак, колку сте вие храбри, вие, еве, се смеете, а мене така ме вџаши сето тоа во неговата приказна, што јас после и насон го сонив, ги сонив имено тие пет минути . . .

Тој заинтересирано и сериозно уште еднаш ги опфати со поглед своите слушателки.

– Вие не ми се лутите за нешто? – праша тој не-

надејно, небаре збунет, но сепак, гледајќи право во очите.

– Зошто? – викнаа сите три девојки почудени.

– Та, ете, затоа што јас небаре поучувам . . .

Сите се изнасмеаја.

– Ако ми се лутите, тогаш немојте, – рече тој, – зашто и самиот знам дека имам помалку од другите проживеано и помалку од сите, се разбира, во животот. Јас, понекогаш можеби чудно зборувам . . .

И тој сосема се збуни.

– Штом велите дека сте биле среќни, значи сте живееле не помалку, туку повеќе; зошто пак грешите и се извинувате? – строго и натрапливо почна Аглаја, – и не вознемирувајте се, ве молам, дека нè поучувате, тука нема никаква заслуга од ваша страна. Со вашиот квиетизам можно е и сто години живот да се исполни со среќа. Вам да ви се покаже извршување смртна казна и малото прсте, вие и од едното и од другото ќе извлечете мисла достојна за пофалба, и уште ќе останете задоволен. Вака може да се проживее.

– Не разбирам, зошто се лутиш постојано, – се замеша генералицата која одамна ги набљудуваше лицата на соговорниците, – и за што зборувате, исто така, не можам да разберам. Какво прсте и какви глупости? Кнезот прекрасно зборува, само е малку тажно. Зошто му одземаш храброст! Тој кога почнуваше, се смееше, а сега никаде го нема.

– Ништо, maman. А штета е, кнезу, што не сте виделе извршување смртна казна, јас ќе ве прашав нешто.

– Јас имам видено извршување смртна казна, – одговори кнезот.

– Имате видено? – викна Аглаја, – морав да се сетам! Тоа ја овенчува целата работа. Кога сте виделе, како тогаш тврдите дека целото време сте го проживеале среќно? Е, зар не ви ја кажав вистината?

– А зар во вашето село осудувале на смрт, – праша Аделаида.

– Го имам видено тоа во Лион, јас отпатував таму со Шнајдер, тој ме поведе со себеси. Штом пристигнав, веднаш наидов.

– И што, ви се допадна? Има многу поучно? Полезно? – го праша Аглаја.

– Мене тоа воопшто не ми се допадна, а јас потоа бев малку болен, но признавам дека гледав како прикован, не можев очите да ги симнам.

– И јас не би можела да ги симнам очите, – рече Аглаја.

– Таму воопшто не љубат жените да доаѓаат да гледаат, за тие жени дури после и во весниците се пишува.

– Значи, штом сметаат дека тоа не е женска работа, со тоа сакаат да кажат (а веројатно и да оправдаат), дека тоа е машка работа. Ви честитам за логичноста. И вие се разбира, така мислите.

– Раскажете ни за извршувањето на смртната казна, – ги прекина Аделаида.

– Сега воопшто не ми се раскажува за тоа . . . – се збуни и небаре се намурти кнезот.

– Вам небаре ви е жал да ни раскажувате, – го боцна Аглаја.

– Не, туку затоа што пред малу веќе имам раскажувано за тоа извршување на смртната казна.

– Кому сте му раскажувале?

– На вашиот лакеј, додека чекав . . .

– На кој лакеј? – се чу од сите страни.

– Та на оној што седи во претсобјето, оној со прошарени коси и црвеникаво лице; јас седев во претсобјето пред да влезам кај Иван Фјодорович.

– Тоа е чудно, – забележа генералицата.

– Кнезот е демократ, – отсече Аглаја, – е, штом му имате раскажувано на Алексеј, нам не можете да не ни раскажете.

– Јас бездруго сакам да чујам, – повтори Аделаида.

– Пред малку навистина, – се обрна кон неа кнезот пак со извесно одушевување (тој, се чини, мошне лесно и доверливо се одушевуваше), – навистина имав мисла, кога ми баравте сиже за слика, да ви го дадам сижето: да го насликате лицето на осудeникот една минута пред ударот на гилотината, додека

тој уште стои на губилиштето, пред да легне на штицата.

– Како лицето? Само лицето? – праша Аделаида, – тоа ќе биде чудно сиже и каква слика ќе биде тоа?

– Не знам, но зошто? – пламено настојуваше кнезот, – неодамна во Базел имам видено една таква слика. Многу би сакал да ви ја опишам . . . Некогаш ќе ви ја опишам . . . таа многу ме вчудовиде.

– Базелската слика вие бездруго ќе ни ја опишете после, – рече Аделаида, – а сега опишете ни ја сликата на извршувањето. Можете ли да ја предадете така како што ја замислувате? Така, само лицето? Какво е лицето?

– Тоа е точно на минута пред смртта, – со полна готовност почна кнезот, занесувајќи се во споменот и, изгледа, заборавајќи веднаш за сè друго, – истиот миг кога се искачи по скаличката и штотуку стапна на губилиштето. Тогаш тој погледна накај мене; јас му го погледнав лицето и сè сфатив . . . Но, впрочем, како да ви го опишам тоа! Многу би сакал вие или некој друг да го наслика тоа! Поубаво би било да го направите тоа вие! Јас уште тогаш помислив дека сликата ќе биде корисна. Знаете, тука треба да биде сè претставено, сето она што било порано, сè, сè. Тој живеел в затвор и го чекал извршувањето најмалу по една недела; тој некако се надевал на вообичаена формалност дека документот треба да биде пратен уште некаде и дека дури по една недела ќе биде вратен. А тука наеднаш, по некоја случајност, работата била скратена. Во пет часот изутрината тој спиел. Тоа било кон крајот на октомври; во пет часот е уште студено и темно. Влегол затвореничкиот надзорник, тивко, со стража и внимателно го допрел за рамото; тој се поткренал, се потпрел на лакотот, – гледа светлина: „Што е?“ – „Кон десет часот ќе се изврши смртната казна“. Тој не поверувал уште нерасонет, прво почнал да се буни со тоа дека документот требало да стигне по една недела, но кога сосема се расонил, престанал да се буни и замолчел, – така се зборуваше, – потоа рекол: „Сепак тешко е така наеднаш . . .“ – и пак замолчел и повеќе ништо не сакал да каже. Тогаш

околу три часа минуваат за познати работи: за свештеникот, за појадокот кога добива и вино, кафе и говедско (зар не е тоа подбивање? Та помислете си само колку е тоа жестоко, а од друга страна, жими бога, тие невини луѓе го прават тоа со чисто срце и се уверени дека тоа е човекољубивост) потоа тоалета (знаете ли каква е тоалетата на злосторникот) најодзади го носат низ градот до губилиштето . . . Мислам дека и во тоа време треба да му се чини дека има уште бескрајно да живее, додека го носат. Ми се чини дека тој патем мислел: „Има уште многу, ми останува да живеам уште три улици; ќе ја минам еве оваа, потоа ќе ми остане уште онаа, потоа уште онаа каде што е лебарот од десната страна . . . и кога ќе стасаме до лебарот . . .“ Наоколу народ, врева, бучава, десет илјади души, десет илјади очи, – сето тоа треба да се поднесе, а најважно мислата: „Еве нив ги има десет илјади, а врз никој нема да биде извршена казната, а врз мене ќе биде!“ Ете, тоа е сè што предходи. Кон губилиштето води скаличка; тука пред скаличката тој ненадејно заплака, а тоа беше силен човек исполнет со машкост, велат дека бил голем злосторник. Целото време свештеникот не го напушташе, и во колата одеше со него и постојано му зборуваше, а којзнае дали тој го слушал: и да почне да слуша, по третиот збор веќе не го разбира. Така требало да биде. Најодзади почна да се качува по скаличката, нозете му се врзани и затоа се движат со ситни чекори. Свештеникот, мора да бил умен човек, престана да му зборува, а само му даваше да го бакнува крстот. Долу, крај скаличката, тој беше многу блед, а кога се качи и застана на губилиштето, стана наеднаш бел како хартија, како сосема бела хартија за писма. Сигурно нозете му станувале слаби и се здрвувале и почнувал да чувствува тегобност, небаре го стега нешто в грло и поради тоа чувствува скокоткање, – сте почувствувале ли вие такво нешто некогаш во уплав или во некои многу страшни мигови, кога сиот разум останува, но веќе нема никаква власт? Ми се чини ако, на пример, ви се заканува некоја неизбежна пропаст, да речеме, ви се урива куќата над главата, тогаш наеднаш ужа-

сно ќе посакате да седнете и да ги затворите очите и да чекате што ќе стане! . . . И ете, токму тогаш кога наишла таа слабост свештеникот брзо, со таков еден забрзан гест и молкум му го подаваше крстот до самите усни, еден таков мал крст, сребрен, со четири краја, – често му го подаваше, секој миг. И тукушто крстот му ги допираше усните, тој ги отвораше очите и за неколку мига небаре пак живнуваше и нозете му одеа напред. Крстот тој жедно го бакнуваше, иташе да го бакнува, небаре иташе да не заборави да си понесе нешто за на пат, за секој случај, но којзнае дали во тој миг имал нешто религиозно во свеста. И така траеше до самата штица . . . Чудно е, но во таквите мигови ретко се паѓа во несвест! Напротив, главата е ужасно жива и работи, изгледа, силно, силно, силно, како пуштена машина; можам да си претставам, си тропаат различни мисли, сите незавршени и можеби и смешни, некакви споредни мисли: „Како гледа оној – има тртка на челото, ене на џелатот едното копче му е рѓосано“ . . . а меѓутоа, сè знаеш, сè паметиш; постои една таква точка која никако не може да се заборави, и не можеш да паднеш во несвест, а сè околу неа, околу таа точка, се движи и се врти. И кога ќе си претставиме дека сево ова е така до последната четврт секунда, кога веќе главата лежи на пенот, и чека, и з н а е, и наеднаш ќе чуеш над себеси како се спушта железото! Тоа бездруго мораш да го чуеш! Јас да лежев, намерно ќе слушав и ќе чуев! Тука можеби има само десетти дел од мигот, но бездруго мораш да чуеш! И претставете си, и до денес сè уште се расправа околу тоа дека, можеби, главата и кога ќе одлета, уште една секунда можеби знае дека одлетала, – каква мисла! А што ако трае пет секунди! . . .

Насликајте го губилиштето така да се гледа јасно и во преден план само последното скалило; злосторникот веќе стапил на него: главата, лицето е бледо како хартија, свештеникот му го подава крстот, тој жедно ги истегнува своите помодрени усни и гледа, и – с è з н а е. Крст и глава – еве ви слика, лицето на свештеникот, на неговите два прислужника и неколку глави и очи долу, – сето тоа може да се наслика како

во трет план; замаглено, како нешто второстепено ... Еве ја таа слика.

Кнезот замолчи и ги изгледа сите.

– Тоа, се разбира, не личи на квиетизам, – си рече како на себеси Александра.

– Е, а сега раскажете ни како сте биле вљубен, – рече Аделаида.

Кнезот вчудовидено погледна во неа.

– Слушајте ме, – како да иташе Аделаида, – вие ми го должите опишувањето на базелската слика, но сега јас сакам да чујам како сте биле вљубен; не спротивставајте се, вие сте биле вљубен. А згора на тоа штом ќе почнете да раскажувате, вие престанувате да бидете филозоф.

– Штом завршувате да раскажувате, вие веднаш се засрамувате од она што сте го раскажале, – забележа ненадејно Аглаја. – Зошто така?

– Колку е тоа, најпосле, глупо, – отсече генералицата со негодување гледајќи ја Аглаја.

– Не е многу умно, – потврди Александра.

– Не верувајте ѝ, кнезу, – му се обрна генералицата, – таа тоа намерно од некаква злоба го прави, таа воопшто не е така глупо воспитана; немојте да помислите нешто поради тоа што тие вака ве мачат. Тие сигурно имаат нешто на ум, но тие ве сакаат. Јас ги познавам.

– И јас ги познавам нивните лица, – рече кнезот акцентирајќи ги особено своите зборови.

– Како тоа? – праша Аделаида љубопитно.

– Што познавате вие по нашите лица? – се заинтересираа и другите.

Но кнезот молчеше и беше сериозен; сите го чекаа неговиот одговор.

– После ќе ви кажам, – рече тој тивко и сериозно.

– Вие решивте да нè заинтересирате, – викна Аглаја, – и каква свеченост!

– Добро, – се забрза пак Аделаида, – но штом сте веќе таков познавач на лица, вие сигурно сте биле вљубен, мислам дека погодив. Та ајде раскажете ни.

– Јас не сум бил вљубен, – одговори кнезот, исто така, тивко и сериозно, – јас ... бев поинаку среќен.

– Како, со што?

– Добро, ќе ви раскажам, – проговори кнезот небаре длабоко замислен.

VI

– Ете вие сега сите, – почна кнезот, – ме гледате со толкава љубопитност, што ако не ја задоволам, можете и да ми се налутите. Не, јас се шегувам, – додаде тој побрзо насмевнувајќи се. – Таму . . . таму имаше само деца, и јас цело време бев таму со деца, само со деца. Тоа беа децата на тоа село, цела армија што одеше на училиште. Јас не ги учев; о, не, за таа цел таму имаше учител Жил Тибо; а јас може да се рече и ги учев, но повеќе бев таму со нив и сите мои четири години така ми минаа. Мене и не ми требаше ништо друго. Јас сѐ им кажував, ништо не криев од нив. Нивните татковци и роднини ми се налутија сите, зашто децата на крај не можеа без мене и постојано се собираа околу мене, а школскиот учител на крајот ми стана дури и прв непријател. Многумина ми станаа непријатели таму и само поради децата. Дури и Шнајдер ме караше. А од што се плашеа тие толку? На децата може сѐ да им се каже, – сѐ; мене секогаш ме вчудовидуваше мислата за тоа колку малку возрасните ги познаваат децата, дури и татковците и мајките, своите деца. Од децата не смее ништо да се крие под изговор дека се тие мали и дека им е рано да знаат. Колку тажна и несреќна мисла! И колку убаво децата сами забележуваат дека татковците ги сметаат премногу малечки кои не разбираат ништо, додека тие сѐ разбираат. Возрасните не знаат дека децата можат да дадат необично важен совет за најтешка работа. О господе! кога ве гледа таа убава птичка, доверливо и среќно, та вам ви е тогаш срам да ја измамите! Јас ги нарекувам птички затоа што на светов нема ништо поубаво од птичка. Впрочем, во селото сите најмногу ми се лутеа поради една случајност . . . А Тибо просто ми завидуваше; тој отпрвин само ја нишаше главата и се чудеше како децата кај мене сѐ разбираат, а кај него речиси ништо, а потоа почна да

ми се потсмева, кога му реков дека ние и обајцата нема ништо да ги научиме, а дека тие нас можат да нè научат. И како можеше да ми завидува тој и да ме клевети, кога и самиот живееше со деца! Со деца се лекува душата . . . Таму во установата на Шнајдер имаше еден болен, еден многу несреќен човек. Тоа беше толку голема несреќа, што којзнае дали може да има слична. Тој беше даден на лекување од споулавеност; според мене, тој не беше улав, туку само ужасно страдаше, – во тоа и се состоеше целата негова болест. И само да знаете што станаа кон крајот за него нашите деца. Но за тој болен подобро јас после ќе ви раскажам, а сега ќе ви раскажам како почна сето тоа. Отпрвин децата не ме сакаа. Јас бев толку голем, јас сум секогаш толку несмасен; знам и дека не сум убав . . . најодзади и тоа што бев странец. Отпрвин децата ми се потсмеваа, а потоа почнаа дури и со камења да ме гаѓаат, кога видоа дека ја бакнав Мари. А јас ја бакнав само еднаш . . . Не, не смејте се, – поита кнезот да ја запре насмевката на своите слушателки, – тука воопшто немаше љубов. Кога би знаеле само колку несреќно суштество беше таа, и вам би ви било многу жал за неа, како и на мене. Таа беше од нашето село. Мајка ѝ беше стара жена и кај неа, во нивната мала ветва куќарка со две прозорчиња, имаше еден преграден прозорец со дозвола на селската управа; од тој прозорец ѝ беше дозволено да продава врвки, конци, тутун, сапун, за најситни грошови, со тоа таа и се прехрануваше. Таа беше болна, постојано и отечуваа нозете, така што таа само си седеше на едно место. Мари беше нејзина ќерка на околу дваесет години, слабичка и сувичка; веќе одамна ја беше зафатила офтика, но таа одеше по куќи, на ден се изнајмуваше за тешка работа – миеше подови, переше алишта, ги метеше дворовите, го суредуваше добитокот. Еден француски ситен препродавач ја измами и ја поведе со себеси, а по една недела ја остави на пат и си замина. Таа кришум дојде дома, сета извалкана, сета во партали, со искинати чевли; цела недела таа одеше пеш, ноќеваше во поле и настина; нозете ѝ беа разранети, рацете ѝ испукаа и ѝ се

подуја. Впрочем, таа и порано не беше убава; само очите и беа тивки, добри, невини. Таа беше ужасно молчалива. Еднаш, уште порано, таа запеа ненадејно работејќи, и, се сеќавам, сите се почудија и почнаа да ѝ се смејат: „Мари запеа! Како, Мари запеа!" – и таа ужасно се засрами, а потоа веќе засекогаш замолчи. Тогаш уште ја сакаа, но кога се врати болна и изнамачена, никој немаше никакво сожаление за неа! Колку се тие жестоки во такви случаи! Колку тешки сфаќања тие имаат за тоа! Мајката прва ја дочека со лутина и со презир: „Ти сега ме обесчести". Таа прва и ја изложи на посрамување: кога во селото се чу дека Мари се врати, сите потрчаа да ја гледаат Мари и речиси целото село се собра крај куќарката на старицата: старци и деца, жени, девојки, сите во така заитана, жедна толпа. Мари лежеше на подот крај нозете на старицата, гладна, испарталавена и плачеше. Кога се собраа сите, таа се покри со своите разбушавени коси и така и остана ничкум на подот. Сите наоколу гледаа во неа како на нешто гадно; старците ја осудуваа и ја караа, младите дури ѝ се смееја, жените ја караа, ја осудуваа, ја гледаа со таков презир, како некој пајак. Мајката го дозволи сето тоа, самата седеше таму, кимнуваше со главата и одобруваше. Мајката во тоа време веќе беше многу болна и речиси беше на умирање; по два месеци таа навистина умре; таа знаеше дека е на умирање, но сепак до самата смрт не ѝ текна да се смири со ќерката, дури не проговори со неа ниту збор, ја гонеше да спие во претсобјето и речиси не ѝ даваше храна. Таа мораше своите болни нозе често да ги става во топла вода; Мари секој ден ѝ ги миеше нозете и ѝ вршеше измет; таа ги примаше сите нејзини услуги молкум и не ѝ рече ниту еден добар збор. Мари поднесуваше сѐ, и јас подоцна, кога се запознав со неа, забележав дека таа и самата се сметаше себеси за некое најдолно суштество. Кога старицата сосема легна, дојдоа да ја гледаат селските старици, по ред, така е таму вообичаено. Тогаш на Мари веќе сосема престанаа да ѝ даваат храна, а во селото сите ја прогонуваа и никој дури не сакаше да ѝ даде ни работа, како порано. Сите небаре плукаа на

неа, а мажите дури престанаа да ја сметаат за жена, секакви гадости ѝ зборуваа. Понекогаш, многу ретко, кога се напиваа пијани во неделата, за да се смеат ѝ фрлаа по некој грош право наземи; Мари молчејќи ги креваше. Таа веќе тогаш почна да кашла крв. Најпосле нејзините партали сосема се искинаа, така што ѝ беше срам да се појави в село; а пак уште од самото враќање таа одеше боса. Ете, тогаш, особено децата во толпа, – ги имаше четириесетина и повеќе ученици, – почнаа да ѝ се подбиваат и дури да фрлаат кал по неа. Таа го замоли пастирот да ѝ дозволи да ги чува кравите, но пастирот ја истера. Тогаш таа самата, без дозвола, почна со стадото да заминува од дома на цел ден. Бидејќи таа многу полза му донесуваше на пастирот и тој го забележа тоа, тој веќе не ја прогонуваше и понекогаш ѝ даваше остатоци од својот ручек, сирење и леб. Тој тоа го сметаше за голема милост од своја страна. Кога пак мајката умре, на пасторот в црква не му беше срам јавно да ја посрами Мари. Мари стоеше зад сандакот онака како што беше, во своите партали и плачеше. Се собра многу народ да види како ќе плаче таа и како ќе оди по сандакот. Тогаш пасторот, – тој беше уште млад човек, и имаше голема амбиција да стане голем проповедник, – им се обрна на сите и покажа кон Мари. „Еве кој беше причината на смртта на ова почитувана жена“ (а не беше вистина, зашто таа беше болна веќе две години), еве ја стои пред вас и не смее да ве погледа, зашто е обележана со прстот божји; еве ја боса и во партали, – пример на оние кои ја губат добродетелта! А која е таа? Таа е нејзината ќерка!“, и сè во таа смисла. И претставете си, таа нискост речиси на сите им се допадна, но . . . тогаш се случи особен настан; тогаш се појавија децата, зашто во тоа време тие веќе сите беа на моја страна и почнаа да ја сакаат Мари. Ете, како излезе тоа. Јас сакав да сторам нешто за Мари: нејзе многу ѝ беа потребни пари, но јас таму никогаш немав ниту копејка. Јас имав мала брилјантска игла и му ја продадов на еден препродавач; тој патуваше по селата и продаваше стари алишта. Тој ми даде осум франкови, а таа чинеше сигурно четириесет. Јас долго

се трудев да ја сретнам Мари насамо; најодзади ние се сретнавме зад селото, крај ограда, на бочната страна на патеката за в планина, зад едно дрво. Таму јас ѝ ги дадов осумте франкови и ѝ реков да ги чува, зашто повеќе не ќе имам, а потоа ја бакнав и ѝ реков да не мисли дека имам некоја лоша намера, и дека ја бакнав не поради тоа што сум вљубен во неа, туку затоа што многу ја жалам и дека уште од самиот почеток воопшто не ја сметав за виновна, туку само за несреќна. Јас многу сакав веднаш и да ја утешам и да ја убедам дека таа не треба да се смета себеси толку ниска пред сите, но таа, се чини, не ме разбра. Јас тоа веднаш го забележав, макар што таа цело време речиси молчеше и стоеше пред мене а со очите вземи ужасно засрамена. Кога завршив таа ми ја бакна раката и јас веднаш ѝ ја фатив раката и сакав да ѝ ја бакнам, но таа брзо ја повлече. Во тоа време ненадејно нè здогледаа децата, цела толпа; јас после дознав дека тие одамна ме следеле. Тие почнаа да свиркаат, да плескаат со дланки и да се смеат, а Мари летна да бега. Јас прво сакав да им кажам нешто, но тие почнаа да гаѓаат со камења по мене. Истиот ден сите дознаа, целото село; сите пак ја обвинија Мари; ја замразија уште повеќе. Чув дури дека сакале да ја осудат за казна, но, сполај му на господа, мина без тоа; затоа децата не ѝ даваа да мине, ѝ се подбиваа повеќе од порано, фрлаа по неа кал: тие ја гонат, а таа бега од нив со своите слаби гради, ќе се зазбива, а тие викаат по неа, ја пцујат. Еднаш дури појурив да се тепам со нив. После почнав да им зборувам, секој ден колку што можев. Понекогаш тие запираа и слушаа, макар што не престануваа да пцујат. Јас им раскажав колку е Мари несреќна; наскоро тие престанаа да пцујат и почнаа молчејќи да ја пропуштаат. Малку по малку почнавме да разговараме, јас не криев ништо од нив; јас им раскажав сè. Тие со голема љубопитност слушаа и набргу почнаа да ја жалат Мари. Понекои од нив кога ќе ја сретнат Мари почнаа милосливо да ја поздравуваат: таму е вообичено кога ќе се сретнат еден со друг без оглед дали се познаваат или не, да се поклонуваат и да велат:

„Добар ден". Можам да си претставам колку се чудеше Мари. Еднаш две девојчиња набавија јадење и ѝ го однесоа нејзе, ѝ го дадоа, дојдоа кај мене и ми го кажаа тоа. Тие ми кажаа дека Мари се расплакала и дека тие сега многу ја сакале. Набргу сите почнаа да ја сакаат, а заедно со неа почнаа и мене ненадејно да ме сакаат. Тие почнаа често да ми доаѓаат и постојано ме молеа да им раскажувам, зошто многу сакаа да ме слушаат. А подоцна јас почнав да учам и да читам сѐ за после да им раскажувам, и сите три години јас им раскажував. Кога подоцна сите почнаа да ме обвинуваат, – и Шнајдер, исто така, – зашто разговарам со нив како со возрасни и не кријам ништо од нив, јас им одговорив дека е срамно тие да се лажат, дека и без тоа тие ќе дознаат, колку и да се крие од нив, и тоа секако ќе го дознаат по лош пат, а од мене нема да дознаат по лош пат. Беше доволно само секој да си спомне како и самиот бил дете. Тие не се сложуваа со мене. Јас ја бакнав Мари две недели пред да умре мајка ѝ; кога пак пасторот ја говореше проповедта, сите деца веќе беа на моја страна. Јас веднаш им ја раскажав и им ја објаснив постапката на пасторот; сите му се налутија, а некои толку многу што со камења му ги скршија прозорците. Јас ги запрев, зашто тоа веќе беше лошо, но во селото веднаш сите дознаа и веднаш почнаа да ме обвинуваат дека сум ги израсипал децата. После сите дознаа дека децата ја сакаат Мари и ужасно се исплашија; но Мари веќе беше среќна. На децата им беше забрането да се наоѓаат со неа, но тие крадешкум трчаа кај неа кај стадото, доста далеку, на околу половина врста од селото; тие ѝ носеа понудица, а некои дотрчуваа само за да ја прегрнат, да ја бакнат и да ѝ кажат: „Je vous aime, Marie!"[1]) – и потоа главечки да отрчаат назад. Мари само што не се штукна од умот од таква ненадејна среќа; таа дури и не сонуваше за тоа; таа се срамеше и се радуваше, а што е најважно, децата сакаа, особено девојчињата, да дотрчуваат кај неа и да ѝ прене-

[1]) Ве сакам, Мари! (Француски)

суваат дека јас ја сакам и дека многу зборувам за неа. Тие ѝ раскажаа дека јас сум им објаснил сè и дека тие сега ја сакаат и ја сожалуваат и дека секогаш тоа ќе го прават. Потоа дотрчуваа и кај мене, и со толку радосни и загрижени малечки лица ми пренесуваа дека пред малку ја виделе Мари и дека таа ме поздравува. Во квечерините јас одев кај водопадот; таму имаше едно место сосема скриено од селото, а наоколу растеа тополи; ете, таму тие се собираа кај мене во квечерините, понекои дури и кришум. Ми се чини дека мојата љубов кон Мари им причинуваше големо задоволство; и ете, единствено во тоа, за сето време на мојот тамошен живот, јас ги имав измамено. Јас не сакав да ги разубедувам со тоа дека воопшто не ја сакам Мари, то ест дека не сум заљубен во неа, и дека само ми е жал за неа; јас по сè гледав дека вака повеќе им се допаѓа, онака како што самите вообразиле и утврдиле меѓу себе, и затоа молчев и се преправав дека тие погодиле. А толку беа деликатни и нежни тие малечки срца: меѓу другото, им се стори невозможно нивниот добар **Леон** толку да ја сака Мари, а Мари да биде толку лошо облечена и боса. Претставете си, тие ѝ пронајдоа чевли, и чорапи и долни алишта, и дури и некаков фустан; како успеаја тоа да го сторат, не знам; дејствуваа сите заеднички. Кога јас сакав да дознам, тие само весело се смееја, а девојчињата плескаа со дланките и ме бакнуваа. И јас понекогаш крадешкум одев да се видам со Мари. Таа веќе беше многу болна и одвај одеше; најпосле таа сосема престана да му помага на пастирот, но сепак, секое утро заминуваше со стадото. Таа седнуваше скраја; таму, крај една исправена речиси вертикална карпа имаше како стреичка; таа седнуваше тука на еден камен и седеше речиси не помрднувајќи се цел ден, од изутрината до оној миг кога стадото заминуваше. Таа веќе беше толку ослабена од офтиката, што повеќе седеше со затворени очи, со глава потпрена на карпата и дремеше, тешко дишејќи; лицето ѝ ослабна како на скелет, пот ѝ се појавуваше на челото и на слепоочниците. Јас секогаш така ја наоѓав. Јас доаѓав само за миг и „исто така, не сакав да бидам виден. Штотуку

ќе се појавев, Мари веднаш ќе затрепереше, ќе ги отвореше очите и ќе се втурнеше да ми ја бакнува раката. Јас повеќе не ја тргав раката, зашто за неа тоа беше среќа; сето време додека седев таа трепереше и плачеше; вистина, неколкупати таа сакаше нешто да каже, но тешко можев да ја разберам. Таа стануваше небаре безумна, во ужасна вознемиреност и восхитеност. Понекогаш со мене доаѓаа децата. Тогаш тие застанувaa некаде близу и почнувaa да нè чуваат од нешто и од некој и тоа им беше необично пријатно. Кога заминувавме, Мари одново остануваше сама, како и порано неподвижна со затворени очи и глава потпрена на карпата; можеби ѝ се привидувало нешто. Еднаш изутрината таа веќе не можеше да излезе со стадото и остана сама во својата празна куќа. Децата веднаш го дознаа тоа и речиси сите стасаа тој ден да наминат кај неа; таа лежеше во својата постела сосема сама. Два дена ја надгледуваа единствено децата наминувајќи со ред, но после, кога во селото стана познато дека Мари веќе навистина е на умирање, почнаа да доаѓаат кај неа старици од селото, да седат и да дежураат. Во селото, се чини, почнаа да ја жалат Мари, во крајна линија, веќе не ги запираа децата и не ги караа, како порано. Мари постојано беше во дремка, таа не спиеше спокојно: таа ужасно кашлаше. Старициte ги гонеа децата, но тие притрчуваа кон прозорецот, понекогаш само за миг, само да речат: „Bonjour, notre bonne Marie“[1]). А таа штом ќе ги видеше или штом ќе ги чуеше, сета ќе живнеше и веднаш, не слушајќи ги старициte, ќе се трудеше да се поткрене на лакот, да им кимне со главата, да им се заблагодари. Тие како и порано ѝ донесуваа понуди, но таа речиси ништо не јадеше. Ве убедувам, поради децата, таа беше среќна. Со нивна помош таа ја забораваше својата црна неволја, небаре добила од нив опростување, зашто до самиот крај таа се сметаше себеси за голема грешница. Тие, како птичиња тропаа со крилцата во нејзините прозорци и секое

[1]) Добар ден, наша добра Мари.

утро ѝ викаа: „Nous t'aimons Marie"[1]). Многу бргу таа умре. Јас мислев дека таа многу повеќе ќе поживее. Пред да умре, на зајдисонце јас наминав кај неа; се чини, таа ме позна и јас за последен пат ѝ ја стегнав раката; колку ѝ беше исушена раката! А изутрината наеднаш ми доаѓаат и ми кажуваат дека Мари умрела. Тогаш веќе не можеа да ги запрат децата: тие ѝ го накитија целиот сандак со цвеќе и ѝ ставија венец на глава. Пасторот в црква веќе не ја посрамуваше мртвата, а и на закопот немаше многу, понекои дојдоа само онака од љубопитство; но кога требаше да се носи сандакот, децата појурија сите заедно, самите да го носат. Бидејќи не можеа да го носат, тие помагаа, сите трчаа по сандакот и сите плачеа. Оттогаш, гробот на Мари беше постојано почитуван од децата: тие секоја година го прекриваат со цвеќе, насадија наоколу ружи. Но од тој закоп почна против мене главното гонење од страна на целото село поради децата. Главни иницијатори беа пасторот и школскиот учител. На децата строго им беше забрането дури и да се наоѓаат со мене, а Шнајдер дури даде обврска оти ќе го надгледува тоа. Но ние сепак се гледавме, оддалеку, се разбиравме со знаци. Тие ми праќаа свои малечки писменца. Подоцна сѐ се среди, но тогаш беше многу убаво: со помошта на тоа гонење јас уште повеќе се зближив со децата. Последната година јас речиси дури и се помирив со Тибо и со пасторот. А Шнајдер многу ми зборуваше и спореше со мене поради мојот штетен „систем" со децата. Зар е тоа систем! Најпосле Шнајдер ми довери една своја многу чудна мисла, – тоа веќе беше пред самото мое заминување, – тој ми кажа дека сосема се убедил оти сум јас во душата сосема дете, то ест, вистинско дете, дека само по растот и изгледот личам на возрасен, но дека со развојот, со душата, со карактерот и можеби и со умот, јас не сум бил возрасен и дека така ќе сум останал, та макар и да доживеам и до шеесет години. Јас многу му се смеев: тој, се разбира, немаше право, зашто какво

[1]) Ние те сакаме, Мари. (Француски)

дете сум јас? Но само за едно има право, јас и навистина не сакам да бидам со возрасни, со луѓе, со големи, – и тоа јас го имам одамна забележано, – не сакам, зашто не умеам. Што и да ми зборуваат, колку и да се добри спрема мене, сепак со нив ми е секогаш тешко, којзнае зошто, и јас ужасно се радувам кога побргу можам да си заминам кај пријателите, а мои пријатели секогаш беа децата, но не затоа што јас и самиот бев дете, туку затоа што едноставно ме привлекуваат децата. Кога јас уште во почетокот на мојот живот во селото, – уште тогаш кога заминував сам да тагувам во планината, – кога талкајќи се сам почнав понекогаш да наидувам, особено на пладне, кога се пуштаа од училиште ,,на целата таа толпа, развревена и растрчана со нивните торбичиња и графитски плочки, со викотници, со смеа и со игри, – целата моја душа почнуваше да се стреми кон нив. Не знам, но почнав да чувствувам некакво необично силно и среќно чувство при секоја средба со нив. Јас запирав и се смеев од среќа гледајќи ги нивните мали, подвижни и вечно растрчани ножиња, момчињата и девојчињата како трчаат заедно, смеата и солзите (зашто многумина веќе стасале да се степаат, да се расплачат, пак да се смират и да поиграат, додека дотрчале од училиште до дома), и јас ја заборавав тогаш мојата тага. Потоа пак, сите тие три години, јас воопшто не можев да сфатам, како и зошто се натажени луѓето? Целата моја судбина се насочи кон нив. Јас никогаш и не помислував да го напуштам селото, на ум не ми паѓаше никогаш дека јас ќе отпатувам некадеваму, во Русија. Ми се чинеше дека се така ќе бидам таму, но најпосле јас увидов дека Шнајдер не може да ме издржува, а кон тоа се појави и една работа, која се чини е толку важна, што Шнајдер сам ме натера побрзо да отпатувам и самиот одговорил ваму место мене. А јас ќе видам во што е работата и ќе се посоветувам со некого. Можеби, мојата судбина сосема ќе се измени, но сето тоа не е најглавното. Главното е тоа што целиот мој живот е веќе изменет. Јас таму оставив многу, многу. Сѐ исчезна. Јас седев во возот и си мислев: „Сега јас патувам кај луѓе; можеби

јас ништо не знам, но настапи нов живот". Јас решив да ја извршам својата работа чесно и тврдо. Со луѓето ќе ми биде, можеби, здодевно и тешко. Како прво јас решив со сите да бидам учтив и отворен: та повеќе никој не ќе ми бара нешто од мене. Можеби и тука ќе ме сметаат за дете, – ако! Мене, исто така, којзнае зошто сите ме сметаат за идиот, јас некогаш бев навистина толку болен што тогаш и личев на идиот; но каков идиот сум сега, кога и самиот разбирам дека ме сметаат за идиот? Си влегувам и си мислам: „Мене, ете, ме сметаат за идиот, а јас сум сепак умен, а тие и не го насетуваат тоа" . . . Често ја имам таа мисла. Кога во Берлин добив неколку мали писменца оттаму, кои веќе стасаа да ми ги напишат, дури тогаш сфатив колку ги сакав. Многу е тешко да се добие првото писмо! Колку беа тажни кога ме испраќаа! Уште пред еден месец тие почнаа да мислат за разделба: „Leon s'en va, Leon s'en va pour toujours!"[1]). Ние како и порано секоја вечер се собиравме крај водопадот и сѐ си зборувавме како ќе се разделиме. Напати беше весело, како и порано; само, разотидувајќи се на спиење, тие почнаа силно и врело да ме гушкаат, што не правеа порано. Понекои наминуваа кај мене крищум од сите, еден по еден, само да ме гушнат и бакнат насамо, не пред сите. Кога пак веќе тргнав на пат, сите, целата толпа ме придружија до станицата. Железничката станица беше на околу една врста од нашето село. Тие се додржуваа да не плачат, но многумина не можеа да се додржат и плачеа, особено девојчињата. Ние итавме да не задоцниме но по некој, ненадејно ќе се втурнеше во мене насред пат, ќе ме гушнеше со своите мали рачиња и ќе ме бакнуваше, само за тоа ќе ја запреше целата врволица; а ние, макар што итавме, сите запиравме и чекавме додека не се збогува. Кога седнав во воз и возот тргна, тие сите викнаа „ура!" и долго време стоеја на едно место, додека возот сосема не замина. И јас исто ги гледав . . . Чујте ме, кога пред малку влегов ваму и ги погледнав ва-

[1]) Леон заминува, Леон заминува засекогаш! (Од француски)

шите мили лица, – сега имам обичај да се загледувам во лицата, – и кога ги чув вашите први зборови, за првпат откако заминав ми стана лесно на душата. Пред малку јас веќе помислив дека, можеби, сум бил навистина од оние среќните: та го знам тоа дека таквите кои ќе можеш веднаш да ги засакаш, не се сретнуваат веднаш, а јас вас, штотуку слегов од возот, веднаш ве сретнав. Многу убаво го знам тоа дека е срамно на сите да им се зборува за своите чувства, а вам еве ви зборувам и не ми е срам со вас. Јас не сум друштвен и, можеби, долго не ќе дојдам кај вас. Но не примајте го тоа како некоја лоша мисла: јас не го кажав ова поради тоа што не сте ми драги, и не помислувајте, исто така, дека сум се навредил поради нешто. Вие ме прашавте за вашите лица и што сум забележал на нив. Со големо задоволство јас ќе ви го кажам тоа. Вие, Аделаида Ивановна, имате среќно лице, тоа е најсимпатично од сите три лица. Покрај тоа што сте многу лични, вас човек ве гледа и си вели: „Таа има лице како добра сестра". Вие приоѓате едноставно и весело, но умеете да го препознаете и срцето. Еве што мислам јас за вашето лице. И вие, Александра Ивановна, имате, исто така, прекрасно и мошне пријатно лице, но, можеби, вие имате некоја скриена тага; нема сомнение, вашата душа е многу добра, но вие не сте весели. Имате некаква особена сенка на лицето слична на Холбајновата Мадона во Дрезден. Ете, тоа е за вашето лице, дали добро погодив? Вие самите сметате дека јас погаѓам. Но што се однесува до вашето лице, Лизавета Прокофјевна, – ѝ се обрна тој ненадејно на генералицата, – што се однесува до вашето лице, не само што се чини, но јас наполно сум убеден дека вие сте вистинско дете, во сѐ, во сѐ, во сѐ добро и во сѐ лошо, без оглед на тоа дека сте во тие години. Нема да ми се налутите што ви зборувам вака? Та вие знаете што мислам јас за децата? И не помислувајте дека јас сево ова сега ви го зборував за вашите лица онака искрено од простота: о, не, сосема не! Можеби и јас си имав своја мисла.

VII

Кога кнезот замолчи, сите го гледаа весело, дури и Аглаја, но особено Лизавета Прокофјевна.

– Ете како го испитавте! – викна таа. – Што, милостиви господоѓи, вие мислевте дека вие ќе го протежирате како сиромавче, а тој самиот одвај ве удостои да ве одбере и тоа со забелешка дека ќе ви доаѓа само сосема ретко. Нѐ чукна по нос, и така и требаше; а најмногу Ивана Фјодорович. Браво, кнезу, пред малку ни беше наредено да ве прашаме. А она што го рековте за моето лице, сето тоа е чиста вистина: јас сум дете и го знам тоа. Јас уште пред вие да ми го кажете го знаев тоа; а вие имено мојата мисла ја изразивте со еден збор. Вашиот карактер јас го сметам мошне сличен на мојот и многу ми е мило; како две капки вода. Само вие сте маж, а јас жена и не сум била во Швајцарија, ете ја целата разлика.

– Не итајте, maman, – викна Аглаја, – кнезот вели дека во сите свои изјави тој имал особена мисла и не го зборувал тоа тукутака.

– Да, да, – се смееја другите.

– Не подбивајте се милички, тој е можеби поитар од вас трите заедно. Ќе видите. Но како тоа, кнезу, вие не рековте ништо за Аглаја? Аглаја чека, и јас чекам.

– Сега не можам ништо да кажам; ќе кажам после.

– Зошто? Мислам дека не сум незабележлива?

– О, да вие сте забележлива; вие сте необично убава, Аглаја Ивановна. Вие сте толку убава што човек се плаши да ве гледа.

– И тоа е сѐ? А особености? – настојуваше генералицата.

– Тешко е да се суди за убавината; уште не сум се подготвил. Убавината – тоа е загатка.

– Тоа значи дека вие на Аглаја ѝ поставивте загатка, – рече Аделаида, – одгатни ја, Аглаја. А убава е таа, кнезу, убава?

– Необично! – пламено одговори кнезот, откако ја

погледна испитувачки Аглаја, – речиси како Настасја Филиповна, макар што ѝ е лицето сосема поинакво! . . .

Сите се погледнаа вчудовидено

– Како ко-о-ој? – развлече генералицата, – како Настасја Филиповна? Каде сте ја виделе Настасја Филиповна? Која е таа Настасја Филиповна?

– Пред малку Гаврило Ардалионович му покажуваше на Иван Фјодорович еден портрет.

– Како, му донел портрет на Иван Фјодорович?

– Да му покаже. Настасја Филиповна денес му го подарила на Гаврило Ардалионович својот портрет, а тој го донел да го покаже.

– Сакам да го видам! – избувна генералицата, – каде е тој портрет? Ако му подарила нему, тој мора да е кај него, а тој, се разбира, сè уште е во кабинетот. Во средите тој секогаш доаѓа да работи и не заминува никогаш пред четири. Веднаш да се повика Гаврило Ардалионович! Не, јас воопшто не умирам од желба да го видам. Сторете ми го тоа, кнезу, миличок одете во кабинетот, земете го портретот и донесете го вару. Кажете му дека сакам да го видиме. Ве молам.

– Добар е, но е премногу наивен, – рече Аделаида, кога излезе кнезот.

– Да, малку е прекумера, – потврди Александра, – толку, што е дури и по малку смешен.

И едната и другата како да не ја искажаа целата своја мисла.

– Впрочем, тој добро се извлече со нашите лица, – рече Аглаја, – на сите им поласка, дури и на maman.

– Не прави ми се остроумна, те молам! – викна генералицата. – Не ми поласка тој мене, туку јас сум поласкана.

– Мислиш ли дека тој се извлекувал? – праша Аделаида.

– Ми се чини дека тој не е толку наивен.

– Е, го претера! – се разлути генералицата, – а според мене, вие сте посмешни од него. Наивен е, но си го знае своето, се разбира, во најблагородната смисла. Сосема како мене.

„Се разбира, лошо е што издрдорив за портретот, – си размислуваше кнезот во себеси одејќи кон кабинетот и чувствувајќи извесно каење. – Но ... можеби, и добро сум сторил што издрдорев ...“ Почна да му се јавува една чудна идеја, која, впрочем, уште не беше сосема јасна.

Гаврило Ардалионович сè уште седеше во кабинетот и беше задлабочен во својата работа. Изгледа, тој навистина не си ја земал напразно платата од акционерското друштво. Тој страшно се збуни кога кнезот му го побара портретот и кога му раскажа на кој начин таму дознале за него.

– Е-е-ех! Што ви требало да дрдорите! – викна тој јадосано, – вие ништо не знаете ... Идиот! – промрмори тој за себеси.

– Жалам, јас воопшто не размислувајќи; онака ми дојде, со зборот. Реков дека Аглаја е речиси исто толку убава, колку и Настасја Филиповна.

Гања го замоли подетално да му раскаже; кнезот му раскажа. Гања пак подбивно го погледна.

– Што ви требаше таа Настасја Филиповна ... – промрмори тој, но не доршувајќи се замисли.

Тој очевидно беше вознемирен. Кнезот го потсети на портретот.

– Слушајте ме, кнезу, – рече ненадејно Гања, небаре го опфатила неочекувана мисла, – имам огромна молба до вас ... Но, јас, навистина, не знам ...

Тој се збуни и не доврши; тој донесуваше некаква одлука и небаре се бореше со себеси. Кнезот молчејќи чекаше. Гања уште еднаш го опфати него со внимателен испитувачки поглед.

– Кнезу, – почна тој одново, – таму сега, заради една сосема чудна и смешна околност ... во која јас воопшто не сум виновен ... е, со еден збор, тоа е излишно, – таму, изгледа, малку ми се лути, така што јас извесно време не сакам да влегувам без покана. Мене ми е ужасно потребно да поразговарам сега со Аглаја Ивановна. За секој случај јас ѝ напишав неколку збора (во неговите раце се појави мала здиплена хартија) – и ете, не знам како да ѝ ги предадам.

Не би сакале ли вие, кнезу, да се нафатите да ѝ го предадете ова сега на Аглаја Ивановна, онака, то ест, никој да не види, разбирате? Тоа не е којзнае каква тајна, тука нема ништо . . . но . . . ќе го направите тоа?

– Не ми е многу пријатно, – одговори кнезот.

– Ох, кнезу, мене ми е крајно потребно! – почна да го моли Гања, – таа можеби ќе одговори . . . Верувајте ми дека јас само во краен случај, сосема во краен случај можев да ви се обрнам . . . По кого да пратам? . . . Тоа ми е многу важно . . . Ужасно е важно за мене . . .

Гања почна ужасно да се плаши дека кнезот нема да се сложи и со исплашена молба почна да му гледа во очите.

– Добро, ќе го предадам.

– Но само така никој да не забележи, – го молеше израдуваниот Гања, – и уште нешто, кнезу, јас се надевам на вашиот чесен збор, а?

– Никому нема да го покажам, – рече кнезот.

– Писменцето не е залепено, но . . . – се издрдори набрзина Гања и запре збунет.

– О, јас нема да го прочитам, – сосема едноставно му одговори кнезот, го зеде портретот и излезе од кабинетот.

Гања, останувајќи сам се фати за глава.

– Еден нејзин збор, и јас . . . и јас, можеби, ќе раскинам! . . .

Тој повеќе не можеше одново да седне да работи од возбуденост и чекање и почна да се талка по кабинетот од еден агол во другиот.

Кнезот одеше замислен; него непријатно го изненади задачата, непријатно го изненади мислата за писменцето на Гања кон Аглаја. Но пред да измине уште две соби до салонот, тој ненадејно запре, небаре се сети за нешто, се обѕрна наоколу, пријде кон прозорецот, поблизу до светлината, и почна да го гледа портретот на Настасја Филиповна.

Тој небаре сакаше да одгатне нешто што го криеше тоа лице и што го вчудовиди пређеска. Пређешниот впечаток речиси не го напушташе и сега тој

иташе небаре да провери нешто уште еднаш. Сега тоа лице необично по својата убавина и уште по нешто го стаписа уште повеќе. Тоа лице изразуваше небаре неопфатна гордост и презир, речиси омраза, а во исто време и нешто доверливо, нешто вчудовидувачки простодушно; тие два контраста како да пробудуваа дури некое сочувство кога ќе се погледаа тие црти. Таа болскава убавина беше дури неподнослива, убавината на бледото лице, на малу пропаднатите образи и на пламените очи; необична убавина! Кнезот гледаше околу една минута, потоа наеднаш се прибра, се обѕрна околу себе, забрзано го принесе портретот до усните и го бакна. Кога по една минута влезе во салонот, лицето му беше сосема спокојно.

Но штотуку тој стапна во трпезаријата (имаше уште една соба до салонот), речиси се удри со него Аглаја која излегуваше. Таа беше сама.

– Гаврило Ардалионович ме замоли да ви го предадам ова, – рече кнезот подавајќи ѝ го писменцето.

Аглаја запре, го зеде писменцето и некако чудно го погледна кнезот. Во нејзиниот поглед немаше никаква збунетост, освен што можеби се наѕираше извесна почуденост, а и таа, се чини, се однесуваше само на самиот кнез. Аглаја со својот поглед небаре бараше од него одговор – на кој начин тој се нашол во тоа на едно место со Гања? – и го бараше тоа спокојно и супериорно. Тие останаа стоејќи еден спроти друг двати мига; најпосле, нешто необично одвај се појави на нејзиното лице, таа малку се насмевна и мина покрај него.

Генералицата извесно време молчејќи и со извесно пренебрегнување го разгледуваше портретот на Настасја Филиповна кој го држеше пред себеси во испружена рака премногу и ефектно оддалечено од очите.

– Да, убава е, – проговори таа најодѕади, – дури и премногу убава. Јас двапати ја имам видено, само оддалеку. И вие значи ваквата убавина ја цените? – му се обрна таа ненадејно на кнезот.

– Да . . . таква . . . – одговори кнезот со извесен напор.

– То ест имено ваква?

– Имено ваква.

– Зошто?

– Во тоа лице . . . има многу страдање . . . – проговори кнезот небаре не сакајќи, небаре разговара самиот со себеси, а не одговара на прашање.

– Впрочем, вам, можеби, ви се привидува, – рече генералицата и со надмено движење го отфрли од себеси портретот оставајќи го на маса.

Александра го зеде, ѝ пријде Аделаида, обете почнаа да го разгледуваат. Во тој миг Аглаја повторно се врати во салонот.

– Каква сила! – викна ненадејно Аделаида, загледувајќи се жедно во портретот од зад грбот на сестра си.

– Каде? Каква сила? – остро праша Лизавета Прокофјевна.

– Ваквата убавина е сила, – врело рече Аделаида, – со ваква убавина може светот да се пресврти!

Таа замислено се повлече кон своите сликарски ногари. Аглаја замижи, само бегло го погледна портретот, ја издаде долната усна, се оддалечи и седна настрана со скрстени раце.

Генералицата заѕвони.

– Да се покани ваму Гаврило Ардалионович, тој е во кабинетот, – му рече таа на слугата што влезе.

– Maman! – важно викна Александра.

– Јас сакам да му кажам два збора – и доста! – брзо отсече генералицата запирајќи го спротивставувањето. Таа беше очевидно раздразнета. – Гледате ли, кнезу, кај нас сега имаме само некакви тајни. Само тајни! Така треба, некаква си етикеција, глупо. И тоа во таква работа, во која се бара најголема отвореност, јасност, чесност. Се започнуваат некакви мажачки, не ми се допаѓаат тие мажачки . . .

– Maman, за што зборувате? – пак поита да ја запре Александра.

– Што сакаш, мила ќерко? Зар тебе, лично ти се допаѓаат? А тоа што кнезот слуша, та ние сме пријатели. Макар јас со него. Господ, се разбира, бара добри луѓе, а злите и каприциозните не му требаат; каприциозните особено, оние кои денес решаваат

едно, а утре зборуваат друго. Ме разбирате ли, Александра Ивановна? Тие, кнезу, велат дека сум јас чудачка, а јас умеам да правам разлика. Затоа, срцето е најважно, а другото се глупости. Се разбира, и умот е потребен ... можеби, умот е и најважен. Не потсмевнувај се, Аглаја, јас не си противречам: глупачката со срце но без ум е исто таква несреќна глупачка каква што е онаа со ум без срце. Тоа е стара вистина. Јас сум еве глупачка со срце но без ум, а ти си глупачка со ум без срце; и обете сме несреќни, и обете страдаме.

– Од што сте вие толку несреќна, maman? – не се воздржа Аделаида, која, се чини, единствената од целото друштво не го беше изгубила веселото расположение на духот.

– Прво, од учените ќерки, – отсече генералицата, – а бидејќи и тоа едно е доволно, нема зошто да се раширувамe и на друго. Доста разговори. Да видиме како вие двете (Аглаја не ја сметам) ќе се извлечете со вашиот ум и разговори, и ќе бидете ли, многупочитувана Александра Ивановна, среќна со вашиот почитуван господин? ... А! ... – повика таа кога го виде Гања како влегува, – еве ни уште еден брачен сојуз. Добар ден! – му одговори таа на поздравот на Гања не повикувајќи го да седне. – Вие, имате намера да стапите во брак?

– Во брак? ... Како? ... Во каков брак? ... – мрмореше зашеметениот Гаврило Ардалионович. Тој ужасно се збуни.

– Ве прашувам дали се жените, ако повеќе сакате ваков израз?

– Н-не ... јас ... н-не, – излажа Гаврило Ардалионович и црвенило на срамот му го прекри лицето. Тој набрзина ја погледна Аглаја што седеше настрана и брзо ги сврти очите. Аглаја студено, внимателно, и спокојно го гледаше него не симнувајќи ги очите и ја набљудуваше неговата збунетост.

– Не? Вие рековте: не? – настојуваше неумоливата Лизавета Прокофјевна, – доста е, јас ќе го паметам тоа дека вие денес, во среда изутрината, на моето прашање ми рековте „не“. Што сме денес, среда?

– Се чини дека е среда, maman, – одговори Аделаида.

– Никогаш не ги знаат деновите. Која дата е?

– Дваесет и седми, – одговори Гања.

– Дваесет и седми? Тоа е добро од извесна страна. До видување, вие имате, ми се чини, многу работа, а мене ми е време да се облекувам и да одам; земете си го вашиот портрет. Пренесете ѝ го мојот поздрав на несреќната Нина Александровна. До видување, кнезу, миличок! Намини почесто, а јас специјално ќе наминам кај старицата Болоконска за да кажам за тебе. И слушајте ме, мил мој; јас верувам дека господ ве довел од Швајцарија во Петроград токму заради мене. Вие, можеби, ќе имате и други работи, но најглавно заради мене. Господ токму така сметал. До видување, милички. Александра, дојди кај мене, пријателко моја.

Генералицата излезе. Гања, срамнет доземи, изгубен, лут, го зеде од маса портретот и со искривена насмевка му се обрна на кнезот:

– Кнезу, јас сега одам дома. Ако не сте ја измениле намерата да живеете кај нас, јас ќе ве одведам, зашто вие ни адресата не ја знаете.

– Чекајте, кнезу, – рече Аглаја станувајќи ненадејно од својата фотелја, – вие треба уште да ми напишете нешто во албумот. Тате рече дека сте вие калиграф. Јас сега ќе ви го донесам.

И таа излезе.

– До видување, кнезу, и јас заминувам, – рече Аделаида.

Таа силно му ја стисна раката на кнезот, љубезно и милозливо му се насмевна и излезе. Таа не го ни погледна Гања.

– Значи вие, – зачкрипи Гања со забите нафрлувајќи му се одеднаш на кнезот, штотуку излегоа сите, – вие сте издрдориле дека јас се женам! – промрмори тој со забрзано полушепотење, со разбеснето лице и гневно светкајќи со очите, – вие сте бесрамен дрдорко!

– Ве уверувам дека се лажете, – спокојно и учтиво му одговори кнезот, – јас и не знаев дека имате намера да се ожените.

– Вие преѓеска сте чуле како Иван Фјодорович зборуваше дека вечерва кај Настасја Филиповна сѐ ќе биде решено и сте го пренесле тоа? Вие лажете! Од каде тие можеа да дознаат? Кој можел да им пренесе, по ѓаволите, ако не вие? Зар! старицата не ми навести?

– Вие треба подобро да знаете кој пренесол, кога веќе ви се чини дека ви навестиле, јас за тоа немам кажано ниту збор.

– Сте го предале писменцето? . . . Одговор? – со трескавична нетрпеливост го прекина Гања. Но истиот тој миг се врати Аглаја и кнезот не стаса ништо да му одговори.

– Еве, кнезу, – рече Аглаја откако го стави на масичката својот албум – одберете страница и напишете ми нешто. Еве ви перце, тоа е ново. Ништо ли што е челично? Имам чуено дека калиграфите не пишуваат со челични.

Разговарајќи со кнезот таа небаре не забележуваше дека и Гања е тука. Но додека кнезот го наместуваше перцето, ја бараше страницата и се приготвуваше, Гања му пријде на каминот, каде што стоеше Аглаја, веднаш десно од кнезот и со испрекинат глас ѝ проговори речиси на уво:

– Еден збор, само еден збор од вас, и јас ќе бидам спасен.

Кнезот брзо се сврти и ги погледна обајцата. На лицето на Гања имаше вистински очај, се чинеше тој ги изговорил тие зборови без да размислува, прекутрупа. Аглаја неколку мига го гледаше него со истата спокојна почуденост, како преѓеска што го гледаше кнезот, и се чинеше дека таа нејзина спокојна почуденост, таа недоумица небаре од целосно неразбирање на она што ѝ се зборува во тој миг за Гања беше поужасна од најсилниот презир.

– Што да ви напишам? – праша кнезот.

– А јас сега ќе ви издиктирам, – рече Аглаја свртувајќи се кон него, – готов ли сте? Тогаш пишувајте: „Јас не влегувам во трговски комбинации“. Сега напишете ја долу датата и месецот. Покажете ми.

Кнезот ѝ го подаде албумот.

– Прекрасно! Вие тоа одлично го напишавте; вие имате чудесен ракопис! Ви благодарам. До видување, кнезу ... Чекајте, – додаде таа, небаре наеднаш се присети, – дојдете, јас сакам да ви подарам нешто за спомен.

Кнезот тргна по неа; но кога влегоа во трпезаријата, Аглаја запре:

– Прочитајте го ова, – рече таа подавајќи му го писменцето на Гања.

Кнезот го зеде писменцето и во недоумица ја погледа Аглаја.

– Та јас знам дека вие не сте го прочитале и дека не можете да бидете довереник на овој човек. Читајте го, јас сакам да го прочитате.

Писменцето беше очевидно набрзина напишано:

„Денеска ќе биде решена мојата судбина, вие знаете на кој начин. Денеска јас ќе морам да го дадам својот збор засекогаш. Немам никакво право за ваше сочувство, не смеам да имам никакви надежи; но еднаш вие имате изговорено еден збор и тој збор ја осветли сета црна ноќ на мојот живот и ми стана светилник. Кажете го сега уште еднаш тој збор – и ќе ме спасите од пропаст! Кажете ми само: раскини сѐ, и јас сето ќе го раскинам уште денес. О, што ве чини да ми го кажете тоа! Во тој збор јас молам само за знак на вашето сочувство и сожалување кон мене, – и само тоа, само тоа! И ништо повеќе, ништо! Јас не смеам ни да помислам за некоја надеж, зашто не сум достоен за неа. Но по вашиот збор јас одново ќе ја прифатам мојата сиромаштија, јас со радост ќе можам да ја поднесувам мојата очајна положба. Јас ќе ѝ излезам во пресрет на борбата, јас ќе ѝ се радувам, јас ќе воскреснам во неа со нови сили!

Пратете ми го тој збор на сочувство (само на сочувство, ви се колнам!). Не лутете ѝ се на дрскоста на очаениот, на давеникот, поради тоа што тој го направил последниот напор да се спаси себеси од загинување.

Г.И.“

– Овој човек убедува, – реско рече Аглаја, кога кнезот заврши да чита, – дека зборот „раскини сè“ нема да ме искомпромитира мене и со ништо нема да ме навреди, и лично, како што гледате, со ова писменце тука, ми дава писмена гаранција за тоа. Забележете колку наивно тој поита да подвлече извесни зборови и колку грубо се проѕира неговата тајна мисла. Тој, впрочем, знае дека кога би раскинал сам сè, не чекајќи го мојот збор и дури не кажувајќи ми за тоа, не надевајќи се воопшто на мене, дека јас би ги изменила моите чувства кон него и можеби, би му станала пријател. Тој тоа сигурно го знае! Но неговата душа е нечиста: тој го знае тоа, но не може да се реши; тој го знае тоа, а сепак бара гаранција. Тој не е во состојба да се реши само со верување. Тој сака јас, во замена за сто илјади, да му дадам надеж за себеси. Што се однесува пак до зборот за кој тој говори во писмово и кој небаре му го осветлил животот, тој дрско лаже. Јас едноставно еднаш му се сожалив. Но тој е дрзок и бесрамен: кај него веднаш се појавила мисла дека може да се надева; јас тоа веднаш го сфатив. Оттогаш тој почна да ме лови; ме лови и сега. Но доста е; земете и вратете му го назад писмово, веднаш, штом ќе излезете од нашата куќа, се разбира, не порано.

– А што да му кажам како одговор?

– Се разбира, ништо. Тоа е најдобриот одговор. А вие, чинам, сакате да живеете во неговата куќа?

– Мене пре́ѓеска ми го препорача лично Иван Фјодорович, – рече кнезот.

– Тогаш вардете се од него, ве предупредувам; тој сега нема да ви прости поради тоа што ќе му го вратите писмово.

Аглаја лесно му ја стегна раката на кнезот и излезе. Лицето ѝ беше сериозно и намуртено, таа дури не се насмевнуваше кога му кимна на кнезот со главата во знак на поздрав.

– Јас сега, само да си ја земам мојата бовча, – му рече кнезот на Гања, – и ќе тргнеме.

Гања тропна со ногата од нестрпливост. Неговото

лице дури потемни од бес. Најпосле, тие обајцата излегоа на улица, кнезот со својата бовча во рацете.

– Одговор? Одговор? – му се нафрли Гања, – што ви рече таа? Ѝ го предадовте писмото?

Кнезот молкум му го подаде неговото писмо. Гања се стаписа.

– Како! Моето писмо! – викна тој, – тој и не го предал! О, требаше да се сетам! О, пр-пр-р-роклет ... Сега разбирам зошто таа не разбираше пре́геска! Та како, како, како не сте го предале, о пр-р-роклет ...

– Проштавајте, напротив, јас уште веднаш успеав да ѝ го дадам писмово, истиот миг кога ми го дадовте и токму онака како што ме молевте. Сега тоа е кај мене одново, затоа што Аглаја ми го врати назад.

– Кога? Кога?

– Штом завршив да пишувам во албумот и кога ме покани со себеси. (Вие чувте?) Ние влеговме во трпезаријата, таа ми го даде писмово, ми нареди да го прочитам и ми нарача да ви го вратам назад.

– Да го про-о-чи-тате! – викна Гања речиси со сиот глас, – да го прочитате? Вие го прочитавте?

И тој одново застана стаписан среде тротоарот, но толку беше вчудовиден што дури ја отвори устата.

– Да, го прочитав, сега.

– И таа самата, самата ви го дала да го прочитате? Самата?

– Самата, и верувајте ми, јас не би читал без нејзина покана.

Гања, околу една минута молчеше и со големи напори се обидуваше да сфати нешто, но ненадејно викна:

– Не може да биде! Таа не можела да ви нареди да го прочитате. Вие лажете! Вие самиот сте го прочитале!

– Јас ви ја говорам вистината, – одговори кнезот со пре́гешниот сосем спокоен тон, – и верувајте ми: мене ми е многу жал што тоа ви остава толку непријатен впечаток.

– Но, несре́книку, ви кажа ли таа, најпосле, нешто притоа? Та одговорила ли нешто?

– Да, се разбира.

– Зборувајте тогаш, зборувајте, о, по ѓаволите! ...

И Гања тропна двапати по тротоарот со десната нога обуена во галоша.

– Штом го прочитав, таа ми рече дека вие сте ја ловеле; дека вие би сакале да ја компромитирате така што да добиете надеж од неа, за потпирајќи се на таа надеж, да можете без загуба да раскинете со другата надеж на сто илјади. Дека, ако вие го сторите тоа без да се пазарите со неа, ако сето тоа го раскинете самиот, не барајќи од неа однапред гаранција, таа, можеби, би станала ваш пријател. Ете, ми се чини дека тоа е сè. Да, и уште ова: кога ја прашав, земајќи го веќе назад писменцето, каков е одговорот, тогаш таа рече дека без одговор тоа ќе било најдобар одговор, – се чини така; проштавајте, ако сум го заборавил нејзиниот точен израз, а го предавам онака како што сум разбрал.

Неизмерен гнев го опфати Гања и неговиот бес избувна без никакви пречки.

– А! Ете како! – чкрипеше тој со заби, – моите писма низ прозорец да се фрлаат! А! Таа не влегува во трговски комбинации, – тогаш јас ќе влезам! И ќе видиме! Ќе видиме што можам јас ... ќе видиме! ... Во глувчја дупка ќе ја напикам! ...

Тој се кривеше, пребледнуваше, се засркнуваше; тој се закануваше со тупаница. Така одеа тие неколку чекори. Тој ни најмалку не се срамеше од кнезот, небаре беше сам во своја соба, зашто тој во најголема мера го сметаше за ништо. Но наеднаш нешто му текна и тој се сепна.

– На кој начин, – му се обрна тој ненадејно на кнезот, – на кој начин вие (идиот! – додаде тој во себеси), вие сте станале толку доверливо лице, два часа по прво запознавање? Како така.

Кон сите негови маки му недостасуваше уште завист. Таа наеднаш го касна среде срце.

– Е, ова не ќе можам да ви го објаснам, – одговори кнезот.

Гања јадосано го погледна.

– Да не ве поканила таа во трпезаријата да ви ја

подари својата доверба? Зашто таа се готвеше да ви подари нешто?

– Поинаку и јас не можам да го разберам тоа, освен така.

– Та поради што, по ѓаволите! Што сте направиле вие таму? Со што сте се допаднале? Слушајте, – се возбудуваше тој со сета сила (во тој миг кај него сè беше некако расфрлано и вриеше во безредие, така што не можеше ни мислите да си ги присобере), – слушајте, не можете ли макар никако да се присетите и со ред да објасните за што имено таму сте зборувале, сите зборови, од самиот почеток? Не сте забележале ли нешто, не ќе се сетите ли?

– О, се разбира дека можам, – одговори кнезот, – од самиот почеток, кога влегов и се поздравив, ние почнавме да разговараме за Швајцарија.

– По ѓаволите Швајцарија!

– После за извршувањето на смртната казна . . .

– За извршувањето на смртната казна?

– Да; по еден повод . . . потоа јас им раскажував за тоа како сум ги проживеал трите години таму и едно мое доживување со една сиромашка селанка . . .

– По ѓаволите и сиромашката селанка! Понатаму! – се раскинуваше од нетрпеливост Гања.

– Потоа, како Шнајдер го искажа своето мнение за мојот карактер и ме наведе . . .

– Земи да пропадне тој Шнајдер и плукам на неговото мнение! Понатаму!

– По еден повод јас почнав да говорам за лицата, то ест за изразите на лицата и реков дека Аглаја Ивановна е речиси исто толку убава, колку и Настасја Филиповна. Ете, тогаш издрдорив за портретот . . .

– Но вие не го пренесовте она, но вие не го пренесовте она што го чувте преѓеска во кабинетот? Не? Не?

– Та уште еднаш ви велам дека не.

– Од каде тогаш, по ѓаволите . . . А! А да не ѝ го покажала Аглаја писменцево на старата?

– За тоа можам сосема да ви гарантирам дека не го покажа. Јас цело време бев присутен; та таа и немаше време.

– Но, можеби, вие и самиот не сте забележале нешто ... О! идиот пр-ро-клет да биде, – викна тој веќе сосема избезумен, – не умее ништо ни да раскаже!

Гања, кога веќе еднаш почна да се кара и кога не наиде на никаков отпор, лека-полека изгуби секоја воздржаност, како секогаш што им се случува на извесни луѓе. Уште малку и тој, можеби, ќе почнеше да плука, толку беше разбеснет. Но токму поради тој бес тој и ослепи; инаку тој веќе одамна ќе обрнеше внимание на тоа дека овој „идиот", кого тој така го третира, некако премногу брзо и проникливо умее понекогаш сè да сфати и премногу задоволително да го предаде. Но наеднаш се случи нешто неочекувано.

– Морам да ви забележам, Гаврило Ардалионович, – рече ненадејно кнезот, – дека јас порано навистина боледував и навистина бев речиси идиот; но сега јас веќе одамна оздравив и затоа, малку ми е непријатно кога пред мене ме викаат идиот. Макар што за вас може да се најде извинение, имајќи ги предвид вашите неуспеси, но вие, во вашата јадосаност, на двапати ме навредивте. Мене тоа воопшто не ми се допаѓа, особено вака, како што сторивте вие, туку што ме видовте; според тоа, ние сега се наоѓаме на крстосница и нема ли да биде подобро да се разделиме: вие ќе тргнете десно, кон својата куќа, а јас лево. Јас имам дваесет и пет рубли и сигурно ќе си најдам некое хотелче.

Гања ужасно се збуни и дури поцрвени од срам.

– Проштавајте, кнезу, – врело викна тој, менувајќи го наеднаш својот навредлив тон во премногу учтив. – Живи бога, проштавајте! Гледате ли во каква неволја сум јас! Вие уште речиси ништо не знаете, но да знаевте сè, вие сигурно ќе најдевте барем малку извинение за мене; макар што, се разбира, за мене нема извинение ...

– О, мене и не ми требаат толку големи извиненија, – поита да му одговори кнезот. – Та мене ми е јасно дека ви е непријатно и поради тоа вие и се карате. Е, да одиме кај вас. Јас со задоволство ...

„Не, сега вака не смеам да го испуштам, – си ми-

слеше во себеси Гања, погледнувајќи го патем кнезот со гнев, – овој измамник извлече сè од мене, а потоа наеднаш ја симна маската... Тоа треба нешто да значи. А сега ќе видиме! Сè ќе биде разрешено, сè, сè! Уште денес!"

Тие веќе беа крај самата куќа.

VIII

Станот на Гањечка се наоѓаше на третиот кат на кој водеа сосема чисти, светли и широки скали, а се состоеше од шест или седум соби и собичиња, впрочем, најобични, но, во секој случај, не за семејниот џеб на еден чиновник кој би добивал дури и две илјади рубли плата. Но тој беше наменет за издавање на станари со храна и послуга а беше изнајмен од Гања и неговото семејство пред не повеќе од два месеци, за голема непријатност на самиот Гања, но по молба и настојување на Нина Александровна и Варвара Ардалионовна, кои посакаа, од своја страна, да бидат полезни и макар малку да ги зголемат приходите на семејството. Гања се муртеше и држењето на станари го наречуваше безочност, по ова тој небаре почна да се срами во друштво каде што тој беше свикнат да се појавува како млад човек со извесен сјај и иднина. Сите тие отстапки на судбината и целата таа јадослива теснотија – сето тоа беа неговите длабоки душевни рани. Од извесно време тој почна да се раздразнува од секоја дреболија прекумерно и непропорционално, и ако веќе времено се согласуваше да отстапува и да поднесува, тоа го правеше само поради тоа што тој веќе се имаше решено да го измени сето тоа и да го преправи во најскоро време. А, меѓутоа, самата таа промена, самиот излез кој тој го беше одбрал, претставуваше голема задача, – таква задача, чие претстојно разрешување ветуваше да биде загрижувачко и помачно од сè што ѝ претходеше.

Станот го делеше ходник кој почнуваше директно од претсобјето. Од едната страна на ходникот се наоѓаа оние три соби кои беа наменети за издавање, за

станари со „особени препораки“; освен тоа, од истата страна на ходникот, на самиот негов крај, крај кујната, ќе наоѓаше четвртата собичка, помала од сите други, во која беше сместен лично генералот во оставка Иволгин, таткото на семејството, и спиеше на широк диван, а да влегува и излегува од станот беше обврзан низ кујната и на споредниот излез. Во истата собичка беше сместен и тринаесетгодишниот брат на Гаврило Ардалионович, гимназистот Коља; тој, исто така, мораше да биде тука стеснет, да учи, да спие на друг, многу стар, тесен и краток диван, врз искинат чаршаф, и, што е најважно, да оди и да гледа по таткото, кој сè повеќе и повеќе не можеше без тоа. На кнезот му беше определена средната од трите соби; во првата десно беше сместен Фердишченко, третата лево беше уште празна. Но Гања пред сè го одведе кнезот во половината што му припаѓаше на семејството. Таа половина на станот што му припаѓаше на семејството се состоеше од салон кој, кога требаше, се претвораше во трпезарија, од соба за гости, која впрочем беше тоа само претпладне, а навечер се претвораше во кабинет на Гања и во негова соба за спиење, и, најпосле, од третата соба мала и секогаш затворена: тоа беше соба за спиење на Нина Александровна и Варвара Ардалионовна. Со еден збор, сè во овој стан беше стеснето и згрчено; Гања туку чкрипеше со забите во себеси; тој макар и да сакаше да ја почитува мајка си, но од прв поглед можеше да се забележи кај нив дека тој беше голем тиранин во семејството.

Нина Александровна не беше сама во собата за гости, крај неа седеше Варвара Ардалионовна; и двете се занимаваа со некакво плетење и разговараа со гостинот, Иван Петрович Птицин. Нина Александровна онака од око беше на околу педесет години, со виснато лице и со големи модри подочници. Таа изгледаше болникаво и по малку тажно, но лицето и погледот ѝ беа доста пријатни; од прв поглед можеше да се забележи сериозен карактер, исполнет со вистински достоинства. Без оглед на малку тажниот изглед, во неа се насетуваше цврстина и дури и решителност.

Таа беше облечена необично скромно, во нешто темно и сосема старечки, но нејзините движења, разговорот и целото однесување разоткриваа жена што видела и повисоко друштво.

Варвара Ардалионовна беше девојка на околу дваесет и три години, со среден раст, прилично слабичка, со лице кое не беше многу убаво, но кое ја содржеше во себеси тајната на допаѓањето без убавина и привлекувањето до страст. Таа беше мошне слична на мајката, дури и облечена беше речиси исто како мајката, поради полното несакање да се конти. Погледот на нејзините сиви очи напати можеше да биде многу весел и милозлив, да не беше најчесто сериозен и замислен, понекогаш и прекумера, особено во последно време. Цврстината и решителноста се огледуваа и на нејзиното лице, но можеше да се насети дека таа цврстина можеше да биде и поенергична и попретприемлива од онаа на мајката. Варвара Ардалионовна беше доволно избувлива и братчето напати дури и се потплашуваше од таа избувливост. Се плашеше малку од неа и гостинот кој седеше сега кај нив, Иван Петрович Птицин. Тој беше уште доста млад човек, на околу триесет години, скромно но елегантно облечен, со пријатно, но некако премногу солидно однесување. Темно-русата брадичка означуваше дека е човек од неслужбеничко занимање. Тој умееше да разговара умно и интересно, но често беше молчалив. Воопшто, тој оставаше дури и пријатен впечаток. Јасно беше дека тој не беше рамнодушен спрема Варвара Ардалионовна и не ги криеше своите чувства. Варвара Ардалионовна се однесуваше со него пријателски, но на извесни прашања таа сè уште не иташе да одговори, дури и не ги сакаше. Птицин, впрочем, воопшто не беше обесхрабрен. Нина Александровна беше милослива со него, а во последно време почна дури и многу да му се доверува. Беше познато, впрочем, дека тој специјално се занимава со натрупување пари и со давање краткорочни заеми со високи камати и помалку или повеќе сигурен залог. Со Гања тој беше голем пријател.

На опстојното, но отсечно претставување на Гања

(кој многу суво се поздрави со мајката, сосема не се поздрави со сестрата и веднаш го одведе некаде од собата Птицин) Нина Александровна му рече на кнезот неколку љубезни зборови и му нареди на Коља, кој ѕирна низ вратата, да го одведе во средната соба. Коља беше момчак со весело и доста симпатично лице, со доверливо и простодушно однесување.

– Каде е вашиот багаж? – праша тој воведувајќи го кнезот во соба.

– Јас имам врзулец; го оставив во претсобјето.

– Јас веднаш ќе ви го донесам. Од послугата ја имаме само готвачката и Матрјона, така што и јас помагам. Варја сè надгледува и се лути. Гања вели дека вие денеска сте пристигнале од Швајцарија?

– Да.

– А убаво ли е во Швајцарија?

– Мошне.

– Планини?

– Да.

– Сега ќе ви го довлечкам вашиот врзулец.

Влезе Варвара Ардалионовна.

– Матрјона сега ќе ви го постеле креветот. Имате куфер?

– Не, врзулец. По него отиде вашиот брат; тој е во претсобјето.

– Таму нема никаков врзулец, освен ова врзулче; каде сте го ставиле? – праша Коља враќајќи се одново во собата.

– Та освен ова и нема друго, – изјави кнезот земајќи си го своето врзулче.

– А-а! А јас помислив да не го дигнал Фердишченко.

– Не дрдори глупости, – строго рече Варја, која и со кнезот разговараше сосема суво и одвај учтиво.

– Chér Babette[1]), мене можеш и понежно да ми се обрнуваш, јас не сум Птицин.

– Ти си уште за тепање, Коља, толку си сè уште глуп. За што ќе ви притреба можете да ѝ се обрнете на Матрјона; ручекот е во четири и пол. Можете да

[1]) Драга Бабета (француски)

ручате заедно со нас, можете и во својата соба, како што сакате. Ајде, Коља, да не му пречиме.

– Ајде, решителен карактеру!

На излегување тие се судрија со Гања.

– Тате дома ли е? – го праша Гања Коља и кога овој потврдно му одговори, тој му шепна нешто на уво.

Коља кимна со главата и излезе заедно со Варвара Ардалионовна.

– Два збора, кнезу, јас заборавив да ви кажам поради оние ... работи. Извесна молба: сторете ми го тоа, – само ако не ви биде тоа премногу тешко, – не дрдорете ни тука, што ми се случи сега со Аглаја, ни таму, за она што ќе најдете овде; зашто и овде има доста бесмислици. По ѓаволите, впрочем ... Макар денеска воздржете се.

– Ве убедувам дека јас многу помалку сум дрдорел одошто вам ви се чини, – рече кнезот со извесна раздразнетост поради прекорите на Гања.

Односите меѓу нив јасно станувааа сè полоши и полоши.

– Е, јас денеска веќе доста поднесов поради вас. Со еден збор, јас ве молам.

– Забележете го и тоа, Гаврило Ардалионович, што ме врзуваше преѓеска и зошто не смеев да го спомнувам портретот? Та вие не сте ме моледе за тоа.

– Уф, колку лоша соба, – забележа Гања обѕирајќи се презриво наоколу, – мрачно е и прозорците гледаат во двор. Во секој однос вие не сте стасале кај нас навреме ... Е, тоа веќе не е моја работа; не го држам јас станот.

Ѕирна Птицин и го повика Гања; тој забрзано го напушти кнезот и излезе, без оглед на тоа што сакаше уште нешто да каже, но се гледаше дека се мачеше и небаре му беше срам да почне; а и собата ја искритикува небаре посрамен.

Штотуку кнезот се изми и успеа некако да си ја поправи тоалетата, повторно се отвори вратата и се појави ново лице.

Тоа беше господин на околу триесет години, со висок раст, плеќест, со огромна, кадрава, црвеникава

глава. Лицето му беше месесто и румено, усните дебели, нос широк и сплескан, очите мали пропаднати во месо и подбивни небаре непрестајно намигнуваа. Облеката му беше доста нечиста.

Тој отпрвин ја подотвори вратата токму колку што му требаше за да ја провре главата. Провренатa глава едно пет секунди ја разгледуваше собата, потоа вратата почна бавно да се отвора, целата фигура се појави на прагот, но гостинот сè уште не влегуваше, туку од прагот продолжуваше замижано да го разгледува кнезот. Најпосле, тој ја затвори вратата зад себеси, се приближи, седна на стол, го стегна кнезот силно за рака и го седна косо од себеси на диванот.

– Фердишченко, – проговори тој внимателно и испитувачки гледајќи го кнезот во лицето.

– Што тогаш? – одговори кнезот речиси насмеано.

– Станар, – проговори пак Фердишченко загледувајќи се како порано.

– Сакате да се запознаеме?

– Е-ех! – проговори гостинот разбушавувајќи си ја косата и воздивнувајќи, и почна да гледа во спротивниот агол. – Имате пари? – праша тој наеднаш обрнувајќи му се на кнезот.

– Имам малку.

– Колку имено?

– Дваесет и пет рубли.

– Покажете ми ги.

Кнезот ја извлече банкнотата од дваесет и пет рубли од џебот на елекот и му ја подаде на Фердишченко. Тој ја рашири, ја погледа, ја преврти на другата страна, потоа ја сврти кон светлината.

– Доста чудно, – проговори тој небаре размислувајќи, – зошто си ја менуваат бојата? Тие од дваесет и пет рубли напати ужасно потемнуваат, а други, пак напротив, сосема си ја губат бојата. Повелете.

Кнезот си ја зеде својата банкнота назад. Фердишченко стана од столот.

– Дојдов да ве предупредам: како прво, никако да не ми давате пари назаем, зашто јас, секако, ќе ви барам.

– Добро.

– Имате намера да плаќате овде?

– Да.

– А јас немам намера; благодарам. Јас сум овде десно од вас, сте виделе? Потрудете се да не ме посетувате премногу често; не возбудувајте се, јас ќе доаѓам кај вас. Сте го виделе ли генералот?

– Не.

– И не сте го чуле?

– Се разбира, не.

– Тогаш ќе го видите и ќе го чуете; а одозгора, тој дури од мене бара пари назаем? Avis au lecteur[1]). До видување. Зар е можно да се живее со презиме Фердишченко? А?

– А зошто не?

– До видување.

И тој се упати кон вратата. Кнезот веќе подоцна дозна дека овој господин небаре имаше задача, што сам си ја поставил, да ги почудува сите со оригиналност и веселост, но кај него тоа некако не испаѓаше. На некои тој дури им оставаше и непријатен впечаток, поради што искрено жалеше, но својата задача сепак не ја напушташе. На вратата тој небаре успеа да се поправи судирајќи се со еден господин кој сакаше да влезе; откако го пушти овој нов и непознат за кнезот гостин во собата, тој неколкупати предупредувачки намигна зад него и на тој начин сепак замина со извесно достоинство.

Новодојдениот господин беше со висок раст, на околу педесет години или дури и повеќе, доста полн, со темно-црвено, месесто и надуено лице, обрабено со густи беловласи бакенбарди, со мустаки, со големи, доста испакнати очи. Изгледот ќе му беше доста личен, да немаше во себе нешто олабавено, излитено, дури и извалкано. Тој беше облечен во стар реденгот со речиси продупчени лакти; долната облека, исто така, му беше маслосана, – сосема за по дома. Во неговата близина малку мирисаше на ракија; но однесувањето му беше ефектно, однапред проучено, со јасно љубоморна желба да вчудовиди со својата до-

---

[1]) Забелешка за читателот (француски)

стоинственост. Господинот му пријде на кнезот, не итајќи, со љубезна насмевка, молкум му ја стегна раката и, држејќи ја во својата, извесно време му се загледа в лице небаре препознавајќи познати црти.

– Тој е! Тој! – проговори тој тивко, но свечено. – Како жив! Слушам, спомнува познато и драго име и се присетив за неповратното минато ... Кнезот Мишкин?

– Токму така, господине.

– Генерал Иволгин, во оставка и унесреќен. Можам ли да ве замолам за вашето име и името на таткото?

– Лав Николаевич.

– Така, така! Синот на мојот пријател, можам да речам на другарот од детството Николај Петрович?

– Татко ми го викаа Николај Лавович.

– Лавович, – се поправи генералот, но не итајќи, туку со совршена увереност небаре воопшто никогаш и не го заборавил, туку само случајно згрешил. Тој седна и земајќи го за рака и кнезот го седна крај себеси. – Јас на раце сум ве носел.

– Навистина? – праша кнезот, – има веќе дваесет години како е умрен татко ми.

– Да; дваесет години; дваесет години и три месеци. Заедно сме учеле; а јас право во воена служба.

– Та и татко ми беше во воена, како потпоручник во Василковскиот полк.

– Во Беломирскиот. Префрлањето во Беломирскиот беше извршено пред самата смрт. Јас таму стоев и го благословив за во вечноста. Вашата мајчичка ...

Генералот подзапре небаре поради тажното сеќавање.

– Та и таа умре по половина година од настинка, – рече кнезот.

– Не од настинка. Не од настинка, верувајте му на еден старец. Јас бев таму, на нејзиниот закоп. Од жал по својот кнез, а не од настинка. Да, господине, ја паметам и кнегињата! Младост! Заради неа, јас со кнезот, другари од детството, за малу ќе станевме заемни убијци.

Кнезот почна да го слуша со извесна недоверба.

– Јас бев страсно вљубен во вашата родителка, уште кога таа беше свршеница, – свршеница на мојот другар. Кнезот забележа и беше фрапиран. Ми доаѓа изутрина, во седум часот, ме разбудува. Се облекувам вчудовиден; молк од двете страни; мене ми стана сѐ јасно. Вади од џебот два пиштола. Да пукаме на растојание од една шамија. Без сведоци. Зошто ни се сведоци кога по пет минути ќе се испратиме еден другего во вечност? Ги наполнивме пиштолите, ја оптегнавме шамијата, застанавме, ги ставивме пиштолите заемно кон срцата и се гледавме еден другего в лице. Наеднаш и кај обајцата солзи во очите како град, затреперија рацете. Кај обајцата, кај обајцата одеднаш! И тогаш, природно, прегратки и заемна борба на великодушност. Кнезот вика: твоја е! Јас викам: твоја! Со еден збор . . . со еден збор . . . вие ќе живеете кај нас . . . ќе живеете?

– Да, извесно време, можеби, – проговори кнезот небаре со мало пелтечење.

– Кнезу, мајка ми ве моли да дојдете кај неа, – викна Коља ѕирнувајќи на врата. Кнезот веќе стана да тргне, но генералот му ја стави десната дланка на рамо и пријателски повторно го седна на диванот.

– Како вистински пријател на вашиот татко сакам да ве предупредам, – рече генералот, – јас, како што гледате самиот, настрадав во трагична катастрофа: но без суд! Без суд! Нина Александровна е ретка жена. Варвара Ардалионовна, мојата ќерка, – е ретка ќерка! Поради околностите го држиме станов, – нечуено пропаѓање! . . . Но вам ние секогаш ви се радуваме. А, меѓу другото, во куќата имам трагедија!

Кнезот го гледаше испитувачки и со големо љубопитство.

– Се приготвува женачка, и тоа ретка женачка. Женачка со една сомнителна жена и момчак кој би можел да биде камер-јункер. Таа жена ќе биде доведена во куќа каде што се мојата ќерка и мојата жена! Но додека јас дишам, таа нема да дојде. Ќе легнам на прагот и нека ме пречекори мене! . . . Со Гања јас сега речиси не разговарам, дури одбегнувам да се сретнам.

Намерно ве предупредувам; штом ќе живеете кај нас, и без тоа ќе бидете сведок. Но вие сте син на мојот пријател и јас имам право да се надевам . . .

– Кнезу, бидете толку добар, повелете кај мене во собата за гости, – го покани Нина Александровна, појавувајќи се веќе самата на вратата.

– Претстави си, пријателко моја, – викна генералот, – испаѓа дека кнезов јас сум го носел на раце!

Нина Александровна со прекор го погледна генералот и испитувачки кнезот, но не рече ниту збор. Кнезот тргна по неа; но штотуку тие стигнаа во собата за гости и седнаа, а Нина Александровна штотуку почна нешто забрзано и полугласно да му соопштува на кнезот, генералот ненадејно се појави и самиот во собата. Нина Александровна истиот миг замолчи и со видлива јадосаност се наведна кон своето плетиво. Генералот можеби и ја забележал таа јадосаност, но продолжуваше да биде во најпрекрасно расположение.

– Синот на мојот пријател! – викна тој обрнувајќи ѝ се на Нина Александровна, – толку неочекувано! Јас веќе одамна престанав и да го замислувам. Но, пријателко моја, зар навистина не го паметиш покојниот Николај Лавович? Та ти го затече уште во Твер?

– Јас не го паметам Николај Лавович. Тој ви е татко? – го праша таа кнезот.

– Татко ми е, но тој, ми се чини, не умре во Твер, туку во Елисаветград, – бојазливо му забележа кнезот на генералот. – Тоа го имам чуено од Павлишчев . . .

– Во Твер, – потврди генералот, – пред самата смрт беше префрлен во Твер и дури уште пред да го зафати болеста. Вие сте биле премногу малечок и не сте можеле да го запомните ниту преместувањето ниту патувањето; та Павлишчев можел да погреши, макар што беше прекрасен човек.

– Вие сте го познавале Павлишчев?

– Редок човек беше тој, но јас бев личен сведок. Јас го благословив на смртниот одар . . .

– Та татко ми умре под суд, – забележа кнезот одново, – макар што никогаш не можев да дознам поради што токму тој умре в болница.

– О, тоа е поради онаа работа со редовот Колпаков, и, без сомнение, кнезот би бил оправдан.

– Така ли? Вие сигурно го знаете тоа? – праша кнезот со особено љубопитство.

– Се разбира! – викна генералот. – Судот заврши без никакво решение. Работата беше невозможна! Може да се рече и дека беше дури таинствена работа: умира штабниот капетан Ларионов, командир на четата; кнезот времено бидува назначен за вршител на должноста; добро. Редовот Колпаков извршува кражба, – чизмите на својот пријател, – и ги испива; добро. Кнезот, – забележете го ова, тоа беше во присуство на наредникот и капларот, – го разобличува Колпаков и му се заканува со тепање. Многу убаво. Колпаков оди в касарна, легнува на постела и по четврт час умира. Прекрасно, но работава е неочекувана, речиси невозможна. Вака или инаку, но Колпаков го закопуваат; кнезот рапортира и потоа Колпаков бидува избришан од списоците. Се чини, што има поприродно од тоа? Но токму по половина година, на бригадната смотра, редовот Колпаков, небаре ништо не се има случено, се појавува во третата чета на вториот баталјон на Новоземјанскиот пешадиски полк, на истата бригада и на истата дивизија!

– Како! – викна кнезот стаписан од вчудовидување.

– Тоа не било така, тоа е грешка! – му се обрна ненадејно Нина Александровна гледајќи го речиси со тага. – Mon mari se trompe[1]).

– Но пријателко моја, лесно е да се каже se trompe, но разреши ти сама еден ваков случај! Сите беа вчудовидени. Јас прв би кажал qu'on se trompe[2]). Но, за несреќа, јас бев присутен и самиот учествував во комисијата. Сите соочувања покажаа дека тоа е сосема истиот редов Колпаков, кој пред половина година бил закопан со вообичаена церемонија и со тропање на барабаните. Случката навистина е ретка, дури невозможна, јас се сложувам, но . . .

---

[1]) Мојот маж се лаже. (француски).

[2]) Дека се лажеме. (француски).

– Тате, поставено ви е за ручек, – го извести Варвара Ардалионовна влегувајќи во собата.

– А, тоа е прекрасно, одлично е! Јас навистина огладнев ... Но случката е, може да се рече, психолошка ...

– Супата пак ќе ви се олади, – нестрпливо рече Варја.

– Веднаш, веднаш, – мрмореше генералот излегувајќи од собата, – „и без оглед на секакви испитувања", – сè уште се слушаше од коридорот.

– Вие ќе морате многу работи да му простите на Ардалион Александрович, ако останете кај нас, – му рече Нина Александровна на кнезот, – тој, впрочем, нема премногу да ви здодева, тој дури и руча сам. Треба да разберете, секој си има свои мани и свои ... особености, другите ги имаат дури и повеќе од оние на кои сме свикнале да укажуваме со прст. Само едно многу ќе ве молам: ако маж ми ви се обрне некогаш за плаќање на кирија, вие речете му дека сте ми платиле мене. То ест, ако му платите на Ардалион Александрович ќе ви се смета исто како да сте платиле, но јас ве молам само колку да се знае редот ... Што е тоа, Варја?

Варја се врати во собата и молкум ѝ го подаде на мајка си портретот на Настасја Филиповна. Нина Александровна затрепери и отпрвин, речиси со уплав, а потоа со прикриена горчливост почна да го разгледува извесно време. Најодзади прашално ја погледа Варја.

– Денес тоа му е подарено лично од неа, – рече Варја, – а вечерва сè ќе биде решено меѓу нив.

– Вечерва! – речиси во очај повтори полугласно Нина Александровна.

– И што? Тука повеќе нема никакво сомневање и не ни преостанува никаква надеж: со портретов таа сè има кажано ... Та тој самиот ли ти го покажал? – додаде таа вчудовидена.

– Вие знаете дека ние веќе цел месец речиси не сме прозборувале ниту збор. Птицин ми рече за сево ова, а портретов беше паднат таму крај масата; јас го кренав.

– Кнезу, – му се обрна неочекувано Нина Александровна, – сакав да ве прашам (заради тоа всушност и ве поканив вашу), одамна ли го познавате мојот син? Тој велеше, се чини, дека вие денес штотуку сте стасале однекаде?

Кнезот накусо им објасни сè за себеси, испуштајќи една голема половина. Нина Александровна и Варја го сослушаа.

– Немам намера да дознам нешто за Гаврило Ардалионович распрашувајќи ве вас, – забележа Нина Александровна, – не смеете погрешно да ме сфатите. Ако постои нешто што тој самиот не сака да ми го довери, јас не сакам да го дознам од други. Јас, всушност, го имам на ум она што преѓеска Гања, во ваше присуство и после, кога заминавте, на моето прашање ми одговори: „Тој знае сè, зошто да се стеснуваме!" Што значи тоа? То ест, јас би сакала да знам до која мера.

Наеднаш влегоа Гања и Птицин; Нина Александровна веднаш замолчи. Кнезот остана на столот крај неа, а Варја се оддалечи понастрана; портретот на Настасја Филиповна стоеше на највидно место на работната масичка на Нина Александровна, директно пред неа. Гања кога го виде, се намурти, јадосано го зеде од масата и го префрли на својата работна маса која се наоѓаше на другиот крај на собата.

– Денес, Гања? – наеднаш праша Нина Александровна.

– Што денес? – се стресе Гања и наеднаш му се нафрли на кнезот. – А, разбирам, вие сте стасале веќе и тука! . . . Та што ви е вам, најодзади, тоа ви е некоја болест, или што? Не можете да се воздржите? Та разберете, најодзади, ваша светлост . . .

– Тука сум јас виновен, Гања, а не некој друг, – го прекина Птицин.

Гања прашално го погледна него.

– Та тоа е, Гања, подобро, дотолку повеќе што од едната страна работата веќе е готова, – промрмори Птицин и, повлекувајќи се настрана, седна крај масата, извади од џебот некое ливче испишано со молив и почна внимателно да го проучува. Гања стоеше на-

муртен и вознемирено ја очекуваше семејната сцена. Тој и не помисли да му се извини на кнезот.

– Ако веќе сè е готово, тогаш Иван Петрович, се разбира, има право, – рече Нина Александровна, – не мурти се, те молам, и не возбудувај се, Гања, јас немам намера да те прашувам за ништо што самиот не сакаш да ми го кажеш, и те убедувам дека сосема се помирив со тоа, стори ми го тоа, не возбудувај се.

Таа го изговори тоа не откинувајќи се од работата и, се чинеше, навистина спокојно. Гања беше вчудовиден, но претпазливо молчеше и си ја гледаше мајка си, очекувајќи таа појасно да се изрази. Домашните сцени веќе премногу скапо го чинеа. Нина Александровна ја забележа таа претпазливост и со горчлива насмевка додаде:

– Ти сè уште се сомневаш и не ми веруваш; не вознемирувај се, не ќе има ниту солзи, ниту молби, како порано, што се однесува до мене. Целата моја желба е ти да бидеш среќен и ти тоа го знаеш; јас ѝ се покорив на судбината, но моето срце ќе биде секогаш со тебе, без разлика дали ќе останеме заедно или ќе се разделиме. Се разбира, јас одговарам само за себеси; ти не можеш истото да го бараш од сестра си . . .

– А, пак таа! – викна Гања, гледајќи ја сестра си подбивно и со омраза, – мамо! ви се колнам пак за она што веќе еднаш ви го ветив; никој никогаш не ќе посмее да не ве почитува вас, додека сум јас тука, додека сум жив. Кој и да било, јас ќе настојувам на најголема почит кон вас, кој и да го мине нашиов праг . . .

Гања толку се израдува, што речиси помирливо, речиси нежно ја гледаше мајка си.

– Ти знаеш, Гања, дека јас за себеси воопшто и не се плашев; јас не се вознемирував сево време и се мачев заради себеси. Велат, денес ќе биде сè решено? И што ќе биде решено?

– Вечерва, кај неа дома, таа вети да изјави: се сложува или не, – одговори Гања.

– Речиси три недели ние го одбегнувавме тој разговор и така беше подобро. Сега, кога веќе е сè ре-

шено, јас само едно ќе си дозволам да прашам: како можела таа да ти ја даде својата согласност и дури и да ти го подари својот портрет, кога ти не ја сакаш? Зар е можно ти неа таквата . . . таквата . . .

– Е, со искуство мислиш, а?

– Не сакав така да се изразам. Зар е можно до тој степен да ја заслепиш?

Необична раздразнетост се почувствува наеднаш во тоа прашање. Гања постоја, поразмисли за миг и, не криејќи ја подбивноста, проговори.

– Вие се занесовте и пак не се додржавте, мамице, и, ете, така, кај нас секогаш почнуваше сè и се разгоруваше. Вие рековте: не ќе има ниту прашања, ниту прекори, а тие веќе почнаа. Подобро е да го оставиме тоа; навистина да го оставиме; најодзади вие имавте намера . . . Јас никогаш за ништо на светов вас не ќе ве оставам; некој друг од ваква сестра би побегнал, погледајте ја како ме гледа мене! Да завршиме со тоа! Јас веќе толку се израдував . . . И од каде знаете дека ја измамувам Настасја Филиповна? А што се однесува до Варја, како сака, и – доста е. Е, сега веќе навистина е доста!

Гања зовриваше со секој збор и бесцелно чекореше по собата. Таквите разговори за миг се претвораа во рането место кај сите членови на семејството.

– Јас реков дека ако таа влезеваму, јас ќе излезам оттука и си го држам зборот, – рече Варја.

– Од тврдоглавост! – викна Гања. – Од тврдоглавост не сакаш ни да се мажиш! Што ’ржиш на мене? Мене ми е сеедно, Варвара Ардалионовна; ако сакате уште сега можете да си ја извршите вашата намера. Вие веќе многу сте ми здодеале. Како! Вие, кнезу, најпосле, сте се решиле да нè напуштите, – му се развика тој на кнезот кога виде дека тој станува од местото.

Во гласот на Гања веќе се чувствуваше оној степен на раздразнетост, во кој човек речиси сам се радува на таа раздразнетост, ѝ се предава без секакво додржување и небаре со насладување кое расте, до каде и да доведе тоа. Кнезот веќе се сврти крај вратата, за да му одговори, но, кога виде по изобличеното

лице на својот навредувач, дека недостасува уште онаа капка која го преполнува садот, се сврти и молкум излезе. По неколку минути, по гласовите од собата за гости, тој разбра дека разговорот по неговото заминување станал уште побучен и поотворен.

Тој мина низ салонот во претсобјето за да излезе во ходникот, а од него, во својата соба. Минувајќи крај самата надворешна врата што излегуваше на скалите, тој чу и забележа дека од другата страна на вратата некој со сите сили се обидува да заѕвони; но ѕвончето, изгледа, нешто се расипа: тоа само малку протреперуваше, но не испушташе никаков звук. Кнезот го извади резето, ја отвори вратата и – стаписан се повлече назад, сиот дури затрепери: пред него стоеше Настасја Филиповна. Тој веднаш ја позна според портретот. Очите ѝ светнаа од експлозија на јадосаност кога го виде него; таа брзо мина во претсобјето туркајќи го со рамо за да си направи пат и разлутено рече, соблекувајќи си ја бундата:

– Штом те мрзи да го поправиш ѕвончето, тогаш би требало да седиш во претсобјето кога некој чука. Сега, ете, бундата ти падна, магаре!

Бундата навистина ѝ беше падната долу; Настасја Филиповна не дочекувајќи кнезот да ѝ помогне, ја дигна самата фрлајќи ја во неговите раце, не гледајќи одзади, но кнезот не стаса да ја прифати.

– Треба да те истераат. А сега трчај, најави.

Кнезот веќе сакаше нешто да каже, но толку се збуни, што не успеа ништо да изговори и со бундата, која што ја беше кренал од подот, тргна во собата за гости.

– А сега оди со бундата! Зошто ја носиш бундата. Ха-ха-ха! Та ти улав ли си?

Кнезот се врати и почна да ја гледа како дамлосан; кога таа се насмеа – се насмевна и тој, но сè уште не можеше ништо да изговори. Првиот миг, кога ѝ ја отвори вратата, тој беше блед, сега руменило наеднаш му го облеа лицето.

– Та каков идиот е овој! – викна од негодување Настасја Филиповна и тропна со ногата. – Та каде одиш? Кого ќе го најавуваш?

– Настасја Филипова, – промрмори кнезот.

– Од каде ме знаеш? – брзо праша таа, – јас никогаш те немам видено! Трчај, најави ме . . . Какви се тие викотници таму?

– Се караат, – одговори кнезот и појде во собата за гости.

Тој влезе во прилично решителен миг: Нина Александровна веќе беше сосема готова да заборави дека со „сè се помирила“; таа, впрочем, ја бранеше Варја. Крај Варја стоеше и Птицин, кој веќе го беше оставил своето ливче испишано со молив. Варја и самата не се срамеше, а и не беше од оние девојки што се срамат; но грубоста на братот со секој збор стануваше сè понеучтива и понеподнослива. Во таквите случаи таа обично престануваше да зборува и само молкум, подбивно го гледаше брата си, не соборувајќи ги очите. Тој маневар, како што знаеше таа, беше способен да го исфрли од крајните граници. Ете, токму во тој миг кнезот зачекори во собата и јави:

– Настасја Филиповна!

IX

Завладеа молк; сите гледаа во кнезот небаре не разбирајќи и – не сакајќи да го разберат. Гања се здрви од страв.

Доаѓањето на Настасја Филиповна, а особено во тој миг, за сите беше чудно и загрижувачки неочекувано. Самото тоа што Настасја Филиповна за првпат повела да дојде; досега таа се држеше толку надмено, што во разговорите со Гања не изразила дури ни желба да се запознае со неговите, во последно време воопшто не ги спомнуваше, небаре тие не постоеја на светов. Гања, макар што делумно и се радуваше што се оставаше за подоцна овој тежок разговор, сепак, во своето срце, таа надменост ја забележа на нејзина сметка. Во секој случај тој поскоро очекуваше од неа подбивање и зајадливост за сметка на неговото семејство, одошто посета; тој сигурно знаеше дека нејзе ѝ е сè познато што се случува кај него дома по повод

женачката и како ја гледаат неа неговите родители. Нејзината посета, сега, по подарувањето на портретот и на својот роденден, на денот кога таа вети дека ќе ја реши неговата судбина, имаше значење речиси на решение.

Недоумицата со која сите го гледаа кнезот не траеше долго време: Настасја Филиповна се појави на вратата и самата и, уште еднаш, влегувајќи во собата, лесно го турна кнезот.

– Најпосле успеав да влезам . . . зошто ви е врзано ѕвончето? – весело изговори таа, подавајќи му ја раката на Гања, кој прекутрупа се втурна кон неа. Што ви е толку изобличено лицето? Претставете ме, ве молам . . .

Сосема збунет, Гања ја претстави прво на Варја, и двете жени пред да си ги подадат рацете си разменија по еден чуден поглед. Настасја Филиповна, впрочем, се смееше и се прикриваше под маската на веселост, но Варја не сакаше да се прикрива и ја гледаше тегобно и внимателно; на нејзиното лице не се појави дури ни сенка на насмевка неопходна од обична учтивост. Гања премре; веќе немаше зошто и немаше време да се моли и тој фрли кон Варја толку заканувачки поглед, што таа, по силината на тој поглед, сфати што значи за нејзиниот брат овој миг. Тогаш таа, се чини, реши да му попушти и одвај-одвај ѝ се насмевна на Настасја Филиповна. (Сите тие од семејството уште премногу се сакаа еден со друг). Малку ја поправи работата Нина Александровна, која Гања, веќе сосема збунет, ја претстави по сестрата и дури прво неа ја доведе до Настасја Филиповна. Но тукуштo Нина Александровна стаса да почне за своето „особено задоволство“, Настасја Филиповна не слушајќи, брзо се сврти накај Гања и седнувајќи (уште непонудена) на малиот диван, во аголот крај прозорецот, викна:

– Та каде е вашиот кабинет? И . . . каде ви се станарите? Зашто вие држите станари, нели?

Гања ужасно поцрвени и веќе сакаше нешто да одговори, но Настасја Филиповна веднаш додаде:

– Каде можете да држите станари. Та вие немате

ни кабинет. А се исплатува ли тоа? – ѝ се обрна таа наеднаш на Нина Александровна.

– Задава извесни грижи, – ѝ одговори таа, – се разбира, мора да се исплатува. Ние, впрочем, штотуку . . .

Но Настасја Филиповна веќе пак не ја слушаше: таа го гледаше Гања, се смееше и му викаше:

– Какво ви е лицето? О, боже, какво ви е лицето во овој миг . . .

Минаа неколку мигови во ваква смеа и лицето на Гања навистина многу се изобличи: неговото дамлосување, неговата комична страшлива збунетост наеднаш го напушти; но тој ужасно пребледи, усните му се искривија од грч; тој молчејќи, цврсто и со лош поглед, непрестајно гледаше во лицето на својата гостинка која и натаму се смееше.

Тука имаше уште еден набљудувач, кој, исто така, уште не се беше ослободил од вџашувањето кога ја виде Настасја Филиповна; но тој, макар што стоеше како „дрво" на преѓешното свое место, во вратата на собата, сепак успеа да го забележи бледилото и злоќудната промена на лицето на Гања. Тој набљудувач беше кнезот. Речиси во уплав, тој неочекувано автоматски стапи напред.

– Напијте се вода, – му прошепоти тој на Гања. – И, не гледајте вака . . .

Јасно беше дека тој го изговори тоа без секаква сметка, без секоја особена смисла, онака, според првиот импулс; но неговите зборови имаат необично дејство. Се чинеше сиот гнев на Гања наеднаш се собори врз кнезот: тој го фати за рамениците и го гледаше молчејќи, заканувачки и со омраза, небаре немаше сили да изговори збор. Сите ги опфати вознемиреност: Нина Александровна дури тивко викна. Птицин вознемирено направи еден чекор напред, Коља и Фердишченко, кои се појавија на вратата, застанаа стаписани, само Варја како и преѓеска гледаше од под очи, но внимателно набљудуваше. Таа не седнуваше, туку стоеше скраја, крај мајка си, со раце скрстени на гради.

Но Гања се сепна веднаш, речиси во првиот миг

на своето движење и нервозно се раскикоти. Тој сосема си дојде на себеси.

– Што сте вие, кнезу, доктор ли сте? – викна тој колку што можеше повесело и попријателски, – дури ме исплашивте; Настасја Филиповна, можам да ви го претставам, ова е еден редок субјект, макар што и јас го познавам само од изутринава.

Настасја Филиповна во недоумица го гледаше кнезот.

– Кнез? Тој е кнез? Претставете си, а јас пред малку, во претсобјето, помислив дека е лакеј и го пратив да ме најави. Ха-ха-ха!

– Не е страшно, не е страшно! – се замеша Фердишченко, приближувајќи ѝ се забрзано и израдуван што сите почнаа да се смеат, – не е страшно: se non e vero . . .[1])

– Дури и ве искарав, ми се чини, кнезу. Проштавајте, ве молам. Фердишченко, што барате овде во овој миг? Јас најмалку се надевав вас да ве најдам. Кој? Кој кнез? Мишкин? – го препраша таа Гања, кој, меѓутоа, сѐ уште држејќи го кнезот за рамо, успеа да го претстави.

– Наш станар, – повтори Гања.

Очевидно, кнезот беше претставен како нешто ретко (и нешто што им помогна на сите да излезат од лажна положба), и одвај не го туркаа кон Настасја Филиповна; кнезот дури јасно го чу зборот „идиот“, прошепотено зад него, се чини, од Фердишченко, за да ѝ се објасни на Настасја Филиповна.

– Кажете ми, зошто не ме разубедивте прегеска, кога јас толку ужасно . . . погрешив во однос на вас? – продолжи Настасја Филиповна разгледувајќи го кнезот од глава до петици без никакво стеснување; таа со нетрпение го чекаше одговорот, небаре беше наполно убедена дека одговорот мора да биде толку глуп, што не ќе може да не се насмее.

– Јас се вчудовидов кога ве видов така нечекано . . – промрмори кнезот.

– А како познавте дека сум јас? Каде сте ме ви-

---

[1]) Ако не е вистина . . . (италијански)

деле порано? Што е тоа, јас небаре навистина некаде го имам видено? И дозволете да ве прашам, зошто вие преѓеска на место се дамлосавте? Што има во мене што ве натерало на тоа?

– Е, како, како! – продолжуваше да прави гримаси Фердишченко, – е како, де! О, господи, колку работи би одговорил јас на едно вакво прашање! Ајде, де ... По ова, ти си, кнезу, вистински дибек!

– Та и јас кога би бил на ваше место сешто би одговорил, – му се насмеа кнезот на Фердишченко, – преѓеска мене многу ме вчудовиди вашиот портрет, – продолжи тој кон Настасја Филиповна, – потоа јас разговарав за вас со Епанчини ... а рано, изутрината, уште пред да пристигнеме во Петроград, во возот, многу ми раскажуваше за вас Парфјон Рогожин ... И истиот оној миг, кога ви ја отворав вратата, јас пак за вас размислував, а тука наеднаш и вие.

– А, како ме познавте дека сум јас?

– По портретот и ...

– И уште?

– И уште поради тоа што токму вака ве замислував ... И јас небаре сум ве видел некаде.

– Каде? Каде?

– Небаре сум ги видел некаде вашите очи ... но тоа е невозможно! Јас онака ... Јас и не сум бил никогаш овде. Можеби насоне ...

– Браво кнезу! – викна Фердишченко. – Не, јас она моето: se non e vero – си го враќам назад. Впрочем ... впрочем, та тој сето тоа го зборува од наивност! – додаде тој со жалење.

Кнезот ги изговори неколкуте свои реченици со возбуден глас, прекинувајќи се и често барајќи здив. Сè во него изразуваше необична возбуденост. Настасја Филиповна го гледаше него со љубопитност, но повеќе не се смееше. Истиот тој миг ненадејно еден нов, силен глас, кој се зачу од зад толпата, која тесно ги беше опколила кнезот и Настасја Филиповна, речиси ја втурна во толпата и ја подели надве. Пред Настасја Филиповна беше исправен таткото на семејството лично, генералот Иволгин. Тој беше во фрак и чиста кошула; мустаќите му беа намачкани ...

Ова Гања веќе не можеше да го поднесе.

Самољубив и суетен до болна чувствителност, до хипохондрија; целите овие два месеци барајќи било каква точка на која да се потпре попристојно и да се претстави себеси поблагороден; чувствувајќи дека е сè уште новак на патот што го одбра и дека, можеби, не ќе може да издржи; најодзади решителен во очај на полна безобѕирност кај себеси дома, каде што беше тиранин, не смеејќи да се реши на тоа пред Настасја Филиповна, која до последен миг го збунуваше и господареше со него; „нестрпливиот голтар", како што се изрази самата Настасја Филиповна, за што тој веќе беше известен; заколнат со сите клетви болно да ѝ се одмазди за сето тоа подоцна и истовремено детски верувајќи во себеси дека ќе ги соедини сите нишки и дека ќе ги помири сите спротивности, – тој мораше сега да ја испие и оваа ужасна чаша, и, што е најважно, во еден ваков миг! Уште ова непредвидено, но најстрашно искушение за еден суетен човек – маката да се црвени поради своите родители, во својата куќа, му претстоеше да ја поднесе. „За сево ова, дали се исплати, најодзади, наградата!" – мигновено мина во главата на Гања.

Истиот тој миг се остваруваше она, што овие два месеца му доаѓаше само насоне ноќе, во облик на кошмар и го облеваше со студенилото на ужасот, го согоруваше од срам; се случи најодзади семејната средба на неговиот татко со Настасја Филиповна. Напати тој, поигрувајќи се и раздразнувајќи се себеси, се обидуваше да си го замисли генералот за време на брачната церемонија, но никогаш не беше во состојба да ја доврши мачната слика и иташе да ја напушти. Можеби тој бескрајно ја зголемуваше неволјата; но тоа е карактеристично за суетните луѓе. За овие два месеци тој стигна да поразмисли и да реши и си даде збор дека по секоја цена ќе го тргне некако татка си, макар привремено, и дури, ако биде можно, да го испрати некаде надвор од Петроград, без оглед на тоа дали ќе биде согласна со тоа мајката или не. Пред десет минути, кога Настасја Филиповна се појави на вратата, тој беше толку стаписан, толку дамлосан,

што сосема беше заборавил за можноста да се појави на сцената Ардалион Александрович и не презеде никакви мерки. И, еве го генералот тука, пред сите и уште свечено приготвен и во фрак и тоа токму во тоа време кога Настасја Филиповна „само бара случај да го прекрие него и неговите домашни со подбивање". (Тој беше убеден во тоа.) А и навистина, какво друго значење би можела да има таа нејзина посета, ако не тоа? Да се спријатели со неговата мајка и сестра или да ги навреди нив во неговата куќа, таа дошла? Но спрема она како се поделија двете страни, повеќе не можеше да има сомневање: мајка му и сестра му седеа скраја како посрамени, а Настасја Филиповна дури и заборавила, се чини, дека и тие се во собата со неа . . . И ако таа така се држи, тогаш се разбира, таа има некоја своја цел!

Фердишченко го зеде подрака генералот и го доведе до неа.

– Ардалион Александрович Иволгин, – достоинствено изговори насмеано генералот наведнувајќи се, – стар несреќен војник и таткото на семејството кое е среќно од надежта да прими меѓу себе една таква прекрасна . . .

Тој не доврши; Фердишченко брзо му намести одзади стол, и генералот, чувствувајќи извесна слабост во нозете во тој миг, се плесна, или подобро да се изразиме, падна на столот; но тоа врпочем, не го збуни него. Тој се намести на столот директно наспроти Настасја Филиповна и со пријатно стеснување, бавно и со ефект, ги приближи нејзините мали прсти кон своите усни. Воопшто, беше многу тешко генералот да се збуни. Неговата надворешност, освен извесна неуредност, сè уште беше доста пристојна, што тој многу убаво го знаеше. Порано нему му се случувало да се движи и во многу добро друштво, од кое конечно беше исклучен дури пред две-три години. Оттогаш тој веќе без секакво додржување им се предаде на извесни свои слабости, но умеењето да се држи искусно и пријатно не го напушти ни досега. Настасја Филиповна, се чини, прекумерно му се израдува на

појавувањето на Ардалион Александрович, за кој, се разбира, имала чуено.

– Сум чул дека син ми . . . – веќе почна Ардалион Александрович.

– Да, вашиот син! Добар татко сте вие! Зошто не сте се појавиле никогаш кај мене? Што е тоа, вие самиот ли се криете, или пак син ви ве крие? Та вие можете да ме посетите, а да не компромитирате никого.

– Децата на деветнаесеттиот век и нивните родители . . . – пак штотуку почна генералот.

– Настасја Филиповна! Извинете го, ве молам, Ардалион Александрович, за еден миг, него го бара некој, – гласно рече Нина Александровна.

– Да го извинам! Но дозволете, јас толку многу имам чуено, толку сакав да го видам! А каква работа има тој? Та вие сте во пензија, не? Вие, генералу, нема да ме оставите, нема да си одите?

– Ви давам збор дека тој самиот ќе дојде да ве посети, но сега му треба одмор.

– Ардалион Александрович, велат дека ви требал одмор! – викна Настасја Филиповна со незадоволна и гадлива гримаса, небаре е ветерничаво девојче на кое му се одзема играчка. А генералот се потруди да си ја направи својата положба уште поглупава.

– Пријателко моја! Пријателко моја! – прекорно изговори тој обрнувајќи ѝ се свечено на жената и ставајќи си ја раката на срце.

– Нема да заминете одовде, мамо? – гласно праша Варја.

– Не, Варја, јас ќе останам до крајот.

Настасја Филиповна не можеше да не го чуе прашањето и одговорот, но од тоа нејзиното весело настроение небаре уште се зголеми. Таа истиот миг одново почна да го опсипува генералот со прашања и по пет минути генералот беше во најсвечено настроение и држеше говор придружен со гласна смеа на присутните.

Коља го повлече кнезот за палтото.

– Одведете го макар вие некако! Ќе можете ли? Ве молам! – И кај бедното момче светнаа солзи на

негодување во очите. – О, проклет Гањка! – си додаде тој во себеси.

– Со Иван Фјодорович Епанчин јас навистина сум бил некогаш во големо пријателство, – се занесуваше генералот одговарајќи на прашањата на Настасја Филиповна. – Јас, тој и покојниот Лав Николаевич Мишкин, чиј син јас прегрнував денес по дваесетгодишна разделба, ние тројцата бевме неразделни, така да кажеме, претставувавме кавалкада: Атос, Портос и Арамис. Но, за жал, едниот е в гроб, паднат од клевета и куршум, а другиот е пред вас и сè уште се бори со клевети и куршуми . . .

– Со куршуми! – викна Настасја Филиповна.

– Тие се тука, во моиве гради, добиени под Карс, и кога е лошо време јас ги чувствувам. Во секој друг однос јас живеам како филозоф, одам, шетам, играм во моето кафе дама, како буржуј кој си ги напуштил работите и читам „Indépendance"[1]). Но со вашиот познајник Портос, Епанчин, по случката пред три години во возот со кученцето, јас сосема прекинав.

– Кученце! Што е тоа? – со особена љубопитност праша Настасја Филиповна. – Со кученце? И дозволете, во воз! . . . – небаре го потсеќаваше таа.

– Ох, глупава приказна, нема смисла ни да се зборува за неа: заради гувернантката на кнегињата Белоконска, мисис Шмит, но . . . нема смисла ни да се зборува.

– Бездруго раскажете ни! – весело рече Настасја Филиповна.

– И јас уште го немам чуено! – забележа Фердишченко, – c'est du nouveau[2]).

– Ардалион Александрович! – пак се чу молбениот глас на Нина Александровна.

– Татенце, ве бараат! – викна Коља.

– Глупава приказна, во два збора, – почна генералот самозадоволно. – Да, тоа беше пред две години! поточно речено, штотуку се отвори новата н-ска железница, јас (а веќе во цивилна облека), зафатен со за

---

[1]) „Независност" (француски).

[2]) Тоа е ново. (француски).

мене мошне значајни работи во врска со оставката, си зедов карта за прва класа: влегувам, седнувам, пушам. То ест продолжувам да пушам, а си запалив порано. Сам сум во купето. Пушењето не е забрането но и не се дозволува; онака, наполу дозволено, како што е вообичаено; се разбира и спрема важноста на лицето. Прозорецот е спуштен. Наеднаш, пред самата свирка на локомотивата, се сместуваат две дами со кученце, веднаш наспроти мене; одвај стасаа; едната е мошне богато облечена, во светло-сино; другата малу поскромно, во црна коприна со пелеринка. Не се лоши наизглед, надмено гледаат, зборуваат англиски. Јас, се разбира, ништо; си пушам. То ест јас и помислив, но прозорецот е отворен и јас си пушам крај прозорецот. Кученцето кај госпоѓата во светло-сино си мирува на колениците, малечко е, цело како мојава тупаница, црно, ножињата му се бели, просто реткост. Околу вратот сребрен синџир со монограм. Јас ништо. Забележувам само дека дамите се чини нешто се мрштат, поради цигарата, се разбира. Едната почна да ме гледа преку лорнетот со рамка од желка. Јас пак ништо: зашто тие ништо не ми велат! Да ми кажеа, да ме предупредеа, да ме замолеа, најодзади, зошто им е јазикот на луѓето! А тие молчат . . . и наеднаш, – и тоа, ќе ви речам, без најмало предупредување, то ест, без најмало, онака сосема небаре го изгубила умот, – онаа во светло-синото тргни ми ја цигарата од рака и низ прозорец. Возот лета, јас гледам како зашеметен. Бесна жена; бесна жена, онака сосема во беснило; а инаку јадра жена, полна, висока, русокоса, румена (дури и премногу), болска со очите кон мене. Не проговорувајќи ниту збор, јас со необична учтивост, со совршена учтивост, со најпрефинета, така да речам, учтивост, се приближувам со два прста кон кучето, го земам деликатно за врат и трас низ прозорецот, по цигарата! Таа само вресна! Возот си продолжи да лета . . .

– Вие сте изрод! – викна Настасја Филиповна кикотејќи се и плескајќи со дланки како девојче.

– Браво, браво! – викаше Фердишченко. Се насмевна и Птицин, на кој, исто така, му беше изво-

нредно непријатно појавувањето на генералот: дури и Коља се насмевна и, исто така, викна „Браво!“

– И јас имав право, јас имав право, трипати имав право! – пламено продолжуваше генералот во занес, – зашто ако се во воз забранети цигарите, кучињата дотолку повеќе.

– Браво, татенце! – восхитено викна Коља, – прекрасно! Јас сигурно, сигурно, би го сторил истото!

– А што направи госпоѓата? – нестрпливо го праша Настасја Филиповна.

– Таа? Во тоа е и најнепријатното, – продолжи генералот намуртувајќи се, – не проговорувајќи ниту збор, и без најмало така да речам, предупредување, таа мене трас по образ! Бесна жена: во сосема разбеснета состојба!

– А вие?

Генералот го собори погледот, ги крена веѓите, ги собра рамената, ги стисна усните, ги рашири рацете, помолчи и наеднаш проговори:

– Се занесов!

– И силно ли? Силно?

– Жими бога, не беше силно! Излезе скандал, но не ја удрив силно. Јас само еднаш замавнав, само за да замавнам. Но тука ѓаволот ги намести работите: таа во светло-синото испадна дека е Англичанка, гувернантка или некаква си пријателка на куќата на кнегињата Белоконска, а онаа во црниот фустан, таа била постарата од ќерките кнегињи Белоконски, стара мома на околу триесет и пет години. А познато е во какви односи е генералицата Епанчина со куќата Белоконски. Сите млади кнегињи паднати во несвест, солзи, црнина по кученцето-љубимец, вресок на шесте кнегињи, врескање на Англичанката, – пропаст на светот! Јас, се разбира, им појдов со покајание, барав извинување, им напишав писмо, не ме примија ниту моето писмо, а со Епанчин раскинав, ме исклучија од друштвото, ме протераа!

– Но дозволете ми, како тоа? – праша наеднаш Настасја Филиповна, – пред пет или шест дена во „Indépendance“, јас читав, – јас секогаш го читам „Indépendance“, – иста ваква приказна! Но сосема

исто ваква! Тоа им се случило на една од крајкрајн-ските железници, во воз, на еден Французин и една Англичанка: исто така била фрлена цигарата, исто така било исфрлено низ прозорец кученце, најпосле, исто така, и завршило како кај вас. Дури и палтото било светло-сино!

Генералот ужасно поцрвени. Коља поцрвени исто така, и си ја стисна главата со двете раце; Птицин брзо се сврти на друга страна. Се кикотеше, како и порано, единствено само Фердишченко. За Гања немаше ни што да се рече: тој целото време стоеше, издржувајќи немо но неподносливо мачење.

– Та ве убедувам, – промрмори генералот, – дека и мене истото ми се случи . . .

– Татенце навистина имаше непријатности со мисис Шмит, гувернантката на Белоконски, – викна Коља, – јас се сеќавам.

– Како! Токму таква? Иста приказна на две места во Европа и токму таква во сите детали, со светло-сината облека! – настојуваше безмилосно Настасја Филиповна. – Јас ќе ви го пратам „Indépendance Belge"!

– Но, забележете го ова, – сè уште остануваше на своето генералот, – мене ми се случи две години порано!

– А, тоа е, можеби!

Настасја Филиповна се кикотеше хистерично.

– Татенце, ве молам да излезете, за два збора, – со растреперен и изнамачен глас проговори Гања, фаќајќи си го махинално татка си за рамо. Бескрајна омраза вриеше во неговиот поглед.

Токму во тој миг се зачу премногу силен удар на ѕвончето во претсобјето. Со таков удар можеше да се скине ѕвончето. Се навестуваше необична посета. Коља отрча да отвори.

X

Во претсобјето наеднаш стана необично бучно од многу луѓе; од собата за гости се чинеше дека однадвор влегле неколкумина луѓе и дека сè уште продол-

жуваат да влегуваат. Неколку гласови истовремено зборуваа и подвикнуваа; се зборуваше и се подвикнуваше и на скалите кон кои, како што се слушаше, вратата од претсобјето сѐ уште не беше затворена. Посетата испаѓаше премногу чудна. Сите се погледаа; Гања се втурна кон салонот, но и во салонот веќе влегуваа неколкумина луѓе.

– А, еве го, Јуда! – викна глас кој му беше познат на кнезот, – здраво, Гањка, подлецу!

– Тој е, тоа е токму тој! – го поддржа друг глас.

Кнезот не можеше да се сомнева: едниот глас беше на Рогожин а другиот на Лебедев.

Гања стоеше небаре дамлосан на прагот од собата за гости и молкум гледаше, не пречејќи го влегувањето во салонот на околу десетмина или дванаесетмина луѓе што, еден по еден одеа по трагите на Парфјон Рогожин. Друштвото беше необично разновидно и не се одликуваше само со разновидноста, туку и со безобразност. Некои влегуваа онака, како што беа на улица, во палта и во бунди. Сосема пијани, впрочем, немаше; затоа, пак, сите изгледаа многу развеселени. Сите, се чини, си беа потребни еден на друг за да влезат; никој поединечно немаше смелост, но сите еден со друг, небаре, се охрабруваа. Дури и Рогожин чекореше претпазливо предводејќи ја толпата, но тој имаше некаква намера и изгледаше мрачно и раздразнето загрижен. Другите, пак, го претставуваа само хорот, или, подобро речено, банда за поддршка. Покрај Лебедев тука беше и накадрениот Заљожев, кој си ја симна бундата во претсобјето и влезе распуштено и контешки, и уште два-тројца господиновци слични на него, очевидно трговски синови. Еден во полувојничко палто; едно малечко и необично дебело човече, кое непрестајно се смееше, едно огромно човечиште, исто така, необично дебело, необично намуртено и молчаливо и, очевидно, такво кое многу се потпираше на своите тупаници. Имаше и еден студент по медицина; имаше и еден мал Полјак што се превиваше. Од скалите ѕиркаа во претсобјето некакви си две дами, но не се решаваа да влезат; Коља им ја тресна вратата пред нос и го стави резето.

– Добар ден, Гањка, подлецу! Што, не си го чекал Парфјон Рогожин? – повтори Рогожин кога стаса до собата за гости запирајќи на вратата наспроти Гања. Но вчас тој ја виде во собата за гости, директно спроти себеси, Настасја Филиповна. Очевидно тој и не помислувал дека ќе ја сретне овде, зашто нејзината појава остави врз него необичен впечаток; тој така пребледи, што дури и усните му помодреја. – Значи, вистина е! – проговори тој тивко и небаре за себеси, сосема збунет, – крај! . . . Е . . . Ќе ми одговориш ти сега! – прошиишти тој ненадејно, гледајќи го Гања со незапирна омраза. – Е . . . оф!

Тој дури се задишуваше, дури тешко изговараше. Тој автоматски се движеше кон собата за гости, но, откако го премина прагот, наеднаш ја виде Нина Александровна и Варја и запре, малку посрамен, и покрај целата своја возбуденост. По него влезе Лебедев, кој не заостануваше зад него како сенка и кој веќе беше многу пијан, потоа студентот, господинот со тупаници, Заљожев кој се поклонуваше лево и десно и, најодзади, се пробиваше кусиот дебелко. Присутност на дами сите нив сѐ уште ги додржуваше малку и очевидно многу им пречеше, се разбира само до почетокот, до првиот повод да викнат и да почнат . . . Тогаш веќе не би попречиле никакви дами.

– Како? И ти си тука, кнезу? – расеано проговори Рогожин, делумно вчудовиден од присутноста на кнезот, – сѐ уште во гамашни, а-а! – воздивна тој веќе заборавајќи го кнезот и пренесувајќи си го погледот одново кон Настасја Филиповна, сѐ уште чекорејќи и приближувајќи ѝ се како кон магнет.

Настасја Филиповна, исто така, со вознемирена љубопитност ги гледаше гостите.

Гања најодзади се сепна.

– Но дозволете, што значи ова, најпосле? – гласно проговори тој откако ги погледна строго дојдените и обрнувајќи му се главно на Рогожин, – ми се чини, не сте влегле во коњушница, господа, тука се мајка ми, сестра ми . . .

– Гледаме дека се тука мајката и сестрата, – процеди низ заби Рогожин.

– Се гледа дека се тука мајката и сестрата, – го поддржа Лебедев за поголема солидност.

Господинот со тупаниците, веројатно сметајќи дека дошло времето, почна нешто да мрмори.

– Но, тогаш! – ненадејно и некако прекумера експлозивно го подигна гласот Гања, – пред сè, сите ги молам да излезат одовде во салонот, а потоа, дозволете да дознам . . .

– Глеј го, не знае! – луто чкрипна со забите Рогожин не помрднувајќи се од местото, – не го знаеш Рогожин?

– Можно е некаде да сме се сретнале, но . . .

– Глеј го, некаде сме се сретнале! Та јас само пред три месеци изгубив со тебе на карти двесте рубли од татко ми, така и умре старецот, не стаса да дознае; ти ме одвлече, а Книф ме надигра. Не ме познаваш? Та Птицин е сведок! Три рубли да ти покажам, да извлечам сега од џебот, ти по нив на колениците би се влечкал до Василевски, – ете, каков си ти! Таква ти е душата! Јас и сега дојдов целиот да те купам за пари, не гледај што влегов во вакви чизми, јас, братче, имам многу пари, целиот можам да те купам со сево ова околу тебе . . . ако посакам, сите вас можам да ве купам! Сè ќе купам! – и Рогожин паѓаше в оган и небаре станувашe сè попијан. – Е-ех! – викна тој, – Настасја Филиповна! Не терајте ме, кажете ми само зборче: ќе се венчате ли со него или не?

Рогожин го зададе своето прашање небаре несвесно, небаре на некое божество, но со смелост на осуденик на смрт, кој повеќе нема што да загуби. Со смртна тага тој го чекаше одговорот.

Настасја Филиповна го одмери со подбивен и надмен поглед, но ги погледна Варја и Нина Александровна, го погледна Гања и наеднаш го смени тонот.

– Воопшто не, што ви е? И што ви падна на ум да прашувате? – му одговори таа тивко и сериозно и небаре со извесно чудење.

– Не? Не!! – се развика Рогожин небаре паѓајќи во избезуменост од радост, – значи не?! А тие ми рекоа . . . Оф! Е! . . . Настасја Филиповна! Тие велат

дека вие сте се свршиле со Гањка! Зар со него? Та зар е можно тоа? (Јас на сите им велам!) Та јас него целиот за сто рубли ќе го купам, ќе му дадам илјада, може и три, за да се повлече, и тој пред самата свадба ќе ви побегне, а невестата целата мене ќе ми ја остави. Зар не е така, Гањка, подлецу! Та ти би ги зел трите илјади! Еве ти ги, еве! Заради тоа и дојдов, да добијам од тебе една таква потврда; си реков: ќе го купам – и ќе те купам!

– Надвор одовде, ти си пијан! – викна Гања вцрвенувајќи се и пребледнувајќи наизменично.

По неговото провикување наеднаш се зачу експлозија на неколку гласови; целата чета на Рогожин веќе одамна го чекаше првиот повик. Лебедев му шепотеше нешто на увото на Рогожин со необична усрдност.

– Така е, чиновнику! – му одговори Рогожин, – така е, пијана душо! Ех, нека биде. Настасја Филиповна – викна тој гледајќи ја како споулавен, премалувајќи и добивајќи наеднаш очајничка храброст, – еве ви осумнаесет илјади! – И тој фрли пред неа на масиче пакет, завиткан во бела хартија, врзан накрст со врвка, – еве ви! И . . . ќе има уште!

Тој не се осмели да го доврши она што сакаше да го каже.

– Не-не-не! – почна да му шепоти одново Лебедев со страшно исплашен израз; можеше да се претпостави дека тој се уплашил од огромноста на сумата и сè му предлагал да се обиде со помалу.

– Не, ти, братче, ова веќе не го знаеш, каде си влегол, улав . . . а, изгледа, и јас сум улав како тебе! – се сепна и наеднаш затрепери Рогожин под светкањето на погледот на Настасја Филиповна. – Е-ех! Се измамив јас, те послушав тебе, – додаде тој со длабоко каење.

Настасја Филиповна загледувајќи се во сневеселеното лице на Рогожин, наеднаш се насмеа.

– Осумнаесет илјади, тоа мене? Еве веднаш се гледа прост човек! – додаде таа одеднаш со нечекана семејност и се поткрена од диванот небаре се готвеше

да замине. Гања со премрено срце ја набљудуваше целата сцена.

– Но четириесет илјади, четириесет, а не осумнаесет! – викна Рогожин. – Вањка Птицин и Бискуп ми ветија до седум часот четириесет илјади да ми најдат. Четириесет илјади! Сите на маса.

Сцената стануваше необично непристојна, но Настасја Филиповна продолжуваше да се смее и не заминуваше, небаре навистина со цел да ја продолжи. Нина Александровна и Варја, исто така, станаа од своите места и преплашено, молкум, чекаа што ќе стане; очите на Варја ѝ светкаа, но на Нина Александровна сево ова дејствуваше болно; таа трепереше и се чинеше, веднаш ќе се онесвести.

– А може и сто! Уште денес сто илјади ќе ви донесам! Птицин, помогни ми, ќе има и за тебе!

– Да не си се споулавил? – прошепоти наеднаш Птицин, брзо приоѓајќи му и земајќи го за рака. – Ти си пијан, ќе пратам по стражари. Каде се наоѓаш?

– Тој лаже затоа што е пијан, – проговори Настасја Филиповна, небаре раздразнувајќи го.

– Но, не лажам, ќе ги донесам! Приквечер ќе ги донесам. Птицин, помогни ми, лихварска душо, земи колку што сакаш, само најди ми до вечер сто илјади; ќе докажам дека нема да отстапам! – почна наеднаш лудо да се воодушевува Рогожин.

– Но, што треба ова да значи? – гневно и неочекувано извика разлутениот Ардалион Александрович приближувајќи му се на Рогожин. Неочекуваноста на потегот на старецот, кој досега молчеше, му придаде голема комичност. Се зачу смеа.

– А овој од каде се појави, – се насмеа Рогожин, – дојди старецу, ќе се напиеме!

– Тоа е веќе подло! – викна Коља сосема веќе плачејќи од срам и јадосаност.

– Та зар не ќе се најде никој меѓу вас бесрамницава да ја изведе надвор! – викна наеднаш Варја целата треперејќи од гнев.

– Мене ли ме наречуваат бесрамница! – со пренебреглива веселост ѝ врати Настасја Филиповна, – а јас пак, улава, дојдов да ги канам кај мене вечерва!

Ете, како ме третира вашата сестричка, Гаврило Ардалионович!

Гања извесно време стоеше небаре удрен со секавица по истапот на сестра си, но кога виде дека Настасја Филиповна овојпат навистина сака да замине, како избезумен тој се втурна кон Варја и разбеснет ја фати за рака.

– Што направи? – викна тој гледајќи ја како да сака на место да ја претвори во пепел. Тој веќе сосема беше збунет и не беше свесен за она што го зборува.

– Што сум направила? Каде ме влечеш? Да не треба да барам прошка за тоа што таа ја навреди твојата мајка и што дојде да ја срамоти твојата куќа, низок човеку? – викна одново Варја победнички и со предизвикување гледајќи го брата си.

Извесно време тие стоеја еден спроти друг, лице в лице. Гања сè уште ја држеше нејзината рака во својата. Варја ја повлече еднаш, уште еднаш со сета сила, но не издржа и наеднаш, заслепена од бес, го плукна брата си в лице.

– Каква девојка! – викна Настасја Филиповна. – Браво, Птицин, јас ви честитам!

На Гања му се смрачи во очите и тој, сосема избезумен, со сета сила замавна спрема сестра си. Ударот бездруго ќе ѝ паднеше на лицето. Но наеднаш, една друга рака ја запре раката на Гања во замав.

Меѓу него и сестра му се најде кнезот.

– Престанете, доста е! – проговори тој упорно, но и тој исто растреперен сиот, како од необично силен потрес.

– Та вечно ли ти ќе ми го препречуваш патот! – рикна Гања, оставајќи ја раката на Варја и, сега со ослободената рака, во краен степен на разбеснетост, со сиот замав му удри шлаканица на кнезот.

– Оф! – плесна со рацете Коља, – оф, господе!

Се слушнаа повици од сите страни. Кнезот пребледи. Со чуден и прекорен поглед тој го погледна Гања право в очи; неговите усни трепереа и се мачеа да проговорат нешто; некаква чудна и сосема неумесна насмевка ги искривуваше.

– Ако, нека ми биде мене . . . а нејзе, сепак, не ќе

дозволам! . – проговори тој најодзади тивко! но наеднаш не издржа, го остави Гања, го прекри лицето со раце и се повлече во аголот, застана со лице кон ѕидот и со испрекинат глас проговори:

– О, колку ќе се срамите од својата постапка!

Гања навистина стоеше како сотрен. Коља се втурна да го гушка и да го бакнува кнезот; се втурнаа по него и Рогожин, Варја, Птицин, Нина Александровна, сите, дури и старецот Ардалион Александрович.

– Ништо, ништо! – мрмореше кнезот на сите страни, со истата неумесна насмевка.

– И ќе се кае! – викна Рогожин, – ќе ти биде срам, Гањка, поради тоа што навреди таква . . . овца (тој не можеше да најде друг збор) Кнезу, душо моја, остави ги; плукни на нив, дојди со нас! Ќе видиш како умее да сака Рогожин!

Настасја Филиповна, исто така, беше стаписана и од постапката на Гања и од одговорот на кнезот. Обично бледо и тажно, нејзиното лице, кое цело време беше во таква дисхармонија со пређешната нејзина небаре наместена смеа, сега беше очевидно возбудено со ново чувство; и пак, изгледа, таа небаре не сакаше да го покаже, а подбивноста небаре зајакнуваше на нејзиното лице.

– Јас навистина го имам видено некаде тоа лице! – проговори таа наеднаш веќе сериозно, потсетувајќи се ненадејно за своето пређешно прашање.

– А вам не ви е срам! Зар сте вие таква каква што сега се претставивте. Зар е можно тоа! – викна кнезот со длабок искрен прекор.

Настасја Филиповна се почуди, се насмевна, но, небаре криеше нешто со својата насмевка, малку збунета, таа го погледна Гања и тргна од собата. Но, не достасувајќи уште до претсобјето, таа наеднаш се врати, брзо ѝ пријде на Нина Александровна, и ја зеде раката и ја донесе до своите усни.

– Јас навистина не сум таква, тој погоди, – прошепоти таа брзо и пламено, зовривајќи сета наеднаш и вцрвувајќи се и, откако се сврти, овојпат излезе толку брзо, што никој не стаса ни да разбере зошто се

враќаше таа. Тие видоа само дека таа ѝ прошепоти нешто на Нина Александровна и, се чини, ѝ ја бакна раката. Но Варја виде и чу сѐ и ја проследи со вчудовиден поглед.

Гања се сепна и појури да ја испрати Настасја Филиповна, но таа веќе беше излезена. Тој ја стаса на скалите.

– Не испраќајте ме! – му викна таа нему. – До видување, до вечер! Морате да дојдете, слушате ли!

Тој се врати збунет и замислен; тешка загатка му падна на душа, уште потешка од порано. Му се привидуваше и кнезот . . . Тој толку се занесе што одвај забележа како целата толпа на Рогожин се пробиваше крај него и дури почна да го турка во вратата, напуштајќи го на брза рака станот следејќи го Рогожина. Сите бучно, гласно се расправаа за нешто. Самиот Рогожин одеше крај Птицин и упорно настојуваше за нешто важно и, како што изгледаше, неодложно.

– Ја загуби играта, Гањка! – викна тој минувајќи крај него.

Гања вознемирено погледа по нив.

XI

Кнезот ја напушти собата за гости и се затвори во својата соба. Веднаш кај него дотрча Коља да го теши. Бедното момче, се чинеше, сега веќе не можеше да се одлепи од него.

– Добро сторивте што заминавте, – рече тој, – таму сега ќе почне мешаница уште поголема од прегеска, и секој ден е кај нас вака, сѐ почна заради таа Настасја Филиповна.

– Овде кај вас, Коља, многу различни работи ви станаа болни и се насобраа, – забележа кнезот.

– Да, станаа болни. За нас нема ни што да се зборува. Сами сме виновни за сѐ. А јас, ете, имам еден голем пријател, тој е уште понесреќен. Ќе ве запознам, сакате?

– Навистина сакам. Ваш другар е?

– Да, речиси другар. После сѐ ќе ви објаснам . . .

А, како мислите, убава ли е Настасја Филиповна? Зашто јас досега уште никогаш не ја имав видено, а многу се трудев. Просто нè заслепи. Јас на Гањка сè би можел да му простам, да беше од љубов; но зошто ги сака парите, ете ти несреќа!

– Да, брат ви не ми се допаѓа многу.

– Се разбира! Вие по . . . А знаете ли, јас не можам да ги поднесувам тие различни мислења. Некој си споулавен или будала, или пак споулавен злосторник ќе ви удри шлаканица и човекот, ете, за цел век е обесчестен, и не може да се очисти поинаку одошто со крв, или пак на коленици да го молат за прошка. Според мене, тоа е невкусно и тирански. Врз тоа е заснована драмата на Лермонтов „Балот под маски", и – глупо е. То ест, сакам да кажам, неприродно е. Но тој ја напиша речиси уште како дете.

– Мене сестра ви многу ми се допадна.

– Како му плукна таа на Гањка в муцка. Смела е Варењка. А вие не плукнавте така и, убеден сум, не сте го сториле тоа поради недостиг на смелост. А еве ја и неа, ние за волкот . . . Знаев дека ќе дојде: таа е благодарна, макар што си има недостатоци.

– А ти нема што да бараш овде, – најпрво се нафрли Варја на него, – трчај кај тате. Ви здодева ли тој, кнезу?

– Воопшто не, напротив.

– Е, почна да заповеда! Ете, тоа е лошо кај неа. А кога сме на тоа, јас веќе помислив дека тате ќе замине со Рогожин. Сега веројатно се кае. Навистина треба да видам што прави тој, – додаде Коља на излегување.

– Сполај му на бога, ја одведов и ја ставив в кревет мајчицата и ништо не се повтори. Гања е посрамен и задлабочен во мисли. Та има и во него нешто. Каква лекција! . . . Јас дојдов да ви се заблагодарам уште еднаш и да ве прашам кнезу: вие досега не сте ја познавале Настасја Филиповна?

– Не, не ја познавав.

– Како ѝ рековте тогаш директно в очи дека таа „не е таква". И, се чини, погодивте. Излезе дека навистина, можеби, не е таква. Впрочем, јас не можам

да ја разберам! Се разбира, таа имаше намера да навреди, тоа е јасно. Јас и порано имам чуено за неа многу чудни работи. Но ако таа дошла да нè кани, зошто тогаш почна така да се држи спрема мама? Птицин одлично ја познава, тој вели дека прегеска не можел да ја препознае. А она со Рогожин? Невозможно е така да се разговара ако се почитуваш себеси во куќата на својот . . . Мама, исто така, се вознемирува многу поради вас.

– Ништо! – рече кнезот и мавна со рака.

– И како тоа таа да ве послуша . . .

– Како ме послуша?

– Вие ѝ рековте дека треба да се засрами и таа наеднаш целата се измени. Вие имате влијание врз неа, кнезу, – додаде Варја насмевнувајќи се сосема малу.

Вратата се отвори и сосема неочекувано влезе Гања.

Тој дури не се ни поколеба кога ја виде Варја; извесно време постоја на прагот и одеднаш решително му пријде на кнезот.

– Кнезу, јас бев подол, простете ми, миличок, – рече тој неочекувано силно расчувствуван. Цртите на неговото лице изразуваа силна болка. Кнезот го гледаше вчудовиден и не му одговори веднаш. – Но, простете ми, та простете ми! – нестрпливо настојуваше Гања, – но, сакате ли, јас сега ќе ви ја бакнам раката!

Кнезот беше необично вчудовиден и, молчејќи, со обете раце го прегрна Гања. Обајцата искрено се бакнаа.

– Јас воопшто, воопшто не мислев дека сте вие таков, – рече најодзади кнезот задишувајќи се, – јас мислев дека вие . . . не сте способен.

– Да се помирам ли? . . . И од каде ми падна прегеска тоа дека сте вие идиот! Вие го забележувате и она што другите никогаш не ќе го забележат. Со вас би можело да се поразговара, но . . . подобро е да не се разговара!

– Еве, со кого уште треба да се смирите, – рече кнезот покажувајќи кон Варја.

– Не, сите тие се мои непријатели. Бидете уверен, кнезу, дека имаше многу обиди; тука не проштаваат искрено! – му излета на Гања во возбудата.

И тој се сврти настрана од Варја.

– Не, ќе ти простам! – рече ненадејно Варја.

– И ќе појдеш вечерва кај Настасја Филиповна?

– Ако кажеш, ќе појдам, но самиот реши: има ли сега каква било можност јас да појдам?

– Но таа не е таква. Гледаш ли таа какви загатки поставува! Игра! – и Гања зајадливо се насмеа.

– И самата знам дека не е таква и дека ѝ е тоа игра, но каква? И види го уште ова, Гања, каков те смета тебе таа? Ништо што на мама ѝ ја бакна ракета. Ништо што ѝ е тоа некаква игра, но таа сепак се подбиваше со тебе, нели? Не се исплатува тоа за седумдесет и пет илјади, жими бога, брате! Ти си сè уште способен за благородни чувства, затоа и ти говорам. Чуј, не оди ни ти! Чуј, пази се! Тоа не може добро да сврши.

Кога го рече тоа, Варја многу возбудена брзо излезе од собата.

– Ете, сите се такви! – рече Гања насмевнувајќи се, – та зар тие навистина мислат дека јас сето тоа и самиот не го знам? Та јас знам многу повеќе од нив.

Кога го рече тоа, Гања се намести на диванот очевидно со желба да си ја продолжи посетата.

– Кога и самиот знаете, – праша доста плашливо кнезот, – зошто сте си избрале ваква мака, знаејќи дека таа навистина не се исплатува за седумдесет и пет илјади?

– Јас не говорам за тоа, – промрмори Гања, – а кога сме веќе тука, кажете ми, јас сакам да го знам вашето лично мнение: се исплатува ли оваа „мака" за седумдесет и пет илјади?

– Според мене, не се исплатува.

– Но, тоа е познато. И срамно е вака да се оженам?

– Многу е срамно.

– Тогаш знајте дека ќе се оженам и сега веќе сигурно. До прегеска се колебав, а сега повеќе не! Не велите ништо! Знам што сакате да кажете вие . . .

– Не за она за што мислите, туку мене ме чуди вашата прекумерна увереност . . .

– Во што? Каква увереност?

– Во тоа дека Настасја Филиповна сигурно ќе се омажи за вас и дека тоа е веќе готово, а второ, дури и да се омажи, дека седумдесетте и пет илјади така ќе ви паднат право в џеб. Впрочем, јас тука многу работи не знам.

Гања нагло му се приближи на кнезот.

– Се разбира дека вие не знаете сè, – рече тој, – а и зошто јас би го примал сиов овој товар на мене?

– Се чини дека тоа често се случува, се женат со пари, а парите остануваат кај жената.

– Н-не, кај нас не ќе биде така . . . Тука . . . има околности . . . – промрмори Гања вознемирено замислен. – А што се однесува до нејзиниот одговор, во него повеќе не се сомневам, – додаде тој брзо. – Од што заклучувате вие дека таа ќе ми откаже?

– Јас не знам ништо, освен она што го видов; еве, и Варвара Ардалионовна сега зборуваше . . .

– Ех! Тоа тие така, не знаат што да кажат. А на Рогожин таа му се подбиваше, верувајте ми, тоа јас го сфатив. Тоа се гледаше. Прегеска се уплашив малку, а сега сфатив. Или, можеби, она како се држеше таа со мама и со татко, и со Варја?

– И со вас.

– Можеби; но тука е познатата женска одмазда и ништо повеќе. Таа е страшно раздразлива, недоверлива и самољубива жена. Небаре чиновник кој не добил зголемување! Таа сакаше да се покаже себеси и целото свое пренебрегнување кон нив . . . и, се разбира, и кон мене; тоа е вистина, јас не порекнувам . . . А сепак, ќе се омажи за мене. Вие и не подозирате за какви игри е способна човечката самољубивост: ете, таа ме смета за подлец поради тоа што јас, неа, нечија љубовница, така отворено ја земам за пари, а и не знае дека некој друг уште поподло би ја измамил: би ѝ се залепил и би почнал да ги сее пред неа либерално-прогресивните работи и од различни женски прашања да извлекува, а таа целата би му се проврела низ иглени уши како конец. Би ја убедил са-

мољубивата глупачка (и тоа толку лесно!), дека ја зема само заради „благородноста на нејзиното срце и заради несреќата нејзина“, а самиот, сепак, би се оженил само заради парите. Јас не ѝ се допаѓам поради тоа што не сакам да се умилкувам; а би требало. А самата таа што прави? Зар не го прави истото? Поради што тогаш ме презира мене и ги започнува тие игри? Е, ќе видиме!

– Зар е можно да сте ја љубеле пред тоа?

– Отпрвин ја љубев. Е, сега е доста . . . Има жени кои се добри само како љубовници и ништо друго. Не велам дека таа беше моја љубовница. И ако сака мирно да живее и јас ќе си живеам мирно, но само ако се побуни, веднаш ќе ја оставам, а парите ќе си ги земам. Јас не сакам да бидам смешен; пред сè не сакам да бидам смешен.

– Сè ми се чини, – претпазливо забележа кнезот, – дека Настасја Филиповна е умна жена. Зошто таа, насетувајќи ваква неволја, да влезе во стапица? Зашто таа би можела и за друг да се омажи. Ете, што ме чуди мене.

– Е, тука е сметката! Вие, кнезу, не знаете сè, тука . . . и покрај сè, таа е убедена дека јас ја сакам до лудило, ви се колнам, и знаете ли што, јас силно подозирам дека и таа ме љуби мене, на свој начин, то ест, ја знаете поговорката: „Кого љубам, него и го бијам“. Таа цел живот ќе ме смета за жандарм-каро. (тоа можеби ѝ е и потребно) и сепак ме љуби на свој начин; таа се приготвува за тоа, таков ѝ е карактерот. Таа премногу е Русинка, слушајте ме мене; е, а јас ѝ готвам од своја страна изненадување. До онаа преѓешната сцена со Варја дојде случајно, но за мене е полезна: таа сега виде и се убеди во мојата приврзаност и во тоа дека јас заради неа ќе ги раскинам сите врски. Но, и ние не сме улави, верувајте ми. Немојте да помислите дека сум јас таков дрдорко! Миличок кнезу, можеби јас навистина грешам што ви се доверувам. Но токму затоа што вие ми се најдовте тука единствен благороден човек, јас ви се натурив, но тоа „ви се натурив“ не примајте го како каламбур. Та вие не ми се лутите за она преѓеска, а? Јас можеби за

првпат по две години искрено зборувам. Тука има ужасно малку чесни луѓе; почесен од Птицин нема. Што, вие, се чини, се смеете, или не? Подлеците ги сакаат чесните луѓе, – вие не сте го знаеле тоа? А јас сум . . . А, впрочем, зошто сум јас подлец, кажете ми искрено? Зошто тие сите, тргнувајќи од неа, ме наречуваат подлец? И знаете ли, тргнувајќи од неа и од нив јас и самиот себеси се наречувам подлец! Е, ова е подло до немајкаде!

– Јас повеќе никогаш нема да ве сметам подлец, – рече кнезот. – Преѓеска јас сосема ве сметав за злосторник и вие наеднаш толку ме израдувавте, – нека ми биде за ум: да не се суди без да се испита. Сега јас гледам дека вие не можете да се сметате не само како злосторник, туку ни како сосема расипан човек. Вие сте, според мене, само најобичен човек, каков што може да се сретне, освен што сте мошне слаб и воопшто неоригинален.

Гања јадосано се насмевна во себеси, но премолча. Кнезот виде дека неговото мислење не му се допадна, се збуни и исто така замолчи.

– Татко ми ви бараше пари? – праша наеднаш Гања.

– Не.

– Ќе ви бара, не давајте му. А беше пристоен човек, јас го паметам. Него добри луѓе го примаа. И колку брзо исчезнува тоа, кај сите тие стари пристојни луѓе! Малу се изменија околностите, и нема повеќе ништо од преѓешното, небаре барут изгорел. Ве уверувам дека тој порано не лажеше толку; порано тој беше само премногу восхитен човек, и, ете – во што се претвори тоа! Се разбира, виното е виновно. Знаете ли дека тој издржува љубовница? Сега тој повеќе не е наивен лажго. Не можам да го сфатам трпението на мама. Ви раскажувал ли тој за опсадата на Карс? Или за она како му проговорил сивиот коњ од запрегата? Тој дури и до вакви работи стигнува.

И Гања наеднаш силно се раскикоти.

– Што ме гледате вака? – го праша тој кнезот.

– Се чудам само како можевте толку искрено да се насмеете. Вие, навистина, сè уште имате детска

смеа. Прејеска вие влеговте да се смириме и велите: „Сакате ли, ќе ви ја бакнам раката", – тоа е токму онака како што би постапиле деца. Значи сè уште сте способен за такви зборови и гестови. И наеднаш почнувате да ми читате предавање за онакви мрачни работи и за седумдесет и петте илјади. Навистина, сето тоа некако е неумесно и невозможно.

– И што сакате да заклучите од сето тоа?

– Тоа, да не постапувате премногу лекомислено, не ќе биде ли подобро да поразмислите уште малку? Варвара Ардалионовна можеби има право.

– А, морал! Та зар сум јас уште дете та и самиот да не го знам тоа, – врело го прекина Гања, – дотолку повеќе што сум почнал ваков разговор со вас. Јас, кнезу, не стапувам во тој брак заради пари, – продолжи тој откривајќи се како момчак со повредена самољубивост, – да беше за пари, јас секако ќе погрешев, зашто уште не сум јак ниту со умот ниту со карактерот. Јас стапувам поради страст, поради она што ме влече, зашто јас имам капитална цел. Вие, ете, мислите дека јас, штом ќе ги добијам седумдесет и петте илјади, веднаш ќе си купам кочија. Не господине, јас тогаш ќе си го доносувам палтото од пред три години и сите мои пријатели од клубот ќе ги оставам. Ние имаме малку луѓе што умеат да истраат, иако сите се лихвари, а јас сакам да истраам. Тука е главно да се издржи докрај – во тоа се состои задачата! Птицин од седумнаесет години спиел на улица, продавал ножиња и почнал од копејка; сега тој има шеесет илјади, но по каква гимнастика! Ете, токму таа гимнастика јас сакам да ја прескокнам и да почнам со готов капитал; по петнаесет години ќе речат: „Ене го Иволгин, кралот Јудејски". Вие ми велите дека јас не сум оригинален човек. Забележете си го ова, кнезу, дека за човек од наше време и племе нема ништо понавредливо одошто да му се рече дека не е оригинален, со слаб карактер, без особена дарба и дека е обичен човек. Вие не ме удостоивте дури ни да ме наречете подлец, и, знаете ли, јас прејеска сакав да ве изедам поради тоа! Вие ме навредивте повеќе од Епанчин, кој ме смета мене (и тоа без клевети, без со-

блазнувања, поради наивноста на душата, забележете го тоа) способен да си ја продадам жената! Тоа, братчиња, веќе одамна ме доведува до бес, и јас сакам пари. Кога ќе стекнам пари, знајте дека тогаш ќе бидам во најголема мерка оригинален човек. Парите се дотолку повеќе подли и омразени поради тоа што дури даваат и таленти. И ќе ги даваат до крајот на светот. Вие ќе речете дека сето тоа е детински или, дури можеби и дека сето тоа е поезија, – добро, дотолку ќе ми биде повесело, а работата сепак ќе си биде извршена. Ќе ја вршам и ќе истраам. Rira bien qui rira le dernier![1]) Зошто ме навредува мене толку Епанчин? Мислите од злоба? Никако. Просто поради тоа што самиот сум толку ништожен. Е, а тогаш . . Но, впрочем, доста е и време ми е. Коља веќе двапати го провираше носот: тој ве кани на ручек. А јас сум домашен. Јас ќе наминам некогаш кај вас. Вам не ќе ви биде лошо кај нас; сега веќе веднаш ќе ве примат како свој. Гледајте само, не кажувајте никому. Ми се чини дека ние двајцата ќе бидеме или пријатели или непријатели. А што мислите, кнезу, прејеска да ви ја бакнев раката (како што искрено сакав), подоцна ќе ви станев ли непријател?

– Бездруго ќе станевте, само не засекогаш, после не ќе издржевте и ќе ми простевте, – решително рече кнезот откако поразмисли и се насмеа.

– Охо! Та со вас човек мора да биде попретпазлив. Ѓавол да го знае, вие тука и малку отров туривте. А кој да знае, можеби сте ми вие непријател? Кога сме веќе тука, ха-ха-ха! Заборавив да ве прашам; вистина е или така ми се стори дека Настасја Филиповна нешто премногу ви се допаѓа, а?

– Да . . . ми се допаѓа.

– Заљубен сте?

– Н-не.

– А сиот сте вцрвен и се мачите. Ако, ништо, ништо, не ќе ви се смеам; до видување. А знаете ли дека таа е чесна жена, можете ли да поверувате? Вие мислите дека таа живее со Тоцки? Не, никако! И веќе

---

[1]) Кој се смее последен – најслатко се смее (француски)

одамна. А го забележавте ли тоа дека таа самата е многу неискусна и прееска напати беше многу збунета! Навистина. Ете, токму таквите сакаат да заповедаат. Е, до видување!

Гањечка излезе многу посамоуверен отколку што беше кога влезе и беше во многу добро расположение на духот. Кнезот десетина минути остана неподвижен и размислуваше.

Коља пак ја провре главата низ врата.

– Не ми се руча, Коља; јас прееска кај Епанчин добро појадував.

Коља се провре целиот внатре и му подаде на кнезот писменце. Тоа беше од генералот, беше свиено и запечатено. По лицето на Коља се гледаше колку му беше тешко да го предаде. Кнезот го прочита, стана и си ја зеде шапката.

– Тоа е на два чекори, – се збуни Коља. – Тој сега седи таму покрај шише. И на кој начин тој си стекнал таму кредит, не можам да разберам? Кнезу, миличок, не кажувајте им после овде на нашите за тоа дека сум ви дал писменце! Илјадапати се колнев дека нема да предавам писменце, а ми е жал; и уште, ве молам, со него бидете без стеснување; дајте му нешто ситно и – готово.

– Јас, Коља, и самиот мислев нешто; треба да се видам со вашиот татко . . . поради една работа . . . Да тргнеме . . .

XII

Коља не го одведе кнезот далеку, до улицата Литејна, во една кафеана со билијард на долниот кат, со влез од улицата. Таму десно, во аголот, во одделно сопче, како стар, вообичаен посетител се беше расположил Ардалион Александрович со шише на масичето пред него и навистина со „Indépendance Belge“ во рацете. Тој го чекаше кнезот; штотуку го виде, веднаш го остави настрана весникот и почна пламено и со многу зборови да објаснува, но кнезот, впрочем, не

разбра речиси ништо, зашто генералот веќе беше речиси готов.

– Јас немам десет рубли, – го прекина кнезот, – а, еве ви дваесет и пет, раситнете и вратете ми петнаесет, зашто и јас самиот ќе останам без грош.

– О, несомнено; и верувајте ми тоа ќе го сторам веднаш . . .

– Освен тоа, генерале, јас имам една молба до вас. Сте биле ли некогаш кај Настасја Филиповна?

– Јас? Јас ли не сум бил? Мене ли ми го велите тоа? Неколкупати, миличок мој, неколкупати! – викна генералот во напад на самозадоволна и победничка иронија, – но јас, најпосле, самиот прекинав, зашто не сакам да ја помагам непристојната врска. Вие самиот видовте, бевте очевидец изутринава: јас сторив сè што можеше да стори еден татко, но кроток и снисходлив татко; сега, пак на сцената ќе се појави поинаков татко и тогаш – ќе видиме, ќе погледаме: дали ќе ја совлада интригата заслужениот стар вôјник, или пак бесрамната камелија[1]) ќе влезе во најблагородното семејство.

– А јас токму сакав да ве замолам, не ќе можете ли, како познајник да ме воведете вечерва кај Настасја Филиповна? Мене тоа ми треба без одлагање уште вечерва; имам работа; но јас воопшто не знам како да влезам. Прећеска јас ѝ бев претставен, но сепак не бев поканет: вечерва таму има свечен прием. Јас сум, впрочем, готов да го заобиколам вообичаениот ред и дури нека ми се смеат, само да дојдам кај неа некако.

– И вие сосема, сосема ја погодивте мојата мисла, мој млад пријателу, – викна генералот восхитено, – јас не ве викав поради онаа дребнавост, – продолжи тој зграпчувајќи ги во меѓувреме парите и ставајќи ги в џеб, – јас ве викав токму за да ве поканам да ме придружувате при мојата посета кај Настасја Филиповна, подобро речено, во походот на Настасја Филиповна? Генералот Иволгин и кнезот Мишкин! Како ќе ѝ се стори тоа, а! Јас пак, како роденденска честитка,

---

[1]) Алузија на хероината на романот „Дама со камелии“ од А. Дима (заб. на прев.)

ќе ја искажам, најодзади, својата волја – заобиколно, не директно, но ќе излезе како да е директно. Тогаш Гања самиот ќе си види што прави: дали таткото, заслужениот . . . и така да речам . . . и така натаму, или . . . Но, нека биде што ќе биде! Вашата мисла е во најголема мерка плодоносна. Ние ќе тргнеме во девет часот, а сега имаме уште време.

– Каде живее таа?

– Далеку е оттука: крај Баљшој театар, куќата на Митовцева, речиси веднаш на плоштадот, на првиот кат . . . Таа не ќе има многу гости и покрај тоа што ѝ е роденден, и тие рано ќе си заминат . . .

Вечерта веќе одамна падна; кнезот сè уште седеше, слушаше и го чекаше генералот кој почнуваше безбројно множество анегдоти и ниедна не довршуваше. По доаѓањето на кнезот тој си нарача уште едно шише и дури по еден час го доврши, потоа побара уште едно и го доврши и него. Генералот, секако, стаса да му го раскаже речиси целиот свој живот. Најпосле, кнезот стана и му рече дека повеќе не може да чека. Генералот го доиспи и она што беше на дното на шишето, стана и тргна кон излезот, сосема несигурно чекорејќи. Кнезот беше очаен. Тој не можеше да разбере како можеше така глупо да му се довери на човеков. Всушност, тој воопшто не му се беше доверил; тој се потпре на генералот, само за да влезе некако кај Настасја Филиповна, макар и со извесен скандал, но сепак не сакаше тоа да биде голем скандал: излезе дека генералот сосема е пијан, западнат во најсилна красноречивост и не престануваше да зборува разнежено и со солза во душата. Тој не престануваше да зборува за тоа дека поради лошото држење на сите членови на неговото семејство сè се уривало и дека било време, најпосле, на сето тоа да му се стави граница. Тие, најпосле, излегоа на Литејна. Сè уште југеше; премален, топол, гнил ветер свиреше по улиците, кочиите шлапкаа низ калта, брзите коњи и клинкачите ѕунливо ја допираа калдрмата со копитата. Пешаците во премалена накисната толпа се талкаа по тротоарите. Се среќаваа и пијаници.

– Ги гледате ли вие овие осветлени први катови, –

зборуваше генералот, – тука живеат само мои пријатели, а јас, јас кој од сите нив најмногу сум служел и најмногу сум настрадал, јас одам пеш кон Баљшој театар, во станот на една сомнителна жена! Човек кој во градите има тринаесет куршуми ... не ми верувате? А, меѓутоа, само заради мене Пирогов телеграфира во Париз а опсадениот Севастопол го напушти за извесно време, а Нелатон, парискиот дворски лекар, издејствува да биде пропуштен во името на науката и дојде во Севастопољ да ме прегледа мене. Тоа им е познато на највисоките власти: „А, тоа е оној Иволгин што има тринаесет куршуми! . . .“ Ете, како велат! Ја гледате ли, кнезу, оваа куќа? Тука, на првиот кат, живее мојот стар пријател, генералот Соколович, со своето најблагородно и многубројно семејство. Еве, оваа куќа и уште три куќи на Невскиот проспект и две во Морската улица – еве, го целиот мој сегашен круг на пријатели, то ест, всушност, на моите лични пријатели. Нина Александровна се има веќе одамна смирено со околностите. Јас пак продолжувам да се потсеќавам . . . и, така да речам, да се одморувам во кругот на образованото друштво на моите одамнешни пријатели и на моите потчинети, кои до ден денес ме обожуваат. Овој генерал Соколович (а, впрочем, јас веќе одамна не сум бил кај нив и не ја имам видено Ана Фјодоровна) . . . знаете ли, миличок кнезу, кога самиот не примаш посети, тогаш и без да сакаш ги прекинуваш и своите посети. А, меѓутоа . . . хм . . . вие, ми се чини, не ми верувате . . . Впрочем, зошто да не го доведам синот на мојот најдобар пријател и другар од детството во домот на ова прекрасно семејство? Генералот Иволгин и кнезот Мишкин! Вие ќе видите прекрасна девојка, и не само една, две, дури и три, украс на престолнината и на општеството; убавина, образование, насоченост . . . женско прашање, сето тоа се добрини во успешна разновидна смеса, не земајќи го предвид миразот од најмалку осумдесет илјади готови пари, за секоја, што никогаш не пречи, во никакви женски и социјални прашања . . . со еден збор, јас бездруго, бездруго морам и принуден сум да ве доведам. Генералот Иволгин и кнезот Мишкин!

– Сега? Овој миг? Но вие сте заборавиле, – почна кнезот.

– Никако, никако не сум заборавил, дојдете! Ваму, на овие прекрасни скали. Ме чуди како тоа да го нема портирот, но . . . празник е и портирот е тука некаде. Уште го немаат истерано тој пијаница. Овој Соколович мене ми должи за целата среќа во својот живот и во службата, само мене и на никој друг, но . . . стасавме.

Кнезот повеќе не ѝ се противеше на посетата и послушно го следеше генералот за да не го налути, со цврста надеж дека генералот Соколович и целото негово семејство полека ќе исчезнат како привидување и ќе се покаже дека не постојат, така што тие спокојно ќе се вратат назад по скалите. Но, за својот ужас, тој почна да ја губи таа надеж: генералот го водеше по скалите како човек кој тука навистина има познајници и секој миг додаваше биографски и топографски детали исполнети со математичка прецизност. Најодзади, кога, веќе искачени на првиот кат, тие запреа десно, спроти вратата на еден богат стан и генералот ја фати рачката на ѕвончето, кнезот реши најпосле да побегне; но една чудна околност го запре за миг.

– Вие згрешивте, генерале, – рече тој, – на вратата пишува Кулаков, а вие сакате да ѕвоните кај Соколович.

– Кулаков . . . Кулаков, тоа ништо не значи. Станот е на Соколович и јас ѕвонам кај Соколович; плукам јас на Кулаков . . . Ете, некој ни отвора.

Навистина вратата се отвори. Се појави лакејот и изјави дека „господата ги нема дома“.

– Колку ми е жал, колку ми е жал, како за инат ги нема, – неколкупати повтори Ардалион Александрович со длабоко жалење. – Пренесете им, миличок мој, дека генералот Иволгин и кнезот Мишкин сакаа да го потврдат своето сопствено почитување и дека им беше необично, необично жал . . .

Во тој миг низ отворената врата однатре се појави уште едно лице, по сè изгледа, на домашната економка, можеби дури и на гувернантката, дама од околу

четириесет години, облечена во темен фустан. Таа се приближи љубопитно и недоверливо кога ги чу имињата на генералот Иволгин и кнезот Мишкин.

– Марја Александровна ги нема дома, – проговори таа, загледувајќи го особено генералот, – заминаа со госпоѓицата, со Александра Михајловна, кај бабата.

– И Александра Михајловна е со нив, о боже, каква несреќа! И претставете си, госпоѓо, секогаш ми се паѓа таква среќа! Најпонизно ве молам да го пренесете мојот поздрав, а на Александра Михајловна да се потсети . . . со еден збор, пренесете им ја мојата искрена желба на она што тие си пожелеа самите во четвртокот, вечерта, кога се ширеа звуците на Шопеновата балада; тие знаат . . . Моја искрена желба! Генералот Иволгин и кнезот Мишкин!

– Нема да заборавам, – отпоздрави дамата станувајќи подоверлива.

Слегувајќи по скалите, генералот со несмалена пламеност продолжуваше да сожалува поради тоа што не нашле никого дома и што кнезот е лишен од толку прекрасно познанство.

– Знаете ли, мил мој, дека јас сум по малку поет во душата, сте го забележале ли тоа? А впрочем . . . впрочем, се чини дека ние го погрешивме станот, – заврши тој наеднаш сосема ненадејно, – сега се сетив, Соколовичи живеат во друга куќа и дури, ми се чини, сега се во Москва. Да, јас малку погрешив, но . . . ништо . . .

– Јас само едно би сакал да знам, – тажно забележа кнезот, – дали сосема треба да прекинам да сметам со вас и не треба ли сам да заминам таму?

– Да престанете? Да сметате? Сам? Но поради која причина кога тоа за мене претставува најкапитален потфат од кој толку многу нешта зависат во судбината на моето семејство? Но, мој млад пријателу, вие толку лошо го познавате Иволгин. Кој вели „Иволгин“, тој небаре вели „камен“: надевај се на Иволгин како на камен, еве како велеа уште во ескадронот во кој ја започнав својата служба. Јас морав само патем да наминам за една минута во една куќа каде што се одморува мојата душа, еве веќе неколку години, по тревоги и искушенија . . .

– Сакате да наминете дома?

– Не! Сакам . . . кај капетаницата Терентјева, вдовицата на капетанот Терентјев, мојот некогашен потчинет . . . и дури пријател . . . Тука, кај капетаницата, јас се преродувам духовно и ваму ги донесувам моите животни и семејни горчливости . . . И бидејќи токму денес сум оптоварен со голем морален товар, јас . . .

– Се чини дека јас и онака сторив ужасна глупост, – промрмори кнезот, – што ве вознемирив прегеска. А вие сте пак сега и . . . До видување!

– Но јас не можам, та не можам да ве пуштам, мој млад пријателу! – срипа генералот, – вдовицата е мајка на семејство и ги извлекува од своето срце оние струни кои одекнуваат во целото мое суштество. Посетата кај неа – ќе трае пет минути. Во таа куќа јас сум без етикеција, јас тука речиси живеам; ќе се измијам, ќе си ја дотерам малку тоалетата и тогаш со кочија ќе се упатиме кон Баљшој театар. Верувајте ми дека сте ми потребен целата вечер . . . Еве, во оваа куќа е, стасавме . . . А, Коља, ти си веќе тука? Марфа Борисовна дома ли е, или ти и самиот штотуку стаса?

– О, не, – одговори Коља судрувајќи се со нив на влезот од куќата, – јас сум веќе одамна тука, кај Ипполит, нему му е полошо, денес изутрината лежеше. Јас сега одев по карти во продавницата. Марфа Борисовна ве чека. Само, татенце, уф колку сте! . . . – заклучи Коља загледувајќи се внимателно во одот и држењето на генералот. – Та ајде, горе!

Средбата со Коља го поттикна кнезот да го придружи генералот и кај Марфа Борисовна, но само за кратко. На кнезот му беше потребен Коља; генералот пак, тој, во секој случај, реши да го напушти и не можеше да си прости што прегеска му падна на ум да се надева на него. Се качуваа долго, на четврти кат и по споредни скали.

– Сакате да го запознаете кнезот? – праша Коља патем.

– Да, пријателу мој, да го запознам: генералот Иволгин и кнезот Мишкин, но . . . како е . . . Марфа Борисовна . . .

– Знаете ли, татенце, подобро е да не доаѓате! Ќе

ве изеде! Веќе трет ден не се појавувате, а таа чека пари. Зошто сте ѝ ветиле пари? Вие секогаш така! Сега снаоѓајте се.

На четвртиот кат запреа пред ниска вратичка. Генералот очевидно губеше храброст и го туркаше напред кнезот.

– Јас ќе останам тука, – мрмореше тој, – сакам да ја изненадам . . .

Коља влезе прв. Некаква си дама, мошне набелена и нацрвенета, во пантофли и краток елек, со коса сплетена во прцлиња, на околу четириесет години, се појави на вратата и изненадувањето на генералот одеднаш се распрсна. Штотуку дамата го виде него, веднаш почна да вика:

– Еве го, нискиот и подмолниот човек, токму него го чекаше моево срце!

– Да влеземе, тоа таа само така, – му мрмореше генералот на кнезот одвраќајќи ѝ сè уште со невина насмевка.

Но тоа не беше само така. Штотуку влегоа тие низ темното и ниско претсобје во тесната соба за гости, наместена со половина дузина плетени столови и две масички за карти, домаќинката веднаш продолжи со некаков си научено-плачлив и вообичаен глас:

– И не ти е срам, не ти е срам, варварине и тиранине на моето семејство, варварине и нечовеку! Сета ме опљачка, ми ги исцеди сите сокови и уште не ти е доста. До кога ќе те трпам, бесрамен и нечесен човеку?

– Марфа Борисовна, Марфа Борисовна! Ова е . . . кнезот Мишкин. Генералот Иволгин и кнезот Мишкин, – мрмореше растреперениот и збунет генерал.

– Верувате ли, – ненадејно му се обрна капетаницата на кнезот, – верувате ли дека овој бесрамен човек не ги жали моите деца сирачиња? Сета ме опљачка, сè ми изнесе, сè продаде и заложи, ништо не ми остави. Што ќе правам јас со твоите гарантни писма, итар и бесовесен човеку? Одговори, итрецу, одговори ми, незаситно срце: со што, со што да ги нахранам моите деца сирачиња? Еве го, ми доаѓа пијан

и нозете не го држат . . . Со што сум го налутила господа, гнасен и безобразен итрецу, одговори ми?

Но на генералот не му беше до тоа.

– Марфа Борисовна, дваесет и пет рубли . . . тоа е сѐ што можам со помошта на најблагородниов пријател. Кнезу! Јас страшно згрешив! Таков е . . . животот . . . А сега . . . проштавајте, лошо ми е, – продолжи генералот стоејќи среде соба и поклонувајќи се на сите страни, – лошо ми е, проштавајте! Леночка! Леночка! Една перница . . . миличка!

Леночка, осумгодишното девојче, веднаш отрча по перница и ја донесе на тврд и испарталавен диван од мушама. Генералот седна на него имајќи намера да каже уште многу работи, но штотуку го допре диванот веднаш се сврти настрана со лицето кон ѕидот и заспа како цицалче. Марфа Борисовна тажно и со афект му го покажа на кнезот столот крај масичето за карти, самата седна спроти него, со дланка си го потпре десниот образ и почна молчејќи да воздивнува гледајќи во кнезот. Три мали дечиња, две девојчиња и едно машко, од кои Леночка беше најстарата, ѝ се приближија на масата, сите тројца ги ставија рацете на масата и сите тројца почнаа, исто така, внимателно да го разгледуваат кнезот. Од другата соба се појави Коља.

– Многу ме радува што ве сретнав тука, Коља, – му се обрна кнезот нему, – не ќе можете ли вие да ми помогнете. Јас бездруго морам да стигнам кај Настасја Филиповна. Јас преќеска го молев Ардалион Александрович, но ете, заспа. Одведете ме, зашто јас не ги познавам ниту улиците ниту каде живее. Впрочем, адресата ја имам: крај Баљшој театар, куќата на Митовцова.

– Настасја Филиповна ли? Та таа никогаш нѐ живеела крај Баљшој театар, а тате никогаш не бил кај Настасја Филиповна, ако сакате да знаете; ме чуди што сте очекувале нешто од него. Таа живее кај Владимирска, кај Петте Агли, тоа е многу поблиску оттука. Итно ли ви е? Сега е десет и пол. Повелете, јас ќе ве одведам.

Кнезот и Коља веднаш излегоа. За жал, кнезот немаше пари да земе кочија, мораа да одат пеш.

– Јас би сакал да ве запознам со Иполит, – рече Коља, – тој е најстариот син на оваа капетаница во елек и беше во друга соба; болен е и денес цел ден лежеше. Но тој толку е чуден; страшно е навредлив и ми се стори дека ќе му биде срам од вас, зашто дојдовте во таков миг . . . Мене сепак не ми е толку срам колку нему, зашто мене ми е тој татко, а нему мајка, тука сепак има разлика, зашто машкиот пол во таков случај не е обесчестен. А впрочем, тоа е можеби предрасуда во однос на супериорноста на половите, во овој случај. Иполит е прекрасно момче, но е роб на извесни предрасуди.

– Вие велите дека е болен од туберкулоза?

– Да, се чини, подобро е побрзо да умре. Јас на негово место секако би сакал да умрам. Нему му е жал за браќата и сестрите, оние малечките. Само кога би можеле, кога би имале пари, јас и тој би изнајмиле одделен стан и би се откажале од своите семејства. Тоа е наш копнеж. А знаете ли дека, кога прееска му го раскажав вашиот случај, тој дури и се разлути, вели дека оној што ќе пропушти една шлаканица и не ќе предизвика на дуел, дека тој е подлец. Впрочем, тој ужасно е јадосан, јас веќе престанав и да спорам со него. И така значи, Настасја Филиповна веднаш ве покани кај себеси?

– Во тоа и е работата што не ме покани.

– Како тогаш одите, – викна Коља и дури запре среде тротоарот, – и . . . и во таква облека, а таму е свечен прием?

– Жими бога, не знам како ќе влезам. Ако ме прими – добро, ако не ме прими – пропадна работата. А што се однесува до облеката, што да правам?

– Имате некоја работа? Или пак онака само, pour passer le temps[1]) во „високо општество“?

– Не, всушност . . . то ест, имам работа . . . тешко ми е да се изразам, но . . .

---

[1]) Да го поминете времето (француски)

– Нека биде тоа ваше по каква работа, но мене ми е главно тоа дека вие не се натрапувате на прием заради прекрасно друштво на камелии, генерали и лихвари. Да беше така, проштавајте кнезу, но јас ќе ви се потсмевнев и ќе почнев да ве презирам. Тука имаме ужасно малку чесни луѓе, така што дури немаш кого ни да почитуваш. И без да сакаш ги гледаш одозгора, а тие бараат почит; пред сè Варја. И сте го забележале ли тоа, кнезу, дека во нашево време сите се авантуристи! И токму кај нас во Русија, во нашава мила татковина. И како излезе сето тоа така – не разбирам. Се чини, којзнае колку цврсто стоеше, а сега? Тоа сите го велат и секаде се пишува. Се разобличува. Кај нас сè се разобличува. Родителите први се повлекуваат и самите се срамат од својот преѓешен морал. Ене, во Москва, некој родител го учел синот пред ништо да не запира при печалење на пари; тоа е познато од печат. Погледајте го мојов генерал. Што излезе од него? А, впрочем, знаете ли дека ми се чини оти мојот генерал е чесен човек; жими бога, така е! Тоа само е несреденост и вино. Жими бога, така е! Дури ми е жал; само се плашам да говорам за тоа, зашто сите ми се смеат; а жими бога, ми е жал. А што имаат тие, умните? Сите се лихвари, открај-накрај! Иполит го оправдува лихварството, вели дека така треба да биде, економски потрес, некакви си плими и осеки, ѓавол да ги земе. Мене ми е мошне криво поради него, но тој е јадосан. Претставете си, неговата мајка, капетаницата, зема пари од генералот и пак нему му ги дава како краткорочен заем; ужасно срамно! А знаете ли дека мајчицата, то ест мојата мајчица, Нина Александровна, генералицата, му помага на Иполит со пари, облека, долна облека и на сите им помага, дури и на децата преку Иполит, зашто онаа ги напуштила. И Варја, исто така.

– Ете, гледате, вие велите, нема чесни и силни луѓе и дека се сите само лихвари; еве ви силни луѓе, вашата мајка и Варја. Зар да се помага тука и под такви услови не е знак на морална сила?

– Варењка тоа го прави од самољубие, за да се прави важна, за да не заостане зад мајката; е, а мај-

чицата тоа вистински . . . јас ја почитувам. Да, јас тоа го почитувам и го оправдувам. Дури и Ипполит го чувствува тоа, а тој речиси сосема е јадосан. Отпрвин се смееше и го наречуваше тоа ниско од страна на мајка ми; но сега напати почнува да го чувствува. Хм! Та вие значи тоа го наречувате сила? Јас тоа ќе го забележам. Гања не го знае тоа инаку би го нарекувал одобрување.

– А Гања не знае? Гања, се чини, уште многу нешта не знае, – му се откина на замислениот кнез.

– Знаете ли, кнезу, вие многу ми се допаѓате. Никако не ми излегува од глава прегешната ваша случка.

– И вие, Коља, ми се допаѓате.

– Слушајте, како мислите да живеете тука? Јас наскоро ќе добијам часови и ќе заработувам нешто, ајде да живееме, јас, вие и Ипполит, сите тројца заедно, ќе земеме стан под наем; а генералот ќе ни доаѓа на гости.

– Со најголемо задоволство. Но, впрочем, ќе видиме. Јас сум сега многу . . . многу растроен. Што? Веќе стасавме? Во оваа куќа . . . каков прекрасен влез! И вратар. Е, Коља, не знам што ќе излезе од сево ова.

Кнезот стоеше како изгубен.

– Утре ќе ми раскажете! Не губете премногу храброст. Нека ви даде господ успех, зашто јас ги споделувам вашите убедувања во сè! Збогум. Јас ќе се вратам назад и ќе му раскажам на Ипполит. А тоа дека ќе бидете примен, нема сомнение, не плашете се! Таа е страшно оригинална. По овие скали на првиот кат, вратарот ќе ви покаже.

XIII

Качувајќи се кнезот беше мошне вознемирен и со сите сили се трудеше да се охрабри себеси. „Најстрашно може да биде, – си мислеше тој, – ако не ме примат и помислат нешто лошо за мене или, може и да ме примат и да почнат да ми се смеат в лице . . .

Ех, ако!“ И навистина тоа сè уште не го плашеше многу, но прашањето: „што ќе прави таму и зошто оди?“ – на тоа прашање тој воопшто не можеше да најде смирувачки одговор. Дури и да може, на некој начин, ако најде можност, да ѝ каже на Настасја Филиповна: „Не мажете се со овој човек и не упропастувајте се себеси, тој не ве сака, туку ги сака вашите пари, тој тоа мене самиот ми го рече, а ми говореше и Аглаја Епанчина, а јас дојдов да ви го пренесам тоа“, којзнае дали тоа би изгледало исправно во секој однос. Се појавуваше уште едно неразрешливо прашање и тоа толку капитално, што кнезот дури и се плашеше и да мисли за него, не можеше и не смееше дури ни да го допушти, не знаеше како да го формулира, трепереше и се вцрвуваше само кога ќе помислеше за него. Но сврши со тоа што тој сепак влезе и ја побара Настасја Филиповна.

Настасја Филиповна живееше во не многу голем, но навистина прекрасно наместен стан. За тие пет години живот во Петроград имаше еден период во почетокот, кога Атанасиј Иванович особено не жалеше да потроши пари за неа; тој тогаш сè уште сметаше на нејзина љубов и мислеше да ја соблазни најглавно со комфор и раскош, знаејќи колку лесно фаќаат корен навиките на раскош и колку е после тешко да се одделиш од нив, кога раскошот лека-полека се претвора во неопходност. Во овој случај Тоцки им остана верен на старите добри верувања, не изменувајќи ништо во нив, почитувајќи ја бескрајно сета несовладлива сила на сетилните влијанија. Настасја Филиповна не се одречуваше од раскошот, дури и го сакаше, но, – и тоа изгледаше необично чудно, – никако не му подлегнуваше, небаре секогаш можеше да мине и без него; неколкупати дури се трудеше и да го покаже тоа, што непријатно го вчудовидуваше Тоцки. Впрочем, кај Настасја Филиповна имаше многу работи кои непријатно (а подоцна дури и до презир) го вчудовидуваа Атанасиј Иванович. А да не зборуваме за непрефинетоста на оној вид луѓе кои таа напати ги правеше блиски, а, веројатно, и беше наклонета да ги прави блиски, кај неа се пројавуваа и уште некои со-

сема чудни наклоности: се пројавуваше некаква варварска смеса на два вкуса, способност да минува и да се задоволува со такви работи и средства чие и постоење, се чини, не би смеело да му се допушти на еден пристоен и префинето образован човек. Навистина, кога Настасја Филиповна, на пример, би изразила наеднаш некое симпатично елегантно незнаење, слично како што е на пример тоа дека селанките не можат да носат долни алишта од батиста, какви што носи таа, Атанасиј Иванович, се чини, со тоа би бил необично задоволен. Токму кон такви резултати беше насочено целото првобитно воспитание на Настасја Филиповна по програмата на Тоцки, кој во тој поглед многу се разбираше; но напразно! резултатите испаднаа необични. Сепак, без оглед на тоа, кај Настасја Филиповна имаше и сè уште траеше нешто што напати го вчудовидуваше дури и самиот Атанасиј Иванович со својата необична привлечност и оригиналност, со некаква сила и го соблазнуваше напати дури и сега, кога веќе беа пропаднати сите негови преѓешни сметки во однос на Настасја Филиповна.

Кнезот го пречека девојка (слугите на Настасја Филиповна секогаш беа жени) и, на негово вчудовидување, ја ислуша неговата молба да го пријави кај Настасја Филиповна без никаква недоумица. Ниту неговите калливи чизми, ниту шапката со широк раб, ниту наметката без ракави, ниту пак неговиот збунет изглед, не предизвикаа кај неа никакво колебање. Таа му помогна да ја симне наметката, го покани да почека во претсобјето и веднаш се упати да го пријави.

Друштвото насобрано кај Настасја Филиповна се состоеше од нејзините најобични секојдневни пријатели. Беше дури и прилично интимно во однос на поранешните состаноци во такви денови. Пред сè, и како најважни, беа присутни Атанасиј Иванович Тоцки и Иван Фјодорович Епанчин; и обајцата беа љубезни, но и обајцата некако притаено вознемирени по повод лошо прикриеното очекување на ветената изјава во однос на Гања. Покрај нив, се разбира, беше и Гања, – исто така, мошне мрачен, многу замислен и дури речиси сосема „нељубезен“, кој главно стоеше на-

страна, подалеку од сите, и молчеше. Тој немаше смелост да ја доведе Варја, но Настасја Филиповна не ја ни спомна; затоа пак, штотуку се поздрави со Гања, го потсети на прежешната негова сцена со кнезот. Генералот, кој уште не беше чул за неа, почна да се интересира. Тогаш Гања суво, воздржано, но сосема отворено раскажа за сѐ што се случило тој ден и како тој веќе бил да го моли кнезот за извинување. Притоа тој пламено го изрази своето мислење за тоа дека кнезот сосема чудно и којзнае поради што го нарекле „идиот, дека тој мисли за него сосема спротивно и дека, во тоа е сигурен, тој човек си е со умот“. Настасја Филиповна го ислуша ова мислење со големо внимание и љубопитно го следеше Гања, но разговорот веднаш премина на Рогожин, кој толку значајно учествуваше во утринскиот настан и за кој, исто така, со извонредна љубопитност почнаа да се интересираат Атанасиј Иванович и Иван Фјодорович. Се покажа дека специјални податоци за Рогожин можел да даде Птицин, кој трчал по негови работи речиси до девет часот навечер. Рогожин настојувал со сите сили уште денес да најде сто илјади рубли. „Тој, навистина, беше пијан, – забележа притоа Птицин, – но колку и да е тешко, чинам дека ќе ги добие, само не знам дали тоа ќе биде денеска и дали ќе ги добие сите; а многумина се нафатија, Киндер, Трепалов, Бискуп; тој дава лихва колку ќе побараат, се разбира, во пијана состојба и во првата радост . . .“ – заврши Птицин. Сите тие новости беа примени со интерес, делумно мрачен; Настасја Филиповна молчеше, очебијно не сакајќи да се изјаснува; Гања, исто така. Генералот Епанчин се беспокоеше во себеси речиси најмногу од сите; бисерот кој тој го беше предал уште изутрината, беше примен со премногу студена љубезност и дури со некоја особена насмевка. Од сите гости единствено Фердишченко беше во мошне весело и празнично расположение на духот и гласно се кикотеше напати не знаејќи зошто, и тоа само поради тоа што самиот си ја зеде улогата на шут. Самиот Атанасиј Иванович, кој беше познат како префинет и елегантен раскажувач, кој порано на вакви вечери обично го предво-

деше разговорот, беше очевидно нерасположен и дури збунет на некој начин што не беше карактеристичен за него. Другите гости, кои, впрочем не ги имаше многу (едно бедно старче учител, кој којзнае зошто бил поканет, некојси непознат момчак кој страшно се срамеше и цело време молчеше, една палава дама на околу четириесет години, артистка, и една необично убава и необично убаво и богато облечена и необично затворена млада дама), не само што не можеа да го оживат разговорот, но дури напати и не знаеја за што да разговараат.

Под таква околност појавата на кнезот беше дури и добредојдена. Објавувањето на неговото доаѓање предизвика недоумица и неколку чудни насмевки, особено кога од вчудовидениот изглед на Настасја Филиповна стана јасно дека таа воопшто немала намера да го покани. Но, по вчудовидувањето, Настасја Филиповна покажа ненадејно толкаво задоволство, што повеќемина од гостите се приготвија да го пречекаат кнезот со смеа и веселост.

– Можеме да поверуваме дека ова се случи поради неговата невиност, – заклучи Иван Фјодорович Епанчин, – и во секој случај доста е опасно да се потпомагаат ваквите склоности, но во дадениов миг, навистина, не е лошо што му текнало да повели та макар и на вака оригинален начин: тој, можеби, ќе нè развесели, колку што можам јас, во крајна линија, да судам за него.

– Дотолку повеќе што дојде непоканет! – веднаш се вмеша Фердишченко.

– Та што ако? – суво го праша генералот кој не го поднесуваше Фердишченка.

– Та тоа, што ќе мора да плати за влез, – објасни тој.

– Кнезот Мишкин сепак не е Фердишченко, – не се воздржа генералот кој никако не можеше да се помири со мислата да се наоѓа во исто друштво со Фердишченко и на еднаква нога.

– Еј, генерале, поштедете го Фердишченко, – одговори тој насмевнувајќи се. – Зашто јас имам особени права.

– Какви особени права имате вие?

– Минатиот пат јас ја имав честа детално да му ги објаснам на друштвото; за вашето превосходство ќе ги повторам уште еднаш. Бидете љубезен да забележите: сите имаат остроумност, а јас немам остроумност. Како надоместок јас измолив дозвола да зборувам вистина, онака како што на сите им е познато дека вистината ја говорат само оние кои немаат остроумност. Одозгора јас сум многу одмаздлив човек, и пак поради тоа што немам остроумност. Јас секоја навреда покорно ќе ја поднесам, но до првиот неуспех на навредувачот; при првиот неуспех јас веднаш се потсетувам и веднаш се одмаздувам со нешто, се клоцам, како што рече за мене Иван Петрович Птицин, кој, се разбира, самиот никогаш не се клоца. Ја знаете ли ваше превосходство, басната на Крилов: „Лав и магаре"? Е, тоа сме ние двајцата, за нас е напишана.

– Вие, Фердишченко, чинам, пак почнавте да дрдорите, – избувна генералот.

– Зошто така, ваше превосходство? – продолжи Фердишченко сметајќи на тоа дека ќе може да продолжи и уште повеќе да се раздрдори, – не вознемирувајте се, ваше превосходство, јас си го знам своето место: и кога реков дека сме вие и јас Лавот и Магарето од басната на Крилов, улогата на Магарето, се разбира, си ја земам за себе, а вашето превосходство е Лавот, како што е и речено во басната на Крилов:

Силниот Лав, стравот на шумите,
Староста го остави без сила.

А јас сум, ваше превосходство – Магарето.

– Со последното се сложувам, – случајно му се испушти на генералот.

Сето тоа, се разбира, беше грубо и однапред смислено, но веќе беше вообичаено на Фердишченко да му се дозволува да ја игра улогата на шут.

– Та мене само за тоа и ме поднесуваат и ме примаат овде, – изјави еднаш Фердишченко, – за да говорам токму во тој дух. Но, навистина, дали е можно да се прима ваков каков што сум јас? Та јас го сфа-

ќам тоа. Но, зар е можно мене, Фердишченко, да ме седнуваат покрај еден олку префинет џентлмен каков што е Атанасиј Иванович? И без да сака човек може да си објасни само вака: токму затоа и ме седнуваат, зашто тоа е невозможно и да се претпостави.

Но макар што беше грубо, сепак напати и печеше, напати и премногу, и тоа, се чини ѝ се допаѓаше на Настасја Филиповна. На оние кои бездруго сакаа да ја посетуваат не им остануваше ништо освен да се решат да го поднесуваат Фердишченко. Тој, можеби, ја погоди целата вистина, претпоставувајќи дека почнале да го примаат поради тоа што уште од првиот пат со својата присутност му стана невозможен на Тоцки. Гања, пак, од своја страна, поднесе од него бескрајна редица мачења и во тој однос Фердишченко успеа да ѝ биде мошне корисен на Настасја Филиповна.

– А кнезот ќе ми почне од тоа што ќе ми испее модерна романса, – реши, Фердишченко погледнувајќи што ќе каже Настасја Филиповна.

– Не верувам, Фердишченко, и, ве молам, не залетувајте се, – суво забележа Настасја Филиповна.

– А-а! Ако тој е под специјално покровителство, тогаш и јас ќе бидам помек . . .

Но Настасја Филиповна не слушајќи го, стана и тргна самата да го пречека кнезот.

– Ми беше жал, – рече таа појавувајќи се одеднаш пред кнезот, – поради тоа што прееска, во мешаницата, заборавив да ве поканам и многу ме радува што вие самиот сега ми давате можност да ви се заблагодарам и да ве пофалам за вашата смелост.

Говорејќи го тоа таа внимателно го гледаше кнезот напрегнувајќи се макар некако да си ја објасни неговата постапка.

Кнезот, можеби и ќе одговореше нешто на нејзините љубезни зборови, но беше толку заслепен и вчудовиден, што не можеше да проговори ниту збор. Настасја Филиповна го забележа тоа со задоволство. Таа вечер таа беше во целосна тоалета и оставаше необичен впечаток. Таа го зеде за рака и го одведе кај гостите. Пред самиот влез во салонот кнезот ненадејно

запре и со необична возбуденост, итајќи ѝ прошепоти:

– Кај вас сѐ е совршено . . . дури и тоа што сте слаба и бледа . . . вас човек и не сака да ве претстави поинаку . . . Јас имав толкава желба да дојдам кај вас . . . јас . . . проштавајте . . .

– Не барајте прошка, – се насмеа Настасја Филиповна, – со тоа ќе се изгуби сета необичност и оригиналност. А изгледа дека е вистина она што велат за вас дека сте чуден човек. И вие, значи, ме сметате мене за совршена, нели?

– Да.

– Макар што сте мајстор за погаѓање, сепак сте се измамиле. Јас уште денес ќе ве потсетам за тоа . . .

Таа им го претстави кнезот на гостите од кои на поголемиот дел тој веќе им беше познат. Тоцки веднаш изрече нешто љубезно. Сите небаре малку живнаа, сите одеднаш почнаа да зборуваат и почнаа да се смеат. Настасја Филиповна го седна кнезот крај себеси.

– Но, всушност, што има необично во појавата на кнезот? – повика погласно од сите Фердишченко, – работата е јасна, работата говори сама за себе!

– Работата премногу е јасна и премногу говори сама за себеси, – го дополни ненадејно Гања кој молчеше. – Јас денес го набљудував кнезот речиси без прекин, од самиот миг кога тој за првпат го погледна портретот на Настасја Филиповна, на работната маса на Иван Фјодорович. Јас многу убаво паметам дека уште прееска тоа го помислив, во што сум сега сосема убеден и што, патем речено, кнезот лично ми го призна.

Целата таа реченица Гања ја изрече необично сериозно, без каква и да е шеговност, дури и мрачно, што им се стори на сите малку необично.

– Јас не сум ви признал ништо, – му одговори кнезот вцрвувајќи се, – јас само одговорив на вашето прашање.

– Браво, браво! – повика Фердишченко, – во крајна линија, тоа е искрено, и тоа, итро искрено!

Сите гласно се насмеаја.

– Не викајте, Фердишченко, – со одвратност забележа Птицин полугласно.

– Јас, кнезу, не очекував од вас вакви подвизи, – проговори Иван Фјодорович, – а знаете ли кому ќе му биде тоа добредојдено? А јас ве сметав вас за филозоф! Ете ти тивок човек.

– И според тоа што кнезот се вцрвува од невина шега, како невина млада девојка, јас доаѓам до заклучок дека тој, како мошне благороден момчак, во своето срце негува намери најдостојни за пофалба, – наеднаш и сосема ненадејно проговори, или поарно речено, пропелтечи беззабото седумдесетгодишно старче учител, кое досега постојано молчеше и од кое никој не можеше да очекува дека ќе проговори нешто таа вечер. Старчето, кое веројатно помисли дека се смеат на неговата духовитост, почна, гледајќи ги сите, уште повеќе да се смее, при што почна силно да кашла, така што Настасја Филиповна, која необично ги сакаше којзнае зошто сите слични оригинални старчиња, старици и дури јуродиви, веднаш почна да го гали, го бакна и нареди да се послужи со уште еден чај. Од слугинката која влезе таа побара наметка во која се завитка и нареди да се додадат уште дрва во каминот. На прашањето колку е часот, слугинката ѝ одговори дека веќе е десет и пол.

– Господа, сакате ли да пиете шампањско, – ги покани наеднаш Настасја Филиповна. – Го имам приготвено. Можеби, ќе се развеселите. Повелете, да не ве молам.

Поканата да се пие и особено со толку наивни изрази, изгледаше мошне чудна од страна на Настасја Филиповна. Сите ја знаеја необичната достоинственост на нејзините преѓешни приеми. Воопшто, приемот стануваше повесел, но не како што беше вообичаено. Сепак, не се откажа од вино, како прв, самиот генерал, потоа палавата госпоѓа, старчето, Фердишченко, а по нив и сите други. Тоцки, исто така, си ја крена чашата, со надеж да го хармонизира новиот тон што надоаѓаше, придавајќи му колку што се можеше карактер на симпатична шега. Само Гања ништо не пиеше. Во чудните пак, напати многу рески и брзи

истапи на Настасја Филиповна, која, исто така, си зеде вино и изјави дека таа вечер ќе испие три чаши, во нејзината хистерична и бесповодна смеа, испресечена одеднаш со молчалива и дури мрачна замисленост, тешко беше да се разбере нешто. Едни подозираа во неа треска; почнаа најодзади да забележуваат дека и таа самата небаре чека нешто, често погледнува на часовникот, станува нестрплива, расеана.

– Вие како да имате мала треска? – праша палавата госпоѓа.

– Не мала, туку голема, поради тоа се завиткав во наметкава, – одговори Настасја Филиповна, која навистина стана побледа и одвреме навреме небаре прикриваше во себе силно треперење.

Сите се вознемирија и се раздвижија.

– Можеби е подобро да ја оставиме домаќинката да се одмори? – се изјасни Тоцки погледнувајќи го Иван Фјодорович.

– Никако, не, господа! Јас напротив ве молам да останете. Вашата присутност, особено денеска, ми е неопходна, – упорно и важно изјави наеднаш Настасја Филиповна. И, бидејќи речиси сите гости веќе беа дознале дека таа вечер е определена за многу важно решение, тие зборови носеа голема тежина. Генералот и Тоцки уште еднаш разменија погледи. Гања грчевито се раздвижи.

– Би било добро да одиграме некоја мала игра, – рече палавата госпоѓа.

– Јас знам една прекрасна и нова игра, – се замеша Фердишченко, – во крајна линија таква, која се играше на светов само еднаш и тогаш без успех.

– Која е таа? – праша палавата госпоѓа.

– Се собравме еднаш едно друштво и се поднапивме навистина и наеднаш некој предложи секој од нас, не станувајќи од масата, да раскаже нешто за себеси гласно, но нешто такво, кое самиот тој најискрено во совеста го смета како најлошо од сите свои лоши постапки во текот на целиот свој живот; но со тоа, да биде искрено, најглавно е да биде искрено, да не се лаже!

– Чудна идеја, – рече генералот.

– Колку е почудна, ваше превосходство, толку е подобро.

– Смешна идеја, – рече Тоцки, – впрочем, може да се разбере: специјален вид фалбаџиство.

– Можеби тоа и требаше, Атанасиј Иванович.

– Та на овој начин ќе заплачеш, а не да се насмееш, со ваква игра, – забележа палавата госпоѓа.

– Сосема невозможна и неумесна работа, – се одзва Птицин.

– А успеа ли? – праша Настасја Филиповна.

– Во тоа е и работата што не успеа, излезе одвратно, секој навистина раскажа по нешто, многумина не лажеа, и претставете си, понекои раскажуваа дури со задоволство, а после, на сите им беше срам, не издржаа. Со еден збор, впрочем, беше многу весело, то ест, на свој начин.

– А навистина, тоа би било убаво! – забележа Настасја Филиповна наеднаш живнувајќи. – Навистина, би можеле да пробаме, господа! Нам навистина некако не ни е весело. Кога би се сложил секој од нас да раскаже по нешто . . . од тој вид . . . се разбира, со негова согласност, тука мора да има слободна волја, а? Можеби, ќе издржиме? Во крајна линија, страшно е оригинално.

– Генијална идеја! – ја поддржа Фердишченко. – Госпоѓите, впрочем, ќе бидат исклучени, ќе почнат мажите; работата ќе се среди со ждрепка, како тогаш! Неопходно е, неопходно! Кому не му е пријатно, тој, се разбира, нема да раскажува, но, се разбира, треба да биде особено нељубезен за да го стори тоа! Дајте ги вашите ждрепки, господа, ваму, кај мене, во шапкава, кнезот ќе извлекува. Задачата е најпроста, да се раскаже најлошата постапка во целиот свој живот, – тоа е страшно лесно, господа! Ќе видите! А ако некој подзаборави, јас се нафаќам веднаш да го потсетам!

Идејата не му се допаѓаше никому. Едни се муртеа, други лукаво се насмевнуваа. Некои се противеа, но не многу, како, на пример, Иван Фјодорович, кој не сакаше да ѝ се спротивстава на Настасја Филиповна кога забележа колку ја привлекува таа чудна мисла. Во своите желби Настасја Филиповна секогаш

беше незапирна и безмилосна, штом ќе решеше да ги искаже, макар тоа да биле најкаприциозни и за самата неа најбесполезни желби. И сега таа беше небаре во хистерија, не мируваше, грчевито се смееше како да има напад, особено кога се спротивставаше вознемирениот Тоцки. Нејзините црни очи почнаа да светкаат, на бледите образи се појавија две црвени дамки. Сенката на сневеселеност и гадливост врз физиономиите на некои од гостите можеби уште повеќе ја разгорувaa нејзината подбивна желба, нејзе можеби ѝ се допаѓаше токму циничноста и жестокоста на таа идеја. Некои пак веруваат дека таа во тоа има некоја особена сметка. Впрочем, почнаа да се согласуваат: во секој случај, беше интересно, а за многумина и многу привлечно. Фердишченко најмногу од сите не мируваше.

– А ако е нешто такво кое не смее да се раскаже . . . пред дами, – бојазливо забележа молчаливиот момчак.

– Тогаш не раскажувајте го тоа; небаре и без тоа малку има лоши постапки, – одговори Фердишченко, – ех, ти, момче!

– А јас, ете, не знам која од моите постапки да ја сметам како најлоша, – се замеша палавата госпоѓа.

– Дамите се ослободени од обврската да раскажуваат, – повтори Фердишченко, – но само се ослободени; дозволено е личното вдахновение со искреност. И мажите, ако им е многу непријатно, се ослободуваат.

– Како ќе се докаже дека не лажам? – праша Гања, – а ако лажам, целата смисла на играта ќе пропадне. А кој нема да лаже? Секој неопходно ќе почне да лаже.

– Та и самото тоа е привлечно, како ќе лаже човекот. Ти пак, Ганечка, немаш од што особено да се плашиш дека ќе лажеш, зашто твојата најодвратна постапка и без тоа им е позната на сите. Претставете си само, господа, – повика наеднаш во некакво вдахновение Фердишченко, – претставете си само со какви очи после ќе гледаме еден во друг, утре, на пример, откако ќе раскажеме!

– Та зар е можно тоа? Зар е навистина сериозно, Настасја Филиповна? – достоинствено праша Тоцки.

– Тој што се плаши од волк – не оди в шума: – со подбивна насмевка забележа Настасја Филиповна.

– Но дозволете, господине Фердишченко, зар е можно од тоа да се создаде игра, – продолжи Тоцки вознемирувајќи се сè повеќе и повеќе, – верувајте ми дека ваквите работи никогаш не успеваат; та вие самиот велите дека тоа веќе еднаш не успеа.

– Како не успеа! Та јас минатиот пат раскажав како сум украл три рубли, ете, така, седнав и раскажав!

– Да речеме дека е така. Но нели немаше можност вие така да раскажете да личи на вистина и да ви поверуваат? А Гаврило Ардалионович сосема со право забележа дека штом ќе се почувствува нешто невистинито целата смисла на играта ќе пропадне. Вистината е можна тука само како случајност, при особен вид фалбаџиско расположение со многу лош тон, кој овде не може да се замисли и е сосема непристоен.

– Но колку сте вие префинет човек, Атанасиј Иванович, дури и мене ме вчудовидувате! – извика Фердишченко, – претставете си, господа, со забелешката за тоа дека не сум можел да раскажам за својата кражба онака да личи на вистина, Атанасиј Иванович на најпрефинет начин навестува дека јас и навистина не сум можел да украдам (зашто е непристојно за тоа да се говори гласно), макар што, можеби, во себеси сосема е убеден дека Фердишченко би можел навистина да украде! Но да се вратиме кон работата, господа, ждрепките се собрани, а и вие, Атанасиј Иванович, ја ставивте својата, значи никој не се откажува. Кнезу, вадете ги!

Кнезот молкум ја спушти раката во шапката и ја извлече првата ждрепка – на Фердишченко, втората – на Птицин, третата – на генералот, четвртата – на Атанасиј Иванович, петтата – својата, шестата – на Гања итн. Дамите не ставија ждрепки.

– О, боже, каква несреќа! – викна Фердишченко – а јас пак мислев дека прв ќе биде кнезот, а втор генералот. Но, сполај му на бога, во крајна линија Иван

Петрович е по мене и јас ќе бидам награден. Е, господа, јас, се разбира, должен сум да дадам благороден пример, но во овој миг најмногу ми е жал што сум толку ништожен и со ништо не се одликувам; дури и чинот ми е премногу низок, и навистина што има интересно во тоа што Фердишченко направил лоша постапка? А и која е мојата најлоша постапка? Тука имаме embarras de richesse[1]). Дали пак да раскажам за мојата кражба, за да го убедам Атанасиј Иванович дека е можно да се украде а да не се биде крадец.

– Вие ме убедувате и во тоа, господине Фердишченко, дека навистина може да се чувствува задоволство до опојност при раскажувањето за своите ниски постапки и кога не ве прашува никој за нив... А впрочем... Проштавајте, господине Фердишченко.

– Почнете, Фердишченко, вие страшно многу дрдорите излишни работи и никогаш не ќе завршите! – нареди Настасја Филиповна раздразнето и нестрпливо.

Сите забележаа дека по својата неодамнешна хистерична смеа, таа наеднаш стана намуртена, јадосана и нервозна; дотолку повеќе тврдоглава и тирански останувашe при својот невозможен каприц. На Атанасиј Иванович му беше ужасно тешко. Го доведуваше до бес и Иван Фјодорович: тој седеше и пиеше шампањско небаре не се случува ништо и дури, можеби, размислуваше за она што ќе го раскаже кога ќе му дојде редот.

XIV

– Не сум духовит, Настасја Филиповна, затоа и дрдорам премногу! – викна Фердишченко почнувајќи го своето раскажување, – да бев духовит каков што е Атанасиј Иванович или Иван Петрович, јас денес вездена ќе си седев и ќе молчев, како Атанасиј Иванович и Иван Петрович. Кнезу, дозволете ми да ве прашам, што мислите, мене, ете, сè ми се чини дека на светов

[1]) Тешкотија поради богатството на изборот (француски)

има многу повеќе крадци отколку некрадци и дека дури и не постои еден таков многу чесен човек кој макар еднаш во својот живот не украл нешто. Јас така мислам, поради што, впрочем, воопшто не доаѓам до заклучок дека сите наоколу се крадци, макар што, жими бога, понекогаш би сакал да изведам и таков заклучок. Што мислите вие?

– Пху, колку глупаво раскажување, – се одзва Дарја Алексеевна, – и каква бесмислица, невозможно е сите да украле нешто; јас не сум украла никогаш ништо.

– Вие не сте украле никогаш ништо, Дарја Алексеевна; но што ќе рече кнезот кој наеднаш сиот се вцрвил?

– Чинам дека е вистина она што го велите, само премногу претерувате, – рече кнезот, кој навистина поради нешто се вцрви.

– А вие, кнезу, не сте украле ништо?

– Пху! Колку е смешно! Соземете се, господине Фердишченко, – го зеде во заштита генералот.

– Едноставно, кога сме веќе тука, ни стана срам да раскажуваме, затоа и сакате да го привлечете кнезот на своја страна, зашто тој е наивен, – отсече Дарја Алексеевна.

– Фердишченко, или раскажувајте или молчете и гледајте си ја работата. Вие ќе исцрпите секое трпение, – реско и јадосано проговори Настасја Филиповна.

– Веднаш, Настасја Филиповна; но кога веќе кнезот призна, зашто јас сметам дека тоа е исто како и да призна, што да рече на пример тогаш некој друг (не спомнувам ниедно име), кога ќе посака некогаш да каже вистина? Што се однесува пак до мене, господа, јас немам понатаму што да раскажувам: многу е просто, и глупаво и ниско. Но ве убедувам дека јас не сум крадец; но не знам како украдов. Тоа беше оломнани во вилата на Семјон Иванович Ишченко, недела. Имаше гости за ручек. По ручекот мажите останаа да пијат вино. Мене ми падна на ум да ја замолам Марја Семјоновна, неговата ќерка, госпоѓицата, да отсвири нешто на клавир. Минувам низ собата на аголот, на

работната масичка на Марја Ивановна стојат три рубли, зелена банкнота: таа ја извадила за да ги даде за домаќинлак. Во собата, – никој. Јас ја зедов банкнотата и си ја ставив в џеб, зашто ми требаше – не знам. Што ми беше – не разбирам. Јас само побрзо се вратив и седнав на маса. Јас постојано седев и чекав доста возбуден, дрдорев без запирање, раскажував анегдоти, се смеев; потоа седнав кај госпоѓите. По едно половина час се сетија и почнаа да ги испитуваат слугинките. Почнаа да се сомневаат на слугинката Дарја Јас покажав необична љубопитност и соучество, и се сеќавам дури кога Дарја сосема се збуни, почнав да ја убедувам да признае гарантирајќи со своја глава за добрината на Марја Ивановна и тоа гласно, пред сите. Сите гледаа, а јас чувствував необично задоволство токму поради тоа, што ѝ проповедам, а банкнотата лежи во мојот џеб. Тие три рубли јас уште истата вечер ги испив во ресторанот. Влегов и побарав шише лафит; дотогаш никогаш не сум барал онака едно шише без ништо; посакав што побрзо да ги поарчам. Специјално гризење на совест јас не почувствував ниту тогаш, ниту подоцна. Другпат сигурно не би го повторил тоа; верувајте ми или не, како сакате, мене ми е сеедно. Ете, тоа е сè.

– Само, се разбира, тоа не е вашата најлоша постапка, – со одвратност рече Дарја Алексеевна.

– Тоа е психолошка случка, а не постапка, – забележа Атанасиј Иванович.

– А слугинката? – праша Настасја Филиповна, не прикривајќи ја најгадливата одвратност.

– Слугинката ја истераа следниот ден, се разбира. Тоа е строга куќа.

– И вие дозволивте?

– Убава работа! Та зар требаше да одам и да се обвинам себеси? – се закикоти Фердишченко, вчудовиден, меѓутоа од општиот премногу непријатен впечаток од неговиот расказ.

– Колку е валкано тоа! – викна Настасја Филиповна.

– Ете ти! Вие сакате да ја чуете најлошата постапка на еден човек и притоа барате сјај! Најлошите

постапки секогаш се многу валкани, сега ќе го чуеме тоа од Иван Петрович; а малку ли работи однадвор светкаат и сакаат да изгледаат како добродетел, поради тоа што имаат своја кочија. А малкумина ли имаат своја кочија . . . И тоа на кој начин ја имаат . . .

Со еден збор, Фердишченко сосема не издржа и наеднаш се разгневи дури до самозаборавање, ја претера мерата; дури целото лице му се искриви. Колку и да е чудно, но сосема е возможно тој да очекуваше поинаков успех на своето раскажување. Овие „пропусти“ на лошиот тон и „своевидно фалбаџиство“, како што ги нарече Тоцки, му се случуваа на Фердишченко многу често и беа сосема карактеристични за него.

Настасја Филиповна дури затрепери од лутина и тешко го погледна Фердишченко; тој, пак, веднаш се уплаши и замолчи, речиси смрзнат од страв: премногу далеку отишол.

– Можеби треба сосема да завршиме? – лукаво праша Атанасиј Иванович.

– Мој ред е, но ќе се користам со моето право и нема да раскажам, – одлучно рече Птицин.

– Вие не сакате?

– Не можам, Настасја Филиповна; и воопшто ваквата игра ја сметам невозможна.

– Чинам, редот на генералот е по вас, – му се обрна нему Настасја Филиповна, – ако и вие се откажете, тогаш ќе ни се расипе играта и ќе ми биде жал, зашто јас сакав да раскажам на крајот за една постапка од „мојот личен живот“, но тоа сакав да го сторам по вас и Атанасиј Иванович, зашто вие треба да ме охрабрите, – заврши таа насмевнувајќи се.

– О, штом и вие ветувате, – пламено викна генералот, – јас сум готов да го прераскажам сиот свој живот; но ќе признам, чекајќи си го редот, веќе си ја приготвив својата анегдота . . .

– И само по изгледот на неговото превосходство може да се заклучи со какво особено литературно задоволство тој си ја обработил својата анегдотичка, – се осмели да забележи сè уште малку збунетиот Фердишченко, насмевнувајќи се зајадливо.

Настасја Филиповна фрли еден поглед на генера-

лот и, исто така, се насмеа во себеси. Но се гледаше дека тагата и раздразливоста нараснуваше во неа сè повеќе и повеќе. Атанасиј Иванович двојно се исплаши откако го чу ветувањето да раскажува.

– Мене, господа, како и на секого, во животот ми се случуваше да направам постапки кои не се сосема елегантни, – почна генералот, – но најчудно е тоа што краткава анегдота што ќе ја раскажам сега самиот ја сметам како најлоша анегдота во целиот свој живот. Меѓутоа, оттогаш изминаа речиси триесет и пет години; но јас никогаш не можев да се ослободам, кога ќе се сетѐв, од некаков си впечаток што, така да речам, ми го гребе срцето. Работата е пак необично глупа: јас тогаш уште тукуштo станав заставник и си ја влечкав службата во армијата. И, се разбира, заставник: врела крв, а в џеб – неколку копејки; добив тогаш ординарец, Никифор, кој страшно се грижеше за мојот домаќинлак, штедеше, крпеше, стружеше и чистеше, и дури крадеше секаде сè што можеше, само куќата да ми биде побогата; беше многу верен и чесен човек. Јас, се разбира, бев строг но правичен. Ни се случи извесно време да останеме во едно гратче. Ми беше определен стан кај жена на еден потпоручник во оставка, и тоа вдовица. Старичката беше на околу осумдесет години. Куќарката ѝ беше ветва, бедна, дрвена и поради сиромаштијата немаше ни слугинка. Но, што е најглавно, се одликуваше со тоа што некогаш имала многубројно семејство и роднини; но некои од нив со текот на времето изумреа, а својот маж таа го закопала пред едно четириесет и пет години. Неколку години пред тоа живеела со неа некоја внука, грбава и лута, велат, како вештерка и еднаш дури ја каснала старицата за прст, но и таа умрела, така што старицата веќе околу три години живеела сосема сама. Здодевно ми беше кај неа, а таа беше толку празна, ништо да не можеш да ѝ извлечеш. Најпосле ми украде петел. Работата до денес не е јасна, но освен неа никој не можеше да го стори тоа. Поради петелот ние се скаравме и тоа доста, а во исто време ми се случи, по првата моја молба, да ме преселат во друг стан, во друг крај на градот, во многубројно се-

мејство на еден трговец со голема брада, како што се сеќавам и до денес. Се преселуваме јас и Никифор со радост а старицата ја оставаме со негодување. Минуваат околу три дена, доаѓам од учење а Никифор ми реферира, „не требаше, ваше благородие, нашата чинија да ја оставиме кај пређешната стопанка, немам во што да ви послужувам супа“. Јас, се разбира, бев вчудовиден: „Како тоа нашата чинија да остане кај стопанката?“ Почудениот Никифор продолжува да ми јавува дека стопанката, кога се селевме, не ни ја врати нашата чинија поради тоа што јас сум ѝ го скршил нејзиното грне, така таа поради грнето ни ја задржа нашата чинија, и небаре јас лично тоа сум ѝ го предложил. Таквата нискост од нејзина страна, се разбира, ми ја преполни чашата; крвта ми зовре, скокнав, појурив. Доаѓам кај старицата, така да речам, веќе избезумен; гледам, таа седи на тремот сосема сама, во катот, небаре се скрила од сонце со образ потпрен на рака. Јас истиот миг, знаете ли, истурив врз неа цел грмеж, „таква си, онаква си!“ и, знаете, онака, по руски. Само гледам, се случува нешто чудно: седи таа, лицето свртено кон мене, очите ококорени и ниту збор да ми одговори и, толку чудно, чудно ме гледа, небаре се ниша. Јас, најпосле се смирив, внимателно ја гледам, ја викам, ниту збор да ми одговори. Постојав малку нерешителен; муви брчат, сонцето заоѓа, тишина е; сосема збунет, јас најпосле заминувам. Штотуку стасав дома ме повикаа кај мајорот, после требаше да наминам во четата, така што дома се вратив веќе по темница. Уште при првиот збор Никифор ми рече: „А знаете ли, ваше благородство, нашата газдарица умре“. – „Кога?“ – „Вечерва, пред едно час и пол“. Тоа значи, токму во она време кога јас ја пцуев, таа си умирала. Тоа мене толку ме погоди, морам да ви речам, што одвај си дојдов на себеси. Не ми излегуваше, знаете, од умот, дури и ноќе сонував. Јас, се разбира, немам предрасуди, но третиот ден појдов в црква на закоп. Со еден збор, колку минува времето, толку повеќе размислувам. Не којзнае како, туку онака, ќе ми се појави некогаш во умот и ми станува непријатно. И што е најглавно тука

како што најпосле смислив? Како прво, жената е, така да речеме, човечко суштество, како што се вели во наше време, хумано; си живеела, долго живеела, се изнаживеала. Некогаш имала деца, маж, семејство, сите тие, така да ги наречеме, насмевки, и наеднаш – ништо, сè исчезнало како чад, останала сама, како ... некоја мува која носи во себе вековно проклетство. И, ете, најодзади, господ ја довел до крајот. На зајдисонце, во тивка летна вечер, исчезнува и мојата старичка – се разбира, не без морална поука; ете, токму во тој миг, место, така да речеме, солза на разделба, млад, налуничав заставник, со заканувачка става ја испраќа од земјината површина со елементарни руски кочијашки пцости поради една загубена чинија! Нема сомнение, виновен сум, и макар што оваа постапка, поради временската оддалеченост и поради промените во карактерот, веќе со години ја гледам како да ја направил некој друг, сепак не престанувам да жалам. Така што, повторувам, дури ми е и чудно, ако сум и виновен, сепак не сум сосема: зошто ѝ текнало токму во тоа време да умира? Се разбира, само со тоа може да се објасни дека постапката е во извесна смисла психолошка, но сепак, јас не можев да се смирам сè додека пред едно петнаесет години не почнав да издржувам во домот за старци две болни старички, со намера со пристојно издржување да им ги олеснам последните денови на животот на земјава. Имам намера тоа издржување да го претворам во постојано со тоа што ќе им оставам пари. И, ете, господа, тоа е сè. Повторувам, можеби во животот на многу места сум згрешил, но овој случај го сметам, по својата совест, најлош во целиот мој живот.

– И место најлошата, вашето превосходство ни раскажа една од своите добри постапки во својот живот; го измамивте Фердишченко! – заклучи Фердишченко.

– Навистина, генерале, јас не си ни претставував дека вие сте имале сепак добро срце; дури ми е жал, – небрежно проговори Настасја Филиповна.

– Жал ви е? А зошто? – праша генералот со љу-

безна насмевка и не без самозадоволство си пивна шампањско.

Но сега требаше да раскажува Атанасиј Иванович, кој, исто така, се беше приготвил. Сите се надеваат дека тој нема да се откаже како Иван Петрович, а и неговата приказна, поради извесни причини, ја чекаа со особена љубопитност и, во исто време, погледнуваа накај Настасја Филиповна. Со необична достоинственост, која сосема одговараше на неговата господствена надворешност, со тивок, љубезен глас ја почна Атанасиј Иванович едната од своите „симпатични приказни". (Кога сме веќе тука, да речеме: тој беше личен човек, господствен, со висок раст, малку ќелав, со малку побелена коса, и доста дебел, со меки, румени и виснати образи, со вештачки заби. Се облекуваше удобно и елегантно и носеше необично фини долни алишта. Човек не можеше да го откине погледот од неговите полни, бели раце. На показалецот на десната рака имаше скапоцен бриљантски прстен). Цело време додека тој раскажуваше Настасја Филиповна внимателно ја разгледуваше тантелата на работ од својот ракав и ја чепкаше со двата прста од левата рака, така што не стаса ниеднаш да го погледне раскажувачот.

– Најмногу што ми ја олеснува задачата – почна Атанасиј Иванович, – тоа е обврската да не раскажам ништо друго, туку токму најлошата постапка во мојот живот. Во тој случај, се разбира, нема двоумење: совеста и паметењето на срцето веднаш ќе потшепнат што треба да се раскаже. Со горчливост признавам дека меѓу безбројните, можеби лекомислени и... ветерничави постапки во мојот живот има една која остави премногу тежок печат во моето паметење. Тоа се случи пред околу дваесет години, јас наминав тогаш в село кај Платон Ординцев. Тој беше штотуку избран за предводник на дворјанството и беше дојден со својата млада жена да ги помине зимските празници. Во тоа време се погоди и роденденот на Анфиса Алексеевна и беа закажани два бала: Во тоа време беше влегол во страшна мода, и штотуку беше кренал сензација во отмениот свет прекрасниот роман на

Дима-синот „La dame aux camélias"[1]), поема, на која, според мое мислење, не ѝ е судено ниту да умре, ниту да застаре. Во провинција сите дами беа восхитени до занес, оние, се разбира, кои ја прочитале. Убавината на повеста, оригиналната претстава на главното лице, тој привлечен свет, осветлен до крајност, и, најодзади, сите тие прекрасни детали со кои обилува книгата (што се однесува, на пример, до околностите под кои се употребуваат букетите на бели и розови камелии наизменично), со еден збор, сите тие прекрасни подробности, и сето тоа заедно предизвикаа речиси потрес. Цветот на камелијата стана необично модерен. Сите сакаа камелии, сите ги бараа. Ќе ве прашам сега: може ли да се добијат многу камелии во провинциско гратче кога сите ги бараат за бал, та макар и имало малку балови? Во тоа време Петја Ворховској страдаше, сиромашкиот, по Анфиса Алексеевна. Јас, навистина, не знам дали имаше нешто меѓу нив, то ест, сакам да кажам, дали имал макар некоја посериозна надеж? Сиромашкиот, беше споулавен, не знаеше како да најде камелии за балот, за Анфиса Алексеевна. Грофицата Соцка, од Петербург, гостинката на губернаторката и Софија Беспалова, како што се дозна, требаше сигурно да дојдат со букети, со бели. Анфиса Алексеевна, заради специјален ефект, посака црвени. Таа замалу не го сотра сиромашкиот Платон; се знае – маж; вети дека ќе најде букет и – што? Пред самиот бал ѝ го зеде Митишчева, Катарина Александровна страшната соперничка на Анфиса Алексеевна во сè; меѓу нив дојде до нож. Се разбира, хистерија, паѓање во несвест. Платон беше за никаде. Се разбира, да можеше Петја да изнајде некаде букет во таков интересен момент, неговите работи ќе тргнеа многу напред; благодарноста на жената во таквите случаи нема граници. Тој се растрчува како во треска; но работата е безнадежна, нема што ни да се каже. Ненадејно, се сретнувам јас со него вечерта веќе во единаесет часот, пред роденденот и балот, кај Марја Петровна Зубкова, сосетката на Ор-

[1]) Дамата со камелии (француски).

динцев. Тој болска. „Што ти е?“ – „Најдов! Eureka!“ – „Така, братче, ти се чудам! Каде? Како?“ – „Во Екшајск (има едно такво гратче на дваесетина врсти, сè на сè и не ѝ припаѓа на нашата околија), има таму еден трговец Трепалов, со голема брада и богат, живее со својата жена, старица и место деца само канарки. И обајцата имаат страст за цвеќе, тој има камелии“. – „Чекај, та тоа не е сигурно, а ако не ти даде?“ – „Ќе паднам на колениции и нема да станам сè додека не ми даде, инаку нема да заминам!“ – „А кога ќе тргнеш?“ – „Утре, штотуку ќе се раздени, во пет часот“. – „Е, нека ти е господ на помош!“ И така, мило ми е заради него; се враќам кај Ординцев; мина веќе и еден часот, а мене, онака знаете, сè ми се привидува нешто. Сакав веќе да си легнам, наеднаш страшно оригинална идеја! Веднаш трчам в кујна, го будам Савелиј, кочијашот, му давам петнаесет рубли, „пригответи ги коњите за половина час!“. По половина час, се разбира, кочијата е крај порти; чув дека Анфиса Алексеевна имала мигрена, висока температура и бладала, – јас седнувам и тргнувам. Кон пет часот јас сум веќе во Екшајск, во анот; почекав до раздепувањe, и тоа само до разденување: во седум часот сум кај Трепалов. „Така и така, има ли камелии? Батјушка, татко роден, помогни ми, спаси, до нозе ќе ти се поклонам!“ Старецот е, гледам, висок, со побелени коси, суров – страшен старец. „Не-не, никако! Не давам!“ Јас трас пред неговите нозе! Просто–напросто се спрострев! „Што ви е, братче, што ви е?“'– тој дури се исплаши. „Та тука е во прашање човечки живот!“ – му викам јас нему. – „Земете си колку што сакате, штом е така, нека ви е господ на помош“. Си набрав јас тука црвени камелии! чудо, убавина, кај него цела една малечка топла леа. Воздивнува старецот. Вадам сто рубли. „Не, братче, не навредувајте ме на тој начин“. – „А штом е така, почитуван, повелајте да ги дадете овие сто рубли во тукашната болница за подобра нега и храна“. – „Е ова е, – вели, – братче, друга работа, и добродетелна е и благородна и богоугодна; ќе ги дадам за ваше здравје“. И ми се допадна, знаете ли, тој руски старец, така да речеме, исконски Русин,

de la vraie, souch[1]). Одушевен од успехот јас веднаш назад; се вративме од друга страна за да не се сретнеме со Петја. Штотуку стигнав, ѝ го праќам веднаш букетот на Анфиса Алексеевна. Можете да си го претставите восхитувањето, благодарноста, солзите на благодарноста! Платон, уште вчера претепан и мртов, – липа на моите гради. Така е, сите мажи се такви од создавањето . . . на законскиот брак! Не смеам ништо да додадам, но со оваа епизода изгледите на Петја сосема беа уништени. Јас отпрвин мислев дека тој ќе ме заколе, штом ќе дознае, дури и се приготвив да го пречекам, но се случи она во што дури не можев ни да поверувам: несвест, кон вечерта бладање и другата изутрина треска; липа како дете во грчеви. По еден месец, штотуку оздрави, побара да го пратат на Кавказ; излезе вистински роман! Заврши со тоа што беше убиен на Крим. Тогаш уште брат му, Степан Верховски, командуваше со полкот, се истакна во борбите. Ќе признам, мене дури и по многу години сè уште ме гризеше совеста: зошто го поразив така? Добро, самиот да бев заљубен тогаш? А всушност, обично обесеништво, едно обично додворување и ништо повеќе. И да не го земав пред него тој букет, којзнае, можеби би живеел човекот досега, би бил среќен, би имал успех, и на ум не би му паднало да оди против Турците.

Атанасиј Иванович замолчи со истото солидно достоинство со кое и го почна раскажувањето. Се забележа дека очите на Настасја Филиповна некако особено светнаа и дури ѝ затреперија усните, кога Атанасиј Иванович заврши. Сите со љубопитност погледнуваа кон обајцата нив.

– Го измамивте Фердишченко! Ете, како го измамивте! Е, ова ти се вели измама! – викна Фердишченко со плачлив глас, сфаќајќи дека може и мора да уфрли некој збор.

– А вам кој ви кажал да не ја разберете работата? Ете, учете се кај умни луѓе! – му отсече речиси

---

[1]) Исконски (француски).

триумфално Дарја Алексеевна (стара и верна пријателка и довереничка на Тоцки).

– Вие имате право, Атанасиј Иванович, играва е премногу здодевна и треба што поскоро да ја завршиме, – небрежно изговори Настасја Филиповна, – ќе го раскажам јас она што го ветив и тогаш ќе играме карти.

– Но ветената анегдота, пред сè! – пламено ѝ одобри генералот.

– Кнезу, – реско и нечекано му се обрна наеднаш Настасја Филиповна, – еве тука моите стари пријатели, генералот и Атанасиј Иванович, сè сакаат да ме омажат. Кажете ми, како мислите: да се мажам ли, или не? Како што ќе кажете вие, така ќе сторам.

Атанасиј Иванович пребледи, генералот се стаписа; сите ги ококорија очите и ги истегнаа главите. Гања се смрзна на место.

– Со . . . со кого? – праша кнезот со премрен глас.

– Со Гаврило Ардалионович Иволгин, – продолжи Настасја Филиповна реско, како и преѓеска, тврдо и отсечно.

Минаа неколку минути молк; кнезот небаре се напинаше и не можеше да изговори, небаре страшна тежина му ги притискаше градите.

– Н-не . . . не мажете се! – прошепоти тој најодзади и со напор воздивна.

– Така и нека биде! Гаврило Ардалионович! – заповедно и небаре свечено му се обрна таа нему, – го чувте ли решението на кнезот? Ете ви го и мојот одговор; и таа работа нека биде завршена засекогаш!

– Настасја Филиповна! – со растреперен глас проговори Атанасиј Иванович.

– Настасја Филиповна! – со убедлив, но вознемирен глас изговори генералот.

Сите се раздвижија и се вознемирија.

– Што ви е, господа, – продолжи таа небаре почудено загледувајќи ги гостите, – што сте се возбудиле вака? Какви лица сте направиле сите!

– Но . . . потсетете се, Настасја Филиповна, – пелтечејќи промрмори Тоцки, – вие ветивте . . . сосема доброволно и би можеле во извесна смисла да имате

обѕир ... Тешко ми е и ... се разбира, збунет сум, но ... Со еден збор сега, во таков миг и пред ... пред луѓе, и онака ... со ваква игра да завршите сериозна работа, работа на честа и срцето ... од која зависи ...

– Не ве разбирам, Атанасиј Иванович; вие сте навистина сосема збунет. Пред сè, што значи тоа: „пред луѓе“? Зар не сме во прекрасно интимно друштво? И зошто „игра“? Јас навистина сакав да ја раскажам мојата анегдота и еве, ви ја раскажав; зар не ви се допаѓа? И зошто вие велите дека не е „сериозно“? Зар ова не е сериозно? Вие слушнавте, јас му реков на кнезот: „како што ќе речете, така и ќе биде“; да речеше да, јас веднаш ќе се согласев, но тој рече не, и јас се откажувам. Тука целиот мој живот висеше на едно конче; што има посериозно?

– Но кнезот, што има тука кнезот? И најодзади, што претставува кнезот? – промрмори генералот, речиси веќе немајќи сили да си го воздржи гневот против толку навредливиот авторитет на кнезот.

– Кнезот ми претставува тоа, што јас во него првпат во целиот мој живот поверував како во вистински предан човек. Тој поверува во мене штотуку ме виде и јас му верувам нему.

– Мене ми преостанува само да ѝ се заблагодарам на Настасја Филиповна за прекумерната деликатност со која таа ... постапи со мене, – проговори најодзади пребледениот Гања со растреперен глас и искривени усни, – тоа, се разбира, и требаше да го очекувам ... Но ... кнезот ... Кнезот во оваа работа ...

– Сака да ги добие седумдесет и петте илјади, а? – го прекина наеднаш Настасја Филиповна, – тоа ли сакавте да го кажете? Не одречувајте, вие токму тоа сакавте да го кажете! Атанасиј Иванович, јас заборавив да додадам: земете си ги тие седумдесет и пет илјади и знајте дека јас ве пуштам на слобода и тоа без пари. Доста е! И вие треба да се одморите! Девет години и три месеци! Од утре ќе биде нов живот, а денес мене ми е роденден и самостојна сум, првпат во целиот мој живот! Генерале, земете си го и вие вашиот бисер, подарете ѝ го на својата сопруга, еве ви го; а од утре јас

го напуштам и станот. И повеќе не ќе има приеми, господа!

Кога го рече тоа, таа неднаш стана небаре сакаше да замине.

– Настасја Филиповна! Настасја Филиповна! – се чу од сите страни. Сите се вознемирија, сите станаа од своите места; сите ја опкружија, сите со вознемиреност ги слушаа тие отсечни, трескавични, избезумени зборови; сите чувствуваа некакво безредие, никој не можеше да добие одговор, никој не можеше ништо да разбере. Во тој миг се слушна наеднаш ѕунливиот, силен удар на ѕвончето, ист онаков како преѓеска во станот на Гањечка.

– А-а-а! Еве го и расплетот! Најпосле! Единаесет и пол! – викна Настасја Филиповна – ве молам да седнете, господа, ова е расплетот!

Кога го рече тоа таа и самата седна. Чудна смеа трепереше на нејзините усни. Таа седеше молчејќи во трескавично очекување и гледаше во вратата.

– Нема сомневање, ова е Рогожин и стоте илјади, – промрмори Птицин за себеси.

XV

Влезе собарицата Катја, многу исплашена.

– Таму којзнае што се случува, Настасја Филиповна, се втурнаа десетина луѓе и сите поднапиени, сакаат да ги пуштам ваму, велат дека тоа е Рогожин и дека вие знаете.

– Тоа е вистина, Катја, пушти ги веднаш сите.

– Зар . . . сите, Настасја Филиповна? Та тие се сосема непристојни. Страшно!

– Сите, сите пушти ги, Катја, не плаши се, сите до еден, зашто и без тоа ќе влезат. Ене, како креваат врева, како преѓеска. Господа, можеби е за вас навредливо, – им се обрна таа на гостите, – што во ваше присуство примам вакво друштво? Многу ми е жал и молам да ми простите, но така мора да биде, а јас многу, многу би сакала сите вие да се согласите да

бидете мои сведоци при овој расплет, макар што, впрочем, како што сакате . . .

Гостите не престануваа да се вчудовидуваат, да шепотат меѓу себе и да разменуваат погледи, но стана сосема јасно дека сево ова беше пресметано и приготвено однапред и дека Настасја Филиповна, макар што таа, се разбира, се споулавила, сега веќе никој нема да ја запре. Сите ги измачуваше страшна љубопитност. Кон тоа пак и немаше од што премногу да се плашат. Имаше само две дами: Дарја Алексеевна, палава госпоѓа која видела сенешто и која тешко можеше да се збуни и прекрасната молчалива непозната. Но молчаливата непозната тешко можеше да разбере нешто: тоа беше штотуку дојдена Германка и воопшто не го знаеше рускиот јазик; покрај тоа, се чини, беше исто толку глупава, колку што беше убава. Таа беше нова и веќе беше вообичаено да се поканува на познати приеми, во богата облека, со фризура како за изложба и да седи како прекрасна слика за украс на приемот, исто онака како што понекои за своите приеми позајмуваат од познајници за една вечер слика, вазна, статуа или гоблен. Што се однесува пак до мажите, Птицин, на пример, беше пријател со Рогожин; Фердишченко се чувствуваше како риба во вода; Гањечка сè уште не можеше да дојде на себеси и, макар и матно, но сепак силно чувствуваше трескавична потреба да остане докрај да стои крај својот срамен столб; старецот-учител, кој слабо разбираше што се случува, за малку што не плачеше и буквално трепереше од страв кога забележа некаква необична возбуденост наоколу и кај Настасја Филиповна, којашто ја обожуваше како своја внука; но тој побрзо ќе умреше, одошто да ја напушти во таков миг. Што се однесува пак до Атанасиј Иванович, тој, се разбира, не смееше да се компромитира во такви авантури; но тој беше премногу заинтересиран во работава, макар што таа добиваше толку луд пресврт; а и Настасја Филиповна изрече на негова сметка две-три такви зборчиња, што тој не смееше да замине, пред конечно да ја разјасни работата. Тој реши да остане докрај и веќе да не прого-

вори сосема ништо, да остане само како набљудувач, што се разбира и ја бараше неговата достоинственост. Само генералот Епанчин, пред ова штотуку навреден со така грубото и смешно враќање на подарокот, се разбира, сега можеше уште повеќе да се навреди со сите тие необични екстравагантности или, на пример, со појавувањето на Рогожин; а и човек како него и онака доста ниско се спушти согласувајќи се да седне покрај Птицин и Фердишченко; но она што можеше да го стори силата на страста можеше да биде победено, најодзади, со чувство на обврска, чувство на долг со чинот и значењето и воопшто со почитувањето кон себеси, така што Рогожин со неговото друштво, во секој случај, во присуство на неговото превосходство, беше невозможен.

– Ох, генерале, – го прекина веднаш Настасја Филиповна, штотуку тој ѝ се обрна, – јас и заборавив! Но верувајте ми, дека токму вас ве имав предвид. Но ако ви е вам толку навредливо, јас не настојувам и не ве задржувам, макар што јас многу сакав токму вас да ве видам крај себеси сега. Во секој случај, многу ви благодарам за тоа што сме се запознале и за вашето ласкаво внимание кон мене, но ако се плашите . . .

– Дозволете, Настасја Филиповна, – викна генералот обземен од рицарска великодушност, – кому му го велите тоа? Та јас само од преданост ќе останам крај вас сега иако, на пример, постои некаква опасност . . . Покрај тоа, ќе признам, необично сум љубопитен. Јас само тоа сакав да ви го речам дека тие ќе ги расипат вашите килими и може и да скршат нешто . . . И според мене, воопшто не би требало да ги пуштите, Настасја Филиповна!

– Рогожин, лично! – објави Фердишченко.

– Како мислите, Атанасиј Иванович, – забрзано му прошепоти генералот, – не го изгубила ли таа умот? То ест, не алегорично, туку на вистински, медицински начин, а?

– Јас ви говорев дека таа секогаш беше наклонета кон тоа, – лукаво му одговори Атанасиј Иванович.

– А одозгора и треска . . .

Бандата на Рогожин беше речиси во истиот состав

како и преѓеска, изутрината; беше зголемена само со некое непристојно старче, кое некогаш беше уредник на некое распуштено, разобличувачко весниче и за кое се ширеше анегдота дека ги дал во залог и ги пропил своите вештачки златни заби, и некој потпоручник во оставка вистински соперник и конкурент, по занаетот и по намената, на изутринашниот господин со тупаници и кој воопшто не му беше познат никому од групата на Рогожин, но беше прибран од улица од сончевата страна на Невскиот проспект, каде што ги запираше минувачите и со стил на Марлински[1]) бараше помош, со итро оправдание дека тој и самиот „во свое време им давал по петнаесет рубли на молителите". И обајцата конкуренти почнаа непријателски да се однесуваат еден кон друг. Преѓешниот господин со тупаници, откако беше примен во групата, „молителот" се почувствува дури и навреден и, бидејќи беше природно молчалив, само напати ќе за'ржеше како мечка и со длабок презир го гледаше како му се умилкува и додворува „молителот" кој се покажа како светски и политичен човек. Навидум потпоручникот ветуваше дека ќе победува „во играта" повеќе со умешност и промолкнување, одошто со силата, а и со растот беше помал од господинот со тупаници. Деликатно, не почнувајќи отворена расправија, но со страшно фалбаџиство, тој веќе неколкупати навести за предимството на англискиот бокс, со еден збор се покажа чистокрвен западњак. Господинот со тупаници на зборот „бокс" толку презриво и навредено се насмевнуваше и, од своја страна не удостојувајќи го соперникот со отворена расправија, напати покажуваше, молкум, и небаре безначајно, или, подобро речено, напати ја истакнуваше да се види сосема националната работа – огромната тупаница, жилеста, јазлеста, обрасната со некакви црвеникави влакна, и на сите им стануваше јасно дека, ако таа длабоко национална работа се спушти без да промаши на некој

---

[1]) Псевдоним на Пушкиновиот современик, романтичар А. Бестужев (1797-1837). (Заб. на прев.)

предмет, од него навистина ќе остане само влажна дамка.

Сепак, никој од нив не беше мртов пијан, како и преѓеска, поради грижата на самиот Рогожин, кој целиот ден ја имаше предвид својата посета кај Настасја Филиповна. Лично пак тој успеа речиси сосема да се отрезни, но затоа пак беше речиси споулавен од сите тие впечатоци што ги поднесе во овој скандалозен ден кој не личеше на ниеден друг во неговиот живот. Тој само едно постојано го имаше предвид, во умот и во срцето, секоја минута, секој миг. Поради тоа единственото тој го мина целото време, од пет часот попладне сè до единаесет, во бескрајна тага и тревога, надмудрувајќи се со Киндер и Бискуп, кои, исто така, замалку не штукнаа од умот како во треска гонејќи ги неговите работи. И сепак, стоте илјади во готови пари, за коишто патем, подбивно и сосема нејасно загатна Настасја Филиповна, беа собрани, со камата, за која дури и Бискуп лично, од срамежливост, зборуваше со Киндер не гласно, туку со шепот.

Како и преѓеска, Рогожин чекореше пред сите, другите се приближуваа по него и, макар што беа сосема свесни за своите предимства, сепак малку се плашеа. Најмногу и којзнае зошто, тие се плашеа од Настасја Филиповна. Некои од нив беа дури убедени дека сите ќе бидат веднаш „спуштени по скалите долу“. Меѓу оние кои така мислеа беше контето и освојувач на срцата Заљожев. Но другите, првенствено господинот со тупаници, не гласно, но затоа во своето срце, се однесуваа кон Настасја Филиповна со најдлабок презир и дури и со омраза и се упатуваа кон неа како во опсада. Но прекрасно наместените први две соби, предмети какви што тие никогаш не виделе и не чуле за нив, редок мебел, слики, огромна статуа на Венера – сето тоа им остави неискажан впечаток на почит и дури, да не речеме, и страв. Тоа, се разбира, не им попречи на сите нив, лека-полека и со натрапничка љубопитност, без оглед на стравот, да се провлечат по Рогожин во собата за гости; но кога господинот со тупаници, „молителот“ и некои други го забележаа меѓу гостите генералот Епанчин, првиот

миг беа толку обесхрабрени што почнаа назадечки полека да се повлекуваат назад, во другата соба. Само Лебедев беше меѓу најхрабрите и најубедените и чекореше речиси во иста линија со Рогожин, сфаќајќи го вистинското значење на милион и четирите стотини илјади чисти пари и стоте илјади сега, овој миг в раце. Впрочем, треба да забележиме дека сите тие, не исклучувајќи го дури ниту познавачот Лебедев, малку се двоумеа во своето познавање на границите и рамките на својата сила, и во тоа дали навистина сега сѐ им е дозволено, или не? Лебедев во извесни мигови би можел да се заколне дека е сѐ дозволено, но во други мигови чувствуваше вознемирена потреба да се присети во себеси, за секој случај, на некои охрабрувачки и успокојувачки статии од законот.

Лично на Рогожин собата за гости на Настасја Филиповна му остави обратен впечаток одошто на сите негови сопатници. Штотуку се приподигна тешката завеса и тој ја виде Настасја Филиповна, – сѐ друго престана да постои за него, како и изутрината, дури и посилно одошто изутрината. Тој пребледи и за миг запре; можеше да се насети дека неговото срце страшно бие. Обесхрабрено и загубено тој гледаше неколку мига во Настасја Филиповна не скршнувајќи го погледот. Наеднаш, небаре го изгубил сиот разум и речиси нишајќи се, тој ѝ пријде на масата; патем тој се судри со столот на Птицин и со своите извалкани огромни чизми нагази на тантелениот украс на прекрасниот син фустан на молчаливата убавица-Германка; тој не се извини и не забележа. Кога ѝ пријде на масата, тој стави на неа еден необичен предмет, со кој беше влегол во собата држејќи го пред себеси со двете раце. Тоа беше големо пакетче од хартија, околу три палци високо и четири широко, силно и цврсто завиткано во „Берзански новости“ и од сите страни стегнато и двапати накрст врзано со јаже, од оние со кои се врзува главата шеќер. Потоа застана не проговорувајќи ништо и со спрострени надолу раце, небаре чекаше пресуда. Беше облечен сосема исто како и претпладне, освен што имаше сосема нов шал од свила на вратот, светло-зелен со црвено, со огромна

бриљантска игла која претставуваше бумбар и масивен бриљантски прстен на извалканиот прст од десната рака. Лебедев остана на околу три чекори од масата; другите, како што веќе беше речено, полека се собираа во собата за гости. Катја и Паша, собарките на Настасја Филиповна, исто така, дотрчаа да гледаат од под приподигнатите завеси на вратата, со длабоко вчудовидување и страв.

– Што е тоа? – праша Настасја Филиповна, откако внимателно и со интерес го разгледа Рогожин, покажувајќи со очи кон „предметот“.

– Сто илјади! – одговори тој речиси со шепот.

– А, си го одржа зборот, ете каков бил! Повелете, седнете, еве овде, еве на овој стол; јас после ќе ви кажам нешто. Кој е со вас? Целото преѓешно друштво? Тогаш нека влезат и нека седнат; ене можат онаму на диванон, еве и на овој диван. Ене онаму има две фотељи . . . Што им е, не сакаат да влезат, или што?

Навистина, некои сосема се засрамија, се вратија и седнаа да чекаат во другата соба, но други останаа и седнаа каде што им беше понудено, но само подалеку од масата, повеќе во аглите, едни од нив сè уште со желба да исчезнат некако, други пак со текот на времето охрабрувајќи се сè повеќе и некако неприродно брзо. Рогожин, исто така, седна на столот кој му беше покажан, но не седеше долго; тој брзо стана и повеќе не седнуваше. Лека-полека тој почна да ги распознава и да ги разгледува гостите. Кога го виде Гања, тој зајадливо се насмевна и прошепоти за себеси: „Глеј!“ Генералот и Атанасиј Иванович тој ги погледна без збунетост и дури и без особен интерес. Но кога го забележа кнезот крај Настасја Филиповна, долго не можеше да го симне од него погледот, необично зачуден и небаре немаше сили да си ја објасни оваа средба. Можеше да се посомнева дека на мигови тој навистина бладаше. Покрај сите потреси на овој ден, тој целата мината ноќ ја мина во воз и речиси веќе две ноќи не спиеше.

– Овде има, господа, сто илјади, – рече Настасја Филиповна обрнувајќи им се на сите со некое треска-

вично нестрпливо предизвикување, – еве, во ова извалкано пакетче. Претпладне тој како споулавен викна дека вечерва ќе ми донесе сто илјади и јас постојано го чекав. Тој се пазареше со мене: почна од осумнаесет илјади, потоа наеднаш рипна на четириесет, а потоа, еве и овие сто. Си го одржа зборот! Гледајте, колку е блед!. . . Тоа сè се случи претпладне кај Гањечка: јас дојдов во посета на неговата мајка, во моето идно семејство, а таму, неговата сестра в лице ми викна: „Зар никој нема да ја истера одовде оваа бесрамница!", а на Гањечка, на својот брат, му плукна в лице. Со карактер е девојката!

– Настасја Филиповна, – изговори со прекор генералот.

Тој почна донекаде да ја сфаќа работата, на свој начин.

– Што е, генерале? Да не е непристојно? Та доста е фрлање прав в очи! Поради тоа што во францускиот театар седев во ложа како недостапна отмена добродетел, и сите оние кои пет години трчаа по мене ги одбегнував како дива и ги гледав како горда невиност, сета таа будалштина сега доаѓа! Еве го пред вас, дојде и ги кладе на маса стоте илјади, по петгодишна невиност, а кај нив таму сигурно веќе и тројките стојат и мене ме чекаат. Ме оцени за сто илјади! Гањечка, јас гледам дека ти сè уште ми се лутиш? Та зар е можно да си сакал да ме внесеш во своето семејство? Мене ли, Рогожинова! Што рече кнезот прееска?

– Јас не го кажав тоа дека сте вие Рогожинова, вие не сте Рогожинова! – со растреперен глас проговори кнезот.

– Настасја Филиповна, доста е, мајчице, доста е, гулабице, – не се воздржа наеднаш Дарја Алексеевна, – та кога веќе толку многу ти дотежаа тие, што ги гледаш! И зар е можно со ваков да сакаш да заминеш, макар и за сто илјади! Вистина е – сто илјади се, глеј! А ти земи ги стоте илјади, а него истерај го, ете, како треба со нив; ех, јас да сум на твоето место, сите нив . . . навистина што има тука!

Дарја Алексеевна дури падна в гнев. Таа беше добра жена и многу впечатлива.

– Не лути се, Дарја Алексеевна, – ѝ се насмевна Настасја Филиповна, – та јас не му зборував со лутина. Зар му префрлив нешто? Јас навистина не можам да разберам како ме зафати таква будалштина, та посакав да влезам во чесно семејство. Та јас ја имам видено неговата мајка, ѝ ја бакнав раката. А она што јас тогаш ти се подбивав, Гањечка, намерно сакав последен пат да видам: до каде можеш да стасаш самиот? Ме почуди ти, навистина. Очекував многу, но толку не! Та зар можеше да ме земеш, знаејќи дека еве овој ми подарува олкав бисер, речиси пред самата твоја свадба, а јас го примам? А Рогожин? Та тој во твојата куќа, пред мајка ти и сестра ти ме купуваше, а ти сепак, по ова, дојде да ми ја бараш раката, а за малу и сестрата ќе си ја доведеше? Зар е вистина она што го рече за тебе Рогожин, дека ти за три рубли на колениици ќе се влечкаш до Василевски остров?

– Ќе се влечка, – проговори ненадејно Рогожин, тивко но со изглед на најголема убеденост.

– И барем да умираш од глад, а всушност, велат дека добиваш добра плата! И одозгора, освен срамот да доведеш в куќи и омразена жена! (зашто ти ме мразиш, јас го знам тоа!) Не, јас сега верувам дека ваков како тебе може да заколе за пари! Зашто сега сите таква жед ги зафатила, толку се изгорени за пари, што се како споулавени. Самиот е уште дете а веќе сака да биде лихвар! Или пак ќе го завитка бричот во свила и тивко одзади ќе го заколе пријателот, како јагне, како што имам неодамна прочитано. Каков бесрамник си ти! Јас сум бесрамна, а ти уште полош. А да и не говорам за оној кој носи цвеќе . . .

– Да ли сте вие, да ли сте тоа вие, Настасја Филиповна! – плесна генералот со дланките вистински јадосан, – вие, толку целикатна, со толку префинети мисли и сега! Каков јазик! Какви изрази!

– Јас сум сега пијана, генерале, – се насмеа наеднаш Настасја Филиповна, – сакам да се забавувам! Денес е мој ден, мој празник, мојот високосен ден, јас одамна го чекав. Дарја Алексеевна, го гледаш овој

што носи цвеќе, еве овој Monsieur aux camélias[1]), еве го како седи и ни се насмевнува . . .

– Јас не се насмевнувам, Настасја Филиповна, јас само слушам со огромно внимание, – достоинствено ѝ одврати Тоцки.

– Ете, зошто го мачев цели пет години и не го пуштав на слобода? Зар тој чинеше толку? Тој си е таков каков што треба да биде . . . Тој уште ќе смета дека сум виновна пред него: зашто ми дал воспитание, ме издржувал како грофица, пари, колку пари се поарчиле, уште таму ми имал најдено чесен маж, а тука Гањечка; и што ќе помисли сега: овие пет години не живеев со него, а пари земав и мислев дека имам право! Сосема не знаев што правам! Ти ете, велиш, земи ги стоте илјади и истерај го, ако ти е гадно. Вистина е дека ми е гадно . . . Јас одамна би можела да се омажам и не за таков каков што е Гањечка, но ми е прекумерно гадно. И зошто си ги загубив моите пет години во ваква лутина! А ми веруваш ли дека јас пред едно четири години понекогаш мислев да се омажам, ете, за мојов Атанасиј Иванович? Јас тогаш тоа од лутина го помислував: малку ли што тогаш ми ја опседнуваше главата; а и навистина, ќе го натерав! Самиот ми се нудеше, ми веруваш ли? Вистина е, тој лажеше, но премногу е слаб, не ќе издржеше. А после, сполај му на господа, си помислив: дали е тој достоен за таква лутина! И тогаш одеднаш толку одвратен ми стана тој, што и да ми ја побараше раката, не ќе се согласев. И цели пет години јас вака фрлав прав в очи! Не, подобро е да одам на улица, каде што ми е и местото! Или, пак, да се забавувам со Рогожин, или уште утре да одам со перачките! Зашто јас на себе немам ништо свое; ќе заминам – сè ќе му фрлам нему, ќе му го оставам и последниот партал, а без сево ова кој ќе ме земе, прашај го, еве, Гања, ќе ме земе ли? Та мене и Фердишченко нема да ме земе! . . .

– Фердишченко можеби не ќе ве земе, Настасја Филиповна, јас сум искрен човек, – ја прекина Фер-

---

[1]) Господинот со камелии (француски)

дишченко, – затоа кнезот ќе ве земе! Ете, вие седите и се поплакувате, а погледајте го кнезот! Јас веќе одамна го набљудувам . . .

Настасја Филиповна со заинтересираност се сврти кон кнезот.

– Вистина ли е? – го праша таа.

– Вистина е, – прошепоти кнезот.

– Ќе ме земете вака, без ништо!

– Ќе ве земам, Настасја Филиповна . . .

– Ете ви нова мешаница! – промрмори генералот. – Можеше да се очекува!

Кнезот со тажен, строг и прониклив поглед ја гледаше в лице Настасја Филиповна која продолжуваше да го разгледува.

– Ете ти, се најде! – рече таа обрнувајќи ѝ се одеднаш на Дарја Алексеевна, – и тоа навистина од добро срце, го знам јас. Си најдов добротвор! А впрочем, можеби е вистина она што го зборуваат за него дека . . . с и е. Од што ќе живееш, штом веќе си толку вљубен, та да си земаш една Рогожинова за себе, кнезу . . .

– Јас ве земам вас чесна, Настасја Филиповна, а не Рогожинова, – рече кнезот.

– Јас ли сум чесна?

– Вие сте.

– Е, тоа ви е . . . од романите! Тоа се, кнезу миличок, застарени бладања, а денес светот стана поумен и сето тоа е глупост! А и каде си ти за женачка, тебе сè уште ти треба гувернантка!

Кнезот стана и со растреперен, бојазлив глас, но истовремено и со изглед на длабоко убеден човек, изговори:

– Јас ништо не знам, Настасја Филиповна, јас немам ништо видено, вие имате право . . . но јас . . . ќе сметам дека вие мене, а не јас вам, ќе ми сторите чест. Јас не сум ништо, а вие имате страдано и од таков пекол излеговте чиста, а тоа е многу. И зошто се срамите и сакате да заминете со Рогожин? Вие сте во треска . . . Вие му ги вративте на господинот Тоцки седумдесет и петте илјади и велите дека сево ова што го има тука, дека сè ќе оставите, тоа никој од присут-

ните не би го направил. Јас вас ... Настасја Филиповна ... Ве сакам. Ќе умрам за вас, Настасја Филиповна ... Никому не ќе му дозволам, Настасја Филиповна, да рече за вас ниту збор ... Ако бидеме сиромашни, јас ќе работам, Настасја Филиповна ...

При последните зборови се слушна тивко кикотење на Фердишченко, Лебедев и дури и генералот гракна некако за себеси со големо задоволство. Птицин и Тоцки не можеа да не се насмевнат, но се воздржаа. Другите просто зинаа од вчудовидување.

– ... Но ние, можеби, нема да бидеме сиромашни, дури и многу богати, Настасја Филиповна, – продолжи кнезот со истиот бојазлив глас. – Јас, впрочем, не знам сигурно, и жал ми е што досега сè уште не можев да дознам ништо за целиов ден, но во Швајцарија јас добив писмо од Москва, од господинот Салазкин и тој ми јавува дека јас сум можел да добијам големо наследство. Еве го тоа писмо ...

Кнезот навистина извади од џебот писмо.

– Да не блада тој? – промрмори генералот, – вистинска луда куќа!

За миг настапи извесно молчење.

– Чинам, вие, кнезу, рековте дека писмото е од Салазкин? – праша Птицин, – тој е многу познат човек во својот круг; тој е многу познат деловен човек и ако тој навистина ви јавува, можете наполно да му верувате. За среќа јас му го познавам ракописот, зашто неодамна имав некоја работа ... Кога би ми дале да погледнам, можеби, би можел нешто да ви кажам.

Кнезот молчејќи, со растреперена рака, му го подаде писмото.

– Што е тоа, што е тоа? – се сепна генералот гледајќи ги сите како малоумник, – зар навистина е наследство?...

Сите ги вперија погледите во Птицин кој го читаше писмото. Општата љубопитност доби нов и необичен правец. Фердишченко не можеше да седи; Рогожин гледаше во недоумица и ужасно вознемирен го вперуваше погледот ту во кнезот ту во Птицин. Дарја Алексеевна од очекување седеше како на игли. Дури

ни Лебедев не издржа, излезе од својот агол и извиен како параграф почна да ѕирка во писмото преку рамото на Птицин, со изглед на човек кој се плаши дека за тоа веднаш ќе добие шлаканица.

XVI

– Сигурна работа е, – изјави најодзади Птицин диплејќи го писмото и враќајќи му го на кнезот. – Вие добивате без никакви пречки, по неоспорното завештание на тетка ви, необично голем капитал.

– Невозможно! – викна генералот небаре пукна од пушка.

Сите одново зинаа.

Птицин објасни, обрнувајќи му се првенствено на Иван Фјодорович, дека пред пет месеци на кнезот му умрела тетка, која тој никогаш не ја познавал лично, родената и постарата сестра на мајката на кнезот, ќерката на московскиот трговец од третата гилда[1]), Папушин, кој умрел во сиромаштија како банкрот. Но постариот брат на тој Папушин, кој, исто така, неодамна умрел, бил познат богат трговец. Пред една година му умреле, речиси за еден месец, двата негови единствени синови. Тоа така го поразило, што старецот малку подоцна и самиот се разболел и умрел. Тој бил вдовец, сосема без наследници, освен тетката на кнезот, родената внука на Папушин, сосема сиромашна жена која живеела во туѓа куќа. Во времето кога го добила наследството таа тетка веќе речиси умирала од водена болест, но веднаш почнала да го бара кнезот, препуштајќи му го тоа на Салазкин и стасала да го направи завештанието. Изгледа ниту кнезот, ниту докторот, кај кого тој живееше во Швајцарија, не сакале да чекаат официјално известување и да се распрашуваат, туку кнезот, со писмото на Салазкин во џебот, решил самиот да дојде . . .

---

[1]) Трговскиот сталеж поделен на гилди од Петар Велики, според вложениот капитал и порезот (заб. на прев.)

– Само едно можам да ви кажам, – заврши Птицин, обрнувајќи му се на кнезот, – дека сето тоа е сигурно неоспорно и правилно, и дека сето она што ви го пишува Салазкин за неоспорноста и законитоста на вашата работа, можете да го примите како чиста пара в џеб. Ви честитам, кнезу! Можеби и вие ќе добиете милионче и пол, а можеби и повеќе. Папушин беше мошне богат трговец.

– Еве ти го последниот во својот род, кнез Мишкин! – викна Фердишченко.

– Ура! – со пијан глас прокркори Лебедев.

– А јас пак преќеска му позајмив дваесет и пет рубли, на сиромашкиот, ха-ха-ха! Фантасмагорија и ништо повеќе! – речиси вџашен од почуденост проговори генералот, – е, ви честитам, ви честитам! – и, откако стана од своето место, му пријде на кнезот да го прегрне. По него почнаа да стануваат и другите и, исто така, му пријдоа на кнезот. Дури и оние што се беа повлекле зад завесата почнаа да се појавуваат во салонот. Почнаа нејасни разговори, повици, се зачу дури и барање на шампањско; сите почнаа да се туркаат, да се вознемируваат. За миг речиси ја заборавија Настасја Филиповна и тоа дека сепак таа е домаќинка на вечерта. Но малку по малку речиси кај сите одеднаш се појави мислата дека кнезот штотуку ѝ ја побара раката. Работата, значи, испаѓаше уште поулава и необична одошто порано. Длабоко вџашен Тоцки само ги креваше рамената; речиси само тој остана да седи, другата толпа без ред се туркаше околу масата. Сите тврдеа подоцна дека токму од тој миг Настасја Филиповна го изгубила умот. Таа продолжуваше да седи и извесно време ги гледаше сите со некаков чуден, вчудовиден поглед, небаре не разбира и се обидува да сфати. Потоа таа ненадејно се обрна кон кнезот и со намуртени веѓи внимателно го разгледуваше; но тоа траеше само миг; можеби, нејзе наеднаш ѝ се стори дека тоа е шега, подбивање; но изгледот на кнезот веднаш ја разубеди. Таа се замисли, потоа пак се насмевна, небаре јасно сфаќајќи зошто . . .

– И значи, навистина, кнегиња! – прошепоти таа

за себеси небаре подбивно и, откако случајно погледна кон Дарја Алексеевна, се раскикоти. – Нечекан расплет . . . јас . . . не чекав да биде таков . . . Та што стоите, господа, седнете ве молам, честитајте ми го кнезот! Некој, чинам, бараше шампањско; Фердишченко, одете кажете да се донесе. Катја, Паша, – ги виде таа наеднаш своите девојки на врата, – дојдете ваму, јас се мажам, слушнавте ли? За кнезот, тој има милион и пол, тој е кнез Мишкин и ме зема мене!

– Господ да ви е на помош, мајчице, време е! Не треба да го пропуштите! – викна Дарја Алексеевна, длабоко потресена од станатото.

– Та седнете крај мене, кнезу, – продолжи Настасја Филиповна, – ете така, а, еве, ни носат и вино, честитајте ми, господа!

– Ура! – викнаа поголем број гласови. Многумина се спуштија по виното, меѓу нив беа речиси сите од Рогожиновата дружина. Но макар што тие викаа и беа готови да викаат, многумина од нив, без оглед на необичноста на околностите и ситуацијата, почувствуваа дека декорот се менува. Другите беа збунети и недоверливо чекаа. А многумина си шепотеа еден на друг дека работата била најобична, зашто со кого се не се женеле кнезовите, и со циганките од таборите. Самиот Рогожин пак стоеше и гледаше со лице искривено во неподвижна насмевка што изразуваше недоумица.

– Кнезу, миличок, сепни се! – сиот во ужас му шепна генералот приближувајќи му се отстрана и тргајќи го за ракав.

Настасја Филиповна го забележа и се раскикоти.

– Не, генерале! Јас сум сега и самата кнегиња, чувте ли, кнезот нема да дозволи да ме навредуваат! Атанасиј Иванович, честитајте ми сега вие; јас сега секаде ќе седам крај вашата жена; како мислите, добро ли е да се има таков маж? Милион и пол и одозгора и кнез, и одозгора велат дека е уште и идиот, што сакате подобро? Сега допрва ќе ми почне вистинскиот живот! Си задоцнил, Рогожин! Земи си ги парите, јас се мажам со кнезов и самата сум побогата од тебе!

Но Рогожин сфати во што е работата. Неискажлива мака се појави на неговото лице. Тој плесна со рацете и лелек излета од неговите гради.

– Повлечи се! – му викна тој на кнезот.

Наоколу се изнасмеаја.

– Поради тебе ли да се повлече, – победнички се замеша Дарја Алексеевна, – глеј го, натрупал пари на маса, простак! Кнезот ја зема за жена, а ти си се појавил за дрскост.

– И јас ја земам! Сега ја земам, истиов миг! Сè ќе дадам . . .

– Глеј го, пијан, од крчма треба да те истераат, – со негодување повтори Дарја Алексеевна.

Смеата се рашири уште повеќе.

– Слушаш ли, кнезу, – му се обрна Настасја Филиповна, – ете како еден простак сака да ти ја преземе свршеницата.

– Тој е пијан, – рече кнезот. – Тој вас многу ве сака.

– А не ќе се срамиш ли после поради тоа што твојата свршеница малку требаше па да замине со Рогожин?

– Вие бевте во треска, вие сте и сега во треска, како да бладате.

– И не ќе се засрамиш кога подоцна ќе ти речат дека твојата жена била издржувана од Тоцки?

– Не, нема да се засрамам . . . Вие не бевте кај Тоцки по своја волја.

– И никогаш нема да ми префрлиш?

– Нема да ти префрлам.

– Гледај, не гарантирај за цел живот!

– Настасја Филиповна, – рече кнезот тивко и небаре со сожалување, – јас преѓеска ви реков дека вашата согласност ќе ја примам како чест и дека вие ми правите чест, а не јас вам. Вие им се насмевнавте на тие зборови и наоколу, јас чув, исто така, се смееја. Јас, можеби, многу смешно сум се изразил и сум бил смешен, но мене ми се чинеше дека . . . ми беше јасно во што е честа, и убеден сум дека ја кажав вистината. Вие сакавте сега да се уништите себеси, неповратно, зашто подоцна никогаш не ќе си го простевте тоа: а

вие за ништо не сте виновна. Невозможно е вашиот живот да биде веќе сосема загубен. Што има во тоа што Рогожин дошол кај вас, а Гаврило Ардалионович сакал да ве измами? Зошто вие постојано го спомену-вате тоа? Она што го сторивте вие, малкумина можат да го сторат, тоа ви го повторувам, а тоа дека сакавте да заминете со Рогожин, сте го решиле во напад на болест. Вие сте и сега болна и подобро би ви било да легнете в постела. Вие уште утре би отишле кај перачките, а не би останале кај Рогожин. Вие сте горда, Настасја Филиповна, но, можеби, вие сте веќе до тој степен несреќна што и навистина веќе се сметате виновна себеси. Треба некој многу да се грижи за вас, Настасја Филиповна. Јас ќе се грижам за вас. Јас прегеска ја видов вашата слика и небаре препознав познато лице. Мене веднаш ми се стори небаре веќе сте ме повикале мене . . . Јас . . . јас целиот живот ќе ве почитувам, Настасја Филиповна, – заврши наеднаш кнезот, наеднаш доаѓајќи на себеси, вцрвувајќи се и сфаќајќи пред какви луѓе го зборува тоа.

Птицин дури од скромност ја наведна главата и гледаше вземи. Тоцки си помисли во себеси: „Идиот, а знае дека со ласкање најмногу се постигнува; тип!" Кнезот го забележа и болскавиот поглед на Гања од аголот, со кој тој сакаше в пепел да го престори.

– Ете, колку добар човек! – го прогласи разнежената Дарја Алексеевна.

– Човекот си е умен, но е пропаднат! – полугласно прошепоти генералот.

Тоцки ја зеде шапката и се приготви да стане и тивко да исчезне. Тој и генералот се погледнаа за да излезат заедно.

– Благодарам, кнезу, досега никој не разговарал вака со мене, – проговори Настасја Филиповна. – Мене сите сакаа да ме купат, а никој од пристојни луѓе не сакаше да ме земе за жена. Го слушнавте ли, Атанасиј Иванович? Како ви се чини сево ова што го зборуваше кнезот? Та тоа речиси е непристојно . . . Рогожин! Почекај со заминувањето. Та ти и нема да заминеш, јас гледам. Можеби, јас уште ќе тргнам со тебе. Каде сакаше да ме возиш?

– Во Екатерингоф, – изреферира од аголот Лебедев, а Рогожин само затрепери и гледаше со ококорени очи, небаре не си верува себеси. Тој сосема се зашемети, како нешто страшно да го удрило по глава.

– Та што ти е, што ти е, мајчице! Ти ́небаре добиваш напади: умот ли си го загубила? – се запрпелка исплашената Дарја Алексеевна.

– А ти мислеше дека јас навистина? – кикотејќи се скокна од диванот Настасја Филиповна, – ваков невин човек да упропастам. Та тоа би било по вкусот на Атанасиј Иванович: тој ги сака невините! Ајде Рогожин! Приготви си ги парите! Ако сакаш да се ожениш, парите сепак дај ми ги! Јас можеби и нема да се омажам со тебе. Ти помисли дека ако сакаш да се ожениш, парите ќе останат кај тебе? Се лажеш! Јас сум бесрамница! Јас му бев наложница на Тоцки . . . Кнезу! Тебе сега ти треба Аглаја Епанчина, а не Настасја Филиповна, инаку Фердишченко со прст ќе ме покажува! Ти не се плашиш, но јас ќе се плашам поради тоа што те упропастив и дека после ќе ми го префрлиш тоа! А тоа што го изјавуваш дека ќе ти направам чест, тоа Тоцки го знае. А пак ти Гањечка ја испушти Аглаја Епанчина: го знаеше ли ти тоа? Да не се пазареше со неа, таа бездруго ќе се омажеше со тебе! Ете, така вие сите: да се дружите или со нечесни, или со чесни жени – едно треба да се одбере! Инаку бездруго ќе се смеша . . . Глеј го генералот како гледа, со отворена уста . . .

– Тоа е Содома, Содома! – повторуваше генералот кревајќи ги раменицит. Тој, исто така, стана од диванот; сите повторно беа на нозе. Настасја Филиповна беше небаре избезумена.

– Зар е можно! – застенка кнезот кршејќи ги рацете.

– А ти мислеше дека не е? Јас сум можеби и самата горда и покрај тоа што сум бесрамница! Ти мене преѓеска ме нарече совршена; какво ми е тоа совршенство кое само за да се пофали дека згазило милион и кнежевска титула, оди во пропаст! Е, каква жена ќе ти бидам јас по ова? Атанасиј Иванович, а јас навистина го исфрлив милионот низ прозорец! Како

мислевте тогаш дека со Гањечка и со вашите седумдесет и пет илјади ќе сметам за среќа да се омажам? Седумдесет и петте илјади земи ги сам, Атанасиј Иванович (и до сто не си стасал, Рогожин те надминал); а Гањечка јас сама ќе го утешам, ми дојде нешто на ум. А сега јас сакам да се забавувам, та јас сум уличарка! Јас десет години имам преседено в затвор, сега ми се насмевна среќата! Што си се замислил, Рогожин? Приготви се, да одиме!

– Да одиме! – рикна Рогожин небаре избезумен од радост, – еј, вие . . . наоколу . . . вино! Ох! . . .

– Снабди се со вино, јас ќе пијам. А музика ќе има ли?

– Ќе има, ќе има! Не приближувај се! – извика Рогожин избезумено кога виде дека Дарја Алексеевна ѝ приоѓа на Настасја Филиповна. – Моја е! Сè е мое! Кралица! Готово!

Но од радост се задишуваше; тој одеше околу Настасја Филиповна и им викаше на сите: „Не приближувај се!“ Целата дружина веќе го исполни салонот. Едни пиеја, други викаа и се кикотеа, сите беа во највозбудена и најслободна душевна состојба. Фердишченко почна да прави обиди да им се придружи. Генералот и Тоцки пак направија движење побрзо да исчезнат. Гања, исто така, беше со шапка в раце, но тој стоеше молчејќи и сè уште небаре не можеше да се оддели од сликата што се одигруваше пред него.

– Не приближувај се! – викаше Рогожин.

– Та што врескаш! – му се кикотеше Настасја Филиповна, – јас сум сè уште господар на себеси: ако посакам, можам и да те избркам со тупаници. Јас сè уште не сум ти ги зела парите, ене ги стојат; дај ми ги ваму, целото пакетче! Во ова пакетче ли се стоте илјади? Пху, каква гадост! Што ти е, Дарја Алексеевна? Та зар можев да го упропастам него? (Таа покажа кон кнезот). Зар тој е за женење, нему сè уште му треба гувернантка; ене, генералот ќе му биде гувернантка, глеј, како се свива околу него! Гледај кнезу, твојата свршеница ги зеде парите, зашто е блудница, а ти сакаше да ја земеш! Та што плачеш? Горчливо ли ти е? Ама смеј се, како мене, – продолжуваше Настасја

Филиповна, а на нејзините образи светнаа две крупни солзи. – Верувај му на времето – сè ќе мине! Подобро е сега да се премислам, одошто после... Та зошто плачете сите – ене и Катја плаче! Зошто плачеш, Катја, миличка? Јас тебе и на Паша многу ќе ви оставам, веќе определив, а сега збогум! Јас тебе, чесна девојка, те присилував да работиш за мене, за блудница... Така е подобро, кнезу, навистина е подобро, после би почнал да ме презираш и не би имало среќа за нас! Не колни се, не верувам! А и колку глупаво би било... Не, подобро е да се разделиме со добро, зашто јас и самата сум мечтател, но каква корист од тоа! Зар јас самата не мечтаев за тебе? Ти имаш право, одамна мечтаев, уште в село, таму кај него, пет години проживеав сосема сама; се случуваше мислиш-мислиш, мечтаеш-мечтаеш, и сè ваков како тебе си претставуваш, добар и чесен, и убав и исто така, глупавичок, дека наеднаш ќе дојде и ќе ми каже: „Вие не сте виновна, Настасја Филиповна, јас ве обожувам!“ Се случуваше, толку да се размечтаам, што ќе се споулавев... А тогаш ќе стигнеше еве овој: гостуваше по околу два месеци годишно, ќе ме осрамотеше, ќе ме навредеше, ќе ме распалеше, ќе ме разблудеше и ќе си заминеше, – така илјадапати сакав да се фрлам во рибникот, но подла бев, не ми достасуваше храброст; е, а сега... Рогожин, готов ли си?

– Готово е! Не приближувај се!

– Готово е! – се слушнаа неколку гласови.

– Тројките чекаат, со ѕвончиња!

Настасја Филиповна го зграпчи в раце пакетчето.

– Гањка, ми текна: сакам да те наградам, зошто треба ти да изгубиш сè? Рогожин, ќе се влечка ли тој до Василевско за три рубли?

– Ќе се влечка!

– Е тогаш слушај, Гања, сакам за последен пат да ти ја видам душата; ти мене самиот цели три месеци ме измачуваше; сега јас сум на ред. Го гледаш ли ти ова пакетче, во него има сто илјади! Јас еве сега ќе го фрлам во каминот, во пламенот, ете, пред сите, сите ни се сведоци! Штом огнот ќе почне да го опфаќа це-

лото, – вовлечи се во каминот, но само без нараквици, со голи раце, и запрегни ги ракавите и вади го пакетчето од оган! Ако го извлечеш, твое ќе биде, сите сто илјади – твои! Можеби малкунѕа ќе ги испечеш прстињата, – но сто илјади се во прашање, размисли! Зар многу треба за да се извлече! А јас ќе ѝ се нарадувам на твојата душа, додека и по моите пари ќе се втурнеш во огнот. Сите нека бидат сведоци за тоа дека пакетчето ќе биде твое! А ако не се втурнеш, сè ќе изгори, никого нема да пуштам. Подалеку! Сите подалеку! Мои се парите! Јас ги зедов од Рогожин за една ноќ. Мои ли се париве, Рогожин?

– Твои се, радост моја! Твои се, кралице!

– Тогаш, сите подалеку, што сакам, тоа и ќе правам! Никој да не ми пречи! Фердишченко, спотнете го огнот!

– Настасја Филиповна, рацеве не ми се креваат! – ѝ одговори стаписаниот Фердишченко.

– Е-ех! – викна Настасја Филиповна, ја грабна машичката крај каминот, ги разгрна двете цепеници што тлееја и, штотуку пламна огнот, таа го фрли во него паклото.

Одоколу се зачу крик; многумина дури и се прекрстија.

– Поулавила, поулавила! – викаа наоколу.

– Можеби . . . можеби . . . да ја врземе? – му шепна генералот на Птицин, – или, можеби да повикаме . . . Зашто поулави, поулави, нели? Поулави?

– Н-не, тоа не мора да биде вистинско поулавување, – прошепоти блед како крпа и растреперен Птицин, немајќи сили да го крене погледот од пакетчето што почна да чади.

– Улава е? Та улава е нели? – генералот не го оставаше на мира Тоцки.

– Јас ви велев дека таа е к о л о р и т н а жена, – промрмори, исто така, малку пребледен Атанасиј Иванович.

– Но сепак, та сто илјади се! . . .

– Господе, господе! – се слушаше наоколу. Сите почнаа да се туркаат околу каминот, сите се пробиваа да видат, сите извикуваа . . . Некои дури се качија на

столови, за да гледаат преку главите на другите. Дарја Алексеевна излета во друга соба и исплашена шепотеше нешто со Катја и Паша. Убавицата-Германка побегна.

– Мајчице! Кралице! Семоќна! – лелекаше Лебедев ползејќи на коленици пред Настасја Филиповна подавајќи ги рацете накај каминот, – сто илјади! Сто илјади! Лично ги имам видено, пред мои очи ги врзуваа! Мајчице! Милостива! Нареди јас да влезам во каминот: сиот ќе влезам, целата своја побелена глава ќе ја пикнам в оган! . . . Жена ми е неподвижно болна, тринаесет души деца – сите сирачиња, таткото го закопав минатата недела, гладни седат, Настасја Филиповна! – и откако го заврши лелекот тој веќе почна да лази кон каминот.

– Тргни се! – викна Настасја Филиповна туркајќи го. – Сите тргнете се! Гања, зошто стоиш? Не срами се! Завлечи се! Твоја среќа е!

Но Гања веќе премногу имаше поднесено тој ден и таа вечер и за ова последно нечекано измачување не беше подготвен. Толпата се раздели пред него надве, и тој остана очи в очи со Настасја Филиповна, на три чекори оддалечен од неа. Таа стоеше крај самиот камин и чекаше не спуштајќи го од него својот пламенен, тежок поглед. Гања, во фрак, со шапка в раце и со нараквици, стоеше пред неа молкум и без одговор, со скрстени раце гледајќи во огнот. Малоумна насмевка го засенчуваше неговото како крпа бледо лице. Навистина, тој не можеше да го оддели погледот од огнот, од зачаденото пакетче, но се чинеше, нешто ново му се роди во душата; небаре се заколнал да го издржи мачењето; не се помрднуваше од местото; по неколку мига на сите им стана јасно дека тој нема да го земе пакетчето, дека не сака да го земе.

– Еј, ќе изгорат и тебе ќе ти биде срам, – му викаше Настасја Филиповна, – зашто после ќе се обесиш, јас не се шегувам!

Огнот, кој отпрвин пламна меѓу двете цепеници кои тлееја, прво згасна кога падна на него пакетчето и го пригмечи. Но малечко сино пламенче сè уште се зафаќаше оддолу зад едниот агол на долната цепени-

ца. Најпосле, танко, долгманесто јазиче оган го лизна и пакетчето, огнот се зафати и се рашири нагоре по хартијата на аглите, и наеднаш, целото пакетче пламна во каминот и силен пламен појури нагоре. Сите офнаа.

– Мајчице! – сè уште лелекаше Лебедев втурнувајќи се пак напред, но Рогожин го повлече и повторно го врати.

Самиот, пак, Рогожин сиот се претвори во еден неподвижен поглед. Тој не можеше да се оддели од Настасја Филиповна, тој се впиваше во неа, тој беше на седмо небо.

– Е, ова ти е царица! – повторуваше тој секој миг обрнувајќи се кому ќе стасаше, – ете, што знаеме ние! – извикуваше тој избезумено. – Е, мрсулковци, кој од вас ќе направи вакво нешто, а?

Кнезот набљудуваше тажно и молкума.

– Јас со заби ќе го извлечам само за една илјада! – предложи Фердишченко.

– Со заби и јас би можел! – прочкрипоти господинот со тупаници стоејќи зад сите во полн очај. – П-по ѓаволите! Гори, сè ќе изгори! – викна тој кога го виде пламенот.

– Гори, гори! – викаа сите во еден глас, речиси сите втурнувајќи се накај каминот.

– Гања, не чекај да те молиме, последен пат ти велам!

– Оди! – рикаше Фердишченко втурнувајќи се во Гања сосема избезумен и влечејќи го за ракав, – оди, никаквецу! Ќе изгори! О, пр-р-роклетнику!

Гања силно го оттурна Фердишченко, се сврти и тргна кон вратата; но не стаса да направи ни два чекори, кога се заниша и се струполи на подот.

– Несвестица! – повикаа од сите страни.

– Мајчице, ќе изгорат! – лелекаше Лебедев.

– Напразно ќе изгорат парите! – рикаа од сите страни.

– Катја, Паша, донесете му вода, алкохол! – викна Настасја Филиповна, ја грабна машичката и го извлече пакетчето.

Горниот слој на хартијата речиси сиот беше изго-

рен, чадеше, но веднаш се гледаше дека внатрешноста не беше зафатена. Пакетчето беше трипати завиено во хартија од весник и парите беа негибнати. Сите послободно воздивнаа.

– Можеби само некое илјадарче е расипано, а другите се цели, – разнежено изговори Лебедев.

– Негови се! Целото пакетче е негово! Слушате ли, господа! – ги извести Настасја Филиповна, ставајќи го пакетчето крај Гања, – а тој не тргна по него, сепак издржа! Значи самољубието му е уште поголемо од жедта за парите. Ништо, ќе си дојде на себеси! Инаку, би можел и да ме заколе... Ене го, веќе си доаѓа на себеси. Генерале, Иван Петрович, Дарја Алексеевна, Катја, Паша, Рогожин, чувте ли? Пакетчето е негово, на Гања. Јас му го давам лично нему како награда... за што било! Кажете му. Нека остане овде крај него... Рогожин, ајде! Збогум, кнезу, за прв пат видов човек! Збогум Атанасиј Иванович, merci!

Целата дружина на Рогожин со врева, со татнеж, со повици мина низ собите кон излезот, по Рогожин и Настасја Филиповна. Во големиот салон девојките ѝ ја подадоа бундата; готвачката Марта дотрча од кујната. Настасја Филиповна ги избакна сите.

– Зар е можно, мајчице, засекогаш да нè напуштате? Каде ќе одите? И уште на роденден, на таков ден! – ја прашуваа расплаканите девојки бакнувајќи ја во рака.

– Одам на улица, Катја, слушна ли, таму ми е местото, или пак меѓу перачките! Доста ми е со Атанасиј Иванович! Поздравете го од мене, а мене не спомнувајте ме со лош збор...

Кнезот главечки појури кон излезот, каде што сите седнуваа во четирите тројки со ѕвончиња. Генералот успеа да го стигне сè уште на скалите.

– Смилувај се, кнезу, сепни се! – му зборуваше тој зграпчувајќи го за рака, – остави ја! Гледаш ли каква е! како татко ти велам...

Кнезот го погледна него, но, не проговорувајќи ниту збор се оттргна од него и потрча долу.

Кај влезот, кој штотуку го напуштија тројките,

генералот виде дека кнезот го зеде првиот кочијаш и му нареди да оди во Екатерингоф, по тројките. Потоа се приближи генераловиот касач сивко и го однесе дома со нови надежи и сметки и со бисерот кој генералот сепак не заборави да си го земе. Меѓу сметките на двапати му мина соблазнителниот лик на Настасја Филиповна; генералот воздивна.

– Штета! Искрено ја жалам! Пропадната женска! Споулавена жена! . . . Е-ех, не му треба сега Настасја Филиповна . . . на кнезот . . .

Неколку на ист начин поучни и корисни зборови беа изговорени и од други двајца собеседници и гости на Настасја Филиповна, кои решиле да направат неколку чекори пеш.

– Знаете ли, Атанасиј Иванович, велат кај Јапонците се случувало нешто слично, – говореше Иван Петрович Птицин. – Таму навредениот небаре доаѓал кај навредувачот и му велел: „Ти ме навреди и поради тоа јас дојдов да си ја распарам утробата пред твои очи“, и на тие зборови, навистина си ја распорувал утробата пред очите на својот навредувач и чувствувал, изгледа, необично задоволство, небаре навистина се одмаздил. Чудни карактери има на светов, Атанасиј Иванович!

– А вие мислите дека и тука имало нешто слично? – одговори Атанасиј Иванович со насмевка, – хм! Всушност, вие тоа остроумно го забележавте . . . и наведовте прекрасна споредба. Но вие, впрочем, и самиот видовте, миличок Иван Петрович, дека јас сторив сè што можев; та не можам јас ништо над она што е можно, согласете се и вие? Но признајте го впрочем и тоа дека таа жена имаше капитални квалитети . . . прекрасни црти. Јас преѓеска дури сакав да ѝ викнам, само да можев да си го дозволам тоа во таква Содома, дека таа самата е најдоброто оправдание за сето она за што ме обвинува. Кажете ми, кој би можел да не биде пленет понекогаш од таа жена до самозаборав и . . . до сè? Гледајте го оној простак Рогожин, сто илјади ѝ довлечка! Да претпоставиме дека сето она што се случи сега таму е ефемерно, роман-

тично, непристојно, но затоа пак е колоритно, затоа е оригинално, согласете се самиот. Господи, што би можело да се направи со таков карактер и таква убавина! Но без оглед на сите напори, дури и на образованието – сè пропадна! Неисшлифуван дијамант – колкупати сум го рекол тоа . . .

И Атанасиј Иванович длабоко воздивна.

ВТОР ДЕЛ

I

Две-три дни по необичниот настан на приемот кај Настасја Филиповна, со кој ние го завршивме првиот дел на нашето раскажување, кнезот Мишкин поита да замине во Москва за да ја среди работата околу добивањето на своето неочекувано наследство. Се зборуваше тогаш дека можеше да има и други причини за таквата итност на неговото заминување; но за тоа, исто како и за доживувањата на кнезот во Москва и воопшто, додека траеше неговата отсутност од Петербург, ние можеме да дадеме многу малку податоци. Кнезот беше отсутен цели шест месеци, и дури и оние, кои имаа извесни причини да бидат заинтересирани за неговата судбина, многу малку можеа да дознаат за целото тоа време. Точно е дека до некои допираа, макар и мошне ретко, некакви гласови, но тие, исто така, беа во поголемиот дел чудни и секогаш речиси противречни едни на други. Најмногу беа заинтересирани за кнезот, се разбира, во куќата на Епанчини, со кои тој, заминувајќи, дури не стаса ни да се поздрави. Генералот, впрочем, се беше видел со него тогаш и тоа два-трипати; тие сериозно претресуваа некои работи. Но иако самиот Епанчини сè беше видел, тој своето семејство не го беше известил за тоа. А и воопшто во прво време, то ест, одвај или не цел месец по заминувањето на кнезот, во куќата на Епанчини не

се зборуваше за него. Само генералицата, Лизавета Прокофјевна, уште во самиот почеток се изјасни дека „таа, што се однесува до кнезот, длабоко погрешила“ И, најодзади, откако веќе изминаа десетина денови, заклучи во вид на сентенција, налутена нешто од ќерките: „Доста грешки! Повеќе не ќе ги има“. Не може да не се забележи притоа, дека во нивната куќа доста долго траеше некакво непријатно расположение. Имаше нешто тешко, затегнато, недоискажано, спорно; сите се муртеа. Генералот дење и ноќе беше зафатен, трчаше по работи; ретко кога порано можеа да го видат толку зафатен и активен, – особено со службени работи. Домашните одвај стасуваа да го видат. Што се однесува пак до девојките Епанчини, гласно, се разбира, немаше од нив ништо кажано. Можеби дури и насамо, меѓу себе имаа кажано сосема малку. Тоа беа девојки горди, надуени и напати срамежливи меѓу себеси кои, впрочем, се разбираа една со друга не само уште од првиот збор, но дури и од првиот поглед, така што напати и немаше зошто да се зборува.

Набљудувач отстрана само едно би можел да забележи, само да имаше таков: дека, според сè она што е горе кажано, макар што тоа не се многу податоци, кнезот сепак успеал да остави во куќата на Епанчини особен впечаток, макар што се појави во неа само еднаш и тоа набрзина. Можеби тоа беше впечаток предизвикан од простата љубопитност, која можеше да се објасни со извесни ексцентрични доживувања на кнезот. Како и да е, впечатокот си остана.

Лека-полека и гласовите кои се беа прошириле по градот со време се прекрија со мракот на неизвесноста. Се зборуваше, навистина, за некое си улаво кнезче (никој не му го знаеше вистинското име), кое добило ненадејно огромно наследство и кое се оженило со некоја си Французинка која допатувала, а била позната танчерка на кан-кан во Шато-де-флер во Париз. Но други пак зборуваа дека наследството го добил некојси генерал, а се оженил пак со Французинката на пропатување, познатата танчерка, руско трговче со неброено богатство, и дека на својата свадба тоа, само за да се пофали, во пијана состојба

изгорело на свеќа цели седумдесет илјади во билети од лотарискиот заем. Но сите тие гласови многу брзу стивнаа, за што околностите беа од голема помош. На пример, целата дружина на Рогожин, од која многумина би можеле да раскажат по нешто, се упати исцело, со него лично на чело, во Москва, речиси токму по една недела од ужасната оргија во Екатерингофската железничка станица, на која присуствуваше и Настасја Филиповна. На некои заинтересирани, кои не беа многубројни, по некакви си гласови им стана познато дека Настасја Филиповна уште вториот ден по Екатерингоф побегнала, исчезнала, и небаре најоддади се дознало дека се упатила во Москва; така што и во заминувањето на Рогожин во Москва имаше некое совпаѓање со тој глас.

Се раширија исто така и гласови во однос на Гаврило Ардалионович, кој исто така беше прилично познат во својот круг. Но и тој се најде во извесна околност која брзо ги ублажи, а подоцна сосема и ги уништи сите лоши приказни на негова сметка: тој стана многу болен и не можеше да се појавува не само никаде во друштво, туку ни на работа. Откако прележа болен околу еден месец, тој оздраве, но кој знае зошто се откажа од службата во акционерското друштво, и неговото место го зазеде друг. Во куќата на генералот Епанчини тој исто така ниту еднаш не се беше појавил, така што и кај генералот почна да доаѓа друг чиновник. Непријателите на Гаврило Ардалионович би можеле да претпоставаат дека тој бил толку посрамен од сето што се случило со него, што му било срам да излезе на улица; но тој и навистина нешто боледуваше: западна дури во хипохондрија, се занесуваше во мисли, се раздразнуваше. Варвара Ардалионовна истата година се омажи, уште истата зима, за Птицин; сите што ги познаваа директно го припишаа тој брак кон околноста дека Гања не сакал да ѝ се врати на својата работа и не само што престанал да го издржува семејството, туку и на самиот почнала да му недостига помош, па дури и нега.

Да забележиме патем дека и во куќата на Епанчини Гаврило Ардалионович дури не се ни спомнува-

ше, – небаре и на светов немало таков човек, а не во нивната куќа. А меѓутоа, за него сите дознаа (и дури многу брзо) една извонредна околност; а имено: дека истата таа судбоносна за него ноќ, по непријатниот настан кај Настасја Филиповна, Гања, кога се вратил дома, не легнал да спие, туку почнал да го чека враќањето на кнезот со трескавична нестрпливост. Кнезот, кој заминал во Екатерингоф, се вратил оттаму околу шест часот изутрината. Тогаш Гања влегол кај него в соба и го ставил на маса нагореното пакетче пари, што му ги подари Настасја Филиповна додека тој лежел во несвест. Тој настојчиво го молел кнезот, штом ќе може веднаш да ѝ го врати подарокот на Настасја Филиповна. Кога Гања влегувал кај кнезот, бил непријателски расположен и речиси очаен; но меѓу него и кнезот биле небаре кажани извесни зборови, по кои Гања останал кај кнезот уште два часа и сето тоа време го минал во горчливо липање. Обајцата се разделиле во пријателски односи.

Таа вест, која стигна до сите Епанчини, беше, како што се потврди подоцна, сосема точна. Се разбира, беше чудно што вести од таков вид можеле толку брзо да стигнуваат и да се дознаваат; на пример, сѐ што се случи со Настасја Филиповна стана познато во куќата на Епанчини речиси уште следниот ден и тоа во доста точни детали. Што се однесува пак до известувањата за Гаврило Ардалионович би можело да се претпостави дека тие биле донесени кај Епанчини од Варвара Ардалионовна, која некако почна да се појавува кај девојките Епанчини и која дури многу брзо стана кај нив мошне блиска, што многу ја вчудовидуваше Лизавета Прокофјевна. Но Варвара Ардалионовна, и покрај тоа што којзнае зошто сметала дека е потребно да се зближи толку со Епанчини, не би почнала со нив, сигурно, да разговара за својот брат. Тоа беше, исто така, горделива само на свој начин, без оглед на тоа што почна да се дружи на тоа место од каде што беше речиси изгонет нејзиниот брат. Пред тоа таа, иако беше позната со девојките Епанчини, ретко се виѓаваше со нив. Во салонот, впрочем, таа ниту сега речиси не се појавуваше и доаѓаше, небаре

на минување, од задниот влез. Лизавета Прокофјевна никогаш не беше љубезна со неа, ниту порано, ниту сега, макар што многу ја почитуваше Нина Александровна, мајчицата на Варвара Ардалионовна. Таа се чудеше, се лутеше, познанството со Варја го сметаше како каприц и самоволие на своите ќерки, кои „не знаат веќе што да смислат, за да и се спротивстават", а Варвара Ардалионовна сепак продолжуваше да доаѓа пред и по својата мажачка.

Но мина околу месец по заминувањето на кнезот и генералицата Епанчина доби писмо од старицата кнегиња Белоконска, која две недели пред тоа заминала во Москва кај својата постара мажена ќерка, и тоа писмо остави врз неа видливи траги. Таа, иако ништо не им рече за него ниту на ќерките, ниту на Иван Фјодорович, по многу знаци во семејството можеше да се забележи дека е некако особено возбудена, дури и вознемирена. Таа почна некако чудно да им се обрнува на ќерките и сè за некои необични работи; очигледно беше дека таа сакаше да каже што знае, но којзнае зошто се воздржуваше. Тој ден кога го доби писмото таа сите ги погали, дури ја бакна Аглаја и Аделаида, всушност се покаја за нешто пред нив, но за што имено, тие не можеа да сфатат. Дури и кон Иван Фјодорович, кого цел месец го држеше во немилост, стана наеднаш снисходлива. Се разбира, уште следниот ден таа страшно се налути поради својата вчерашна чувствителност и уште пред ручек стигна со сите да се испокара, но приквечер хоризонтот одново се разведри. Воопшто, цела недела таа продолжуваше да биде во доста ведро расположение на духот, што веќе одамна не ѝ се случуваше.

Но уште една недела подоцна од Белоконска беше добиено уште едно писмо, овојпат генералицата одлучи да каже сè што знае. Таа свечено изјави дека „старицата Белоконска" (таа никогаш поинаку не ја наречуваше кнегињата, во нејзино отсуство) ѝ соопштувала многу утешни податоци за оној ... „чудак, за кнезот, значи!" Старицата го пронашла него во Москва, се распрашала за него, дознала нешто многу убаво; кнезот, најпосле, се појавил пред неа лично и

оставил врз неа речиси извонреден впечаток. „Се гледа по тоа што таа го поканила секој ден да доаѓа кај неа претпладне, од еден до два часот, и тој секој ден се довлечкувал кај неа и уште не ѝ додеал", заврши генералицата, додавајќи дека преку „старицата" кнезот почнале да го примаат во неколку угледни куќи. „Добро е што не си седи сам и не се срами, како улав" Девојките, на кои сево ова им беше соопштено, веднаш забележаа дека нивната мајка голем дел од своето писмо не им откри. Можеби тие го дознале тоа преку Варвара Ардалионовна, која можеше да знае, и се разбира знаеше сѐ што знаеше Птицин за кнезот и за неговиот престој во Москва. А Птицин можеше да знае дури и повеќе одошто сите други. Но тоа беше човек извонредно молчалив во однос на деловните работи, макар што се разбира, на Варја ѝ ги доверуваше. Генералицата, поради ова, веднаш и уште повеќе ја замрази Варвара Ардалионовна.

Но како и да беше, мразот беше пробиен и наеднаш стана можно да се зборува за кнезот гласно. Покрај тоа, уште еднаш јасно излезе на видело оној необичен впечаток и оној веќе несразмерно голем интерес кој го беше оставил кнезот зад себеси во куќата на Епанчини. Генералицата дури му се почуди на впечатокот кој го оставија врз нејзините ќерки вестите од Москва. А ќерките исто така ѝ се почудија на мајка си, која толку свечено ги извести за тоа дека „нејзината најглавна особина во животот е – непрестајно да се лаже во однос на луѓето", и која истовремено го препорачуваше кнезот на вниманието на „моќната" старица Белоконска во Москва, при што, се разбира, за нејзиното внимание требаше да се моли во име на Исус и на господа, зашто „старицата" во извесни случаи тешко беше да се натера да стори нешто.

И штотуку мразот беше скршен и задува нов ветер, генералот поита да си го искаже своето. Излезе дека и тој бил мошне заинтересиран. Впрочем, тој се изјасни само за „деловната страна на предметот" Излезе дека тој, во интерес на кнезот, им нарачал на двајца, некои сигурни, и на свој начин важни луѓе во Москва да го следат него, а особено неговиот раково-

дител Салазкин. Сѐ што се зборувало за наследството, „така да се рече, за фактот на наследството“, излегло точно, но дека самото наследство најодзади не испаднало толку големо, како што се ширело отпрвин за него. Половината од имотот била заплеткана; се појавиле долгови, се појавиле некакви си претенденти, а и кнезот, без оглед на сите напатствија, се држел сосема неделовно. „Се разбира, нека му даде господ“; сега, кога „мразот на молчењето“ бил разбиен, на генералот му претставувало задоволство да изјави „со сета искреност“ на душата, макар што „момчето е малку о н а к а“, но сепак заслужува. А меѓутоа, сепак направил глупости: се појавиле, на пример, кредиторите на покојниот трговец со спорни, ништожни документи, а некои, откако го намирисале кнезот, и сосема без документи, – и што мислите? Кнезот речиси сите ги задоволил, и покрај предупредувањата на своите пријатели дека сите тие човечиња, сите тие кредиторчиња немале никакви права; и ги задоволил само поради тоа што некои од нив навистина настрадале.

Генералицата се одзва со тоа што нешто слично ѝ пишувала и Белоконска и дека тоа било „глупаво, многу глупаво; кога е човек улав не можеш да го излекуваш“, реско додаде таа, но по лицето ѝ се гледаше дека таа небаре е задоволна со постапките на тој „улав“. Како заклучок на сето тоа генералот забележа дека неговата сопруга е заинтересирана за кнезот небаре за свој роден син и дека таа почнала нешто многу да ја гали Аглаја; кога го забележа тоа, Иван Фјодорович за извесно време прими многу деловен израз.

Но целото тоа пријатно расположение сепак не потраја долго. Минаа сѐ на сѐ две недели, и наеднаш пак нешто се измени, генералицата се намурти, а генералот, откако ги крена неколкупати рамената, пак му се потчини на „мразот на молчењето“ Работата е во тоа што тој подрака доби една вест, иако кратка и поради тоа не сосема јасна, но затоа пак точна, за тоа дека Настасја Филиповна, која отпрвин исчезнала во Москва, подоцна пронајдена од Рогожин, а потоа пак исчезната и пак пронајдена, му дала најодзади, ре-

чиси сигурен збор да се омажи за него. И ете, речиси само две недели подоцна, неговото превосходство било известено дека Настасја Филиповна побегнала и третпат и овојпат исчезнала некаде во губернијата, речиси од самата венчавка, а меѓутоа, исчезнал од Москва и кнезот Мишкин, оставајќи ги сите свои работи на грижата на Салазкин, „со неа, или едноставно појурил по неа – не се знаело, но тука имало нешто", – заклучил генералот. Лизавета Прокофјевна исто така и од своја страна доби некакви непријатни вести. Најодзади, два месеца по заминувањето на кнезот од Петербург, стивна конечно секој глас за него, а во куќата на Епанчини „мразот на молчењето" веќе не се кршеше. Варвара Ардалионовна впрочем, сепак ги посетуваше девојките.

За да завршиме со сите тие гласови и вести, ќе го додадеме и тоа дека кон пролет кај Епанчини се случија многу пресвртници, така што беше тешко да не се заборави кнезот, кој и самиот не даваше, а можеби и не сакаше да даде, глас од себеси. Во текот на зимата, лека-полека, најпосле беше одлучено летото да заминат во странство, то ест Лизавета Прокофјевна со ќерките; генералот, се разбира, не смееше да губи време за „празна забава". Одлуката беше донесена поради необично упорното настојување на девојките, кои беа сосема убедени дека нив не сакале да ги водат во странство, поради тоа што нивните родители постојано се грижеле да ги омажат и да им бараат младоженци. Можеби и родителите се убедиле дека младоженци можат да се најдат и во странство и дека патувањето на едно лето не само да не може да расипе нешто, но, можеби, дури „може и да помогне". Треба да споменеме тука дека мажачката, што беше во проект меѓу Атанасие Иванович Тоцки и постарата ќерка на Епанчини, сосема се расипа од негова страна. Тоа излезе некако сосем од себе, без големи расправии и без секаква семејна борба. Од заминувањето на кнезот сѐ наеднаш стивна од двете страни. Ете и таа околност делумно влезе меѓу причините за тогашното тешко расположение во семејството на Епанчини, макар што генералицата изјави уште

тогаш дека таа била сега задоволна „со двете раце да се прекрстам“. Генералот, макар и да беше во немилост и самиот чувствуваше дека е виновна, сепак се сневесели; му беше жал за Атанасие Иванович: „таков имот и таков способен човек!“ Малку подоцна генералот дозна дека Атанасие Иванович бил пленет од некоја Французинка која патувала, од високо општество, маркиза и легитимистка, дека ќе се оженил и дека Атанасие Иванович ќе бил одведен во Париз, а потоа некаде во Бретања. „Е, ќе пропадне со Французинка“ – заклучи генералот.

А Епанчини се готвеа да заминат на лето. И наеднаш се јави околност, која пак измени сè одново, и заминувањето пак беше одложено за големата радост на генералицата и генералот. Во Петербург повела да дојде еден кнез, кнезот Ш., инаку познат човек и тоа познат од една мошне, мошне позитивна страна. Тоа беше еден од оние луѓе, или дури може да се рече, деец од најновото време, чесен, скромен, кој искрено и свесно го сака она што е полезно, секогаш работи и се одликува со онаа ретка и среќна особина секогаш да наоѓа работа. Не истакнувајќи се премногу, одбегнувајќи ги застранувањата и празните фрази на партиите, не сметајќи се себеси меѓу првите, кнезот, впрочем, имаше сосема добро разбрано многу работи кои се случуваа во последно време. Тој порано бил во државна служба, потоа почнал да учествува во дејноста на управата на спаиите. Покрај тоа, бил корисен кореспондент на неколку руски учени друштва. Заедно со еден познат техничар, тој со собрани податоци и изучувања помагал за поточно насочување на една од најважните железнички линии, која била во проект. Имаше околу триесет и пет години. Тој беше човек од „највисокото општество“, и, покрај тоа, имот „добар, сериозен и неоспорен“, како што рече за него генералот, кој по случај на една доста сериозна работа се сретна и се запозна со кнезот кај грофот, својот началник. Кнезот, од некакво си особено љубопитство, никогаш не ги одбегнуваше познанствата со руските „деловни луѓе“. Се случи кнезот да се запознае и со семејството на генералот. Аделаида Ивановна, сред-

ната од трите сестри, остави врз него доста силен впечаток. Кон пролет тој ѝ ја изјави својата љубов. На Аделаида тој многу ѝ се допадна, ѝ се допадна и на Лизавета Прокофјевна. На генералот тоа му направи големо задоволство. Се разбира, патувањето беше одложено. Свадбата беше закажана за напролет.

Патувањето, впрочем, би можело да се оствари кон средината или кон крајот на летото, макар и само како прошетка на еден месец или на два на Лизавета Прокофјевна со нејзините две ќерки што ќе ѝ останат, макар и само за тоа да се развее тагата по Аделаида која ги напуштила. Но се случи пак нешто ново: веќе кон крајот на пролетта (свадбата на Аделаида малку се позабави и беше одложена за средината на летото) кнезот Ш, доведе во куќата на Епанчини еден од своите далечни роднини, кој, впрочем, доста добро го познаваше. Тоа беше некојси Евгениј Павлович Р., уште млад човек, на околу дваесет и осум години, дворски-аѓутант, пишан убавец, „од познат род“, човек остроумен, болскав, „нов“, „со огромно образование“ и со некое веќе нечуено богатство. Што се однесува до последнава точка, генералот беше секогаш многу претпазлив. Тој се распраша: „навистина изгледаше дека има такво нешто, но, впрочем, треба уште да се провери“ Овој млад дворски аѓутант со „иднина“ беше многу возвишен во мислењето на старицата Белоконска од Москва. Се ширеше само по него малку незгодна слава: неколку врски и, како што некои убедуваа, неколку „победи“ над некои несреќни срца. Откако ја виде Аглаја, тој почна необично многу да се задржува во домот на Епанчини. Навистина, уште не беше ништо речено, не беа направени дури никакви навестувања, но на родителите, сепак, им се чинеше дека ова лето не смее да се размислува за патување во странство. Самата, пак, Аглаја можеби имаше друго мислење.

Ова се случуваше веќе речиси пред самото второ појавување на нашиот јунак на сцената на нашево раскажување. Во тоа време, на прв поглед, можеше да се рече дека сиромашниот кнез Мишкин беше веќе сосема заборавен во Петербург. Кога би се појавил тој

сега ненадејно меѓу неговите познајници, ќе беше како да паднал од небо. А меѓутоа, ние сепак ќе соопштиме еден факт и со тоа ќе го завршиме нашиов увод.

Коља Иволгин, по заминувањето на кнезот, отпрвин си го продолжуваше својот стар живот, то ест, одеше во гимназија, кај својот пријател Иполит, го надгледуваше генералот и ѝ помагаше на Варја во домаќинството, то ест, трчаше каде што ќе му речеше таа. Но станарите брзо исчезнаа: Фердишченко се пресели некаде три дни по настанот кај Настасја Филиповна и доста брзо исчезна, така што стивна и секаков глас за него; се зборуваше дека тој некаде пиел, но тоа не беше потврдено. Кнезот замина во Москва; со станарите беше свршено. Подоцна, кога Варја веќе се омажи, Нина Александровна и Гања заедно со неа се преселија кај Птицин, во Исмаиловскиот полк*; што се однесува пак до генералот Иволгин, и нему речиси во исто време му се случи една сосема непредвидлива околност: беше затворен во одделението за долгови. Тој беше испратен таму од својата пријателка, капетаница, поради документите што таа му ги издала во различно време, со вредност од околу две илјади. Сето тоа му се случи сосема ненадејно, и кутриот генерал беше „навистина жртва на својата неумерена доверба во благородноста на човечкото срце, говорејќи онака општо". Откако се здоби со смирувачката навика да потпишува гарантни писма и меници, тој и не претпоставуваше дека е можно тие да почнат да дејствуваат некогаш, сè си мислеше дека тоа само е т а к а. Излезе дека не е така. „Доверувај им се по ова на луѓето, искажувај ја благородната доверба!" – извикуваше тој во мака, седејќи со нови пријатели во домот на Тарасов крај шише вино и раскажувајќи им анегдоти за опсадата на Карс и за војникот кој воскреснал. Впрочем, тој почна одлично да си живее. Птицин и Варја велеа дека тоа е и неговото вистинско место; Гања сосема се сложи со тоа. Само бедната Нина Александровна горчливо плачеше утајум (што дури ги вчудовидуваше домашните) и, вечно боледу-

* Име на некој петербуршки кварт (заб. на прев.)

вајќи, се влечеше колку што можеше почесто кај мажа си во посета.

Но од времето на „случајот на генералот", како што се изразуваше Коља, и воопшто, веднаш по мажачката на сестра си, Коља речиси сосема се отуѓи од нив и дотаму стигна, што во последно време дури ретко се јавуваше на спиење во семејството. Како што можеше да се разбере, тој доби голем број нови познајници; покрај тоа, стана мошне познат и во одделението за долгови. Нина Александровна таму не можеше да се снајде без него; дома пак сега не го вознемируваа дури ни со љубопитност. Варја, која толку строго го држеше порано, не му поставаше сега ни најмали прашања за неговите скитања; а Гања, на големото вчудовидување на домашните, разговараше и дури се зближуваше со него напати сосема другарски, без оглед на целата своја хипохондрија, што порано никогаш не се случуваше, зашто дваесет и седумгодишниот Гања природно не му обрнуваше на својот петнаесетгодишен брат ни најмало другарско внимание, се држеше со него грубо, од сите домашни бараше за него само строгост и постојано му се заканувашe да „му ги зграпчи ушите", што го изведуваше Коља „од последните граници на човечко трпение". Можеше да се помисли дека сега напати Кољо му стануваше дури и неопходен на Гања. Него страшно го вчудовиди тоа што Гања тогаш ги врати парите; поради ова тој беше готов многу работи да му прости.

Минаа околу три месеци по заминувањето на кнезот и во семејството Иволгини се дозна дека Коља ненадејно се запознал со Епанчини и дека бил многу убаво примен кај девојките. Варја брзо дозна за тоа; а Коља, впрочем, не се запознал преку Варја, а „лично сам". Лека-полека, него го засакаа кај Епанчини. Генералицата отпрвин беше многу незадоволна, но наскоро почна да станува љубезна со него „поради отвореноста и за тоа што не ласка". Тоа дека Коља не ласкаше, беше сосема точно; тој успеа да биде кај нив на сосема рамна и самостојна нога, макар што напати ѝ читаше на генералицата книги и весници, – но тој и секогаш си беше услужлив. Впрочем, два-трипати тој

жестоко се скара со Лизавета Прокофјевна, ѝ кажа дека е тиранка и дека неговата нога повеќе нема да стапи во нејзината куќа. Првиот пат дојде до спорот поради „женското прашање“, а вториот пат поради прашањето во кое годишно време било најдобро да се ловат трнарчињата. Колку и да е неверојатно, но генералицата третиот ден по караницата му прати по лакеј писменце, молејќи го веднаш да повели; Коља не чекаше да го молат, туку веднаш се појави. Само Аглаја постојано поради нешто беше нерасположена кон него и се држеше со него од високо. И токму неа, му беше судено, доста да ја вчудовиди. Еднаш, – тоа беше пред Велигден, – кога успеа да ја види на само, Коља ѝ подаде писмо на Аглаја, велејќи ѝ само дека му било наредено само нејзе да ѝ го предаде. Аглаја фрли еден страшен поглед врз „вообразеното момче“, но Коља не чекаше и си излезе. Таа го отвори писмото и прочита:

„Еднаш вие ме почестивте со вашата доверба. Сега, можеби, веќе сосема сте ме заборавиле. Како се случи сега јас да ви пишам? Не знам; но кај мене се појави незапирлива желба да ве потсетам на себеси, и тоа токму вас. Колкупати вие сите три ми бевте многу потребни, но од сите три јас ве гледав само вас. Вие сте ми потребна, вие сте ми потребна. Немам што да ви раскажам. Јас и не го сакав тоа; јас многу би сакал вие да бидете среќна. Дали сте среќна? Ете, тоа е што сакав да ви го кажам.

Ваш брат кн. Л. Мишкин“

Откако го прочита ова кратко и доста нејасно писмо, Аглаја наеднаш целата се вжари и се замисли. Тешко би ни било да го предадеме текот на нејзините мисли. Меѓу другото таа се праша себеси: „Дали да го покаже некому?“ Некако ѝ беше срам. Заврши сепак со тоа што со подбивна и необична насмевка го фрли писмото во својата масичка. Утредента одново го извлече и го стави во една дебела книга со цврсти корици (таа секогаш така постапуваше со своите хартии, за да ги најде поскоро ако ѝ притребаат). И дури

по една недела успеа да види што книга беше таа. Тоа беше „Дон-Кихот од Ламанча", Аглаја почна страшно да се кикоти – којзнае зошто.

Исто така, не се знае дали таа оваа своја придобивка ја покажала на некоја од своите сестри.

Но, додека таа уште го читаше писмото, наеднаш ѝ падна на ум: зар е можно ова воображено момче и фалбаџиче да биде избрано од кнезот како доверено лице и тоа, можеби, како единствено доверено лице тука? Макар и со изглед на необична пренебрежителност, таа се нафати да го испита Коља. Но секогаш навредливото „момче" овојпат не обрна внимание на нејзината пренебрежителност; сосема кратко и доста суво ѝ објасни на Аглаја дека тој макар што му ја дал на кнезот за секој случај својата постојана адреса пред самото заминување на кнезот од Петербург и притоа му ги понудил своите услуги, тоа била првата порака која ја добил од кнезот, и прво негово писмо кон него, а како доказ на своите зборови тој ѝ го покажа и писмото кое лично го добил. Аглаја не се воздржа и го прочита. Писмото до Коља содржеше:

„Миличок Коља, бидете толку добар, предајте ѝ го приложеното и затворено писменце на Аглаја Ивановна. Да сте ми здрави.

Ве сака, кн. Л. Мишкин"

– Сепак смешно е да се доверува на ваков лигушко, – навредливо рече Аглаја, враќајќи му го на Коља писменцето и со презир мина крај него.

Коља ова повеќе не можеше да го поднесе: тој пак намерно за овој случај го измоли од Гања, не објаснувајќи му ја причината, да си го стави неговиот уште сосема нов зелен шал. Тој страшно се навреди.

II

Беа првите денови на јуни и веќе цела недела во Петербург времето беше зачудувачки убаво. Епанчини имаа свој богат летниковец во Павловск. Лизавета

Прокофјевна наеднаш се возбуди и се раздвижи; не минаа ни два дена, а тие се преселија.

Вториот или третиот ден по преселувањето на Епанчини, со утринскиот воз од Москва стигна и кнезот Лав Николаевич Мишкин. Него никој не го пречека на станицата; но при излегувањето од возот на кнезот ненадејно му се привиде чуден поглед на две очи, во толпата, што ги окружи пристигнатите со возот. Кога загледа повнимателно тој повеќе ништо не можеше да распознае. Се разбира, тоа нему само му се привидело; но му остана непријатен впечаток. Покрај тоа пак, кнезот и без тоа беше тажен и замислен и се чинеше дека е загрижен за нешто.

Кочијашот го донесе до еден хотел близу до Литејна. Хотелчето беше ефтино. Кнезот зеде две мали соби, мрачни и лошо наместени, се изми, се облече, ништо не побара и забрзано излезе, небаре се плашеше да изгуби време и да не најде никого дома.

Да го видеше сега некој што го познаваше пред половина година во Петербург, за време неговото прво доаѓање, ќе заклучеше дека по надворешност тој многу се изменил на подобро. Но, којзнае дали беше така. Само во облеката тој беше наполно изменет: костумот му беше поинаков, сошиен во Москва и тоа од добар шивач; но и во облеката имаше мана: премногу беше сошиена по мода (како што секогаш шијат добронамерните, но не многу талентираните шивачи), и одозгора, за човек кој воопшто не се интересира со тоа, така што, погледнувајќи го внимателно кнезот, некој голем шегобиец, можеби, ќе најдеше нешто за да се потсмевне. Но малку ли работи можат да бидат смешни?

Кнезот зеде кочија и се упати на Песоци. Во едната од Рождественските улици тој брзо пронајде една мала дрвена куќичка. На неговото вчудовидување таа куќичка испадна убава по изглед, чистичка, држана во најголем ред, со цветна леа во која растеше цвеќе. Прозорците кон улицата беа отворени и од нив се слушаше остро непрестајно говорење, речиси врева, небаре некој читаше наглас или држеше говор; гласот напати се прекинуваше со смеа на неколку гласови.

Кнезот влезе во дворот, се качи кај влезот и го побара господинот Лебедев.

– Та ене ги, – одговори готвачката што ја отвори вратата со засукани ракави до лактите, вперувајќи го показалецот во „салонот“.

Во тој салон, прекриен со модри тапети и чисто наместен и тоа со извесни претензии, то ест со валчеста маса и диван, со часовник од бронза, со капак, со тесно огледало на ѕидот меѓу два прозорца и со многу старински лустер со стакленца, кој висеше на таванот на синџирче од бронза, среде собата стоеше лично господинот Лебедев, свртен со грб кон кнезот што се појави, во елек, но без горно палто, облечен како за лето, и, биејќи се в гради, држеше горчлив говор на некаква тема. Негови слушатели беа: момче од едно петнаесет години, со доста весело и интелигентно лице и со книга в раце, една млада девојка на околу дваесет години, целата во црно и со дете-цицалче на раце, едно тринаесетгодишно девојче, исто така во црнина, кое многу се смееше и притоа страшно ја отвораше устата, и, најодзади, еден необично чуден слушател, еден аџамија на околу дваесет години, кој лежеше на диванот, доста убав, црномурест, со долга, густа коса, со црни крупни очи и со брадичка. Овој слушател, се чинеше, често го прекинуваше и го оспоруваше Лебедев кој држеше говор; на тоа, се чини, се смееше останатата публика.

– Лукијан Тимофеич, ој Лукијан Тимофеич! Та глеј! ваму! . . . Ох, налет да ви е!

И готвачката си замина мавтајќи со рацете и толку налутена што дури се вцрви.

Лебедев се сврти и кога го виде кнезот, остана извесно време небаре погоден со гром, а потоа се втурна кон него со додворувачка насмевка, но на пол-пат пак запре, впрочем, проговорувајќи

– Ваша . . . ваша светлост, кнезу!

Но наеднаш, небаре сѐ уште не можеше да си дојде на себеси, онака без причина ѝ се нафрли отпрвин на девојката во црнина, што држеше на раце дете, така што таа дури малку се заниша од неочекуваност, но веднаш, оставајќи ја намира, се нафрли на

тринаесетгодишното девојче, кое стоеше на прагот од другата соба и кое продолжуваше да се насмевнува од остатоците на уште неодамнешната смеа. Таа не го поднесе викањето и веднаш збриша во кујната; Лебедев дури почна по неа да тупка со нозете, за да си го излее гневот, но сретнувајќи го погледот на кнезот, кој гледаше вчудовидено, му објасни!

– Тоа е . . . да ме почитуваат, хе-хе-хе!

– Не би смееле така . . . – почна кнезот.

– Сега, сега, сега . . . како виор!

И Лебедев брзо исчезна од собата. Кнезот вчудовидено ја погледна девојката, момчето и оној што лежеше на диванот; сите тие се изнасмеаја. Се насмеа и кнезот.

– Отрча да го облече фракот, – рече момчето.

– Колку ми е криво, – пак почна кнезот, – а јас веќе помислив . . . кажете ми, тој . . .

– Мислите дека е пијан? – викна гласот од диванот, – ни капка! Онака, можеби, три-четири чашичиња, а можеби пет, но тоа веќе е навика.

Кнезот прво се обрна кон гласот на диванот, но тогаш проговори девојката и со најискрен изглед на своето пријатно лице таа рече:

– Тој уште изутрина никогаш не пие многу; ако сте дошле кај него по некоја работа, кажете му ја веднаш. Сега му е време. Зашто навечер кога ќе се врати пијан е; а и сега со наближување на ноќта повеќе плаче и на глас ни чита од свето писмо, зашто има пет недели како ни умре мајчицата.

– Тој се чини побегна поради тоа што му беше тешко нешто да ви одговори, – се насмеа момчакот од диванот. – Се обложувам дека тој сега веќе ви приготвува некоја измама и токму сега крои.

– Сѐ на сѐ пет недели! Сѐ на сѐ пет недели! – се придружи Лебедев враќајќи се веќе со фрак, трепкајќи со очите и вадејќи го од џеб шамичето за да си ги избрише солзите, – како сме сирачиња!

– Та што сте излегле вака испарталавен? – рече девојката, – тука зад врата имате сосема ново палто, зар не сте го виделе?

– Молчи, дрдорко! – ѝ викна Лебедев. – Глеј ја! – забаботи со нозете. Но овојпат таа само се насмеа.

– Што ме плашите, јас не сум Тања, нема да избегам. А ете, можете Љубочка да ја разбудите и дамла да ја погоди . . . зошто викате!

– Пс-пс-пс! Јазикот да си го каснеш . . – страшно се исплаши наеднаш Лебедев и, втурнувајќи се кон детето што спиеше на рацете на ќерката, неколкупати исплашено го прекрсти. – Варди ја, господи, варди ја! Тоа е лично мое цицалче, ќерка ми Љубов, – му се обрна тој на кнезот, – и родена е во најзаконски брак од мојата тукушто умрена жена Елена, која умре при породување. А оваа дрдорка е мојата ќерка Вера, во црнина е . . . А овој, овој, овој . . .

– Зошто се пресече? – викна младичот, – продолжи, не срами се.

– Ваша светлост! – со некаков си елан наеднаш викна Лебедев, – дали повелавте да прочитате, во весниците за убиството на семсјтвото Жемарини?

– Прочитав, – рече кнезот малку почудено.

– Тогаш, овој е оној подол убиец на семејството Жемарини!

– Што зборувате? – рече кнезот.

– То ест, зборувајќи алегорично, тоа е идниот втор убиец на идното друго семејство Жемарини, ако се најде такво. Тој за тоа се готеи . . .

Сите се изнасмеаја. На кнезот му падна на ум дека Лебедев, можеби навистина пелтечи и се криви затоа што, насетувајќи ги неговите прашања, не знае како да одговори на нив и спечалува време.

– Бунтовничи! Прави заговори! – викаше Лебедев, небаре повеќе немаше сили да се воздржи, – ете, можам ли јас, имам ли јас право ваков зломисленик, таков, да речам, блудник и нечовек да го сметам за свој роден внук, за единствениот син на мојата покојна сестра Анисја?

– Та престани, пијаницо! Ќе поверувате ли, кнезу, дека тој намислил да се занимава со адвокатство, да посредува во суд по приватни дела; се занесе во красноречие и дома со децата сѐ зборувá на висок стил. Пред пет денови говореше пред мировни судии. И

кого зел да брани: не старицата која го молела, го кумела и која еден подлец лихвар ја ограбил, петстотини рубли, целиот нејзин имот, си го присвоил, туку истиот тој лихвар, некојси Евреин Зајдлер, затоа што ветил да му даде педесет рубли ...

– Педесет, ако добијам, и само пет рубли, ако изгубам, – му појасни наеднаш Лебедев со сосема поинаков глас, од оној со кој досега говореше, а онака, небаре тој никогаш не викал.

– И се посрамотил, се разбира, не се повеќе стари времиња, само му се изнасмеале таму. Но тој останал ужасно задоволен со себеси; потсетете се, вели, господа судии со непријатни лица, дека бедниов старец, со одземени нозе, кој живее од чесен труд, останува без последното парче леб; потсетете се на мудрите зборови на закондателот: „Нека царува милоста во судовите". И верувате ли, тој секое утро тука ни го повторува тој свој говор од збор до збор, онака како што го говорел таму; денес, пред самото ваше доаѓање, веќе петти пат ни го читаше, толку му се допаднал. Само се оближува од задоволство. И се готви уште некого да брани. Вие сте, чинам, кнез Мишкин? Кољa ми раскраваше за вас дека поумен од вас на светов не сретнал досега ...

– И не постои! И не постои! И не постои поумен на светов! – веднаш му се придружи Лебедев.

– Е тука, да речеме, се измамил. Едниот вас ве сака, а другиот ви ласка; а јас воопшто немам намера да ви ласкам, тоа да го знаете. Но вие не сте без здрав разум: ете оценете нè, мене и него. Сакаш ли, кнезот ќе нè процени? – му се сврте тој на својот чичко. – Мене ми е дури и драго, кнезу, што сте се нашле тука.

– Сакам! – решително викна Лебедев и без да сака се сврте кон публиката која почна пак да се собира.

– Та што имате вие? – проговори кнезот намуртувајќи се.

Него навистина го болеше глава, одозгора пак тој сè повеќе се убедуваше дека Лебедев го мами и дека му е мило што работата се поизместува настрана.

– Да ви ја изложам работата. Јас сум негов внук, тоа тој вистина го рече, макар што сè друго лаже. Јас не го завршив факултетот, но сакам да го завршам и настојувам на тоа, зашто јас имам карактер. А засега, за да можам да се издржувам, прифаќам едно место од дваесет и пет рубли на железница. Покрај тоа, морам да признам дека тој едно двапати веќе ми има помогнато. Јас имав дваесет рубли и ги изгубив на карти. И ми верувате ли, кнезу, дека јас бев толку подол, толку низок да ги изгубам?

– Со еден никаквец, со еден никаквец, кому не требаше ни да му се плати! – викна Лебедев.

– Да, со еден никаквец, но мораше да му се плати, – продолжи момчакот. – А тоа дека тој е никаквец и јас ќе го потврдам; и не само поради тоа што тој тебе те натепа. Тоа ви е, кнезу, еден отпаднат офицер, поручник во оставка од преѓешната дружина на Рогожин и предава бокс. Сега сите тие се талкаат, откако ги растера Рогожин. Но, што е најлошо, јас знаев дека тој е никаквец, неранимајко и ситен крадец, и сепак седнав да играм со него, и тоа што губејќи ја последната рубља (игравме клопа), јас си мислев во себеси: ќе изгубам, ќе појдам кај чиче Лукијан ќе му се поклонам – нема да ме врати. Тоа е веќе нискост, тоа ви е веќе нискост! Тоа веќе е свесна подлост!

– Тоа ви е веќе свесна подлост! – повтори Лебедев.

– Не радувај се, чекај, – навредливо викна внукот, – нему му е драго. Јас се појавив пред него, кнезу, тука и му признав сè: јас постапив благородно, не се штедев себеси; јас се оцрнив себеси пред него колку што можев, еве ги сведоците. За да го добијам тоа место на железница, јас бездруго морам некако да се облечам, зашто сиот сум во партали. Еве погледајте ги чизмиве! Инаку не можам да се појавам на местото, а ако не се појавам во определениот рок, местото ќе го заземе некој друг, и тогаш сум пак на екватор и кога ќе најдам друго место. Сега му барам сè на сè петнаесет рубли и му ветувам дека повеќе никогаш не ќе молам и, одозгора, дека ќе му го платам сиот долг до последна копејка во рок од три месеци. Јас ќе си го

одржам зборот. Јас умеам да проживеам од леб и квас со месеци, зашто јас си имам карактер. За три месеци јас ќе добијам седумдесет и пет рубли. Со поранешните јас ќе му бидам должен само триесет и пет рубли, значи, ќе имам од што да му вратам. Нека ми определи камата, колку сака, ѓавол да го носи! Зар тој не ме познава мене? Прашајте го, кнезу: порано кога ми помагал тој, сум му враќал или не? Зошто пак сега не сака? Ми се налутил поради тоа што сум му платил на тој поручник; друга причина нема! Еве каков е човеков – ни за себеси, ни за други!

– И не сака да си замине! – викна Лебедев, – легна тука и не сака да си оди.

– Јас така и ти реков. Нема да излезам додека не ми дадеш. Нешто се насмевнувате, кнезу? Се чини, сметате дека не сум во право?

– Јас не се насмевнувам, но, по мое, вие навистина малку не сте во право, – не сакајќи одговори кнезот.

– Та директно кажете дека не сум во право, не измолкнувајте се: што е тоа „малку"!

– Ако веќе сакате, тогаш воопшто не сте во право.

– Ако сакам! Смешно! Та зар навистина мислите дека јас и самиот не знам дека вака е незгодно да се постапува, дека парите се негови, негова, волја, а дека од моја страна испаѓа насилство. Но вие, кнезу . . . не го познавате животот. Ако не ги учиш, не ќе има никаква полза. Нив, треба да ги учиме. Зашто совеста мене ми е чиста; според совеста јас не ќе го оштетам, со камата ќе му вратам. Тој, исто така, доби и морално задоволување: тој го виде моето понижување. Што сака повеќе? Зошто му е да живее ако не донесува никаква полза? Смилувајте се, та што прави тој самиот? Прашајте го што им прави тој на другите и како ги измачува луѓето? На кој начин тој ја стекнал куќава? Та јас главата ќе си ја дадам да ми ја отсечат, ако тој веќе не ве измамил вас и ако веќе не обмислил како и натаму да ве мами! Вие се насмевнувате, не ми верувате?

– Ми се чини дека ова не се однесува многу на вашата работа, – забележа кнезот.

– Јас ете веќе трет ден лежам тука и што сè имам

видено – викна младичот, не слушајќи го, – претставете си, дека тој, овој ангел, еве оваа девојка, сега сираче, мојата братучетка, својата ќерка, се сомнева секоја ноќ бара мануци кај неа! И ваму кај мене доаѓа на прсти, и под мојот диван исто ги бара. Се споулавил од сомневање; во секој кат гледа крадци. По цела ноќ срипува секој миг, ту прозорците ги гледа дали се добро затворени, ту вратите ги проба, ѕирка во печката, и така седум-осумпати во една ноќ. На суд ги брани измамниците, а самиот ноќе по трипати станува да се моли, еве тука, во салонот, на колeници, по половина час чука со челото и за кого сѐ не се моли, кого сѐ не спомнува, во пијана состојба? За бог да ја прости грофицата Дибари се молеше, со свои уши го чув; Коља исто го има чуено: сосема се споулавил!

– Гледате ли, слушате ли, кнезу, како ме резили! – вцрвенет и вистински разбеснет, вика Лебедев. – А не го знае тоа, дека можеби јас, пијаница и женскар, ограбувач и злосторник, единствено и вредам што овој лајач, уште како цицалче во пелени сум го завивал, и в корито сум го капел, и кај сиромашната сестра Анисја, што остана вдовица, јас исто таков голтар, цели ноќи сум седел, не сум спал, и обајцата нив болни сум ги гледал, сум крадел дрва долу кај чуварот на куќата, песни нему сум му пеел, сум му плескал со дланки со празен стомак, и сум го изгледал, а тој ене ми се смее сега на мене! Та што ти е гајле јас и навистина некогаш да сум го прекрстил челото за бог да ја прости грофицата Дибари? Јас, кнезу, пред три дни за првпат во животот во лексиконот го прочитав описот на нејзиниот живот. И знаеш ли ти, што била таа, Дибари? Кажи ми, знаеш или не?

– Ех, ти си единствениот што знаеш! – подбивно, но сосила промрмори момчакот.

– Тоа ти била една таква грофица, која, доаѓајќи од срамен живот, владеела место кралица и на која една голема царица, во свое писмо напишано со сопствена рака ѝ напишала „ma cousine“. Кардиналот, папскиот нунциј, на leve-di-rua (знаеш ли што било тоа leve-di-rua*, свилените чорапчиња на нејзините

* Церемонијалот на утринското облекување (француски).

голи ножиња самиот замолил да ги навре, и за чест уште го сметал тоа, – ете каква висока и светла личност била таа! Го знаеш ли ти тоа? По лицето ти гледам дека не знаеш! И како умрела таа? Одговори ми ако знаеш!

– Оди си по ѓаволите! Што ми се лепиш.

– Умрела таа така, што по таква чест, една таква прегрешна властелинка, невина ја одвлекол на гилотина џелатот Самсон, за да ги развесели париските улични продавачки, а таа и не сфаќала што се случува со неа од страв. Гледала дека тој ѝ го свива вратот под ножот и со клоци ја турка, – а оние пак се смеат ли се смеат, – и почнала да вика: „Encore un moment, monsieur le bourreau, encore un moment!“ Што значи: „Уште миг почекајте, господине џелату, уште еден миг!“ И ете можеби, токму за тој миг господ ќе ѝ се смилува, зашто понатаму од овој мизер на човечката душа, невозможно е да се замисли. Знаеш ли ти што значи зборот мизер? Еве, тоа и е вистинскиот мизер. Штом прочитав за тој крик на грофицата, за еден миг, ми се стегна срцето како со маша. И што ти пречи тоа, црву еден, што легнувајќи да спијам навечер, ми текнало да ја спомнам во мојата молитва и нејзе, големата грешница? И, можеби, затоа и сум ја спомнал, што за неа, откако е веков, сигурно никој челото не си го прекрстил, и не помислил никогаш на тоа. Можеби ќе ѝ стане пријатно на оној свет да почувствува дека имало и таков грешник, како нејзе, кој макар еднаш се помолил за неа на земјата. И зошто се смееш сега? Не веруваш, ти си атеист. А од каде знаеш? И пак си излагал, ако веќе си прислушнувал: јас не се молев просто само за грофицата Дибари; јас вака изреков: „Бог да ја прости, господи, големата грешница грофицата Дибари и сите што ѝ се слични“, а ова веќе е нешто сосема друго; зашто многу има такви грешници и примери на промената на фортуната, кои многу претрпеле, и кои сега таму се тласкаат, и стенкаат, и чекаат; та јас и за тебе, и за таквите, слични на тебе, дрски навредувачи, тогаш, исто така, се молев, ако веќе си ме прислушкувал како се молам ...

– Е доста, доста е, моли се за кого сакаш, ѓавол да те земе, како си се развикал! – јадосано го прекина внукот. Тој ни е многу начитан, сте го знаеле ли тоа, кнезу? – додаде тој со некаква несмасна насмевка, – сега сè чита некакви си онакви книги и мемоари.

Вашиот чичко сепак ... не е човек без срце, – преку сила забележа кнезот. Овој младич нему му стануваше мошне одвратен.

– Ох, вие премногу го фалите! Гледате ли како тој веќе и раката на срце, и устата си ја искриви, веднаш се разнежи. Може и не е без срце, но е арамија, тоа не му чини; а одозгора уште е и пијан, затоа е и олабавен, како и секој човек што е пијан веќе неколку години, затоа и чкрипи сè на него. Децата пак тој ги сака, да претпоставиме дека ја почитуваше и покојната тетка ... Дури и мене ме сака, и, жими бога, во тестаментот ми остави еден дел ...

– Н-ништо не ќе ти оставам! – налутено викна Лебедев.

– Слушајте Лебедев, – одлучно рече кнезот, не гледајќи го повеќе момчакот, – јас од искуство знам дека вие сте деловен човек, кога сакате да бидете ... Јас сега имам многу малку време и ако вие ... Проштавајте, како ви беше името и татковото име? Јас заборавив.

– Ти-Ти-Тимотиј.

– И?

– Лукијанович.

Сите кои беа во собата пак се изнасмеаја.

– Излага! – викна внукот, – и во тоа излага! Него, кнезу, воопшто не го викаат Тимотеј Лукијанович, туку Лукијан Тимотеевич! И кажи ми, зошто излага? Зар не ти е седно дали си Лукијан или Тимотеј, што му е гајле на кнезот за тоа? Верувајте ми, лаже само по навика!

– Зар е вистина? – нестрпливо праша кнезот.

– Навистина сум Лукијан Тимотеич, – се сложи и се збуни Лебедев, покорно соборувајќи ги очите и ставајќи ја пак раката на срце.

– Та зошто го правите тоа, ох, господи!

– Од понизност, – прошепоти Лебедев, наведнувајќи ја сè попокорно својата глава.

– Каква ви е тоа понизност! Само кога би знаел каде сега да го најдам Коља! – и веќе се сврте да излезе.

– Јас ќе ви кажам каде е Коља, – се јави пак момчакот.

– Не-не-не! – се сепна и се вознемири Лебедев.

– Коља тука преноќи, но изутринава појде да си го бара генералот, кој вие кнезу, којзнае зошто, го откупивте од „одделението". Генералот уште вчера вети да повели тука да преноќи, но не повела. Најверојатно ноќевал во гостилницата „Вага", тука близу. Коља веројатно е таму или во Шавловск, кај Епанчини. Тој имаше пари, уште вчера сакаше да замине. И така, значи, или е во „Вагата" или во Павловск.

– Во Павловск е; во Павловск! ... А ние ајдеваму, во градинкава и ... да се напиеме кафенце ...

И Лебедев го повлече кнезот за рака. Тие излегоа од собата, го минаа дворчето и минаа низ вратичката на градината. Тука навистина имаше многу мала и многу пријатна градинка, во која, поради убавото време, беа пролистале веќе сите дрвја. Лебедев го седна кнезот на зелена дрвена клупа вградена во земјата, крај зелена дрвена маса вградена во земја, и самиот се намести наспроти него. По една минута навистина стаса и кафето. Кнезот го прифати. Лебедев продолжуваше понизно и страсно да го гледа в очи.

– Јас и не знаев дека вие имате ваков домаќинлак, – рече кнезот со изглед на човек кој размислува за сосема нешто друго.

– Ку-кутрите, – веќе почна Лебедев искривувајќи се, но запре: кнезот расеано гледаше пред себеси и, се разбира, веќе го имаше заборавено своето прашање. Мина уште миг; Лебедев демнеше и чекаше.

– И што? – рече кнезот небаре се сепна, – ох, да! Вие Лебедев и самите знаете во што се состои нашата работа: јас стасав поради вашето писмо. Зборувајте.

Лебедев се збуни, сакаше нешто да каже, но само запелтечи: ништо не успеа да изговори. Кнезот почека и тажно се насмевна.

– Се чини, јас многу убаво ве разбирам. Лукијан Тимотејч: вие, веројатно, не сте ме чекале. Вие сте мислеле дека јас нема да тргнам од мојата затантеност веднаш по вашето прво соопштение и сте ми напишале заради чиста совест. А јас ете стигнав. И доста е сега, престанете да лажете. Доста е со служење на двајца господари. Рогожин е тука веќе три недели, јас сè знам. Успеавте ли да му ја продадете нему, како тогаш, или не? Кажете ми ја вистината.

– Тој изрод сам дознал, сам.

– Не оцрнувајте го; тој, се разбира, лошо постапи со вас . . .

– Ме претепа, ме претепа! – со страшен пламен се надоврза Лебедев, – и во Москва со куче ме гонеше, низ цела улица, со ловечко куче. Страшна кучка.

– Вие, Лебедев, зборувате со мене како со малечок. Кажете ми сериозно, го остави ли таа него сега, во Москва?

– Сериозно, сериозно, пак од пред самата црква. Тој веќе ги броеше минутите, а таа ваму во Петербург и право кај мене: „Спаси ме, зачувај ме, Лукијан, и не кажувај му на кнезот . . .“ Таа од вас, кнезу, се плаши уште повеќе одошто од него, во тоа е и целата премудрост!

И Лебедев итро го стави прстот на челото.

– А сега, вие направивте пак да се состанат?

– Најсветол кнезу, како можев . . . како можев јас да не дозволам?

– Доста е, самиот сè ќе дознам. Кажете ми само, каде е таа сега? Кај него ли е?

– О, не! Никако! Уште си е самостојна. Јас сум, вели, слободна, и знаете ли, кнезу, многу држи до тоа, јас сум, вели, уште сосема слободна! Сè уште е на Петербуршката, живее во куќата на една моја роднина, како што ви имав пишано.

– И сега ли е таму?

– Таму е, ако не е во Павловск, убаво е времето, во летниковецот кај Дарја Алексеевна. Јас сум, вели, сосема слободна; уште вчера многу му се фалеше со својата слобода на Николај Ардалионович. Тоа е лош знак!

И Лебедев се исклешти.

– Коља е често кај неа?

– Лекомислен, е неразбран и не е за доверба.

– Вие кога бевте таму?

– Секој ден сум, секој ден.

– Значи и вчера?

– Н-не; пред три дни.

– Колку ми е жал, што сте малку пијан, Лебедев! Инаку ќе ве прашав.

– Не, не, никако, ни капка немам испиено!

Лебедев сиот се наежави.

– Кажете ми во каква состојба сте ја оставиле?

– Сѐ како да бара нешто . . .

– Да бара нешто?

– Сѐ небаре бара нешто, небаре изгубила нешто. За бракот пак, што ѝ претстои, дури и мислата ѝ е одвратна и го прима како навреда. На него пак мисли како на корка од лимон, не повеќе, то ест, и повеќе, со страв и ужас, забранува дури и да се зборува за него, а се наоѓаат само кога е неопходно . . . и тој тоа премногу добро го чувствува! А неминовно е! . . . Неспокојна е, подбивна, двосмислена, избувлива . . .

– Двосмислена и избувлива?

– Избувлива е; зашто за малу ќе ми ги искубеше косите минатиот пат поради еден разговор. Со Апокалипсисот морав да ја смирам.

– Како тоа? – го препраша кнезот мислејќи дека не чул добро.

– Со читање од Апоколипсисот. Дамата си е со неспокојна фантазија, хе-хе! И одозгора, дојдов до заклучок дека кон сериозни теми, та макар биле и оддалечени од предметот, премногу е наклонета. Ги сака, ги сака, и дури ги прима како некоја особина почит кон себеси. Така е. Јас пак сум силен во толкувањето на Апокалипсисот и го толкувам веќе петнаесет години. Се сложи со мене дека сме ние сега кај третиот коњ, вранец, и кај јавачот кој носи кантар во раката своја, зашто денес сѐ е врз кантар и договор, и сите луѓе само си го бараат своето право: „една мера пченица за динар и три мери јачмен за динар“ . . . и

притоа уште сакаат духот да го сочуваат слободен и срцето чисто, а телото здраво и сите дарби божји. Но не ќе го сочуваат тоа само со правото, и по ова ќе дојде бледиот коњ, и оној чие име е Смрт, а по него веќе пеколот ... Ова и го расправаме, кога се наоѓаме и силно ѝ дејствува.

– Вие самите верувате на тој начин? – праша кнезот откако со чуден поглед го погледа Лебедев.

– Верувам и толкувам. Зашто сум беден и гол и атом во вителот на луѓето. И кој ќе го почитува Лебедев? Секој само бие шега со него и секој само што не го клоца. Тука пак, во ова толкување, јас сум рамен на големец. Зошто тука е умот важен! И еден големец се растрепери пред мене ... во својата фотелја, сфаќајќи со умот. Неговото високопревосходство. Нил Алексеевич, преклани, пред Велигден, начул за мене, – уште кога бев на работа во неговиот департман, – и специјално ме побара од собата на дежурни, во својот кабинет преку Петар Захарич и насамо ме праша: „Вистина ли е тоа дека си ти професор на антихристот?" Јас не криев: „Аз есм", му велам, и му изложив и му претставив, и не го намалив стравот, но уште и, развивајќи го во мислите алегорискиот свиок, го засилив и бројките му ги наведов. Тој се насмевнуваше, но на бројките и ликовите почна да трепери и замоли да ја затворам книгата, и да си заминам, и ми определи награда за празникот, а на Томината недела ја испушти душата.

– Што зборувате, Лебедев?

– Чиста вистина. Падна од кочија поручекта ... со слепоочницата во столбот, и како детенце, како детенце, истиот миг ја испуштил душата. Седумдесет и три години, според службениот лист, имаше; румен, со бели коси, сиот испрскан со парфеми, и сè се насмевнуваше, се насмевнуваше, како детенце. Се сети тогаш Петар Захарич: „Ти тоа го навести", ми вели.

Кнезот се приготви да стане. Лебедев се почуди, дури беше во недоумица поради тоа што кнезот веќе станува.

– Сте станале многу рамнодушен, хе-хе! – се осмели понизно да забележи.

– Јас, всушност, не се чувствувам сосема здрав, главата ми тежи, не знам дали од патувањето, – му одговори кнезот намуртувајќи се.

– Би морале да одите во летниковец – бојазливо го наведе Лебедев.

Кнезот стоеше замислен.

– Јас и самиот, по едно три дни, ќе преминам во летниковец со сета челад и новороденчето да го сочувам и куќичката за тоа време малку да ја поправам. И јас се готвам во Павловск.

– И вие во Павловск, исто така? – праша наеднаш кнезот. – Та што е тоа, тука сите одат во Павловск? И вие велите, дека имате таму свој летниковец?

– Не одат сите во Павловск. А мене Иван Петрович Птицин ми отстапи еден од летниковците, кои тој ефтино ги доби. И убаво е, и возвишено, и зелено, и ефтино, и бонтоно, и музикално, и ете затоа сите одат во Павловск. Јас впрочем, ќе се сместам во споредната зградичка, а самиот летниковец . . .

– Сте го издале?

– Н-н-не. Уште не . . . сосема.

Се чини, Лебедев токму на тоа и го наведуваше. Нему таа мисла му дојде пред две-три минути. А меѓутоа, нему повеќе не му требаше станар; тој веќе имаше таков кој лично му беше соопштил дека можеби ќе го изнајми летниковецот. Лебедев пак сигурно знаеше дека не „можеби“, туку сигурно ќе го изнајми. Но сега наеднаш му се појави една, по негова сметка, многу плодотворна мисла, да му го издаде летниковецот на кнезот, користејќи го тоа што прешниот станар се изрази неопределено. „Цело судирање и цел еден нов пресврт на работите“ се појави наеднаш во неговите мисли. Понудата на кнезот тој ја прифати небаре со восхит, така што на неговото прашање за цената тој дури почна да мавта со рацете.

– Како што сакате; јас ќе уредам; нема да биде на ваша штета.

И обајцата веќе излегуваа од градината.

– Јас . . . јас . . . ако би сакале, јас би можел, високопочитуван кнезу, да ви соопштам нешто интере-

сно, кое се однесува на истата работа, – промрмори Лебедев, виејќи се од радост околу кнезот.

Кнезот подзапра.

– Дарја Алексеевна има летниковец во Павловск.

– И?

– А извесното лице ѝ е пријателка и, изгледа, има намера често да ја посетува во Павловск. Со своја цел.

– Каква?

– Аглаја Ивановна . . .

– Ох, доста е, Лебедев! – го прекина кнезот со некакво непријатно чувство, небаре допрел до некое болно место. – Сето тоа . . . не е така. Кажете ми подобро, кога се селите? Мене ми е што поскоро, толку подобро, зашто јас сум во гостилница.

Во разговор тие излегоа од градината и, не влегувајќи в куќи, го преминаа дворчето и се приближија до портата.

– Та најдобро е, – се реши најодзади Лебедев, – преселете се право кај мене од гостилницата, уште денес, а задутре сите заедно ќе преминеме во Павловск.

– Ќе видам, – рече кнезот замислен и излезе низ портата.

Лебедев погледа по него. Него го вчудовиде ненадејната расеаност на кнезот. На излегување, тој дури заборави да каже „до видување", не кимна дури ни со главата, што не можеше да се доведе во врска со учтивоста и вниманието на кнезот, што му беше позната на Лебедев.

III

Беше веќе околу дванаесет часот. Кнезот знаеше дека кај Епанчини, во градот, ќе може сега да го најде само генералот, поради службата, а и тоа не сигурно. Му падна на ум дека генералот би можел уште и да го земе со себеси и веднаш да го однесе во Павловск, а тој сакаше пред да замине да направи уште една посета. Ризикрајќи да задоцни во Павловск до утре, кне-

зот реши да појде да ја пронајде куќата која сакаше да ја посети.

Таа посета, впрочем, за него беше, во извесна смисла, рискантна. Тој не знаеше што да прави и се колебаше. Тој знаеше дека куќата се наоѓа во Горохова улица, близу до Садоваја, и реши да оди таму, надевајќи се дека додека стигне дотаму ќе успее најодзади да донесе конечна одлука.

Наближувајќи до крстосницата на Садоваја и Горохова, тој самиот се почуди на својата необична вознемиреност; тој и не чекаше дека со таква болка ќе му бие срцето. Една куќа, веројатно поради својот особен изглед, уште оддалеку почна да му го привлекува вниманието, и кнезот се сеќаваше подоцна дека си рекол на себеси. „Тоа сигурно е таа куќа“. Со необична љубопитност тој ѝ се приближуваше да го провери своето нагаѓање; тој чувствуваше дека поради нешто ќе му биде особено непријатно, ако не погодил. Таа куќа беше голема и мрачна, на три ката, без каква и да е архитектура, со нечисто-зелена боја. Извесни, впрочем, многу ретки куќи од тој вид, изградени кон крајот на минатиот век, останаа токму во овие улици на Петербург (во кој сè така брзо се менува) речиси неизменети. Градени се тие цврсто, со дебели ѕидови и со необично ретки прозорци; на долниот кат прозорците напати се со решетки. Најчесто долу има заложен дуќан. Лихварот што седи во дуќанчето, изнајмува стан горе. И однадвор и однатре е некако негостољубиво, суво, небаре сè е прикриено, сè демне, а зошто така се чини само од изгледот на куќата – тешко би можело да се објасни. Архитектурните контури на линиите, се разбира, имаат своја тајна. Во тие куќи живеат речиси исклучиво трговци. Кога ѝ пријде на влезната врата и го погледна натписот, кнезот прочита: „Куќа на наследен почесен граѓанин Рогожин“.

Тој престана да се премислува, ја отвори стаклената врата, која со бучава се затвори по него, и почна да се качува по официјалните скали на вториот кат. Скалите беа мрачни грубо направени, а ѕидовите им беа обоени во црвена боја. Тој знаеше дека Рогожин

со мајка си и брата си го заземаат целиот втор кат на оваа тегобна куќа. Човекот што му отвори на кнезот го поведе без најавување и го водеше долго; минаа и низ еден салон за гости, на кој ѕидовите, му беа обоени како мермер, со паркет од даб и со мебел од дваесеттите години, груб и тежок, минуваа и низ некои мали одајчиња, правејќи нагли свиоци и одејќи во цик-цак, кревајќи се на две, на три скали, и за исто толку спуштајќи се долу, и, најпосле чукнаа на една врата. Вратата ја отвори Парфјон Семјонич лично; кога го виде кнезот, тој толку пребледе и се вцаши, што извесно време личеше на кип од камен, со своите неподвижни и исплашени очи и уста искривена во некаква мошне неопределена насмевка, – небаре во посетата на кнезот тој наоѓал нешто невозможно и речиси чудесно. Кнезот, иако очекуваше вакво нешто, сепак се почуди.

– Парфјон, можеби сум дошол кога не треба, тогаш ќе си заминам, – проговори тој најпосле, збунет.

– Кога треба! Кога треба! – се сепна најодзади Парфјон. – Повели, влези!

Тие си говореа еден на друг т и. Во Москва им се случуваше да се наоѓаат често и за долго, имаше дури извесни мигови во нивните средби, кои оставија премногу цврст печат во срцата еден на друг. Сега пак имаше повеќе од три месеци како не се виделе.

Бледилото и некое ситно, минливо треперење сè уште не го напушташе лицето на Рогожин. Макар што го покани гостинот да влезе, сепак неговата необична збунетост сè уште траеше. Додека го водеше кнезот до фотељата и го поканува да седне крај масата овој случајно се сврти кон него и запре од впечатокот на неговиот необично чуден и тежок поглед. Го потсеќаше на нешто недамнешно, тешко мрачно. Не седнувајќи, застанувајќи неподвижно, тој извесно време го гледаше Рогожин право в очи; тие небаре уште повеќе светнаа во првиот миг. Најпосле, Рогожин се насмевна, но малку збунето и небаре изгубено.

– Што ме гледаш вака упорно? – промрмори тој, – седни!

Кнезот седна.

– Парфјон, – рече тој, – кажи ми право, знаеше ли дека денес ќе стигнам во Петербург, или не?

– Јас така и мислев дека и ти ќе дојдеш, и, како што гледаш, не сум погрешил, – додаде тој насмевнувајќи се зајадливо, – но од каде би можел да знам дека ти денес ќе дојдеш?

Извесна остра избувливост и чудна раздразливост на прашањето, кое го содржеше одговорот, уште повеќе го вчудовиде кнезот.

– Та и да си знаел дека д е н е с, зошто се лутиш толку? – тивко изговори кнезот збунето.

– А зошто прашуваш?

– Прерѓеска, излегувајќи од возот, јас видов две сосема исти очи, со кои ти сега ме гледаше одзади.

– Еве, што било! И чии очи биле тоа? – сомнително промрмори Рогожин. На кнезот му се стори дека тој затрепери.

– Не знам; во толпата, ми се чини, дека ми се присторило; сè нешто почнува да ми се присторува. Јас, братче, Парфјон, се чувствувам речиси онака, како што ми беше пред пет-шест години, уште кога ме фаќаа нападите.

– Можеби и ти се присторило; јас не знам ... – мрмореше Парфјон.

Милозливата насмевка на неговото лице не му прилегаше сега во овој миг, небаре во таа насмевка имаше нешто скршено и небаре Парфјон никако не можеше да го залепи, колку и да се обидувал.

– Тогаш, што, пак во странство, или што ќе правиш? – праша тој и наеднаш додаде: – А се сеќаваш ли како ние во возот, есента одевме од Псков, јас ваму, а ти ... во плаштот, се сеќаваш ли на камашните?

И Рогожин наеднаш се насмеа, овојпат со некоја отворена злорадост и небаре радосен што успеа макар на некој начин да ја изрази.

– Ти засекогаш ли си се сместил тука? – го праша кнезот разгледувајќи го кабинетот.

– Да дома. А каде на друго место?

– Одамна не сме се виделе. Такви работи имам слушнато за тебе, што не верувам дека си тоа ти.

– Малку ли што се зборува, – суво забележа Рóгожин.

– Но ти целата банда ја растера; самиот седиш во татковиот дом, не правиш лудории. Добро е тоа. Куќава твоја е или е заедничка?

– Куќава е на мајка ми. Кај неа се оди оттука, преку коридоров.

– А каде живее брат ти?

– Брат ми Семјон Семјонич е во зградата во дворот.

– Женет ли е?

– Вдовец е. Зошто те интересира тоа?

Кнезот погледна и не одговори; тој наеднаш се замисли, и, се чини, не го чу прашањето. Рогожин не настојуваше и чекаше. Извесно време молчеа.

– Јас твојава куќа сега, пријдувајќи ѝ, ја погодив на сто чекори, – рече кнезот.

– Како тоа?

– Воопшто не знам. Твојата куќа го има ликот на целото ваше семејство и на целиот ваш рогожински живот, а прашај ме според што дојдов до ваков заклучок, – со ништо не ќе можам да ти објаснам. Се разбира бладам. Дури и се плашам, што ме беспокои тоа толку. Порано не ќе ми ни паднеше на ум дека ти живееш во ваква куќа, а штом ја видов, веднаш помислив: „Тој треба да има токму ваква куќа!"

– Глеј!-неопределено се насмевна Рогожин, не сфаќајќи ја сосема нејасната мисла на кнезот. – Куќава уште дедо ја градеше, – забележа тој. – Во неа отсекогаш живееле верските секташи скопениците Хлудјакови, а сега тие ни се станари.

– Каков мрак. Седиш во мрак, – рече кнезот разгледувајќи го кабинетот.

Тоа беше голема соба, висока, темна, наместена со секаков мебел – во поголем дел со големи работни маси, биро, шкафови во кои се чуваа деловни книги и некакви документи. Црвен широк диван од сафијанска кожа очебијно му служеше на Рогожин како по-

стела. Кнезот, на масата покрај која го седна Рогожин, забележа две-три книги; едната од нив, „Историја“ на Соловјов, беше отворена и со ставен белег. По ѕидовите, во мрачни позлатени рамки висеа неколку слики во масло, темни и прекриени со чад, на кои беше многу тешко да се види нешто. Еден портрет во цела висина го привлече вниманието на кнезот: тој претставуваше човек на околу педесет години, во палто со германска кројка, но долго, со две медали на вратот, со многу ретко и кратко седо брадиче, со набрчкано и жолто лице и со сомнителен, затворен и тажен поглед.

– Да не е ова татко ти? – праша кнезот.

– Тоа е токму тој, – одговори Рогожин со непријатна насмевка, небаре се готвеше веднаш да направи некаква безобѕирна шега за сметка на својот покоен татко.

– Да не беше тој староверец?

– Не, одеше в црква, а вистина е дека зборуваше дека старата вера е поправилна. И скопените, исто така, многу ги почитуваше. Ова беше негов кабинет. Ти зошто прашаш дали е староверец?

– Свадбата тука ли ќе ја правиш?

– Т-тука, – одговори Рогожин и само што не затрепери од ненадејното прашање.

– Брзо ли ќе биде?

– Самиот знаеш, зар од мене зависи?

– Парфјон, јас не сум ти непријател и немам намера во ништо да ти се мешам. Јас ова ти го повторувам исто како што ти имам веќе изјавено порано, еднаш, во речиси иста ситуација, кога се приготвуваше твојата свадба во Москва, јас не ти пречев, ти знаеш. Првиот пат т а а самата појури кај мене, речиси од пред црква, молејќи да ја „спасам“ од тебе. Јас ти ги повторувам нејзините сопствени зборови. После и откај мене побегна, ти пак си ја пронашол и си ја одвел на венчавка, и ете, велат, таа пак побегнала од тебе ваму. Вистина ли е тоа? Мене Лебедев ми го даде тоа на знаење, јас затоа и допатував. А за тоа, дека вие пак сте се смириле, јас дури вчера, во возот за првпат дознав од еден од твоите поранешни прија-

тели, од Заљожев, ако сакаш да знаеш. Допатував пак јас тука со една намера: сакав, најодзади, да ја наговорам да појде во странство за да се опорави малку; таа многу е растроена и во телото и во душата, а во главата особено, и, според мене, ѝ треба голема нега. Јас лично не сакав да ја придружувам во странство, сето тоа сакав да го средам без мое учество. Ти ја кажувам чистата вистина. Ако е чиста вистина дека вие сте се смириле, јас нема ни пред очи да ѝ се појавам, а и кај тебе повеќе нема никогаш да дојдам. Ти и самиот знаеш дека јас не те лажам зашто секогаш бев искрен со тебе. Своите мисли за таа работа јас не ги криев од тебе и секогаш зборував дека со тебе нејзе ѝ претстои неминовна пропаст. И теба исто така ти претстои пропаст. . . можеби, уште полоша од нејзината. Кога вие пак би се разделиле, јас би бил многу задоволен; но јас лично немам намера да ве скарувам и разделувам. Смири се и не сомневај се во мене. Та ти и самиот знаеш дали јас некогаш сум бил твој вистински ривал, дури и тогаш, кога таа побегна кај мене. Ти ете сега се насмеа; јас знам на што си се насмеал. Да, ние живеевме таму одделно и во различни градови, и ти сето тоа го знаеш сигурно. Та јас тебе и порано ти објаснував дека јас не ја „љубам со љубов, туку со сожалување". Мислам дека јас тоа правилно го објаснувам. Ти тогаш велеше дека си ги разбрал овие мои зборови; вистина ли е тоа, си ги разбрал ли? Ете со каква омраза гледаш! Јас дојдов да те успокојам, зашто и ти си ми драг. Јас многу те сакам, тебе, Парфјон. А сега ќе си одам и повеќе никогаш нема да дојдам. Збогум.

Кнезот стана.

– Поседи со мене, – тивко рече Парфјон, не станувајќи од своето место и со глава наслонета на десната дланка, – одамна не сум те видел

Кнезот седна. И обајцата пак замолчија.

– Јас, штом не те гледам пред себе, веднаш чувствувам омраза кон тебе, Лаве Николаевич. Сиве овие три месеци, кои не те имам видено, секој миг ти се лутев, жими бога. Просто би зел и би те отрул со нешто! Ете како. Сега, ти не седиш со мене ни пет-

наесет минути, а веќе сета моја омраза минува, и ти си одново како и порано драг. Поседи со мене . . .

– Кога сум со тебе, ти ми веруваш, а кога не сум тука, ти веднаш престануваш да веруваш и пак се сомневаш. Ти си на татка си! – пријателски насмевнувајќи му се и трудејќи се да го прикрие своето чувство, му одговори кнезот.

– Јас на твојот глас му верувам, кога седам крај тебе. Та јас разбирам дека ние не можеме да се споредуваме, јас и ти . . .

– Зошто си го додал ова? И ете пак си се раздразнил, – рече кнезот чудејќи му се на Рогожин.

– Така тука, братче, не нè прашуваат за нашето мислење, – одговори овој, – тука е веќе и без нас решено. Ние, ете, и љубиме на различен начин, во сè постои разлика, – продолжи тој тивко, откако малку помолча. – Ти ете велиш дека ја сакаш со сожалување. Јас во себе немам никакво такво сожалување кон неа. А таа ме мрази повеќе од сè. Сега секоја ноќ ја гледам на сон; сè како со други ми се потсмева мене. Тоа и е така, братче. Со мене се готви да се венча, а заборави и да мисли на мене, небаре чевел ќе смени. Ми веруваш ли, пет денови ја немам видено, зашто не смеам да појдам кај неа; ќе ме праша „Зошто си повелал?“ Малку ли ме има изрезилено . . .

– Како изрезилено? Што ти е тебе!

– Небаре не знае! Та ете токму со тебе побегна од мене „од пред црква“, самиот сега го зборуваше тоа.

– Но ти и самиот не веруваш дека . . .

– Зар не ме резилеше таа со офицерот Земтјужников во Москва? Сигурно знам дека ме резилеше и тоа веќе откако самата го определи рокот на венчавката.

– Невозможно е! – викна кнезот.

– Сигурно знам, – убедено потврди Рогожин. – Што, зар не е таква, а? За тоа, братче, не може ни да се говори, дека не е таква. Тоа ти е само глупост. Со тебе таа не ќе биде таква, и самата, одозгора ќе се ужаси од таква работа, а со мене токму е таква. Тоа ти е така. Ме гледа мене како последен партал. Со Келер, ене со оној офицер, што се боксуваше, сигурно

знам дека имаше нешто, само мене да ми се потсмевне ... Та ти уште и не знаеш што ми правеше таа во Москва! А пари, колку пари јас потрошив ...

– И ... како сега ќе се ожениш! ... Што ќе правиш после? – вџашено праша кнезот.

Рогожин тешко и страшно го погледна кнезот и ништо не му одговори.

– Веќе пет денови како не сум бил кај неа, – продолжи тој откако замолчи за миг. – Само се плашам дека ќе ме истера. „Јас сум, вели, сè уште господарка сама на себеси; ако посакам, сосема ќе те изгонам, а самата ќе си заминам во странство" (тоа таа ми зборуваше дека ќе појде во странство, – забележа тој меѓу другото и погледнувајќи го кнезот некако особено в очи); напати, навистина, само ме застрашува, сè нешто сум ѝ смешен. А напати вистински ќе се намурти, ќе се стемни и збор нема да проговори, јас токму од тоа и се плашам. Еднаш си помислив: не ќе доаѓам со празни раце, – и така ја натерав само да се смее, а после дури и се разлути. На собарката Катја ѝ подари еден таков мој шал што, макар и да живеела порано во раскош, сепак можеби таков не видела. А за тоа кога ќе биде венчавката, не смеам ни да спомнам. Каков младоженец сум, кога не смеам ни да се појавам? Ете така седам, а кога веќе не можам да издржам, тогаш кришум и криејќи се шетам по улицата крај нејзината куќа или пак се кријам зад некој агол. Еднаш речиси до зори дежурав крај нејзиниот влез, – ми се пристори тогаш нешто. А таа пак ме видела низ прозорчето: „Што ќе ми стореше, вели, да ме видеше дека те изневерувам?" Јас не издржав и ѝ велам: „Самата си знаеш".

– Што знае?

– А што знам пак јас! – зајадливо се насмеа Рогожин. – Тогаш во Москва со никого не можев да ја уловам, макар што долго ја демнев. Јас тогаш еднаш ѝ велам: „Ти вети дека ќе се венчаш со мене, ќе влезеш во чесно семејство, а знаеш ли која си ти сега? Ти си, и велам, ете која!"

– Така ѝ рече?

– И реков.

– И?

– „Сега, вели, можеби не ќе посакам да те земам ни лакеј да ми бидеш, а не твоја жена да станам“. – „А јас пак, ѝ велам, тогаш нема да излезам оттука, седно ми е!“ – „А јас, вели, сега ќе го викнам Келер, ќе му речам и тој тебе ќе те исфрли како партал“. Јас се нафрлив на неа и ја истепав до модрици.

– Невозможно! – викна кнезот.

– Ти велам: така беше, – тивко, но со светнати очи, потврди Рогожин. – Точно две ноќи и еден ден не спиев, не јадев, не пиев, не излегував од нејзината соба, паѓав пред неа на колениции: „Ќе умрам, ѝ велам, не ќе излезам додека не ми простиш, а ако наредиш да ме изведат – ќе се удавам в река; зашто – како ќе бидам јас сега без тебе?“ Таа беше небаре луда целиот тој ден, ту плачеше, ту сакаше да ме убие со нож, ту ме навредуваше. Заљожев, Келер и Земтјужников, и сите ги собра, ме покажува ним, ме резили. „Да појдеме, господа, сите заедно денес во театар, тој нека си седи тука, кога не сака да излезе, јас не сум врзана за него. А вас тука, Парфјон Семјонич, ќе ве послужат со чај, вие мора да сте огладнеле денес“. Од театар се врати сама: „Тие се вели страшливци и подлеци, се плашат од тебе, а и мене ме плашат: ми велат, тој така нема да си замине, може да те заколе. А јас пак ќе си влезам во спалната, вратата нема да ја заклучам; ете како се плашам јас од тебе! Да го знаеш тоа и да го видиш! Пиеше ли чај?“ – „Не, ѝ велам, и нема да пијам“. – „Јас ти понудив, а инаку тоа тебе воопшто не ти личи“. И како што рече, така и направи – собата не си ја заклучи: Изутрината излезе – се смее: „Ти улав ли си? – вели. – Та така од глад ќе умреш?“ – „Прости“, – ѝ велам. – „Не сакам да ти простам, нема да се омажам за тебе и готово. Зар навистина цела ноќ на фотелјава си седел, не си спал?“ – „Не,“ – ѝ велим, – „не сум спал“. – „Што си умен! И пак нема да пиеш чај и нема да ручаш?“ – „Ти реков нема, прости ми!“ – „Колку не ти личи тоа, да знаеш, ми вели, како на крава седло. Да не мислиш да ме исплашиш со тоа? Што ми е гајле мене дека ти седиш гладен; ама си ме исплашил!“ Се налу-

ти, но за кратко, почна пак да ме боцка. И ѝ се почудив тогаш нејзе зошто воопшто нема лутина во себе? А таа го памети злото, долго им го памети злото на другите! Тогаш ете и ми падна на ум дека таа мене толку ниско ме става, што ни голема лутина не може да задржи против мене. И тоа е вистина. „Знаеш ли ти, ми вели, што е тоа римски папа?" – „Имам чуено", ѝ велам. – „Ти, вели, Парфјон Семјонич, ќе си учел ништо од општа историја". – „Јас ништо, ѝ велам, немам учено". – „Тогаш ќе ти дадам, вели, да прочиташ: имало еден таков папа, кој се налутил на еден император, и овој император три дни, без пиење, без јадење, бос, на коленици стоел пред неговиот дворец, додека тој не му простил: што мислиш, што си мислел во себеси императорот за тие три дни, стоејќи на коленици и во што се зарекувал? . . . Почекај, ми вели, самата ќе ти прочитам!" – Срипа, ја донесе книгата: „Тоа е во стихови", ми вели и почна во стихови да ми чита за тоа како тој император тие три дни се колнел да му се одмазди на папата. „Зар не ти се допаѓа ова, ми вели, Парфјон Семјонович?". – „Сево ова е точно, ѝ велам, што го прочита". – „А-а, самиот велиш дека е точно, значи, и ти можеби се зарекуваш дека: „ќе се омажи таа со мене, тогаш јас сево ова ќе ѝ го приспомнам, тогаш и ќе ѝ се одмаздам!" – „Не знам, и велам, можеби и размислувам вака". – „Како не знаеш?" – „Така, ѝ велам, не знам, не размислувам сега за тоа". – „А за што размислуваш сега?" – „А ете ти ќе станеш од местото, ќе минеш покрај мене, а јас гледам по тебе, те демнам: ќе зашумоли твојот фустан, а мене срцето престанува да ми чука, а ќе излезеш од собата, јас се присеќавам на секое твое зборче, и со каков глас, и што рече: а целава ноќ ништо не мислев, сè слушав како дишеше на сон и како помрдна два-трипати . . ." – „А ти, се насмеа таа, сигурно не размислуваш ни за тоа како ме истепа, и не се сеќаваш на тоа?" – „Можеби и мислам, ѝ велам, не знам". – „А ако не ти простам, и не се омажам со тебе?" – „Ти рекоа дека ќе се удавам". – „Уште, можеби, ќе ме убиеш, пред да го сториш тоа" . . . Рече и се замисли. После се налути и излезе. По еден сат

излегува пред мене многу невесела. „Јас, ми вели, ќе се омажам за тебе, Парфјон Семјонич и не затоа што се плашам од тебе, туку и онака ме чека пропаст. Каде можам да најдам подобар? Седи, ми вели, сега ќе бидеш послужен со ручек. А ако се омажам за тебе, додаде, верна жена ќе ти бидам, не сомневај се во тоа, не грижи се“ Потоа помолче и рече: „Ти сепак не си лакеј; порано мислев дека си ти вистински, како да речам, лакеј“. Тогаш и го определи денот на свадбата, а по една недела побегна од мене ваму кај Лебедев. Јас штотуку стигнав, таа ми вели: „Јас не се одрекувам сосема од тебе; само сакам да почекам уште колку ми е драго, зашто јас сум си сè уште господарка на себеси. Чекај и ти ако сакаш“. Ете како ни стојат сега работите ... Што мислиш за сево ова, Лаве Николаевич?

– Самиот што мислиш? – му го повтори прашањето кнезот, тажно гледајќи го Рогожин.

– Зар јас нешто мислам! – му се испушти на овој. Тој сакаше да додаде уште нешто, но остана да молчи совладан од безизлезна тага.

Кнезот стана и пак сакаше да замине.

– Јас сепак не ќе ти пречам, – тивко проговори тој речиси замислено, небаре ѝ одговараше на некоја своја внатрешна, скриена мисла.

– Знаеш што ќе ти речам јас! – наеднаш се одушеви Рогожин и очите почнаа да му светкаат, – не те разбирам, како тоа ти ми ја отстапуваш мене? Или веќе сосема не ја љубиш? Порано ти, сепак, беше тажен; јас го гледав тоа. Зошто тогаш ти прекутрупа дојури ваму сега? Од сожалување? (И лицето му се искриви до зла смеа). Хе-хе!

– Мислиш дека јас те лажам? – праша кнезот.

– Не, јас ти верувам, само ништо тука не разбирам. Најверојатно е тоа дека твоето сожалување е сигурно уште посилно од мојата љубов!

Некаква омраза која незапирно сакаше веднаш да се пројави се појави на неговото лице.

– Што да правиш, твојата љубов не се разликува од омраза, – се насмевна кнезот, – кога ќе мине таа,

можеби уште полошо ќе биде. Јас, братче Парфјон, ти го велам тоа . . .

– Дека ќе ја заколам, а?

Кнезот затрепери.

– Многу ќе ја мразиш неа поради сегашнава љубов, поради сиов јад, кој го поднесуваш сега. За мене е најчудно тоа како може таа пак да тргне со тебе? Кога дознав вчера одвај поверував и толку тешко ми стана. Зашто таа веќе двапати се одрекуваше од тебе и ти бегаше од пред црква, значи, насетува нешто! . . . Што ја привлекува сега кон тебе? Зар твоите пари? Тоа е глупост. А и парите, веројатно, многу си ги испотрошил. Зар е можно само за да најде маж? Така би можела таа да најде и некој друг. Подобро би било секој друг освен тебе, зашто ти и навистина можеш да ја заколеш, и таа сега можеби веќе многу добро го сфаќа тоа. Дали тоа што ја сакаш толку многу? Вистина, можеби е тоа . . . Имам чуено дека има такви кои бараат токму таква љубов . . . само . . .

Кнезот запре и се замисли.

– Што се насмевна пак гледајќи го портретот на татко ми? – праша Рогожин, кој премногу внимателно ја набљудуваше секоја промена, секоја брза сенка на лицето на кнезот.

– Зошто се насмевнав? Ми падна на ум дека да не ти се случеше тебе ова зло, да не ти се случеше оваа љубов, ти, веројатно, ќе станеше сосема сличен на својот татко, и тоа за многу кратко време. Ќе заседнеше молкум сам во ова куќа, со жена послушна и бессовесна, со редок и строг збор, не верувајќи му ни на еден човек, а и не чувствувајќи никаква потреба за тоа, и само натрупувајќи пари молкум и мрачно. И само напати ќе ги пофалеше старите црковни книги, или ќе се заинтересираше за крстењето со два, место со три прсти, а и тоа дури на старост . . .

– Подбивај ми се. И токму истово ова неодамна ми го зборуваше таа, кога, исто така, го разгледуваше овој портрет! Чудно е како вие сега во сѐ се сложувате . . .

– Зар таа била кај тебе? – заинтересирано праша кнезот.

– Беше. Долго го гледаше портретот, се распраша за покојникот. „Ти токму ваков ќе беше, – ми се насмевна таа на крајот, – ти, вели, Парфјон Семјонович, имаш силни страсти, такви страсти, што со нив ти директно во Сибир, во заробеништво би летнал, да немаше и ум исто така, зашто ти голем ум имаш", ми вели (токму така и ми рече, ми веруваш ли? За првпат чув од неа таков збор!). „Сета оваа сегашна будалштина ти бргу би ја оставил. А бидејќи си сосема необразован човек, би почнал да трупаш пари, и би заседнал, како татко ти, во кукава со своите скопци; можеби и самиот во нивна вера најодзади би преминал и толку ти би ги засакал своите пари, што не само два милиона, туку и десет би натрупал, и на своите вреќи со пари би умрел од глад, зашто кај тебе сè е страст, сè ти доведуваш до страст". Еве токму вака говореше, речиси со истите зборови. Никогаш пред тоа таа не говореше со мене така! Зашто таа разговара со мене само за глупости или ми се подбива: а и тогаш почна со смеа, а потоа стана толку мрачна; одеше, ја разгледуваше целава куќа и небаре се плашеше од нешто. „Јас сево ова ќе го изменам, ѝ велам, ќе го дотерам, а можам и друга куќа да купам за свадбата". – „Не, никако, вели, не смееш ништо да менуваш тука, така и ќе си живееме. Јас, вели, сакам да живеам крај твојата мајчица, кога ќе станам твоја жена". Ја одведов јас кај мајчицата, – изрази кон неа почитување како вистинска ќерка. Мајчицата и порано, еве веќе има две години, небаре не си е сосема со умот (болна е), а по смртта на татко ми сосема како дете стана, не зборува: седи парализирана и само на сите, кого ќе ги види, им се поздравува; се чини, ако не ја нахраниме, таа и три дни нема да се јави. Јас ја зедов десната рака на мајчицата, ја наместив; „благословете ја, велам, мајчице, ќе појде пред олтарот со мене", и таа така искрено ѝ ја бакна раката на мајчицата, „сигурно, вели, многу јад мајка ти издржала". Ја виде кај мене еве оваа книга: „Што ти е ова, „Руската историја" ли почна да ја читаш?" (А таа мене и са-

мата еднаш во Москва ми велеше: „Малку да се издигнеш себеси, „Руската историја" на Соловјов макар би можел да ја прочиташ, зашто ти ништо не знаеш.) Добро ти е тоа, рече, продолжи, читај. Јас самата ќе ти напишам регистар, кои книги треба прво да ги прочиташ; сакаш?" И никогаш, никогаш порано таа не разговараше вака со мене, така што дури ме вчудовиде; за првпат воздивнав како жив човек.

– Тоа многу ме радува, Парфјон, – рече кнезот со искрено задоволство, – многу ме радува. Којзнае, можеби и ќе се смирите заедно.

– Никогаш не ќе се случи тоа! – пламено викна Рогожин.

– Слушај, Парфјон, штом толку ја сакаш, зар не ќе посакаш, да ја заслужиш нејзината почит? Јас ете преѓеска реков дека мене тоа ми претставува чудна загатка: зошто таа сака да се мажи со тебе? Но макар што јас не можам да ја разрешам, сепак тука неопходно мора да има некоја силна причина, оправдана. Таа е убедена во твојата љубов; но сигурно е убедена и во некои твои достоинства. Инаку е невозможно! Она што ми го кажа сега го потврдува тоа. Ти самиот велиш дека таа нашла начин да разговара со тебе на сосема подруг јазик, од оној со кој ти се обрнувала или ти говорела. Ти си сомнителен и љубоморен и си презголемил сè што забележа неубаво. Таа сигурно не мисли така лошо за тебе, како што велиш ти. Зашто инаку ќе значеше дека таа свесно оди во вода или под нож мажејќи се за тебе. Зар тоа е можно? Кој оди свесно во вода или под нож?

Со горчлива насмевка ги ислуша Парфјон врелите зборови на кнезот. Неговото убедување, се чини, веќе беше непоколебливо утврдено.

– Со каков тежок поглед ме гледаш сега мене, Парфјон! – со тешко чувство му се откина на кнезот.

– Во вода или под нож! – проговори тој најпосле. – Хе! Та затоа и се мажи за мене, зашто сигурно чека нож од мене! Зар навистина, кнезу, досега не ти текнало во што е тука целата работа?

– Не те разбирам тебе.

– Што да правам, можеби и навистина не разби-

раш, хе-хе! Та велат за тебе дека си ... онака! Друг таа љуби, ете што треба да разбереш! Токму онака како јас што ја љубам сега, токму така таа сега друг љуби. А знаеш ли ти кој е тој друг? Тоа си т и! Што, не си го знаел тоа?

– Јас?!

– Ти. Таа тебе уште оттогаш, од роденденот, те засака. Само таа мисли дека било невозможно да се омажи за тебе, зашто со тоа таа божем ќе те посрамела и целата твоја судбина ќе ти ја уништела. „Јас сум, вели, се знае каква". Таа досега тоа самата го потврдува. Сето тоа таа мене самата директно в лице ми го има кажано. Се плаши тебе да те упропасти и посрами, а за мене, значи, ако, може да се омажи, – ете за што ме смета мене, забележи го ти и ова!

– А како тогаш таа бегаше од тебе кај мене, а ... од мене ...

– А од тебе кај мене! Ха! Малку ли што ќе ѝ падне наеднаш на ум! Таа сега речиси е во треска. Ту мене ми вика: „Се мажам со тебе како да скокам во вода. Побрзај со свадбата!" Самата ме забрзува, го определува денот, а штом ќе почне да наближува времето – ќе се исплаши, или пак други мисли ќе ја обземат; господ да ја знае, та виде и ти: плаче, се смее, трепери во треска. Што има чудно во тоа што побегнала и од тебе? Таа тогаш и побегна од тебе, зашто и самата стана свесна колку те љуби тебе. Таа не можеше да издржи кај тебе. Ти ете пређеска рече дека си ја нашол тогаш во Москва; тоа не е вистина – самата дотрча кај мене откај тебе: „Определи го денот, вели, јас сум готова! Дај шампањско! Да појдеме кај циганките!" вика! ... А да ме немаше мене, таа веќе одамна ќе скокнеше во вода; вистина ти велам. Затоа и не скока, зашто јас сум, можеби, уште пострашен од водата. Од омраза и се мажи за мене ... Ако се омажи, тогаш вистина ти велам, дека од *омраза* ќе се омажи.

– Како можеш тогаш ... како можеш! ... викна кнезот и не доврши. Тој ужасено го гледаше Рогожин.

– Зошто не довршуваш, – додаде овој клештејќи се, – а сакаш ли да ти кажам што мислиш во себеси

ете во овој миг: „И како сега таа да се омажи за него? Како да ѝ се дозволи тоа?“ Јасно е дека мислиш . . .

– Јас, Парфјон, не доаѓав ваму заради тоа; ти велам, не го имав тоа на ум.

– Тоа е можно, дека не си дошол за тоа и дека не ти било тоа на ум, но сега тоа е сигурно за тоа, хе-хе! Сега, доста! Што си се сневеселил вака? Зар ти и навистина не си го знаел тоа? Ме чудиш ти мене!

– Сѐ е тоа љубомора, Парфјон, сѐ е тоа болест, сето тоа ти неизмерно си го преувеличал . . . – промрмори кнезот необично возбуден, – што ти е?

– Остави го, – проговори Парфјон и бргу му го грабна од рацете на кнезот ножето, кое овој го беше зел од масата, крај книгата, и го стави пак на пређешното место.

– Кога тргнував за Петербург јас небаре знаев, небаре насетував . . . – продолжи кнезот, – не ми се доаѓаше ваму! Сакав да заборавам сѐ што е тука, да го исфрлам од срцето! А сега, збогум . . . Та што ти е!

Зборувајќи кнезот од расеаност пак го зеде в раце истиот нож од масата и Рогожин пак му го истргна од рацете и го фрли на маса. Тоа беше доста просто изработен нож, со рачка од еленски рог, не на склопување, со сечиво од околу три и пол палци, со соодветна ширина.

Гледајќи дека кнезот обрнува особено внимание на тоа што веќе двапати му се истргнува ножот од рацете, Рогожин со лута јадосаност го зеде, го стави во книгата и ја фрли книгата на друга маса.

– Листовите ли ги расечуваше со него? – праша кнезот, но некако расеано, небаре сѐ уште под влијание на силна замисленост.

– Да, листовите . . .

– Та тоа е градинарски нож?

– Да, градинарски е. Зар со градинарски не може да се расечуваат листовите?

– Но тој е сосема нов.

– Што ако е нов? Зар јас сега не можам да си купам нов нож? – во некаква избезуменост извика најпосле Рогожин, кој стануваше со секој збор сѐ пораздразнет.

Кнезот затрепери и внимателно го погледна Рогожин.

– Ех, што сме ти ние! – се насмеа тој наеднаш доаѓајќи сосема на себеси. – Прости ми, братче, кога ми е главата вака тешка како сега, и таа болест... јас станувам сосема, сосема расеан и смешен. Јас воопшто не сакав тоа да те прашам... не се сеќавам сега. Збогум...

– Не вамy, – рече Рогожин.

– Заборавив!

– Ваму ваму, ајде јас ќе ти покажам.

IV

Тргнаа низ истите соби кои кнезот веќе еднаш ги мина; Рогожин одеше малку напред, кнезот по него. Влегоа во голем салон. Тука по ѕидовите имаше неколку слики, два портрети на архиереи и пејзажи, на кои не можеше ништо да се распознае. Над вратата за следната соба висеше една слика, доста чудна по својата форма, беше долга околу два и пол аршини и никако не повеќе од шест палци висока. Таа го претставуваше Христос штотуку симнат од крст. Кнезот набрзина погледна на неа, небаре се присеќаше на нешто, впрочем, не запирајќи сакаше да мине низ вратата. Тој се чувствуваше многу тешко и сакаше што побрзо да излезе од оваа куќа. Но Рогожин наеднаш запре пред сликата.

– Еве, сиве овие слики тука, – рече тој, – сите се купени за една-две рубли на аукции од мојот покоен татко, тој ги љубеше. Еден човек што се разбира ги прегледа сите тука; ништожност се, вели, а еве оваа – оваа слика, над вратата, исто така за две рубли купена, вели, не е ништожност. Уште додека ми беше жив тате, се најде еден кој даваше триста и педесет рубли, а Савелиев, Иван Димитрич, еден од трговците, голем љубител, искачи до четиристотини, а минатата недела, на брат ми Семјон Семјонич веќе и петстотини му понуди. Јас си ја оставив за себеси.

– Та тоа е... тоа е копија на Ханс Холбајн, –

рече кнезот, кога веќе стаса да ја разгледа сликата, – макар и да не сум голем познавач, сепак ми се чини дека е одлична копија. Јас ја имам видено таа слика во странство и не можам да ја заборавам. Но . . . што ти . . .

Рогожин наеднаш ја напушти сликата и по претешната насока тргна напред. Се разбира, расеаноста и специјалната чудно раздразнета состојба, која толку нечекано се појави кај Рогожин, би можела, можеби, да ја објасни таа импулсивност; но сепак, на кнезот му стана некако чудно што така наеднаш се прекина разговорот, кој не беше од него почнат, и што Рогожин не му ни одговори.

– Кажи ми, Лав Николаевич, одамна сакав да те прашам, веруваш ли ти во господ, или не? – проговори ненадејно Рогожин, откако мина неколку чекори.

– Колку чудно прашуваш и . . . чудно гледаш! – забележа кнезот без да сака.

– А таа слика сакам да ја гледам, – промрмори Рогожин, откако помолчи, небаре пак го заборави своето прашање.

– Оваа слика! – викна наеднаш кнезот под впечатокот на ненадејна мисла, – оваа слика! Од оваа слика некој може и верата да си ја загуби!

– И тоа се губи, – нечекано призна Рогожин.

Тие веќе стигнаа до самата излезна врата.

– Како? – запра наеднаш кнезот, – што ти е тебе! Јас речиси се нашегував, а ти така сериозно! Зошто ме праша дали верувам во господ?

– Ништо, онака. И порано сакав да те прашам. Зашто многумина денес не веруваат. А вистина ли е тоа (ти си живеел во странство), – мене еден во пијана состојба ми велеше дека кај нас, во Русија, има повеќе одошто во другите земји, такви што не веруваат во господа? „Нам ни е, вели, полесно во тоа, одошто ним, затоа што сме ние понапред од нив . . .

Рогожин зајадливо се насмеа; откако го изговори своето прашање, тој наеднаш ја отвори вратата и, држејќи се за рачката на клучалката, чекаше кнезот да излезе. Кнезот се почуди, но излезе. Овој излезе по него на одмориштето на скалите и ја затвори вратата

зад себеси. Обајцата стоеја еден спроти друг со таков изглед, што се чинеше и обајцата дека заборавиле каде стигнале и што требало сега да прават.

– А сега збогум, – му рече кнезот подавајќи му ја раката.

– Збогум, – проговори Рогожин, стегајќи му ја силно, но сосема автоматски, подадената рака.

Кнезот слегна една скала и се сврте.

– А што се однесува до верата, – почна тој насмевнувајќи се (веројатно не сакајќи да го остави така Рогожин) и покрај тоа живнувајќи под влијанието на едно ненадејно сеќавање, – што се однесува до верата јас минатата недела за два дена имав четири средби. Изутрината патував по една нова железничка линија околу четири часови со некојси Ш. во возот. Тој проговори и веднаш се запознавме. Јас уште порано сум слушал за него, а меѓу другото и тоа дека е атеист. Тој навистина е учен човек, и јас се израдував дека ќе разговарам со еден навистина учен човек. Одозгора, тој е ретко воспитан човек, така што со мене разговараше како со соема рамен на себеси по знаење и сфаќање. Во господа тој не верува. Само едно мене ме вчудовиди: што тој воопшто како да не зборуваше за тоа, целото време, и тоа и ме зачуди што и порано, колкупати се сретнав со такви што не веруваат и колку книги такви прочитав, сè ми се чинеше дека и тие зборуваат и во книгите пишуваат сè како не за тоа, макар што навидум се чини дека е за тоа. Јас ова тогаш и му го искажав, но мора да не било јасно, или не умеев да се изразам, зашто тој ништо не разбра . . . Вечерта јас запрев во една гостилница во мало место да преноќам, а во неа тукуштo се беше случило едно убиство, минатата ноќ, така што сите говореа за тоа кога јас стигнав. Двајца селани, во години и не биле пијани, кои се познавале еден со друг, пријатели, се напиле чај и сакале заедно, во едно одајче, да легнат да спијат. Но едниот видел кај другиот последните два дена часовник, сребрен со бисерен жолт синџир, кој, изгледа, не му го знаел порано. Овој човек не бил крадец, бил дури и чесен и според селски гледања воопшто не бил беден. Но нему толку му се допаднал

тој часовник и толку го соблазнил, што тој најпосле не издржал: зел нож и кога пријателот му се свртил со грбот, му се приближил внимателно одзади, нанишанил и ги кренал очите кон небо, се прекрстил и откако ја изговорил во себеси горчливата молитва: „Господи, прости ми, заради Христос!" го заклал пријателот со еден замав, како теле и му го извлекол часовникот.

Рогожин зајде од смеа. Тој така се кикотеше, небаре беше во некој напад. Дури беше чудно да се гледа таа смеа по толку мрачното неодамнешно настроение.

– Е, тоа го сакам! Не, тоа е одлично! – извикуваше тој конвулсивно, речиси задушувајќи се, – едниот сосема не верува во господа, а другиот толку верува, што и луѓето ги коле со молитва . . . Не, ова братче, кнезу, не ќе го измислиш! Ха-ха-ха! Не, тоа е одлично! . . .

– Изутрината излегов да се проскитам низ градот, – продолжи кнезот, штотуку Рогожин подзапре малку, макар што смеата сè уште грчевито, како во напад протреперуваше на неговите усни, – гледам, се ниша по дрвениот тротоар пијан војник со сосема измачен изглед. Ми приоѓа мене: „Купи го, господине, крстов, сребрен е, ти го давам само за дваесет копејќи; сребрен е!" Гледам во неговата рака крст, веројатно штотуку симнат од вратот, на сина, одамна носена пантделка, но само од чисто олово, веднаш се гледа, голем, со осум кракови, наполно византиски цртеж. Јас извадив дваесет копејќи и му ги дадов, а крстот веднаш си го ставив околу вратот, – и по лицето му се виде колку е задоволен што измамил еден глуп господин и, несомнено, веднаш се упатил да го испие својот крст. Јас, пак, братче, тогаш бев под силно влијание на сето она што така појури врз мене во старава Русија; порано јас ништо не разбирав во неа, растев како добиточе и ја паметев како нешто фантастично за овие пет години во странство. Ете си одам и си мислам: не, ќе почекам уште да го осудам овој продавач на крстот. Само господ знае што содржат во себеси тие пијани и слаби срца. По еден час, враќајќи се, во

гостилницата наидов на проста жена со дете-цицалче. Жената беше уште млада, а на детенцето му беше околу шест недели. И детенцето ѝ се насмевнало, како што забележала таа, првпат откако се родило. Гледам, таа така побожно, така побожно се прекрсти. „Што ти е, велам, снао?" (Јас тогаш за сѐ прашував). „А ете, вели, колку што се радува мајката кога ќе ја забележи првата насмевка на своето дете, исто толку се радува и господ секојпат кога ќе види од небо како грешник застанува за искрена молитва до господа". Тоа ми го кажа жената, речиси со исти зборови, и тоа една толку длабока, толку префинета и вистински религиозна мисла, таква мисла која ја изрази сета суштина на христијанството наеднаш, то ест, целото сфаќање на господа како наш роден татко и за радоста на господа од човекот, како на таткото од своето дете – најважната мисла на Христос! Проста жена! Навистина, таа беше мајка . . . и којзнае, таа селанка може да му беше жена на оној војник. Слушај Парфјон, ти преѓеска ме праша, еве го мојот одговор: суштината на религиозното чувство не се подведува под никакви расудувања, под никакви грешки и злосторства и под никакви атеизми; тука е секогаш нешто друго, и вечно ќе биде нешто друго; тука има нешто такво околу кое вечно ќе се слизнуваат атеизмите и вечно ќе зборуваат н е з а о н а. Но најважно е тоа што во руското срце најбрзо и најјасно тоа ќе го забележиш и тоа е мојот заклучок! Тоа е едно од моите најпрви убедувања кое го понесувам од нашава Русија. Има што да се прави, Парфјон! Има што да се прави во нашиов руски свет, верувај ми! Сети се како сме се наоѓале во Москва и како сме разговарале извесно време . . . И сега јас воопшто не сакав да се враќам вааму! И воопшто не мислев вака да се најдам со тебе! Ех, што да правиш! . . . Збогум, до видување! Господ нека е со тебе!

Тој се сврти и почна да слегува по скалите.

– Лав Николаевич! – му викна одозгора Парфјон, кога кнезот стигна до првото одмориште, – крстот, што си го купил од војникот, го имаш со себе?

– Да, го имам.

И кнезот пак запре.

– Покажи ми го де мене.

Пак нов каприц! Тој поразмисли, се качи горе и му го покажа крстот не симнувајќи го од вратот.

– Дај ми го мене, – рече Рогожин.

– Што ќе ти го? Зар ти . . .

Кнезот не сакаше да се одделува од тој крст.

– Ќе го носам, а мојов тебе ќе ти го дадам, ти носи го.

– Сакаш да се замениме со крстовите? Повели, Парфјон, штом е така, на драго срце; ќе се побратимиме!

Кнезот го симна својот крст од олово, Парфјон својот златен и ги заменија. Парфјон молчеше. Со тешко вчудовидување кнезот забележа дека преѓешната недоверба, преѓешната горчлива и речиси подбивна насмевка сè уште како да не го напушташе лицето на неговиот побратим, во крајна линија, за мигови многу беше јасна. Рогожин молчејќи, најпосле, ја зеде раката на кнезот и извесно време стоеше небаре не можеше да се одлучи на нешто; најодзади го повлече ненадејно со себе, проговорувајќи со одвај чуен глас: „Дојди". Тие минаа низ одмориштето на првиот кат и заѕвонија на вратата, која беше наспроти на онаа од која излегоа. Брзо им беше отворено. Стара жена, сета подгрбавена и облечена во црно, преврзана со шамија, молчејќи ниско му се поклони на Рогожин; овој набрзина нешто ја праша и, не чекајќи одговор, го поведе кнезот натаму низ собите. Пак минуваа низ темни соби, со некоја необична, студена чистота, студено и бездушно наместени со старински мебел во чисти бели навлаки. Не најавувајќи се, Рогожин директно го воведе кнезот во една мала соба, слична на гостинска преградена со политирана преграда од црвено дрво, со две врати од страните, зад која веројатно беше спалната. Во аголот на гостинската, крај печката, на фотељата седеше мала старица, навидум не многу стара, дури беше и со доста здраво пријатно и топкалесто лице, но со веќе сосема побелени коси и (од прв поглед можеше да се заклучи) наполно подетинета. Таа беше во црн штофен фустан, со голема

црна шамија на вратот, со бело чисто капче со црни панделки. Нозете ѝ беа потпрени на мало столче. Покрај неа имаше уште една чистичка старица, малку постара од неа, исто така, во црнина и, исто така, со бело капче, веројатно некоја сиромашка што живееше кај неа, и молчејќи таа плетеше чорап. Тие, изгледа, и обете молчеа. Првата старица, кога го виде Рогожин и кнезот, им се насмевна и неколкупати милозливо ја наведна главата искажувајќи задоволство.

– Мајчице, – рече Рогожин и ѝ ја бакна раката, – еве, ова е мој голем пријател, кнезот Лав Николаевич Мишкин; ние сме си ги замениле крстовите; тој извесно време во Москва ми беше како роден брат, многу работи има за мене направено. Благослови го, мајчице, како што би го благословила својот роден син. Чекај, старице, еве вака, дај јас ќе ти ја наместам раката . . .

Но старицата, пред да стигне Парфјон да ја допре, ја крена својата десна рака, ги склопи прстите за крстење и трипати побожно го прекрсти кнезот. Потоа уште еднаш милозливо и нежно му кимна со главата.

– Ајде, Лав Николаевич, – рече Парфјон, – јас само за тоа те доведов тука . . .

Кога пак излегоа на скалите, тој додаде:

– Ете, таа ништо не сфаќа од она што се зборува, и ништо не разбра од моите зборови, а тебе те благослови; значи самата посакала тоа да го направи . . . Сега, збогум, време ти е и тебе и мене.

И тој ја отвори својата врата.

– Та дај да те прегрнам барем за збогум, чуден човеку! – викна кнезот со нежен прекор гледајќи го и сакаше да го прегрне. Но Парфјон одвај што ги крена своите раце, веднаш ги спушти. Тој не можеше да се реши; тој се свртуваше на страна за да не го гледа кнезот. Тој не сакаше да го прегрне.

– Не плаши се! Јас макар и го зедов твојот крст, сепак нема да те заколам заради часовник! – нејасно промрмори тој, некако чудно и ненадејно насмевнувајќи се. Но наеднаш целото лице му се преобрази: тој ужасно пребледи, усните му затреперија, очите

светнаа. Тој ги крена рацете, силно го прегрна кнезот и задишувајќи се проговори:

– Земи си ја тогаш, ако вели судбината! Твоја нека биде! Ти ја отстапувам! . . . Запамети го Рогожин!

И оставајќи го кнезот, не гледајќи го, брзо влезе во станот и ја затвори вратата.

V

Беше веќе доцна, речиси два и пол, и кнезот не го најде дома Епанчини. Откако остави визит-картичка, тој реши да појде во гостилницата „Вага“ и таму да го побара Коља; ако пак таму не го најде – да му остави писменце. Во „Вага“ му беше речено дека Николај Ардалионович „излегол уште изутрината, но кога заминувал, предупредил дека ако некој го бара, да се каже дека т о ј, кон три часот, можеби, ќе повели да дојде. Ако пак не дојде до три и пол, – значи заминал со возот за Павловск, во летниковецот кај генералицата Епаничина, и таму веќе и ќе ручал“. Кнезот седна да го почека и си нарача ручек.

До три и пол, и дури до четири, Коља не се појави. Кнезот излезе и не размислувајќи тргна на среќа. Во почетокот на летото се случува во Петербург да има прекрасни денови – сончеви, врели, тивки. Како нарочно овој ден беше еден од таквите ретки денови. Извесно време кнезот луташе без определена цел. Градот не му беше многу познат. Тој напати запираше на крстосниците пред некои куќи, на плоштадите, на мостовите; еднаш влезе да се одмори во една слаткарница. Напати со голема љубопитност почнуваше да се загледува во минувачите, но најчесто не ги забележуваше ниту минувачите, ни каде точно оди. Тој беше во мачна напрегнатост и вознемиреност и истовремено чувствуваше необична потреба да се усами. Тој сакаше да биде сам и да ѝ се препушти на целата таа мачна напрегнатост сосема пасивно, не барајќи ни најмал излез. Тој со одвратност не сакаше да ги решава прашањата што се струпаа во неговата душа и срце. „Што да правам, зар сум јас виновен за сето

тоа“, – мрмореше тој во себеси речиси несвесен за своите зборови.

Околу шест часот тој се најде на перонот на железничката станица за Царско Село. Осаменоста наскоро му стана неподнослива; нова побуда врело му го опфати срцето и за миг силна светлина му го осветли мракот, во кој тагуваше неговата душа. Тој зеде билет за Павловск и со нетрпение иташе да замине; но, него нешто сигурно го следеше, и тоа беше вистинито, а не негово привидување, како што, можеби, тој беше наклонет да мисли. Речиси веќе качен во возот, тој наеднаш го фрли на под тукушто купениот билет и излезе назад од станицата, збунет и замислен. По извесно време, на улицата, тој наеднаш небаре се сети на нешто, небаре нешто ненадејно сфати, нешто многу необично, кое веќе долго време го вознемируваше. Тој наеднаш мораше свесно да се фати себеси во нешто што веќе одамна го правеше, но што тој не забележуваше сè до овој миг: еве веќе неколку часови, дури уште во „Вага“, се чини и до „Вага“, тој, малку-малку и наеднаш ќе почнеше да бара нешто околу себеси. И ќе заборавеше, дури и за подолго време, и наеднаш пак вознемирено ќе побараше наоколу.

Но, штотуку го забележа кај себеси ова болникаво и досега сосема несвесно движење, кое веќе така одамна завладеало со него, кога наеднаш му се појави и друго сеќавање, кое необично го заинтересира: тој се сети дека во мигот кога тој забележа дека постојано бара нешто околу себеси, тој стоел на тротоарот крај излогот на една продавница и со голема љубопитност ја разгледувал стоката изложена во излогот. Тој сега посака бездруго да провери: дали тој навистина стоел сега, можеби, сè на сè пред пет минути, пред излогот на таа продавница, да не му се привидело тоа, да не измешал нешто? Дали постои навистина тој дуќан и таа стока? Зашто тој навистина се чувствува денес во особено болникаво расположение, речиси во исто, какво што чувствувал порано, во почетокот на нападите на својата преѓешна болест. Тој знаеше дека во такво време пред нападот тој станувал необично расеан и често дури ги мешал предметите и лицата, ако

ги гледал без особено внимание. Но имаше и особена причина зашто тој толку сакаше да провери, дали тој стоел тогаш пред тој дуќан: меѓу предметите наредени во излогот имаше и еден кој тој го гледал и кој дури го проценил на шеесет копејќи во сребрена монета, тој го паметеше тоа без оглед на целата своја расеаност и вознемиреност. Според тоа, ако тој дуќан навистина постои и ако тој предмет навистина е изложен меѓу другата стока, тогаш, значи, тој и запрел заради тој предмет. Значи, тој предмет содржел во себе толку силен интерес, што му го привлекол вниманието дури и во такво едно време, кога тој бил во таква тешка збунетост, штотуку излезе од железничката станица. Тој одеше речиси растажен, гледајќи десно, и срцето му биеше од немирно нетрпение. Но еве ја таа продавница, тој најодзади ја најде! Тој веќе беше на петстотини чекори од неа, кога намисли да се врати. Еве го и тој предмет од шеесет копејќи; „се разбира, шеесет копејќи, повеќе не чини!" потврди тој сега и се насмеа. Но тој се насмеа хистерично; нему му стана многу тешко. Тој јасно се сети сега дека токму тука, стоејќи пред овој излог, тој наеднаш се свртел, исто како и преѓеска, кога го улови врз себеси погледот на Рогожин. Кога се убеди дека не погрешил (во што, впрочем и до проверката тој бил убеден), тој ја напушти продавницата и забрзано почна да се оддалечува. Сето тоа мораше побрзо да го обмисли, неопходно; сега беше јасно дека не му се привидело и на железничката станица, дека му се случило нешто сосема вистинито и бездруго поврзано со целата таа негова преѓешна вознемиреност. Но некаква внатрешна несовладлива одвратност пак претежна: тој не сакаше ништо да обмислува, тој не почна да обмислува; тој се замисли за сосема нешто друго.

Тој се замисли меѓу другото за тоа дека во неговата епилептична состојба имаше еден степен, речиси пред самиот напад (само ако нападот доаѓал најаве), кога наеднаш, среде натаженост, душевен мрак, притисок, на мигови небаре се разгоруваше неговиот мозок и со необична побуда се напрегнуваа одеднаш сите негови животни сили. Чувствувањето на животот,

свеста за себеси речиси десетпати се зголемуваше во тие мигови, кои траеја колку секавици. Умот, срцето му болскаа со необична светлина; сите вознемирувања, сите негови сомневања, сите неспокојства небаре одеднаш се смируваа, се разрешуваа во некое највисоко спокојство, полно со светла, хармонична радост и надеж, полно со разумност и конечна причина. Но овие мигови, тие болскања, сè уште беа само насетување на последниот миг (никогаш не повеќе од еден миг), со кој почнуваше самиот напад. Тој миг, се разбира, беше неподнослив. Размислувајќи за тој миг подоцна, тој често си велеше на себеси: дека сите тие секавици и болскања на највисока свест за себеси и за своето постоење, а според тоа и на „највисокото битие" не се ништо друго, туку болест, како нарушување на нормалната состојба, а ако тоа е така, тогаш тоа не е највисокото постоење, туку напротив, мора да се смета како најниско. А сепак тој најпосле дојде до необично парадоксален заклучок: „Какво значење има тоа што е болест? – одлучи тој најпосле, – што има во тоа што таа напрегнатост е ненормална, ако самиот резултат, ако мигот на чувствувањето, на кој се потсетува и го разгледува во веќе здрава состојба, излегува во најголем степен хармонија, убавина, дава нечуено и незамисливо дотогаш чувство на исполнетост, мера, смиреност и восхитена молитвена слеаност со највисоката синтеза на животот?" Овие нејасни предзнаци му се чинеа лично нему многу разбирливи, макар сè уште премногу слаби. Во тоа пак, дека тоа навистина е „убавина и молитва", дека тоа навистина е „највисоката синтеза на животот", тој не можеше да се сомнева, и никакво сомнение не можеше да дозволи. Зашто тој во тој миг не сонувал некакви привидувања, како од хашиш, опиум или вино, кои го понижуваат разумот и ја изнакажуваат душата, ненормални и невистинити? Тоа тој можеше здраво да го просуди по завршувањето на болната состојба. Тие мигови беа само еден необичен напор на свеста за себеси, – кога би морале да ја изразиме таа состојба со еден збор, – на свеста за себеси и во исто време на најнепосредното чувствување на своето постоење. Ако во тој миг,

то ест во најпоследниот свесен миг пред нападот, тој успеваше јасно и при чиста свест да си каже себеси: „Да за овој миг може да се даде целиот живот!" тогаш, се разбира, тој миг и навистина чинеше цел еден живот. Впрочем, тој не гарантираше за дијалектичкиот дел на својот заклучок: затапеноста, душевниот мрак, идиотизмот се исправаа пред него како јасна последица на овие „највисоки мигови". Тој сериозно, се разбира, не би спорел за тоа. Во заклучокот, то ест во неговата оценка на овој миг, несомнено имаше грешка, но стварноста на чувствувањето сепак малку го збунуваше. И што да се прави навистина со стварноста? Зашто сето тоа се случуваше, зашто тој самиот стигнуваше да си рече во истиот тој миг, дека тој миг, по бескрајната среќа, која тој сосема ја чувствуваше, би можел да чини цел еден живот. „Во тој миг, – како што му зборуваше тој еднаш на Рогожин во Москва, за време на нивните тамошни состанувања, – во тој миг мене некако ми станува јасен необичниот збор за тоа дека времето повеќе не ќе го има". „Веројатно, – додаде тој насмевнувајќи се, – тоа е токму оној миг, во кој не стасал уште да се излее превртениот бокал со вода на епилептичарот Мукамед, кој, впрочем, стигнал во истиот тој миг да ги догледа сите живеалишта на Алах". Да, во Москва тие често се состанувaa со Рогожин и разговарaa не само за тоа. „Рогожин прећеска рече дека јас тогаш сум му бил брат; но тоа првпат денес го рече", – помисли кнезот во себеси.

Тој го помисли тоа седејќи на клупа, под едно дрво, во Летниот парк. Беше околу седум часот. Паркот беше празен; нешто мрачно за миг го прекри сонцето на заоѓање. Беше запурничаво; личеше на далечно навестување на бура. Во сегашната негова замислена состојба имаше некаква мамка за него. Тој со спомените и со умот се лепеше за секој надворешен предмет и тоа му се допаѓаше: тој сè сакаше да заборави нешто, нешто вистинско, нешто суштинско, но при првиот поглед околу себеси тој веднаш ја препознаваше својата црна мисла, мисла од којашто сакаше да се оддели. Се сети дека прећеска во госитлницата,

додека ручал, разговарал со келнерот за едно неодамнешно многу необично убиство, кое крена многу врева и разговори. Но, штотуку тој се сети на тоа, кога пак му се случи нешто необично.

Прекумерна, неискажлива желба, речиси соблазан, наеднаш му ја парализира сета негова волја. Тој стана од клупата и тргна од паркот директно кон Петербуршката страна. Преѓеска, на брегот на Нева, тој беше замолил некој минувач да му ја покаже Петербуршката страна отаде Нева. Нему му беше покажано, но тој тогаш не појде таму. А и во секој случај немаше што денес да оди таму: тој го знаеше тоа. Адресата тој одамна ја имаше; тој лесно можеше да ја пронајде куќата на роднината на Лебедев; тој речиси сигурно знаеше дека не ќе ја најде дома. „Бездруго заминала во Павловск, инаку Коља ќе оставеше некој знак во „Вага" како што беше договорено". И така, кога тој сега одеше таму, тоа не беше, се разбира, за да ја види неа. Друга, темна и мачна љубопитност го соблазнуваше него. Една нова, нечекана идеја му дојде во умот . . .

Но за него веќе беше премногу и тоа што тој тргна и знаеше каде оди: по една минута тој веќе одново чекореше не забележувајќи го патот. Да размислува понатаму за „својата нечекана идеја" веднаш му стана одвратно и речиси невозможно. Тој со мачно напрегнато внимание загледуваше во сè што ќе му дојдеше пред очи, го гледаше небото, Нева. Почна разговор со дете што му одеше в пресрет. Можеби и епилептичката состојба негова сè повеќе се засилуваше. Бурата, се чини, навистина наближуваше, макар и да беше тоа бавно. Од далечина веќе почна да се слуша грмеж. Стануваше многу запурничаво . . .

Којзнае зошто сега тој постојано се присеќаваше, како што напати се присеќава човек на некоја до глупост здодевна музичка мелодија од која не може да се ослободи, на внукот на Лебедев, кој преѓеска го имаше видено. Чудно беше тоа, што тој постојано се сеќаваше на него како на оној убиец, кој преѓеска го спомна самиот Лебедев, претставувајќи му го внукот. Да, за тоа убиство тој читаше сега бргу. Многу чи-

таше и слушаше за такви работи откако дојде во Русија; тој упорно го следеше сето тоа. А прегеска покажа дури и преголем интерес во разговорот со келнерот токму за тоа убиство на Жемарини. Келнерот се сложил со него, тој се сети на тоа. Се сети и на келнерот; тоа не беше глупо момче, солидно и претпазливо, а, впрочем, „којзнае каков е. Тешко е во непознатата земја да се погодуваат карактерите на непознати луѓе". Во руската душа, впрочем, тој почнуваше страсно да верува. О, многу, многу поднесе тој, за него сосема нови работи во тие шест месеци, и ненаситено, и нечуено и нечекано! Но туѓата душа – тоа е мрак, и руската душа – е мрак; мрак е за многумина. Тој ете долго се состануваше со Рогожин, блиско се зближуваше „братски" се зближуваше, – а го знае ли тој Рогожин? А врпочем, каков е тука напати, во сето ова, хаос, каква мешаница, каква изнакаженост! И колку е, сепак, гаден и самозадоволен чир тој прегешен внук на Лебедев! А впрочем, што ми е мене? (и понатаму му се матеше во мислите на кнезот) зар тој ги убил тие суштества, тие шест души? Јас небаре почнувам да мешам . . . колку е чудно тоа! Ми се врти во главата . . . А колку е симпатично, колку е мило, лицето на постарата ќерка на Лебедев, токму на онаа која стоеше со детето, колку невино, каков речиси детски израз и каква речиси детска смеа! Чудно е тоа што тој речиси го заборавил тоа лице и дури сега се сети на него. Лебедев, кој трупка со нозете по нив, веројатно сите ги обожува. Но што е најсигурно, како што е два по два четири, тоа е дека Лебедев го обожува и својот внук!

А впрочем, што му треба нему да донесува за нив така конечни судови, тој кој денес се појави, зошто донесува тој такви пресуди? Та, ете, Лебедев денес му постави загатка: зар тој чекал некогаш да запознае таков Лебедев? Зар тој познавал ваков Лебедев порано? Лебедев и Дибари, – господи! Впрочем, ако Рогожин убие, во крајна линија нема така одвратно да убие. Не ќе има таков хаос. Оружје нарачано по цртеж и шест луѓе убиени во полно бладање! Зар Рогожин има оружје нарачано по цртеж . . . тој има. . . но . . .

зар е одлучено дека Рогожин ќе убие?! протрепери наеднаш кнезот. „Зар не е престап, зар не е нискост од моја страна толку цинично и отворено да направам таква претпоставка!“ викна тој и црвенило на срам му го прекри целото лице. Тој беше вчудовиден, тој стоеше како скаменет на патот. Тој веднаш се сети и на преѓешната железничка станица за Павловск, и преѓешната Николаевска железничка станица, и прашањето што му го постави на Рогожин директно в лице за очите, и крстот на Рогожин, кој сега е кај него, и благословот на неговата мајка, кај која тој самиот го одведе него, и последниот морничав преграб, последното одрекување на Рогожин, преѓеска на скалите, – и по сè ова да се улови себеси како непрестајно бара нешто околу себе, и таа продавница и тој предмет... каква нискост! И по сè ова тој оди сега со „специјална цел“, со специјална „нечекана идеја!“ Очајание и мака ја зафати целата негова душа. Кнезот веднаш сакаше да се натера себеси да сврти назад, во гостилницата; дури и се сврти и тргна; но по еден миг запре и продолжи пак по преѓешниот пат.

Та тој веќе и беше на Петербуршката, тој беше близу до куќата; та тој не оди сега таму со истата цел како пред малку, та не со „специјалната идеја“! И како можеше да биде тоа! Да, неговата болест се враќа, тоа е несомнено; можеби нападот ќе дојде уште денеска. Поради нападот е и сиот тој мрак, поради нападот е и „идејата“! Сега мракот е растеран, демонот е изгонет, не постојат сомненија, во неговото срце е радост! И тој, толку одамна не ја видел, треба да ја види и... да, тој би сакал сега да го сретне Рогожин, тој би го зел за рака и би тргнале заедно... Срцето му е чисто; зар тој му е ривал на Рогожин? Утре тој сам ќе појде и ќе му каже на Рогожин дека ја видел; зашто тој толку јуреше ваму само да ја види неа; како што рече преѓеска Рогожин! Можеби тој и ќе ја најде, зашто таа можеби не е во Павловск!

Да, сега сево ова треба да биде јасно поставено, сите да можат јасно да го читат другиот, за да ги нема тие мрачни и страсни одрекнувања, како што преѓеска се беше одрекол Рогожин, и нека се изврши сето

тоа слободно и . . . радосно. Зар Рогожин не е способен за радост? Тој вели, дека не ја љуби така, дека во него нема сочувство, нема „никакво сожалување". Навистина, тој подоцна додаде дека „твоето сожалување е, можеби, пострашно од мојата љубов", – но тој премногу се обвинува себеси. Хм, Рогожин крај книга, – зар тоа веќе не е „сожалување", зар не е почетокот на „сожалувањето"? Зар самата присутност на таа книга не докажува дека тој е наполно свесен за своите односи кон неа? А неговата преѓешна приказна? Не, тоа е подлабоко од чистата страст. И зар само страст предизвикува нејзиното лице? А и може ли ова лице сега да предизвикува страст? Тоа предизвикува само страдање, тоа продира на дното на душата, тоа . . . и мачен спомен што пече мина наеднаш низ срцето на кнезот.

Да, мачен спомен. Тој се сети како уште неодамна се мачеше, кога за првпат почна да забележува кај неа знаци на безумство. Тогаш тој почувствува речиси очај. И како можеше да ја остави неа тогаш кога таа побегна од него кај Рогожин? Тој самиот требаше да трча по неа, а не да чека вести. Но . . . зар е можно Рогожин досега да не го забележал кај неа безумството? . . . Хм . . . Рогожин во сѐ гледа други причини, причини за страста! И каква безумна љубомора! Што сакаше да каже со својата недамнешна претпоставка? (Кнезот наеднаш се вцрви и нешто како да затрепери во неговото срце.)

Каква полза има, впрочем, и да се спомнува за тоа? Тоа е безумство од обете страни. А тој, кнезот, да ја љуби страсно таа жена – е речиси незамисливо, тоа би била речиси жестокост, нечовечност! Да, да! Не, Рогожин премногу се обвинува себеси; тој има огромно срце кое може и да страда и да сочувствува. Кога тој ќе ја дознае целата вистина и кога ќе се убеди какво кутро суштество е таа повредена, полуумна жена – зар не ќе ѝ прости тогаш сѐ што беше, сите свои мачења? Зар не ќе стане нејзин слуга, брат, провидение? Сочувството ќе го осмисли и ќе го поучи самиот Рогожин. Сочувството е најважниот и, можеби, единствениот закон на битието на целото човештво. О,

колку е тој непростиво и нечесно виновен пред Рогожин! Не, не е „руската душа мрак", туку мракот е во неговата душа кога можел да си претстави ваков ужас. За неколку врели и искрени зборови во Москва Рогожин веќе го наречува свој брат, а тој ... Но тоа е неговата болест и бладање! Сето тоа ќе се разреши! Колку мрачно рече прееска Рогожин дека ја „губи верата"! Тој човек треба силно да страда. Тој вели дека „сака да ја гледа таа слика"; не сака, туку значи чувствува потреба. Рогожин не е само една страсна душа, тој е сепак и борец: тој со сила сака да си ја врати изгубената вера. Таа сега до измачување му е потребна ... Да! да се верува во нешто! да се верува во некој! А колку е, впрочем, чудна таа слика на Холбајн ... А, ете ја таа улица! Еве, ова треба да ѝ е куќата, така е, број 16, „куќата на колешката секретарка Филисова. Тука сме!" Кнезот ѕвони и ја побара Настасја Филиповна.

Домаќинката лично му одговори дека Настасја Филиповна уште изутрината заминала во Повловск кај Дарја Алексеевна „и дури може да се случи да остане таму и неколку дена". Филисова беше малечка жена со коси очи и шилесто лице, на околу четириесет години и имаше лукав и внимателен поглед. На прашањето за неговото име, – прашање, на кое таа небаре намерно му придаде сенка на таинственост, – кнезот отпрвин не сакаше да одговори; но веднаш се врати и упорно ја замоли да му го пренесе неговото име на Настасја Филиповна. Филисова ја прими таа упорност со напрегнато внимание и со необично дискретен изглед, со кој, изгледа, сакала да му даде на знаење дека: „не грижете се, јас ве разбрав". Името на кнезот, очевидно, ѝ остави многу силен впечаток. Кнезот расеано ја погледна неа, се сврти и тргна назад во својата гостилница. Но тој тргна сега веќе не со истиот изглед со кој ѕвонеше кај Филисова. Тој доживеа одново, и небаре за миг необична промена: тој пак чекореше блед, премален, во силно страдање и вознемирено; колената му се тресеа, и матна, изгубена насмевка се преледеваше низ неговите помодрени усни:

неговата „нечекана идеја“ наеднаш беше потврдена и оправдана и тој пак му веруваше на својот демон!

Но дали беше потврдена? Но дали беше оправдана? Зошто пак тие морници, таа студена пот, тој мрак и студ на душата? Затоа ли што тој пак ги видел сега тие *очи*? Но тој и тргна од Летната градина единствено за тоа нив да ги види! Во тоа и се состоеше неговата „нечекана идеја“. Тој упорно посака да ги види тие „пре́ѓешни очи“, конечно да се убеди дека тој неопходно ќе ги сретне *таму*, крај таа куќа. Тоа беше негова трескавична желба, и зошто е тој сега така здробен и поразен со тоа што тој навистина ги виде сега? Небаре не ги чекал! Да, тоа беа *оние исти* очи (и сега веќе нема никакво сомневање во тоа дека тоа се *оние исти*!), кои болснаа кон него изутрината, во толпата, кога тој излегуваше од возот на Николаевската железничка станица; оние истите (сосема истите), чиј поглед тој го беше фатил пре́ѓеска зад својот грб седнувајќи на стол кај Рогожин. Рогожин пре́ѓеска не сакаше да признае: тој праша со искривена студена насмевка: „И чии очи биле тоа?“ И кнезот ужасно посака, уште неодамна, на Царскоселската станица, – кога тој сакаше да седне во возот за да појде кај Аглаја, и наеднаш пак ги виде тие очи, веќе третпат тој ден, – да му пријде на Рогожин и да му каже „чии очи биле тоа“! Но тој истрча од станицата и си дојде на себеси дури пред продавницата на ножарот оној миг кога стоеше и проценуваше на шеесет копејќи еден предмет со еленска рачка. Чуден и ужасен демон конечно му се прилепи и повеќе не сакаше да го напушти. Тој демон му потшепна во Летниот парк, додека тој седеше, занесен под липата дека ако на Рогожин толку неопходно му беше да го демне уште од изутрината и да го лови на секој чекор, тогаш, откако дознал дека тој не ќе замине во Павловск (што за Рогожин веќе беше судбоносен податок), Рогожин неопходно ќе појде *таму*, пред онаа куќа на Петербуршка, и неопходно ќе го демне таму него, кнезот, кој уште изутринава му даде чесен збор дека „не ќе ја види“ и дека „не дошол за тоа во Петербург“. И ете кнезот трескавично се упатува кон таа

куќа и што има во тоа што таму навистина го сретнува Рогожин? Тој виде само еден несреќен човек, чие душевно настроение е мрачно, но лесно разбирливо. Тој несреќен човек дури не се ни криеше сега. Да, Рогожин преќеска не беше искрен и измами, но во Павловск* тој стоеше речиси не криејќи се. Поскоро може да се рече дека тој, кнезот, се криел, а не Рогожин. А сега крај куќата, тој стоеше од другата страна на улицата, во дијагонала од педесетина чекори на спротивниот тротоар со скрстени раце и чекаше. Тука тој беше сосема изложен на поглед, и се чини, намерно сакаше да биде виден. Тој стоеше како разобличувач и како судија, а не како . . . А не како кој?

А зошто пак тој, кнезот, не му пријде сега нему, а се сврте на друга страна небаре ништо не забележал, макар што очите им се беа вкрстиле? (Да, очите им се беа вкрстиле, и тие се погледнаа еден со друг.) Зошто тој самиот преќеска сакаше да го фати за рака и да појде т а м у заедно со него? Зошто тој самиот сакаше утре да појде кај него и да му рече дека бил кај неа? Зошто се одрече тој сам од својот демон уште додека одеше таму на полпат, кога радоста наеднаш му ја исполни душата? Или пак навистина кај Рогожин имало нешто, то ест во целиот денешен изглед на тој човек, во сета целокупност на неговите зборови, движење, постапки, погледи, што можеше да ги оправда ужасните претчувствувања на кнезот и вознемирувачките шепотења на неговиот демон? Нешто онакво кое само од себе се гледа, но што е тешко да се анализира и опише, што е невозможно да се оправда со доволни причини, но кое, сепак, остава, без оглед на целата таа тешкотија невозможност, сосема целосен и несовладлив впечаток, кое и без да се сака преминува во најполно убедување?

Убедување – во што? (О, колку го измачуваше кнезот чудовишноста, „нискоста“ на тоа убедување, „на тоа ниско претчувствување“, и колку се обвинуваше тој самиот себеси!) Кажи ако смееш, во што? си

---

*) Ова е грашка на авторот се мисли на Царскоселската станица.

зборуваше тој непрестајно на себеси со прекор и предизвикување, – формулирај ја, осмели се да ја изразиш целата своја мисла, јасно, прецизно без двоумење! О, јас сум нечесен! повторуваше тој со негодување и со црвенило на лицето, – со какви очи ќе го гледам сега цел живот тој човек! О, каков ден! О боже, каков кошмар.

На крајот од ова мачно и долго одење од Петербуршката страна имаше еден миг, кога една несовладлива желба наеднаш го опфати кнезот – да појде сега кај Рогожин, да го почека да се врати, да го прегрне посрамено, со солзи, да му каже сѐ и да заврши одеднаш со сето тоа. Но веќе беше пред својата гостилница . . . Колку не му се допадна прећеска таа гостилница, тие коридори, целата таа зграда, неговата соба, не му се допадна уште од првиот поглед; неколкупати тој ден тој со некаква особена одвратност помислуваше дека ќе мора тука да се врати . . . „Што ми е мене, како некоја болна жена, верувам денес во секое претчувствување!“ помисли тој со раздразнета насмевка запирајќи крај влезот. Нова, неиздржлива поплава на срам, речиси очајание, го прикова на место, крај самата надворешна врата. Тој запре за миг. Така напати им се случува на луѓето: неиздржливи наеднаш појавени спомени, особено помешани со срам, обично го запираат човека за миг на место. „Да, јас сум човек без срце и плашливец сум!“ – си повтори тој мрачно и со порив тргна напред, но . . . пак застана . . .

Во тој влез и без тоа мрачен, во овој миг беше многу темно: црниот облак што го прекри небото ја голтна вечерната светлина, и, во исто време кога кнезот ѝ се приближуваше на зградата, облакот наеднаш се отвори и се пролеа дожд. Во истото време кога тој со побуда тргна од местото, по миговно запирање, тој се наоѓаше во почетокот на портата, крај самиот влез во портата од страна на улицата. И наеднаш, во длабочината на портата, во полумракот, крај самиот почеток на скалите, тој виде еден човек. Тој човек небаре чекаше нешто, но брзо се мушна и исчезна. Тој човек кнезот не можеше јасно да го види и, се разби-

ра, никако не би можел да каже со сигурност: кој беше тоа? Одозгора, тука толку многу луѓе можеа да минуваат; тука беше гостилница и непрестајно се минуваше и се претрчуваше во коридорите и назад. Но тој наеднаш почувствува најцелосно и несовладливо убедување дека тој го препознал тој човек и дека тој човек мора да биде Рогожин. По еден миг кнезот појури по него по скалите. Срцето му премре. „Сега ќе се разреши сè!“ – со чудна увереност си рече тој во себеси.

Скалите на кои кнезот се искачи откај влезот, водеа во коридорот на првиот и вториот кат, во кои беа распоредени хотелските соби. Тие скали, како и во сите одамна изградени куќи, беа од камен, мрачни, тесни и свиваа околу дебел камен столб. На првото одмориште на овој столб имаше длабнатинка, слична на ниша, не повеќе од еден чекор во широчина и половина чекор во длабочина. Но тука би можел да се смести човек. Колку и да беше мрачно, но, откако се качи по скалите на одмориштето, кнезот веднаш забележа дека тука, во таа ниша, којзнае зошто, се крие човек. Кнезот посака да мине покрај и да не гледа десно. Тој веќе направи еден чекор, но не издржа и се сврти.

Две пресешни очи, о н и е и с т и т е, наеднаш се вкрстија со неговиот поглед. Човекот кој се криеше во нишата исто така, веќе стаса да излезе од неа еден чекор. Еден миг тие и обајцата стоеја еден пред друг речиси доближени. Наеднаш кнезот го зграпчи за раменици и го сврти назад, кон скалите, поблизу до светлината: тој појасно сакаше да го види лицето.

Очите на Рогожин светнаа и бесна насмевка му го искриви лицето. Неговата десна рака се крена и нешто светна во неа; кнезот не мислеше да ја запре. Тој се сеќава само дека, изгледа, викнал:

– Парфјон, не верувам! . . .

Потоа наеднаш нешто небаре се отвори пред него: необична в н а т р е ш н а светлина му ја осветли душата. Овој миг траеше можеби половина секунда; но тој, сепак, јасно и свесно го паметеше почетокот, на првиот звук на својот страшен крик кој му излезе од

градите сам од себе и кој со никаква сила не би можел да го задржи. Потоа свеста му згасна и настана целосен мрак.

Тој доби напад на епилепсија, која го имаше оставено веќе многу одамна. Познато е дека нападите на епилепсија, всушност самата п а д а в и ц а, наидуваат за миг. Во тој миг наеднаш необично ќе се искриви лицето, особено погледот. Конвулзии и грчеви го зафаќаат целото тело и сите црти на лицето. Страшен, незамислив и на ништо несличен крик излегува од градите; во тој крик наеднаш исчезнува небаре сѐ што е човечко и на оној кој набљудува воопшто му е невозможно, или во крајна мера му е многу тешко да си претстави и сфати дека вика истиот човек. Се чини дури дека вика некој друг, кој се наоѓа внатре во човекот. Многумина во крајна линија, вака си го искажаа својот впечаток, кај многумина пак погледот на човек во падавица предизвикува целосен и неподнослив ужас, кој има во себеси дури и нешто мистично. Треба да претпоставиме дека ваквиот впечаток на ненадеен ужас, соединет со сите други страшни впечатоци на тој миг, наеднаш го парализирале Рогожин и со тоа го спасиле кнезот од неизбежниот удар на ножот кој веќе паѓаше врз него. Потоа, бидејќи уште не стигна да се сети за нападот и кога виде дека кнезот се тргна настрана и наеднаш падна долу по скалите, удирајќи се со залет во камената скала, Рогожин главечки се фрли надолу, го заобиколи овој што лежеше и речиси избезумено излета од гостилницата.

Од конвулзиите, претањето и грчевите, телото на болниот се спушти по скалилата, кои не ги имаше повеќе од петнаесет, до самиот крај на скалата. Многу брзо, по не повеќе од пет минути паднатиот беше забележан и околу него се собра толпа. Цела една баричка крв околу главата доведуваше до недоумица: дали човеков сам се удрил, или пак „имало некаков грев“. Наскоро пак некои ја препознаа падавицата; еден од собраните го препозна во кнезот гостинот на гостилницата. Мешаницата најпосле се разреши многу среќно поради една среќна околност.

Коља Иволгин, кој вети дека ќе дојде кон чети-

рите часот во „Вага“ и кој наместо тоа замина во Павловск, по ненадејно појавената идеја откажа да „руча“ кај генералицата Епанчина, се врати назад во Петербург и побрза во „Вага“, каде што и се појави во околу седум часот вечерта. Откако дозна, од писмото кое му беше оставено, дека кнезот е во градот, тој појури кај него на адресата која беше наведена во писмото. Откако бил известен во гостилницата дека кнезот излегол, тој слегол долу во салонските простории, и почнал да го чека пиејќи чај и слушајќи оргули. Кога случајно чул како се зборува за некој кој добил напад, тој дотрча на лице место со насетување кое се обистини и го препозна кнезот. Веднаш беа преземени потребните мерки. Кнезот беше пренесен во неговата соба; тој макар што и да дојде на себеси, сепак прилично долго време не беше сосема свесен. Докторот, кој беше поканет за да ја прегледа повредената глава, даде облоги и изјави дека од ударите нема никаква опасност. Кога веќе по еден час кнезот почна доста добро да ги разбира околностите, Коља со кочија го превезе од гостилницата кај Лебедев. Лебедев го прими болниот со необична топлина и длабоки поклонувања. И поради него го забрза преселувањето во летниковецот: на третиот ден сите веќе беа во Павловск.

VI

Летниковецот на Лебедев не беше голем, но беше удобен и дури и убав. Еден дел од него, определен за изнајмување, беше особено убаво наместен. На терасата, доста голема кај влезот од улицата во внатрешноста на куќата, имаше неколку дрвца на портокали, лимони и јасмини, во големи дрвени зелени сандаци, што и ја претставуваше, според сметките на Лебедев, најголемата привлечност. Неколку од тие дрвца тој ги доби заедно со летниковецот и толку беше занесен со ефектот кој тие го предизвикуваа на терасата, што реши, благодарение на една можност што му се укажа на распродажба, да докупи за да комплетира уште

такви дрвца во сандаци. Кога сите дрвца, најодзади, беа донесени во летниковецот и разместени на терасата, Лебедев неколкупати тој ден истрчуваше по скалите на терасата на улицата и од улицата се наслудуваше со својот имот, секојпат во мислите зголемувајќи ја сумата што имаше намера да ја побара од својот иден изнајмувач на летниковецот. На ослабениот, тажен и со разбиено тело кнез, летниковецот многу му се допадна. Впрочем, во денот на преселувањето во Павловск, то ест на третиот ден по нападот, кнезот веќе однадвор имаше изглед на речиси здрав човек, макар што однатре не се чувствуваше уште опоравен. Тој му се радуваше на секого што ќе го видеше крај себеси за тие три дни, му се радуваше на Коља кој речиси не се одделуваше од него, му се радуваше на целото семејство на Лебедев (без внукот кој исчезнувал некаде), му се радуваше на самиот Лебедев; со задоволство го прими дури и генералот Иволгин кој го посети уште во градот. Во самиот ден на преселувањето, кое се изврши веќе приквечер, околу него на терасата се насобра доста голем број гости: отпрвин дојде Гања, кого кнезот одвај го препозна, – толку овој ослабна и се измени за ова време. Потоа се појавија Варја и Птицин, кои, исто така, летуваа во Павловск. Генералот Иволгин пак беше во станот на Лебедев речиси непрестајно, се чини дури заедно и се пресели со него. Лебедев се трудеше да не го пушта кај кнезот и да го држи на око; се однесуваше тој со него пријателски; изгледа тие веќе беа дамнешни познајници. Кнезот забележа дека по цели тие три дни тие еден со друг започнуваа долги разговори, честопати викаа и се расправаа, дури се чини, за учени работи, што по сè изгледа, му причинуваше задоволство на Лебедев. Можеше уште и да се помисли дека нему му беше потребен генералот. Но истата претпазливост што ја имаше во однос на кнезот, Лебедев почна да ја има и во однос на своето семејство уште од самото преселување во летниковецот; под изговор да не го обеспокојува кнезот, тој не пушташе никој кај него, трупкаше со нозете, јуреше и ги гонеше своите ќерки, не исклучувајќи ја ни Вера со детето, при првиот сомнеж дека

тие одат на терасата, каде што се наоѓаше кнезот, без оглед на сите молби на кнезот никого да не гони.

– Како прво, не ќе има никакво почитување, ако вака сите ги распуштиме; а како второ, не е ни пристојно од нивна страна ... – објасни тој на директното прашање на кнезот.

– А зошто? – го убедуваше кнезот, – право да ви кажам, со сите тие надгледувања и демнења вие само ме измачувате. Мене ми е здодевно да бидам сам, неколкупати ви имам кажано, а вие самите со вашето непрестајно мавтање со раце и одење на прсти уште повеќе ми ја зголемувате тагата.

Кнезот се потсетуваше за тоа дека Лебедев, макар што ги гонеше сите домашни под изговор за мир кој му е неопходен на болниот, самиот влегуваше кај кнезот сиве овие три дни речиси секоја минута, и секојпат прво ја отвораше вратата, ја провираше главата, ја разгледуваше собата, небаре сакаше да се убеди дали тој е тука, да не побегнал, и дури после, на прсти, бавно, крадешкум, ѝ приоѓаше на фотелјата, така што напати ненадејно ќе го уплашеше својот станар. Непрестајно се распрашуваше да не му треба нешто и, кога кнезот, најодзади, веќе почна да му забележува да го остави на мир, тој послушно и без збор се свртуваше, се прокрадуваше назад на прсти до вратата и цлото време додека чекореше, мавташе со рацете, небаре сакаше да даде на знаење дека тој само онака, дека не ќе проговори ниту збор и дека ете, тој веќе е излезен и дека нема да дојде и, сепак, по десет минути или најмногу по петнаесет, ќе се појавеше пак. Коља, кој имаше право слободно да влегува кај кнезот, со самото тоа побудуваше кај Лебедев најдлабока огорченост и дури навредливо негодување. Коља забележа дека Лебедев по половина час престојува кај вратата и прислушнува што разговараат тие со кнезот, за што, се разбира, и го извести кнезот.

– Вие како да сте ме присвоиле мене, што ме држите под клуч, – протестираше кнезот, – барем во летниковецот јас сакам да бидам поинаку и бидете убеден дека јас ќе примам кого сакам и ќе излегувам каде што сакам.

– Без никакво сомнение, – замавта со рацете Лебедев.

Кнезот внимателно го изгледа од глава до петици.

– А вие, Лукијан Тимофеевич, го пренесовте ли тука долапчето кое ви висеше над креветот откај главата?

– Не, не го пренесов.

– Зар сте го оставиле таму?

– Беше невозможно да се пренесе, требаше да се извлече од ѕидот . . . Многу е силно вградено, силно.

– Да, а можеби имате тука исто такво?

– Дури и поубаво, дури и поубаво, со тоа и го купив летниковецот.

– А-а. А кого пред малку не сакавте да го пуштите кај мене? Пред еден час.

– Тоа беше . . . тоа беше генералот. Навистина не сакав да го пуштам и тој не е за ваше друштво. Јас, кнезу, длабоко го почитувам тој човек, тоа е . . . тоа е голем човек; не ми верувате? Ќе видите, но сепак . . . подобро би било, пресветол кнезу, да не го примате кај себеси.

– А зошто така, дозволете да ве прашам? И зошто Лебедев вие сега стоите на прсти, а ми се приближувате секогаш така како да сакате да ми шепнете некоја тајна на уво?

– Низок сум, низок, го знам тоа, – нечекано одговори Лебедев, чукајќи се патетично в гради, – генералот да не ви биде премногу гостољубив?

Премногу гостољубив?

– Да, гостољубив. Како прво, тој веќе се готви и да живее кај мене; тоа ништо, но премногу е забрзан, веднаш се натрапува и роднина да биде. Веќе неколкупати ги прегледавме тој и јас роднинските врски и излезе дека сме сватоштини. Вие исто така по мајка му доаѓате внук од братучед, уште вчера тоа ми го рајасни. Ако сте му вие внук, тогаш и со мене сте, пресветол кнезу, роднина. И тоа не би било ништо, само мала слабост, но сега ме убедуваше дека уште от кога беше во чин на потпоручник и сѐ до единаесетти јуни минатата година кај него секој ден не седнувале на маса помалку од двесте гости. Стигна дури и дотаму

што и не станувале, така што и ручале, и вечерале, и чај пиеле по петнаесет часови дневно триесет години со ред без никаков прекин, одвај време се наоѓало да се сменат чаршафите. Еден станува, заминува, друг доаѓа, а во празничните и царските денови достигнувале и до триста гости. А на денот на илјадагодишнината на Русија изброил седумстотини души. Тоа е премногу, господине, ваквите изјави се многу лош знак; таквите гостољубиви дури е страшно да се примаат дома, јас и си помислив: да не ни биде премногу вам и мене еден ваков гостољубив човек.

– Но вие сте, се чини, со него во многу добри односи?

– Братски и го примам на шега: што можам да имам против тоа што сме биле сватоштини, – повеќе чест за мене. Јас во него и покрај двесте души гости и илјадагодишнината на Русија сепак гледам прекрасен човек. Искрено ви велам, господине. Вие, кнезу, сега почнавте да зборувате за некои тајни, небаре јас, то ест, се приближувам како да сакам да ви соопштам некоја тајна, а тајната, како нарочно и ја имам: извесно лице сега ми даде на знаење дека многу би сакала тајно да се најде со вас.

– А зошто тајно? Никако. Јас самиот ќе појдам кај неа, може уште и денес.

– Никако, не смеете, никако, – замавта Лебедев со рацете, – и не се плаши од она што мислите вие. Кога сме веќе тука: нечовекот секој ден доаѓа да се распраша за вашето здравје, го знаете ли вие тоа?

– Вие нешто премногу често го наречувате нечовек, тоа ми е многу сомнително.

– Воопшто немате во што да се сомневате, – побрза да се одбрани Лебедев, – воопшто, јас само сакав да објаснам дека лицето за кое зборувавме воопшто не се плаши од него, туку од сосема некој друг, сосема друг.

– А зошто, кажете ми побргу, – го прашуваше кнезот со нетрпение гледајќи ги таинствените кривења на Лебедев.

– Во тоа е и тајната.

И Лебедев се насмевна.

– Чија тајна?

– Вашата тајна. Вие самите ми забранивте, пресветол кнезу, да говорам пред вас ... – промрмори Лебедев и откако се наужива со тоа што го доведе својот слушач до болно нетрпение, ненадејно заврши: – се плаши од Аглаја Ивановна.

Кнезот се намурти и остана да молчи извесно време.

– Жими бога, Лебедев, ќе ви го напуштам летниковецот, – рече тој наеднаш. – Каде се Гаврило Ардалионович и Птицин? Кај вас ли се? И нив ги привлековте кај вас.

– Ќе дојдат господине, ќе дојдат. И дури и генералот по нив. Сите врати ќе ги отворам и ќе ги соберам сите ќерки, сите, сите, веднаш, веднаш, – исплашено шепотеше Лебедев, мавтајќи со рацете и трчајќи од една до друга врата.

Во тој миг на терасата се појави Коља, доаѓајќи од улицата и соопшти дека по него идат гости, Лизавета Прокофјевна со трите ќерки.

– Да ги пуштам или да не ги пуштам Птицините и Гаврило Ардалионович? Да го пуштам или да не го пуштам генералот? – подрипна Лебедев изненаден од соопштението.

– Зошто да не ги пуштиш? Пушти ги сите кои сакаат. Ве убедувам, Лебедев, дека вие не сте добро разбрале нешто во моите односи уште од самиот почеток; кај вас постои некаква непрестајна грешка. Јас немам никаква причина да кријам нешто од некого и да се кријам, – се насмеа кнезот.

Гледајќи го него, Лебедев сметаше дека е и тој должен да се насмее. Лебедев, и покрај својата необична возбуденост, беше исто така видливо необично задоволен.

Соопштението добиено од Коља беше точно; тој беше пред Епанчини само неколку чекори, за да им јави, така што гостите се појавија наеднаш од двете страни, од терасата – Епанчини, а од внатрешноста на куќата – Птицини, Гања и генералот Иволгин.

Епанчини дознале за болеста на кнезот и за тоа дека тој е во Павловск, дури пред малку, од Коља,

пред тоа пак генералицата беше во тешка недоумица. Уште пред три дни генералот му соопшти на своето семејство за визит-картичката на кнезот; таа картичка пробуди кај Лизавета Прокофјевна сигурна убеденост дека и кнезот лично ќе се појави во Павловск за да се види со нив веднаш по картичката. Напразно девојките ја убедуваа дека човекот, кој не им пишува половина година, можеби воопшто не ќе брза и сега, и дека можеби тој и без тоа има доста грижи во Петербург, – кој може да му ги знае неговите работи? Генералицата сосема се налути поради овие забелешки и беше готова да се обложи, дека кнезот ќе се појави макар следниот ден макар што „и тоа ќе биде доцна". Следниот ден таа чекаше цело утро; го чекаа за ручек, за вечера, и кога веќе сосема се стемни Лизавета Прокофјевна се налути на сè, се скара со сите, се разбира, во мотивите на караниците не спомнувајќи ниту збор за кнезот. Ни збор не беше изречено за него ни целиот трет ден. Кога на Аглаја случајно ѝ се отпушти на ручек дека *маман* се лути затоа што не доаѓа кнезот, на што генералот веднаш забележа дека „тој не е виновен за тоа", – Лизавета Прокофјевна стана и разгневена ја напушти масата. Најодзади приквечер се појави Коља со сите новини и со описот на сите доживувања на кнезот, што ги знаеше. Во резултат на тоа Лизавета Прокофјевна, триумфираше, но во секој случај Коља си го доби своето: „Другпат по цел ден се врти тука и не можеш да се откачиш од него, а тука барем да се јавеше, штом веќе сметаше дека не е потребно да дојде." Коља веќе веднаш сакаше да се налути за зборот „не можеш да се откачиш", но го одложи тоа за другпат и, само да не беше тој збор толку навредлив сигурно сосема ќе го извинеше: толку му се допадна вознемиреноста и загриженоста на Лизавета Прокофјевна кога ја чу веста за болеста на кнезот. Таа долго настојуваше на неопходноста да се испрати специјално лице во Петербург за да дигне некоја медицинска величина од прв ред и да ја доведе со првиот воз. Но ќерките ја разубедија; тие, впрочем, не сакаа да заостанат зад мајка си кога таа за миг се приготви да го посети болниот.

– Тој е на смртен одар, – говореше вознемирувајќи се Лизавета Прокофјевна, – а ние тука да внимаваме на некакви церемонии! Пријател ли е тој на нашата куќа или не е?

– А не би требало ни да се натпреваруваме без покана, – забележа Аглаја.

– Тогаш ти не доаѓај, дури и добро ќе сториш: ќе дојде Евгениј Павлович, а не ќе има кој да го пречека.

По овие зборови Аглаја, се разбира, веднаш тргна со сите, што, впрочем, и без тоа имаше намера да го стори. Кнезот Ш., кој беше кај Аделаида, по нејзина молба без двоумење се сложи да ги придружува дамите. Тој уште и порано, во почетокот на своето познанство, необично се заинтересира кога слушна од нив за кнезот. Излезе дека тој се познавал со него, дека тие се запознале некаде неодамна и околу две недели живееле заедно во некое си гратче. Тоа било пред тричетири месеци. Кнезот Ш., дури и многу работи раскажуваше за кнезот и воопшто зборуваше за него со големи симпатии, така што сега со искрено задоволство одеше да посети стар познајник. Генералот Иван Фјодорович овојпат го немаше дома. Евгениј Павлович исто така уште не беше дојден.

До летниковецот на Лебедев од Епанчини немаше повеќе од триста чекори. Првиот непријатен впечаток на Лизавета Прокофјевна кај кнезот беше да најде околу него цело друштво гости, не зборувајќи веќе за тоа дека во тоа друштво имаше две-три лица кои ѝ беа многу непријатни, втор – чудовидувањето кога виде сосема здрав на изглед, контешки облечен и насмеан младич, кој им појде в пресрет, место да лежи на смртен одар, како што таа чекаше да го најде. Таа дури запре во недоумица, за необичното задоволство на Коља, кој, се разбира, можеше одлично да ѝ објасни уште кога таа не беше тргната од својот летниковец, дека воопшто нема никој што е на умирање и дека нема никаков смртен одар, но тој не го објасни тоа, насетувајќи го итро комичниот гнев на генералицата, кога таа, според неговите сметки, бездруго ќе се налути поради тоа што ќе го најде кнезот, својот искрен пријател, здрав. Коља дури беше толку неде-

ликатен, што гласно си ја искажа досетката за конечно да ја раздразни Елизавета Прокофјевна, со која постојано и напати мошне жестоко ги вкрстуваше копјата, без оглед на пријателството кое ги врзуваше.

– Чекај, миличок, не итај, немој да си го расипеш триумфот! – му одговори Лизавета Прокофјевна, седнувајќи во фотелјата која ѝ ја донесе кнезот.

Лебедев, Птицин и генералот Иволгин појурија да додаваат столови на девојките. На Аглаја ѝ принесе стол генералот, Лебедев му даде стол на кнезот Ш., при што дури и со свивањето на половината успеа да ја изрази својата длабока почит. Варја, како што си имаше обичај, восхитено и шепотејќи се поздравуваше со госпоѓиците.

– Вистина, е, кнезу, дека јас мислев да те најдам речиси в постела, толку ги зголемив работите од страв, и за ништо на светов не ќе лажам, точно е дека ужасно се јадосав сега кога го видов твоето среќно лице, но жими бога, тоа само за миг, додека уште не стасав да размислам. Јас, откако ќе промислам, секогаш поумно постапувам и говорам; мислам дека и ти, исто така. А всушност, на оздравувањето на роден син, да го имав, можеби, помалку би се радувала, одошто на твоето; и ако не ми го поверуваш тоа, тебе треба да ти биде срам, а не мене. А ова злобно детиште си дозволува со мене и поинакви шеги. Ти, ми се чини, го протежираш него; затоа ќе те предупредам дека едно прекрасно утро, верувај ми, ќе си откажам себеси во задоволството да се ползувам со честа на неговото пријателство.

– Што сум ви виновен јас? – викаше Коља, – колку и да ве убедував дека кнезот речиси е здрав, вие не ќе сакавте да поверувате, зашто да си го претставите на смртен одар беше многу поинтересно.

– Долго ли ќе останете кај нас? – му се обрна на кнезот Лизавета Прокофјевна.

– Цело лето, а можеби и повеќе.

– Но ти си сам? Не си женет?

– Не, не сум женет, – се насмевна кнезот на наивноста на нејзиното боцкање.

– Нема зошто да се насмевнуваш; се случува. Јас

мислам на летниковецот: зошто не дојде кај нас? Празна ни е зградата во дворот. Впрочем, како сакаш. Кај овој ли си изнајмил? Кај овој? – додаде таа тивко покажувајќи кон Лебедев. – Зошто тој сѐ се криви?

Во тој миг од собата излезе на терасата Вера, како и обично со бебе в раце. Лебедев, кој се виеше околу столовите и никако не знаеше што да прави, но никако не му се сакаше да излезе, наеднаш се нафрли на Вера, замавна со рацете кон неа, изгонувајќи ја од терасата и дури, заборавајќи се, почна да тропа со нозете.

– Тој е луд? – додаде изненадено генералицата.

– Не, тој е . . .

– Пијан, можеби? Не ти е убава компанијата, – отсече таа опфаќајќи ги со својот поглед и другите гости, – а впрочем, колку мила девојка! Која е таа?

– Тоа е Вера Лукијановна, ќерката на овој Лебедев.

– А! . . . Многу е мила. Сакам да се запознаам со неа.

Но Лебедев кој го чул фалењето на Лизавета Прокофјевна веќе сам ја влечеше ќерката за да ја претстави.

– Сирачиња, сирачиња се! – се топеше тој приоѓајќи ѝ, – и бебево на раце – е сираче, тоа е нејзината сестра Љубов, и родена е во најзаконски брак од штотуку умрената Елена, мојата жена, која умре пред шест недели, на породување, по волјата на господа . . . да . . . место мајка ѝ е, макар што ѝ е само сестра и не ѝ е повеќе од сестра . . . не повеќе, не повеќе . . .

– А ти си, гулапче, ништо повеќе од еден будала, прости ми. И доста, мислам дека и самиот сфаќаш, – отсече наеднаш Лизавета Прокофјевна со необично негодување.

– Чиста вистина! – со најдлабок почит, длабоко се поклони Лебедев.

– Слушајте господине Лебедев, вистина ли е што велат за вас дека го толкувате Апокалипсисот? – праша Аглаја.

– Чиста вистина . . . веќе петнаесет години.

– Имам чуено за вас. За вас, се чини, и во весник пишуваше?

– Не, тоа беше за некој друг толкувач, за друг, и тој умре, а јас останав на негово место, – избезумен од радост проговори Лебедев.

– Бидете љубезен, растолкувајте ми го некогаш, онака како сосед. Јас ништо не се разбирам во Апокалипсисот.

– Не можам да не ве предупредам, Аглаја Ивановна, дека сето тоа од негова страна е чисто шарлатанство, верувајте ми, – брзо се вмеша генералот Иволгин, кој чекаше згоден момент како на игли и кој со сите сили се трудеше да стапи некако во разговор; тој седна покрај Аглаја Ивановна, – се разбира летниковецот си има свои слободи, – продолжуваше тој, – и свои задоволства, и примањето на таков еден необичен натрапник за да го толкува Апокалипсисот е идеја како и секоја друга, и дури е идеја необично остроумна, но јас . . . Вие, се чини, ме гледате вчудовидено? Генерал Иволгин, имам чест да ви се претставам. Јас на раце ве носев, Аглаја Ивановна.

– Многу ми е драго. Ги познавам Варвара Ардалионовна и Нина Александровна, – промрмори Аглаја, задржувајќи се со сила да не се раскикоти.

Лизавета Прокофјевна избувна. Нешто што одамна беше насобрано во нејзината душа побара да излезе. Таа не го поднесуваше генералот Иволгин, со кого некогаш се познаваше, само многу одамна.

– Лажеш, миличок, по својот обичај, никогаш ти не си ја носел на раце, – му отсече таа разгневено.

– Вие сте заборавиле, *маман*, жими бога ме носеше, во Твер, – наеднаш потврди Аглаја. – Ние тогаш живеевме во Твер. Јас имав тогаш шест години, се сеќавам. Тој ми направи лак и стрела, и ме научи да стрелам, и јас убив еден гулаб. Паметите ли, ние заедно убивме еден гулаб.

– А мене тогаш ми донесе шлем од картон и дрвена сабја, и јас се сеќавам! – викна Аделаида.

– И јас го паметам тоа, – потврди Александра. – Вие тогаш уште се скаравте за ранетиот гулаб и вас ве ставија во два агли за казна; Аделаида така и стоеше, со шлем и сабја.

Генералот кој ѝ изјави на Аглаја дека ја носел на

раце, го рече тоа само о н а к а, за да почне разговор, и само поради тоа што тој речиси секогаш почнуваше разговор на овој начин со млади луѓе, ако сметаше за потребно да се запознае со нив. Но, овојпат како нарочно се случи тој да каже вистина, и како нарочно, таа вистина тој самиот ја беше заборавил. Така што, кога Аглаја наеднаш сега потврди дека таа заедно со него отепала гулаб, паметењето веднаш му се разбистри и тој и самиот се сети на сето тоа до последна поединост, како што често се случува да се сети човек на стари години за нешто од далечното минато. Тешко е да се објасни што од тој спомен така силно можеше да подејствува на кутриот, и како обично, малку пијан генерал; но тој наеднаш беше многу трогнат.

– Се сеќавам, за сè се сеќавам! – викна тој. – Јас тогаш бев штапс-капетан. А вие – малечка убава капка. Нина Александровна . . . Гања . . . Јас бев кај вас . . . сте ме примале. Иван Фјодорович . . .

– И ете, гледаш ли каде си стигнал сега! – се вмеша генералицата. – Сепак, значи, не си ги испил своите благородни чувства, штом така подејствувало на тебе! А жената си ја измачил. И место децата да си ги поучуваш, а ти седиш в затвор за долгови. Излези, миличок оттука, влези во некоја соба, застани зад врата во некој агол и поплачи си, сети се на пре́ѓешната своја невиновност, можеби ќе ти прости господ. Појди, појди, јас сериозно ова ти го велам. За поправање ништо нема поарно од тоа со каење да се спомне минатото.

Но немаше потреба да се повторува дека му е сериозно кажано: генералот, како и сите вечно поднапиени луѓе, беше многу чувствителен, и како сите премногу ниско пропаднати подпапиени луѓе, не ги поднесуваше лесно сеќавањата од среќното минато. Тој стана и смирено се упати кон вратата, така што на Лизавета Прокофјевна веднаш ѝ стана жал за него.

– Ардалион Александрич, братче! – викна таа по него, – застани за миг; сите сме грешни; кога ќе почувствуваш послаб прекор на совеста, дојди кај мене, ќе поседиме, ќе поразговараме за минатото. Јас и са-

мата, можеби, сум погрешна од тебе, педесетпати; а сега збогум, оди, не задржувај се тука, – се исплаши таа одеднаш дека тој ќе се врати.

– Подобро би било засега да не одите по него, – го запре кнезот Коља, кој потрча по татка си. – Зашто за еден миг тој ќе се јадоса и целиот ефект ќе биде расипан.

– Тоа е точно, не гибај го; појди кај него по половина час, – одлучи Лизавета Прокофјевна.

– Ете што значи макар еднаш во животот да се каже вистина, – до солзи му дојде! – се осмели да се вмеша Лебедев.

– И ти, братче, треба да си добар, ако е вистина она што сум го чула, – веднаш го дочека Лизавета Прокофјевна.

Меѓусебните односи на сите гости собрани кај кнезот полека се определија. Кнезот, се разбира, беше во состојба да го оцени и го оцени степенот на сочувството на генералицата и нејзините ќерки кон него, и, се разбира, им соопшти дека тој и самиот уште денес, пред нивната посета, имал цврста намера да ги посети, без оглед на својата болест, ниту пак на тоа што е доцна. Лизавета Прокофјевна, одговори фрлајќи поглед на неговите гости, дека тоа може и сега да го стори. Птицин, како учтив и многу чувствителен човек, многу бргу стана и се повлече во зградата во дворот на Лебедев, со голема желба да го поведе со себеси и самиот Лебедев. Овој му вети дека брзо ќе дојде; во тоа време Варја навлезе во разговор со девојките и остана. Таа и Гања беа многу задоволни со заминувањето на генералот; Гања, исто така, наскоро излезе по Птицин. За тие пак неколку минути кои ги помина на терасата во присуство на Епанчини, тој се држеше скромно, достоинствено и воопшто не се збуни од решителните погледи на Лизавета Прокофјевна, која двапати го изгледа од глава до петици. Навистина, кој го познаваше порано, можеше да помисли дека тој многу се изменил. Тоа многу ѝ се допадна на Аглаја.

– Та тоа беше Гаврило Ардалионович, што излезе сега? – праша таа ненадејно, како што љубеше да

прави, гласно и отсечно, прекинувајќи го со своето прашање разговорот на другите и не обрнувајќи се никому лично.

– Тоа беше, – одговори кнезот.

– Одвај го познав. Тој многу се има изменето и... тоа на подобро.

– Многу ми е драго за него, – рече кнезот.

– Тој беше многу болен, – додаде Варја со весело сочувство.

– Со што тоа се изменил кон подобро? – во лута недоумица и речиси преплашено праша Лизавета Прокофјевна, – што ти паѓа на ум? Нема ништо подобро. Што тоа ти се чини дека е подобро?

– Подобро од „бедниот рицар" не може ништо да биде! – изговори наеднаш Коља, кој стоеше цело време крај столот на Лизавета Прокофјевна.

– И јас лично исто така мислам, – рече кнезот Ш. и се насмеа.

– Јас сум на истото мнение, – победнички проговори Аделаида.

– Кој тоа „беден рицар"? – прашуваше генералицата во недоумица и јадосано гледајќи ги сите кои зборуваа, но, кога виде дека Аглаја се вцрви, од сè срце додаде: – Некоја глупост! Кој е тоа „бедниот рицар"?

– Зар му е првпат на ова детиште, вашиов љубимец, да ги искривува туѓите зборови! – со надмено негодување одговори Аглаја.

Во секој лут настап на Аглаја (а таа се лутеше многу често) речиси секогаш, без оглед на целата нејзина навидум сериозност и неумоливост, се проѕираше сè уште нешто толку детско, незадржливо школско и лошо прикриено, што беше невозможно, напати, да не се насмее човек на впрочем необичната, јадосаност на Аглаја, која не сфаќаше зашто се смеат и „како можат и како смеат да се смеат" Се изнасмеаја и сега сестрите, кнезот Ш., и се насмевна дури и самиот кнез Лав Николаевич, кој исто така, којзнае зошто се вцрви. Коља се кикотеше победнички. Аглаја се разлути сериозно и стана двојно поубава. Нејзе нео-

бично ѝ одеше збунетоста и јадосаноста на самата себеси заради таа збунетост.

– Зар малку ваши зборови тој има искривено, – додаде таа.

– Јас се базирам врз вашиот сопствен израз! – викна Коља. – Пред еден месец вие го прегледувавте „Дон Кихот“ и ги кажавте тие зборови, дека ништо подобро немало од „бедниот рицар“. Не знаев на кого мислевте тогаш: на Дон Кихот или на Евгениј Павлович, или уште на едно лице, но само мислевте на некого, и тогаш опширно се разговараше.

– Ти, јас гледам, си почнал премногу да си дозволуваш миличок мој, со своите досетки, – јадосано го запре Лизавета Прокофјевна.

– Та зар само јас? – не можеше да запре Коља, – сите тогаш зборуваа, а и сега зборуваат; еве сега кнезот. Ш., и Аделаида Ивановна, и сите се изјаснија дека се за „бедниот рицар“, според тоа, „бедниот рицар“ постои и мора да го има, а по мое мнение, да не беше само Аделаида Ивановна, сите веќе би знаеле кој е тој „бедниот рицар“

– Што сум виновна јас тука, – се смееше Аделаида.

– Не сакавте да го нацртате портретот – ете во што сте виновни! Аглаја Ивановна се молеше тогаш да го нацртате портретот на „бедниот рицар“, и ви го кажа целото сиже на сликата, кој сама го измислила, се сеќавате ли на сижето? Вие не сакавте . . .

– Та како можев да нацртам, кого? По сижето излегува дека овој „беден рицар“ . . .

Од лицето челичниот везир
Не го креваше пред никој.

Какво лице можеше да излезе тогаш? Што да се нацрта: везирот? Некој анонимец?

– Ништо не разбирам, каков везир! – се раздразнуваше генералицата, која во себеси почнуваше мошне убаво да разбира, кој тоа се подразбира под називот (веројатно веќе одамна договорен) на „бедниот рицар“. Но особено ја предизвика тоа што и кне-

зот Лав Николаевич исто така се збуни и, најпосле, сосема се засрами, како десетгодишно момче. – Та што мислите, ќе има ли крај на оваа глупост? Ќе ми го објасните ли тој „беден рицар“? Тајна ли е тоа, некоја толку ужасна што не смее човек ни да ѝ се доближи?

Но сите само продолжуваа да се смеат.

– Работата е во тоа што има една чудна руска песна, – се вмеша најпосле кнезот Ш., кој очевидно сакаше да го забошоти или да го промени разговорот, – за „бедниот рицар“, одломка без почеток и крај. Пред еден месец еднаш сите заедно се смеевме по ручек и баравме, како и обично, сиже за нова слика на Аделаида Ивановна. Вие знаете дека заедничка задача на семејството е во тоа да се најде сиже за слика на Аделаида Ивановна. Така и наидовме на „бедниот рицар“, кој го спомна прв, не се сеќавам...

– Аглаја Ивановна! – викна Коља.

– Можеби, се сложувам, само јас не се сеќавам, – продолжуваше кнезот Ш. – Едни му се смееја на ова сиже, други пак прогласуваа дека немало ништо повозвишено, одошто да се претстави „бедниот рицар“, но во секој случај беше потребно лице; почнавме да ги бираме лицата на сите познајници, ни едно не можевме да одбереме, така и остана; не разбирам зошто на Николај Ардалионович му паднало на ум сево ова да го спомне и да го обелодени? Она што тогаш беше на место и смешно, сега веќе сосема е неинтересно.

– Затоа што се подразбира некоја нова глупост, болна и навредлива, – отсече Лизавета Прокофјевна.

– Нема никаква глупост, освен најдлабока почит, – сосема нечекано со важен и сериозен глас проговори Аглаја, која стигна сосема да се опорави и да ја потисне својата претешна збунетост. И не само тоа, по некои знаци би можело да се помисли, гледајќи ја неа, дека и на самата неа сега ѝ е драго дека шегата се продолжува и понатаму, и сиот тој пресврт се случи кај неа токму во тој миг, кога стана премногу видлива и забележлива збунетоста на кнезот, која постепено достигна до необичен степен.

– Ту се смеат како споулавени, ту наеднаш се по-

јавува длабока почит! Збеснети! Од каде почит? Кажи ми веднаш од каде ти се појави вака ненадејно, одеднаш најдлабока почит?

– Најдлабока почит, – продолжуваше сериозно и важно Аглаја одговарајќи ѝ на речиси гневното прашање на мајка си, – е поради тоа што во таа песна директно е претставен човек способен да има идеал, и како второ, поставувајќи си еднаш пред себеси идеалот, да му поверува, а откако ќе му поверува, слепо да му го предаде сиот свој живот. Таму, во таа песна, не е речено од што всушност се состоел идеалот на „бедниот рицар“, но се гледа дека тоа бил некој светол лик, „лик на чистата убавина“, и вљубениот рицар си ставил околу врат дури бројаници место шал. Има таму навистина некоја си матна, недоискажана девиза, буквите А. Н. Б., кои тој ги напишал на својот штит . . .

– А. Н. Д., – ја поправи Коља.

– А јас велам А. Н. Б., и така сакам да биде, – јадосано го прекина Аглаја, – како и да било, јасно е дека на овој беден рицар веќе му станало сеедно: што и да стане, што и да направи неговата дама. Му било доволно што тој ја одбрал и поверувал во нејзината „чиста убавина“, а после веќе останал нејзин засекогаш, во тоа е и неговата заслуга, таа после можела да стане и измамничка, тој сепак би морал да ѝ верува и за нејзината чиста убавина да ги крши копјата. Поетот, се чини, сакал во еден необичен лик да го собере сиот огромен поим за средновековната платонска рицарска љубов на некојси чист и возвишен рицар; се разбира сето тоа е идеал. Кај „бедниот рицар“ пак, ова чувство веќе достигна до последен степен, до аскетизам; треба да признаеме дека способноста за вакво чувство многу значи и дека ваквите чувства оставаат сами од себе длабока црта и, од една страна, многу пофална, а и да не зборуваме за Дон Кихот. „Бедниот рицар“ исто така е Дон Кихот, но е сериозен, а не комичен. Јас отпрвин не го разбрав и се смеев, а сега го сакам „бедниот рицар“ а, што е најважно, ги почитувам неговите подвизи.

Вака заврши Аглаја и, гледајќи ја неа, беше дури

тешко да се разбере дали таа сериозно говори или се смее.

– Некој лудак е и тој и луди се неговите подвизи! – решително рече генералицата. – А и ти, девојко, си се раздрдорила, цело предавање; ако ме прашаш мене, дури и не чини од твоја страна. Во секој случај е недозволено. Каква е тоа песна? Изрецитирај ја, сигурно ја знаеш! Јас бездруго сакам да ја чујам таа песна. Цел живот не поднесував песни, небаре насетував. Жити бога, кнезу, стрпи се малку, ние двајцата, се чини заедно ќе мораме да се стрпиме, – му се обрна таа на кнезот Лав Николаевич. Таа беше многу јадосана.

Кнезот Лав Николаевич сакаше нешто да каже, но не можеше ништо да изговори од збунетоста која сè уште траеше. Само Аглаја, која толку многу си имаше дозволено во своето „предавање“, воопшто не се збуни, туку како да беше и задоволна. Таа веднаш стана, како и пред малку, сериозно и важно, со таков изглед небаре од порано се беше подготвила за тоа и само чекала покана, излезе на терасата и застана спроти кнезот, кој и понатаму седеше во својата фотелја. Сите ја гледаа со извесна почуденост и речиси сите, кнезот Ш., сестрите и мајката, со чувство на непријатност ја гледаа оваа нова палавост што се пригтвуваше и која во секој случај навлезе премногу далеку. Но беше очевидно дека на Аглаја ѝ се допаѓаше токму таа афектација, со којашто таа ја почнуваше церемонијата на рецитирањето на песната. Лизавета Прокофјевна веќе сакаше да ја отера на место, но истиот миг, штотуку Аглаја почна да ја рецитира спомнатата балада, двајца нови гости, со гласен разговор, стапија на терасата од улицата. Тоа беа генералот Иван Фјодорович Епанчини и веднаш по него еден младич. Настапи мала возбуденост.

VII

Момчакот што го придружуваше генералот беше на околу дваесет и осум години, висок, вит, со прекрасно и умно лице, со светол и исполнет со остроу-

мност и подбивност поглед на своите големи црни очи. Аглаја дури и не се сврте кон него и го продолжи рецитирањето на песната, продолжувајќи со афектација да гледа само во кнезот и обрнувајќи се само нему. На кнезот му стана јасно дека сето тоа го прави со некоја специјална намера. Но новите гости донекаде ја поправија неговата незгодна положба. Кога ги виде нив, тој се поткрена, љубезно му кимна со главата оддалеку на генералот, даде знак да не се прекинува рецитирањето, а самиот успеа да се повлече зад фотељата, каде што, потпирајќи се со левата рака на наслонот, продолжуваше да ја слуша баладата, сега веќе, би можело да се каже, во позгодна и не толку „смешна" положба, одошто беше кога седеше во фотељата. Од своја страна, Лизавета Прокофјевна со заповеден гест им мавна двапати на овие што влегуваа да запрат. Кнезот, меѓутоа, многу беше заинтересиран за својот нов гост, кој го придружуваше генералот; тој јасно го препознаваше во него Евгениј Павлович Радомски, за кој имаше многу чуено и за кој не еднаш размислуваше. Него го збунуваше само неговата цивилна облека; тој имаше чуено дека Евгениј Павлович е воено лице. Подбивна насмевка трепереше на усните на новиот гостин целото време додека се рецитираше песната, небаре и тој имал веќе нешто чуено за „бедниот рицар".

„Можеби тој и ја измислил", – помисли кнезот во себеси.

Но со Аглаја се случуваше нешто сосема друго. Сета првична афектација и патетичност, со која почна да рецитира, таа ја прикри со таква сериозност и такво задлабочување во духот и смислата на поетското дело, со таква смисла го изговараше секој збор од песната, со таква возвишена едноставност ги изговараше, што кон крајот на рецитирањето не само што го привлече општото внимание, туку и со предавањето на возвишениот дух на баладата како да ја оправда делумно онаа неприродна афектирана важност, со која таа така свечено излезе на средината на терасата. Таа важност би можела сега да се протолкува само како неограниченост и, би можело да се рече, и

почит кон она што таа прими на себе да го предаде. Очите ѝ светкаа и лесно, одвај забележливо протрепе-рување од вдахновението и восхитот два-трипати мина низ нејзиното прекрасно лице. Таа рецитираше:

Живеел на светов рицар беден,
Едноставен и молчалив бил тој,
Навидум невесел и бледен,
Но со дух бестрашен и свој.

Му се присонила слика
До која низ умот нема пат.
И во неговото срце бликнал
Нејзиниот блесок злат.

Оттогаш, со душа в пепел,
Жените тој не ги гледал,
Од разговор со нив стрепел
И на молчењето му се предал.

Тој себеси околу вратот,
Од броеници си врзал низи
И пред никој, ни миг краток,
Не го кревал својот визир.

Чиста љубов штом го плени
Тој, верен на бленот благ,
А. М. Д. од своите вени
Напиша на штитот како знак.

И низ пустинските бини,
В Палестина, в еден строј,
Ги спомнуваа паладини
Дамите во страшен бој,

Lumen coeli, sancta Rosa!*
Викал див и борбен тој
И внесувал страв и ужас
Меѓу муслиманите безброј.

Се вратил да живее в замок,
Далеку од светски шум,
Сè без збор, сè во самост,
И умрел како без ум.

---

* Небесна светлино, света Ружо! (латински)

Сеќавајќи се подоцна на целиот овој миг, кнезот долго и необично збунет се мачеше со едно прашање што му изгледаше неразрешливо: како беше можно да се соедини таквото вистинско, прекрасно чувство со толку јасно и пакосно подбивање? Дека тоа беше подбивање, тој не се сомневаше во тоа; тој јасно го разбра ова и имаше причини за тоа: за време рецитирањето Аглаја си дозволи да ги замени буквите А. М. Д. со буквите Н. Ф. Б. Во тоа дека тоа не беше грешка и лошо чуено од негова страна, – тој не можеше да се сомнева (подоцна тоа беше и докажано). Во секој случај истапот на Аглаја, – се разбира, шегата, макар и да беше премногу остра и лекомислена, – беше однапред подготвена. За „бедниот рицар“ сите зборуваа (и се „смееја“) уште пред еден месец. А меѓутоа, колку што си приспомнуваше подоцна кнезот, испаѓаше дека Аглаја ги изговори тие букви не само така што да не личи на шега или на некакво подбивање, или пак дури на некакво подвлечување на тие букви, за порељефно да се истакне нивната скриена смисла, туку, напротив, со таква тврда сериозност, со таква невина и наивна едноставност, што можеше да се помисли дека токму тие букви биле во баладата и дека така било напечатено во книгата. Нешто тешко и непријатно како да го рани кнезот. Лизавета Прокофјевна, се разбира, не ја разбра и не ја забележи ниту замената на буквите, ниту навестувањето. Генералот Иван Фјодорович сфати само дека се рецитира песна. Од другите слушачи многумина разбраа и се почудија и на смелоста на истапот и на намерата, но премолчија и се трудеа да не покажат дека разбрале. Но Евгениј Павлович (кнезот можеше да се обложи) не само што беше разбрал, туку се трудеше и да покаже дека разбрал: тој премногу подбивно се насмевнуваше.

– Каква убавина! – викна генералицата вистински одушевена, веднаш по завршувањето на рецитирањето, – чија е таа песна?

– Од Пушкин е, maman, не срамете нè, тоа е срамно! – викна Аделаида.

– Та со вас и поголема глупачка ќе излезеш! – горчливо се одзва Лизавета Прокофјевна. – Срамно е!

Штом ќе стигнеме, да ми ги дадете песните на Пушкин.

– Ние, се чини, воопшто и го немаме Пушкин.

– Се валкаат од памтивек некакви две распартални книги, – додаде Александра.

– Веднаш да се прати некој во градот да купи. Фјодор или Алексеј, со првиот воз, – подобро Алексеј. Аглаја, дојди ваму! Бакни ме, ти прекрасно рецитираше, но ако го рецитираше тоа искрено, – додаде таа речиси со шепот, – тогаш јас те жалам; ако рецитираше за да му се подбиваш нему, јас не ги одобрувам твоите чувства, така што, во секој случај, ќе беше подобро сосема да не рецитираш. Разбираш? Оди си госпоѓице, јас уште ќе поразговарам со тебе, а ние тука премногу се задржавме.

Во меѓувреме кнезот се поздравуваше со генералот Иван Фјодорович, а генералот му го претставуваше Евгениј Павлович Радомски.

– Патем го најдов, тој штотуку стигна со возот; дозна дека идам ваму, а и дека сите наши се тука . . .

– Дознав дека и вие сте тука, – го прекина Евгениј Павлович, – и бидејќи веќе одамна си поставив цел на себеси не само да барам згоден момент да се запознам со вас, туку и да се спријателиме, не сакав да губам време. Вие не сте арен? Јас штотуку дознав . . .

– Сосема сум здрав и ми причинува големо задоволство да ве запознам, имам многу чуено и дури говорено за вас со кнезот Ш., – одговори Лав Николаевич подавајќи му ја раката.

Заемните учтивости беа искажани, обајцата си ги стегнаа рацете и се погледнаа в очи. За миг разговорот стана заеднички. Кнезот забележа (а тој сега забележуваше сè брзо и дури со жед, можеби, и она што го немаше), дека цивилната облека на Евгениј Павлович предизвикуваше општо и некако необично силно вчудовидување, толку многу, што дури сите други впечатоци времено беа заборавени и израмнети. Можеше да се помисли дека во оваа промена на костумот се содржеше нешто особено важно. Аделаида и Александра со недоумица му поставија прашања на Евгениј Павлович. Кнезот Ш., неговиот роднина, дури

и со голема вознемиреност; генералот зборуваше речиси возбудено. Единствено Аглаја го изгледа Евгенија Павлович околу една минута со интерес, но сосема спокојно, небаре сакаше само да спореди што му стои подобро, воената униформа или цивилната облека, но по една минута го сврти погледот и повеќе не го гледаше. Лизавета Прокофјевна, исто така, не сакаше ништо да праша, макар што, можеби и таа беше малку вознемирена. На кнезот му се стори дека Евгениј Павлович како да не е во нејзина милост.

– Сѐ почуди, сѐ вчудовиди – повторуваше Иван Фјодорович во одговор на сите прашања. – Не сакав да верувам уште кога прекуеска го сретнав во Петербург. И зошто вака ненадејно, ете ти проблем? И самиот прв говореше дека не треба да се кршат столовите.*

Од натамошниот разговор можеше да се види дека Евгениј Павлович ја навестувал оставката веќе одамна; но секојпат за неа зборувал толку несериозно што не можеше да му се верува. А тој и за сериозните работи говореше секогаш со толку подбивен тон, што никако не можеше човек да го разбере, а особено ако и самиот посакаше да не биде разбран.

– Но јас времено, неколку месеци, најмногу една година ќе бидам во оставка, – се смееше Радомски.

– Но немаше никаква потреба, колку што ги знам јас вашите работи, – сѐ уште се распалуваше генералот.

– А да ги обиколам своите имоти? Самиот ме советувавте; а притоа сакам и во странство да појдам . . .

Разговорот, впрочем, брзо се промени; но нешто премногу особената вознемиреност, што сѐ уште траеше, сепак, според мнението на кнезот кој набљудуваше, излегуваше од мерка, и тука сигурно имаше нешто особено.

– Значи, „бедниот рицар“ пак е на сцената? – праша Евгениј Павлович приближувајќи се кон Аглаја.

---

* Алузија на едно лице од „Ревизор“ на Гоголь, што ги крши столовите кога ќе падне в оган (Заб. на прев.).

На вчудовидување на кнезот, оваа погледна во него во недоумица и прашално, небаре сакаше да му даде на знаење дека меѓу нив не можело да има ни збор за „бедниот рицар“ и дека таа дури не го разбира ни прашањето.

– Но доцна е, доцна е сега да се праќа човек в град по Пушкин, доцна е! – се препираше Коља со Лизавета Прокофјевна, силејќи се колку што можеше, – три илјадипати ви велам дека е доцна.

– Да, сега навистина е доцна да се испраќа човек в град, – се замеша и тука Евгениј Павлович, оставајќи ја што поскоро Аглаја, – мислам дека и продавниците во Петербург се затворени, веќе мина осум часот, – рече тој вадејќи го часовникот.

– Толку чекавте, не ви паѓаше на ум, можете да издржите до утре, – се вмеша Аделаида.

– А и непристојно е, – додаде Коља, – светски луѓе премногу да се интересираат за литературата. Прашајте го Евгениј Павлович. Повеќе личи да се интересираат за жолта кочија со црвени тркала.

– А вие пак нешто од книга, Коља! – забележа Аделаида.

– Тој инаку и не говори, туку само од книги, – ја поддржа Евгениј Павлович, – се изразува со цели реченици од критички осврти. Јас веќе одамна имам задоволство да го познавам разговорот на Николај Ардалионович, но овој пат тој не говори од книга; Николај Ардалионович јасно мисли на мојата жолта кочија со црвени тркала. Само јас веќе ја имам сменето, вие задоцнивте.

Кнезот се вслушуваше во она што го говореше Радомски... Нему му се чинеше дека тој се држи прекрасно, скромно, весело, и особено му се допадна што тој на рамна нога и пријателски разговара со Коља, кој го закача.

– Што е тоа? – ѝ се обрна Лизавета Прокофјевна на Вера, ќерката на Лебедев, која стоеше пред неа со неколку книги в раце во голем формат, со прекрасна обвивка и речиси нови.

– Пушкин, – рече Вера. – Тоа е нашиот Пушкин. Тате ми рече да ви го донесам.

– Како тоа? Како е можно тоа? – се почуди Лизавета Прокофјевна.

– Не да ви го подари, не да ви го подари! Не би имал храброст тоа да го стори! – се појави од зад рамото на ќерката Лебедев. Колку што чини, госпоѓо: Тоа е наш сопствен, на семејството, наш домашен Пушкин, издание на Аненков, кое денес не може ни да се најде, – колку што чини, госпоѓо. Ви го нудам со длабока почит, со желба да ви го продадам и со тоа да ја задоволам благородната нестрпливост на најблагородните литературни чувства на вашето превосходство.

– А, го продаваш, тогаш благодарам. Не плаши се, не ќе бидеш во загуба; само не криви се, те молам, братче. Имам чуено за тебе, велат дека си бил многу начитан, некогаш ќе поразговараме; самиот ли ќе го однесеш кај мене?

– Со понизност и . . . со почит! – се кривеше необично задоволниот Лебедев, грабнувајќи ги книгите од ќерката.

– Внимавај само да не ги испогубиш, однеси ги и без почит, само под услов, – додаде таа разгледувајќи го внимателно, – само до прагот ќе те пуштам, а немам намера денес да те примам. Ќерката Вера можеш да ми ја пратиш и сега, таа многу ми се допаѓа.

– Што молчите за оние? – нестрпливо му се обрна Вера на татка си, – зашто тие и сами ќе влезат: почнаа да креваат врева. Лав Николаевич, – му се обрна таа на кнезот, кој веќе си ја беше зел шапката, – кај нас веќе одамна имаат дојдено некои, четворица, чекаат кај нас и пцујат, но тате не ги пушта кај вас.

– Какви се тие гости? – праша кнезот.

– Велат дека имаат работа, само такви се, што ако не ги пуштиме да влезат сега, можат и на пат да ве запрат. Подобро е, Лав Николаевич, да ги пуштиме да влезат сега и да завршите со нив. Нив таму ги смируваат Птицин и Гаврило Ардалионович, но тие не ги слушаат.

– Синот на Павлишчев! Синот на Павлишчев! Не заслужуваат, не заслужуваат! – мавташе со рацете Лебедев. – Не заслужуваат ни да ги слушате; и не ви

личи, пресветол кнезу, да се обеспокојувате заради нив. Ете така. Тие не заслужуваат ни ...

– Синот на Павлишчев! Господи! – викна кнезот необично збунет, – знам ... но нели јас ... јас му ја оставив таа работа на Гаврило Ардалионович. Пред малку Гаврило Ардалионович ми рече ...

Но Гаврило Ардалионович дојде на терасата, по него дојде и Птицин. Во најблиската соба се чу врева и силниот глас на генералот Иволгин, кој небаре сакаше да надвика неколку гласови. Коља веднаш истрча на вревата.

– Тоа е многу интересно, – гласно забележа Евгениј Павлович.

„Изгледа му е позната работата!" – помисли кнезот.

– Кој син на Павлишчев? И ... каков син може да има Павличев? – во недоумица прашуваше генералот Иван Фјодорович, разгледувајќи ги сите лица со интерес и почудено забележувајќи дека оваа нова приказна само нему му е непозната.

И навистина, возбудувањето и чекањето беше општо. Кнезот длабоко се почуди што оваа негова сосема лична работа веќе стигнала сите тука толку силно да ги заинтересира.

– Ќе биде многу убаво ако вие веднаш и самите ја завршите оваа работа, – рече Аглаја приоѓајќи му на кнезот со некоја особена сериозност, – а на сите нас дозволете ни да бидеме ваши сведоци. Вас сакаат да ве извалкаат, кнезу, вие треба триумфално да се оправдате, а јас однапред се радувам заради вас.

– И јас исто така сакам да заврши најодзади ова гнасно барање, – викна генералицата, – среди ги убаво, кнезу, не жали ги! Ушите веќе ми се дупнати од таа работа, и со голема горчина ми се наполни душата заради тебе. А интересно е и да се види. Викни ги, а ние ќе седнеме. Аглаја добро намисли. Имате ли чуено нешто за тоа, кнезу? – му се обрна таа на кнезот Ш.

– Се разбира, имам чуено; токму кај вас. Но особено сакам да ги видам тие млади луѓе, – одговори кнезот Ш.

– Тоа ли се тие нихилисти, а?

– Не госпоѓо, не би можеле да кажеме дека се нихилисти, исчекори напред Лебедев, кој исто така речиси трепереше од возбуда, – тоа се некои други, особени, внукот ми кажуваше дека тие ги надминале нихилистите. Напразно мислите дека ќе ги посрамите со вашето сведоштво, ваше превосходство; тие нема да се засрамат, госпоѓо. Нихилистите, сепак, напати се разбрани луѓе, дури и учени, а овие се отидени подалеку, зашто се деловни. Тоа всушност е некаква последица на нихилизмот, но не по директна линија, туку онака начуено и посредно, и не се пројавуваат себеси преку некоја статиичка во журнал, туку директно на дело; не е работата во бесмисленоста на некојси Пушкин, да речеме, и не во однос, на пример, на неопходноста да се распадне Русија на делови; не, госпоѓо, сега веќе директно се смета дека ако некој посака, пред никакви прегради веќе да не запира, та притоа да мора и да отепа осум лица. Но, кнезу, јас сепак не би ве советувал . . .

Но кнезот веќе тргна да им ја отвори вратата на гостите.

– Залудно ги напаѓате, Лебедев, – проговори тој насмевнувајќи се, – вас многу ве огорчи вашиот внук. Не верувајте му, Лизавета Прокофјевна. Ве убедувам дека Горски и Данилови се само случајности, а овие . . се само на погрешен пат . . . Само јас не би сакал тука, пред сите. Проштавајте, Лизавета Прокофјевна, тие ќе влезат, јас ќе ви ги покажам, а потоа ќе ги одведам. Повелете, господа!

Него повеќе го обеспокојуваше друга, за него помачна мисла. Нему му се чинеше дека е наредена од некого работата сега, токму во тој миг, во тоа време, однапред, токму за пред овие сведоци, и, можеби, за срам што се чекал, а не за триумф? Но премногу тажно му беше поради својата „чудовишна и злобна сомнежливост.“ Тој би умрел, се чини, кога би дознал некој дека тој има таква мисла во умот и во мигот, кога влегоа неговите нови гости, беше искрено готов да се смета себеси најлош од најлошите, во однос на моралот, од сите кои беа околу него.

Влегоа пет души, четворица нови гости и петтиот, по нив, генералот Иволгин, вжештен, возбуден и во напад на најсилна красноречивост. „Е овој е со мене, сигурно!“ – со насмевка си помисли кнезот Коља се мушна со другите: тој врело му говореше нешто на Ипполит, кој беше меѓу посетителите; Ипполит го слушаше и се насмевнуваше.

Кнезот ги смести гостите. Сите тие беа толку млади, толку уште неполнолетни луѓе, што човек би можел да му се почуди и на случајот и на целата перипетија која произлезе од него. Иван Фјодорович Епанчин, на пример, кој ништо не знаеше и ништо не разбираше од таа „нова работа“, дури се разлути, гледајќи ја ваквата незрелост, и веројатно некако и ќе протестираше, да не го запреше за него чудната заинтересираност на сопругата кон личните интереси на кнезот. Тој, впрочем, остана делумно од љубопитност, делумно поради добро срце, надевајќи се дури и да помогне и во секој случај да му се најде со својот авторитет; но поздравот оддалеку кој му беше упатен од генералот Иволгин, што влезе, одново го фрли во негодување, тој се намурти и реши упорно да молчи.

Меѓу четворицата млади посетители, еднаот, впрочем, беше на околу триесет години, „поручник во оставка од бандата на Рогожин, боксер кој и самиот им подаруваше по петнаесет рубли на питачите“. Можеше да се одгатне дека тој ги придружува другите заради храброст, како искрен пријател, и, ако се укаже потреба, за поддршка. Меѓу другите пак првото место и првата улога ја имаше оној, кој го носеше називот „синот на Павлишчев“, иако се претставуваше како Антип Бурдовски. Тоа беше момчак, бедно и небрежно облечен, во палто со толку маслосани ракави што блескаа како огледало, со маслосан, запетлан догоре елек, со скриена некаде кошула, со црн свилен шал маслосан донемајкаде и свиен како дебело јаже, се неизмиени раце, со лице цело прекриено со мозолчиња и, ако е можно вака да се каже, со невино-натрапничав поглед. Тој беше со висок раст, сувикав, на околу дваесет и две години. Ни најмала иронија, ни најмала рефлексија не се изразуваше на неговото

лице; напротив, само целосен, тап занес со сопственото право и истовремено нешто што доведуваше до необична и непрестајна потреба да биде и да се чувствува постојано навреден. Тој говореше возбудено, итајќи и прекинувајќи се, не доискажувајќи ги докрај зборовите, небаре имаше говорна мана, или беше странец, макар што, впрочем, беше од сосема руско потекло.

Го придружуваше, пред сѐ, веќе познатиот на читателите, внук на Лебедев, а после, Иполит. Иполит беше сосема млад, на околу осумнаесет години, со умен, но постојано раздразнет израз на лицето, на кое болеста остави ужасни траги. Тој беше сув како скелет, бледожолт, очите му светкаа, а две црвени дамки гореа на неговите образи. Тој непрестајно кашлаше; секој негов збор, речиси секој негов здив беше придружен со кркорење. Очевидна сушица во најсилен ек. Се чинеше дека не му преостанува да живее повеќе од две-три недели. Тој беше многу премален и прв се спушти на столот. Другите на влегување малку се стеснуваа и за малку што не се збунија, но сепак, задржуваа важен изглед и видливо се плашеа на некој начин да не си го изгубат достоинството, што беше во чудна дисхармонија со нивната репутација на негатори на сите бесполезни општествени дребулии, предрасуди и речиси сѐ на светов, освен сопствените интереси.

– Антип Бурдовски, – брзајќи и пелтечејќи проговори „синот на Павлишчев“.

– Владимир Докторенко, – јасно, разбирливо и небаре фалејќи се дека тој е Докторенко, се претстави внукот на Лебедев.

– Келер! – промрмори поручникот во оставка.

– Иполит Терентјев, – со нечекано писклив глас пропишти последниов. Сите најодзади се сместија во еден ред на столовите спроти кнезот, сите, откако се претставија, се намуртија и за да се охрабрат, ги преместија од едната рака во другата своите шапки, сите се приготвија да говорат и сите, сепак, молчеа, чекајќи нешто со предизвикувачки изглед, во кој можеше да се прочита: „Не, братче, се лажеш, не ќе ме

направиш магаре!" Се чувствуваше дека требаше само еден колку да почне да го изговори само првиот збор и сите веднаш заедно ќе проговорат, престасувајќи се и прекинувајќи се еден друг.

VIII

– Господа, јас не чекав никого од вас, – почна кнезот, – самиот јас пак до денес бев болен, а вашата работа (му се обрна тој на Антип Бурдовски) јас уште пред еден месец му ја имам доверено на Гаврило Ардилионович Иволгин, за што уште тогаш ве известив. Впрочем, јас не избегнувам лично да се објасниме, само, и вие ќе се сложите во ваков миг . . . јас ви предлагам да појдеме во друга соба, ако не мислите долго дека ќе трае . . . Тука се сега мои пријатели и верувајте ми . . .

– Пријатели . . . колку сакате, но, сепак, дозволете, – го прекина наеднаш со многу поучен тон, сè уште не подигајќи го многу гласот, внукот на Лебедев, – дозволете ни и нам да ви кажеме дека вие сте можеле да постапите со нас поучтиво, а не да нè оставите да чекаме два часа кај вас во собата за лакеи . . .

– И, се разбира . . . и јас . . . и тоа е кнежевски начин! И тоа . . . сте вие, значи, генералу! А јас не сум ви лакеј! И јас, јас . . . – промрмори наеднаш необично возбуден Антип Бурдовски, со растреперени усни, со многу навредено треперење на гласот, со шурки кои му прскаа од устата, небаре сиот прсна или експлодира, но наеднаш така забрза, што по десет зборови веќе ништо не можеше да се разбере.

– Тоа беше на кнежевски начин! – вресна со писклив, зарипнат глас Ипполит.

– Да ми се случеше тоа мене, – пробаботи боксерот, – да се однесуваше тоа директно на мене, како на благороден човек, да сум на местото на Бурдовски јас . . . јас ќе . . .

– Господа, јас само пред една минута дознав дека сте вие тука, жими бога, – повтори кнезот.

– Ние не се плашиме, кнезу, од вашите пријатели,

кои и да се тие, зашто ние си го бараме правото, – изјави внукот на Лебедев.

– Сепак, дозволете да ве прашам, какво право сте имале, – исписка пак Иполит, но веќе сосема распален, – да ја изложувате работата на Бурдовски пред судот на вашите пријатели? А ние можеби и не го сакаме судот на вашите пријатели; премногу е јасно што може да значи судот на вашите пријатели! . . .

– Но ако вие, господине Бурдовски, најпосле не сакате тука да говорите, – успеа најодзади да се вмеша кнезот необично поразен од ваквиот почеток, – јас ви велам, да појдеме сега во друга соба, за сите вас, ви повторувам, сме чуле пред една минута . . .

– Но вие немате право, немате право, немате право! . . вашите пријатели . . . Ете! . . – запелтечи наеднаш одново Бурдовски избезумено и претпазливо обѕирајќи се наоколу и потпалувајќи се толку повеќе, колку што стануваше понедоверлив и позагрозен, – вие немате право! – и, откако го кажа тоа, реско запре, небаре се прекина, и молчејќи, ококорувајќи ги кусогледите, необично издадени очи со дебели црвени жилички, тој прашално се загледа во кнезот, наведнувајќи се напред со целото тело. Овојпат кнезот толку се вчудовиди, што и самиот замолчи, и исто така, почна да го гледа со ококорени очи и не проговорувајќи ниту збор.

– Лав Николаевич! – го викна наеднаш Лизавета, Прокофјевна, – прочитај го еве ова сега, истиов миг, тоа се однесува директно на твојата работа.

Таа забрзано му подаде еден неделен весник од хумористичните и покажа со прстот една статија. Лебедев, уште кога влегуваа гостите, ѝ се доближи отстрана на Лизавета Прокофјевна, чија милост сакаше да ја придобие, не проговорувајќи ниту збор, го извади од својот страничен џеб весникот ѝ го намести директно пред очите и ѝ ја покажа колоната. Она, што веќе стаса да го прочита, ја порази и ужасно ја возбуди Лизавета Прокофјевна.

– Не ќе биде ли подобро да не читам наглас, – пропелтечи кнезот многу збунет, – јас би го прочитал сам, после . . .

– Подобро е ти да го прочиташ, читај го сега гласно! Гласно! – му се обрна Лизавета Прокофјевна на Коља, откако нестрпливо го зграпчи весникот од рацете на кнезот, кој тој одвај стигна да го допре, – на сите наглас, сите да можат да чујат.

Лизавета Прокофјевна беше избувлива и импулсивна дама, така што наеднаш и ненадејно, не премислувајќи се многу, напати ќе ги кренеше сите котви и ќе се упатеше во отворено море, не распрашувајќи се за времето. Иван Фјодорович се помрдна вознемирено. Но засега, во првиот миг сите и без да сакаат запреа и чекаа во недоумица. Коља го рашири весникот и почна да чита наглас од местото кое му го покажа Лебедев, кој веднаш се најде крај него.

„Пролетери и потомци на господата, епизода од дневните и секојдневните пљачкосувања! Прогрес! Реформа! Справедливост!"

„Необични работи се случуваат во нашава таканаречена света Русија, во нашиов век на реформи и компаниски иницијативи, во век на националноста и стотици милиони што се извезуваат секоја година во странство, во век на засилување на индустријата и парализирање на работните раце итн., инт., невозможно е сè да се наброи, господа, затоа ќе преминеме директно на случката. Се има случено чудна анегдота со еден потомок на нашето одживеано спахиско господство (de profundis!)*, впрочем, на еден од оние потомци, чии уште дедовци докрај сè упропастиле со рулет, татковците биле принудени да бидат на служба како јункери и поручници, и обично умирале како осуденици поради некоја невина проневера на државни пари, а чии деца, слично на јунакот на нашата приказна, или растеле како идиоти, или пак се наоѓаат директно замешани во криминал, поради што, впрочем, за да ги поучат и поправат, поротниците ги ослободуваат; или пак, најпосле, свршуваат со тоа што ќе направат некоја анегдота која ќе ја стаписа јавноста и ќе го посрамоти и без тоа веќе доста

* За умрените (латински).

посрамотениот наш век. Нашиот потомок, пред околу половина години, обуен во гамаши на странски начин и треперејќи од студ во непоставено шинелче се вратил зиме во Русија од Швајцарија, каде што се лекувал од идиотизам (сиц!). Ќе треба да признаеме дека тој навистина имал среќа, зашто тој, да не ја спомнуваме неговата интересна болест, од која се лекувал во Швајцарија (можно ли е да се лекува идиотизмот, претставете си го само тоа?!!), со својот пример би можел да ја потврди точноста на руската поговорка: „извесен тип луѓе имаат среќа!“ Претставете си самите: уште цицалче, по смртта на татка си, за кој велат дека бил поручник, умрен под обвинение за ненадејното исчезнување на сите пари од четата на маса за комар, а можеби и поради преголемата доза мавање на некој потчинет (го паметите ли старото време, господа!), нашиот барон бил земен на воспитување од сожалување на еден од многу богатите руски спахии. Овој руски спахија, – би можеле да го наречеме и П., – сопственик на четиристотини илјади крепоснички души во пређешното златно време (крепоснички души! го разбирате ли вие, господа, овој израз! Јас не го разбирам. Би требало да се погледа во енциклопедискиот речник: „споменот е свеж, но тешко е да се поверува“), бил, изгледа еден од оние руски легачи и дембели, кои го менувале својот живот во странство, лете во бањите, а зиме во парискиот Шато-де-Флер, каде што во својот живот имале оставено огромни суми пари. Со сигурност би можело да се каже дека најмалку една третина од пређешното крепосничко богатство одело во рацете на сопственикот на парискиот Шато-де-Флер (блазе му нему!). Како и да било, а безгрижниот П. му дал на сирачето-баронче кнежевско воспитание, му зел домашни учители и гувернантки (несомнено убави), кои, за таа цел лично ги доведувал од Париз. Но последниот во својот род, господски потомок, бил идиот. Шато-де-Флерските гувернантки не можеле ништо да помогнат и нашиот воспитаник до дваесет години не научил да говори ниеден јазик, не исклучувајќи го ни рускиот. Последното, впрочем, може да се прости. Најпосле, во руската спахиска

глава на П. се појавила идеја дека идиотот можел да се здобие со ум во Швајцарија, – впрочем, тоа била логична идеја: природно е што легачот и проприетерот можел да вообрази дека за пари можело и ум да се купи на пазар, дотолку повеќе во Швајцарија. Минале пет години лекување кај некој познат швајцарски професор и биле поарчени илјадарки: идиотот, се разбира, не станал умен, но велат, сепак, почнал да личи на човек, се разбира, сосема малку. Одненадеж П. ненадејно умира. Тестамент, се разбира, нема: работите се, се разбира, заплеткани, куп алчни наследници, на кои сосема не им е до потомоци последни во својот род, што се лекуваат од наследен идиотизам во Швајцарија. Потомокот, иако идиот, сепак се обидува да го измами својот професор и две години, велат, успеал да остане на лекување кај него бесплатно, прикривајќи ја смртта на својот добродетел. Но професорот и самиот бил добар шарлатан: исплашен најпосле од тоа што не му пристигнувале никакви пари, а најмногу од апетитот на својот дваесетипетгодишен легач, тој го обул во своите износени гамаши, му го подарил својот излитен шинел и сожалувајќи се го испратил во трета класа, nah Russland* – ослободувајќи се од него во Швајцарија. Би можело да се помисли дека среќата му го свртила грбот на нашиот јунак. Но не било така, господа: фортуната која сотрува цели губернии од глад, сите свои дарби наеднаш ги истура врз аристократчето, како Облакот на Крилов кој минал над исушеното поле за да се пролее над океанот. Речиси истиот миг штом се појавил тој во Петербург, доаѓајќи од Швајцарија, во Москва умира еден од роднините на неговата мајка (која била, се разбира, трговска ќерка), стар, неженет, без деца, трговец со долга брада и расколник, и остава неколку милиони во наследство, неоспорно и чисто, во готови пари (да ни се случеше нам тоа, читателу!) и сето тоа на нашиот потомок, сето тоа на нашиот барон, кој се лекувал од идиотизам во Швајцарија! Е, сега веќе

---

* Во Русија.

почнала нова игра. Околу нашиов барон со гамаши, што се занесол со една позната издржувана убавица, наеднаш се насобрала цела толпа пријатели и другари, се нашле дури и роднини, а најмногу цели толпи благородни девојки, жедни за законски брак, а што може да се посака повеќе аристократ е, милионер, идиот – сите квалитети на едно место, таков маж ни со фенер не ќе најдеш и по нарачка не ќе добиеш! . . .“

– Ова . . . ова јас веќе не го разбирам! – викна Иван Фјодорович со најсилно негодување.

– Престанете, Коља! – викна кнезот со молбен глас. Се слушнаа повици од сите страни.

– Да се чита! Да се чита по секоја цена! – отсече Лизавета Прокофјевна, очевидно воздржувајќи се со необичен напор. – Кнезу! Ако не се чита – ќе ви се налутам.

Немаше што да се прави, Коља вжештен, вцрвенет, возбуден, со вознемирен глас го продолжи читањето:

„Но меѓутоа, додека нашиот скорешен милионер се наоѓал, така да кажеме, на седмо небо, се случи нешто сосема поинакво. Една прекрасна изутрина доаѓа кај него еден посетител со спокојно и строго лице, со учтив, но достоинствен и праведен говор, облечен скромно и благородно, со јасно видливо прогресивно мислење и во два збора му ја објаснува причината на посетата: тој – е познат адвокат; и нему му е дадена една работа од еден момчак; тој се појавува во негово име. Тој млад човек не е никој друг, туку синот на покојниот П., макар што носи друго презиме. Сладострасниот П., откако измамил во својата младост една чесна, сиромашна девојка од слугинско потекло, но со европско воспитание (при што, се разбира, тука се имаат замешано и баронските права на крепосничкиот поредок), и откако ја забележал неминовната, но блиска последица на својата врска, набрзина ја омажил за еден човек кој се занимавал со трговија и дури бил на државна служба, со благороден карактер, кој веќе одамна ја љубел таа девојка. Отпрвин тој ѝ помагал на младата брачна двојка; но на-

скоро неговата помош била одбиена да се прима од благородниот карактер на нејзиниот маж. Минало извесно време и П. постепено успеал да ја заборави девојката и синот кој го добил со неа, неговиот син, а после, како што е познато, умрел без да остави тестамент. Меѓутоа, неговиот син, роден веќе во законски брак, пораснат под друго презиме и сосема посинет од благородниот карактер на мажот на својата мајка, дотолку повеќе што по извесно време тој умрел, останал без никакви средства со болникавата, несреќна, парализирана мајка во една од најоддалечените губернии; самиот тој пак во престолнината се здобивал со средства со секојдневен благороден труд давајќи часови во трговски семејства и со тоа се издржувал себеси отпрвин во гимназија, а потоа слушајќи полезни предавања имајќи пред себе највисоки цели. Но многу ли може да се добие од рускиот трговец, кој дава грош за еден час, а одозгора и со болна парализирана мајка, која, најодзади и со својата смрт во далечната губернија, не му олеснила многу? Сега се поставува прашањето: како требало, според справедливоста, да просуди нашиот потомок? Вие, се разбира, мислите, читателу, дека тој си рекол вака: „Јас сиот свој живот сум се користел со целата дарежливост на П.; за моето воспитување, за гувернантките и за лекувањето од идиотизмот во Швајцарија се потрошиле десетици илјади, и ете, јас сега имам милиони, а благородниот карактер на синот на П., кој не бил ништо виновен поради грешките на својот лекомислен татко, кој го заборавил, пропаѓа давајќи часови. Сето она што било потрошено за мене, како што е справедливо, би требало да биде потрошено за него. Оние огромни суми потрошени за мене, не се всушност мои. Тоа била само слепа грешка на судбината; тие му припаѓале на синот на П. Тие за него морале да бидат употребени, а не за мене – рожбата на фантазерскиот каприц на лекомислениот и заборавливиот П. Кога јас би бил сосема навистина благороден, деликатен, справедлив, јас би требало да му ја дадам на неговиот син половината од целото мое наследство; но бидејќи сум пред сè сметкаџија и одлично сфаќам дека работата нема ни-

каква правна основа, јас нема да му ја дадам половината од моите милиони. Но, во крајна линија премногу ќе биде ниско и бесрамно (потомокот заборавил дека и немал сметка) од моја страна, ако јас не му ги вратам сега оние десетици илјади што ги потрошил П. на мојот идиотизам, на неговиот син. Тоа само совеста и справедливоста го бараат! Зашто што ќе станеше со мене, да не ме земеше П. да ме воспитува, туку место за мене да се грижеше за својот син?"

Но не, господа! Нашите аристократски потомци не размислуваат така. Колку и да му ги објаснуваше работите адвокатот на момчакот, кој ја зел на себе грижата за него од чисто пријателство и речиси против неговата волја, речиси со сила, колку и да ги истакнуваше пред него обврските на честа, благородноста, справедливоста и дури обичната сметка што ќе ја има, швајцарскиот воспитаник остана неумолив, и што мислите? Сето тоа не би било ништо, но ова навистина, со никаква особена болест не би можело да се извини и да се прости: овој, штотуку ослободен од гамашите на својот професор, милионер, не можел дури ни ова да го сфати дека ниту милостина, ниту помош бара од него благородниот карактер на момчакот, кој се упропастува давајќи часови, туку го бара своето право, она што му припаѓа нему, макар што тоа не е од правна гледна точка, и дека тој дури и не моли, туку пријателите негови се грижат за тоа. Од високо, занесен со добиената можност под заштита на законот да ги угнетува луѓето со своите милиони, нашиот потомок вади банкнота од педесет рубли и му ја испраќа на благородниот момчак како навредлива милостина. Вие не верувате, господа? Вие се згрозувате, вие сте навредени, градите ви ги пробива крикот на негодување: но тој, сепак, го сторил тоа! Се разбира, парите веднаш му биле вратени, речиси, му биле фрлени назад, во лицето. Кој начин ни преостанува за да се разреши оваа работа! Работата нема правна основа, единствено ни преостанува да ја запознаеме јавноста! Анегдотата ѝ ја даваме на јавноста, гарантирајќи за нејзината веродостојност. Велат дека еден од нашите најпознати хумористи одговорил на ова со

прекрасна епиграма, достојна да заземе место не само во губерниските, туку и во оние од престолнината, хроники на нашите обичаи:

Љова во шинелот на Шнајдер
Пет години си минал
И без умот да си го најде
Си ја решил судбината.
Се вратил во гамаши тесни
И наследил пари безброј,
Молитвите кон бога му се чесни
Но студентите ги покрал тој.

Штом заврши Коља, побрза да му го даде весникот на кнезот и не проговорувајќи ниту збор појури во аголот, длабоко се скри во него и го прекри лицето со раце. Тој чувствуваше неподнослив срам, и неговата детска, уште ненавикната за нечистотија, чувствителност, беше прекумерно згрозена. Нему му се чинеше дека се случило нешто необично, кое разурнало сѐ наеднаш, и дека речиси самиот тој е причината за тоа, со самото тоа што го прочита наглас.

Но и сите, се чинеше, чувствуваа нешто слично.

Девојките се чувствуваа многу непријатно и им беше срам. Лизавета Прокофјевна задржуваше во себе огромен гнев и исто така, можеби, горчливо се каеше што се замеша во работата. На кнезот му се случуваше, она што во слични ситуации им се случува на многу срамежливите луѓе: тој толку беше засрамен од туѓа постапка, толку се засрами поради своите гости, што во првите мигови не смееше ни да ги погледне. Птицин, Варја, Гања, дури и Лебедев – сите како да имаа малку збунет изглед. Најчудно беше тоа што и Иполит и „синот на Павлишчев", исто така, како да беа вчудовидени од нешто; внукот на Лебедев, исто така, беше видливо незадоволен. Само боксерот си седеше сосема спокоен, сучејќи си ги мустаќите, со важен изглед и малку спуштен поглед, но не поради збунетост, туку напротив, се чинеше, како од благородна скромност и од премногу очевидниот триумф. Јасно се гледаше дека статијата многу му се допаѓа.

– Ѓавол би го знаел што е ова, – промрмори полугласно Иван Фјодорович – небаре педесет лакеи се собрале заедно да го напишат и го напишале.

– А, дозволете да ве прашам, милостив господине, како смеете да навредувате со слични претпоставки? – изјави Иполит и сиот затрепери.

– Ова, ова, ова е за благороден човек . . . признајте и самиот, генерале, ако сте вие благороден човек, ова е веќе навредливо! – промрмори боксерот, исто така сепнувајќи се ненадејно којзнае поради што, продолжувајќи да ги суче мустаќите и грчејќи ги рамената и целото тело.

– Пред сè, јас не сум ви „милостив господин", а второ, јас немам намера да ви давам некакво објаснение, – реско одговори ужасно разлутениот Иван Фјодорович, стана од своето место и не проговорувајќи ниту збор, се повлече кон излезот на терасата и запре на горната скала свртен со грб кон другите, – ужасно негодувајќи спрема Лизавета Прокофјевна која ни сега немаше намера да го напушти своето место.

– Господа, господа, та дозволете, најодзади, господа, да разговараме, – тажно и возбудено викаше кнезот, – и ве молам, да разговараме така да можеме да се разбереме меѓу себе. Јас, господа, за статијата ништо, нека биде; само тоа, господа, не е ништо вистина од она што е напечатено во статијата: јас тоа ви го велам зашто вие и самиот го знаете; дури е срамно. Затоа јас навистина се чудам ако тоа некој од вас го напишал.

– До овој миг јас ништо не знаев за оваа статија, – изјави Иполит, – јас не ја одобрувам таа статија.

– Јас, макар што знаев дека таа е напишана, но . . . јас, исто така, не би си се сложил да се напечати, зашто е рано, – додаде внукот на Лебедев.

– Јас знаев, но јас имам право . . . јас . . . – промрмори „синот на Павлишчев".

– Како! Вие самите сте го измислиле сето тоа? – праша кнезот љубопитно гледајќи го Бурдовски, – та тоа е невозможно!

– Може и да не ви се признава, впрочем, право на вакви прашања, – се замеша внукот на Лебедев.

– Јас само се почудив што господинот Бурдовски успеал . . . но . . . јас сакам да кажам, ако веќе оваа работа сте ја изнеле во јавноста, зашто преќеска толку сте се навредиле кога јас почнав пред моите пријатели да зборувам за тоа?

– Најпосле! – промрмори со негодување Лизавета Прокофјевна.

– Сте го заборавиле и ова, кнезу, – се промолкна наеднаш меѓу столовите Лебедев не можејќи да се воздржи, наоѓајќи се речиси во треска, – сте заборавиле дека единствено вашата добра волја и беспримерна добрина на вашето срце сториле да ги примите и да ги ислушате нив, и дека тие немаат никакво право да бараат на овој начин, дотолку повеќе што вие оваа работа ја предадовте веќе на Гаврило Ардалионович, а и тоа поради прекумерната ваша добрина така сте постапиле, а сега, пресветол кнезу, останувајќи сред вашите одбрани пријатели, зашто не можете да го жртвувате ваквото друштво поради овие господа, а би можеле на сите овие господа, така да речам, веднаш да им ја покажете вратата, така што јас, како газда на куќата, дури со необично задоволство би . . .

– Сосема заслужено! – загрми одеднаш од длабочината на собата генералот Иволгин.

– Престанете Лебедев, престанете, престанете . . . – почна кнезот, но цела експлозија на негодување ги прекри неговите зборови.

– Не, проштавајте, кнезу, проштавајте, но сега веќе тоа не ќе биде доволно да престане Лебедев! – речиси успеа да ги надвика сите внукот на Лебедев, – сега работата треба да се постави јасно и цврсто, зашто е очевидно дека не ја разбираат. Тука се замешаа правните параграфи, и врз основа на тие параграфи ни се закануваат да нè истуркаат низ врата! Зар е можно, кнезу, да нè сметате до таква степен улави, та и самите да не сфаќаме дека ако земеме од правна страна ние по закон немаме право да ви побараме ниту една рубља? Но ние го сфаќаме токму тоа дека ако тука не постои право од правна гледна точка, постои човечко, природно право; право на

здравиот разум и глас на совеста, и нека тоа наше право не биде запишано во ниеден гнил човечки кодекс, секој благороден и чесен човек, то ест тоа е исто што и човек со здрав разум, мора да остане благороден и чесен дури и на оние точки кои не се запишани во кодексите. Токму затоа ние и влеговме тука, не плашејќи се дека ќе бидеме истуркани низ врата (како што ни се закانувавте сега) само поради тоа што ние не молиме, туку бараме, и за неприлеганоста на посетата во ова време (макар што ние дојдовме не вака доцна, туку вие нè присиливте да чекаме во собата за лакеи), затоа и сме дојдени, ви велам, не плашејќи се од ништо, зашто претпоставивме дека вие имено сте човек со здрав разум, то ест со чест и совест. Да, вистина е дека ние не влеговме смирено, не како ваши питачи и молители, туку со кренати глави, како слободни луѓе, и сосема не да молиме, туку со слободно и гордо барање (слушате ли, не со молба, туку со барање, врежете си го ова добро во главата!). Ние имаме достоинство и директно ви го поставаме прашањето: во работата на Бурдовски сметате ли дека имате право, или не? Сметате ли дека Павлишчев бил ваш добротвор и дека дури, можеби, ве спасил од смрт? Ако сметате (што е очевидно), тогаш имате ли намера, или сметате ли дека е праведливо според вашата совест, од своја страна, откако ги добивте милионите, да го дарувате и синот на Павлишчев кој се наоѓа во нужда, макар што тој носи презиме Бурдовски? Да или не? Ако е да, то ест, со други зборови, ако го имате она, што со вашиот јазик го наречувате чест и совест, а што ние поточно го наречуваме со име здрав разум, тогаш задоволете нè и работата ќе биде свршена. Задоволете нè без молби и без благодарност од наша страна, не чекајте ги од нас, зашто вие не го правите тоа за нас, туку заради праведливоста. Ако пак не сакате да нè задоволите, тоест, ќе одговорите, не, ние веднаш си заминуваме и работата ја прекратуваме; вам пак во очи ви велиме, пред сите ваши сведоци, дека сте вие човек со груб ум и на низок развиток; дека во иднина не смеете и немате право да се наречувате чесен човек кој има совест, и

дека тоа право вие премногу ефтино сакате да си го купите. Јас завршив. Јас го поставив прашањето. Истуркајте нè сега низ врата ако смеете. Вие можете тоа да го сторите, вие имате сила. Но запаметете дека ние сепак бараме, а не молиме. Бараме, а не молиме.

Внукот на Лебедев, западнат во силен оган, запре.

– Бараме, бараме, бараме, а не молиме! . . . – запелтечи Бурдовски и се вцрви како рак.

По зборовите на внукот на Лебедев дојде извесно општо раздвижување и се крена дури и незадоволно мрморење, макар што од целото друштво сите очевидно избегнуваа да се мешаат во работата, можеби единствено со исклучок на Лебедев, кој како да беше во треска. (Чудна работа: Лебедев кој јасно беше од страната на кнезот, сега небаре чувствуваше извесно задоволство од семејна гордост по говорот на својот внук; во крајна линија, тој со некој особен изглед на задоволство ја изгледа целата публика.)

– По мое мислење, – почна кнезот прилично тивко, – по мое мислење, вие сте, господине Докторенко, во сето она што пред малку го кажавте, во половината од тоа, сосема во право, дури ќе се сложам, дека сте во поголемата половина, и јас сосема ќе се сложев со вас, да не бевте пропуштиле нешто во вашите зборови. Што имате имено пропуштено, јас немам сили и не сум во состојба точно да ви искажам, но за полна справедливост на вашите зборови, секако нешто недостига. Но да се вратиме, подобро, на работата, господа, кажете ми зошто сте ја дале во печат оваа статија? Зашто во неа секој збор е клевета; така што, според мене, господа, вие сторивте една нискост.

– Дозволете! . . .

– Милостив господине! . . .

– Тоа е . . . тоа е . . . тоа е . . . – се слушна наеднаш од страната на возбудените гости.

– Што се однесува до статијата, – пискаво се замеша Ипполит, – што се однесува до таа статија, веќе ви реков дека јас и другите не ја одобруваме! Неа ја напиша еве овој, – тој покажа кон боксерот кој седеше крај него, – ја напиша непристојно, се сложувам, ја напиша неписмено и со стил со кој пишуваат

исто ваквите како него луѓе во оставка. Тој е глуп и истовремено е шпекулант, тоа го признавам, јас тоа секој ден директно в очи му го кажувам, но сепак, делумно тој си е во право: јавноста си е законско право на секој, та според тоа и на Бурдовски. А пак за своите гнасотии сам нека си одговара. Што се однесува пак до тоа, дека јас пред малку во име на сите протестирав поради присутноста на вашите пријатели, сметам, милостиви господа, дека е потребно да ви објаснам дека јас протестирав единствено поради тоа за да го искажам нашето право, но дека всушност ние дури и сакаме да има сведоци, и ние уште порано, пред да влеземе ваму, се сложивме во тоа. Кои и да се вашите сведоци, нека бидат и ваши пријатели, но бидејќи тие не можат да не се сложат со правото на Бурдовски (зашто тоа е очевидно како аксиома), дури е и подобро што тие сведоци – се ваши пријатели; вистината ќе испакне уште поочевидно.

– Тоа е вистина, ние се сложивме со тоа, – потврди внукот на Лебедев.

– Зошто тогаш преѓеска дигнавте толкава врева веднаш штом влеговте, штом вие тоа го сакавте! – се почуди кнезот.

– А што се однесува до статијата, кнезу, – се замеша боксерот кој страшно сакаше да уфрли и свој збор и пријатно живнат (можеше да се помисли дека врз него јасно и силно дејствувала присутноста на дами), што се однесува до статијата, ќе признам дека сум навистина јас авторот, макар што мојот болникав пријател, на кој јас свикнав да му проштавам поради неговата слабост, сега ја искритикува. Но ја составив јас и ја напечатив во магазинот на еден мој искрен пријател во облик на кореспонденција. Единствено стиховите навистина не се мои и навистина му припаѓаат на перото на еден познат хуморист. На Бурдовски јас само му ја прочитав, и тоа не целата, и веднаш добив од него согласност да се напечати, но признајте, јас можев да ја напечатам и без неговата согласност. Јавноста е општо право, благородно и благотелно. Се надевам дека вие лично, кнезу, сте толку прогресивен, што нема да го оспорувате тоа . . .

– Ништо не ќе оспорувам, но признајте дека вие во вашата статија . . .

– Премногу е остра, сакате да кажете? Но тука има, така да кажеме, полза за општеството, признајте и самите, и, најодзади може ли да се пропушти ваква примамлива можност? Дотолку полошо за виновниците, но ползата на општеството пред сè. Што се однесува пак до некои неточности, до некои така да ги наречеме хиперболи, признајте го и тоа дека пред сè важна е иницијативата, целта и намерата на прво место; важен е благодетелниот пример, а веќе после ќе ги разгледуваме поединечните случаи и, најодзади, тука има стил, тука има, така да кажеме, хумористична замисла и, најодзади – сите така пишуваат, признајте и самите! Ха-ха!

– Но ова е сосема лажна врвица! Ве убедувам, господа, – викна кнезот, – вие сте ја напечатиле статијава со таква претпоставка дека јас никако не ќе се сложам да го задоволам господинот Бурдовски, а со цел да ме исплашите и да ми се одмаздите со нешто. Но од каде знаевте: јас, можеби, одлучив да го задоволам господинот Бурдовски. Јас, еве, директно, пред сите ви изјавувам дека јас ќе го задоволам . . .

– Еве, најодзади, еден умен и благороден збор на еден умен и многу благороден човек! – изјави боксерот.

– Господе! – ѝ излета на Лизавета Прокофјевна.

– Тоа е неподносливо! – промрмори генералот.

– Но дозволете ми, господа, дозволете ми да ја изложам работата, – ги молеше кнезот: – пред околу пет недели кај мене во Ж. дојде, господине Бурдовски, вашиот ополномошен застапник, Чебаров. Вие премногу ласкаво го опишавте во својата статија, господине Келер, – му се обрна кнезот насмевнувајќи му се одненадеж на боксерот, – но тој мене сосема не ми се допадна. Јас од прв поглед сфатив дека во тој Чебаров и се состои целата таа работа, дека тој, можеби, и ве подучил вас, господине Бурдовски, искористувајќи ја вашата неискусност, да го започнете сево ова, ако говориме искрено.

– Вие немате право вака да зборувате . . . јас не

сум неискусен ... тоа е ... – запелтечи возбудено Бурдовски.

– Вие немате никакво право да правите такви претпоставки, – се замеша внукот на Лебедев со заштитнички тон.

– Тоа е прекумерно навредливо! – вресна Иполит, – навредлива, лажна и неумесна претпоставка.

– Извинете, господа, извинете, – забрзано се повлече кнезот, – ве молам да ме извините; го кажав тоа зашто си помислив дека нема ли да ни биде подобро да бидеме сосема искрени еден со друг; но ваша волја е, како сакате. Јас му реков на Чебаров дека бидејќи не сум во Петербург, веднаш ополномоштувам еден мој пријател да ја поведе таа работа, а дека вас, господине Бурдовски, ќе ве известам за тоа. Јас отворено ќе ви кажам, господа, дека оваа работа ми се стори како голема измама токму поради тоа што Чебаров ... Ох, не навредувајте се, госпда! Живи бога, да не навредувајте се! – преплашено викна кнезот кога виде знаци на навредлива збунетост кај Бурдовски, вознемиреност и протест кај неговите пријатели, – тоа не може да се однесува лично на вас ако кажам дека работата ја сметав измамничка! Та јас тогаш никој од вас не познавав лично, не ги знаев ни вашите презимиња; јас судев единствено според Чебаров; јас воопшто ви говорам, зашто ... да знаевте само колку страшно бев измамуван откако го добив наследството!

– Кнезу, вие ужасно сте наивен, – подбивно забележа внукот на Лебедев.

– Притоа сте кнез и милионер! Со вашето, можеби и навистина добро и малку наивно срце, вие сепак, се разбира, не можете да се ослободите од општиот закон, – изјави Иполит.

– Можеби, можеби сте во право, господа, – брзаше кнезот, – макар што не разбирам за кој тоа општ закон зборувате; но јас ќе продолжам, само не навредувајте се напразно; се колнам, јас немам никаква намера да ве навредам. И што е тоа, навистина, господа: ниту еден збор искрен не можам да кажам, вие веднаш се навредувате! Значи, пред сѐ, мене ме

стаписа тоа што постои „син на Павлишчев" и тоа живее во така тешка положба, како што ми објасни Чебаров. Павлишчев е мојот добродетел и пријател е на мојот татко. (Ах, зошто сте напишале таква навистина, господине Келер, за мојот татко во вашата статија? Никаква проневера на парите, на честа, и никакви навреди на потчинетите немало, во тоа сум сигурно убеден, и како ви се кренала раката да напишете таква клевета?) А она, што го напишавте за Павлишчев, тоа веќе сосема е неподносливо: вие го наречувате тој многу благороден човек сладострасник и лекомислен толку смело, толку сигурно, небаре навистина ја говорите вистината, а меѓутоа, тој беше највисоко морален човек од сите на светот! Тој беше дури и значаен научник; тој водеше кореспонденција со многу луѓе достојни за почитување и употреби многу пари за помош на науката. Што се однесува, пак, до неговото срце, до неговите добри дела, о, се разбира, вие правилно го напишавте тоа дека јас тогаш бев речиси идиот и не можев ништо да разберам (макар што сепак, руски говорев и можев да го разберам), но сега јас можам да проценам сѐ на што се присеќавам . . .

– Дозволете, – врескаше Ипполит, – не ќе биде ли тоа премногу разнежено? Ние не сме деца. Вие сакавте да преминете директно на работата, сега веќе се ближи десет часот, имајте го тоа на ум.

– Повелете, господа, повелете, – веднаш се сложи кнезот, – по првото неверување јас помислив дека сум можел и да погрешам и дека Павлишчев можел навистина да има син. Но мене ужасно ме порази тоа што тој син толку лесно, то ест, сакам да кажам, толку јавно ја обелоденува тајната на своето раѓање и, што е најважно, ја резили својата мајка. Зошто Чебаров уште тогаш ме застрашуваше со јавноста.

– Каква глупост! – викна внукот на Лебедев.

– Вие немате право . . . немате право! – викна Бурдовски.

– Синот не одговара поради блудната постапка на својот татко, а мајката не е виновна, – врело исписка Ипполит.

– Дотолку повеќе, се чини, би требало да се поштеди . . . бојазливо проговори кнезот.

– Вие, кнезу, не сте само наивен, но, можеби, и подалеку забраздивте, – злобно се насмевна внукот на Лебедев.

– И какво право имавте вие! . . . – исписка со најнеприроден глас Иполит.

– Никакво, никакво! – поита да го прекине кнезот, – во тоа сте во право, признавам, но тоа без да сакам, и јас веднаш уште тогаш си реков дека моите лични чувства не би требало да влијаат врз работата, зашто ако јас самиот се сметам обврзан да ги задоволам барањата на господинот Бурдовски, во име на моите чувства кон Павлишчев, ќе морам тогаш да ги задоволам во секој случај, то ест, без оглед на тоа дали го почитувам, или не го почитувам господинот Бурдовски. Јас, господа, само поради тоа почнав да говорам за тоа, зашто сепак ми се стори неприродно што синот така јавно ја обелоденува тајната на својата мајка . . . Со еден збор, јас, главно, по тоа и се убедив дека Чебаров треба да биде никаквец та со измама самиот да го наведе господинот Бурдовски на ваква измама.

– Но ова веќе е неподносливо! – се слушна од страната на неговите гости, од кои некои дури срипаа од своите столови.

– Господа! Та јас затоа и помислив дека несреќниот господин Бурдовски сигурно е наивен, беззаштитен човек, кој лесно паѓа како плен на никаквиците, според тоа, јас уште повеќе бев должен да му помогнам, како на „син на Павлишчев“, – пред сѐ со спротивно делување одошто господинот Чебаров, а како второ, со мојата верност и пријателство, за да го водам по добар пат, а како трето, наложив да му се дадат десет илјади рубли, то ест, што по мојата сметка, можеше да потроши на мене Павлишчев во пари . . .

– Како! Само десет илјади! – викна Иполит.

– Е, кнезу, вие не сте многу силни во сметањето, или сте пак премногу силни, макар што се преправате наивен! – викна внукот на Лебедев.

– Јас не се сложувам со десет илјади, – рече Бурдовски.

– Антипе, сложи се! – со брзо и јасно шепотење му потсказжа боксерот, наведнувајќи се одзади, преку облегалото на столот на Иполит, – сложи се, а после ќе видиме!

– Чу-ујте, господине Мишкин, – врескаше Иполит, – сфатете дека ние не сме глупаци, не сме ниски глупаци, како што, веројатно, мислат за нас сите ваши гости и овие дами, кои со такво негодување нам ни се насмевнуваат, а особено овој светски господин (тој покажа кон Евгениј Павлович), кој јас, се разбира, немам чест да го познавам, но за кој, се чини, имам по нешто чуено . . .

– Дозволете, дозволете, господа, вие пак не сте ме разбрале! – возбудено се обрна кон нив кнезот, – пред сѐ, вие, господине Келер, во вашата статија многу неточно го назначивте мојот имот: не добив јас никакви милиони: јас имам само, можеби, осми или деветти дел од она што вие го претпоставувате; второ, никакви десетици илјади не беа потрошени за мене во Швајцарија: Шнајдер добиваше шестотини рубли годишно, а и тоа само првите три години; а Павлишчев никогаш не патуваше во Париз по убави гувернантки; тоа е уште една клевета. Според моето мислење за мене се потрошени многу помалку од десет илјади, но јас определив десет илјади и, признајте и самите, враќајќи го долгот јас никако не сум можел да му понудам на господинот Бурдовски повеќе, дури и страшно да сум го сакал, а не би можел тоа само од чувство на деликатност, токму поради тоа, што јас му враќам долг, а не му давам милостина. Не знам, господа, како не го разбирате тоа? Но сето тоа јас сакав да го надоместам подоцна со моето пријателство, со мое активно учество во судбината на несреќниот господин Бурдовски, кој видливо е измамен, зашто не можел тој сам, без некој да го прелаже, да се сложи со таква нискост како што е, на пример, денешната слика на неговата мајка во статијата на господин Келер . . . И зошто, најодзади, вие пак избувнувате, господа? Та најодзади ние никако не ќе можеме да се разбереме меѓу себеси!

Та нели испадна по мое! Јас сега со сопствени очи се убедив дека моето насетување беше оправдано, – ги убедуваше кнезот сиот зовриен, сакајќи да го стиши вознемирувањето и не забележувајќи дека само го зголемува.

– Како? Во што сте се убедиле? – се нафрлаа на него речиси острвени.

– Но, ве молам, пред сè, јас и самиот успеав одлично да го согледам господинот Бурдовски, та јас гледам и самиот сега каков е тој ... Тој е невин човек, но кој сите го мамат! Тој е беззаштитен човек ... и токму затоа јас треба да го поштедам, а второ, Гаврило Ардалионович, – кому му беше препуштена работата и од кој јас одамна немав добиено вести, зашто бев на пат, а потоа три дни болен во Петербург, – сега наеднаш, сè на сè пред еден час, при нашето прво виѓавање, ми соопштува дека тој ги разоткрил сите намери на Чебаров, дека имал докази и дека Чебаров бил токму она за што јас и претпоставив дека е. Јас знам, господа, дека многумина мене ме сметаат за идиот, и Чебаров, поради гласот кој ме бие дека лесно давам пари, мислел многу лесно да ме измами и токму сметал на моите чувства кон Павлишчев. Но најважното е тоа, – но сослушајте ме докрај, господа, ислушајте ме! – најважното е тоа што сега наеднаш испаѓа дека господинот Бурдовски воопшто не е син на Павлишчев! Гаврило Ардалионович сега ми го соопшти тоа и ме убедува дека добил сигурни докази за тоа. Е, како ви се гледа сега ова, та невозможно е да се поверува по сè она што го сторивте досега! И чујте: сигурни докази! Јас сè уште не верувам, самиот не верувам, верувајте ми; јас сè уште се сомневам, зашто Гаврило Ардалионович не стигна да ми ги каже сите подробности, но тоа дека Чебаров е никаквец, во тоа сега веќе нема никакво сомнение! Тој и несреќниот господин Бурдовски и сите вас, господа, кои така благородно дојдовте да го поддржите својот пријател (зашто очевидно е дека нему му е потребна поддршка, јас го гледам тоа!), тој сите вас ве измамил и сите вас ве замешал во измамничка работа, зашто тоа, всушност, е едно лукаво измамништво.

– Како тоа измамништво! . . . Како тоа „не е син на Павлишчев"? . . . Како е можно тоа? . . . – се слушаа од сите страни повици. Целата банда на Бурдовски беше во неискажлива забуна.

– Да, се разбира, измамништво! Зашто ако сега излезе дека господинот Бурдовски не е „син на Павлишчев", тогаш барањето на господинот Бурдовски ќе излезе вистинско измамништво (то ест, се разбира, во случај тој да ја знае вистината), но во тоа е и работата што тој е измамен, јас затоа и настојувам на тоа за да го оправдам него; затоа и велам дека тој е достоен за сожалување, поради својата наивност, и дека не може без поддршка; инаку од оваа работа тој, исто така, ќе излезе измамник. Та јас веќе лично сум убеден дека тој ништо не разбира! И јас самиот бев во таква положба пред заминувањето во Швајцарија, исто така пелтечев неповрзани зборови, – сакаш нешто да кажеш и не можеш . . . Јас го разбирам тоа; јас можам многу да сочувствувам, зашто и јас самиот сум речиси истиот, мене ми е дозволено да говорам! И најодзади, јас сепак, – без оглед на тоа дека сега веќе не постои „синот на Павлишчев" и дека сето тоа испаѓа мистификација, – јас сепак не си ја менувам својата одлука и готов сум да ги вратам десетте илјади за спомен на Павлишчев. Пред да се појави господинот Бурдовски јас сакав тие десет илјади да ги употребам за школа, за спомен на Павлишчев, но сега тоа ќе биде седно, зашто господинот Бурдовски иако не е „син на Павлишчев", сепак речиси е „син на Павлишчев": зашто него самиот така луто го измамиле; тој самиот искрено се сметал себеси за син на Павлишчев! Ислушајте го сега, господа, Гаврило Ардалионович, да го завршиме ова, не лутете се, не возбудувајте се, седнете! Гаврило Ардалионович сега ќе ви го објасни сето тоа, и јас, ќе признам, со голема желба сакам да ги дознам сите поединости. Тој вели дека патувал дури во Псков кај вашата мајчица, господине Брудовски, која воопшто не е умрена, како што ве присилиле да напишете во статијата . . . Седнете, господа, седнете!

Кнезот седна и успеа пак да ја седне станатата од

своите места компанија на господинот Бурдовски. Последните десет или дваесет минути тој зборуваше паднат во оган, гласно, со нетрпелива забрзаност, занесен, трудејќи се да ги надговори сите, да ги надвика, и се разбира, подоцна мораше горчливо да се покае поради некои зборови и претпоставки кои му се беа испуштиле. Да не беше толку разлутен и речиси изваден од такт, – тој не ќе си дозволеше на себеси вака разголено и набрзина да ги искаже гласно извесни свои насетувања и излишни искрености. Но штотуку тој седна на своето место, едно врело каење до болка му го прониза срцето. Покрај тоа што тој го „навреди" Бурдовски, така јасно претпоставувајќи ја и кај него истата болест, од која самиот се имаше лекувано во Швајцарија, – покрај тоа, понудата на десет илјади, место на школа, била направена, според неговото мислење, грубо и невнимателно, како милостина, токму со тоа што била искажана гласно и пред луѓе. „Требаше да почекам и да му понудам утре, насамо, – веднаш помисли кнезот, – а сега, изгледа, веќе не може да се поправи! Да, јас сум идиот, вистински идиот!" – си помисли во себеси во напад на посраменост и необична огорченост.

Меѓутоа, Гаврило Ардалионович, кој досега се држеше настрана и упорно молчеше, застана крај него и јасно и спокојно почна да го изложува стореното за работата која му беше наложена од кнезот. Сите разговори стивнаа за еден миг. Сите слушаа со необична заинтересираност, особено целата компанија на Бурдовски.

IX

– Се разбира нема да порекнете, – почна Гаврило Ардалионович, обрнувајќи му се директно на Бурдовски кој го слушаше со сите сили, со ококорени очи од вчудовиденост, и кој очигледно беше во голема забуна, – вие, се разбира, нема да порекнете, сериозно, ниту пак ќе посакате да го сторите тоа, дека сте се родиле цели две години по законскиот брак на вашата

мајчица со колешкиот секретар Бурдовски, вашиот татко. Времето на вашето раѓање премногу лесно може да се докаже со факти, така што премногу навредливото за вас и за вашата мајчица искривоколчување на тој факт во статијата на господин Келер може да се објасни само со палавоста на сопствената фантазија на господинот Келер, кој претпоставувал да ја засили со тоа очевидноста на вашето право и со тоа да им помогне на вашите интереси. Господин Келер вели дека претходно ви ја читал својата статија, макар и не цела . . . несомнено е дека не ви ја дочитал до тоа место . . .

– Навистина не му ја дочитав, – го прекина боксерот, – но сите факти ми беа соопштени од компетентно лице и јас . . .

– Проштавајте, господине Келер, – го запре Гаврило Ардалионович - дозволете ми да завршам. Верувајте ми дека и вашата статија ќе си дојде на ред, тогаш вие и ќе го дадете своето појаснување, а сега е подобро да продолжиме со ред. Сосема случајно, со помош на мојата сестра, Варвара Ардалионовна Птицина, јас добив од нејзината блиска пријателка, Вера Алексеевна Зубкова, спаијка и вдовица, едно писмо на покојниот Николај Андреевич Павлишчев, кое што ѝ го пишал пред дваесет и четири години од странство. Спријателувајќи се со Вера Алексеевна, јас по нејзиното упатство му се обрнав на полковникот во оставка Тимотеј Фјодорович Вјазовкин, кој е далечен роднина и, во свое време, бил голем пријател со господинот Павлишчев. Од него успеав да добијам уште две писма на Николај Андреевич, исто така напишани од странство. По тие три писма, по датумите и фактите кои се наведени во нив, математички се докажува, без никаква можност за порекнување и дури и сомневање, дека Николај Андреевич тогаш заминал во странство (каде што останал цели три години) токму на година и пол пред вашето раѓање, господине Бурдовски. Вашата мајчица, пак, како што ви е познато, никогаш не ја напуштила Русија . . . Сега јас нема да ги читам тие писма. Веќе е доцна, јас само наведувам еден факт за секој случај. Но ако сакате, господине Бур-

довски, уште утре изутрина да закажеме состанок кај мене и да си ги доведете вашите сведоци (колку сакате на број) и експерти за утврдување на ракописот, јас воопшто не се сомневам дека не ќе можете да не бидете убедени во очебијната вистинитост на фактот кој ви го кажав. Штом е тоа така, тогаш, се разбира, целата оваа работа паѓа и со самото тоа се прекинува.

Одново проследи општо раздвижување и длабока вознемиреност. Самиот Бурдовски наеднаш стана од столот.

– Ако е тоа така, јас бев измамен, измамен, но не од Чебаров, туку одамна, одамна; не ми требаат експерти, не ми треба состанок, јас верувам, јас се повлекувам . . . не се сложувам со десетте илјади . . . збогум . . .

Тој си ја зеде шапката и го повлече столот за да замине.

– Ако можете, господине Бурдовски, – тивко и слатко го запре Гаврило Ардалионович, – останете уште макар пет минути. Во оваа работа се обелоденуваат уште неколку необични важни факти, кои се, во секој случај, особено за вас, мошне интересни. По мое мислење вие не смеете да не бидете запознати со нив, и на самиот вас, можеби, ќе ви стане попријатно ако работата биде сосема расветлена . . .

Бурдовски седна молчејќи со малку наведната глава и речиси силно замислен. Седна по него и внукот на Лебедев; кој исто така беше станат да го придружи; овој макар и да не ја беше изгубил главата и смелоста, но јасно беше дека беше во голема недоумица. Иполит беше намуртен, тажен и многу вчудовиден. Во тој миг, впрочем, тој толку се раскашла, што дури си го извалка своето шамиче со крв. Боксерот беше речиси исплашен.

– Ех, Антипе! – викна тој луто. – Та ти велев јас тогаш . . . завчера, дека можеби и навистина не си син на Павлишчев!

Се рашири воздржана смеа, двајца-тројца се изнасмеаја посилно од другите.

– Фактот, кој овој миг го соопштивте, господине Келер, – се вмеша Гаврило Ардалионович, – е многу

скапоцен. Дотолку повеќе јас имам полно право, од најточни податоци, да тврдам дека на господинот Бурдовски, макар што, се разбира, тој одлично го знае времето на своето раѓање, сепак воопшто не му била позната околноста за престојот на Павлишчев во странство, каде што господинот Павлишчев го минал поголемиот дел од својот живот, наминувајќи во Русија секогаш на кратко време. Покрај тоа, и самиот факт на неговото тогашно заминување воопшто не е значаен како таков, за да се памети по дваесет и повеќе години, дури и од страна на оние кои блиско го познаваа Павлишчев, а да не зборуваме за господинот Бурдовски, кој тогаш уште не бил роден. Се разбира, се покажа дека сега не беше невозможно да се добијат податоци; но треба да признам дека податоците, кои јас ги добив, дојдоа до мене сосема случајно и сосема можеше да се случи да не ги добијам; така што за господинот Бурдовски и дури за Чебаров беше навистина речиси невозможно да дојдат до овие податоци, дури и кога би им паднало на ум да ги побараат. Но, се разбира, можеше и да не им падне на ум . . .

– Дозволете, господине Иволгин, – нервозно го прекина одненадеж Иполит, – што ќе ви ја целата таа галиматија (проштавајте ми)? Работата сега е објаснета, ние се сложуваме да му веруваме на главниот факт, зошто да ја развлекувате и понатаму оваа тешка и навредлива мешаница? Вие, можеби, сакате да се пофалите со умешноста на вашите иследувања, да истакнете пред нас и пред кнезот колку сте добар иследник и детектив? Или да немате намера, можеби, да пронајдете извинување и оправдување за Бурдовски со тоа што тој се замешал во работата без да знае? Но тоа е дрско, милостив господине! На Бурдовски не му се потребни вашите оправдувања и извинувања, тоа да го знаете! Тој е навреден, нему му е сега и без тоа тешко, тој сега е во незгодна положба, вие би требало да насетите, да го сфатите тоа . . .

– Доста е, господине Терентјев, доста, – успеа да го прекине Гаврило Ардалионович, – смирете се, не раздразнувајте се, вие, чинам, сте многу болен? Јас сочувствувам со вас. Тогаш, ако сакате, јас сум готов,

то ест, ќе бидам принуден да ги соопштам само накусо фактите, кои, според мене, не би било излишно да бидат познати во нивната целост, – додаде тој кога забележа извесно општо раздвижување, слично на нестрпливост. – Јас сакам само да соопштам, со докази, за да им биде познато на сите заинтересирани во работата, дека вашата мајчица, господине Бурдовски, единствено затоа се користела со расположението и грижливоста за неа на господинот Бурдовски, зашто ѝ била родена сестра на онаа девојка од слугите, во која Николај Андреевич Павлишчев бил заљубен во својата прва младост, и тоа толку, што сигурно би се оженил со неа, кога таа не би умрела толку ненадејно. Имам докази дека овој семеен факт, сосема точен и вистинит, сосема малку е познат и дури сосема заборавен. Понатаму јас би можел да објаснам како вашата мајчица уште како десетгодишно девојче била земена од господинот Павлишчев да ја воспитува, место сестра ѝ, како ѝ бил определен значаен мираз и како сите тие грижи предизвикале необично вознемирувачки гласови меѓу многубројните роднини на Павлишчев; се мислело дури дека тој ќе се ожени со својата воспитаничка, но заврши со тоа што таа се омажила по лична наклоност (и тоа би можел да го докажам со најголема сигурност) за геометар, господин Бурдовски, во дваесеттата година на својот живот. Имам тука собрано неколку најсигурни факти за доказ дека вашиот татко, господинот Бурдовски, сосема неделовен човек, кога добил петнаесет илјади како мираз на вашата мајчица, ја напуштил службата, влегол во некое трговско претпријатие, бил измамен, го изгубил капиталот, не го издржал ударот, почнал да пие, од што се разболел и најодзади предвреме умрел, во осмата година на бракот со вашата мајчица. Потоа, по личното сведоштво на вашата мајчица, таа останла без ништо и сосема ќе пропаднала без постојаната и великодушната помош на Павлишчев, кој ѝ давал до шестотини рубли годишно помош. Потоа има безбројни докази дека тој вас, како дете, необично ве засакал. Според тие докази и, пак според потврдата на вашата мајчица, излегува дека тој ве за-

сакал најмногу поради тоа што вие во детството сте имале изглед на немак, изглед на сакат, изглед на кутро, несреќно дете (а кај Павлишчек, како што успеав да заклучам, според сигурни докази, целиот живот постоела некаква особена, нежна наклоност кон сè што е угнетено и навредено од природата, особено кај децата, – тоа е факт, што по мое мислење е необично важен за нашата работа). Најодзади, јас можам да се пофалам со најсигурни иследувања на оној важен факт, како таа необична приврзаност на Павлишчев кон вас (со чија помош вие сте стапиле во гимназија и сте учеле под особен надзор) предизвикала, најпосле, малку – по малку, меѓу роднините и домашните на Павлишчев, мисла дека сте вие син на Павлишчев и дека вашиот татко бил само еден измамен маж. Но најважно е тоа што таа мисла зацврснала до сигурна и општа убеденост дури последните години од животот на Павлишчев, кога сите се исплашиле заради тестаментот и кога првобитните факти биле заборавени, а да се дојде до точни податоци било невозможно. Несомнено, таа мисла стигнала и до вас, господине Бурдовски, и сосема ве совладала. Вашата мајчица, со која имав чест лично да се запознам, макар што знаела за сите тие гласови, до ден-денес не знае дека и вие, нејзиниот син, се наоѓате занесен од тој глас. Многупочитуваната ваша мајчица, господине Бурдовски, јас ја најдов во Псков болна и во крајна сиромаштија, во која западнала по смртта на Павлишчев. Таа со солзи на благородност ми соопшти мене дека само со вас и со вашата помош, таа живее на светов; таа многу чека од вас во иднина и пламено верува во вашите идни успеси . . .

– Тоа најпосле е неподносливо! – гласно и нестрпливо изјави наеднаш внукот на Лебедев. – Кому му е потребен сиот овој роман?

– Гадно, непристојно! – силно се раздвижи Ипполит. Но Бурдовски ништо не забележа и остана неподвижен.

– Зошто? Кому му треба? – лукаво се почуди Гаврило Ардалионович, готвејќи се зајадливо да го изложи својот заклучок. – Та како прво, господинот

Бурдовски сега може да биде сосема убеден дека Павлишчев го сакал него од великодушност, а не како син. Веќе само овој факт му беше неопходно да го дознае на господинот Бурдовски, кој преѓеска го поддржа и го оправда господинот Келер по читањето на неговата статија. Говорам вака, зашто ве сметам за благороден човек, господине Бурдовски. Како второ, излегува дека тука воопшто немало никакво разбојништво и измамништво дури ниту од страна на Чебаров; ова е важна точка дури и за мене, зашто кнезот преѓеска, разлутен, спомна дека и јас сум бил на истото мислење за разбојништвото – измамништвото во оваа несреќна работа. Тука пак, напротив, постоело полно убедување од сите страни, и Чебаров можеби е и навистина голем измамник, но во оваа работа тој се појавува само како една алка, како посредник, како ќарција. Тој се надевал да спечали многу пари како адвокат. и неговата сметка не била само остроумна и мајсторска, туку и најсигурна: таа била заснована на леснотијата со која кнезот ги дава парите, и на неговото благородно чувство на почит кон покојниот Павлишчев; таа била заснована, најодзади, (што е најважно од сè), врз познатитие рицарски погледи на кнезот во однос на должноста на честа и совеста. Што се однесува пак лично до господинот Бурдовски, би можело дури и да се каже дека, благодарение на извесни свои убедувања, дотолку бил наведен од Чебаров и друштвото околу него, што ја почнал работата сосема не заради интересот, а речиси како служење на правдината, на прогресот, и на човештвото. Сега, по соопштените факти, на сите им е веројатно јасно дека господинот Бурдовски е чист човек, без оглед на сиот привид, и кнезот сега полесно и со поголемо задоволство одошто преѓеска, може да му ја понуди и својата другарска поткрепа, и онаа активна помош, која што ја спомна преѓеска, зборувајќи за школите и за Павлишчев.

– Запрете, Гаврило Ардалионович, запрете! – викна кнезот вистински исплашен, но веќе беше доцна.

– Јас реков, јас веќе трипати реков, – нервозно

викна Бурдовски, – дека не сакам пари. Јас нема да ги примам ... – зошто ... не сакам ... ете! ...

И тој за малку што не побегна од терасата. Но внукот на Лебедев го фати за рака и нешто му шепна. Овој брзо се врати и откако извлече од џеб незалепен плик за писмо од голем формат, го фрли на масичето што стоеше крај кнезот.

– Еве ги парите! ... Вие не смеевте ... не смеевте! ... Пари! ...

– Двесте и педесетте рубли кои вие се осмеливте да му ги пратите како милостина преку Чебаров, – објасни Докторенко.

– Во статијата е речено педесет! – викна Коља.

– Простете ми! – рече кнезот приоѓајќи му на Бурдовски, но верувајте ми јас не ги пратив како милостина. Простете ми и за сега ... и за пре́ѓеска. (Кнезот беше многу растроен, имаше премален изморен изглед и зборовите не му беа поврзани.) Јас зборував за измамништво ... но јас не мислев за вас, јас погрешив. Јас ви реков дека вие сте ... исто така, болен, како мене. Но вие не сте како мене, вие ... давате часови, вие ја издржувате мајка ви. Јас реков дека вие сте ја посрамиле вашата мајка, но вие неа ја сакате; таа самата го вели тоа ... јас не знаев ... Гаврило Ардалионович пре́ѓеска не стаса да ми каже ... простете ми. Јас се осмелив да ви понудам десет илјади, но погрешив, не требаше да го направам тоа така, а сега ... е невозможно, зашто вие ме презирате ...

– Та ова е луда кука! – викна Лизавета Прокофјевна.

– Се разбира дека е луда кука! – не издржа и остро проговори Аглаја.

Но нејзините зборови се слееја со општата врева; сите веќе гласно говореа, сите си го искажуваа мислењето, некој спореше, некој се смееше. Иван Фјодорович Епанчини беше во крајна степен на негодување и, со изглед на навредено достоинство, ја чекаше Лизавета Прокофјевна. Внукот на Лебедев успеа да го каже последниот збор:

– Да, кнезу, треба да ви се оддаде признание, вие навистина умеете да се користете со вашата ... но,

болест (ако сакаме да се изразиме попристојно); вие во толку умешна форма успеавте да го понудите вашето пријателство и пари, што сега на еден благороден човек невозможно му е да ги прими на никаков начин. Ова или е веќе претерано наивно, или пак премногу умешно . . . вие, впрочем, подобро си знаете.

– Дозволете, господа, – викна Гаврило Ардалионович, кој во меѓувреме го отвори пакетот со парите, – та тука не се двесте и педесет рубли, туку само сто. Јас, кнезу, ова го правам за да не излезе некое недоразбирање.

– Оставете, оставете, – почна да мавта со рацете кнезот кон Гаврило Ардалионович.

– Не, не треба „оставете"! – веднаш се закачи внукот на Лебедев. – Нас нè навредува тоа ваше „оставете", кнезу, ние не се прикриваме, ние отворено изјавуваме; да, тука се само сто рубли, а не двесте и педесет, но зар тоа не е сеедно . . .

– Н-не, не е сеедно, – со изглед на наивна недоумица успеа да се замеша Гаврило Ардалионович.

– Не прекинувајте ме; ние не сме толку улави, какви што нè сметате, господине адвокату, – со разлутена јадосаност викна внукот на Лебедев, – се разбира, сто рубли не се двесте и педесет и тоа не е сеедно, но важен е принципот; тука е важна иницијативата, а тоа дека недостасуваат сто и педесет рубли, тоа е само подробност. Важно е тоа што Бурдовски не ја прима вашата милостина, ваша светлост, што тој ви ја фрла в лице, а во таа смисла сеедно е дали се сто или двесте и педесет. Бурдовски не ги прими десетте илјади: видовте ли; тој не ќе донесеше и сто рубли да беше нечесен! Тие сто и педесет рубли се потрошени за Чебаров, за неговото патување кај кнезот. Потсмевајте ни се подобро поради нашата неумешност, поради нашето незнаење да се води работата; вие и без тоа со сите сили се потрудивте да нè направите смешни; но не смеете да кажете дека сме нечесни. Тие сто и педесет рубли, милостив господине, ние сите заедно ќе му ги вратиме на кнезот; ние ќе му враќаме макар по една рубља и ќе му ги вратиме со камата. Бурдовски е сиромашен, Бурдовски нема милиони, а Чебаров по

патувањето ни испрати сметка. Ние се надевавме да добиеме ... Кој ќе постапеше поинаку да беше на негово место.

– Како кој? – викна кнезот Ш.

– Јас тука ќе се споулавам! – викна Лизавета Прокофјевна.

– Тоа ме потсетува, – се насмеа Евгениј Павлович, кој долго стоеше и набљудуваше, на неодамнешната позната одбрана на адвокатот, кој истакнувајќи ја како оправдание сиромаштијата на клиентот, кој убил наеднаш шест души, за да ги опљачка, наеднаш заврши со слични зборови: „природно е, вели, што на мојот клиент поради сиромаштијата му паднало на ум да го изврши тоа убиство на шест души, та и кому на негово место не би му паднало тоа на ум?“ Нешто слично, секако, само многу комично.

– Доста! – извика наеднаш Лизавета Прокофјевна, речиси треперејќи од гнев, – време е да се прекине овој галиматијас! ...

Таа беше ужасно возбудена, таа заканувачки ја крена главата и со надмен, врел и нестрплив предизвик го изгледа со светнат поглед целото друштво, не разликувајќи ги, веројатно, во тој миг пријателите од непријателите. Тоа беше онаа точка од долго воздржуваниот, но најодзади експлодиран гнев, кога главна побуда станува неодложната борба, неодложната потреба поскоро да се нафрли на некого. Тие што ја познаваа Лизавета Прокофјевна веднаш почувствуваа дека со неа се случи нешто особено. Иван Фјодорович следниот ден му говореше на кнезот Ш., дека „нејзе тоа ѝ се случува, но во таков степен како вчера, дури и нејзе ретко ѝ се случува, онака еднаш на три години, никако почесто! Никако почесто!“ – додаде тој убедливо.

– Доста е, Иван Фјодорович! Оставете ме мене! извикуваше Лизавета Прокофјевна, – зошто ми ја подавате сега вашата рака? Не умеевте прекуѓеска да ме одведете; вие сте маж, вие сте глава на семејството; вие моравте мене, улава, за уво да ме одвлечете, ако не ве послушав и не сакав да излезам. Макар за ќерките да се загрижевте! А сега и без вас патот ќе си го

најдам, срамот ќе биде доста за цела година ... Чекајте, сакам уште на кнезот да му се заблагодарам! ... Благодарам, кнезу, за она со што нè послуживте! А јас пак се токмев да ја чујам младината ... Тоа е нискост, нискост! Тоа е хаос, безобразие, ова ни на сон нема да го видиш! Та зар е можно да има многу вакви? ... Молчи, Аглаја! Молчи, Александра! Не е ваша работа! ... Не врткајте се околу мене, Евгениј Павлович, ми здодеавте! ... А ти, миличок, од истите нив молиш прошка, – продолжи таа обрнувајќи му се пак на кнезот, – „простете ми, значи, поради тоа што се осмелив да ви понудам пари" ... а ти, мал фалбаџијо, зошто повелаш да се смееш! – се нафрли таа одеднаш врз внукот на Лебедев, – „ние, значи, се откажуваме од парите, ние бараме а не молиме!" А божем не го знае тоа дека идиотов утре пак ќе се одвлечка кај нив да им го понуди своето пријателство и пари! Зашто ти ќе појдеш, нели?

– Ќе појдам, – со тивок и смирен глас проговори кнезот.

– Чувте ли! Ти и сметаш со тоа, – му се обрна таа пак на Докторенко, – парите ти се и онака веќе како в џеб, ти и ни се дуеш за прав да ни кренеш пред очи ... Не, гулапче, најди некои други глупаци, а јас сосем ве прозирам!

– Лизавета Прокофјевна! – викна кнезот.

– Да си одиме одовде, Лизавета Прокофјевна, веќе е доцна, а кнезот ќе го поведеме со себеси, – колку што можеше поспокојно и со насмевка проговори кнезот Ш.

Девојките стоеја понастрана, речиси преплашени, а генералот беше вистински уплашен; воопшто сите беа вчудовидени. Некои, кои стоеја подалеку, крадешкум се насмевнуваа и си шепотеа; лицето на Лебедев изразуваше крајна восхитеност.

– Безобразноста и хаосот секаде ќе ги најдеш, госпоѓо, – значајно проговори инаку збунетиот внук на Лебедев.

– Но не такви! Не такви, братчиња, какви што има кај нас, не такви! – со злорадост и небаре во хистерија се надоврза Лизавета Прокофјевна. – Но ќе ме

оставите ли мене, – им викна таа на оние што ја стишуваа, – не, штом веќе вие, Евгениј Павлович, самиот изјавивте сега дека дури и бранителот на суд изјавувал дека немало ништо поприродно од отепувањето на шест души поради сиромаштија, тогаш навистина крајни времиња стигнале, ова јас досега го немам чуено. Сега ми е сè јасно! А овој немаков, зар тој нема да заколе (таа покажа кон Бурдовски, кој ја гледаше со необична недоумица)? Можам да се обложам дека ќе заколе! Тој парите твои, десетте илјади, можеби и не ќе ги земе, туку ноќе ќе дојде и ќе те заколе, и ќе ги извади од фиоката, со чиста совест ќе ги земе! Тоа за него не е нечесно! Тоа е „побуда на благородниот очај“, тоа е „негирање“, или ѓаволот знае што . . . Пих! Сè е наопаку, сите се свртија главечки. Си расте девојка в куќа, наеднаш среде улица скок в кочија: „Мајчице, деновиве се омажив за некојси Карлович, или Иванович, збогум!“ И по ваше, добро е вака да се постапува? Достојно за почит, природно? Женско прашање? Еве овој пилиштарец (таа покажа кон Коља), та и тој со денови се расправаше дека тоа и било „женско прашање“. Та мајката нека била и глупачка, сепак, биди со неа човек!. . . Зошто вие преѓеска влеговте со кренати глави? „Не приоѓајте ни“: ние доаѓаме. „Дајте ни ги сите права, а ти не смееш ни да ја отвориш устата пред нас. Ти треба да ни ги оддадеш сите почести, какви што дури и немало досега, а тебе ние ќе те третираме полошо и од последен лакеј!“ Правдината ја бараат, не ги пречекоруваат своите права, а ваму го оклеветале во статијата како најголеми неверници. „Бараме, а не молиме, и никаква благородност не ќе чуете од нас, зашто вие тоа го правите заради сопствената совест!“ Каков морал: та ако не ќе има никаква благодарност од твоја страна, и кнезот може да ти одговори дека кон Павлишчев не чувствува никаква благодарност, зашто и Павлишчев правел добрини заради задоволување на сопствената совест. А ти пак само на таа негова благодарност кон Павлишчев и си сметал: зашто тој не земал од тебе пари на заем, според тоа не ти е ни должен тебе, на што си сметал ако не на благодарно-

ста? Како тоа самиот пак да ја одрекуваш? Луди се! Целото општество го прогласуваат за диво и нечовечко поради тоа што тоа ја осудува заведената девојка. Та штом го сметаш општеството нечовечко, значи признаваш дека на таа девојка општеството ѝ задава болка. А штом ѝ задава болка, како тогаш самиот ја изведуваш пред тоа општество во весниците и бараш да не ѝ биде тоа болно? Луди сте! Суетни! Не верувате во господа, не верувате во Христоса! Та вас суетата и гордоста толку ве разјала, што на крајот еден со друг ќе се изедете, јас тоа ви го претскажувам. И зар не е ова збрка, зар не хаос, зар не е безобразие? И по сето тоа, овој бесрамник се влече токму од нив да бара прошка! Многу ли ве има такви? Зошто се насмевнувате: поради тоа што јас се посрамотив себеси со вас? Го сторив тоа, се посрамотив, што да правам сега! . . . А ти не насмевнувај ми се мене, гнасо! (му се нафрли таа одеднаш на Ипполит) самиот одвај дише, а другите ги расипува. Ти ми го расипа ова момче (таа пак покажа кон Коља;, тој само блада за тебе, ти го учиш на атеизам, ти не веруваш во бога, а сè уште човек може да те изнатепа, милостив господине, та одете по ѓаволите! . . . И така, кнезу Лав Николаевич, ќе појдеш кај нив утре, ќе појдеш? – го праша таа пак кнезот речиси задишувајќи се.

– Ќе појдам.

– Ако го сториш тоа, не сакам повеќе да знам за тебе! – Таа веќе брзо се сврти за да си оди, но наеднаш пак се врати. – И кај овој атеист ќе појдеш? – покажа таа кон Ипполит. – И зошто ми се насмевнуваш ти мене! – некако неприродно викна таа и наеднаш се втурна кон Ипполит, не можејќи да ја поднесе неговата заједлива насмевка.

– Лизавета Прокофјевна! Лизавета Прокофјевна! Лизавета Прокофјевна! – се чу од сите страни во исто време.

– Maman, како не ви е срам! – гласно викна Аглаја.

– Не вознемирувајте се, Аглаја Ивановна, – спокојно ѝ одговори Ипполит, кого Лизавета Прокофјевна, кога ненадејно се доближи, го беше зграпчила и којз-

нае зошто цврсто го држеше за рака; таа стоеше пред него и небаре го впиваше во него својот разбеснет поглед, – не вознемирувајте се, вашата тaman ќе согледа дека не смее да се нафрла врз човек на умирање ... јас сум готов да објаснам зошто се смеев ... многу ќе ме радува ако ми дозволите ...

Тогаш тој ужасно се закашла и цела минута не можеше да го запре кашлањето.

– Ете, веќе умира, а продолжува да држи говори! – викна Лизавета Прокофјевна пуштајќи му ја неговата рака и гледајќи го речиси со ужас како тој ја брише крвта од своите усни, – каде можеш ти да говориш! Ти просто треба да одиш и да си легнеш ...

– Така и ќе биде, – тивко зарипнато и речиси со шепот ѝ одговори Ипoлит, – штом ќе се вратам денес, веднаш ќе легнам ... по две недели, како што ми е познато, јас ќе умрам ... Минатата недела Б-н лично ми кажа ... И ако ми дозволите јас би сакал пред заминување да ви кажам два-три зборови.

– Зар си се споулавил? Глупости! Треба да се лекуваш, што имаш сега да разговараш? Оди, оди легни си! ... – исплашено викна Лизавета Прокофјевна.

– Ќе легнам и не ќе станам повеќе сè до смртта, – се насмевна Ипoлит, – јас уште вчера сакав да си легнам така, та сè до смртта да не станувам повеќе, но решив да го одложам тоа до задутре додека уште ме држат нозете ... за да дојдам еве денесваму со нив ... само многу се изморив ...

– Та седни, седни, зошто стоиш! Еве ти стол, – се сепна Лизавета Прокофјевна и самата му намести стол.

– Ви благодарам, – тивко продолжи Ипoлит, – а вие седнете спроти мене и така ќе поразговараме ... ние бездруго ќе поразговараме, Лизавета Прокофјевна, сега веќе настојувам за тоа ... – и тој пак се насмевна. – Помислете си го тоа дека јас денес сум последен пат и на воздух и меѓу луѓе, а по две недели, сигурно ќе бидам вземи. Значи, тоа ќе биде нешто како збогување и со луѓето и со природата. Јас макар и да не сум многу чувствителен, но сепак, претставете си, многу сум задоволен што тоа ми се случи тука во

Павловск: сепак, ќе можеш да погледаш макар дрво со лисја.

– Та каков разговор, сега, – сè повеќе и повеќе се плашеше Лизавета Прокофјевна, – та ти имаш треска. Преќеска пискаше и креваше врева, а сега одвај си го земаш здивот, се задиши!

– Сега ќе се одморам. Зошто не сакате да ми ја исполните последната желба? . . . А знаете ли дека јас веќе одамна мечтаев да се најдам некако со вас, Лизавета Прокофјевна; јас имам многу чуено за вас . . . од Коља; та речиси единствено тој не ме напушта мене . . . Вие сте оригинална жена, ексцентрична жена, јас и самиот сега го видов тоа . . . знаете ли дека јас дури и ве сакав вас малку.

– Господе, а јас за малку што не го удрив.

– Вас ве запре Аглаја Ивановна; нели не се лажам? Зашто тоа е вашата ќерка, Аглаја Ивановна, нели? Таа толку е убава што јас преќеска само со еден поглед ја препознав, макар што никогаш не сум ја видел. Дозволете ми да ја погледнам убавицата за последен пат во својот живот, – Иполит се насмеа со некаква несмасна, искривена насмевка, – ете и кнезот е тука, и вашиот сопруг, и целото друштво. Зошто не сакате да ми ја исполните последната желба?

– Стол! – викна Лизавета Прокофјевна, но си го зграпчи самата и седна спроти Иполит. – Коља, – нареди таа, – ќе заминеш со него веднаш, придружи го, а утре јас секако самата . . .

– Ако ми дозволите, јас би замолил од кнезот еден филџан чај . . . Многу се изморив. Знаете ли што, Лизавета Прокофјевна, вие сакавте, чинам, да го поведете кнезот кај вас на чај: останете тука, ќе поминеме извесно време заедно, а кнезот сигурно ќе нè послужи сите со чај. Проштавајте што јас вака заповедам . . . Но јас ве познавам вас, вие сте добра, кнезот, исто така . . . ние сите сме до комичност премногу добри луѓе . . .

Кнезот се вознемири, Лебедев со сета сила излета од собата, по него истрча и Вера.

– И навистина, – отсечно реши генералицата, – зборувај, само потивко и не занесувај се. Ме натажи

мене . . . Кнезу! Ти не заслужуваш да пијам чај кај тебе, но нека биде, ќе останам, макар што не барам од никого прошка! Од никого! Глупости! . . . Впрочем, ако те искарав, кнезу, прости ми, – впрочем, ако сакаш. Јас, впрочем, никого не го задржувам, – им се обрна таа ненадејно на мажот и ќерките со изглед на необична лутина, небаре токму тие ѝ биле поради нешто страшно виновни, – јас и сама ќе можам да стигнам дома . . .

Но не ѝ дадоа да доврши. Сите ѝ пријдоа и ја опколија готови да ѝ угодат. Кнезот веднаш почна да ги моли сите да останат на чај и се извинуваше поради тоа што и досега не му паднало тоа на ум. Дури и генералот беше толку љубезен, што промрмори нешто смирувачко и љубезно ја праша Лизавета Прокофјевна: „да не ѝ е, сепак, премногу свежо на терасата?" Тој за малку дури ќе го прашаше Ипполита: „колку време е веќе на универзитетот"?, но не го праша. Евгениј Павлович и кнезот Ш. станаа наеднаш необично љубезни и весели, на лицата на Аделаида и Александра се изразуваше трајно вчудовидување, дури и задоволство, со еден збор сите беа изразито задоволни што ѝ минала кризата на Лизавета Прокофјевна. Единствено Аглаја беше намуртена и молчејќи седна малку подалеку. Остана и целото друго друштво; никој не сакаше да замине, дури ни генралот Иволгин, кому Лебедев, впрочем, му шепна нешто кога минуваше крај него, зашто генералот веднаш се изгуби некаде во некој кат. Кнезот им пријде поканувајќи ги на чај и на Бурдовски со неговото друштво, не заобиколувајќи никого. Тие промрморија со пресилен израз дека ќе го почекаат Ипполит, и веднаш се повлекоа во најоддалечениот кат на терасата, каде што и испоседнаа пак сите во една редица. Веројатно, кај Лебедев чајот веќе одамна беше приготвен за неговото семејство, зашто веднаш беше донесен. Одѕвони единаесет часот.

X

Иполит ги натопи усните во филџанот чај што му беше послужен од Вера Лебедева, го остави филџанот на масичката и наеднаш, небаре посрамено, речиси збунето погледна наоколу.

– Гледајте, Лизавета Прокофјевна, филџаниве, – некако чудно забрза тој, – овие порцелански филџани, кои се, се чини, од првокласен порцелан, кај Лебедев секогаш стојат во шкафот во стаклена витрина, заклучени; никогаш не се служи во нив . . . како што се зборува тоа бил миразот на неговата жена . . . така се зборува кај нив . . . и, ете, тој нѐ послужи со нив, во ваша чест, се разбира, толку се израдувал . . .

Тој сакаше да додаде уште нешто, но не се снајде.

– Сепак се збуни, јас така и очекував! – му шепна ненадејно Евгениј Павлович на уво на кнезот, – а тоа е опасно, а? Тоа е најсигурен знак дека сега, од јад, ќе направи некаква ексцентричност, што и Лизавета Прокофјевна, сигурно, не ќе може да остане.

Кнезот погледна не разбирајќи го.

– Вие не се плашите од ексцентричност? – додаде Евгениј Павлович. – Та и јас, исто така, дури и сакам да дојде до неа; мене ми е, всушност, до тоа само нашата мила Лизавета Прокофјевна да биде казнета, и бездруго уште денес, уште веднаш; без тоа не сакам ни да си заминам. Вие, се чини, имате треска?

– Подоцна, не пречите. Да, јас не сум сосема здрав, – расеано и дури нестрпливо одговори кнезот. Тој го слушна своето име, Иполит говореше за него.

– Вие не ми верувате? – хистерично се смееше Иполит, – тоа и го очекував, а кнезот веднаш ќе поверува и воопшто нема да се почуди.

– Слушаш, кнезу? – му се обрна нему Лизавета Прокофјевна, – го слушаш?

Наоколу се смееја. Лебедев загрижено истрчуваше напред и сновеше пред самата Лизавета Прокофјевна.

– Тој рече дека еве овој преправенко, твојот домаќин . . . му ја поправал статијата на оној господин, ене онаа што беше прочитана прегеска на твоја сметка.

Кнезот вчудовидено го погледна Лебедева.

– Зошто молчиш? – Лизавета Прокофјевна дури тропна со ногата.

– Што од тоа, – промрмори кнезот продолжувајќи да го гледа внимателно Лебедева, – и јас гледам дека ја поправал.

– Вистина ли е тоа? – брзо му се обрна Лизавета Прокофјевна на Лебедев.

– Чиста вистина, ваше превосходство! – цврсто и непоколебливо одговори Лебедев, ставајќи си ја раката на срце.

– Уште небаре се фали! – речиси подрипна таа на столот.

– Низок сум, низок! – промрмори Лебедев почнувајќи да се тупа в гради и наведнувајќи си ја главата сè пониско и пониско.

– Што ми е грижа за тоа дека си ти низок! Тој мисли дека ќе рече: низок ѕум, и ќе се измолкне. И не ти е срам, кнезу, да бидеш близок со вакви луѓе, уште еднаш те прашувам? Никогаш не ќе ти простам!

– Мене кнезот ќе ми прости! – убедено и разнежено проговори Лебедев.

– Само од благородност, – гласно и јасно проговори Келер кој наеднаш се приближи, обрнувајќи ѝ се на Лизавета Прокофјевна, – единствено од благородност, госпоѓо, и за да не си го предадам искомпромитираниот пријател, јас прееска премолчив за поправките, без оглед на тоа што тој се нудеше да нè турне по скалите, како што повеливте сами да чуете. За да се утврди вистината признавам, дека јас навистина му се обрнав нему, за шест рубли, но воопшто не заради стилот, туку всушност, за да се запознам со фактите, кои во најголем дел не ми беа познати, како кон компетентно лице. Што се однесува на гамашите, што се однесува на апетитот кај швајцарскиот професор, што се однесува до педесетте рубли, место двесте и педесет, со еден збор, сите тие набројувања, сето тоа му припаѓа нему, за шест рубли, но стилот не го поправаше.

– Треба да забележам, – со трескавична нестрпливост и со некаков развлечкан глас го прекина Ле-

бедев, додека наоколу сè повеќе и повеќе се ширеше смеа, – дека јас ја поправав само првата половина на статијата, но бидејќи во средината ние не се сложивме и се скаравме поради една мисла, втората половина јас веќе не ја поправав, така што сè што е таму неписмено (а тој дел е неписмен!), тоа, ве молам, да не ми се припишува мене . . .

– Ете, за што се грижи тој! – викна Лизавета Прокофјевна.

– Дозволете да ве прашам, – му се обрна Евгениј Петрович на Келер, – кога сте ја поправале статијата?

– Вчера изутрината, – му реферира Келер, – ние се сретнавме и со чесен збор ветивме да ја зачуваме тајната од обете страни.

– Тоа ли било кога ползел пред тебе и те убедувал во оданоста! Ех, какви луѓе! Не ми треба твојот Пушкин и ќерка ти да не се појавува кај мене!

Лизавета Прокофјевна веќе сакаше да стане, но наеднаш раздразливо му се обрна на Иполит кој се смееше:

– А ти, миличок, имаш намера овде да ме изложуваш на подбив?

– Господ да чува, – накриво ѝ се насмевна Иполит, – но мене најмногу од сè ме вчудовидува вашата необична ексцентричност, Лизавета Прокофјевна; јас, ќе признам, намерно проговорив за Лебедев, јас знаев како ќе подејствува тоа на вас, единствено на вас, зашто кнезот навистина ќе му прости и сигурно веќе му простил . . . можеби, дури му нашол веќе и извинување, така е кнезу, нели?

Тој се задишуваше, неговата чудна возбуденост растеше со секој збор.

– И? . . – луто проговори Лизавета Прокофјевна чудејќи се на неговиот тон, – и?

– За вас јас веќе имам многу чуено и тоа слични работи . . . со голема радост . . . научив необично да ве почитувам, – продолжи Иполит.

Тој зборуваше едно, но небаре со тие зборови сакаше да каже сосема нешто друго. Говореше со сенка на подбивање и истовремено прекумерно се возбудуваше, сомничаво се обѕирнуваше, видливо се заплет-

куваше и се губеше на секој збор, така што сето тоа, заедно со неговиот туберкулозен изглед и со чуден светнат и небаре избезумен поглед, преку сила продолжуваше да го привлекува вниманието кон него.

– Јас би се почудил, впрочем, воопшто не познавајќи го светот (го признавам тоа), на тоа, што не само што вие останавте да присуствувате во прегешното наше друштво, кое е за вас непристојно, туку ги оставивте и овие... девојки да слушаат една скандалозна работа, макар што тие сето го имаат веќе прочитано во романите. Јас, можеби, впрочем, не знам... зошто се збркувам, но во секој случај кој, освен вас, можеше да остане... по молба на еден момчак (да, момчак, јас пак признавам) да мине со него вечер и да земе во сè... учество и... со тоа... што следниот ден ќе ви биде срам... (јас, впрочем, се сложувам дека не се изразувам како што треба), јас сметам дека е тоа за необична пофалба и длабоко го почитувам макар што веќе по лицето на неговото превосходство, вашиот сопруг, се гледа колку му е сето тоа нему непријатно... Х-хи! – се закикоти тој сосема збркан и наеднаш така се раскашла, што две-три минути не можеше да продолжи.

– Дури се задуши! – студено и отсечно изговори Лизавета Прокофјевна, разгледувајќи го со строга љубопитност, – е, мил мој момчак, доста ни е со тебе. Време е!

– Дозволете ми пак мене, милостив господине, од своја страна да забележам, – раздразливо проговори наеднаш Иван Фјодорович губејќи ја последната трпливост, – жена ми е тука кај кнезот Лав Николаевич, нашиот заеднички пријател и сосед, и во секој случај, не сте вие тој, момче, кој ќе суди за постапките на Лизавета Прокофјевна исто така и гласно и пред сите да се изјаснува за тоа што пишува на моето лице. Да, господине. И ако мојата жена остана тука, – продолжи тој раздразнувајќи се со секој збор сè повеќе и повеќе, – таа најсигурно го стори тоа, господине, од вчудовидување и од разбирливата за сите современа љубопитност да види необични млади луѓе. Јас и самиот останав онака како што напати се запирам на

улица кога ќе видам нешто, што може да се погледа како . . . како . . . како . . .

– Како реткост – му помогна Евгениј Павлович.

– Одлично и точно, – се израдува неговото превосходство кое малку се збрка во споредбата, – токму како реткост. Но во секој случај мене најмногу од сè ме вчудовидува и огорчува, само ако е можно вака граматички да се изразам, тоа што вие, младичу, дури ни тоа не можевте да го разберете дека Лизавета Прокофјевна остана сега со вас заради тоа што сте болен, – само ако е вистина дека сте на умирање, – така да речам, од сочувство, поради вашите жални зборови, господине, и дека никаква нечистотија никако не може да ѝ го извалка ниту името, ниту добродетелта, ниту значењето . . . Лизавета Прокофјевна! – заврши вцрвенетиот генерал, – ако сакаш да си одиме, тогаш да се збогуваме со нашиот добар кнез и . . .

– Ви благодарам за предавањето, генерале, – сериозно и нечекано го прекина Иполит гледајќи го замислено.

– Да одиме, *маман,* колку ќе трае ова! . . – нестрпливо и луто изговори Аглаја кревајќи се од столот.

– Уште две минути, мил Иван Фјодорович, ако ми дозволиш, – достоинствено му се сврте на својот сопруг Лизавета Прокофјевна, – ми се чини дека тој сиот е во треска и просто блада; јас сум убедена во тоа по неговите очи; тој не смее да се остави така. Лав Николаевич! би можел ли тој да преноќева кај тебе, за да не се влече денес во Петербург? Cher prince*, вам не ви е здодевно? – којзнае зошто му се обрна таа ненадејно на кнезот Ш. – Дојди ваму, Александра, поправи си ја косата, драга моја.

Таа ѝ ја поправи косата, која немаше зошто да се поправа и ја бакна; само поради тоа и ја повика.

– Јас ве сметав способна за интелектуално издигнување . . . – одново почна Иполит, напуштајќи ја својата задлабеност во мисли. – Да! ете што сакав да ви кажам, – се израдува тој небаре наеднаш се сети: –

---

* Драги кнезу (француски).

ете, Бурдовски искрено сака да ја заштити својата мајка, така ли? А испаѓа дека тој ја резили. Ете кнезот сака да му помогне на Бурдовски, од чисто срце му го нуди своето нежно пријателство и пари и, можеби, тој единствен меѓу нас не чувствува одвратност кон него и ете, тие стојат еден наспроти друг како вистински непријатели... Ха-ха-ха! Вие сите го мразите Бурдовски поради тоа што тој, според вас, неубаво и нееленгантно се однесува кон својата мајка, зар не така, зар не е? Зашто вие страшно ја сакате убавината и елеганцијата на формите, до нив само и држите, нели? (Јас веќе одамна се сомневам дека држите само до нив!) И, нека ви биде познато дека ниеден од вас, можеби, не ја сакал толку својата мајка, одошто Бурдовски! Вие, кнезу, знам дека утајум, со Гањечка ѝ пративте пари на мајка му на Бурдовски и сега можам да се обложам (хи-хи-хи! – хистерично се кикотеше тој), ќе се обложам дека Бурдовски сега ќе ве обвини вас поради неделикатноста на формата и поради непочитување на неговата мајка, жими бога, така ќе биде, ха-ха-ха!

По ова тој пак се задиши и се раскашла.

– И готово? Сега сѐ ли кажа? А сега оди да легнеш, ти имаш треска, – нестрпливо го прекина Лизавета Прокофјевна, која не го спушташе од него својот вознемирен поглед. – Оф, господе! Та тој уште и зборува!

– Вие, се чини, се смеете? Зошто вие сите мене ми се смеете? Јас забележав дека вие сите ми се смеете мене! – немирно и раздразливо му се обрна тој на Евгениј Павлович; овој навистина се смееше.

– Јас само сакав да ве прашам, господине... Иполит... проштавајте, јас ви го заборавив презимето.

– Господин Терентјев, – рече кнезот.

– Да, Терентјев, ви благодарам, кнезу, но ми излета од глава... сакав да ве прашам, господине Терентјев, вистина ли е што го чув дека вие го застапувате мислењето дека би ви било доволно само четврт час низ прозорец да поразговарате со народот и тој веднаш би се сложил со вас и би тргнал по вас?

– Сосема е возможно да сум го говорел тоа . . . – одговори Ипполит, како да се присеќаваше, – сигурно сум говорел! – додаде тој наеднаш, одново живнувајќи и гледајќи го тврдо Евгениј Павлович, – и што тогаш?

– Сосема ништо; јас само колку да си го дополнам податокот.

Евгениј Павлович замолча, но Иполит сè уште го гледаше со нестрпливо чекање.

– И, заврши ли? – му се обрна на Евгениј Павлович Лизавета Прокофјевна, – заврши побрзо, братче, тој мора да си легне. Или не знаеш? (Таа беше ужасно јадосана.)

– Јас воопшто не би имал ништо против да додадам, – продолжи насмевнувајќи се Евгениј Павлович, – дека сè она што го чув од вашите пријатели, господине Терентјев, и сè она што го изложивте вие сега, и тоа со таков сигурен талент, се сведува, по мое мислење, на теоријата на победата на правото, пред сè и покрај сè, и дури и со исклучок на сè друго, и дури, можеби, пред да се испита во што се состои тоа право? Можеби се лажам?

– Се разбира дека се лажете, јас дури вас не ве разбирам . . . понатаму?

Во аголот исто така се слушна мрморење. Внукот на Лебедев промрмори нешто полугласно.

– Та речиси нема ништо понатаму, – продолжи Евгениј Павлович, – јас само сакав да забележам дека оттука работата директно може да прерипа на правото на силата, то ест на правото на поединечната тупаница и личната волја, како што, врпочем, многу често свршуваа работите во светот. Та и Прудон запре на правото на силата. Во Американската војна многумина најнапредни либерали се изјаснија во полза на плантажерите, во таа смисла, црнците да не се црнци, пониски од белото племе, туку онака дека правото е кај белите . . .

– И?

– То ест, вие сигурно не го порекнувате правото на силата?

– Понатаму?

– Вие сте навистина консеквентен; јас само сакав

да забележам дека од правото на силата до правото на тигровите и крокодилите и дури до Данилов и Горски* не е далеку.

– Не знам, понатаму?

Иполит одвај го слушаше Евгениј Павлович, кому макар што му велеше понатаму, се чини, тоа го правеше, по стар усвоен навик во разговорите, а не од внимание и заинтересираност.

– Та нема ништо понатаму . . . тоа е се.

– Јас впрочем, не ви се лутам вам, – сосема нечекано наеднаш заклучи Иполит и, одвај сосема свесен, дури со насмевка, му ја подаде раката. Евгениј Павлович отпрвин се почуди, но со најсериозен изглед ја допре подадената рака, небаре прима проштка.

– Не можам да не ја додадам, – рече тој со истиот двосмислено учтив тон, – мојата благодарност за вниманието со кое вие ми дозволивте да зборувам, зашто, по моите многубројни набљудувања, нашиот либерал никогаш не е во состојба да дозволи некому да има свое сопствено убедување и да не му одговори на својот опонент со пцости или дури и со нешто полошо . . .

– Тоа што го рековте сосема е точно, – забележа генералот Иван Фјодорович и, откако си ги стави рацете на грбот, со изглед на најголема здодевност се повлече кон излезот од терасата, каде што дури и се прозевна од јадосаност.

– Е доста ти е, братче, – наеднаш му изјави на Евгениј Павлович Лизавета Прокофјевна, – ми здодеавте . . .

– Време е, – загрижено и речиси со уплав се крена наеднаш Иполит гледајќи наоколу збунето, – јас ве задржав; сакав сè да ви кажам . . . јас мислев дека ќе можам сè . . . за последен пат . . . но тоа беше фантазија . . .

Се гледаше дека тој одвреме навреме живнуваше, од речиси вистинско бладање тој наеднаш ќе излезеше за неколку мига со полна свест, наеднаш ќе се присетеше и ќе проговореше, најчесто во одломки кои биле, можеби, веќе одамна смислени и научени во

* Познати злосторници од тоа време.

долгите, здодевни часови на болест, в кревет, во осаменост, во бессоница.

– Значи, збогум! – тој наеднаш отсечно проговори. – Мислите дека ми е лесно да ви кажам: збогум? Хаха! – јадосано се насмеа самиот на своето несмасно прашање и наеднаш, небаре разлутувајќи се што не успева да го каже она што сака, гласно и раздразливо проговори: – Ваше превосходство! Имам чест да ве поканам на мојот закоп, само ако сакате да ме удостоите со таква чест и . . . сите, ги канам сите, господа, сите до генералот! . . .

Тој пак се насмеа; но тоа веќе беше смеа на безумен. Лизавета Прокофјевна исплашено тргна накај него и го фати за рака. Тој упорно ја гледаше, со истата смеа, која не продолжуваше понатаму, туку небаре беше остината на неговото лице.

– Знаете ли дека јас дојдов ваму за да ги видам дрвјата? Еве овие . . . (тој покажа кон дрвјата на градината), зар не е смешно тоа, а? Има ли тука нешто смешно? – сериозно ја праша тој Лизавета Прокофјевна и наеднаш се замисли; потоа, по еден миг, ја крена главата и заинтересирано почна да бара со очите во толпата. Тој го бараше Евгениј Павлович, кој стоеше сосема близу, десно, на истото место како и порано, – но тој веќе заборави и бараше наоколу. – А, вие не си заминавте! – го пронајде тој најодзади, – вие преќеска само се смеевте поради тоа што јас сум сакал да зборувам на прозорец четврт час . . . А знаете ли дека јас немам осумнаесет години: јас имам толку одлежано на перница и толку гледано низ прозорец и толку промислено со главата . . . за сите . . . што . . . Мртвите немаат години, го знаете тоа. Јас уште минатата недела го помислив тоа, кога се разбудив ноќе. . . А знаете ли од што се плашите вие најмногу? Вие најмногу се плашите од нашата искреност, и покрај тоа што нè презирате! И тоа јас исто така го помислив ноќе, на перница . . . Вие мислите дека јас преќеска сакав да ви се потсмевам, Лизавета Прокофјевна? Не, јас не ви се потсмевав, јас само сакав да ве пофалам . . . Коља вели дека кнезот вас ве нарекол дете . . . тоа е убаво . . . Ах, што беше тоа . . . јас

уште нешто сакав . . . – Тој го покри лицето со раце и се замисли. – Ете што: кога вие прееска се збогувавте, јас наеднаш помислив: ете тоа се луѓе, и повеќе никогаш не ќе ги има, никогаш? И дрвјата, исто така, – ќе има само еден црвен ѕид од тули, ѕидот на Маеровата куќа . . . спроти мојот прозорец . . . и, кажи им го сето ова . . . обиди се, кажи им; еве и убавица . . . та ти си мртов, претстави ѝ се како мртов, кажи ѝ дека „на мртвиот му е дозволено сѐ да каже" . . . и дека кнегињата Марија Алексеевна нема да ме искара, ха-ха! . . . Вие не се смеете? – со недоверба ги изгледа тој сите. – А знаете ли на перница мене многу мисли ми доаѓаа . . . знаете, јас се убедив дека природата умее многу да се подбива . . . Вие прееска рековте дека сум јас атеист, а знаете ли дека природата . . . Зошто пак се смеете? Вие сте ужасно жестоки! – со тажно негодување изговори тој наеднаш, гледајќи ги сите, – јас не го расипував Коља, – заврши тој со сосема друг тон, сериозен и убеден, небаре и на тоа наеднаш се сетил.

– Никој, никој тука не ти се потсмева тебе, смири се, – речиси се измачуваше Лизавета Прокофјевна, – утре ќе дојде нов лекар; оној згрешил; та седни, простум стоиш! Бладаш . . . Оф, што да правиме сега со него? – се грижеше таа наместувајќи го во фотелја. Една капка солза ѝ блесна на образот.

Ипполит запре речиси стаписан, ја крена раката, бојазливо ја подаде и ја допре таа капка солза. Тој се насмевна со некаква детска насмевка.

– Јас . . . ве . . . – проговори тој со радост, – вие не знаете колку ве . . . тој мене со такво одушевување ми раскажуваше секогаш за вас, еве тој, Коља . . . јас го сакам неговото одушевување. Јас не го расипував него! Јас само него го имам што ќе го оставам . . . јас сите сакав да ги оставам, сите, – но немаше никој, немаше никој . . . Јас сакав да бидам активен, јас имав право . . . О, колку многу сакав да сторам! Јас сега не сакам ништо, не сакам ништо да сакам, јас си дадов таков збор ништо повеќе да не сакам; нека, нека без мене ја бараат вистината! Да, природата сака да се подбива! Зошто таа, – продолжи тој наед-

наш врело, – зошто таа ги создава најдобрите суштества со цел да им се подбие подоцна? Та таа го направи тоа единственото суштество, што на земјата беше признато како совршенство . . . та таа го направи тоа, што откако им го покажа на луѓето, токму него го задолжи да го изрече она, заради што се има пролеано толку крв, што да се пролеала наеднаш, луѓето сигурно ќе се подавеле во неа! Оф, добро е што умирам! И јас исто така, можеби, ќе кажев некаква ужасна лага, природата ќе ме натераше на тоа! . . . Никого јас не расипував . . . Јас сакав да живеам за среќата на сите луѓе, за откривање и објавување на правдината . . . Јас го гледав низ прозорецот Маеровиот ѕид и мислев само четврт час да зборувам и сите, сите да ги убедам, а еве првпат во животот се најдов . . . со вас, ако не со луѓе! и ете што излезе? Ништо! Излезе тоа дека вие ме презирате! Значи, не сум потребен, значи сум глупак, значи време е! И никаков спомен не умеев да оставам! Ни звук, ни трага, никакво дело, не раширив никакво убедување! . . . Не потсмевајте му се на еден глупак! Заборавете сè . . . заборавете, ве молам, не бидете толку жестоки! Знаете ли дека да не ми се најдеше таа сушица, јас сам ќе се убиев себеси . . .

Тој, се чини, сакаше уште многу да каже, но не доврши, се фрли во фотелјата, го покри лицето со раце и заплака како мало дете.

– И што ќе повелите сега да правиме со него! – викна Лизавета Прокофјевна, му притрча, ја фати неговата глава и силно, силно ја притисна на своите гради. Тој липаше конвулзивно. – Доста, доста, доста! Не плачи де, доста, ти си добро момче, тебе господ ќе ти прости поради твоето незнаење; ајде, доста, биди машко . . . Одозгора и ќе се засрамиш . . .

– Јас имам таму, – говореше Ипполит напињајќи се да ја поткрене главата, – имам брат и сестри, тоа се деца, мали, кутри, невини . . . Т а а ќе ги расипе! Вие сте светица, вие сте . . . и самата дете, – спасете ги! Откинете ги од таа . . . таа е . . . бесрам . . . О, помогнете им, помогнете, вас господ десетпати ќе ве награди за тоа, заради господа, заради Христос! . . .

– Та кажете најодзади, Иван Фјодорович, што да правам сега! – раздразливо викна Лизавета Прокофјевна, – сторете ми ја таа услуга, прекинете го своето молчење! Ако вие не одлучите, тогаш знајте дека јас ќе останам да преспијам овде; доста сте ме тиранизирале со вашето самоволие!

Лизавета Прокофјевна го поставуваше прашањето со ентузијазам и лутина и очекуваше веднаш одговор. Но во слични случаи присутните во поголем дел, дури да ги има и многу, одговараат со молчење, со пасивна заинтересираност, не сакајќи ништо да примат на себе, а своите мисли ги изразуваат дури многу подоцна. Меѓу присутните имаше и такви, кои беа готови да останат тука макар и до изутрина, не проговорувајќи ниту збор, на пример како Варвара Ардалионовна, која седеше целата вечер скраја, молчејќи, и целото време слушајќи со необична заинтересираност, имајќи, можеби, и свои причини за тоа.

– Мое мислење е, мила моја, – проговори генералот, – дека сега тука повеќе е потребна една негователка, одошто вашата вознемиреност, и, можеби, еден сигурен, трезвен човек за преку ноќ. Во секој случај да го прашаме кнезот и . . . веднаш да го оставиме на мира. А утре пак ќе можеме да посочувствуваме.

– Сега е дванаесет часот и ние заминуваме. Ќе дојде ли и тој со нас или ќе остане кај вас? – раздразливо и луто му се обрна Докторенко на кнезот.

– Ако сакате, останете и вие со него, – рече кнезот, – ќе се најде место.

– Ваше превосходство, – нечекано и восхитено му притрча на генералот господинот Келер, – ако е потребен сигурен човек за преку ноќ, јас сум готов да се жртвувам за пријателот . . . тоа ви е таква душа! Јас веќе одамна го сметам голем, ваше превосходство! Јас, се разбира, затаив со своето образование, но кога тој ќе почне да критикува, тоа бисери, бисери течат, ваше превосходство! . . .

Генералот очајно се сврте на друга страна.

– Ќе ме радува многу ако тој остане, се разбира, нему му е тешко да патува, – изјави кнезот во одговор на раздразливите прашања на Лизавета Прокофјевна.

– Та ти да не спиеш? Ако не сакаш, братче, јас кај мене ќе го пренесам! Господе, па тој и самиот одвај се држи на нозе! Болен ли си ти, или што ти е?

Прегеска Лизавета Прокофјевна бидејќи не го најде кнезот на умирање, навистина премногу ја зголеми задоволителната состојба на неговото здравје, судејќи по надворешниот изглед, но неодамнешната болест, тешките спомени кои ја придружуваа, премаленоста од неспокојната вечер, случката со „синот на Павлишчев", сегашната случка со Иполит – сето тоа ја вознемири болникавата чувствителност на кнезот доведувајќи го навистина речиси до треснавична состојба. Но, покрај тоа, тој во очите сега имаше и некоја друга грижа, дури бојазан; тој со страв го гледаше Иполит небаре очекуваше нешто од него.

Наеднаш Иполит се крена, ужасно блед и со изглед на страшен срам кој стигнуваше до очајание, на неговото искривено лице. Тоа првенствено се изразуваше во неговиот поглед со кој тој со омраза и бојазан го погледна собирот, и во збунетата, искривена и непостојана насмевка на неговите растреперени усни. Тој истиот миг ги спушти очите и се упати нишајќи се и продолжувајќи да се насмевнува на ист начин, кај Бурдовски и Докторенко, кои стоеја крај излезот на терасата; тој заминуваше со нив.

– Ете, токму од тоа се плашев! – викна кнезот, – Така и мораше да биде!

А, вие токму од тоа сте се плашеле! „Така и мораше да биде", според вас? Знајте тогаш, ако јас некого овде мразам, – вресна тој засипнато и со писок, прскајќи од устата (јас сите, сите ги мразам!), – но вас, вас, езуитска, медена ситна душо, идиоте, милионеру-добродетелу, вас најмногу од сите и од сѐ на светов! Јас веќе одамна ве имам прозреано и замразено, уште кога слушнав за вас, јас ве замразив со сета омраза на својата душа . . . Тоа вие сега вака ги наредивте сите работи! Тоа вие ме доведовте мене до напад! Вие еден човек што е на умирање го доведовте до срам, вие, вие сте виновни поради мојата подла малодушност! Јас би ве убил вас кога би останал да

живеам! Не ми требаат вашите добротворства, од никого не ќе ги примам, слушате ли, од никого, ништо! Јас бладав и вие не смеете да ликувате! . . . Ве проколнувам сите вас еднаш засекогаш.

На тоа тој веќе сосема се задуши.

– Се засрамил од своите солзи! – ѝ прошепоте Лебедев на Лизавета Прокофјевна, – „Така и мораше да биде!" Види го кнезот, докрај го прочитал . . .

Но Лизавета Прокофјевна не го удостои со свој поглед. Таа стоеше, гордо исправена, со кренатa глава, и со презрива заинтересираност ги разгледуваше „овие ситни луѓе". Кога Иполит заврши, генералот ги крена рамениците; таа со гнев го изгледа од глава до петици, небаре бара сметка за неговото движење и веднаш му се обрна на кнезот.

– Ви благодарам кнезу, ексцентричен пријателу на нашиот дом, за пријатната вечер, што ни ја приредивте на сите. Бездруго, вашето срце сега се радува поради тоа што успеавте и нас да нè замешате во вашите будалаштини . . . Доста ни е, мил пријателу на нашиот дом, ви благодарам што ни дадовте можност барем вас убаво да ве запознаеме! . . .

Таа со негодување почна да си ја поправа наметката, чекајќи кога „оние" ќе тргнат. На „оние" сега им се приближи кочија, за која уште пред четврт час Докторенко беше наредил да ја повика синот на Лебедев, еден гимназист. Генералот веднаш по својата сопруга уфрли и свој збор:

– Навистина, кнезу, јас дури и не чекав . . . по сè она, по сите пријателски односи . . . и, најодзади, Лизавета Прокофјевна . . .

– Како тоа, како може вака! – викна Аделаида и брзо му пријде на кнезот и му подаде рака.

Кнезот со збунет изглед ѝ се насмевна. Наеднаш еден врел и брз шепот небаре му го испече увото.

– Ако вие истиот миг не ги напуштите овие гадни луѓе, јас цел живот, цел живот, само вас ќе ве мразам, – прошепоти Аглаја; таа речиси беше вон од себеси, но таа му го сврте грбот пред да може кнезот да ја погледне. Впрочем, тој веќе немаше зошто и немаше кого да напушта: болниот Иполит во тоа време

веќе беше некако сместен во кочијата, и кочијата замина.

– Што мислиш, Иван Фјодорович, долго ли ќе трае уште ова? Какво е вашето мислење? Долго ли уште ќе трпам од овие злобни момчиња?

– Готово, мила моја . . . јас сум, се разбира, готов и . . . кнезу. . .

Иван Фјодорович сепак му подаде рака на кнезот, но не стаса да му ја стегне, потрча по Лизавета Прокофјевна, која со шум и гнев се симнуваше од терасата. Аделаида, нејзиниот свршеник и Александра искрено и милосливо се поздравија со кнезот. Евгениј Павлович беше исто меѓу нив и единствено тој беше весел.

– По мое, сврши! Само жал ми е што и вие, кутриот, тука настрадавте, – прошепоти тој со најљубезна насмевка.

Аглаја замина без поздрав.

Но настаните на оваа вечер уште не завршија со тоа; Лизавета Прокофјевна мораше да поднесе уште една нечекана средба.

Таа уште не стаса да слезе од скалите, на патот (кој го обиколуваше паркот), кога наеднаш, една блескава кола, кочија со впрегнати два бели коња, пролета крај летниковецот на кнезот. Во кочијата седеа две прекрасни госпоѓи. Но, не поминувајќи ни десет чекори, кочијата наеднаш запре; една од дамите брзо се сврти небаре здогледала ненадејно некој познајник што го барала.

– Евгениј Павлович! Ти ли си? – се слушна наеднаш ѕунлив прекрасен глас, од кој затрепери кнезот, и, можеби, уште некој, – колку ми е драго што те најдов, најодзади! Јас испратив в град двајца специјални гласници! Цел ден те бараат!

Евгениј Павлович стоеше на скалите небаре поразен со гром. Лизавета Прокофјевна, исто така, застана наместо, но не толку вџашена и стаписана колку Евгениј Павлович: таа ја гледаше дрската жена, исто така, гордо и со ист студен презир, како и пред пет минути „ситните луѓе“, и веднаш го пренесе својот внимателен поглед врз Евгениј Павлович.

– Имам новина! – продолжи ѕунливиот глас, – не плаши се за мениците на Купфер; Рогожин ги откупи за триесет, јас го наговорив. Можеш да бидеш спокоен барем уште три месеци. А со Бискуп и со сиот тој џган сигурно ќе се нагодиме, како пријатели! И така, сѐ е, значи, в ред. Радувај се. До утре!

Кочијата тргна и брзо исчезна.

– Тоа е некоја луда! – викна најодзади Евгениј Павлович, вцрвувајќи се од негодување и обѕирнувајќи се наоколу во недоумица, – ниту знам што ми зборуваше! Какви меници? Која е таа?

Лизавета Прокофјевна продолжуваше да го гледа уште два-три мига; најпосле, брзо и нагло сврти кон својот летниковец, а по неа сите други. Токму по една минута на терасата на кнезот пак се појави Евгениј Павлович необично вознемирен.

– Кнезу, кажете ми навистина, знаете ли што значи ова?

– Воопшто не знам, – одговори кнезот кој беше и самиот во необична и болна напрегнатост.

– Не?

– Не.

– И јас не знам, – се насмеа наеднаш Евгениј Павлович. – Жими бога, не сум имал никакви врски со тие меници, ми верувате ли на мојот чесен збор! ... Та што ви е вам, вие се онесвестувате?

– О не, не, ве убедувам, ништо . . .

XI

Дури по три дни Епанчини се смилуваа сосема. Кнезот, макар што се чувствуваше виновен за многу работи, макар што искрено чекаше казна, сепак отпрвин имаше сигурно внатрешно убедување дека Лизавета Прокофјевна не можела да му се налути сериозно нему, туку најмногу се налутила на самата себеси. Поради тоа, толку долгиот рок на непријателство третиот ден го доведе веќе до мрачна безизлезност. Го доведоа до тоа и други околности, но една од нив предничеше. Сите три дни таа прогресивно ра-

стеше во неговата подозривост (а кнезот од неодамна се обвинуваше себеси за две крајности: за својата необична „бесмислена и натрапничава“ доверливост и во исто време на „мрачна и ниска“ подозривост). Со еден збор, кон крајот на третиот ден настанот со ексцентричната дама којашто од кочијата разговараше со Евгениј Павлович доби во неговата глава застрашувачки и загадочни размери. Суштината на загатката, освен другите страни на работата, се состоеше за кнезот во тажното прашање: дали имено тој е виновен и во оваа нова „чудовишност“, или е само . . . Но тој не доврши. Што се однесува пак до буквите Н. Ф. Б., тоа, според него, била само наивна шега, дури најдетска шега, така што и да се мисли премногу за тоа не би било препорачливо, а во извесен однос дури и нечесно.

Впрочем, уште првиот ден по онаа грда „вечер“, поради чии безредија тој беше толку главна „причина“, кнезот изутрината го имаше задоволството да го прими кај себеси кнезот Ш. со Аделаида: „тие наминале г л а в н о заради тоа, да се распрашаат за неговото здравје“, наминаа од прошетка, обајцата заедно. Аделаида забележа сега во градината едно дрво, прекрасно старо дрво, со широка круна, со долги искривени гранки, сето во млади лисја, со дувло и пукнатина во кората; таа посака бездруго, бездруго да го наслика! Така што речиси само затоа и разговараа за целото време од половина час на својата посета. Кнезот Ш. беше љубезен и пријатен како и обично, го распрашуваше кнезот за минатото, ги приспомна околностите на нивното прво запознавање, така што за синоќешното речиси ништо не беше кажано. Најодзади, Аделаида не издржа и со насмевка призна дека тие наминале и н к о г н и т о; но тоа беше сè, макар што од тоа *инкогнито* можеше да се види дека родителите, то ест, Лизавета Прокофјевна, биле некако особено нерасположени., Но за време на својата посета Аделаида и кнезот Ш. не проговорија ниту збор ниту за неа, ниту за Аглаја, ниту дури за Иван Фјодорович. Заминувајќи пак на прошетка го поканија со себе и кнезот. За тоа пак, да го поканат кај нив, не-

маше ниту навестување; во тој однос дури и излета еден карактеристичен збор на Аделаида: раскажувајќи за една своја работа во акварел, таа наеднаш многу посака да му ја покаже. „Како да го сториме тоа што поскоро? Чекајте! Јас, или по Коља ќе ви ја пратам, ако намине, или пак утре самата, кога ќе тргнам во прошетка со кнезот, ќе ви ја донесам", – ја заврши таа најодзади, својата недоумица, радувајќи се што така умешно и удобно за сите успеала да ја разреши таа задача.

Најодзади, речиси веќе кога се поздравија, кнезот Ш. небаре наеднаш се присети:

– Ах, да, – праша тој, – да не знаете барем вие, миличок Лав Николаевич, која личност беше таа што му викаше синоќа на Евгениј Павлович од својата кочија?

– Тоа беше Настасја Филиповна, – рече кнезот, зар вие сè уште не сте дознале дека тоа беше таа? Но не знам која беше таа со неа.

– Знам, имам, имам чуено! – го прифати веднаш кнезот Ш. – Но што значеше нејзиното викање? Тоа е за мене, ќе признам, таква загатка . . . за мене и за другите.

Кнезот Ш. говореше со видливо и необично вчудовидување.

– Таа зборуваше за некакви меници на Евгениј Павлович, – сосема едноставно му одговори кнезот, – кои од некој лихвар се нашле кај Рогожин, по негова молба, и дека Рогожин ќе го почекал Евгениј Павлович.

– Го чув, го чув тоа, миличок кнезу, но тоа е невозможно! Никакви меници не можел да има Евгениј Павлович! Кога има толкаво богатство . . . Вистина, нему му се има случувано, поради лекомисленост, порано, дури и јас го извлекував . . . Но, кога има толкаво богатство, да дава меници на лихвар и да се вознемирува заради нив – тоа е невозможно. И тој не може да биде на т и и во такви бliski односи со Настасја Филиповна, – ете во што е главниот проблем. Тој се колне дека ништо не сфаќа и јас наполно му верувам. Но работата е во тоа, миличок кнезу, што јас

сакав да ве прашам да не знаете вие нешто? То ест, да не стигнал до вас по некое чудо некој глас?

– Не, ништо не знам, и ве убедувам дека јас во тоа немам никакво учество.

– Оф, кнезу, каков сте станале! Јас просто не ве препознавам денес. Зар сум можел јас да претпоставам дека сте вие учесник во таква работа? . . . Ох, но вие сте денес растроен.

Тој го прегрна и го бакна.

– То ест во каква „таква" работа учесник? Јас не гледам никаква „таква" работа.

– Несомнено таа личност сакала на некој начин и во нешто да му попречи на Евгениј Павлович, придавајќи му, во очите на присутните особини кои тој ги нема и не може да ги има, – одговори кнезот Ш., доста суво.

Кнезот Лав Николаевич се збуни, но, продолжуваше внимателно и прашално да го гледа кнезот; но тој замолкна.

– А работата не била едноставно за мениците? Зар не е буквално онака како што беше синоќа? – промрмори најодзади кнезот со некаква нестрпливост.

– Та ви велам јас, просудете самиот, што може да има тука заедничко меѓу Евгениј Павлович и . . . нејзе и одозгора со Рогожин? Ви повторувам, неговиот имот е огромен, јас тоа сосема добро го знам; друг имот пак чека од чичко си. Настасја Филиповна просто . . .

Кнезот Ш. наеднаш одново замолкна, очигледно поради тоа што не сакаше да продолжува да му зборува на кнезот за Настасја Филиповна.

– Изгледа, во секој случај, тој ја познава? – праша одеднаш кнезот Лав Николаевич, откако молчеше извесно време.

– Во тоа е, се чини, и работата, ветерничавко! Но, впрочем, ако и било нешто, тогаш тоа било многу одамна, уште порано, то ест пред две-три години. Зашто тој се познаваше уште со Тоцки. Сега пак ништо не можело да има од таков вид, на т и тие не можеле да бидат никогаш! Самите знаете дека и неа тука ја немаше; никаде ја немаше. Многумина уште и

не знаат дека таа пак се појави. Нејзината кочија јас ја забележав пред два-три денови, не повеќе.

– Прекрасна кочија! – рече Аделаида.

– Да, кочијата е прекрасна.

И обајцата заминаа во најпријателско, во најбратско, така да речеме, расположение кон кнезот Лав Николаевич.

А за нашиот јунак оваа посета содржеше во себе дури и нешто од капитално значење. Ќе претпоставиме дека тој и самиот многу работи подозираше уште од вчерашната ноќ (а можеби и порано), но до самата нивна посета тој не можеше да се реши наполно да го оправда својот страв. Сега пак станува јасно: кнезот Ш., се разбира, го толкуваше настанот погрешно, но сепак кружеше околу вистината, сепак сфати дека тука имало и н т р и г а. (Впрочем, тој можеби и сосема правилно сфаќа во себеси, – помисли кнезот, – но само не сака да го каже тоа и заради тоа намерно толкува погрешно.) Најјасно од сè беше тоа дека кај него сега наминале (и имено кнезот Ш.) со надеж да добијат некакви појаснувања; ако е така, тогаш него директно го сметале за учесник во интригата. Покрај тоа, ако сето ова е и навистина толку важно, тогаш, т а а веројатно, има некаква ужасна цел? Ужас! „И како ќе ј а запреш н е а? Не постои никаква можност т а а да биде запрена, кога е убедена во некоја своја цел!" Кнезот веќе го знаеше тоа од искуство. „Улава. Улава."

Но премногу, премногу се беа насобрале ова утро и други неразрешливи околности, и сите во исто време, и сите бараа итно разрешување, така што кнезот беше многу тажен. Него го расположи малку Вера Лебедева, која дојде кај него со Љубочка и, смеејќи се, долго му раскажуваше за нешто. По неа дојде и нејзината сестра со раствoрената уста, по нив гимназистот, синот на Лебедев, кој убедуваше дека „Пелин-ѕвездата" во Апокалипсисот, која паднала на земјата на водените извори, била, според толкувањето на неговиот татко, мрежата на железничките линии, раширена низ Европа. Кнезот не му поверува дека Лебедев имал вакво толкување, и било одлучено да го пра-

шаат него лично штом ќе го најдат. Од Вера Лебедева кнезот дозна дека Келер доскитал кај нив уште од вчера и, по сите знаци, долго не ќе се откачел од нив зашто си нашол друштво и пријателски се сложил со генералот Иволгин; впрочем, тој изјавил дека останал кај нив единствено да си го дополни своето образование. Воопшто, децата на Лебедев сѐ повеќе и повеќе, секој ден повеќе, почнуваа да му се допаѓаат на кнезот. Коља го немаше целиот ден: тој уште рано изутрина се беше упатил во Петербург (Лебедев исто замина, штотуку осамна, по некои свои рботи). Но кнезот со нестрпливост ја чекаше посетата на Гаврило Ардалионович, кој мораше уште денес да намине кај него.

Тој повели да дојде околу седум часот попладне, веднаш по ручекот. Уште од првиот поглед на него кнезот си помисли дека овој господ во најмала мерка треба да знае сѐ во детали без грешка, – а и како да не знае кога има такви помошници како што е Варвара Ардалионовна и нејзиниот сопруг? Но меѓу Гања и кнезот односите беа постојано некако особени. Кнезот, на пример, му довери нему да ја води работата на Бурдовски и особено го молеше да ја прими; без оглед на оваа доверливост и на уште некои работи кои се случија порано, меѓу нив постојано остануваа некои точки, за кои, небаре заеднички, беше решено да не се говори. На кнезот напати му се чинеше дека Гања можеби и би сакал од своја страна најцелосна и пријателска искреност; сега, на пример, штотуку тој влезе, на кнезот веднаш му се стори дека Гања е најсилно убеден дека истиот тој миг дошло врме да се разбие мразот меѓу нив на сите места. (Но, Гаврило Ардалионович иташе; сестра му го чекала кај Лебедев; и обајцата итале по некоја работа.)

Но ако Гања навистина очекувал цела редица нестрпливи прашања, спонтани признанија, пријателски изливи, тогаш тој, се разбира, згрешил. За целите дваесет минути на неговата посета кнезот беше дури и премногу замислен, речиси расеан. Очекуваните прашања или подобро да речеме, едното главно прашање, што го чекаше Гања, немаше ни збор да биде поста-

вено. Тогаш и Гања реши да зборува многу воздржано. Тој, не замолкнувајќи, му раскажуваше нешто цели дваесет минути, се смееше, водеше најлесен, симпатичен и брз разговор, но главното не го допираше.

Гања, меѓу другото, раскажа дека Настасја Филиповна била тука во Павловск сè на сè три-четири денови, но дека веќе го свртувала вниманието на сите врз себеси. Дека живеела некаде на Матроска улица, во мала, несмасна куќичка, кај Дарја Алексеевна, а нејзината кочија била речиси прва во Павловск. Дека околу неа се насобрала веќе цела толпа млади и стари обожаватели; дека нејзината кочија напати ја придружувале коњаници. Дека Настасја Филиповна, како и порано, била многу избирлива и дека ги примала луѓето само по избор. А дека, сепак, се собрала околу неа цела чета и дека имало кој да ја брани ако затребало. Дека еден званичен свршеник, еден од оние штотука летувале, веќе се скарал заради неа со својата свршеница; еден старец-генерал речиси го проколнал својот син. Дека таа често земала со себе во кочијата едно прекрасно девојче, кое штотуку наполнило шеснаесет години, некоја далечна роднина на Дарја Алексеевна; дека тоа девојче убаво пеело, – така што нивната куќарка навечер го привлекувала вниманието врз себеси. Дека Настасја Филиповна, впрочем, се држела сосема пристојно, богато се облекувала, но со необичен вкус и дека сите дами ѝ завидувале на нејзиниот „вкус, убавина и кочијата“.

– Синоќешната ексцентрична случка, – му се испушти на Гања, – се разбира е однапред приготвена и, се разбира, не треба да ѝ се обрнува внимание. За да ѝ се префрли нешто треба нарочно да се побара, или да се каже некоја клевета, за што, впрочем, не ќе треба долго да чека, – заклучи Гања, кој чекаше дека кнезот сега бездруго мора да праша: „Зошто тој ја нарекува вчерашната случка однапред подготвена? И зошто не треба долго да чека?“ Но кнезот не го праша тоа.

Што се однесува пак до Евгениј Павлович, Гања пак почна сам нашироко да зборува, без особени ра-

спрашувања, што беше прилично чудно, зашто тој го уфрли во разговорот без никаков повод. Според мислењето на Гаврило Ардалионович, Евгениј Павлович не ја познавал Настасја Филиповна, тој и сега само одвај малку ја познавал и токму поради тоа што пред три-четири денови ѝ бил претставен од некого за време на прошетка и одвај бил барем еднаш во нејзината куќа, заедно со другите. Што се однесува до мениците тука може да имало нешто, (Гања тоа сигурно го знаел); Евгениј Павлович, се разбира, имал голем имот, но „извесни работи со имотот се навистина во извесна несреденост". На тоа место од таа интересна материја Гања наеднаш прекина. Што се однесува пак до синоќешниот испад на Настасја Филиповна тој не рече ниту еден збор, освен она што набрзина го кажа погоре. Најпосле, по Гања дојде и Варвара Ардалионовна, остана неколку минути, изјави (исто така без повод), дека Евгениј Павлович денес, а можеби и утре, ќе останел во Петербург, дека и нејзиниот маж (Иван Петрович Птицин) бил исто така во Петербург, и речиси и тој заради работите на Евгениј Павлович, дека таму навистина имало нешто. Заминувајќи таа додаде дека Лизавета Прокофјевна денес била во пеколно душевно расположение но, дека било најчудно тоа што Аглаја се скарала со целото семејство, не само со татка си и мајка си, но дури и со обете сестри и дека „тоа е сосема неубаво". Откако му ја рече, небаре набрзина, оваа последна вест (која за кнезот беше мошне важна), братот и сестричката си заминаа. За работата со „синот на Павлишчев" Гањечка исто така не спомна ниту збор, можеби од лажна скромност, можеби „за да ги поштеди чувствата на кнезот", но кнезот сепак уште еднаш му се заблагодари поради грижливото свршување на работата.

Кнезот беше мошне задоволен што најодзади го оставија сам; тој слегна од терасата, го премина патот и влезе во градината; тој сакаше да обмисли и разреши еден свој чекор. Но тој „чекор" не беше од оние кои се обмислуваат, туку од оние кои токму не се обмислуваат, но кои едноставно се решаваат: тој наеднаш ужасно посака да остави сè што е тука, а

самиот да замине назад, откаде што дојде, некаде подалеку, во некоја затантеност, да замине веднаш не поздравувајќи се дури со никој. Тој претчувствуваше дека, ако остане тука само барем уште неколку денови, бездруго ќе биде вовлечен во тој свет засекогаш и дека токму тој свет ќе биде за понатаму негова судбина. Но тој не размислуваше ниту десет минути и веднаш донесе одлука дека му е „невозможно" да бега, дека тоа би било речиси страшливечки, дека пред него стојат такви задачи кои тој сега нема никакво право да не ги разреши или макар да не ги употреби сите свои сили за нивното разрешување. Со такви мисли се врати тој дома; одвај да беше четврт час на прошетка. Во тој миг тој беше наполно несреќен.

Лебедев сè уште го немаше дома, така што привечер кај кнезот успеа да се провре Келер, трезвен, но со изливи и признанија. Тој директно изјави дека дошол да му го раскаже на кнезот сиот свој живот и дека поради тоа и останал во Павловск. Немаше ни најмала можност да се истера: не би излегол за ништо на светот. Калер се приготвил да говори многу долго и многу неповрзано, но наеднаш, речиси од првите зборови, прескокна на заклучокот и изјави дека тој дотолку изгубил дури и „секој привид на морал" (единствено поради неверувањето во севишниот), што дури и крадел. – „Можете да си го претставите тоа!"

– Слушајте, Келер, да сум на ваше место јас не би го признал тоа без особена потреба, – почна кнезот, – а впрочем, та вие, можеби, намерно се клеветите себеси?

– Само вам, единствено вам и единствено за да си помогнам во своето усовршување! Никому повеќе; ќе умрам и под мртовечкиот покров ќе си ја однесам својата тајна! Но, кнезу, само кога би знаел колку е тешко во нашето време да се дојде до пари! Каде да ги најдам, дозволете да ве прашам по сево ова? Секаде само еден одговор: „донеси злато и дијаманти, под таква гаранција ќе ти дадеме", то ест, токму она што јас го немам, можете ли да си го претставите тоа? Јас, најпосле, се разлутив, постојав-постојав и велам: „А за смарагди ќе ми дадете?" – „Ќе ви дадам и за

смарагди, вели." – „Тогаш, одлично", велам, си ја ставив шапката и излегов; ѓавол да ве земе, такви подлеци! Жими бога!

– Зар сте имале смарагди?

– Од каде смарагди! О кнезу, колку вие сè уште светло и наивно, дури, би можело да се рече, пасторално го гледате животот!

На кнезот, најодзади, не му стана баш жал, туку онака, речиси се почувствува виновен. Му блесна дури и ваква мисла: „не ќе може ли да се направи нешто од овој човек со нечие добро влијание?" Сопственото влијание тој, поради некои причини, го сметаше за сосема несоодветно, – не поради самопотценување, туку поради некој особен поглед на работите. Лека-полека тие се задлабочија во разговорот така што веќе не им се прекинуваше. Келер со необична готовност признаваше такви работи, што беше невозможно да се претстави како е можно да се говори за нив. Кога почнуваше секое раскажување тој со сигурност убедуваше дека се кае и дека во душата е „полн солзи", а меѓутоа раскажуваше така, небаре се гордееше со постапката и во исто време напати беше толку смешно што и тој и кнезот, најпосле, како споулавени се смееја.

– Најглавното е тоа што вие имате некаква детска доверливост и необична вистинитост, – рече најпосле кнезот, – знаете ли дека со самото тоа вие веќе многу се откупувате?

– Вие сте благороден, благороден, рицарски благороден! – потврди Келер сиот разнежен, – но знаете ли, кнезу, сето тоа е само во мечтите и, така да речам, во куражот, а пак во стварноста никогаш не испаѓа! А зошто така? Не можам ни да разберам.

– Не очајувајте се. Сега веќе со сигурност може да се каже дека вие ми го кажавте и она најскриеното; во најмала мера, ми се чини дека кон она што ми го кажавте повеќе ништо не може ни да се додаде, нели?

– Не може? – со некакво сожалување викна Келер, – О, кнезу, до кој степен вие сè уште, така да речам, на швајцарски начин го сфаќате човекот.

– Зар е можно уште нешто да се додаде? – со

плашлива вчудовиденост проговори кнезот, – што чекавте, тогаш, од мене, Келер, кажете ми, ве молам и зошто дојдовте со вашата исповед?

– Од вас? Што сум чекал? Пред сѐ пријатно е само да се погледне вашата простодушност; јас, во крајна линија, знмам дека пред мене е едно најдобродетелно лице, а второ . . . второ . . .

Тој се збуни.

– Можеби сте сакале да земете пари назаем? – му помогна кнезот многу сериозно и едноставно, дури и речиси срамежливо.

Келер сиот се стресе; тој брзо, со преѓешна вчудовиденост, го погледна кнезот право в очи и силно тропна со тупаница по масата.

– Ете, со ова вие и го вадите човекот просто од умот! Но дозволете, кнезу; тоа веќе е таква простодушност, таква невиност, какви што не биле познати ниту во златниот век, а наеднаш во исто време сосем го пронижувате човекот, како со стрела, со таква најдлабока психологија на набљудувањето. Но, дозволете, кнезу, ова мора да биде разјаснето, зашто јас сум . . . јас сум едноставно збунет! Се разбира, на крајот на краиштата мојата цел беше да позајмам пари, но вие за парите ме прашавте така, небаре не наоѓате во тоа ништо за осуда, небаре така и треба да биде.

– Да . . . од вас така и треба да биде.

– И тоа не ве лути?

– А . . . што има тука да ме лути?

– Чујте ме, кнезу, јас останав овде од синоќа, како прво, поради особената почит кон францускиот архиепископ Бурдал (кај Лебедев отворале шишиња до три часот), а како второ и најважно, (ете со сите крстови се крстам дека ви зборувам чиста вистина!), останав затоа што сакав, така да речам, да ви ја соопштам мојата полна, душевна исповед, со тоа да си го помогнам сопственото усовршување; со таа мисла јас и заспав во околу четири часот миејќи се со солзи. Можете ли да му верувате сега на едно благородно лице: истиот миг кога заспивав, искрено исполнет со надворешни и, така да речам, внатрешни солзи

(зашто најодзади јас липав, се сеќавам за тоа!), ми дојде една пеколна мисла: „А што ќе биде ако по исповедта, најодзади, побарам и пари?" Така јас исповедта ја приготвив, така да речам, како некој „фенезерф во солзи", со намера со истите тие солзи да го олеснам патот, та вие, откако ќе се разнежите, да ми изброите сто педесет рублички. Зар не наоѓате дека тоа е ниско?

– Но тоа сигурно не е вистина, туку просто коинциденција на едното и на другото. Се сложија две мисли, тоа многу често се случува. Мене постојано. Јас, впрочем, мислам дека тоа не е добро, и, знаете што, Келер, јас во тоа се прекорувам најмногу себеси. Вие сега небаре мене ме опишавте. Мене дури напати ми се случуваше да мислам, – продолжуваше кнезот многу сериозно, вистински длабоко заинтересиран, – дека и кај сите луѓе е така, така што јас веќе почнав и да си наоѓам оправдание, зашто со тие д в о ј н и мисли страшно е тешко човек да се бори; јас тоа го искусив. Господ ги знае како доаѓаат тие и како се раѓаат. Но, ете, вие тоа директно го наречувате нискост! Сега и јас ќе почнам да се плашам од тие мисли. Во секој случај, јас не можам да ви бидам судија. Но сепак, според моето мислење, тоа не може да се вика така директно нискост, што мислите вие? Вие сторивте лукавост, преку солзи да извлечете пари, но вие самиот се колнете дека вашата исповед имала и друга цел, благородна, а не парична; што се однесува пак до парите, тие ви требаат за пиење, нели? А тоа по една таква исповед, е, се разбира, малодушност. Но како да се ослободите од пиењето во еден миг? Тоа е невозможно. Што да се прави? Најдобро е да се остави на вашата сопствена совест, што мислите вие?

Кнезот со необично голем интерес го гледаше Келер. Прашањето за двојните мисли се чини веќе одамна го интересираше него.

– И зошто вас, по сево ова, ве наречуваат идиот, не разбирам! – викна Келер.

Кнезот малку се вцрви.

– Проповедникот Бурдал, та и тој не ќе поштедеше еден човек, а вие поштедивте човек и просу-

дивте за мене човечки! За да се казнам себеси и да покажам дека сум трогнат, не сакам сто и педесет рубли, дајте ми само дваесет и пет и доста! Тоа е сè што ми треба, барем за две недели! Пред да истечат две недели не ќе ви дојдам пак по пари. Сакав Агашка да ја почестам, но таа не вреди за тоа. О, мил кнезу, нека ве благослови господ!

Најодзади дојде Лебедев, кој штотуку се врати и кога ја забележа банкнотата од дваесет и пет рубли во рацете на Келер, се намурти. Но, штом се здоби со пари, Келер веќе иташе надвор и веднаш исчезна. Лебедев веднаш почна да го клевети.

– Вие не сте справедлив, тој навистина искрено се каеше, – забележа на крајот кнезот.

– Што значи каењето! Исто онака како и јас синоќа: „низок, низок сум", а тоа се само празни зборови!

– Вам тие ви беа, значи, само празни зборови? А јас веќе помислив . . .

– Ете, само вам ви ја кажувам вистината зашто вие го пронижувате човека: и зборовите и делата, и лагата и вистината – сè е кај мене сосема искрено. Вистината и делото се кај мене во вистинското покајание, верувајте ми, не верувајте ми, ете ќе се заколнам, а зборовите и лагата се содржат во пеколната (секогаш присутна) мисла, како и со тоа да го уловам човекот, како и преку солзи и покајувања да добијам! Жими бога, така е! На друг не би го рекол тоа, ќе ми се насмее, ќе плукне; но вие, кнезу, вие ќе просудите на човечки начин.

– Ете, токму тоа ми го кажа и тој сега, – викна кнезот, – и обајцата вие небаре се фалите! Вие дури ме вчудовидувате, тој е поискрен од вас, а вие сте го претвориле тоа сосема во занает. Сега доста, не муртете се, Лебедев, и не ставајте си ја раката на срце. Немате ли вие да ми кажете нешто? Напразно не сте влегле. . .

Лебедев почна да се искривува и да се ежави.

– Јас цел ден ве чекав за да ви поставам едно прашање; одговорете ми макар еднаш во животот вистина уште од првиот збор: сте имале ли и вие извесно учество во синоќешната случка со кочијата, или не?

Лебедев пак почна да се криви, да се кикоти, да ги трие рацете и дури, најпосле, почна и да кива, но сѐ уште не се решаваше да каже нешто.

– Гледам дека сте учествувале.

– Но индиректно, само индиректно! Ви ја кажувам чистата вистина! Само со тоа учествував што на извесна личност ѝ дадов на знаење дека кај нас се собрало такво друштво и дека се присутни извесни лица.

– Јас знам дека вие вашиот син сте го пратиле таму, тој мене самиот прераскажа ми кажа, но каква е тоа интрига? – викна нестрпливо кнезот.

– Не е тоа моја интрига, не е моја, – се бранеше Лебедев, – тука се други замешани, други, и поскоро е фантазија одошто интрига.

– Тогаш во што е работата, објаснете ми, живи бога? Зар вие не разбирате дека тоа директно на мене се однесува? Та тука се оцрнува Евгениј Павлович.

– Кнезу! Пресветол кнезу! – пак почна да се криви Лебедев, – та вие не дозволувате да ја кажам целата вистина; јас веќе почнував да ви ја кажувам вистината; не еднаш; вие не ми дозволивте да продолжам . . .

Кнезот помолчи малку и поразмисли.

– Добро, зборувајте ја вистината, – тешко проговори тој, изгледа по голема борба.

– Аглаја Ивановна, – веднаш почна Лебедев.

– Престанете, престанете! – избезумено викна кнезот, вцрвувајќи се сиот од негодување, а можеби и од срам. – Тоа е невозможно, сето тоа е измислица! Сето тоа вие самиот сте го измислиле или пак некои исто така луди како вас. И повеќе никогаш да не чујам од вас за тоа!

Доцна вечерта, веќе накај единаесет часот, се појави Коља со цел куп вести. Неговите вести беа двојни: петербуршки и павловски. Тој набрзина ги раскажа најглавните од петербуршките (првенствено за Иполит и за вчерашната мешаница), со тоа да им се врати пак подоцна, и побрза да премине на павловските. Три часа порано тој се вратил од Петербург и, не наминувајќи кај кнезот, директно се упатил кај

Епанчини. „Таму е вистински ужас!“ Се разбира, на прво место била кочијата, но сигурно таму се имале случено и некои други работи, кои тој и кнезот не можеле да ги дознаат. „Јас, се разбира, не шпионирав и не сакав никого да прашувам“; впрочем мене ме примија добро, толку добро, што јас дури тоа не го ни очекував; но за вас, кнезу, ни збор!! Најважното и најинтересното било тоа што Аглаја се скарала прећеска со своите заради Гања. Од какви подробности се состоела работата – не се знаело, само за Гања (претставете си го тоа!) и дури страшно да се кара, значи имало нешто важно. Генералот дошол доцна, дошол намуртен, дошол со Евгениј Павлович кој бил прекрасно примен, а самиот Евгениј Павлович бил необично весел и пријатен. Најкапиталната вест пак се состоела во тоа што Лизавета Прокофјевна тивко ја поканила кај себе Варвара Ардалионовна, која била во посета кај девојките, и еднаш засекогаш ја истерала од куќата, впрочем, на најучтив начин, – „го чув тоа лично од Варја“. Но кога Варја излегла откај Лизавета Прокофјевна и се поздравила со девојките, тие воопшто не знаеле дека засекогаш ѝ е забрането да ја посетува куќата и дека таа за последен пат се поздравува со нив.

– Но Варвара Ардалионовна беше кај мене во седум часот? – праша вчудовидениот кнез.

– А беше истерана пред осум или во осум. Мене ми е многу жал за Варја, го жалам и Гања . . . тие, несомнено, вечно имаат интриги, без тоа не можат. И јас никогаш не можев да дознам што смислуваат тие и не сакам да знам. Но ве убедувам, мој мил и добар кнезу, дека Гања има срце. Тој човек е во многу односи, се разбира, загубен, но во многу односи тој има такви црти, кои вредат да бидат побарани за да се пронајдат и јас никогаш не ќе си простам што порано не го разбирав . . . Не знам дали да ја продолжам својата врска сега, по случката со Варја. Јас навистина уште од самиот почеток се поставив сосема независно и одделно, но сепак треба да размислам.

– Вие напразно премногу си го жалите брата си, – му забележа кнезот, – штом работата веќе стигнала

дотаму, значи Гаврило Ардалионович станал премногу опасен во очите на Лизавета Прокофјевна, а значи и извесните негови надежи се зацврстуваат.

– Како, какви надежи! – стаписано викна Коља, – да не мислите вие дека Аглаја . . . тоа е невозможно!

Кнезот молчеше.

– Вие сте ужасен скептик, кнезу, – по две-три минути додаде Коља, – јас забележувам дека од извесно време вие станувате необичен скептик; вие почнувате во ништо да не верувате и сѐ само да претпоставувате . . . а правилно ли го употребив јас во случајов зборот „скептик"?

– Јас мислам дека сте го употребиле правилно, макар што, впрочем, јас и самиот не знам сигурно.

– Но јас самиот се одрекувам од зборот „скептик", зашто најдов друго објаснение, – викна наеднаш Коља, – вие не сте скептик, туку сте љубоморен! Вие пеколно сте љубоморен на Гања во однос на извесна горда девојка!

Кога го рече тоа, Коља срипа и така се раскикоти, како, можеби, уште никогаш не успеал да се смее. Кога виде дека кнезот сиот се вцрви, Коља уште посилно се раскикоти; нему страшно му се допадна идејата дека кнезот е љубоморен на Аглаја, но веднаш замолкна кога забележа дека кнезот искрено е огорчен. Потоа тие мошне сериозно и загрижено разговараа уште еден или еден и пол час.

Другиот ден кнезот поради некоја неодложна работа помина цело претпладне во Петербург. Враќајки се во Павловск веќе околу пет часот попладне тој се најде на станицата со Иван Фјодорович. Овој брзо го фати за рака, се обѕрна наоколу, небаре исплашено, и го одвлечка кнезот со себеси во купе на прва класа, за да патуваат заедно. Тој гореше од желба да поразговараат за нешто важно.

– Прво, мил кнезу, не лути ми се мене и, ако и имаше нешто од моја страна, заборави го тоа. Јас и самиот уште вчера ќе наминев, но не знаев што ќе рече за ова Лизавета Прокофјевна . . . Дома кај нас . . е просто пекол, ни се вселила загадочната сфинга, а јас сѐ талкам, ништо не разбирам. А што се однесува

до тебе, јас мислам, ти си најмалку виновен од сите нас, макар што, се разбира, ти предизвика многу работи. Гледаш ли, кнезу, пријатно е да се биде филантроп, но не премногу. Самиот можеби веќе си ги пробал плодовите. Јас, се разбира, ја сакам добрината и ја почитувам Лизавета Прокофјевна, но . . .

Генералот уште долго продолжуваше во таа смисла, но неговите зборови беа чудно неповрзани. Се гледаше дека тој е потресен и необично збунет со нешто што му е до крајност несфатливо.

– За мене не постои сомневање дека ти тука не си виновен во ништо, – се изјасни тој, најодзади, појасно, – но немој да нè посетуваш извесно време, те молам пријателски, сè додека дувне подруг ветер. Што се однесува пак до Евгениј Павлович, – викна тој со необична живост, – сето тоа е бесмислена клевета, клевета над клеветите! Тоа е озборување, интрига, желба да ни се расипат односите, да се скараме. Гледаш, кнезу, ти кажувам на уво: меѓу нас и Евгениј Павлович не е кажан уште ниеден збор, разбираш? Ние со ништо не сме врзани, – но тој збор може да биде кажан и, дури, мошне брзо! И ете, тоа е за да се наштети! А зошто, како – не разбирам! Тоа е чудна жена, ексцентрична жена, толку се плашам од неа, што одвај спијам. А каква кочија, бели коњи, та тоа е шик, тоа е токму она што французите го велат шик! Кој ѝ го дал тоа? Жими бога згрешив, завчера помислив дека Евгениј Павлович. Но излегува дека тоа било невозможно, а ако е невозможно, зошто таа тогаш сака да ја расипе работата? Ете тоа е проблемот! За да го сочува за себе Евгениј Павлович? Но, ти повторувам и ете ти се крстам дека тој не се познава со неа и дека мениците се измислица! И со таква дрскост му вика т и преку улица! Најчист заговор! Јасно ни е дека со презир треба сè да отфрлиме, а кон Евгениј Павлович да го удвоиме нашето почитување. Така ѝ реков и на Лизавета Прокофјевна. Сега ќе ти ја кажам мојата најинтимна мисла: јас сум цврсто убеден дека таа го прави тоа за да ми се одмазди мене лично, се сеќаваш, за она што беше, макар што јас никогаш и со ништо не бев виновен пред неа. Се вцр-

вувам само кога ќе се сетам. Сега еве таа пак се појави, јас мислев дека сосема исчезнала. Каде се крие сега тој Рогожин, кажете ми ве молам? Јас мислев дека т а а веќе одамна е госпоѓа Рогожина.

Со еден збор, човекот беше сосема исфрлен од линија. Речиси сиот час на патувањето само тој говореше, задаваше прашања, самиот ги разрешуваше, му ја стегаше раката на кнезот и на крајот барем во тоа го убеди кнезот дека и не мисли да се сомнева во кнезот за што и да е. Ова му беше важно на кнезот. Тој заврши со раскажување за родениот чичко на Евгениј Петрович, началник на некоја си канцеларија во Петербург – „на истакната функција, со седумдесетта година, бонвиван, гурман и воопшто симпатично старче . . . Ха! ха! Јас знам дека тој има чуено за Настасја Филиповна и дури дека бил меѓу нејзините обожаватели. Преѓеска наминав кај него; не прима никого, не се чувствувал добро, но богат е, богат, човек од значење е и . . . господ да му даде многу години да биде здрав, но сепак, на Евгениј Павлович сè ќе му припадне . . . Да, да . . . а јас сепак се плашам! Не сфаќам од што, но се плашам . . . Небаре лебди нешто во воздухот, небаре лилјак, неволјата лета и се плашам, се плашам! . . .“

И најпосле, дури третиот ден, како што веќе напишавме погоре, дојде до формално помирување на Епанчини со кнезот Лав Николаевич.

XII

Беше седум часот попладне; кнезот се готвеше да излезе в парк. Наеднаш Лизавета Прокофјевна сама влезе кај него на терасата.

– К а к о п р в о, не смееш ни да помислиш, – почна таа, – дека јас дојдов да те молам за прошка. Глупости! Ти си наполно виновен.

Кнезот молчеше.

– Виновен си или не си?

– Исто толку колку и вие. Впрочем ниту јас, ниту вие, ние обајцата во ништо не сме виновни намерно.

Завчера јас се сметав себеси виновен, а сега просудив дека тоа не е точно.

– Значи, ете, како! Е, добро; седни и слушај ме, зашто јас немам намера да стојам.

Обајцата седнаа.

– К а к о в т о р о, ниту збор за гневните момчиња! Јас ќе поседам и ќе поразговарам со тебе десет минути; јас дојдов кај тебе за да те прашам (а ти кој знае што си помислил?), и ако ти макар со едно зборче ги спомнеш дрските момчиња, јас станувам и заминувам и веќе раскинувам со тебе наполно.

– Добро, – одговори кнезот.

– Дозволи да те прашам: си повелил ли ти, пред месец и пол, околу празникот, да ѝ пратиш писмо на Аглаја?

– Ѝ нап-пишав.

– И со каква цел? Што имаше во писмото? Покажи ми го писмото!

Очите на Лизавета Прокофјевна ѝ пламтеа, таа речиси трепереше од нестрпливост.

– Тоа писмо не е кај мене, – се почуди и ужасно се омрлуши кнезот, – ако постои и ако е уште цело, тогаш е кај Аглаја Ивановна.

– Не измолкнувај се! Што си ѝ пишал?

– Јас не се измолкнувам и немам од што да се плашам. Не гледам никаква причина зошто да не пишувам . . .

– Молчи! После ќе зборуваш. Што имаше во писмото? Зошто се вцрви?

Кнезот поразмисли.

– Јас не ги знам вашите мисли, Лизавета Прокофјевна. Гледам само дека тоа писмо вам мошне не ви се допаѓа. Признајте дека јас би можел да се откажам да ви одговорам на такво прашање; но да ви покажам дека не се плашам за писмото и дека не жалам поради тоа што го напишав и дека воопшто не се вцрвувам поради него (кнезот се вцрви уште двојно повеќе), јас ќе ви го цитирам тоа писмо, зашто се чини, го знам напамет.

Кога го рече тоа, кнезот ѝ го цитира писмото речиси од збор до збор, онака како што беше.

– Каков галиматијас! И, според тебе, што можат да значат овие глупости? – остро го праша Лизавета Прокофјевна, откако го ислуша писмото со необично внимание.

– И самиот не знам сосема; знам дека моето чувство беше искрено. Таму напати ми доаѓаа мигови на полн живот и извонредни надежи.

– Какви надежи?

– Тешко е да се објасни, само не такви, на кои, вие сега, можеби, мислите, надежи . . . да речеме, за иднината и радоста дека т а м у можеби не сум туѓинец, не сум странец. Мене наеднаш многу ми се допадна во татковината. Една сончева изутрина јас зедов перо в раце и ѝ напишав писмо; зашто токму нејзе – не знам. Та напати човек сака да има пријател крај себеси; и јас, изгледа, посакав пријател . . . – со мала паза додаде кнезот.

– Заљубен ли си, а?

– Н-не. Јас ѝ пишав како на сестра, јас ѝ се потпишав како брат.

– Хм; намерно; разбирам.

– Мене ми е многу тешко да ви одговорам на овие прашања, Лизавета Прокофјевна.

– Знам дека ти е тешко, но мене што ми е грижа за тоа дали ти е тешко. Слушај, одговори ми вистина, како пред господ: ме лажеш ли ти мене или не ме лажеш?

– Не ве лажам.

– Вистина велиш дека не си заљубен?

– Се чини, тоа е чиста вистина.

– Глеј го, „се чини“! Пилиштарецот ли го предал?

– Јас го молев Николај Ардалионович . . .

– Пилиштарецот! Пилиштарецот! – со страст го прекина Лизавета Прокофјевна, – не сакам да знам кој е тој Николај Ардалионович! Пилиштарец!

– Николај Ардалионович . . .

– Пилиштарецот, кога ти велам!

– Не, не е пилиштарец, туку е Николај Ардалионович, – тврдо, макар и прилично тивко, одговори најодзади кнезот.

– Е добро, миличок, добро! Ова јас тебе ќе ти го припишам.

Неколку мига таа ја совладуваше својата возбуденост и се одморуваше.

– А што значи: „Бедниот рицар“?

– Воопшто не знам; тоа стана без мое учество; некаква шега.

– Пријатно е наеднаш да се дознае! Само зар е можно таа да можела да се заинтересира за тебе? Та самата те наречуваше „наказа“ и „идиотче“.

– Вие би можеле и да не ми го пренесувате тоа, – прекорно, речиси шепотејќи ѝ забележа кнезот.

– Не лути се. Тоа е самоволна девојка, улава, разгалена, – ако те сака, бездруго гласно ќе ти се кара, и на твои очи ќе ти се подбива; и јас исто таква бев. Само, те молам, не радувај се, миличок мој, не е уште твоја; не сакам да верувам и тоа никогаш нема да биде! Ти зборувам за тоа уште сега да преземеш мерки. Слушај, заколни ми се дека не си женет со о н а а

– Лизавета Прокофјевна, што зборувате, смилувајте се! – речиси подрипна кнезот од вчудовидување.

– Но нели малку требаше да се ожениш?

– Малку ми требаше да се оженам, – прошепоти кнезот и ја наведна главата.

– Тогаш, в о н е а ли си заљубен, штом е така? сега заради н е а си дошол? Заради о н а а ли?

– Јас не дојдов за да се женам, – одговори кнезот.

– Имаш ли ти нешто свето на светов?

– Имам.

– Заколни ми се дека не си дошол за да се ожениш со о н а а.

– Се колнам во што сакате!

– Ти верувам; бакни ме. Најодзади можам слободно да здивнам; но знај: не те сака Аглаја, преземи мерки, и не ќе биде таа со тебе додека сум јас жива! Слушна?

– Слушнав.

Кнезот толку се вцрвуваше што просто не можеше да гледа во Лизавета Прокофјевна.

– Запамети го пак ова. Јас тебе те чекав како провидение (ти не го заслужуваше тоа!), јас перницата моја ноќе со солзи ја облевав, – не заради тебе, мили-

чок, не вознемирувај се, јас си имам своја, друга мака, вечна и секогаш иста. Но, еве, зошто со таква нестрпливост те чекав тебе: јас сѐ уште верувам дека самиот господ ми те пратил како пријател и како роден брат да ми бидеш. Немам јас никого, освен старицата Белоконска, а и таа одлета, а одозгора стана глупава како овца од староста. Сега одговори ми едноставно д а или н е: знаеш ли ти зошто т а а завчера викаше од кочијата?

– Чесен збор дека јас во тоа не учествував и ништо не знам!

– Доста, верувам. Сега и јас имам друга мисла за тоа, но уште вчера изутрината, за сѐ го обвинував Евгениј Павлович. Цел ден и ноќ завчера и вчера изутрината. Сега, се разбира, не можам да не се сложам со нив: премногу е очебијно дека тука со него, како со будала, се подбивале, заради нешто, за нешто, со некаква цел (само тоа е сомнително! и неубаво!), – но не ќе се омажи Аглаја за него, јас ти го велам тоа! Нека биде тој и добар човек, но така ќе биде. Јас и порано се колебав, а сега веќе сигурно одлучив: „Ставете ме прво мене в гроб и закопајте ме в земи, тогаш мажете ја ќерката", ете што му реков јас денес на Иван Фјодорович. Гледаш ли дека јас ти се доверувам, гледаш?

– Гледам и ве разбирам.

Лизавета Прокофјевна проникливо се загледуваше во кнезот; можеби таа многу сакаше да дознае каков впечаток му остава веста за Евгениј Павлович.

– За Гаврило Иволгин знаеш ли нешто?

– То ест . . . знам многу работи.

– Знаеше или не, дека тој има врски со Аглаја?

– Воопшто не го знаев тоа, – се почуди и дури затрепери кнезот, – како, вие велите дека Гаврило Ардалионович има врски со Аглаја Ивановна? Невозможно!

– Сосема неодамна. Во тоа сестра му цела зима му пробиваше пат, како стаорец работеше.

– Не верувам, – одлучно повтори кнезот по извесно размислување и вознеменост. – Да имаше такво нешто, јас сигурно би знаел.

– Тој сигурно сам би ти дошол и на твоите гради

би ти признал низ солзи! Ех, ти, наивнику, наивнику! Сите те мамат тебе како . . . како . . . И зар не ти е срам да се довеpуваш нему? Зар е можно да не гледаш дека тој од сите страни те мами?

– Јас многу убаво знам дека тој ме лаже напати, – преку сила проговори полугласно кнезот, – и тој знае дека јас го знам тоа . . . – додаде тој и не доврши.

– Да знаеш и да му се доверуваш! Уште тоа ти требаше! Впрочем, од тебе тоа и треба да се очекува. И јас пак на што се чудам, Господе! Имало некогаш некој друг ваков човек! Фуј! А знаеш ли ти дека тој Гањка, или дека таа Варјка, ја поврзаа неа со Настасја Филиповна?

– Кого? – викна кнезот.

– Аглаја.

– Не верувам! Невозможно е! Та со каква цел?

Тој срипа од столот.

– И јас не верувам макар што има докази. Девојката е самоволна, девојката е со фантазија, девојката е улава! Тоа е една зла, зла, зла девојка! Илјада години ќе тврдам дека е зла! Сите ми се сега такви, дури и таа мокра кокошка, Александра, но таа веќе ја испуштив од раце. Но пак не верувам! Можеби затоа што не сакам да верувам, – додаде таа небаре за себеси. – Зошто не доаѓаш кај нас? – му се обрна таа одеднаш пак на кнезот. – Зошто не доаѓаш цели три дни? – нестрпливо му викна таа уште еднаш.

Кнезот почна да ѝ ги кажува своите причини, но таа пак го прекина.

– Сите те сметаат будала и те лажат! Си бил вчера в град; можам да се обложам дека си клечел на колениици, си го молел да прими десет илјади тој подлец!

– Воопшто не, ни на ум не ми паѓаше. Дури не сум го ни видел, а освен тоа, тој не е подлец. Добив писмо од него.

– Покажи го писмото!

Кнезот извади од чанта писмо и ѝ го подаде на Лизавета Прокофјевна. Во писмото пишуваше:

„Милостив господине, јас, се разбира, немам никакво право во очите на луѓето да имам свое самољу-

бие. Според човечкото мислење јас сум премногу ништожен за такво нешто. Но тоа е така во очите на луѓето, а не во вашите. Јас многу силно се убедив дека сте вие, милостив господине, можеби, подобар од другите. Јас не се сложувам со Докторенко и се разидувам со него во тоа убедување. Јас од вас никогаш нема да примам ниту копејка, но вие ѝ помогнавте на мојата мајка и јас морам да ви бидам благодарен поради тоа, макар и поради мојата слабост. Во секој случај јас ве гледам поинаку и сметам дека треба да ве известам за тоа. А потоа сметам дека меѓу нас повеќе не може да има никакви врски. Антип Бурдовски"

П. С. „Сумата што недостасуваше од двесте рубли ќе ви биде точно исплатена во тек на извесно време."

– Каква бесмислица! – заклучи Лизавета Прокофјевна, фрлајќи го назад писмото, – не заслужуваше ни да читам. Зошто се поднасмевнуваш?

– Признајте дека и вам ви беше пријатно да го прочитате.

– Како! Овој галиматијас пронижан со честољубие! Та ти зар не гледаш дека тие сите веќе умот си го изгубиле од гордоста и честољубието?

– Да, но тој сепак призна дека згрешил, прекина со Докторенко и, колку е тој почестољубив, толку тоа поскапо го чинеше за неговото честољубие. О, какво мало дете сте вие, Лизавета Прокофјевна!

– Ти да немаш намера, најодзади, да добиеш шлаканица од мене?

– Не, воопшто немам намера. Туку сакам да ви кажам дека вие се радувате на писмото, а го прикривате тоа. Зошто се срамите од своите чувства? Та вие сте таква во сè.

– Сега еден чекор не смееш да направиш кај мене, – срипа Лизавета Прокофјевна пребледнета од лутина, – ни твојата сенка сега повеќе да не ја видам кај мене никогаш!

– А по три дена самата ќе дојдете и ќе ме поканите кај вас . . . Зар не ви е срам? Тоа се вашите најдобри чувства, зошто се срамите од нив? Така само себеси се измачувате.

– Ќе умрам, а никогаш не ќе те викнам! Името ќе ти го заборавам! Веќе го заборавив!!

Таа полета кон излезот.

– Мене и без тоа веќе ми е забрането да доаѓам кај вас! – викна кнезот по неа.

– Што-о? Кој ти забранил?

Таа во еден миг се сврти небаре ја боцна некој со игла. Кнезот се поколеба со одговорот; тој почувствува дека случајно но тешко се издрдорел.

– Кој ти забранил тебе? – избезумено викна Лизавета Прокофјевна.

– Аглаја Ивановна ми забранува . . .

– Кога? Кажувај по-бр-зо!!!

– Изутринава ми прати порака дека не сум смеел да дојдам кај вас.

Лизавета Прокофјевна стоеше небаре вкочанета, но таа почнуваше да сфаќа.

– Што ти порача? По кого ти порача? По пилиштарецот? Усно? – викна таа пак ненадејно.

– Добив писменце, – рече кнезот.

– Каде е? Дај ми го! Веднаш!

Кнезот размисли неколку мигови, но сепак извади од џебот на елекот невнимателно откинато ливче хартија на кое беше напишано:

„Кнезу, Лав Николаевич! Ако, по сè што се случи, вие имате намера да ме вчудовидите, со посета на нашиот летниковец, тогаш, бидете убеден, мене не ќе ме најдете меѓу оние што ќе се израдуваат. Аглаја Епанчина".

Лизавета Прокофјевна размислуваше околу една минута; потоа наеднаш се втурна кон кнезот, го грабна за рака и го повлече со себеси.

– Веднаш! Дојди! За инает сега, истиот миг!– викна таа сета со необична возбуденост и нетрпливост.

– Но вие ме изложувате . . .

– На што? Невин наивнику! Како да не си ни маж! Е, сега јас самата сè ќе видам, со свои очи . . .

– Дозволете ми тогаш шапката барем да си ја земам . . .

– Еве ти ја твојата гадна шапка, да одиме! Ни

облик дури не си можел повкусно да одбереш! . . . Тоа таа . . . по она што се случи . . . во лутина, – мрмореше Лизавета Прокофјевна, влечејќи го со себе кнезот и не испуштајќи го од раце ни за миг, – прегеска јас те зедов во одбрана, гласно реков дека си будала, што не доаѓаш . . . таа инаку нe ќе ти напишеше олку бесмислено писмо! Непристојно писмо! Што ѝ прилега на една благородна, воспитана и умна, умна девојка! . . . Хм! – продолжуваше таа, – се разбира, и нејзе ѝ беше јад што не доаѓаше, само не го зеде во обѕир тоа дека на идиот не смееш да му напишеш така, зашто буквално ќе го прими, како што и излезе. Ти зошто прислушнуваш? – викна таа кога се сепна дека се издрдорила. – Нејзе ѝ е потребен ваков шут, како тебе, одамна не те видела, затоа и те моли да дојдеш! А јас се радувам, многу се радувам дека сега веќе таа ќе те земе на заб! Тоа и го заслужуваш. А таа умее, ох, како умее таа! . . .

ТРЕТ ДЕЛ

I

Често се жалиме дека сме немале практични луѓе, а дека луѓе во политиката, на пример, сме имале многу; генералите, исто така, сме ги имале многу; различни управници можело сега да се најдат колку што ќе побараш, – а практични луѓе немало. Барем така сите се жалат дека немало. Велат дури дека на некои железнички линии немало ни луѓе кои попристојно ќе ги обслужуваат; велат дека никако не можело да се добие некоја барем малку поподнослива администрација, во некоја бродска компанија. Таму, слушаш, на некоја новопуштена железница се чукнале или паднале од мост вагони; ваму, се пишува, за малку ќе останел да зимува воз среде снежно поле; тргнале луѓето на пат за неколку часови, а останале пет дена во снег. Онаму, велат, многу илјади пудови стока гниеле на некое место по два и три месеци, чекајќи да се транспортираат, а ваму велат, (впрочем, дури е и тешко да се поверува), некој администратор, то ест, некој надзорник, некојси трговски патник кој му здодевал за да му ја транспортира стоката, место транспорт, го „администрирал" со тупаница в заби, и уште ја објаснил својата администраторска постапка со тоа дека „тоа го сторил во лутина". Се чини дека има толку установи во државната управа, што е дури и страшно да се помисли; сите чиновникувале, сите

чиновникуваат, сите имаат намера да чиновникуваат, – и тогаш, како ќе речеме дека не можело од ваков материјал да се состави некоја пристојна компаниска, или бродска администрација?

На ова напати се дава необично едноставен одговор, – толку едноставен што дури не може ни да се поверува на ваквото објаснување. Вистина е, велат, дека кај нас сите чиновникувале или чиновникуваат, и веќе двесте години се влечело тоа по најдобриот германски образец, од прадедовците до правнуците, – но луѓето што чиновникувале токму и биле најнепрактичните, и стасало дотаму што нереалноста и недостигот на практично знаење дури и меѓу самите чиновници, уште неодамна, се сметале како најголеми добродетели и препораки. Впрочем, напразно се занесовме со чиновниците, ние, всушност, сакавме да зборуваме за практичните луѓе. Тука веќе нема сомнение дека плашливоста и недостигот на личната иницијатива постојано се сметале кај нас како најглавни и најдобри особини на нашиот практичен човек, – и дури и сега така се смета. Но зошто да се обвинуваме само себеси, – само ако тоа мнение го сметаме како обвинување? Недостигот на оригиналноста секаде, во целиот свет, од создавањето на светот, се сметаше како најдобар квалитет и најдобра препорака за еден деловен, вреден и практичен човек, и во крајна линија, деведесет и девет насто од луѓето (тоа во крајна линија) секогаш застапуваа такво мислење, и можеби само еден стоти дел секогаш гледал и гледа поинаку.

Пронајдувачите и гениите секогаш во почетокот на својата борба (а многу често и на крајот) не се сметале во општеството за ништо повеќе од будали, – ова е сосема рутинска забелешка, премногу позната на сите. Ако, на пример, во тек на десет години сите ги носеле своите пари во еден завод и натрупале таму милијарди за четири проценти, тогаш, се разбира, кога заводот го снемало и сите останале на сопствената иницијатива, поголемиот дел од тие милиони неопходно морал да пропадне во акционерска треска и во рацете на измамниците, – и тоа дури пристојноста и моралот го барале. Имено моралот; ако морал-

ната плашливост, пристојниот недостиг на оригиналноста, претставуваа кај нас досега, според општоприменото мислење, основна особина на деловен и чесен човек, би било премногу неприлегано, та дури и непристојно, така наеднаш да се измени. Која, на пример, мајка, која нежно го сака своето чедо, не ќе се исплаши и не ќе се разболи од страв, ако нејзиниот син или ќерка малку излезат од линијата: „Не, подобро е да биде среќно и задоволно нека си го проживее животот без оригиналност", – си мисли секоја мајка лулајќи си го своето чедо. А нашите *гледачки на деца*, лулајќи ги децата, со векови баат и потпевнуваат: „Генерал ќе бидеш синко, злато и сребро ќе ти го красат ликот!" Така, дури и кај нашите слугинки генералскиот чин се сметал за граница на руската среќа, и според тоа, бил најпопуларен национален идеал на спокојно, прекрасно блаженство. И навистина: со среден успех положен испит и служејќи триесет и пет години, – кој можел кај нас, најодзади, да не стане генерал и да не собере извесна сума во завод? На тој начин, рускиот човек, речиси без никаков напор, го достигнуваше, најпосле, звањето на еден деловен и практичен човек. Всушност, да не стане генерал можеше кај нас единствено само некој оригинален човек, со други зборови, немирниот. Можеби тука има извесно недоразбирање; но, зборувајќи општо, се чини, тоа е точно, и нашето општество било сосема справедливо определувајќи го својот идеал на практичниот човек. Но сепак, ние тука кажавме многу излишни работи; а, всушност, сакавме да дадеме неколку зборови што ќе го објаснат семејството Епанчини. Овие луѓе, или, во секој случај, членовите на семејството кои беа најмногу способни да мислат, постојано страдаа од една речиси заедничка семејна особина, која беше директно спротивна на оние добродетели за кои ние размислувавме сега погоре. Не сфаќајќи го наполно фактот (зашто тој може да се сфати), тие сепак напати насетуваа дека во нивното семејство некако не оди како кај сите. Кај сите е мазно, а кај нив рапаво: сите се тркалаат по шините, – а тие постојано излегуваат од шините. Сите секој

миг добронамерно страхуваат од нешто, а тие не. Лизавета Прокофјевна, навистина, се плашеше дури и премногу, но сепак, тоа не беше оној добронамерен страв на високото општество, по кој тие тагуваа. Впрочем, можеби само Лизавета Прокофјевна беше таа што се вознемирува: девојките беа уште млади, – иако беа мошне проникливи и иронични, а генералот макар и да беше проницлив (не без напор, впрочем), во тешки случаи говореше само: хм! и на крајот на краиштата ги вложуваше сите надежи во Лизавета Прокофјевна. Според тоа врз неа лежеше и одговорноста. Не може да се каже, на пример, дека тоа семејство се одликувало со некоја сопствена иницијатива или пак излегувало од колосекот поради свесна желба за оригиналност, што би било веќе сосема непристојно. О, не! Ништо вакво всушност немало, то ест никаква свесно поставена цел, а сепак, на крајот излегувало така, што семејството Епанчини, иако мошне достојно за почит, сепак некако не било онакво какво што би требало да биде воопшто секое семејство достојно за почит. Во последно време Лизавета Прокофјевна почна да се смета виновна себеси и својот „несреќен“ карактер, – поради што и се зголемија нејзините маки. Таа самата секој миг се величаше себеси како „глупа, непристојна чудачка“ и се измачуваше од сомнежи, непрестајно се губеше, не можеше да најде излез во некој најобичен стек на работите и секој миг ја преувеличуваше неволјата.

Уште во почетокот на нашето раскажување ние спомнавме дека семејството Епанчини уживаше општо и вистинско почитување. Дури и самиот генерал Иван Фјодорович, човек од доста нејасно потекло, секаде беше примен неоспорно и со почит. Тој и ја заслужуваше почитта, прво како богат и „не последен“ човек, и, второ, како човек сосема на место иако не мошне остроумен. Но извесна тапост на умот, се чини, е речиси неопходна особина ако не на секој деец, тогаш, во крајна линија, на секој натрупувач на пари. Најодзади, генералот имаше пристојни манири, беше скромен, умееше да молчи и во исто време да не дозволува да го газат, и не само поради својот генерал-

ски чин, туку и како чесен и благороден човек. Најважно од сè беше тоа што тој беше човек со многу силна протекција. Што се однесува пак до Лизавета Прокофјевна, таа, како што веќе објаснивме погоре, беше и од добро потекло, макар што кај нас не се гледа премногу на потеклото, ако притоа се немаат неопходни врски. Но излезе, најодзади, дека таа има и врски; неа ја почитуваа и најпосле ја засакаа и такви лица, што по нив, природно сите мораа да ја почитуваат и примаат. Несомнено е дека нејзините семејни неволји немаа никаква основа, имаа ништожна причина и беа смешно преувеличени; но ако некој има брадавица на носот, нему сè му се чини дека никој нема друга работа, туку само да ја гледа таа брадавица, да се смее и да го осудува човекот поради неа, без обѕир што можеби ја открил и Америка. Несомнено е дека во друштвото Лизавета Прокофјевна навистина ја сметаа „чудачка"; но притоа сепак неоспорно ја ценеа; а Лизавета Прокофјевна најодзади престана и да верува во тоа дека ја ценат, – во тоа и беше целата несреќа. Гледајќи ги своите ќерки, таа се измачуваше со сомнежи дека таа на некој начин ѝ пречи на нивната кариера, дека нејзиниот карактер е смешен, непристоен, неподнослив, – поради што, се разбира, пак непрестајно ги обвинуваше своите ќерки и Иван Фјодорович, и по цел ден се караше со нив, сакајќи ги истовремено до самозаборавање, речиси до страст.

Најмногу ја измачуваше сомневањето дека и нејзините ќерки стануваале исти такви „чудачки" каква што е и таа и дека такви девојки, какви што се тие, немало на светот, и не требало да има. „Растат нихилистки, и тоа ти е!" – си велеше таа себеси непрестајно. Последната година, а особено во најпоследно време, оваа тажна мисла почна да фаќа кај неа сè подлабоки корења. „Прво, зошто тие не се мажат?" – се прашуваше таа себеси секој миг. „За да си ја измачуваат мајката, – во тоа тие си ја согледуваат целта на својот живот, и, се разбира, само поради тоа што тие идеи се нови, везден тоа проклето женско прашање! Зар пред една година на Аглаја не ѝ беше паднало на ум да си ја исече својата прекрасна коса?

(Господе, та јас на нејзини години и немав таква коса!) Ножиците веќе ѝ беа в рака, само на коленици можев да измолам да не го прави тоа! ... Да претпоставиме дека оваа тоа го правеше од лутина, за да си ја измачи мајката, зашто таа е зла девојка, самоволна, разгалена, но, најважно, таа е зла, зла, зла! Но зар дебелата Александра не беше повлечена од неа и таа да си ја отсече косата, и тоа веќе не од лутина, не од наумничавост, туку искрено, како будала, која Аглаја ја беше убедила дека помирно ќе спие без коси и главата нема да ја боли? А колку, колку, колку, – еве веќе има пет години, – колку кандидати имаа тие? И треба да се признае дека имаше добри луѓе, напати тоа беа прекрасни луѓе! И што чекаат тие, зошто не се мажат? Само мајката да си ја јадосаат, – друга причина нема! Нема! Нема никаква!"

Најпосле веќе грејна сонце и врз нејзиното мајчинско срце; макар едната ќерка, макар Аделаида ќе биде, најодзади, задомена. „Макар едната ќе ми биде мавната од грбот", – велеше Лизавета Прокофјевна кога беше принудена гласно да се изјаснува (во себеси таа се изразуваше неспоредливо понежно). И колку убаво, на каков пристоен начин се среди целата работа; дури и друштвото почна да зборува со почит. Познат човек, кнез со имот, добар човек и згора на сето тоа мил ѝ е на срцето, се чини, што има подобро од тоа? Но за Аделаида таа и порано помалку се плашеше одошто за другите ќерки, макар што нејзините уметнички наклоности напати силно го збунуваа сомничавото срце на Лизавета Прокофјевна. „Затоа пак ѝ е весел карактерот, а притоа има многу благоразумност, – значи не ќе пропадне девојката", – се тешеше таа најодзади. Таа најмногу од сите се плашеше за Аглаја. Треба да кажеме дека што се однесува до најстарата, Александра, Лизавета Прокофјевна и самата не знаеше што да прави: да се плаши или да не се плаши за неа? Ту ѝ се чинеше дека девојката веќе сосема била изгубена, – дваесет и пет години, – значи ќе остане стара мома. И „со ваква убавина! ..." Лизавета Прокофјевна дури и плачеше поради неа ноќе, тогаш, во истите ноќи додека Александра Ивановна

спиеше со најбезгрижен сон. „И што е таа, – нихилистка, ли е, или е просто будалче?“ Дека не е будалче, – во тоа, впрочем, ни Лизавета Прокофјевна воопшто не се сомневаше: таа необично ги ценеше судовите на Александра Ивановна и сакаше да се советува со неа. Но дека е „мокра кокошка“ во тоа немало никакво сомневање: „толку е мирна што не можеш да ја размрдаш! Но впрочем, ни „мокрите кокошки“ не се мирни – плу! Сосема си ја изгубив главата со нив!“ Лизавета Прокофјевна имаше некаква необјаснива симпатија со сочувство кон Александра Ивановна, која дури беше и поголема одошто кон Аглаја, која беше нејзин идол. Но гневните истапи (со што главно и се пројавуваше нејзината мајчинска грижливост и симпатија), забелешките и таквите прекари како што е „мокра кокошка“ само ја насмејуваа Александра. Доаѓаше напати дури дотаму што и најбезначајните работи ужасно ја разлутуваа Лизавета Прокофјевна и ја разбеснуваа. Александра Ивановна, на пример, сакаше многу долго да спие и обично сонуваше многу соништа; но нејзините соништа постојано се одликуваа со некаква необична празнина и наивност, – достојни за едно седумгодишно дете; и ете дури и таа наивност на соништата којзнае зошто почна да ја разбеснува мајката. Еднаш Александра Ивановна видела на сон девет кокошки и поради тоа дојде до вистинска караница меѓу неа и мајката, – зошто? – тешко можеше да се објасни. Еднаш, само еднаш таа успеа да сони нешто што би можело да се смета оригинално, – таа сони еден калуѓер во некоја мрачна соба во која таа сè се плашела да влезе. Сонот веднаш свечено ѝ беше пренесен на Лизавета Прокофјевна од двете сестри кои се кикотеа; но мајчицата пак се разлути и сите три ги нарече улави. „Хм! Мирна е како будалинка и е вистинска „мокра кокошка“, не можеш да ја размрдаш, а натажена е, напати има сосема натажен поглед! За што тажи таа, за што?“ Напати таа му го поставуваше тоа прашање на Иван Фјодорович и тоа како што си имаше обичај, хистерично, застрашувачки, со очекување веднаш да ѝ се одговори. Иван Фјодорович хмкаше, се мурткаше,

ги креваше рамениците и, најодзади, ширејќи ги рацете, заклучуваше:

– Ѝ треба маж!

– Само да не ѝ даде господ ваков каков што сте вие, Иван Фјодорович, – експлодираше најпосле Лизавета Прокофјевна како бомба, – не таков во своите судови и решенија каков што сте вие, Иван Фјодорович; не таков груб грубијан, каков што сте вие Иван Фјодорович . . .

Иван Фјодорович итно се губеше, а Лизавета Прокофјевна се смируваше по својот р а с к и н. Се разбира, уште истиот ден приквечер, таа неминовно стануваше необично внимателна, тивка, милозлива, и полна со почит кон својот Иван Фјодорович, кон својот „груб грубијан" Иван Фјодорович, кон својот добар и мил, кон својот обожуван Иван Фјодорович, зашто таа целиот свој живот го љубеше и дури и беше заљубена во својот Иван Фјодорович, што одлично го знаеше и самиот Иван Фјодорович и бескрајно ја ценеше поради тоа својата Лизавета Прокофјевна.

Но нејзината главна и постојана грижа беше Аглаја.

„Сосема е, сосема како мене, моја слика во секој однос, – си велеше себеси Лизавета Прокофјевна, – самоволно, лошо ѓаволче! Нихилистка, чудачка, безумна и зла, зла, зла! О господе, колку несреќна ќе биде таа!"

Но, како што веќе рековме, изгреаното сонце за миг направи сè да биде посветло и помеко. Имаше речиси еден месец во животот на Лизавета Прокофјевна, во кој таа сосема се одмори од сите грижи. По повод блиската свадба на Аделаида, во друштвото почна да се зборува и за Аглаја, а Аглаја притоа се држеше секаде толку убаво, толку одмерено, толку умно, толку победнички; малку горделиво, но тоа нејзе толку ѝ прилегаше! Таа беше толку кротка, толку љубезна, цел еден месец со мајката! („Овој Евгениј Павлович, вистина, треба уште многу, многу убаво да се разгледа, да се разоткрие, а и Аглаја, се чини, не го цени повеќе од другите!") Сепак таа наеднаш стана толку

прекрасна девојка, – и колку е убава, боже, колку е убава, секој ден поубава! И, ете . . .

И, ете, штотуку се појави овој бедничок кнез, ова гадно идиотче, пак се направи мешаница, во куќата сè се сврти наопаку!

Но што се има случено всушност?

За другите сигурно не ќе се беше ништо случило. Но Лизавета Прокофјевна токму и се одликуваше со тоа што во комбинацијата и мешаницата на најобичните работи, низ вознемиреноста која секогаш беше присутна кај неа, таа секогаш успеваше да здогледа нешто такво, кое напати ја плашеше до болест, со најсомнежлив, најнеобјаснив страв, а според тоа и со најтешкиот, како што беше и сега, кога наеднаш, низ целата мешаница на смешни и безосновни вознемирувања, навистина почна да се пробива нешто што изгледаше вистински важно, нешто што изгледаше небаре вистински вредно за вознемирувања, а за сомневања и за подозрение.

„И како смееле, како смееле да ми го напишат тоа анонимно писмо за она с у ш т е с т в о, дека таа имала врски со Аглаја? – си мислеше Лизавета Прокофјевна низ целиот пат додека го влечеше со себеси кнезот, и дома, кога го седна на тркалестата маса, околу која беше собрано целото семејство. – Како смееле само и да го помислат тоа? Та јас би умрела од срам, кога би поверувала барем трошка, или кога би ѝ го покажала писмото на Аглаја! Вакви подбивања со нас, со Епанчини! И сето тоа поради Иван Фјодорович, поради вас, Иван Фјодорович! Ах, зошто не се преселивме на Елагин: јас им велев да одиме на Елагин! Можеби Варењка го напишала писмото, знам јас, или можеби . . . за сè за сè е виновен Иван Фјодорович! Нему тоа с у ш т е с т в о му направило в а к в а шега, за спомен на преѓешните врски, за да го направи будала, токму онака како и порано кога му се потсмеваше како на будала и го влечеше за нос, уште тогаш кога ѝ носеше бисери . . . А на крајот излегува дека сме сепак ние замешани, сепак се замешани вашите ќерки, Иван Фјодорович, девојки, госпоѓици од најдобро друштво, девојки за мажење, тие тука беа,

тука стоеја, сето го ислушаа, а и во мешаницата со момчињата, и тука се замешани, радувајте се, пак тие беа тука и слушаа! Не, нема да му простам на ова кнезче, никогаш нема да му простам! А зошто е Аглаја три дни во хистерија, зошто речиси се испокара со сестрите, дури и со Александра, на која секогаш ѝ ја бакнуваше раката како на мајка – толку ја почитуваше? Зошто таа три дни на сите им поставува загатки? Какво значење има тука Гаврило Иволгин? Зошто таа вчера и денес се обидуваше да го фали Гаврило Иволгин и се расплачуваше? Зошто е тој проклет „беден рицар" спомнат во тоа анонимно писмо, додека пак таа писмото на кнезот не го покажала дури ни на сестрите? И зошто . . . зошто, зошто јас како споулавена мачка дотрчав сега кај него и самата го довлечкав неговаму? Господи, си го изгубив умот, што сторив сега! Да разговарам со еден момчак за тајните на мојата ќерка и згора . . . згора за такви тајни, кои се однесуваат речиси на самоти него! Господи, добро е што е тој идиот и . . . и . . . пријател на семејството! Само зар е можно Аглаја да се соблазни од ваква будалетинка! Господи, што дрдорам јас! Пху! Што сме ние некои оригинали . . . под витрина сите нас треба да нѐ покажуваат, мене прва, десет копејки за влез. Не ќе ви го простам јас тоа, Иван Фјодорович, никогаш не ќе ви го простам! И зошто таа сега не го боцка него? Му вети дека ќе го боцка, а, ете, не го боцка! Ене, ене, со ококорени очи го гледа, молчи, не си оди, останува, а самата му нареди да не доаѓа . . . Тој седи сиот блед. И проклет да биде, проклет, тој дрдорко, Евгениј Павлович, самиот господари со целиот разговор! Глеј како се распрострел, не дава ниту збор да се вметне. Јас веднаш ќе дознаев сѐ, само да можам да го свртам разговорот . . ."

Кнезот навистина седеше речиси пребледнет на тркалестата маса и, се чинеше, во сето време беше западнат и во необичен страв и, на мигови, во, за него самиот, несфатливо воодушевување кое му ја опфаќаше душата. О, колку се плашеше тој да погледне на онаа страна, во оној кат, од каде што упорно го гледаа него две познати црни очи, и во исто време како

премираше тој од среќа поради тоа што, ете, седи тука, пак меѓу нив и дека ќе го чуе познатиот глас по она што таа му го напиша. „Господи, што ќе рече таа сега!“ Самиот тој сè уште немаше проговорено ниту збор и со напор го слушаше „зазбивтаниот“ Евгениј Павлович, кој ретко некогаш бил во толку задоволна и возбудена состојба на духот, како сега, оваа вечер. Кнезот го слушаше и долго речиси не разбра ниту збор. Освен Иван Фјодорович, кој уште не беше вратен до Петербург, сите беа на куп. Кнезот Ш. исто така беше тука. Се чини, тие се готвеле малку подоцна, уште пред чајот, да одат да слушаат музика. Сегашниот разговор, изгледа, почнал пред доаѓањето на кнезот. Брзо се провре на терасата ненадејно појавениот Коља. „Него, значи, го примаат овде како и порано“, – си помисли кнезот во себеси.

Летниковецот на Епанчини беше раскошен, во стил на швајцарските куќички, елегантно украсен од сите страни со цвеќе и лисје. Од сите страни го опкружуваше мала, но прекрасна цветна градина. Сите седеа на терасата, како и кај кнезот, само терасата беше малку поголема и понакоцтено наместена.

Темата на започнатиот разговор, се чини, не им лежеше на сите на срце: разговорот, како што можеше да се претпостави, почнал поради некоја нестрплива расправија и, се разбира, сите би сакале да ја променат темата, но Евгениј Павлович, се чини, дотолку повеќе настојуваше и не обрнуваше внимание на впечатокот; доаѓањето на кнезот небаре го возбуди уште повеќе. Лизавета Прокофјевна се мурташе, макар што не разбираше сè. Аглаја, која седеше скраја, речиси в агол, не заминуваше, слушаше и упорно молчеше.

– Дозволете, – пламено се спротивставаше Евгениј Павлович, – јас ништо и не велам против либерализмот. Либерализмот не е грев, тој е неопходен составен дел на секоја целост, која без него ќе се распадне или ќе се умртви; либерализмот го има истото право да постои како и најдобронамерниот конзервативизам; но јас го напаѓам рускиот либерализам, и пак повторувам, дека, всушност, го напаѓам поради тоа, што

рускиот либерал не е руски либерал, туку е нeруски либерал. Дајте ми еден руски либерал и јас веднаш пред вас ќе го бакнам.

– Само ако се сложи тој вас да ве бакне, – рече Александра Ивановна, која беше необично возбудена. Дури и образите ѝ беа вцрвенети повеќе одошто обично.

„Ете ти ја, – си помисли во себеси Лизавета Прокофјевна, – ту спие и јаде, не можеш да ја размрдаш, и ту наеднаш ќе стане еднаш годишно и ќе проговори така што ти останува само рацете да ги шириш".

Кнезот бегло забележа дека на Александра Ивановна, се чини, не ѝ се допаѓа многу тоа што Евгениј Павлович зборува премногу весело, зборува за една сериозна тема, и небаре се лути, а истовремено небаре се шегува.

– Јас сега тврдев, штотуку пред вашето доаѓање, кнезу, – продолжуваше Евгениј Павлович, – дека кај нас досега либералите беа само од два слоја, од прeѓешниот спахиски (кој е укинат) и богословскиот. А бидејќи и двата слоја, најодзади, се претворија во вистински касти, во нешто сосема одделно од нацијата, и колку што се оди понатаму, сè повеќе, од колено на колено, тогаш значи сè што тие правеле и прават, било сосема ненационално . . .

– Како? Значи сè што е направено, – сето тоа не е руско? – му се спротивстави кнезот Ш.

– Не е национално; може и да е на руски начин, но не е национално; и либералите кај нас не се руски, и конзервативците не се руски, сите . . . И верувајте ми дека нацијата нема ништо да признае од она што е направено од спахиите и богословците, ни сега, ни подоцна . . .

– Е, убаво! Како можете да тврдите еден ваков парадокс, во случај да мислите сериозно. Јас не можам да дозволам вака да се зборува за рускиот спахија; вие самиот сте руски спахија, – пламено му се спротивстави кнезот Ш.

– Та јас не зборувам за рускиот спахија во онаа смисла, која вие ја подразбирате. Тоа е општествен слој достоен за почитување, макар и само поради тоа

што јас му припаѓам нему; особено сега кога тој престана да постои...

– Зар и во литературата немало ништо национално? – го прекина Александра Ивановна.

– Јас не сум стручњак за литературата, но и руската литература, според мене, целата е неруска, освен можеби Ломоносов, Пушкин и Гогољ.

– Прво, тоа не е малку, а второ, едниот е од народот, а другите двајца се спахии, – се насмеа Аделаида.

– Тоа е така, но не триумфирајте. Бидејќи само на овие тројца од сите руски писатели досега им успеа на секој од нив да кажат нешто навистина с в о е, свое сопствено, непозајмено од никого, со самото тоа тие тројца веднаш станаа и национални. Кој од руските луѓе ќе каже, ќе напише или ќе направи нешто с в о е неоспорно и непозајмено, тој неминовно станува национален, та макар и да не знае убаво да зборува руски. Тоа е за мене аксиома. Но ние не почнавме да зборуваме за литература, ние почнавме за социјалистите и од нив се разви разговорот; и значи, јас тврдам дека кај нас нема ниеден руски социјалист; нема и немало, зашто сите наши социјалисти се, исто така, од спахиите и богословците. Сите наши прочуени, многу познати социјалисти, како во земјата, така и во странство, не се ништо повеќе либерали од спахиите од времето на крепосното право. Што се смеете? Дајте ми ги нивните книги, дајте ми ги нивните учења, нивните мемоари и јас, иако не сум литературен критичар, се нафаќам да ви напишам најубедлива литературна критика, во која ќе докажам јасно како ден дека секоја страница од книгите, брошурите, мемоарите е напишана пред сè од пређешниот руски спахија. Нивниот гнев, негодувањето, остроумноста – се спахиски (дури и од пред Фамусов*); нивното одушевување, нивните солзи, можеби се вистински, искрени солзи, но се спахиски! Спахиски или богословски... Вие пак се смеете, и вие се смеете, кнезу? Исто така, не се сложувате со мене?

---

* Фамусов – лик од комедијата на Грибоедов „Неволја поради ум" (Заб. на прев.)

Навистина сите се смееја, се насмевна и кнезот.

– Јас вака наеднаш уште не можам да кажам дали се сложувам или не, – изговори кнезот престанувајќи наеднаш да се насмевнува и затреперувајќи со изглед на ученик фатен на дело, – но бидете убеден дека ве слушам со извонредно задоволство . . .

Говорејќи го ова тој речиси губеше здив и дури студена пот му изби на челото. Тоа беа први зборови што ги изговори откога седна тука. Тој се обиде да се обѕрне наоколу, но не најде храброст; Евгениј Павлович го долови неговото движење и се насмевна.

– Јас, господа, ќе ви кажам еден факт, – продолжуваше тој со преѓешниот тон, то ест небаре со необична задлабоченост и пламеност, а истовремено небаре потсмевнувајќи им се на своите сопствени зборови, – еден факт, чие набљудување и дури и откривање јас имам чест да си го припишувам себеси, и дури само себеси; во секој случај, за него уште не е никаде кажано или напишано. Со тој факт се изразува целата суштина на рускиот либерализам од оној вид, за кој јас зборувам. Како прво, што е пак либерализам, општо речено, ако не е напад (разумен или погрешен – тоа е друго прашање) на редот на работите кој постои? Зар не е така? И, мојот факт се состои во тоа дека рускиот либерализам не е напад на редот на работите кој постои, туку на самите работи, а не само на редот, не на рускиот ред, туку на самата Русија. Мојот либерал стигнал дотаму што ја негира самата Русија, то ест ја мрази и ја бие својата мајка. Секој несреќен и неуспешен руски факт предизвикува кај него смеа и речиси воодушевување. Тој ги мрази народните обичаи, руската историја, сè. Ако постои за него оправданост, тогаш таа е само во тоа дека тој не е свесен за она што го прави и дека својата омраза кон Русија ја смета за најплодотворен либерализам (о, вие често ќе сретнете кај нас либерал кому другите му аплаудираат а кој, можеби, е всушност, најнесмасниот, најтап и најопасен конзервативец, без самиот да го знае тоа!). Таа омраза кон Русија уште не толку одамна некои либерали ја сметаа речиси за вистинска љубов кон татковината и се фалеа со тоа дека тие гледаат

подобро од другите во што треба таа да се состои; но сега веќе станаа поискрени и дури од зборовите „љубов кон татковината" почнаа да се срамат, дури и поимот го исфрлија и го отстранија како нешто штетно и ништожно. Овој факт е точен, јас гарантирам за него и . . . та требаше еднаш да се искаже вистината, целосно, директно и отворено; но овој факт е истовремено и таков, каков што никогаш и нигде, откако е векот, и кај ниеден народ, немало и не се случило да го има, 'а спред тоа, тој факт е случаен и може да биде минлив, се сложувам со тоа. Никаде не може да има таков либерал кој ќе си ја мрази својата татковина. Како пак да го објасниме сето тоа кај нас? Онака како и порано, – онака дека рускиот либерал засега сè уште не е руски либерал; јас мислам, немаме како поинаку.

– Јас го примам, сево ова што го рече, Евгениј Павлович за шега. – Сериозно му одговори кнезот Ш.

– Јас ги немам видено сите либерали и немам намера да давам судови, – рече Александра Ивановна, – но ја ислушав вашата мисла со негодување: вие зедовте поединечен случај и го претворивте во општо правило, значи изрековте клевети.

– Поединечен случај? – А-а! Зборот е изговорен, – продолжи Евгениј Павлович. – Кнезу, што мислите, поединечен случај е тоа или не?

– Јас, исто така, морам да кажам дека малку имам видено и малку имам запознато . . . либерали, – рече кнезот, но ми се чини дека вие можеби донекаде имате право, и дека оној руски либерализам за кој говоревте вие навистина делумно е готов да ја мрази самата Русија, а не само нејзиниот ред на работите. Се разбира, тоа е само делумно . . . се разбира, ова никако не може да важи за сите.

Тој се сплетка и не доврши. Без оглед на сета негова возбуденост тој беше необично заинтересиран од разговорот. Кнезот имаше една особена црта која се состоеше во необичната наивност на вниманието, со која тој секогаш слушаше нешто што го интересираше, и со која тој одговараше, кога притоа му се поставуваа прашања. Во неговото лице и дури во него-

вата става на извесен начин се одразуваше таа наивност, таа доверливост, која не можеше да допушти ниту подбив, ниту хумор. Но макар што Евгениј Павлович веќе одамна му се обрнуваше нему само со некоја специјална насмевка, сега, кога тој му одговори, тој некако премногу сериозно го погледа, небаре сосема не очекуваше од него ваков одговор.

– Значи . . . ете како, но сепак чудно е, – проговори тој, – кажете ми навистина, сериозно ли ми одговоривте, кнезу?

– А вие зар не сте ме прашале сериозно? – му одговори тој вчудовидено.

Сите се насмеаја.

– Верувајте му, – рече Аделаида, – Евгениј Павлович секогаш и од секого прави магаре! Само да знаете за што сѐ тој напати најсериозно зборува!

– Јас мислам дека тоа е тежок разговор и воопшто не требаше да го почнуваме, – отсечно забележа Александра, – сакавме да одиме на прошетка . . .

– Тогаш да појдеме, вечерва е прекрасна! – викна Евгениј Павлович, – но да ви докажам дека овојпат јас говорев сосема сериозно и, што е најважно, да му го докажам тоа на кнезот (вие, кнезу, необично ме заинтересиравте и, ви се колнам дека јас сѐ уште не сум сосема празен човек, каков што мора да ви изгледам, – макар што сум јас навистина празен човек!), и . . . ако ми дозволите, господа, јас ќе му поставам на кнезот уште едно и последно прашање, поради сопственото љубопитство, со него и ќе завршиме. Ова прашање, мене како нарочно, пред два часа ми падна на ум (гледате ли кнезу, и јас напати размислувам за сериозни работи); јас него го разрешив, но да видиме што ќе каже кнезот. Сега беше речено за „поединечен случај". Ова зборче кај нас многу е значајно, често може да се чуе. Неодамна секаде се зборуваше и пишуваше за она ужасно убиство на шест души од страна на оној . . . момчак, и за чудниот говор на бранителот, каде што се вели дека поради сиромашната положба на злосторникот нему п р и р о д н о требало да му падне на ум да ги убие тие шест души. Тоа не е буквално така, но смислата е, чинам, слична. Според

моето лично мислење, бранителот, изјавувајќи една ваква чудна мисла, бил наполно убеден дека изговара најлиберална, најхумана и прогресивна работа, каква што само може да се каже во нашето време. Тогаш, како мислите вие: ова искривоколчување на поими и убедувања, таа можност за ваков искривен и чуден поглед на работата, дали е тоа поединечен случај, или е општ?

Сите се раскикотија.

– Поединечен е; се разбира дека е поединечен! – се насмеаја Александра и Аделаида.

– И дозволи ми пак да те потсетам, Евгениј Павлович, – додаде кнезот Ш., – дека твојата шега веќе сосема е изабена.

– Како мислите вие, кнезу? – не го дослуша докрај Евгениј Павлович, доловувајќи го врз себеси заинтересираниот и сериозен поглед на кнезот Лав Николаевич. – Како ви се чини: поединечен ли е тој случај, или е општ? Јас, ќе признам, за вас и го измислив тоа прашање.

– Не, не е поединечен, – тивко но убедливо проговори кнезот.

– Дозволете, Лав Николаевич, – со извесна јадосаност викна кнезот Ш., – зар не гледате дека тој ве лови; сигурно е дека тој се смее и токму вас решил да ве фати на заб.

– Јас мислев дека Евгениј Павлович говореше сериозно, – се вцрви кнезот и го собори погледот.

– Миличок кнезу, – продолжи кнезот Ш., – та сетете се за она за што ние еднаш двајцата разговаравме, пред два-три месеци; ние разговаравме имено за тоа дека во нашите млади новоотворени судови веќе може да наидеме на толку извонредни и талентирани бранители! А колку пак има во најголема степен извонредни одлуки на поротата? Колку вие самите се радувавте, и колку се радував тогаш јас поради вашата радост . . . ние зборувавме дека можеме да се гордееме . . . А таа несмасна одбрана, тој чуден аргумент е, се разбира, случајност, единичност меѓу илјадници.

Кнезот Лав Николаевич поразмисли, но со најубе-

ден изглед, иако тивко и изговарајќи речиси плашливо, одговори:

– Јас само сакав да кажам дека искривоколчувањето на идеите (како што се изрази Евгениј Г[illegible]ович) може да се сретне многу често, дека тоа е во поголема мера општ случај, одошто поединечен, за несреќа. И дотолку, што да не беше тоа искривоколчување толку општо, можеби, не би имало и такви невозможни престапи, како овие . . .

– Невозможни престапи? Но верувајте ми дека токму вакви престапи, а можеби, и уште поужасни, имало и порано, и секогаш ги имало, и не само кај нас, туку секаде, и, според мене, уште многу долго ќе се повторуваат. Разликата е во тоа што кај нас порано јавноста беше помалку информирана, а сега почна гласно да се говори и дури и да се пишува за нив, и поради тоа да се чини дека тие престапници се имаат појавено дури сега. Еве во што е вашата грешка, кнезу, верувајте ми, – подбивно му се насмевна кнезот Ш.

– Јас и самиот знам дека и порано имало многу престапи, и тоа исто толку ужасни; јас неодамна бев в затвор и успеав да се запознам со некои осуденици и престапници. Постојат дури и пострашни престапници одошто е овој, кои имаат убиено и по десет души, не покајувајќи се воопшто. Но ете што забележав јас притоа: дека и најзакоравениот и најупорниот убиец знае сепак дека е п р е с т а п н и к, то ест совеста му наложува да смета дека не постапил добро, макар и да не се кае поради тоа. И таков е секој од нив, а вие пак, за кои почна да говори Евгениј Павлович, не сакаат дури ни да се сметаат себеси престапници и мислат дека имале право и . . . дека дури и добро постапиле, то ест речиси така. Ете во тоа и се состои, според мене, ужасната разлика. И забележете дека тоа сè е младина, то ест токму таква возраст, во која најлесно и без отпор може да се падне под искривоколчување на идеи.

Кнезот Ш. повеќе не се смееше и со недоумица го ислуша кнезот. Александра Ивановна, која веќе одамна сакаше да забележи нешто, замолчи, небаре не-

која специјална мисла ја запрела. Евгениј Павлович пак го гледаше кнезот со вистинско вчудовидување и овојпат веќе без каков и да е подбив.

– Та што му се чудите толку, господине мој, – ненечекано го зеде во заштита Лизавета Прокофјевна, – зар тој е поглуп од вас, или што, та да не може да просуди како вас?

– Не, госпоѓо, не мислев за тоа, – рече Евгениј Павлович, – но како тогаш вие, кнезу, (проштавајте поради ова прашање), кога веќе така ја гледате и ја забележувате работата, како тогаш вие (проштавајте ми уште еднаш) во онаа чудна работа ... онаа што беше деновиве ... со Бурдовски, ми се чини ... како вие да не забележите исто такво искривоколчување на идеи и морални убедувања? Та тоа беше токму вакво! Мене тогаш ми се стори дека вие сосема не сте забележале.

– А ете што, братче, – избувна Лизавета Прокофјевна, – ние, ете, сите забележавме, седиме тука и се фалиме пред него, а тој, ете, доби денес, писмо од еден од нив, од најглавниот, од оној со мозолчињата, се сеќаваш ли Александра? Тој во писмото бара прошка од него, иако на свој начин, и го известува дека го напуштил оној пријател, кој тогаш го поттикнувал, (се сеќаваш, Александра?) и дека сега повеќе му верува на кнезот. Ете, а ние такво писмо уште не сме добиле, макар што ни е вообичаено да го креваме тука носот пред него.

– А Иполит, исто така, се пресели сега кај нас, во летниковецот! – викна Коља.

– Како! Веќе е тука? – се вознемири кнезот.

– Штотуку вие заминавте со Лизавета Прокофјевна, – тој повела: јас го пренесов!

– Ех, можам да се обложам, – пламна наеднаш Лизавета Прокофјевна, сосема заборавајќи дека сега го фалеше кнезот, – можам да се обложам дека тој бил вчера кај него, на таван и на коленици го молел за прошка, та тоа зло детиште да го удостои да се пресели ваму. Си бил вчера? Та самиот преѓеска ми призна. Така или не? Си паднал на колeници или не?

– Воопшто не паднал на колeници, – викна Коља,

– туку сосема обратно: Ипполит вчера двапати му ја грабна раката на кнезот и двапати му ја бакна, самиот видов, со тоа и заврши целото извинување, освен што кнезот едноставно му кажа дека ќе му биде полесно во летниковецот и овој за миг се сложи да се пресели, штом ќе се почувствува подобро.

– Не требаше, Коља ... – промрмори кнезот станувајќи и земајќи си ја шапката, – зошто го раскажувате тоа, јас ...

– Каде? – го запре Лизавета Прокофјевна.

– Не вознемирувајте се, кнезу, – продолжи Коља сиот пламнат, – не одете и не вознемирувајте го, тој заспа по патувањето; тој многу е задоволен; и знаете ли, кнезу, јас мислам дека ќе биде многу поубаво да не се сретнете сега; одложете го тоа дури до утре, зашто тој пак ќе се засрами. Тој изутрината зборуваше дека веќе цела половина година не се чувствувал толку добро и толку силен; дури и кашла трипати помалку.

Кнезот забележа дека Аглаја наеднаш го напушти своето место и се приближи до масата. Тој не смееше да ја погледа, но со целото свое суштество чувствуваше дека во тој миг таа го гледа и, моежби, го гледа страшно, дека во нејзините црни очи неопходно мора да има негодување и дека лицето ѝ е пламнато.

– А мене ми се чини, Николај Ардалионович, дека не би требало да го донесувате ваму, ако тоа е она исто туберкулозно момче, кое заплака тогаш и кое канеше на својот закоп, – забележа Евгениј Павлович, – тоа тогаш толку красноречиво говореше за ѕидот на соседната куќа, што бездруго ќе тажи по тој ѕид, верувајте ми.

– Добро рече: ќе се испокара, ќе се степа со тебе и ќе си замине, – запамети го ова!

И Лизавета Прокофјевна достоинствено си ја доближи кошничката со везот, заборавајќи дека сите веќе стануваа да одат на прошетка.

– Јас се сеќавам дека тоа многу се фалеше со оној свој ѕид, – се врати пак Евгениј Павлович, – без тој ѕид тоа не ќе може сликовито да умре, а тоа многу сака сликовито да умре.

– Што тогаш? – промрмори кнезот. – Ако вие не сакате да му простите, тој и без ваша помош ќе умре... Сега тој се пресели заради дрвјата.

– О, од моја страна, јас му простувам; можете да му го пренесете тоа.

– Тоа не треба така да се разбира, – тивко, и речиси преку сила, одговори кнезот, продолжувајќи да гледа во една точка на подот и не кревајќи ги очите, – треба така, вие да се сложите да примите прошка од него.

– Што сум виновен јас тука? Во што сум виновен пред него?

– Ако не сфаќате, тогаш... но вие сфаќате; тој тогаш сакаше... сите вас да ве благослови и од сите вас да добие благослов, ете во тоа е работата...

– Миличок кнезу, – некако со страв побрза да се вмеша кнезот Ш., откако размени погледи со некои од присутните, – рајот на земја тешко се добива; а вие сепак сметате малку со рајот; рајот тоа ви е тешка работа, кнезу, многу е потешка, одошто му се чини на вашето прекрасно срце. Подобро е да престанеме, инаку пак може на сите да ни стане срам и тогаш...

– Да појдеме да слушаме музика, – остро проговори Лизавета Прокофјевна, станувајќи луто од местото.

II

Кнезот наеднаш му пријде на Евгениј Павлович.

– Евгениј Павлович, – рече тој со чудна возбуденост, грабнувајќи го за рака, – верувајте ми дека јас ве сметам за најблагороден и најдобар човек, и покрај сè; бидете уверени во тоа.

Евгениј Павлович дури се повлече назад еден чекор од вчудовиденост. За миг тој се воздржуваше од неиздржлив напад на смеа; но, загледувајќи го од поблиску, тој забележа дека кнезот беше речиси избезумен, или, во крајна линија, во некаква особена душевна состојба.

– Би се обложил, – викна тој, – дека вие, кнезу,

сакавте да кажете нешто сосема друго и, можеби, не мене ... Но што ви е вам? Да не ви е лошо?

– Може, сосема е можно, и вие многу проникливо забележавте дека јас можеби не сакав вам да ви пријдам!

Кога го рече тоа, тој некако чудно и дури смешно се насмевна, но наеднаш, небаре вивнат, викна:

– Не потсетувајте ме на мојата постапка пред три дни! Мене ми беше многу срам овие три дни ... Знам дека сум виновен ...

– Но ... но што сторивте вие толку страшно?

– Јас гледам дека вие, можеби, најмногу од сите се срамите поради мене, Евгениј Павлович; вие се вцрвувате, тоа е особина на прекрасно срце. Јас сега ќе си заминам, верувајте ми.

– Та што му е нему! Така ли почнуваат кај него нападите? – исплашено му се обрна на Кољa Лизавета Прокофјевна.

– Не обрнувајте внимание, Лизавета Прокофјевна, не ми е тоа напад; јас сега ќе си заминам. Јас знам дека сум јас ... навреден од природата. Јас бев дваесет и четири години болен, до својата дваесет и четиригодишна возраст сметајќи од раѓањето. Примете го тоа и сега како од еден болен. Јас сега ќе си заминам, сега, верувајте ми. Јас не се вцрвувам, – зашто е чудно поради тоа да се вцрвува, нели? – но во друштво јас сум излишен ... Не го велам тоа од самољубие ... Јас за овие три дни размислив и решив дека морам искрено и благородно да ве известам штом ќе имам можност. Има такви идеи, има високи идеи, за кои јас не смеам да почнувам да зборувам, зашто притоа морам сите да ги изнасмеам; кнезот Ш., токму на тоа сега ме потсети ... Јас немам пристоен гест, немам чувство на мерка; кај мене зборовите се поинакви, а не соодветни на мислите, а тоа е понижување на тие мисли. И затоа јас немам право ... згора јас сум и сомнежлив ... јас ... јас сум убеден дека во куќава никој не може да ме навреди и дека сум сакан повеќе одошто заслужувам, но јас знам (јас тоа сигурно го знам), дека по дваесет години болест неопходно мораше макар нешто да остане, така што е не-

возможно да не ми се подбиваат луѓето ... напати ... нели?

Тој небаре чекаше одговор и одлука обѕирнувајќи се наоколу. Сите стоеја во тешка недоумица од таа нечекана, болникава, и, се чини, непредизвикана од никаква причина, исповед. Но таа исповед даде повод за чудна епизода.

– Зошто го зборувате тоа тука? – наеднаш викна Аглаја, – зошто вие тоа **н и м** им го кажувате? Ним! Ним!

Се чини таа беше во крајната граница на негодување: очите ѝ фрлаа искри. Кнезот стоеше пред неа нем и безгласен и наеднаш пребледна.

– Тука нема ниеден кој би заслужувал вакви зборови! – експлодира Аглаја, – тука сите, сите не заслужуваат ни колку вашето мало прсте, ни колку вашиот ум, ни колку вашето срце! Вие сте најчесен од сите најблагороден од сите, најдобар од сите, најумен од сите! Тука има такви што се недостојни да се наведнат и да ви го кренат шамичето кое сега ви падна ... Зошто тогаш се понижувате себеси и се поставате најдолу од сите? Зошто искривоколчувате сè во себеси, зошто немате гордост?

– Господи, можеше ли ова да се замисли? – плесна со рацете Лизавета Прокофјевна.

– Бедниот рицар! Ура! – викна Коља во занес.

– Молчете! ... Како смеат да ме навредуваат тука во вашата куќа! – се нафрли наеднаш Аглаја врз Лизавета Прокофјевна, веќе во онаа хистерична состојба, кога не се гледа на никаква граница и кога се прескокнува секаква пречка. – Зошто мене сите, сите до еден ме измачуваат! Зошто тие, кнезу, цели три дни ми префрлаат мене поради вас? Јас за ништо на светот нема да се омажам за вас! Знајте дека за ништо на светот и никогаш! Знајте го тоа! Зар е можно да се омажам за олку смешен како што сте вие? Погледајте се себеси сега во огледало, ваков како што стоите сега! ... Зошто, зошто тие ми се подбиваат дека ќе се омажам за вас? Вие треба да го знаете тоа! И вие сте во заговор со нив!

– Никој никогаш не ѝ се подбиваше! – промрмори исплашено Аделаида.

– Никому не му паднало ни на ум, не беше изречен ниеден таков збор! – викна Александра Ивановна.

– Кој ѝ се подбивал? Кога сме ѝ се подбивале? Кој можел да ѝ го каже тоа? Блада ли таа? – треперејќи од гнев им се обрнуваше на сите Лизавета Прокофјевна.

– Сите зборуваа, сите до еден, сите три дни! Јас никогаш, никогаш нема да се омажам за него!

Откако го викна тоа, Аглаја се облеа со горчливи солзи, го прекри лицето со шамиче и падна на столот.

– Но тој уште и не те поб . . .

– Јас не сум ве побарал, Аглаја Ивановна, – му излета наеднаш на кнезот.

– Што-о? – зачудено, со негодување, со ужас развлече наеднаш Лизавета Прокофјевна: – што-о викаш?

Таа не сакаше да им верува на своите уши.

– Сакав да кажам . . . јас сакав да кажам, – затрепери кнезот, – јас сакав само да ѝ разјаснам на Аглаја Ивановна . . . да ја имам таа чест да ѝ објаснам дека јас воопшто немав намера . . . да ја имам таа чест да ѝ ја побарам раката . . . дури ни некогаш подоцна . . . Јас тука воопшто не сум виновен, жими бога, не сум виновен, Аглаја Ивановна! Јас никогаш не сакав, никогаш не ми било во умот, никогаш не ќе посакам самата ќе видите: верувајте ми! Тука некој лош човек ме наклеветил пред вас! Смирете се!

Зборувајќи го тоа тој ѝ се доближи на Аглаја. Таа го симна шамичето, со кое го прекриваше лицето, брзо го погледна него и целата негова исплашена става, ги сфати неговите зборови и наеднаш експлодира од кикот директно во неговото лице, – од толку весел и неиздржлив кикот, од толку смешен и потсмешлив кикот, што Аделаида прва не издржа, особено кога, исто така, погледна во кнезот, се втурна кај сестра си, ја прегрна и се раскикоти со таква незапирна, ученички-весела смеа, како и оваа. Гледајќи ги нив, наеднаш почна да се насмевнува и кнезот и со весел и среќен израз почна да повторува:

– Е, сполај му на бога, сполај му на бога!

Тогаш не издржа ни Александра и се раскикоти од сè срце. Се чинеше дека на овој кикот на трите никогаш не ќе има крај.

– Уф, улави! – промрмори Лизавета Прокофјевна, – ту ќе те исплашат, ту . . .

Но се смееше веќе и кнезот Ш., се смееше и Евгениј Павлович, се кикотеше непрестајно и Коља, се кикотеше гледајќи ги сите и кнезот.

– Да појдеме на прошетка, ајде на прошетка! – викаше Аделаида, – сите заедно и неопходно и кнезот со нас; немате зошто да си одите, мил човеку! Колку мил човек е тој, Аглаја! Зар не е тоа вистина, мамице? Згора, јас неопходно, неопходно морам да го бакнам и да го прегрнам поради . . . поради неговата расправија сега со Аглаја. Maman, миличка, ќе ми дозволите ли да го бакнам? Аглаја, дозволи ми да го бакнам твојот кнез! – викна обесеничката и навистина потскокна и го бакна кнезот в чело. Тој ја фати за раце, силно ја стисна, така што Аделаида за малку ќе спискаше, со бескрајна радост ја погледна и брзо ја доближи нејзината рака до усните и трипати ја бакна.

– Да одиме, веќе! – викаше Аглаја. – Кнезу, вие ќе – ме водите мене. Може ли, maman? Да го стори тоа мојот свршеник кој се одрече? Зашто вие веќе се имате откажано од мене засекогаш, кнезу? Та не така, не ѝ се подава така раката на една дама, зар вие не знаете како треба да се фати подрака дама? Ете така, да одиме, ние ќе појдеме пред сите: сакате да одиме напред, пред сите, tête-à-tête?*

Таа говореше непрестајно, смеејќи се сè уште одвреме навреме.

– Сполај му на бога! Сполај му на бога! – повторуваше Лизавета Прокофјевна и самата не знаејќи на што да му се радува.

„Извонредно чудни луѓе!“ – помисли кнезот Ш., можеби веќе стоти пат од мигот кога се зближи со нив, но . . . нему му се допаѓаа тие чудни луѓе. Што се однесува пак до кнезот, можеби тој и не му се допа-

---

* Насамо (Заб. на прев.)

ѓаше премногу; кнезот Ш. беше малку намуртен и речиси загрижен кога сите излегоа на прошетка.

Евгениј Павлович, се чини, беше во највесело расположение, целиот пат до станицата тој ги насмејуваше Александра и Аделаида, кои со некоја многу особена готовност им се смееја на неговите шеги, толку, што тој бегло почна да се сомнева во тоа дека тие воопшто можеби не го слушаат него. Од таа мисла тој наеднаш и не објаснувајќи ја причината се раскикоти, најодзади, прекумерно и сосема искрено (таков му беше карактерот!). Сестрите, кои беа, впрочем, најпразнично расположени непрестајно ги погледнуваа кнезот и Аглаја, кои одеа пред нив; се гледаше дека најмалата сестричка им имаше поставено голема загатка. Кнезот Ш. постојано се обидуваше да стапи во разговор со Лизавета Прокофјевна за некои неважни работи, можеби за да ја расположи и ужасно ѝ здодеа. Таа, се чини, имаше сосема разбиени мисли, одговараше не наместо, а напати и воопшто не одговараше. Но загатките на Аглаја Ивановна уште не беа завршени за таа вечер. Последната му се падна веќе само на кнезот. Кога одминаа околу сто чекори од летниковецот, Аглаја со брз шепот му рече на својот кавалер кој упорно молчеше:

– Погледајте десно.

Кнезот погледна.

– Гледајте повнимателно. Ја гледате ли онаа клупа, во паркот, ене каде што се трите големи дрвја . . . зелена клупа?

Кнезот ѝ одговори дека ја гледа.

– Ви се допаѓа ова место? Јас напати рано, во седум часот изутрина, додека уште сите спијат, доаѓам тука да поседам сама.

Кнезот промрмори дека местото било прекрасно.

– А сега оддалечете се од мене, јас не сакам повеќе да одам со вас подрака. Или подобро, држете ме подрака, но не проговорувајте ниту збор. Јас сакам сама да си размислувам во себеси . . .

Предупредувањето беше, во секој случај, непотребно: кнезот сигурно не ќе проговореше ниту збор цело време и без наредбата. Неговото срце ужасно за-

тропа додека слушаше за клупата. По еден миг тој се премисли и со срам ја изгони својата грда мисла.

На Павловската железничка станица во обичните денови, како што е познато и како што сите во крајна линија тврдат, се собира „поодбрана“ публика одошто во неделите и празниците, кога стигнуваат, „секакви луѓе“ од градот. Тоалетите не се празнични, но се елегантни. Вообичаено е да се доаѓа да се слуша музика. Оркестарот, можеби и навистина најдобриот од нашите оркестри што свират во паркови, свири нови работи. Тука е извонредно отмено и достоинствено, без оглед на извесен општ изглед на семејност и дури и интимност. Познајниците, сите што летуваат во летниковците, се собираат да се гледаат меѓу себе. Многумина го извршуваат тоа со вистинско задоволство и доаѓаат само заради тоа; но има и такви кои доаѓаат само заради музиката. Скандалите се необично ретки, макар што, сепак, се случуваат дури и во обичните денови. Но без нив не се може.

Овојпат вечерта беше прекрасна, а имаше и доволно публика. Сите места околу оркестарот кој свиреше беа зафатени. Нашето друштво се смести на столови малку понастрана, крај самиот лев излез од станицата. Толпата, музиката, малку ја развеселија Лизавета Прокофјевна и ги забавија госпоѓиците; тие успеаја да разменат погледи со понекои од познајниците и оддалеку љубезно да им кимнат со глава на понекои; успеаја да ги разгледаат облеките, да забележат понекои екстравагантности во тоалетата, да поразговараат за нив и подбивно да се насмеат. Евгениј Павлович, исто така, често се поздравуваше. Аглаја и кнезот, кои сè уште беа заедно, веќе го привлекоа вниманието на понекои. Наскоро на мајката и на госпоѓиците им пријдоа понекои момчаци од познајниците; двајца или тројца останаа да разговараат; сите му беа пријатели на Евгениј Павлович. Меѓу нив имаше еден млад и многу убав офицер, многу весел, и многу разговорлив; тој поита да стапи во разговор со Аглаја и со сите сили се трудеше да го привлече нејзиното внимание. Аглаја беше со него многу љубезна и необично расположена за смеа. Евгениј Павлович

побара дозвола од кнезот да го запознае со својот пријател; кнезот одвај разбра што се бара од него, но сепак тие се запознаа, обајцата се поздравија и си подадоа рака еден на друг. Пријателот на Евгениј Павлович постави едно прашање, но кнезот, се чини, не му одговори на него или пак толку чудно промрмори нешто повеќе за себеси, што офицерот го погледна многу внимателно, го погледна потоа Евгениј Павлович, веднаш сфати зошто го смислил тој ова познанство, површно се насмевна и се сврти повторно кон Аглаја. Единствено Евгениј Павлович забележа дека Аглаја притоа нагло се вцрви.

Кнезот дури и не го забележуваше тоа дека другите разговараат и разменуваат љубезности со Аглаја, дури на мигови, речиси заборавање дека самиот седи крај неа. Напати тој посакуваше да си замине некаде, сосема да исчезне оттука и дури би можело да му се допадне темно и празно место, само да остане сам со своите мисли, и никој да не знае каде се наоѓа тој. Или, во крајна линија, да си биде дома, на терасата, но така, никој притоа да не биде кај него, ни Лебедев, ни децата; да се фрли на својот диван, да ја пикне главата в перница и така да остане да лежи еден ден и една ноќ, и уште еден ден. На мигови му се привидуваа и планини, и конкретно една позната точка во планините, на која тој секогаш љубеше да се присеќава и каде што тој љубеше да оди, додека уште живееше таму, и оттаму да гледа надолу на селото, на одвај видливата долу бела нишка на водопадот, на белите облаци, на напуштениот стар замок. О, колку би сакал тој сега да се најде таму и да мисли само за едно, – о, сиот живот само за тоа – не би му биле многу ни илјада години! И тука нека го заборават, нека го заборават сосема. О, тоа е дури неопходно, дури и подобро ќе беше воопшто да не го познаваа и целово ова привидување да беше само сон. А зар и не е сеедно дали е најаве, или на сон? Напати тој наеднаш ќе почнеше да се загледува во Аглаја и по пет минути не можеше да го откине погледот од нејзиното лице; но неговиот поглед беше премногу чуден: се чини, тој ја гледаше неа како предмет кој се наоѓа

оддалечен од него две врсти, или како нејзина слика, а не самата таа.

– Зошто ме гледате така, кнезу? – рече таа ненадејно, прекинувајќи го веселиот разговор и смеата со друштвото околу неа. – Се плашам од вас; ми се чини дека вие сакате да ја подадете раката и да го допрете моето лице со прст, за да го пипнете. Зар не е вистина, Евгениј Павлович, дека тој мене така ме гледа?

Кнезот ја ислуша, се чини, вчудовиден што му се обрнала нему, сфати, иако, можеби, не сосема, не ѝ одговори, но, гледајќи дека таа и сите се смеат наеднаш ја отвори устата и почна да се смее и самиот. Смеата наоколу се засили; офицерот, требаше да биде некој смешлив човек, само што не прсна од смеата. Аглаја наеднаш разгневено прошепоти за себеси:

– Идиот!

– Господи! Та зар е можно таа ваков... зар е можно сосема да се споулави! – прошушка за себеси Лизавета Прокофјевна.

– Тоа е шега. Тоа е иста шега како и онојпат со „бедниот рицар", – уверено ѝ шепна на уво Александра, – и не е ништо повеќе! Таа на свој начин пак го зеде на заб. Само премногу далеку забразди таа шега; тоа треба да се прекине, maman! Преѓеска таа како артистка ни се преправаше, од обесништво нас нè исплаши...

– Добро е ѝ тоа што наишла на ваков идиот, – ѝ врати со шепот Лизавета Прокофјевна. Забелешката на ќерката сепак направи да ѝ олесни малку.

Кнезот пак слушна како го нарекоа идиот и затрепери, но не поради тоа што беше наречен идиот. За „идиот" тој веднаш заборави. Туку во толпата, близу до местото каде што седеше тој, некаде скраја – тој никако не би знаел да каже точно на кое место и во која точка – блесна едно лице, едно бледо лице со кадрава црна коса, со позната, многу позната насмевка и поглед, – блесна и исчезна. Сосема можеше да биде дека тоа само му се привидело; од целото привидување остана во неговото сеќавање само искривената насмевка, очите и светло–зелената контешка вратоврска, која беше на вратот на господинот

што се мушна. Дали исчезнал тој господин во толпата или се мушнал на станицата, кнезот, исто така, не можеше да определи.

Но по еден миг тој брзо и вознемирено почна да се обѕирнува наоколу; ова прво привидување можеше да биде и навестување и претходник на друго привидување. Тоа сигурно мораше да биде така. Зар е можно тој да заборавил за можноста на средба, кога тргнуваа на станицата? Вистина е, додека тој одеше кон станицата се чини дека и не знаел сосема дека доаѓа ваму, – во таква состојба беше. Само да умееше или да можеше да биде повнимателен, тој уште пред четврт час ќе можеше да забележи дека Аглаја ретко и, исто така, небаре вознемирно лесно се обѕира, исто така, небаре бара нешто околу себеси. Сега, кога неговата вознемиреност стана многу забележлива, порасна и немирот и загриженоста на Аглаја и штом тој ќе се обѕирнеше назад, речиси во истиот миг ќе се обѕирнеше и таа. Разрешувањето на тревогата наскоро дојде.

Од истиот страничен излез на станицата, крај која беа сместени кнезот и целото друштво на Епанчини, наеднаш се појави цела толпа, од најмалку десет души. Пред толпата одеа три жени; двете од нив беа необично убави и немаше ништо необично што по нив одат толку обожаватели. Но и обожавателите и жените – сето тоа беше нешто особено, нешто сосема поинакво од другата публика која беше дојдена да слуша музика. Нив веднаш ги забележаа, речиси сите, но поголемиот дел се трудеше да изгледа, како да не ги гледа воопшто, а само можеби некои од младите им се насмевнаа, шепнувајќи си еден на друг нешто полугласно. Воопшто не беше можно да не ги видиш: тие отворено се гласеа, гласно говореа, се смееја. Можеше да се претпостави дека многумина меѓу нив се поднапиени, макар што, навидум, некои беа во контешка и елегантна облека; но тука имаше и луѓе со многу чуден изглед, во необична облека, со чудно вивнати лица; меѓу нив имаше неколку воени лица; имаше и луѓе не многу млади; тие беа удобно облечени, во комотни и елегантно сошиени костуми, со пр-

стени и скапи копчиња на манжетните, со прекрасни црни како смола перики и зулуфи и со особено благороднички, иако со малку потценувачки изрази на лицето, но кои, впрочем, во друштвото ги одбегнуваат како чума. Меѓу нашите собири на летување, се разбира, има и такви кои се одликуваат со необична достоинственост и кои имаат особено добар глас; но и најпретпазливиот човек не може во секој миг да се заштити од тула која паѓа од соседната куќа. Една таква тула се готвеше сега да падне и на достоинствената публика што беше собрана да слуша музика.

За да се премине од станицата на терасичката на која се наоѓаше оркестарот, требаше да се слезе три скали. Токму крај тие скали запре толпата; не можеа да се решат да слезат, но едната од жените тргна напред; по неа најдоа смелост да појдат само двајца од нејзината придружба. Едниот беше човек со доста скромен изглед на средни години, со пристојна надворешност во секој однос, но кој имаше изглед на типичен нежент, то ест тој беше од оние, кои никогаш никого не познаваат и кои никој не ги знае. Другиот, кој не се одделуваше од својата дама, беше вистински парталковец со најсомнителен изглед. Никој повеќе не тргна по ексцентричната дама; но слегувајќи долу таа дури и не се сврти назад, небаре ѝ беше сосема сеедно оди ли некој по неа или не. Таа се смееше и гласно разговараше како и порано; беше облечена богато и со необичен вкус, но малку пораскошно одошто би требало. Таа, минувајќи крај оркестарот, се упати на другата страна на терасата, каде што, крај патот, чекаше некого нечија кочија.

Кнезот ја немаше видено веќе повеќе од три месеци. Сите тие денови по пристигнувањето во Петербург, тој се готвеше да ја посети, но, можеби, некое скриено претчувство го запираше. Во секој случај тој никако не можеше да го насети каков ќе биде впечатокот кој му претстои од средбата со неа и тој напати со страв се трудеше да си го претстави. Нему едно му беше јасно – дека средбата ќе биде тешка. Неколкупати тој се потсетуваше за овие шест месеци на она прво чувство кое беше предизвикано кај него од ли-

цето на оваа жена, уште кога тој ја имаше видено само нејзината слика; но дури и во впечатокот од сликата, се сеќаваше тој, имаше премногу тежина. Оној месец во провинција кога тој речиси секој ден се виѓаваше со неа, изврши кај него ужасно дејство, толку ужасно што кнезот напати го прогонуваше дури и споменот на ова уште недамнешно време. Во самото лице на таа жена секогаш имаше за него нешто мачно: кнезот разговарајќи со Рогожин го објасни тоа чувство како чувство на бескрајна жалост и тоа беше вистина: тоа лице уште од сликата предизвикуваше во неговото срце цело едно страдање на сожалувањето; овој впечаток на сочувство и дури и страдање за ова суштество не го напушташе никогаш неговото срце, не го беше напуштило ниту сега. О не, сега дури беше и посилно. Но со тоа што му беше кажал на Рогожин, кнезот не беше задоволен; и дури сега, дури во овој миг на нејзиното ненадејно појавување, тој сфати, можеби со непосредно чувствување, што недостасуваше во неговите зборови на Рогожин. Недостасуваа зборови кои би го изразиле ужасот; да, ужасот! Тој сега, во овој миг, сосема го чувствуваше; тој беше уверен, беше наполно убеден, од свои специјални причини, дека таа жена е малоумна. Жената која се сака најмногу од сè на светот или пак насетувајќи ја можноста на таква љубов, да се види наеднаш окована во синџири и во железен кафез, под стапот на надзорникот, – ваквиот впечаток би можел малку да личи на оној кој го почувствува кнезот сега.

– Што ви е? – брзо прошепоти Аглаја свртувајќи се кон него и протресувајќи го наивно за рака.

Тој ја сврти главата кон неа, ја погледна, се загледа во нејзините црни очи, кои тој миг за него несфатливо светкаа, се обиде да ѝ се насмевне, но наеднаш, небаре в час ја заборавил, пак ги сврти очите надесно и пак почна да го следи своето необично привидување. Настасја Филиповна во тој миг минуваше крај самите столови на девојките. Евгениј Павлович продолжуваше нешто да ѝ раскажува, нешто што мораше да биде многу смешно и интересно, на Александра Ивановна; тој зборуваше брзо и понесено. Кнезот

запамети дека Аглаја наеднаш изговори полугласно: „Каква . . .“

Збор неопределен и недоискажан; таа в час се воздржа и не проговори ништо повеќе, но ова веќе беше доволно: Настасја Филиповна, која минуваше небаре не забележувајќи никого особено, наеднаш се сврти на нивната страна и небаре дури сега го забележа Евгениј Павлович.

– О-о! Глеј го каде е! – викна таа застанувајќи наеднаш, – ту по никакви курири не ќе го најдеш, ту како за инает ти седи таму каде што и не ќе помислиш . . . А јас мислев дека си таму . . . кај чичкото!

Евгениј Павлович пламна, бесно ја погледна Настасја Филиповна, но поита пак да го скршне погледот од неа.

– Што? Зар не знаеш? Тој уште не знае, претставете си! Се уби! Изутринава се уби твојот чичко! Мене уште прееска, во два часот ми имаат кажано; а сега веќе половина град знае; триста и педесет илјади државни пари недостасувале, велат, а други пак велат: петстотини. А јас пак сè мислев дека тој ќе ти остави наследство; сè сплескал. Многу развратно старче беше . . . А сега, збогум, bonne chance!* И зар нема да појдеш? А навреме си даде оставка, итрецу! Глупости, ти си знаел, си знаел однапред: можеби уште вчера си знаел . . .

Макар што во тоа дрско досадување, во истакнување на познанство и блискост коишто ги немаше, имаше неопходно своја цел, и во тоа повеќе не можеше да има никакво сомневање, Евгениј Павлович сепак отпрвин мислеше да се откачи некако онака и на секој начин да не ја забележи навредувачката. Но зборовите на Настасја Филиповна погодија во него како молња; кога чу за смртта на чичкото, тој пребледе како платно и се сврти кон носителката на вестта. Истиот миг Лизавета Прокофјевна брзо стана од своето место, ги стана и сите свои и речиси побегна оттаму. Само кнезот Лав Николаевич се задржа за миг на своето место, небаре не можејќи да се реши и

---

* Добра среќа (француски)

Евгениј Павлович, кој сè уште стоеше не доаѓајќи на себеси. Но не стигнаа Епанчини да се оддалечат ни дваесетина чекори, кога дојде до страшен скандал.

Офицерот, голем пријател на Евгениј Павлович, кој разговараше со Аглаја, се најде во најголемо негодување.

– Тука треба само камшик, инаку со ништо нема да го совладаш ова суштество! – речиси гласно проговори тој. (Тој се чини порано бил доверливо лице на Евгениј Павлович.)

Настасја Филиповна в час се сврти кон него. Очите ѝ светнаа; таа се втурна кон еден момчак кој стоеше на два чекори од неа и кој ѝ беше сосема непознат, кој држеше в рака танко плетено стапче, му го зграпчи од рацете и со сета сила го шибна навредувачот преку лице. Сето се случи во еден миг ... Офицерот избезумен се втурна кон неа; околу Настасја Филиповна веќе ги немаше нејзините придружници; пристојниот господин на средна возраст веќе беше стигнал сосема да се изгуби, а поднапиениот господин стоеше скраја и се кикотеше со сета сила. По неколку мигови, се разбира, ќе се појавеше полиција, но во тој миг Настасја Филиповна лошо ќе минеше да не се појавеше нечекана помош: кнезот, кој, исто така, беше запрен на два чекори, успеа одзади да му ја зграпчи раката на офицерот. Истргнувајќи си ја раката, офицерот силно го турна в гради; кнезот полета околу три чекори и падна на стол. Но Настасја Филиповна веќе доби уште двајца бранители. Пред офицерот кој беше во напад веќе стоеше боксерот, авторот на веќе познатата на читателот статија и активниот член на пре-ѓешната банда на Рогожин.

– Келер! Поручник во оставка, – се претстави тој достоинствено. – Ако со тупаници, капетане, тогаш ви стојам на располагање, заменувајќи го слабиот пол; го имам минато целиот курс на англискиот бокс. Не туркајте се, капетане; јас ја разбирам вашата к р в а в а навреда, но не можам да дозволам со тупаници да ѝ се одмаздите на една дама пред очите на публика. Ако пак, како што му прилега на едно благородно лице

сакате на друг начин, – вие, се разбира, тогаш ќе морате да ме разберете, капетане . . .

Но капетанот веќе се сепна и повеќе не го слушаше. Во тој миг Рогожин кој се појави од толпата, брзо ја фати подрака Настасја Филиповна и ја одведе со себе. Од своја страна, Рогожин изгледаше потресен ужасно, беше блед и трепереше. Одведувајќи ја Настасја Филиповна тој сепак успеа злобно да му се насмевне гледајќи го офицерот в очи и со победнички изглед на богат чаршилија да му каже:

– Пху! Што доби! Муцката ти е во крв! Пху!

Откако дојде на себеси и се сети со кого има работа, офицерот учтиво (прекривајќи го впрочем лицето со шамиче) му се обрна на кнезот, кој веќе беше станат од столот:

– Вие сте кнезот Мишкин, со кој го имав задоволството да се запознам?

– Таа е луда! Улава! Верувајте ми! – му одговори кнезот со растреперен глас, подавајќи ги кон него, којзнае зошто, своите растреперени раце.

– Јас, се разбира, не би можел да се пофалам со такви податоци; но мене ми е потребно да го знам вашето име.

Тој му кимна со главата и се оддалечи. Полицијата стигна токму пет секунди откако исчезнаа последните замешани лица. Впрочем, скандалот не траеше повеќе од две минути. По некои од публиката станаа од столовите и си заминаа, други само се преместија од едно на друго место; на трети скандалот им причинуваше големо задоволство; четврти почнаа гласно да зборуваат и да се распрашуваат. Со еден збор, работата заврши како и обично. Оркестарот одново почна да свири. Кнезот тргна по Епанчини. Само да се сетеше или да погледнеше влево, додека седеше на столот, по неговото турнување, ќе ја видеше Аглаја на дваесетина чекори од него, која запре да ја гледа скандалозната сцена и која не ги слушаше довикувањата на мајката и сестрите, кои веќе беа повеќе оддалечени. Кнезот Ш., дотрчувајќи кај неа, успеа најодзади да ја наговори побрзо да си замине. Лизавета Прокофјевна запамети дека Аглаја се врати кај нив

толку возбудена, што одвај да ги чула нивните повикувања. Но по две минути штотуку влегоа во паркот, Аглаја проговори со својот обичен рамнодушен и налудничав глас:

– Сакав да видам како ќе заврши комедијата.

III

Настанот на станицата ја порази и мајката и ќерките речиси ужасно. Загрижена и возбудена, Лизавета Прокофјевна буквално речиси трчаше со ќерките од станицата по целиот пат до дома. По нејзините погледи и сфаќања, се имаше премногу случено и откриено во тој настан, така што во нејзината глава, без оглед на сиот неред и уплав, се зародуваа веќе решителни мисли. Но и сите сфаќаа дека се случи нешто особено и дека, можеби, тоа може да биде и среќа, зашто почнува да се открива некоја извонредна тајна. Без оглед на пређешните убедувања и објаснувања на кнезот Ш., Евгениј Павлович „сега беше изведен на видело", разобличен, разоткриен и „формално откриен во своите врски со ова суштество". Така си мислеше Лизавета Прокофјевна и дури и обете постари ќерки. Добивката од овој заклучок беше тоа што се беа насобрале уште повеќе загатки. Девојките, макар што негодуваа делумно во себеси поради премногу силниот уплав и толку видливото бегство на мајка им, во првите мигови на мешаницата не се решаваа да ја обеспокојуваат со прашања. Покрај тоа, којзнае зошто, им се чинеше дека нивната сестра, Аглаја Ивановна, можеби знае во оваа работа повеќе одошто тие сите три, заедно со мајката. Кнезот Ш. беше, исто така стемнет како ноќ и, исто така, мошне замислен. Лизавета Прокофјевна не проговори со него за време на целиот пат ниту збор, а тој, се чини, не го ни забележа тоа. Аделаида се обиде да го праша: „За кој чичко се зборуваше пред малку и што се случило во Петербург?" Но тој во одговор ѝ промрмори, со многу кисела гримаса, нешто многу неопределено за тоа дека ќе се распраша и дека сето тоа е, се разбира,

една бесмислица. „Не се сомневам во тоа!“ – одговори Аделаида и повеќе ништо не го прашаше. Аглаја пак стана нешто необично спокојна и патем само забележа дека премногу брзо итале. Еднаш таа се сврти и го виде кнезот кој ги настигнуваше. Кога ги забележа неговите напори да ги стигне таа подбивно се насмевна и повеќе не се обѕираше кон него.

Најодзади, речиси пред самиот летниковец, го сретнаа Иван Фјодорович кој им одеше во пресрет, штотуку вратен од Петербург. Тој веднаш, од првиот збор, се распраша за Евгениј Павлович. Но сопругата срашно мина крај него не одговарајќи му, и дури и без да го погледне. По очите на ќерките и кнезот Ш. тој веднаш, прочита дека дома го чека луња. Но и без тоа, неговото сопствено лице одразуваше некое особено вознемирување. Тој веднаш го зеде подрака кнезот Ш., го запре на влезот во куќата и речиси со шепот проговори со него неколку зборови. По вознемирениот изглед и на двајцата, кога потоа се искачија на терасата и минаа крај Лизавета Прокофјевна, можеше да се помисли дека тие и двајцата имале чуено некоја необична вест. Лека-полека сите се собраа горе кај Лизавета Прокофјевна, и на терасата остана само кнезот. Тој седеше во аголот небаре чекаше нешто, впрочем, и самиот не знаејќи што; нему не му паѓашени на ум да си замине, кога ја виде мешаницата во куќата; се чинеше, тој ја заборавил целата вселена и бил готов да одседи најмалку две години со ред, каде и да го седнат. Од горе тој напати можеше да чуе одеци од вознемирен разговор. Тој самиот не би можел да каже колку останал да седи тука. Беше доцна и веќе сосема се стемни. На терасата ненадејно излезе Аглаја; навидум таа беше спокојна, иако малку бледа. Кога го виде кнезот, кого „очевидно не го чекаше“ да го најде тука на стол, во аголот, Аглаја се насмевна небаре во недоумица.

– Што правите вие тука? – му пријде таа.

Кнезот промрмори нешто збунето и скокна од столот; но Аглаја вендаш седна крај него, така седна и тој. Таа неочекувано но внимателно го погледна, потоа низ прозорец, небаре без никаква мисла, а

потоа пак него. „Можеби, таа сака да се насмее, – си помисли кнезот, – но не, зашто таа тогаш и ќе се насмееше".

– Можеби сакате чај, јас вендаш ќе кажам да се донесе, – рече таа по извесно молчење.

– Н-не ... Јас не знам ...

– Како може да се знае тоа! Ох, да, чујте: да ве повика некој на двобој што би сториле вие? Јас уште преѓеска сакав да ве прашам.

– Но ... кој ... мене никој нема да ме вика на двобој.

– Но ако некој ве повика? Дали би се исплашиле многу?

– Мислам дека јас ... многу би се плашел.

– Навистина? Вие сте, значи, плашливец?

– Н-не; можеби и не сум. Плашливец е оној кој се плаши и бега; а оној кој се плаши а не бега, тој сè уште не е плашливец, – се насмевна кнезот откако поразмисли.

– А вие нема да побегнете?

– Можеби и нема да побегнам, – им се насмеа тој најодзади на прашањата на Аглаја.

– Јас, макар што сум жена, никогаш не би побегнала, – забележа таа речиси навредливо. – А, впрочем, вие се шегувате и ми се подбивате, како што си имате обичај, да се направите вие поинтересен; кажете: се пука обично од дванаесет чекори, некои и од десет? Тоа значи сигурно да бидеш убиен или ранет?

– На двобоите изгледа ретко се погаѓа целта.

– Како ретко? Та не е ли убиен Пушкин?

– Тоа можеби било случајно.

– Воопшто не било случајно; двобојот беше на живот или смрт, и тој е убиен.

– Куршумот погодил толку ниско што, изгледа, Дантес гаѓал некаде погоре, в гради или в глава; а онака како што погодил тој, никој не гаѓа, најверојатно е дека куршумот го погодил Пушкин случајно, од промашеност. Мене тоа ми го кажаа луѓе што се разбираат.

– А мене еден војник, со кој еднаш разговарав, ми има кажано дека ним намерно, по правило им се за-

поведа, кога се развиваат во стрелци, да гаѓаат во половина човек, така им е и речено: „во половина човек". Ете така значи не в гради и не в глава, туку нарочно им е заповедано да се стрела во половина човек. Потоа прашав еден офицер, тој рече дека е токму така и дека е точно.

– Тоа е така зашто е од далечина.

– А вие умеете ли да пукате?

– Никогаш немам пукано.

– Зар не знаете ли да го наполните пиштолот?

– Не знам. То ест, јас знам како треба да се направи тоа, но никогаш самиот не сум полнел.

– Тогаш, значи, не знаете, зашто за тоа е потребна практика! Слушајте тогаш и запаметете: прво купете добар барут за пиштол, да не биде влажен (велат дека не смее да биде влажен, туку сосема сув), некој ситен, вие веќе побарајте таков, кој не е за пукање со топови. Куршумот, велат, самите некако го леат. Имате ли вие пиштоли?

– Не, и не ми требаат, – се насмеа одеднаш кнезот.

– Ох, каква бесмислица! Неопходно е да купите: еден добар англиски или француски, тие се, велат, најдобрите. Потоа земете барут колку за еден напрсток, можеби, колку за два напрстока и турете внатре. Подобро е да има повеќе. Набијте го со колчишта (велат дека требало бездруго со колчишта, којзнае зошто), тоа може да се добие однекаде, од некој душек, напати и вратите се обложуваат со колчишта. Потоа, откако ќе пикнете колчишта, ставете го куршумот, – ме слушате ли, куршумот е после, а барутот пред тоа, зашто нема да пукне. Зошто се смеете? Јас сакам секој ден да пукате по неколкупати и неопходно е да научите да погаѓате во целта. Ќе го сторите ли тоа?

Кнезот се смееше; Аглаја јадосано тропна со ногата. Нејзиниот сериозен изглед во ваков разговор малку го почуди кнезот. Тој делумно чувствуваше дека би требало да дознае нешто, да праша за нешто, – во секој случај за нешто посериозно од тоа како се полни пиштол. Но сето тоа му излета од умот, освен

само тоа дека таа седи пред него, а тој ја гледа, а за што и да почне таа да зборува, нему ќе му беше речиси сеедно во тој миг.

Одозгора слезе најодзади, на терасата самиот Иван Фјодорович; тој се имаше упатено некаде со намуртен, загрижен и решителен израз.

– А, Лав Николаевич, ти си . . . Каде сега? – праша тој без оглед на тоа што Лав Николаевич и не помислуваше да се помрдне од местото, – дојди со мене, имам да ти кажам нешто.

– До видување, – рече Аглаја и му подаде рака на кнезот.

На терасата беше веќе доста темно, кнезот не би можел во тој миг да го види нејзиното лице сосема јасно. По еден миг, кога тој со генералот веќе излегуваше од летниковецот, наеднаш страшно се вцрви и силно ја стисна својата десна рака.

Се покажа дека Иван Фјодорович требаше да оди по ист пат; Иван Фјодорович, без оглед на тоа што веќе беше доцна, иташе да поразговара со некого за нешто. Но засега тој наеднаш почна разговор со кнезот, брзо, вознемирено, доста неповрзано, спомнувајќи ја често во разговорот Лизавета Прокофјевна. Да можеше кнезот во тој миг да биде повнимателен, тој, тогаш, можеби ќе се сетеше дека Иван Фјодорович сака меѓу другото и од него нешто да дознае, или, подобро да кажеме, директно и отворено да го праша него за нешто, но дека постојано не успева да допре до најважната точка. За срам, кнезот беше толку расеан, што во самиот почеток дури ништо и не можеше да чуе и кога генералот му го попречи патот со некое врело прашање, тој беше принуден да признае дека ништо не сфаќа.

Генералот ги крена рамениците.

– Сите вие станавте некако чудни луѓе; од сите страни, – почна тој пак да говори. – Ти велам дека јас воопшто не ги разбирам идеите и немирите на Лизавета Прокофјевна. Таа паѓа во хистерија и плаче, и зборува дека сме посрамени и изрезилени. Од кого? Како? Со кого? Кога и зошто? Јас сум, признавам, виновен (свесен сум за тоа), многу сум виновен, но др-

ските истапи на таа . . . немирна жена (која одозгора и лошо се однесува) можат да бидат спречени, најодзади, од полицијата, и јас дури уште денес имам намера да се видам со извесни личности и да ги предупредам. Сè може да се среди тивко, кротко, дури и милосливо, пријателски и без никаков скандал. Исто така се сложувам дека иднината е полна со настани и дека има многу неразјаснети работи; тука има и интрига; но ако на едно место ништо не знаат, на друго пак не умеат ништо да објаснат; ако јас немам чуено, ако немаш чуено ти, ако нема чуено тој, некој петти, исто така, нема чуено, тогаш, најодзади, кој има чуено, да те прашам? Како ќе го објасниш ти тоа, ако половината од работата е привидување, не постои, слично, на пример, како светлината на месечината . . . или некои други сеништа.

– Т а а е луда, – промрмори кнезот, потсетувајќи се наеднаш со болка на сè што се случи преќеска.

– Ми го зеде зборот, ако мислиш на онаа. И мене по малку ми доаѓаше таква идеја и јас спокојно си заспивав. Но сега јас гледам дека има такви кои поправилно мислат за ова и не верувам во лудоста. Жената си е луничава, да речеме, но не само што не е безумна, туку притоа е и префинета. Денешниот истап за сметка на Капитон Алексеич премногу силно го докажува тоа. Од нејзина страна тоа е лукава работа, во крајна линија, е езуитска, си има особена цел.

– За кој Капитон Алексеич?

– Оф, господе, Лав Николаевич, ти воопшто не ме слушаш. Јас така и почнав што почнав да ти говорам за Капитон Алексеич; толку сум стаписан, што дури и сега рацете и нозете ми трепераат. Поради тоа и во градот се забавив денес. Капитон Алексеич Радомски, чичкото на Евгениј Павлович . . .

– И! – викна кнезот.

– Се уби изутрината, на изгреј-сонце, во седум часот. Достоинствено старче, на седумдесет години, епикуреец, – токму онака како што рече таа, – државни пари, доста голема сума!

– Од каде пак тоа . . .

– Дознала? Ха-ха! Та околу неа се има собрано

веќе цел штаб, штотуку се појави. Знаеш ли какви лица ја посетуваат сега неа и ја барат таа „чест да ја познаваат". Природно е преѓеска да можеше да чуе нешто и од минувачите, зашто сега веќе цел Петербург знае, и тука половина Павловск или веќе и цел Павловск. Но колку е проникплива нејзината забелешка во однос на униформата, како што ми е пренесено, то ест, во однос на тоа дека Евгениј Павлович благовремено си поднел оставка! Какво пеколно наестување! Не, тоа не е израз на лудило. Јас, се разбира, не сакам да верувам, дека Евгениј Павлович можел отпорано да знае за катастрофата, то ест дека ќе се случи на таа и таа дата, во седум часот итн. Но тој можел сето да го претчувствува. А јас, пак, а ние, пак, сите и кнезот Ш. сметавме дека оној уште и наследство ќе му остави! Ужас! Ужас! Разбери, впрочем, јас не го обвинувам Евгениј Павлович за ништо и итам да ти објаснам, но сепак, сомнително е. Кнезот Ш. е необично многу поразен. Сето тоа некако чудно се случи.

– Но што има сомнително во држењето на Евгениј Павлович?

– Нема ништо! Тој се држеше на најблагороден начин. Јас и не навестив ништо. Неговиот имот, јас мислам дека му е сочуван. Лизавета Прокофјевна, се разбира, не сака ни да чуе ... Но што е најважно – сите тие семејни катастрофи, или, подобро да ги наречеме, сите тие нечистоии, така што дури и не знаеш како да ги наречеш подобро ... Ти си, Лав Николаевич, во вистинска смисла, пријател на нашата куќа, и претстави си, сега испаѓа, макар што, впрочем и не е точно, дека Евгениј Павлович небаре веќе пред повеќе од еден месец ѝ ја изјавил својата љубов на Аглаја и небаре бил од неа формално одбиен.

– Та тоа е невозможно! – пламено викна кнезот.

– Зар тебе нешто ти е познато? Гледаш ли, најмиличок, – се сепна и се почуди генералот, застанувајќи на местото како скаменет, – јас, можеби, не требаше и не беше пристојно да ти го кажам тоа, но тоа го сторив затоа што си ти ... што си ти ... може да се каже, таков човек. Ти можеби знаеш нешто специјално?

– Јас не знам ништо за Евгениј Павлович, – промрмори кнезот.

– И јас не знам! Мене ... мене, братче, по секоја цена сакаат да ме закопаат вземи и да ме погребат и не сакаат да помислат притоа дека на човек може да му биде тешко и дека јас не ќе го поднесам тоа. Сега имаше таква сцена, просто ужас! Јас ти го кажувам ова како на роден син. Што е најважно, Аглаја небаре ѝ се подбива на мајка си. За тоа дека, се чини, таа го одбила Евгениј Павлович пред еден месец и дека тој небаре ѝ направил прилично официјална брачна понуда, соопштија сестрите, во вид на претпоставка ... впрочем, не сигурна претпоставка. Но таа е толку самоволно и фантастично суштество, што не може ни да се опише! Сите великодушности, сите прекрасни квалитети на срцето и умот – сето тоа, може да се рече, таа ги има, но притоа е луничава, подбивна, – со еден збор, карактерот ѝ е ѓаволски и одозгора уште има и фантазија. Сега в очи ѝ се насмеа на мајка си, на сестрите, на кнезот Ш.; за мене и да не зборувам, мене ретко некогаш не ми се смее таа, но јас пак, што да правам, ја сакам, ја сакам дури и затоа што ми се смее, – и, се чини, тоа ѓаволче затоа и ме сака толку, то ест, повеќе од сите други, се чини. Би можел да се обложам дека таа и тебе веќе те има исмеано поради нешто. Јас ве најдов сега во разговор по преѓешната луња горе; таа седеше со тебе како да се немаше ништо случено.

Кнезот ужасно се вцрви и ја стегна десната рака, но не рече ништо.

– Миличок, добар мој, Лав Николаевич! – нежно и пламено му рече наеднаш генералот, – јас ... и дури и самата Лизавета Прокофјевна (која, впрочем, почна да ти укажува голема чест, а заедно со тоа и мене, поради тебе, не разбирам само поради што?), ние сепак те сакаме, те сакаме искрено и те цениме, дури и покрај сè, покрај сите знаци. Но признај, мил пријателу, признај и самиот, каква загатка е тоа и каков јад е да се чуе дека ова ладнокрвно ѓаволче (зашто таа стоеше пред мајка си со изглед на најдлабок презир за сите наши прашања, а особено кон моите,

зашто јас ѓавол да го земе, направив глупост, намислив наеднаш да си ја покажам строгоста, зашто сум јас глава на семејството, – и ете, направив глупост), тоа ладнокрвно ѓаволче наеднаш изјавува, со подбив дека таа „улавата“ (така се изрази таа и чудно ми е тоа што таа го употреби истиот збор како и ти: „зар не сте можеле, вели, досега да се сетите“), дека таа улава „си наумила по секоја цена да ме омажи мене за кнезот Лав Николаевич, и заради тоа сака да го изгони Евгениј Павлович, од нашиот дом“ . . . го рече само тоа; не даде повеќе никакво објаснение, си се кикоти, а ние зинавме, тропна со вратата и си излезе. Потоа ми раскажаа за претешната сцена со неа и со тебе . . . и . . . и . . . чуј ме, миличок кнезу, ти не си навредлив човек и многу си разумен, јас го забележав тоа кај тебе, но . . . не лути ми се: жими бога, таа ти се подбива. Како дете ти се подбива и затоа не лути ѝ се, но тоа е така. Немој да си вообразиш нешто, – таа просто те прави улав и тебе и сите нас, зашто нема друга работа. Сега, збогум! Ти ги знаеш нашите чувства? Нашите искрени чувства кон тебе? Тие не се менуваат, никогаш и во ништо . . . но . . . јас треба сега наваму, до видување! Ретко некогаш сум се наоѓал вака во небрано (како би се рекло тоа?), како што сум сега . . . Ех, какво летување!

Кога остана сам на крстосницата, кнезот се обѕрна наоколу, брзо ја премина улицата, близу му пријде на осветлениот прозорец од еден летниковец, рашири мало ливче хартија, кое силно го стегаше во десната рака за време на целиот разговор со Иван Фјодорович, и прочита, ловејќи го слабиот зрак светлина.

„Утре во седум часот изутрината јас ќе бидам на зелената клупа во паркот и ќе ве чекам. Јас се решив да поразговарам со вас за една извонредно важна работа која се однесува директно за вас.

P. S. Се надевам, вие никому нема да му го покажете ова писмо. Мене ми е непријатно да ви пишувам за оваа претпазливост, но јас оценив дека вие го заслужувате тоа и ви го напишав, – вцрвувајќи се од срам поради вашиот смешен карактер.

P.P. S.S. Тоа е онаа иста зелена клупа што ви ја покажав пред ѓеска. Засрамете се! Бев принудена и тоа да ви го допишам".

Писмото беше напишано набрзина и здиплено на-две-натри најверојатно пред самото излегување на Аглаја на терасата. Во неискажлива возбуденост, слична на уплав, кнезот силно го стегна ливчето пак во тупаницата и побрза да се оддалечи од прозорецот, од светлината, небаре исплашен крадец; но при тоа движење наеднаш силно се судри со еден господин, кој се најде директно зад неговиот грб.

– Јас ве следам вас, кнезу, – проговори господинот.

– Тоа сте вие, Келер? – викна кнезот вчудовидено.

– Ве барам, кнезу. Ве чекав крај летниковецот на Епанчини, се разбира, не смеев да влезам. Одев по вас, додека одевте со генералот. На ваше располагање сум, кнезу, заповедајте му на Келер. Готов сум да се жртвувам и дури и да умрам, ако затреба.

– А . . . зошто?

– Е, па сигурно ќе уследи предизвик. Поручникот Моловцов, јас го знам него, то ест, не лично . . . тој нема да се помири со навредата. Таквите какви што сме ние, то ест, мене и Рогожин, се разбира, тој е расположен да нѐ смета за ѓубре, и, можеби, ние го заслужуваме тоа, и така за одговор само вие доаѓате предвид. Ќе морам да платам за шишињата, кнезу. Тој се распрашуваше за вас, го чув тоа, и сигурно веќе утре неговиот пријател ќе повела кај вас, а можеби, и сега веќе ве чека. Ако ме удостоите со честа да ме одберете за ваш секундант, за вас готов сум и главата да си ја дадам; затоа и ве барав, кнезу.

– И вие, значи, за двобој ми зборувате! – се раскикоти наеднаш кнезот на големо вчудовидување на Келер. Тој страшно се кикотеше. Келер, кој навистина дотогаш беше небаре на игли, сѐ додека не си го стори тоа задоволство да се предложи себеси за секундант, речиси се навреди, гледајќи ја оваа многу весела смеа на кнезот.

– Но вие, кнезу, пред ѓеска го фативте за раце. Едно

благородно лице и тоа пред публика, тешко може тоа да го поднесе.

– А тој мене в гради ме турна! – смеејќи се, викна кнезот, – немаме зошто да се биеме! Јас ќе го замолам да ми прости и готово. А ако биде потребно да се биеме, тогаш ќе се биеме! Нека пука во мене; јас дури и го сакам тоа. Ха-ха! Јас сега умеам да наполнам пиштол! Умеете ли вие, Келер, да наполните пиштол? Прво треба да се купи барут, за пиштол, да не биде влажен и да не биде толку крупен, каков што е оној за топови; а потоа да се стави прво барутот, да се најдат колчишта однекаде, од некоја врата, а потоа веќе да се стави и куршумот, а не куршумот пред барутот, зашто нема да пукне. Слушате ли, Келер: зашто нема да пукне. Ха-ха! Зар тоа не е прекрасна причина, пријателу Келер? Ах, Келер, знаете ли што, јас ќе ве прегрнам и ќе ве бакнам. Ха-ха-ха! Како тоа прегеска вие да се најдете токму ненадејно пред него? Дојдете кај мене колку што можете поскоро да пиете шампањско. Сите ќе се изопиеме! Знаете ли дека јас имам дванаесет шишиња шампањско, во визбата кај Лебедев? Лебедев тоа „случајно“ ми ги продаде завчера, веднаш следниот ден штом се преселив кај него, а јас сите и ги купив! Ќе го соберам целото друштво! А вие, што, ќе спиете оваа ноќ?

– Како и секоја, кнезу.

– Тогаш, убави соништа! Ха-ха!

Кнезот го премина патот и исчезна во паркот оставајќи го Келер да размислува, кој беше во извесна недоумица. Тој уште го немаше видено кнезот во толку чудно расположение, досега не можеше ни да си го претстави таков.

„Можеби е во треска, зашто нервозен си е човекот и сето тоа дејствувало на него но, се разбира, нема да излезе страшливец. Сите вакви не се страшливци, жими бога! – си мислеше во себеси Келер. – Хм, шампањско! Впрочем, интересна вест. Дванаесет шишиња, една дузина; арно доста сериозен гарнизон. А можам да се обложам дека Лебедев го добил тоа шампањско од некого како залог. Хм, впрочем, доста е драг, овој кнез; јас, навистина, ги сакам таквите;

впрочем, не би требало да се губи време и . . . ако е во прашање шампањско, тогаш токму е време за него" . . .

Дека кнезот беше во треска, тоа, се разбира, беше точно.

Тој долго се талкаше по мрачниот парк и, најодзади, „се свести" како шета по една алеа. Во неговата свест беше споменот дека тој веќе имаше минато низ таа алеа, почнувајќи од клупата до едно дрво, високо и бележито, сè на сè околу сто чекори, едно триесет или четириесетпати напред и назад. Да се сети за она што го размислувал најмалку еден час во паркот, тој никако не би можел, дури и кога би посакал. Тој се улови себеси, впрочем, на една мисла, од која, наеднаш, се засркна од смеа; иако немаше на што да се смее, тој сепак сакаше да се смее. Тој си претстави дека претпоставката за двобојот не се зародила само во главата на Келер и дека, според тоа, приказната за тоа како се полнат пиштолите, можела и да не биде случајна . . . „Аха! – запре тој ненадејно, обземен со друга идеја, – таа прегеска слезе на терасата додека јас седев во катот и страшно се почуди што ме најде таму и, – толку се смееше . . . го спомна чајот; а во тоа време веќе го имаше ливчето в раце, значи, таа сигурно знаеше дека јас седам на терасата, зошто тогаш се чудеше? Ха-ха-ха!"

Тој го извлече ливчето од џеб и го бакна, но веднаш запре и се замисли.

– Колку е чудно! Колку е чудно! – проговори тој по еден миг дури со извесна тага: во миговите на силното чувствување на радост секогаш се растажуваше, и самиот не знаеше зошто. Тој внимателно се обѕрна наоколу и се почуди што навлезе ваму. Тој многу се измори, ѝ се доближи на клупата и седна на неа. Наоколу беше необична тишина. Музиката веќе заврши на станицата. Во паркот веќе, можеби, немаше никој; се разбира, не беше помалку од единаесет и пол часот. Ноќта беше тивка, топла, светла, – петербуршка ноќ во почетокот на јуни месец, но во густиот, сенчест парк, во алејата, каде што се наоѓаше тој, беше речиси сосема мрачно.

Да му речеше некој во тој миг дека тој се вљубил, дека е вљубен со страсна љубов, тој со чудење ќе ја отфрлеше таа мисла и, можеби, дури и со негодување. И да додадеше некој кон тоа дека писмото на Аглаја е љубовно, закажување на љубовен состанок, тој ќе умреше од срам поради тој човек и можеби, ќе го предизвикаше на двобој. Сето тоа беше наполно искрено и тој наеднаш не се посомнева и не дозволи ниедна „задна" мисла за можноста за љубов кон него кај оваа девојка, или дури за можноста за своја љубов кон таа девојка. Можноста да го љуби него, „еден таков човек како него", тој би ја сфатил како чудовишна работа. Нему му се привидуваше тоа како едноставна шега од нејзина страна, ако тука навистина имало нешто; но тој некако беше многу рамнодушен кон тоа ако е тоа всушност шега, и сметаше дека таа е сосема наместо; самиот пак беше зафатен и загрижен со нешто сосема друго. На зборовите, кои му се измолкнаа пререскa на возбудениот генерал во однос на тоа дека таа им се смеела на сите, а на него, на кнезот, особено, тој им поверува наполно. Ни најмала навреда тој не почувствува притоа; според него, така и требало да биде. Сѐ се состои главно во тоа што тој утре пак ќе ја види неа, рано изутрина, ќе седи крај неа на зелената клупа, ќе слуша како се полни пиштол и ќе ја гледа. Повеќе и ништо не му требаше. Прашањето за тоа – што чекала таа да му каже и која е таа важна работа што се однесува директно на него? – исто така еднаш или двапати болсна во неговата глава. Покрај тоа, во вистинското постоење на таа „важна работа", заради која беше повикан, тој не се посомнева ниту за миг, но сега речиси воопшто не мислеше за таа важна работа, дотолку, што дури не чувствуваше ниту најмала побуда да мисли на неа.

Чкрипењето на тивки чекори по песокот на алејата го присили да ја крене главата. Човек, чие лице беше тешко да се распознае во темнината, се приближи до клупата и седна крај него. Кнезот брзо му се приближи, речиси до самоти него и го позна бледото лице на Рогожин.

– Така и мислев дека се талкаш некаде тука и за кратко те најдов, – промрмори низ заби Рогожин.

За првпат се сретнаа тие по нивната средба во коридорот на хотелот. Поразен од ненадејното појавување на Рогожин, кнезот извесно време не можеше да си ги присобере мислите и мачно чувство му воскресна во срцето. Рогожин, очевидно, го сфаќаше впечатокот кој го оставаше, но макар што беше збунет во почетокот, и зборуваше небаре со изглед на некоја подготвена слобода, на кнезот брзо му се стори дека кај него нема ништо однапред подготвено и дури никаква особена збунетост: ако и имаше некаква несмасност во неговите гестови и во разговорот, тоа тогаш беше само надворешно; во душата овој човек не можеше да се измени.

– Како . . . ме најде овде? – праша кнезот колку да каже нешто.

– Разбрав од Келер (јас наминав кај тебе), „отишол во паркот"; е, си мислам, така и требаше да биде.

– Што ти значи тоа „да биде"? – вознемирено се фати кнезот за промолкнатиот збор.

Рогожин се насмевна, но му објасни.

– Го видов твоето писмо. Лав Николаевич; сето тоа ти е залудно . . . што ти требаше тоа! . . . А сега ти носам вести од н е а: ти порачува неопходно да дојдеш: имала нешто да ти каже. Те молеше уште денеска.

– Ќе дојдам утре. Сега одам дома; ти . . . ќе дојдеш кај мене?

– Што барам? Јас ти кажав сѐ што имав; збогум.

– Зар нема да наминеш? – тивко праша кнезот.

– Чуден човек си ти, Лав Николаевич, човек мора да ти се чуди.

Рогожин зајадливо се насмевна.

– Зошто? Поради што си ми сега толку лут? – натажено и пламено продолжи кнезот. – Та ти и самиот знаеш дека сега сѐ она што си го мислел не било вистина. А јас, впрочем, така и мислев дека твојата лутина на мене не ти има минато, и знаеш ли зошто? Затоа што ти посегна по мене, затоа и лутината не ти

минува. Ти велам дека јас го помнам само оној Парфјон Рогожин, со кого јас со крстовите тој ден се збратимив; ти го напишав јас тоа и во вчерашното писмо, за да заборавиш и да мислиш за сиот тој кошмар и да не почнуваш да зборуваш со мене за тоа. Зошто ме одбегнуваш мене? Зошто ја криеш раката од мене? Ти велам дека сето тоа што било тогаш го сметам само како еден ко̀шмар: јас сега наизуст те знам во̀ целиот тогашен ден, како и самиот себе. Она што си го вообразил ти, не постоеше и не можеше да постои. Зошто пак да постои нашата лутина?

– Каква омраза можеш да имаш ти! – се насмеа пак Рогожин во одговор на врелиот ненадеен говор на кнезот. Тој навистина стоеше понастрана од него, повлечен за два-три чекори и криејќи си ги рацете.

– Сега повеќе никако не ќе доаѓам кај тебе, Лав Николаевич – бавно и сентенциозно додаде тој како заклучок.

– Толку ли ме мразиш, а?

– Јас не те љубам. Лав Николаевич, тогаш зошто да дојдам кај тебе? Ех, кнезу, ти небаре си мало дете, штом ќе посакаш играчка – извади ја и стави ја, а сериозна работа не разбираш. Сето она што го напиша во писмото и сега го кажуваш, но зар јас не ти верувам? Му верувам на секој твој збор и знам дека ти никогаш не си ме лажел и дека никогаш не ќе ме излажеш; а јас сепак не те сакам тебе. Ти, ете, пишуваш дека сѐ си заборавил и дека го паметиш само оној Рогожин што ти е брат по крстот, а не оној Рогожин што го кренал ножот врз тебе. А од каде пак ти ги знаеш моите чувства? (Рогожин пак се насмевна.) Та јас, може, ниеднаш оттогаш не сум се покајал поради тоа, а ти веќе ми ја праќаш својата братска прошка. Истата таа вечер, може, јас сум размислувал веќе за нешто сосема друго, а за тоа . . .

– Си заборавил и да помислиш! – му се приклучи кнезот, – тоа е сигурно! Можам да се обложам дека ти тогаш си се качил право на воз и си дошол ваму во Павловск да слушаш музика, и во толпата, токму како и денес, си ја следел и демнел. Мислиш ме стаписа! Та да не беше ти тогаш во таква положба, да

бидеш способен да мислиш само на едно, можеби и ножот не ќе го кренеше врз мене. Тогаш јас уште од изутрината го претчувствував тоа гледајќи те тебе; знаеш ли каков беше тогаш? Кога ги менувавме крстовите, тогаш, можеби, и се зароди во мене таа мисла. Зошто ме водеше тогаш кај старицата? Си мислел својата рака со тоа да ја задржиш? Но, невозможно е да си го помислил тоа, туку само така си го почувствувал, како мене . . . Ние тогаш во исто време почувствувавме. Да ја кренеше тогаш ти раката врз мене (која господ ја скршна), каков ќе изгледав јас сега пред тебе? Зашто јас и така те насетував во тоа, нашиот грев е заеднички, во исто време! (Но не мурти се! И зошто се смееш?) „Не си се каел“! Та и да си посакал, можеби не би можел да се покаеш, зашто ти одозгора и не ме сакаш. И да бидам јас како ангел невин пред тебе, ти сепак не ќе можеш да ме трпиш, сè додека мислиш дека таа не те љуби тебе, туку мене. Тоа, се чини, е и љубомора. Само, еве, што смислив јас неделава, Парфјон, ќе ти го кажам тоа: знаеш ли ти дека таа сега, можеби, те љуби тебе најмногу од сите и тоа дури толку, што колку повеќе те измачува, толку повеќе и те љуби. Таа не ќе ти го каже тоа, но треба да се умее да се види. Та зошто таа, најодзади, се мажи за тебе? Некогаш ќе ти го каже тоа тебе лично. Понекои жени дури и сакаат вака да бидат љубени, а таа има токму таков карактер! А твојот карактер и твојата љубов треба да ја совладаат неа! Знаеш ли дека жената е способна да го измачи човек со жестокости и подбивања и ниту еднаш не ќе почувствува гризење на совеста, зашто во себеси непрестајно ќе си мисли гледајќи те тебе: „Ете сега ќе го измачам до смрт, а потоа ќе му го надоместам тоа со својата љубов . . .“

Рогожин се раскикоти откако го ислуша кнезот.

– А што викаш, кнезу, и самиот да не си наишол на таква? Јас имам чуено понешто за тебе, ако е тоа вистина?

– Што, што си можел да чуеш? – протрепери наеднаш кнезот и запре необично збунет.

– Не само што имам чуено, туку и самиот сега

гледам дека е вистина, – додаде овој, ете, кога си зборувал вака, како сега? Зашто ваквиот разговор небаре не го водиш ти? Да немав чуено такво нешто за тебе, јас и не ќе дојдев ваму; и уште в парк на полноќ.

– Јас воопшто не те разбирам тебе, Парфјон Семјонич.

– Таа уште одамна ми објаснуваше за тебе, а сега, пред малку, јас и самиот согледав, кога седеше ти на концертот со онаа. Ми се колнеше, вчера и денес ми се колнеше дека си ти како мачор вљубен во Аглаја Епанчина. Мене ми е тоа, кнезу, сеедно, и не е моја работа: ти иако си престанал да ја љубиш, таа сè уште те љуби тебе. Та ти знаеш дека таа бездруго сака да те венча со онаа, даде збор за тоа, ха-ха! Ми вели мене: „Без тоа не се мажам со тебе, тие в црква, и ние в црква". Што се крие тука, јас не можам да разберам и никогаш не можев да разберам: или безгранично те сака, или . . . ако те сака, како тогаш сака да те венча со друга? Вели: „сакам да го видам среќен", според тоа, значи, те љуби.

– Јас ти зборував и ти пишував дека таа . . . не си е со умот, – рече кнезот, измачувајќи се додека го ислуша Рогожин.

– Господ да знае! Ти, можеби, и грешиш . . . таа, впрочем, денес ми го кажа и денот, штом ја доведов од концерт: по три недели, а можеби и порано, сигурно, вели, ќе појдеме в црква; се заколна, ја симна иконата и ја бакна. Сега си, изгледа, ти на ред, кнезу, хе-хе!

– Сето тоа е бладање! Тоа што го велиш за мене не ќе биде никогаш, никогаш! Утре јас ќе дојдам кај вас . . .

– И колку улава е таа; – забележа Рогожин, – како може таа за сите други да си биде умна, а само за тебе улава? Да е улава, тогаш и таму ќе ја забележеа од писмата.

– Какви писма? – праша кнезот исплашено.

– Таму и пишува, на о н а а, а таа ги чита. Зар не знаеш? Тогаш ќе дознаеш; сигурно и самата ќе ти ги покаже.

– Во тоа не можам да верувам! – викна кнезот.

– Ех! Ти, Лав Николаевич, се гледа дека малку имаш изминато од таа врвица, колку што гледам, туку само почнуваш. Почекај малку, ќе држиш своја сопствена полиција, самиот ден и ноќ ќе дежураш и секој чекор тогаш ќе го знаеш, само ако . . .

– Престани и не зборувај ми за тоа никогаш! – викна кнезот. Слуашј, Парфјон, јас, еве, сега, пред да дојдеш ти, шетав тука и наеднаш почнав да се смеам, не знам на што, но причината беше таа што јас се сетив дека утрешниот ден – мојот роденден, како намерно да се совпаѓа. Сега е скоро дванаесет часот. Дојди да го пречекаме денот! Имам вино, ќе се напиеме вино, посакај ми го она што јас и самиот сега не знам да си го пожелам, и посакај ми го токму ти, а јас ќе ти посакам совршена среќа. Инаку, дај ми го назад крстот! Зошто не ми го прати крстот следниот ден? Зашто го носиш! Го носиш и сега?

– Го носам, – проговори Рогожин.

– Тогаш, ајде. Јас без тебе не сакам да го пречекам мојот нов живот, зашто мојот нов живот веќе почна! Ти не знаеш Парфјон, дека мојот нов живот денес почна?

– Сега и самиот гледам и самиот знам дека ти почна; така и нејзе ќе ѝ пренесам. Ти си избезумен од радост, Лав Николаевич!

IV

Со необична вчудовиденост, приближувајќи се со Рогожин кон својот летниковец, кнезот забележа дека на неговата тераса, силно осветлена, се беше собрало весело и многубројно друштво. Веселото друштво се кикотеше, креваше врева; се чини, дури и спореше до викотници; уште од прв поглед можеше да се забележи највесело поминување на време. И навистина, кога се качи на терасата тој виде дека сите пиеја, и тоа шампањско, и, се чини, веќе доста одамна, така што многумина од учесниците на гозбата стасаа веќе да навлезат во многу пријатно расположение. Гостите беа сите познајници на кнезот, но чудно беше тоа што

тие сите се собрале наеднаш, небаре биле повикани, макар што кнезот не канеше никого, а за роденденот тој и самиот си спомна дури сега и тоа случајно.

– Се знае кому си му рекол дека ќе извадиш шампањско, и, ете тие се собраа, – промрмори Рогожин качувајќи се на терасата по кнезот, – позната ни е таа точка; ним само да им свирнеш . . . – додаде тој речиси со лутина, сеќавајќи се, се разбира, за своето неодамнешно минато.

Сите го пречекаа кнезот со викотници и желби и го опкружија. Некои веќе креваа голема врева, другите беа потивки, но сите итаа да му честитаат, кога слушнаа за роденденот и секој го чекаше својот ред. Присутноста на извесни лица го заинтересира кнезот, на пример, на Бурдовски; но најчудно од сè беше тоа што среде ова друштво се најде наеднаш и Евгениј Павлович; кнезот речиси не сакаше да верува и малку требаше да се исплаши кога го виде него.

За тоа време Лебедев, вцрвенет и речиси воодушевен, притрча да му се оправда; тој беше веќе скоро г о т о в. Од неговото дрдорење се покажа дека сите се беа собрале сосема природно и дури случајно. Пред сите, приквечер стасал Иполит и, чувствувајќи се многу подобро, посакал да го почека кнезот на терасата. Тој се сместил на диванот; потоа дошол Лебедев да му прави друштво, потоа целото негово семејство, то ест, генералот Иволгин и неговите ќерки. Бурдовски стигнал со Иполит, придружувајќи го. Гања и Птицин, наминале, се чини, неодамна, минувајќи патем (нивното појавување се совпаднало со настанот на железничката станица); потоа се појавил Келер, известил за роденденот и побарал шампањско. Евгениј Павлович наминал само пред половина час. Да се пие шампањско и да се направи вистински празник со сите сили настојувал и Коља. Лебедев со готовност послужил вино.

– Но од своето, од своето! – пелтечеше тој обрнувајќи му се на кнезот, – на сопствен трошок, за да прославиме и да честитаме, ќе има и честење, закуска, и за тоа се грижи ќерката; но, кнезу, само кога би знаеле која тема е на ред. Се сеќавате за Хамлет:

„Да се биде или да не се биде?“ Современа тема, е, современа! Прашања и одговори . . . И господинот Терентјев е во голема мера . . . не сака да спие! А од шампањското тој само една голтка, една голтка, не ќе му штети . . . Приближете ни се кнезу и решете! Сите вас ве чекаа, сите само и го чекаа вашиот среќен ум .

Кнезот го забележа милостивиот, нежен поглед на Вера Лебедева, која, исто така, иташе да се пробие кај него низ толпата. Заобиколувајќи ги сите, тој ѝ ја подаде раката прво нејзе; таа се вцрви од задоволство и му посака „среќен живот од самиот тој ден“. Потоа прекутрупа отрча в кујна; таму таа приготвуваше закуска; но и до доаѓањето на кнезот, – само за миг можела да се оттргне од работата, – се појавувала на терасата и со сите сили се вслушувала во врелите расправии за најапстрактни и најчудни за неа работи, кои не стивнувале меѓу поднапиените гости. Нејзината помала сестра, зинувајќи со устата, заспа во најблиската соба, на сандак, но момчето, синот на Лебедев, стоеше крај Коља и Иполит и доста беше неговото одушевено лице та да се види дека тој е готов да остане тука простум на едно место, насладувајќи се и слушајќи макар и десет часови со ред.

– Јас специјално ве чекав и необично се радувам дека вие дојдовте толку среќен, – проговори Иполит, кога кнезот, веднаш по Вера, му пријде да му ја стегне раката.

– А откаде знаете дека сум јас „толку среќен“?

– По лицето ви се гледа. Поздравете се со господата и седнете тука крај нас побрзо. Јас специјално ве чекав, – додаде тој значајно истакнувајќи го тоа дека тој го чекал. На забелешката на кнезот: „да не му е штетно толку доцна да седи?“ – тој одговори дека и самиот се чуди како пред три дни сакал да умре и дека никогаш не се чувствувал подобро одошто таа вечер.

Бурдовски скокна од местото и промрмори дека тој само „онака. . .“, дека бил со Иполит, „го придружувал“, и дека и нему му било мило; дека во писмото тој „напишал бесмислици“, а дека сега „просто му

било мило . . .“ Не доврштувајќи, тој силно ја стисна раката на кнезот и седна на столот.

Откако се поздрави со сите, кнезот му пријде и на Евгениј Павлович. Тој веднаш го фати подрака.

– Јас морам да ви кажам само два збора, – прошепоти тој полугласно, – и тоа поради необично важна околност; да се оддалечиме за миг.

– Два збора, – прошепоти друг глас на другото уво на кнезот и друга рака го фати подрака од другата страна. Кнезот вчудовидено ја забележа разбушавената, вцрвенета појава која намигнуваше и се смееше, и во која истиот миг тој го препозна Фердишченко, кој се појави којзнае од каде.

– Го паметите ли Фердишченко? – праша овој.

– Од каде сте се појавиле? – викна кнезот.

– Тој се покајува! – викна Келер кој им притрча, – тој се беше скрил, не сакаше да излегува пред вас, тој се скри таму во аголот, тој се покајува, кнезу, тој се чувствува виновен.

– Но во што е виновен, во што?

– Тоа јас го сретнав, кнезу, јас го сретнав сега и го доведов; тој е еден од моите ретки пријатели; но тој се покајува.

– Многу ми е мило, господа; одете, седнете кај сите, јас сега ќе дојдам, – се откачи најодзади кнезот итајќи кај Евгениј Павлович.

– Овде кај вас е интересно, – забележа овој, – и јас со задоволство ве чекав половина час. Ете што, најљубезен Лав Николаевич, јас средив сѐ со Курмишев и наминав да ве успокојам; немате зошто да се вознемирувате, тој многу, многу разумно ја сфати работата, дотолку повеќе што, според мене, поскоро самиот си е виновен.

– А со кој Курмишев?

– Та со оној, кој прећеска го фативте за раце . .. Тој беше толку разлутен, што сакаше уште утре да ви прати секундант.

– Што велите, каква глупост!

– Се разбира дека е глупост и веројатно со глупост и ќе завршеше; но кај нас тие луѓе . . .

– Вие, Евгениј Павлович, можеби дојдовте уште за нешто?

– О, се разбира, уште за нешто, – се насмеа овој. – Јас, миличок кнезу, утре уште в зори заминувам поради онаа несреќна работа (она, со чичко ми) во Петербург; претставете си: сè е тоа вистина и сите веќе знаат, освен мене. Мене тоа така ме стаписа, што јас и не стасав да наминам т а м у (кај Епанчини); и утре не ќе можам, зашто ќе бидам во Петербург, ме разбирате? Не ќе дојдам тука можеби три-четири денови – со еден збор моите работи почнаа да куцаат. Макар што работата бескрајно е важна, но јас помислив дека треба најотворено да ви објаснам извесни работи и тоа не губејќи време, то ест, пред да заминам. Јас сега ќе поседам и ќе почекам, ако дозволите, додека се растури друштвото; притоа јас и немам каде да одам: толку сум возбуден, што не ќе легнам ни да спијам. Најодзади, макар што е несовесно и непристојно вака директно да му се натрапувам на човека, но јас ќе ви кажам: дојдов да го барам вашето пријателство, мил кнезу; вие сте најпрекрасен човек, то ест, човек што не лаже на секој чекор, а можеби, и сосема не лаже, а мене за една работа ми е потребен пријател и советодавец, зашто јас сега сосема му припаѓам на бројот на несреќните . . .

Тој пак се насмеа.

– Ете, во што е неволјата, – се замисли кнезот за миг, – вие сакате да почекате додека тие се растурат, а господ ги знае кога ќе биде тоа. Не ќе биде ли подобро сега да слеземе во паркот; тие навистина ќе почекаат; јас ќе се извинам.

– Не-не, имам свои причини да не предизвикам сомнение во некој наш специјален разговор со определена цел; тука има луѓе многу заинтересирани за нашите односи, – вие не го знаете тоа, кнезу? И многу поубаво ќе биде да видат дека сме ние и онака во најпријателски, а не во некои специјални односи, – ме разбирате? Тие ќе се растурат по два-три часа; а јас ќе ви одземам околу дваесет минути, нека биде и – половина час . . .

– Ох, вие само повелете; мене ми е мило и без објаснувања; а за вашиот добар збор за пријателските односи многу сум ви благодарен. Извинете ме што сум

денес расеан; знаете ли, никако не можам да бидам внимателен во такви моменти.

– Гледам, гледам, – промрмори Евгениј Павлович со лесна насмевка. Тој беше многу расположен за смеа оваа вечер.

– Што гледате? – се сепна кнезот.

– А вие и не се сомневате, мил кнезу, – продолжуваше да се насмевнува Евгениј Павлович, не одговарајќи на директното прашање, – вие и не насетувате дека јас сум дошол едноставно да ве направам магаре и патем да дознам од вас нешто?

– Дека сте дошле да дознаете нешто, во тоа и нема сомневање, – се насмеа најодзади и кнезот, – и дури, можеби, сте решиле и да ме измамите малку. Но што од тоа, јас не се плашам од вас; одозгора пак мене ми е сега некако сеедно, дали ќе ми поверувате? И . . . и . . . и бидејќи јас сум пред сѐ убеден дека вие сте сепак прекрасен човек, може ние и навистина да завршиме со тоа што пријателски ќе се зближиме. Вие мене многу ми се допаднавте, Евгениј Павлович, вие сте . . . многу, многу чесен човек, според мене!

– Е, со вас е навистина многу пријатно да се има работа, дури и каква и да било работа, – заклучи Евгениј Павлович, – да појдеме, за ваше здравје јас ќе испијам една чаша; јас сум многу задоволен што ви се прилепив. А! – запре тој наеднаш, – оној господин Ипполит дојде да живее кај вас?

– Да.

– Но тој нема да умре сега, се надевам?

– А зошто?

– Ништо, онака; јас половина час тука поминав со него . . .

Иполит целото ова време го чекаше кнезот и непрестајно вперуваше погледи во него и во Евгениј Павлович, додека тие разговараа настрана. Тој трескавично живна кога тие ѝ се приближија на масата. Тој беше вознемирен и возбуден; потта му избиваше на чело. Неговите светли очи изразуваа, покрај некаква непрестајна вознемиреност што луташе, и некаква неопределена нестрпливост; неговиот поглед бесцелно преминуваше од предмет на предмет, од едно лице на

друго. И покрај тоа што во заедничкиот бучен разговор тој земаше досега големо учество, неговото одушевување беше само трескавично; всушност, тој не го следеше внимателно разговорот; неговото расправање беше неповрзано, подбивно и лежерно парадоксално; тој не се доискажуваше и го напушташе она, за кое пред еден миг самиот почнуваше разговор со најголема пламеност. Кнезот вчудовиден и со сожалување дозна дека таа вечер му дозволиле слободно да испие полни две чаши шампањско и дека почнатата чаша што стоела пред него била веќе трета. Но тој го дозна тоа дури подоцна; во овој миг тој не беше способен многу да забележува.

– А знаете ли дека јас ужасно му се радувам на тоа дека токму денес е вашиот роденден! – викна Иполит.

– Зошто?

– Ќе видите; побрзо седнете; пред сè, веќе затоа што се насобра сиот овој ваш . . . народ. Јас и сметав со тоа дека ќе има народ; за првпат во животот ми успева сметката! А жал ми е што не знаев дека ви е роденден зашто ќе дојдев со подарок . . . Ха-ха! А можеби, јас и дојдов со подарок! Има ли уште многу до изгрејсонце?

– До изгрејсонце не останаа уште ни два часа, – забележа Птицин погледнувајќи на часовникот.

– А и зошто ни е сега сонцето, кога и без него може да се чита? – забележа некој.

– Затоа што мене ми е потребно да видам делче од сонце. Може ли да се пие за здравјето на сонцето, кнезу, како мислите вие?

Иполит прашуваше остро, обрнувајќи им се на сите директно, небаре командуваше, но, се чини, самиот не го забележуваше тоа.

– Може и да се напиеме; само вие би требало да се смирите, а, Иполит?

– Вие сè за спиењето; вие сте, кнезу, моја негувателка! Штотуку ќе се појави сонцето и ќе „ѕвони“ на небото (кој го рече тоа во песна: „на небото сонце ѕвони“? Бесмислено е но убаво!) – ние веднаш на спиење. Лебедев! Та нели сонцето е извор на живот?

Што значат „изворите на животот“ во Апокалипсисот? Сте чуле ли, кнезу, за „Пелин-ѕвездата“?

– Јас имам чуено дека Лебедев таа „Пелин-ѕвезда“ ја толкува како железничка мрежа раширена низ Европа.

– Не, дозволете господине, така не смее, господине! – викна Лебедев скокнувајќи и мавтајќи со рацете, небаре сакаше да ја запре општата смеа што се креваше, – дозволете, господине! Со овие господа . . . сите овие господа, – му се сврти тој наеднаш на кнезот, – зашто тоа е, во извесни точки, ете, што господине . . . – и тој не стеснувајќи се чукна двапати по масата, од што смеата уште повеќе се засили.

Лебедев, макар и да беше во својата вообичаена „вечерна“ состојба, овојпат веќе беше премногу возбуден и раздразнет од претходната долготрајна „научна“ расправија, а во таквите случаи тој со своите опоненти се однесуваше со бескраен и во најголем степен искрен презир.

– Тоа не е така, господа! Ние, кнезу, пред половина час донесовме одлука да не се прекинуваме; да се кикотиме додека некој говори, да му се даде слободно да изрази сè, а потоа веќе можат и атеистите, ако сакаат, да се спротивстават; ние го именувавме генералот за претседател, ете, така. Инаку, што е ова? Вака секој може да се збуни, кога е на висока идеја, господа, на длабока идеја . . .

– Та зборувајте, зборувајте: никој не ве збунува! – се слушнаа гласови.

– Зборувајте, само не заборавајте се.

– Каква е таа „Пелин-ѕвезда“? – праша некој.

– Немам поим! – одговори генералот Иволгин, заземајќи го со важен изглед своето неодамнешно место на претседател.

– Необично ги сакам сите тие расправии и раздразнувања, кнезу, се разбира, научни, – промрмори, меѓутоа, Келер, вистински занесен, вртејќи се на столот од нестрпливост, – научни и политички, – му се обрна тој наеднаш на Евгениј Павлович, кој седеше речиси до него. – Знаете ли, јас многу сакам да читам во весници за англиските парламенти, то ест, не во

таа смисла што расправаат тие таму, (знаете, јас не сум политичар), туку во онаа, како се разбираат меѓу себе, како се држат, така да речам, како политичари: „благородниот виконт, кој седи наспроти мене", „благородниот гроф, кој ја споделува мојата мисла" „мојот благороден опонент, кој ја почуди Европа со својот предлог", то ест сите овие израсчиња, сиот тој парламентаризам на еден слободен народ – ете што му е привлечно на нашиот човек. Мене тоа ме пленува, кнезу. Јас отсекогаш сум бил актер во длабочината на душата, ви се колнам, Евгениј Павлович.

– И по ова значи, – паѓаше во оган во еден друг кат Гања, – излегува, според вас, дека железниците се проклети, дека тие значат пропаст за човештвото, дека тие се рак-рана падната на земјата за да ги замати „изворите на животот"?

Гаврило Ардалионович беше во особено возбудено настроение оваа вечер, и тоа во весело настроение, речиси празнично, како што му се стори на кнезот. Со Лебедев, се разбира, тој се шегуваше, потпалувајќи го, но наскоро и самиот се запали.

– Не железниците, не! – му се спротивставаше Лебедев истовремено излегувајќи од себеси и чувствувајќи неизмерно задоволство, – сакам да кажам, дека железниците сами не можат да ги заматат изворите на животот, туку сето тоа во целина е проклето, господа, целата таа насоченост на нашите последни векови, во нејзината општа целина, научна и практична, можеби, навистина е проклета, господа.

– Сигурно е проклето или само е можеби? Зашто тоа е важно во случајов, – се распраша Евгениј Павлович.

– Проклето е, проклето, сигурно е проклето! – страсно потврди Лебедев.

– Не итајте, Лебедев, вие во изутрините сте многу подобродушни, – забележа Птицин, насмевнувајќи се.

– А затоа, пак, навечер сум поискрен! Навечер сум поискрен и поинтимен! – пламено му се обрна Лебедев, – попростодушен сум и поопределен, почесен сум и подостоинствен, и макар што со тоа ви ја отворам својата слаба страна, не ми е грижа, господа; јас

сега ве предизвикувам сите, сите атеисти: со што вие ќе го спасите светот и во што сте го пронашле неговиот нормален пат, – вие, луѓето на науката, на индустријата, на компаниите, на платата и другото? Со што? Со кредитот? Што е тоа кредит? Каде ќе ве доведе кредитот?

– Што сè сакате да знаете! – забележа Евгениј Павлович.

– А јас мислам господа, дека кој не се интересира за такви прашања, тој е белосветски никаквец!

– Ако ништо друго, кредитот ќе доведе макар до општа солидарност и рамнотежа, – забележа Птицин.

– И само до тоа, и само до тоа! Не добивајќи никаква морална основа, освен задоволувањето на личниот егоизам и материјалната неопходност? Општ мир и општа среќа – од неопходноста! Правилно ли, ако смеам да ве прашам, ве разбирам, милостив мој господине?

– Но општа неопходност е да се живее, да се пие и јаде, а најсигурно, научно, најодзади, убедување е во тоа дека вие не ќе можете да ја задоволите таа неопходност без општо здружување и солидарност на интересите, тоа е, се чини, доста силна мисла за да може да послужи како основа и „извор на животот" за идните векови на човештвото, – забележа Гања, веќе сериозно паднат во оган.

– Неопходноста да се пие и јаде само е чувство на самоодржувањето . . .

– Та зар е малку самото чувство на самоодржување? Зашто чувството на самоодржувањето е природен закон на човештвото . . .

– Кој ви го рекол тоа? – викна наеднаш Евгениј Павлович, – дека е закон, тоа е вистина, но исто толку е природен како и законот за деструктивноста, а може да се рече и на самоуништувањето. Зар само во самоодржувањето се состои сиот природен закон на човештвото?

– Охо! – викна Ипполит, свртувајќи се брзо кон Евгениј Павлович и разгледувајќи го со чуден интерес; но кога виде дека тој се смее, се насмеа и самиот, го потурна Коља кој стоеше крај него и уште еднаш

го праша колку е часот, дури и самиот го привлече кон себеси сребрениот часовник на Коља и жедно погледна во стрелките. Потоа, небаре се заборавил, тој се истегна на диванот, ги стави рацете зад главата и почна да гледа во таванот; по половина минута тој веќе пак седеше на масата, исправен и заслушан во дрдорењето на Лебедев, кој беше паднат во огон до последни граници.

– Мислава е интригантска и подбивна, боцкава мисла! – жедно го прифати Лебедев парадоксот на Евгениј Павлович, – тоа е мисла искажана со цел да ги наведе на судар противниците, – но тоа е точна мисла! Зашто вие, светски обесеник и кавалерист (макар и не без способности!), и самиот не знаете до кој степен е вашата мисла една длабока мисла, една точна мисла! Да, господине! Законот за самоуништувањето и законот за самоодржувањето се еднакво силни во човештвото! Ѓаволот исто владее со човештвото до граница на времињата која нам уште не ни е позната. Вие се смеете? Вие не верувате во ѓаволот? Неверувањето во ѓаволот е француска идеја, тоа е лесна идеја. А знаете ли вие, кој е ѓаволот? Знаете ли како се вика тој? И не знаејќи му го дури ни името, вие му се смеете на неговиот облик, по примерот на Волтер, на неговите копита, на опашката и на неговите рогови, кои токму вие сте ги измислиле; зашто нечистиот дух е голем и страшен дух, а не со копита и рогови, кои вие сте му ги измислиле. Но не е во него сега работата! . . .

– Од каде знаете дека не е во него сега работата? – викна наеднаш Иполит и се раскикоти како да доби напад.

– Тоа е умешна мисла што буди асоцијации! – ја изрази својата пофалба Лебедев, – но сепак работата не е во тоа, а нашето прашање е во тоа дали не ослабиле „изворите на животот" со засилувањето . . .

– На железниците? – викна Коља.

– Не на железните линии на сообраќајот, младо, но борбено момче, туку на целата таа насоченост на која железниците можат да ѝ послужат, така да речам, сликовито, со уметнички израз. Итаат, татнат,

работат и брзаат за среќата, велат, на човештвото! „Премногу бучно и деловно станува во човештвото, малку е духовно спокојство“, – се жали еден повлечен мислител. „Нека, но татнежот на колите кои му донесуваат жито на гладното човештво, можеби, е подобар од духовното спокојство“, – победнички му одговара на овој еден друг мислител, кој секаде патува, и го напушта вообразено. Не им верувам јас, гнасниот Лебедев, на колите кои му донесуваат жито на човештвото! Зашто колите кои му донесуваат жито на целото човештво, без морална основа на постапката, ладнокрвно можат да исклучат од уживањето на она што го донесуваат еден значаен дел од човештвото, што веќе се има случено . . .

– Колите ли можат најладнокрвно да исклучат? – се вмеша некој.

– Што веќе се има случено, – потврди Лебедев, не удостојувајќи го прашањето со своето внимание, – веќе го имавме Малтус, пријателот на човештвото. Но пријател на човештвото со разнишани морални основи и човекојадец на човештвото, не зборувајќи за неговото честољубие; зашто, навредете го честољубието на некој од овие безбројни пријатели на човештвото, и тој веднаш ќе биде готов да го запали светот од сите четири страни од ситна одмазда, – впрочем, токму онака како и секој од нас, искрено речено, како и јас, најгнасниот од сите, зашто јас можеби и прв ќе донесам дрва, а самиот ќе си избегам подалеку. Но работата не е ни во тоа!

– Та во што е, најодзади, работата?

– Веќе си здодевен!

– Работата е во следната анегдота од минатите времиња, неопходно е да ви ја раскажам анегдотата од минатите времиња. Во наше време, во нашата татковина, која, се надевам, и вие ја сакате како јас што ја сакам, господа, зашто јас, од своја страна готов сум и крвта своја да си ја пролеам . . .

– Понатаму! Понатаму!

– Во нашата татковина, исто како и во Европа, општа, сеопфатна и ужасна глад го посетува човештвото, колку што може да се пресмета и колку што

можам да запомнам, сега не почесто од еднаш во четврт век, со други зборови, не почесто од еднаш на секои дваесет и пет години. Не би се обложил за точната бројка, но тоа е сосема ретко ако споредиме.

– Ако споредиме со што?

– Со дванаесеттиот век и вековите што му се нему блиски од едната и од другата страна. Зашто тогаш, како што пишуваат и тврдат писателите, општата глад го посетуваше човештвото еднаш на две години, или во крајна линија еднаш во три години, така што при таква положба на работите човекот прибегнувал дури и кон антропофагија; но, се разбира, го чувал тоа во тајност. Еден таков неранимајко, на стари години, самиот си изјавил, без каква било принуда, дека во текот на својот долг и беден живот усмртил и лично изел, и тоа во најголема тајност, шеесет калугери и неколку световни дечиња, – пет-шест души, не повеќе, то ест, необично малку во споредба со духовенството што го изел. Возрасните, пак, световни луѓе како што видовте, тој никогаш не ги гибал за таква цел.

– Та тоа е невозможно! – викна самиот претседател, генералот, речиси со навреден глас, – јас, господа, често водам разговори со него и се расправам, и сè за слични мисли; но најчесто, тој изнесува такви глупости, што дури и ушите не можат да издржат, во нив нема веродостојност ниту за грош!

– Генерале! Потсети се на опсадата на Карс, а вие, господа, имајте го тоа на ум, дека мојата анегдота е чиста вистина. Од своја страна, пак, ќе забележам дека секоја речиси вистина, иако има свои неминовни закони, речиси секогаш е неверојатна и неверодостојна. И дури колку е нешто повистинито, толку е поневеродостојно.

– Но зар е можно да се изедат шеесет калуѓери? – се смееја наоколу.

– Но тој не ги изел сите наеднаш, што е очигледно, туку, можеби, за петнаесет или дваесет години, што е веќе сосема разбирливо и сосема природно . . .

– И природно?

– И природно! – со педантна упорност се бранеше

Лебедев, – а и згора, католичкиот калуѓер е веќе по самата своја природа питом и љубопитен и тој многу лесно може да се привлече во шума или на некое скриено место и таму да се постапи со него онака како е речено погоре, – но јас сепак не оспорувам дека количеството на изедените лица е огромно и дури зборува за алчност.

– Тоа можеби е вистина, господа, – забележа наеднаш кнезот.

До тој миг тој молчејќи ги слушаше оние што се расправаа и не се вплеткуваше во разговорот; честопати искрено се смееше по заедничките експлозии на смеа. Се гледаше дека тој многу се радува на тоа дека толку е весело, толку е бучно; дури и на тоа дека тие толку многу пијат. Можеби, тој не ќе проговореше ниту збор целата вечер, но некако наеднаш му падна на ум да проговори. Но тој проговори необично сериозно, така што сите наеднаш се свртеа кон него со интерес.

– Јас, господа, всушност велам за тоа дека тогаш имало така често глад. Тоа и јас го имам чуено, макар што не ја познавам добро историјата. Но, се чини дека тоа е вистина. Кога се најдов во швајцарските планини, јас страшно им се чудев на урнатините на старите рицарски замоци, изградени на падините на планините, на стрмни карпи и на најмалку половина врста високо издигнати (тоа значи, неколку врсти ако се оди по врвици). Замокот пак се знае што е: тоа е цел рид камења. Да се направи, било ужасна работа, невозможна. И, се разбира, тоа го изградиле сè сиромашните луѓе, вазалите. Покрај тоа, тие морале да плаќаат и други даноци и да го издржуваат духовенството. Како тогаш можеле да се прехранат себеси и земјата да ја обработуваат? Та тие тогаш биле малку, изгледа страшно умирале од глад и, можеби, буквално немале што да јадат. Јас напати дури помислував: како тоа не секнал тогаш сосема тој народ и како не се случило нешто со него, како можел да издржи и да опстане? дали имало човекојадци и, можеби многу, во тоа Лебедев, несомнено, е во право; само ете јас не

знам зошто тој ги замеша тука токму калуѓерите и што сака да рече со тоа?

– Сигурно тоа дека во дванаесеттиот век само калуѓерите и биле за јадење, зашто само калуѓерите и можеле да бидат дебели, – забележа Гаврило Ардалионович.

– Прекрасна и многу точна мисла! – викна Лебедев, – зашто тој световните не ги ни гибнал. Ниеден световен на шеесет души духовенство, и тоа е страшна мисла, историска мисла, статистичка мисла, и најодзади, токму со таквите факти и ја пресоздава историјата, оној кој умее; зашто со математичка точност се изведува дека духовенството најмалку шеесетпати посреќно и послободно живеело, одошто целото тогашно останато човештво. И, можеби, и шеесетпати било подебело од целото останато човештво.

– Тоа е преувеличување, преувеличување, Лебедев! – се кикотеа наоколу.

– Се сложувам дека тоа е историска мисла, но кон што сакате да нѐ доведете? – продолжи кнезот. (Тој зборуваше толку сериозно и со таква отсутност на каква и да е шега и подбив со Лебедев, со кој сите се смееја, што неговиот тон, среде заедничкиот тон на целото друштво, и без да се сака, стануваше комичен: уште малку и ќе почнеа и нему да му се потсмеваат, но тој не го забележуваше тоа.)

– Зар не гледате, кнезу, дека тој е луд? – се наведна кон него Евгениј Павлович. – Мене преѓеска тука некој ми рече дека тој се споулавил на адвокатура и дека сакал и испит да полага од адвокатски говори. Јас очекувам убава пародија.

– Јас ве доведувам до огромен заклучок, – грмеше меѓутоа Лебедев. – Но да ја разгледаме пред сѐ психолошката и правната состојба на злосторникот. Ние гледаме дека злосторникот, или, така да го наречеме, мојот клиент, без оглед на целата невозможност да се најде друга храна, неколкупати, во тек на својата интересна кариера, покажува желба за покајување и го одбива од себе свештенството. Ние тоа јасно го согледуваме од фактите: се спомнува дека тој сепак изел пет или шест деца, бројката е релативно ништожна,

но затоа пак е значајна во друг однос. Се гледа дека измачуван од страшна грижа на совест (зашто мојот клиент е религиозен човек и има совест, што јас ќе го докажам) и за да го смали, по возможност, својот грев, тој, за обид, шестпати ја менувал калуѓерската храна за световна. Дека тоа е како обид, е пак несомнено; зашто да било како гурманска варијација, бројката шест би била премногу ништожна: зошто само шест души а не триесет? (Јас земам пола на пола.) Но ако тоа бил само обид, само од очајание поради неверништвото и навреда на црквата, тогаш бројката шест станува премногу разбирлива; зашто шест обиди за да се задоволи гризењето на совеста сосема се доволни, зашто обидите не можеле да бидат и задоволувачки. И, по мое мислење, детенцето премногу е мало, то ест не е крупно, така што за извесно време би било потребно световни дечиња двапати, трипати и петпати поголем број, одошто свештенството, така што и гревот и да се намалил од една страна, на крајот на краиштата ќе се зголемил од друга, не во квалитет, тогаш во квантитет. Расудувајќи вака, господа, јас, се разбира, проникнувам во срцето на злосторникот од дванаесеттиот век. Што се однесува пак до мене, човек од деветнаесеттиот век, јас, можеби, би просудил поинаку, што и ви давам на знаење, така што, немате зошто, господа, да ми ги покажувате забите, а вам, генерале, тоа веќе сосема не ви доликува. Како второ, детенцето е, по мое лично мислење, нехранливо, можеби премногу слатко и блуткаво, така што не задоволувајќи ги потребите, ги остава само гризењата на совеста. Сега заклучокот, финалето, господа, финалето, во кое се содржи одгатнувањето на едно од најголемите прашања на тогашното и на нашето време! Злосторникот завршува со тоа што оди и се обвинува себеси пред свештенството и се предава во рацете на власта. Ќе се прашаме какви маки го чекаа него според тогашните времиња, какви тркала, огнови, пламења! Та кој го навел да оди да се обвини себеси? Зошто едноставно да не запре на бројката шеесет сочувувајќи ја тајната до својот последен здив? Зошто, едноставно да не ги остави калуѓерите и не

живее како пустиник во покајание? Зошто, најодзади, да не се закалуѓери и самиот? Ете тука е и одгатнувањето! Значи имало нешто посилно од огновите и пламењата и дури и од дваесетгодишниот навик! Значи постоела идеја посилна од сите несреќи, суши, маки, чуми, лепра и целиот пекол, кој не би го ни поднело човештвото од тоа време без онаа сеопфатна идеја која го насочува срцето и ги оплодува изворите на животот! Покажете ми пак вие нешто слично на таа сила во нашиов век на пороци и железници . . . то ест, би требало да се каже во нашиов век на бродови и железници, но јас велам: во нашиот век на пороци и железници, зашто иако сум пијан, јас сум праведен! Покажете ми ја идејата која го сврзува денешното човештво да биде макар наполу силно, какво што беше во оние векови. И имајте храброст да го кажете и тоа, најодзади, дека не станале послаби, не се заматиле изворите на животот под оваа „ѕвезда“, под таа мрежа која ги сплеткува луѓето. И не ќе ме исплашите со вашата благосостојба, со вашите богатства, проретченоста на гладта и со брзината на комуникациите! Има повеќе богатство, но сила помалку; исчезна заедничката идеја која поврзуваше; сѐ омекна, сѐ се збајати и сите се збајатија! Сите, сите, сите ние сме се збајатиле! . . . Но доста е, и не е во тоа сега работата, туку таа е во тоа, може да видиме, почитуван кнезу, што се однесува до една закуска за гостите?

Лебедев, кој речиси ги доведе некои од слушателите до негодување (треба да забележиме дека шишињата целото време не престануваа да се отвораат), со нечеканиот заклучок на својот говор во однос на закуската за миг ги привлече на своја страна сите противници. Самиот тој го наречуваше ваквиот заклучок „умешно, адвокатско свртување на работите“. Весела смеа пак одекна, гостите живнаа; сите станаа од масата за да се протегнат малку и да прошетаат по терасата. Само Келер остана незадоволен со говорот на Лебедев и беше необично возбуден.

– Ја напаѓа просветата, го проповеда ѕверството на дванаесеттиот век, се криви и подбива, и сето тоа

дури без каква и да е невиност на срцето; а самиот пак тој како ја стекна куќата, дозволете ми да прашам? – зборуваше тој гласно запирајќи ги сите поединечно.

– Јас имам видено вистински толкувач на Апокалипсата, – зборуваше генералот во друг кат, на други слушачи и меѓу другите и на Птицин, кого го беше фатил за копче, – покојниот Григориј Семјонович Бурмистров: тој, може така да се рече, ги пронижуваше срцата. И, најпрво ставаше очила, ја отвораше големата древна книга во црни кожени корици и, се разбира, притоа, бела брада, две медали за пожртвуваност. Тој почнуваше немилосрдно и строго, му се поклонуваа генерали, а дамите паѓаа в несвест, а овој – завршува со закуска! На ништо не личи!

Птицин, кој го слушаше генералот, се насмевнуваше и небаре сакаше да си ја земе шапката но не се решаваше или постојано зборуваше за својата намера. Гања, уште пред моментот кога станаа од масата, наеднаш престана да пие и ја подистави својата чаша; нешто мрачно мина низ неговото лице. Кога се кренаа од масата, тој му пријде на Рогожин и седна крај него. Можеше да се помисли дека тие се во најпријателски односи. Рогожин, кој во почетокот исто така неколкупати се готвеше незабележано да замине, сега седеше неподвижно, со соборена глава и небаре заборавил дека сакал да си замине. За целата вечер тој не испи ни капка вино и беше многу замислен; одвреме навреме само го креваше погледот и се вгледуваше во секого поединечно. Сега пак можеше да се помисли дека тој тука нешто чека, нешто необично важно за него и дека решил за извесно време да не си заминува.

Кнезот испи само две или три чаши и беше само весел. Поткренувајќи се од масата тој го забележа погледот на Евгениј Павлович, се сети на разговорот што претстоеше меѓу нив и љубезно му се насмевна. Евгениј Павлович му кимна со главата и наеднаш му покажа кон Ипполит, кого внимателно го набљудуваше токму во тој миг. Ипполит спиеше истегнат на диванот.

– Кажете ми, кнезу, зошто ви се прикачи вам ова

момче? – му рече тој наеднаш со видлива јадосаност и дури со лутина, така што кнезот се почуди. – Би можел да се обложам дека тоа има нешто лошо на ум!

– Јас забележав, – рече кнезот, – во крајна линија, мене ми се стори дека тој денес премногу ве интересира, Евгениј Па̀влович; нели?

– И можете да додадете: дека во моите сопствени околности јас и самиот имам околу што да поразмислам, така што самиот си се чудам на себеси што целата вечер не можам да го одделам погледот од таа одвратна физиономија!

– Тој има убаво лице . . .

– Ене, ене, погледајте! – викна Евгениј Павлович, – тргнувајќи го кнезот за рака, – ене! . . .

Кнезот уште еднаш почудено го изгледа Евгениј Павлович.

V

Иполит, кој кон крајот на дисертацијата на Лебедев ненадејно заспа на диванот, сега наеднаш се разбуди, небаре некој го турнал в слабина, затрепери, се поткрена, погледа наоколу и пребледе; тој дури со некаков страв се обѕираше наоколу; но речиси ужас му се појави на лицето кога се присети на сѐ и кога сѐ разбра.

– Што, тие си заминуваат? Готово е? Сѐ е готово? Изгреа сонцето? – го прашуваше тој вознемирено кнезот, зграпчувајќи го за рака, – колку е часот? Живи бога: колку е часот? Јас се успав. Долго спиев? – додаде тој речиси о̀чајнички, небаре преспал нешто, од што, во крајна линија, зависела целата негова судбина.

– Вие спиевте седум или осум минути, – одговори Евгениј Павлович.

Иполит жедно го погледна и требаше да минат неколку мигови додека сфати.

– А . . . само толку! Значи, јас . . .

И тој длабоко и жедно воздивна, небаре се осло-

боди од необична тежина. Тој сфати, најодзади, дека ништо не е „готово", дека уште не се разденило, дека гостите станале од масата само заради закуската и дека е готово само дрдорењето на Лебедев. Тој се насмеа и туберкулозното руменило, како две јасни дамки, заигра на неговите образи.

– А вие сте ги броеле и минутите додека јас спиев, Евгениј Павлович, – прифати тој подбивно, – видов, вие цела вечер не се одделувавте од мене . . . А! Рогожин! Сега го видов на соне, – му прошепоти тој на кнезот, намуртувајќи се и покажувајќи кон Рогожин кој седеше на масата, – ох, да, – прерипа тој пак, – та каде е говорникот, каде е Лебедев? Лебедев, значи завршил? За што зборуваше тој? Вистина ли е, кнезу, дека еднаш сте зборувале, дека светот ќе го спасела „убавината"? Господа, – им викна тој гласно на сите, – кнезот тврди дека светот ќе го спаси убавината. А јас тврдам дека тој има такви разиграни мисли затоа што сега е заљубен. Господа, кнезот е заљубен; преѓеска, штотуку тој влезе јас се убедив во тоа. Не вцрвувајте се, кнезу, ќе почнам да ве жалам. Каква тоа убавина ќе го спаси светот? Мене тоа Коља ми го прераскажа . . . Вие сте ревносен христијанин? Коља вели дека вие самиот себеси си се наречувате христијанин.

Кнезот го проучуваше внимателно со поглед и не му одговори.

– Вие не ми одговарате мене? Вие, можеби, мислите дека јас многу ве сакам? – додаде ненадејно Ипполит, небаре ги собира сите пречки.

– Не, не мислам. Знам дека не ме сакате.

– Како! Дури и по она вчера? Зар не бев искрен вчера со вас?

– Јас и вчера знаев дека вие не ме сакате.

– То ест, затоа што ви завидувам, завидувам? Вие секогаш тоа сте го мислеле и сега го мислите, но . . . но зошто ви го зборувам јас тоа? Јас сакам да се напијам уште шампањско; турете ми, Келер.

– Вие Ипполит, не смеете повеќе да пиете, јас нема да ви дадам . . .

– Кнезот му ја тргна чашата.

– Имате право . . . – се сложи тој веднаш небаре замислувајќи се, – можат уште да речат . . . а по ѓаволите, што ми е гајле што ќе речат! Зар не е така, зар не е така? Нека си велат после, зар не, кнезу? И што ни е гајле на сите нас што ќе биде п о с л е! . . . Јас, впрочем, тоа од нерасонетост. Колку ужасен сон сонив, дури сега се сетив . . . Не ви пожелувам такви соништа, кнезу, макар што јас, можеби, навистина не ве сакам. Впрочем, ако не сакаш некој човек, зошто да му пожелуваш нешто лошо, зар не? Зошто јас сè нешто прашувам, сè нешто прашувам? Дајте ми ја вашата рака; јас силно ќе ви ја стегнам, ете вака . . . Вие, сепак, ми ја подадовте раката? Значи, знаете дека јас искрено ви ја стегам? . . . Подобро е јас да не пијам повеќе. Колку е часот? Впрочем, не ми треба, јас знам колку е часот. Ми дојде часот! Сега е токму време! Што е таму во аголот, закуска ли се послужува? Значи оваа маса е слободна? Прекрасно! Господа, јас . . . впрочем сите овие господа и не слушаат . . . имам намера да ви прочитам една статија, кнезу; закуската е, се разбира, поинтересна, но . . .

И наеднаш, сосема нечекано тој извади од својот горен џеб отстрана голем, од канцелариски размери, плик, запечатен со голем црвен печат. Тој го стави на маса пред себе.

Оваа ненадејност направи ефект во неприготвено кон тоа, или подобро речено, г о т о в о, но не кон тоа, друштво. Евгениј Павлович дури подрипна на својот стол; Гања брзо ѝ се приближи на масата; Рогожин исто така, но со некаква гадлива јадосаност, небаре разбираше во што е работата. Лебедев, кој се најде тука близу, пријде со љубопитни очиња и гледаше во пликот, трудејќи се да одгатне во што е работата.

– Што ви е тоа? – праша вознемирено кнезот.

– Со првото крајче на сонцето, кнезу, јас ќе си легнам, ви кажав; чесен збор, ќе видите! – викна Иполит, – но . . . но . . . – зар вие навистина мислите дека јас не сум во состојба да го отворам овој плик? – додаде тој изгледувајќи ги сите наоколу со некакво

предизвикување и како да им се обрнува на сите подеднакво.

Кнезот забележа дека тој сиот треперење.

– Никој од нас и не го мисли тоа, – одговори кнезот од името на сите, – и зошто мислите дека некој се бави со таква мисла и дека . . . каква е тоа чудна идеја да читате? Што ви е тоа тука. Иполит?

– Што му е тоа тука? Што му се случи пак нему? – прашуваа наоколу.

Сите се приближуваа, некои се уште јадејќи; пликот со црвениот печат ги привлекуваше сите како магнет.

– Тоа јас вчера самиот го имам напишано, веднаш штом ви дадов збор дека ќе дојдам да живеам кај вас, кнезу. Јас го пишував тоа вчера целиот ден, потоа и ноќе и го завршив денес изутрина; ноќта, пред разденување, јас сонив сон . . .

– Не ќе биде ли подобро утре? – бојазливо го прекина кнезот.

– Утре „не ќе има повеќе време"! – хистерично му се насмевна Иполит. – Впрочем, не вознемирувајте се, јас ќе го прочитам тоа за четириесет минути, нека биде за еден час . . . И гледате ли како се интересираат сите; сите се приближија; сите гледаат на мојот печат, и не запечати ја јас статијата во пакет, не ќе имаше никаков ефект! Ха-ха! Ете што значи таинственоста! Да ја распечатам или не, господа? – викна тој смеејќи се со својата чудна смеа и болскајќи со очите. – Тајна! Тајна! А се сеќавате ли, кнезу, кој прогласил дека „не ќе има повеќе време"? Тоа го прогласува огромниот и силниот ангел во Апокалипсата.

– Подобро е да не се чита! – викна наеднаш Евгениј Павлович, но со толку нечекан кај него изглед на вознемиреност, што на многумина им се виде чудно.

– Не читајте! – викна и кнезот ставајќи ја раката на пликот.

– Какво читање, сега е закуската, – забележа некој.

– Статија? Тоа за весник ли е? – се распраша некој друг.

– Можеби е здодевна? – додаде некој трет.

– Та што има тука? – се распрашуваа другите. Но плашливото движење на кнезот небаре го исплаши и самиот Иполит.

– Значи . . . да не читам? – му прошепоти тој некако бојазливо со искривена насмевка врз помодрените усни, – да не читам? – промрмори тој, опфаќајќи ги со поглед сите набљудувачи, сите очи и лица и небаре закачувајќи се за секој од нив со преѓешната експанзивност, која им се нафрлуваше на сите, – вие . . се плашите? – му се сврте тој пак на кнезот.

– Од што? – праша овој менувајќи се во лицето сè повеќе и повеќе.

– Има ли некој паричка, од дваесет и пет копејки? – подрипна наеднаш Иполит од столот, небаре некој го повлече, – некаква паричка?

– Еве, – истиот миг му ја подаде Лебедев; нему му мина мислата дека Иполит полудел.

– Вера Лукијановна! – забрзано ја покани Иполит, – земете ја, фрлете ја на маса; орел или писмо? Ако е орел – ќе се чита!

Вера исплашено ја погледна паричката, Иполит, потоа татка си, и некако несмасно, со главата кревата нагоре, небаре убедена дека таа самата не смее да гледа во паричката, ја фрли на маса. Излезе орел.

– Да се чита! – прошепоти Иполит, небаре смачкан од одлуката на судбината, тој не ќе пребледеше повеќе да му се прочиташе смртна пресуда. – А, впрочем, – затрепери тој наеднаш, откако помолча извесно време, – што е ова? Зар е можно да сум фрлал сега жрепка? – со истата натраплива отвореност тој ги изгледа сите наоколу. – Но тоа е вчудовидувачка психолошка црта! – викна тој наеднаш, обрнувајќи му се на кнезот со вистинска вџашеност. Тоа е . . . тоа е несфатлива црта, кнезу! – повтори тој живнувајќи и небаре сепнувајќи се, – вие, кнезу, ќе го запишете тоа, ќе го запомнете, зашто вие, чинам, собирате материјали што се однесуваат на извршувањето на смртните пресуди. . . Ми имаат кажано, хаха! О господе, каква несмасна глупост! – Тој седна на диванот, ги потпре и двата лакта на маса и се фати за глава. – Та тоа е дури и срамно! . . . А што ми е гајле

дали е срамно, – ја крена тој речиси веднаш главата. – Господа! Господа, јас го отворам пликот, – изјави тој со некаква ненадејна одлучност, – јас . . . јас, впрочем, не присилувам никого да слуша! . . .

Со растреперени раце од возбуда тој го отпечати пакетот, извлече од него неколку ливчиња хартија за писма, ситно испишани, ги стави пред себеси и почна да ги мазни.

– Та што е ова? Што се случува тука? Што ќе се чита? – нерасположено промрмори некој; другите молчеа. Но сите седнаа и гледаа со љубопитност. Можеби навистина чекаа нешто необично. Вера се фати за столот на татка си и од уплав замалку да заплачеше; речиси исто така уплашен беше и Коља. Веќе седнатиот Лебедев наеднаш се подигна, ги грабна свеќите и ги доближи до Ипполит за да му биде посветло за читање.

– Господа, вие . . . сега, ќе видите што е тоа, – додаде којзнае зошто Ипполит и наеднаш го почна читањето: „Неопходно појаснување"! Епиграф „Apres moi le deluge" . . .* Уф, по ѓаволите! викна тој небаре се изгоре, – зар сум можел сериозно да ставам вака глуп епиграф? . . . Чујте, господа! . . . верувајте ми дека сево ова се на крајот на краиштата, можеби, најужасните бесмислици! Тука можеби има само извесни мои мисли . . . Ако мислите дека тука . . . има нешто таинствено или . . . забрането . . . со еден збор . . .

– Подобро е да читате без предговори, – го прекина Гања.

– Ја изгубил храброста! – додаде некој.

– Премногу се зборува, – додаде Рогожин кој сето време молчеше.

Ипполит наеднаш погледна на кај него и кога очите им се сретнаа, Рогожин горчеливо и пакосно се насмеа и бавно ги изговори зборовите:

– Работата не треба така да се делка, момче, не треба така . . .

Што сакал да каже Рогожин, се разбира, никој не разбра, но неговите зборови оставија доста чуден впе-

---

* „По мене потоп" (франц.)

чаток на сите; секого го гибна во едно делче некоја заедничка мисла. На ипполит пак, зборовите оставија ужасен впечаток: тој така затрепери, што кнезот веќе ја подаде раката да го придржи, и тој сигурно ќе викнеше, само да не му се прекинеше така наеднаш гласот. Цела минута тој не можеше да проговори ниту збор, и тешко дишејќи, непрестајно гледаше во Рогожин. Најодзади, заздишувајќи се и со необично голем напор тој проговори:

– Значи тоа вие . . . вие сте биле . . . вие?

– Каде сум бил? Што јас? – одговори Рогожин во недоумица, но Ипполит избувнувајќи и речиси во бес, кој наеднаш, го опфати, отсечно и силно викна:

– В и е сте биле кај мене минатата недела, ноќе, во околу два часот, оној ден, кога јас дојдов кај вас изутрина в и е!! Признајте вие сте биле?

– Минатата недела, ноќе? Да не си навистина улав, момче?

„Момчето" пак молчеше околу една минута ставајќи си го показалецот на челото и небаре обидувајќи се да сфати; но во безизразната, сè уште искривената од страв негова насмевка небаре претрча наеднаш нешто итро, дури и победничко.

– Тоа сте биле вие! – повтори тој најодзади, одвај ли не со шепот, но со необична сигурност, – вие сте дошле кај мене и молчејќи сте седеле на стол, крај прозорецот цел час; повеќе; помеѓу еден и два часот по полноќ; вие после сте станале и сте си заминале на околу три часот . . . Тоа сте биле вие, вие! Зошто сте ме плашеле мене, зошто сте доаѓале да ме мачите, – не разбирам, но тоа сте биле вие!

И во неговиот поглед светна наеднаш бескрајна омраза, и покрај сè уште несмаленото треперење од уплавот.

– Сега, господа, вие сè ќе дознаете, јас . . . јас . . . слушајте . . .

Тој пак, ужасно итајќи, ги зграпчи своите ливчиња; тие се слизнаа и се измешаа и тој се трудеше да ги собере; тие треперea во неговите растреперени раце; долго не можеше да се среди.

Читањето, најодзади, почна. Отпрвин, околу пет-

шест минути авторот на ненадејната **статија** сè уште се заздипуваше и читаше неповрзано и неизедначено; но потоа гласот му зацврсна и почна наполно да ја изразува мислата на прочитаното. Напати само прилично силното кашлање го прекинуваше; од половината на статијата тој силно зарипна; необичното воодушевување, кое завладуваше со него сè повеќе и повеќе колку повеќе читаше, кон крајот достигна најсилен степен како и болниот впечаток на слушачите. Еве ја целата таа „статија".

„МОЕТО НЕОПХОДНО ПОЈАСНУВАЊЕ"
„Apres moi le deluge!"

„Вчера изутрината беше кај мене кнезот; меѓу другото, тој ме наговори да се преселам кај него во летниковецот. Јас и знаев дека тој бездруго ќе настојува на тоа и бев убеден дека тој токму вака и ќе ми издрдори дека во летниковецот ќе ми биде „полесно да умирам меѓу луѓето и меѓу дрвјето", како што се изразува тој. Но денес, тој не рече да **умирам**, туку рече „ќе биде полесно да се проживее", што е, всушност, за мене речиси исто, во мојата положба. Јас го прашав што подразбира тој под своите непрестајни „дрвја", и зошто тој толку ми ги натрапува тие „дрвја", – и вчудоневиден дознав од него дека јас божем сам онаа вечер сум кажал дека сум дошол во Павловск за последен пат да ги погледам дрвјата. Кога јас му забележав дека и без тоа ќе умрам, дали под дрвјата или гледајќи во прозорецот на моите тули и дека за две недели не е потребно толку да се вознемирува, тој веднаш се сложи; но зеленилото и свежиот воздух, според неговото мислење, бездруго мorале да предизвикаат некаква физичка промена, и дека мојата вознемиреност и **моите соништа** ќе се измениле и, можеби, ќе станеле полесни. Јас пак му забележав смеејќи му се дека тој зборува како материјалист. Тој ми одговори со својата насмевка дека тој секогаш и бил материјалист. Бидејќи тој никогаш не лаже, овие зборови треба нешто да значат. Неговата насмевка е убава; јас го разгледав сега повнима-

телно. Јас не знам го сакам или не го сакам сега него; сега јас немам време да се расправам со тоа. Треба да се забележи дека мојата петмесечна омраза кон него, последниот месец почна сосема да стивнува. Којзнае, можеби јас дојдов тогаш во Павловск најмногу за да го видам него. Но . . . зошто ја оставив јас тогаш својата соба? Осудениот на смрт не треба да си го напушта својот кат; и да не ја донесов јас сега конечната одлука, а да решев напротив, да чекам до последниот час, се разбира, не ќе ја оставев никако мојата соба и не ќе ја примев неговата понуда да се преселам кај него „да умирам" во Павловск.

Треба да поитам и да го завршам целото тоа „појаснување" неопходно до утре. Значи, јас не ќе имам време уште еднаш да го прочитам и да поправам; ќе го прочитам уште еднаш утре, кога ќе го читам на кнезот и уште на двајца-тројца сведоци, кои мислам дека ќе ги најдам кај него. Бидејќи тука не ќе има ниту збор лага, туку само чиста вистина, последна и свечена, јас сум однапред љубопитен каков впечаток ќе ми остави таа на самиот мене тој час, тој миг кога ќе почнам да читам уште еднаш? Впрочем, јас залудно ги напишав зборовите: „вистина последна и свечена"; за две недели и без тоа не заслужува да се лаже, зашто не заслужува ни да се живее две недели; тоа е најдобриот доказ дека јас ќе ја напишам чистата вистина. (NB. Да не ја заборавам мислата: да не сум улав јас во овој миг, то ест во мигови? Мене со сигурност ми рекоа дека туберкулозните во последниот стадиум напати си го губат умот за извесно време. Да го проверам тоа утре по впечатокот на слушателите додека читам. Ова прашање треба неопходно да се разреши сосема прецизно; инаку не смеам да преземам ништо).

Ми се чини дека јас сега напишав ужасна глупост; но немам време да поправам веќе го реков тоа; покрај тоа, јас си давам збор намерно да не преправам во овој ракопис ниту ред, дури и самиот ако забележам дека си противречам себеси по секои пет редови. Јас сакам утре, кога ќе читам, токму да определам дали е правилен логичниот тек на мојата мисла;

ги забележувам ли јас моите грешки, и дали е точно сето она што јас во собава за овие шест месеци го премислив, или е само бладање.

Да морав уште пред два месеци, како сега, да ја напуштам мојата соба засекогаш и да се збогувам со Маеровиот ѕид, сигурен сум дека ќе ми беше тажно. Сега пак јас ништо не чувствувам, а меѓутоа утре ја оставам и собата и ѕидот з а с е к о г а ш! Значи, моето убедување, дека за две недели не заслужува веќе да се жали или да се препушта човек на некакви чувства, ја совлада мојата природа и сега веќе може да господари со сите мои чувства. Но дали тоа е вистина? Вистина ли е тоа дека мојата природа сега веќе сосема е победена? Кога би ме изложиле сега на мачења, јас сигурно би почнал да викам и не би рекол дека не заслужува да се вика и да се чувствува болка зашто ми останало само две недели да живеам.

Но дали тоа е вистина дека мене ми останува да живеам само две недели, не повеќе? Тогаш во Павловск јас измамив: Б-н ми нема ништо кажано и никогаш ме нема видено; но пред една недела ми беше доведен еден студент Кислородов; тој е убеден материјалист, атеист, и нихилист, еве зошто јас токму него го викнав; мене ми требаше човек кој ќе ми ја каже, најпосле, голата вистина, без разнежувања и стеснување. Тој така и стори, и не само што ми кажа со готовност и без стеснување, туку и со видливо задоволство (што, според мене, е дури и излишно). Тој директно ми издрдори дека ми останало околу еден месец; можеби малку повеќе, ако бидат добри околностите, но, можеби, ќе сум умрел и доста порано. По негово мислење јас сум можел да умрам и одненадеж, дури, на пример, и утре: такви работи се случувале и, не порано од три дни, некоја млада дама, туберкулозна и во положба слична на мојата, во Коломна, се готвела да оди на пазар да купи храна, но наеднаш се почувствувала лошо, легнала на диван, воздивнала и умрела. Сето тоа Кислородов ми го соопшти дури и со извесно фалење со нечувствителноста и непретпазливоста и небаре ми прави со тоа чест, то ест, покажувајќи со тоа дека ме сфаќа и мене за исто такво пови-

соко суштество кое негира сѐ, какво што е тој самиот, на кое, се разбира, не му претставува ништо да умре. На крајот на краиштата, фактот си е утврден: еден месец и никако повеќе! Дека тој не згрешил, во тоа сум сосема сигурен.

Многу ме почуди како кнезот прегеска погоди дека сонувам „лоши соништа"; тој рече токму со тие зборови дека во Павловск „мојата вознемиреност и моите соништа" ќе се изменат. И зошто соништата? Тој е или медицинар или има навистина необичен ум и може многу работи да насети. (Но дека тој, сепак, е „идиот" во тоа нема никакво сомневање.) Како за инает, пред неговото доаѓање јас сонив едно убаво сонче (впрочем, од оние, кои сега ги сонувам на стотици). Јас заспав, чинам, на еден час пред неговото доаѓање, и сонив дека сум во некоја соба (но не во мојата). Собата беше поголема и повисока од мојата, поубаво наместена и светла; шифоњер, комода, диван и мојот кревет, голем, широк и прекриен со зелен копринен памучен јорган. Но во таа соба јас забележав ужасно животно, некакво чудовиште. Тоа беше слично на скорпион, но не беше скорпион, туку погадно и многу пострашно и, се чини, токму со тоа што во природата нема такви животни и што тоа н а р о ч н о мене ми се појави, и што во самото тоа небаре се состоела некаква тајна. Јас многу убаво го разгледав: беше кафеаво и прекриено со стргунки, влечуга, долга околу четири педи, кај главата дебела два палци, кон опашката постепено потанка, така што на самиот опаш не повеќе од една десетина од педа. На една педа од главата излегуваа, под агол од четириесет степени, две шепи, по една од секоја страна, долги по две педи, така што целото животно изгледаше, ако го гледаш, одозгора, како трозабец. Главата не ја видов убаво, но забележав две мустачиња, кратки, слични на две тврди игли, исто така кафеави. Исти такви две мустачиња имаше на крајот од опашката и на крајот на секоја шепа, значи, сѐ на сѐ осум мустачиња. Животното трчаше низ соба многу брзо, потпирајќи се со шепите и со опашката и кога трчаше и трупот и шепите му се виеја како змиулчи-

ња, со необична брзина, и покрај стргунките, и тоа беше многу гадно да се гледа. Јас ужасно се плашев дека тоа ќе ме касне; некој ми имаше речено дека е отровно, но јас најмногу се измачував со тоа, кој го пуштил во мојата соба, што сака да ми стори и во што се крие тука тајната? Тоа се криеше под комодата, под долапот, се криеше во ќошињата. Јас седнав на стол сосе нозете и ги свиткав под себеси. Тоа брзо косо ја претрча целата соба и исчезна некаде околу мојот стол. Јас исплашено гледав наоколу, но бидејќи седев со свиени нозе, се надевав дека тоа нема да се качи на столот. Наеднаш, зад мене, речиси крај мојата глава, чув некакво суво шумолење; јас се свртев и видов дека влечугата ползи по ѕидот и дека веќе е на иста височина со мојата глава и дури ја допира мојата коса со опашката која се вртеше и виеше со необична брзина. Јас срипав, исчезна и животното. Се плашев да легнам на кревет, да не се завлекло тоа под перницата. Во собата дојде мајка ми и некој нејзин познајник. Тие почнаа да ја ловат влечугата, но беа поспокојни од мене и дури не се ни плашеа. Но тие ништо не разбираа. Наеднаш влечугата се појави пак; таа овојпат ползеше сосема тивко и небаре имаше некоја специјална цел, бавно свивајќи се, што беше уште поодвратно, и пак пресечувајќи ја накосо собата кон вратата. Притоа мајка ми ја отвори вратата и ја викна Норма, нашето куче, – огромен териер, црн и рунтав; тоа умре пред пет години. Тоа се втурна во собата и застана над влечугата како скаменето. Запре и влечугата, но не престанувајќи да се извива и да тропка по подот со краиштата на шепите и опашката. Животните не можат да чувствуваат мистичен страв, ако не се лажам; но во тој миг ми се стори дека во уплавот на Норма имало нешто многу необично, нешто небаре исто така речиси мистично и дека таа, изгледа, исто така претчувствувала, како и јас, дека во тоа животно се крие нешто судбоносно и некаква тајна. Таа бавно се повлекуваше назад пред влечугата, која тивко и претпазливо ползеше кон неа; таа, се чини, сакала наеднаш да му се нафрли на кучето и да го боцне. Но, без оглед на сиот уплав,

Норма гледаше страшно луто макар што трепереше со целото тело. Наеднаш таа бавно ги покажа своите страшни заби, ја отвори целата своја огромна црвена челуст, се приготви за скок, се поднамести, се одлучи и наеднаш ја зграпчи влечугата со заби. Изгледа, влечугата силно се тргна за да се извлече, така што Норма уште еднаш ја зграпчи, веќе во воздух, и двапати со целата челуст ја собра во себеси, сè во воздух, небаре го голташе. Стргунките почнаа да пукаат во нејзините заби; опашчето на животното и шепите, кои излегуваа од челуста, се мрдаа со ужасна брзина. Наеднаш Норма тажно списка: влечугата сепак успеала да ја касне за јазикот. Со писок и виење таа ја разотвори устата од болка и јас видов дека распарчената влечуга сè уште мрдаше во нејзината уста, испуштајќи од својот полузгмечен труп големо количество бел сок, сличен на сокот од згмечена црна лебарка ... Тогаш се разбудив и влезе кнезот".

– Господа, – рече Ипполит, прекинувајќи го ненадејно читањето и речиси посрамено, – јас не читав по вторпат, но, се чини, јас навистина сум напишал многу излишни работи. Овој сон ...

– Има такво нешто, – поита да се вмеша Гања.

– Тука има премногу лични работи, се сложувам, то ест, всушност, за мене ...

Зборувајќи го тоа Ипполит имаше изморен и премален изглед и ја бришеше потта од своето чело со шамиче.

– Да-а, премногу сте заинтересирани за себеси, – прос‘ска Лебедев.

– Јас господа, никого не присилувам, повторно ви велам, кој не сака, може да се повлече.

– Истерува ... од туѓа куќа, – одвај чујно промрмори Рогожин.

– А сите ако станеме и се повлечеме? – проговори наеднаш Фердишченко, кој досега, впрочем, не се осмелуваше да зборува гласно.

Ипполит наеднаш ги собори очите и го грабна ракописот; но истиот миг пак ја крена главата и болскајќи со очите, со две црвени петна на образите, проговори гледајќи го Фердишченко директно во лицето.

– Вие мене воопшто не ме сакате!

Се чу смеа; впрочем, поголемиот дел не се смееја. Иполит страшно се вцрви.

– Иполит, – рече кнезот, – здиплете го вашиот ракопис и дајте ми го мене, а самите легнете си да спиете тука, во мојата соба. Ќе поразговараме пред да заспиете и утре; но со тоа, никогаш повеќе да не ги отвораме овие листови. Сакате?

– Зар тоа е можно? – го погледна Иполит вистински вчудовиден. – Господа! – викна тој, живнувајќи пак трескавично, – ова е глупа епизода во која јас не соумеав да се држам. Повеќе нема да го прекинувам читањето. Кој сака – нека слуша . . .

Тој набрзина голтна малку вода од чашата, поита да се потпре со лактовите на масата за да се засолне од погледите и со упорност го продолжи читањето. Засраменоста, впрочем, бргу му мина . . .

„Идејата за тоа (продолжуваше тој да чита), дека не заслужува да се живее неколку недели, почна да ме совладува во вистинска смисла на зборот, чинам, пред околу еден месец, кога ми преостануваше да живеам уште четири недели, но сосема ме совлада дури пред три дни, кога се вратив од онаа вечер во Павловск. Првиот миг на полната, непосредната проникнатост со таа мисла се случи на терасата кај кнезот, токму во оној миг кога ми падна на ум да го направам последниот обид на животот, сакав да видам луѓе и дрвја (нека сум го кажал тоа и јас), впаѓав в огон, настојував на правото на Бурдовски, на „блискиот свој“, и мечтаев дека сите тие наеднаш ќе ги рашират рацете и ќе ме примат во својот преграб и ќе ме замолат за прошка поради нешто, а јас – нив; со еден збор јас завршив како неталентирана будала. И ете токму во тие часови вивна кај мене моето „последно убедување“. Се чудам сега на кој начин можев да живеам цели шест месеци без тоа „убедување“! Јас сигурно знаев дека имам туберкулоза и дека таа е неизлечива; јас не се мамев себеси јасно ја сфаќав работата. Но колку појасно ја сфаќав јас, толку потрескавично ми се живееше; јас се закачував за животот и сакав да живеам по секоја цена. Се сложувам дека јас можев

тогаш да се лутам на мрачната и глува жрепка, која наредила да бидам јас згмечен како мува, и, се разбира, не знаејќи зошто; но зошто јас не завршив само со лутината? Зошто јас вистински почнував да живеам, знаејќи дека јас повеќе не ќе смеам да почнувам; се обидував знаејќи дека немам зошто да се обидувам? А меѓутоа, јас дури не можев ни книга да прочитам и престанав да читам: зошто да читам, зошто ќе ми е да дознавам за шест месеци? Таа мисла не еднаш ме тераше да ја фрлам книгата.

– Да, тој Маеров ѕид може многу нешта да прераскаже! Многу нешта имам запишано на него. Немаше дамка на тој нечист ѕид, јас да не го знам. Проклет да е тој ѕид! А сепак тој ми е помил од дрвјата во Павловск, то ест, би требало да ми биде помил од сè, кога не би било сега сеедно.

Си приспомнувам сега со каков жеден интерес јас почнав тогаш да го следам нивниот живот; таков интерес порано немаше кај мене. Јас со нестрпливост и пцости го чекав напати Коља, кога самиот станував толку болен што не можев да излегувам од соба. Јас дотолку проникнував во сите дребнавости, се интересирав за сите гласови, што, се чини, станав сплеткар. Јас не сфаќав, на пример, како тие луѓе, имајќи толку живот, не умеат да станат богаташи (не сфаќам впрочем ни сега). Познавав еден сиромав, за кој подоцна ми кажаа дека умрел од глад и, се сеќавам, тоа ме разбесни: кога би можел тој сиромав да се врати во живот, јас, се чини би го казнил. Напати ми станувашe полесно цели недели и јас можев да излегувам на улица; но улицата почна, најпосле, да предизвикува во мене таква јадосаност, што јас по цел ден намерно седев заклучен, макар што можев да излегувам како и сите. Јас не можев да го поднесувам тој забрзан, вечно загрижен, невесел и вознемирен народ кој сновеше околу мене по тротоарите. Каква смисла има нивната вечна тага, вечна тревога и забрзаност; нивната вечна невесела злоба (зашто тие се зли, зли, зли)? Кој им е виновен дека се тие несреќни и дека не умеат да живеат имајќи пред себе по шеесет години живот? Зошто Зарницин си дозволил да умре од глад

имајќи пред себеси шеесет години? И секој ви ги покажува своите партали, своите работни раце, се лути и вика: „Ние работиме како волови, ние се напнуваме, ние сме гладни како кучиња и сиромашни сме! Другите не работат и не се напнуваат, а богати се!“ (Вечен рефрен!) Покрај нив трча и ита од утро до мрак некаков си несреќен мрсулко „од благородните“, Иван Фомич Суриков, – живее во нашата куќа, над нас, – со вечно излитени лактови, со испокинати копчиња, на разни луѓе им служи да го повелаат по ситни порачки, и тоа од изутрина до мрак. Почнете разговор со него: „беден е, питач, парталковец, му умре жена му, немаше со што да ѝ купи лекови, а зиме го настинаа детето; постарата ќерка стана издржувана жена . . . ” вечно липа, вечно се тажи! О, никакво, никакво сожалување немаше во мене за тие будали ни сега, ни порано – со гордост го тврдам тоа! Самиот си е виновен зошто не е Ротшилд! Кој му е виновен што нема милиони, како што има Ротшилд, што нема рид златници и наполеондори, таков рид, токму таков висок рид како за време на прочка по шаторските платна! Штом живее, значи сѐ од него зависи! Кој му е виновен што тој не го разбира тоа?

О, сега ми е веќе сеедно, сега веќе немам време за јадосување, но тогаш, тогаш, повторувам, јас во вистинската смисла на зборот, ја касав со заби перницата и го кинев својот јорган од бес. О, како мечтаев тогаш, како сакав, како нарочно сакав, мене осумнаесетгодишен, одвај облечен, одвај прекриен, да ме изгонат одеднаш на улицата и да ме остават сосема сам, без стан, без работа, без парче леб, без роднини, без ниеден познат човек во огромниот град, гладен, премален (дотолку подобро!), но здрав и тогаш јас ќе покажев . . .

Што ќе покажев?

О, зар вие сметате дека јас не знам како сум се понизил себеси и без тоа, веќе со самото свое „Појаснување“! И кој не ќе ме смета за мрсулко, кој не го познава животот, заборавајќи дека веќе не ми е осумнаесет години; заборавајќи дека да се живее така, како што живеев јас во тие шест месеци, значи да се

доживеее веќе до бели коси! Но нека ми се смеат и велат дека се тоа сè бајки. Јас и навистина си раскажував себеси бајки. Јас ги исполнував со нив целите свои ноќи докрај; сега јас се потсетувам на сите нив.

Но зар сега треба да ги прераскажувам сите нив, – сега, кога веќе и мене ми мина времето на бајките? И кому? Зашто јас се утешував со нив тогаш, кога јасно гледав дека ми е забрането да ја изучувам дури и грчката граматика, токму тогаш ми падна на ум: „не ќе стасам ни до синтаксата, а веќе ќе умрам", си помислив на првата страна и ја фрлив книгата под маса. Таа и сега се валка таму; ѝ забранив на Матројна да ја крене оттаму.

Нека оној, кому ќе му падне в раце моето „Појаснување", и кој ќе има стрпливост да го прочита, ме смета за малоумен, или пак за гимназист, а најсигурно за осуденик на смрт, на кој природно почнало да му се чини дека сите луѓе, освен него, премногу малку го ценат животот, премногу ефтино го трошат, премногу мрзливо, премногу несовесно го користат и, според тоа, сите до еден не го заслужуваат! И што? Јас изјавувам дека мојот читател ќе згреши и дека моето убедување е сосема независно од мојата смртна осуденост. Прашајте, прашајте ги само, како тие сите, сите до последниот, ја разбираат среќата? О, бидете убеден дека Колумбо не бил среќен тогаш кога ја открил Америка, туку кога ја откривал; бидете убедени дека врвниот миг на неговата среќа, бил, можеби, токму три дни пред откривањето на Новиот Свет, кога побунетата посада во очаеност за малку да го сврти бродот назад во Европа! Работата тука не е во Новиот Свет, нека оди тој по ѓаволите! Колумбо умрел речиси без да го види и всушност не знаејќи што открил. Работата е во животот, во животот сам, – во неговото откривање, непрестајно и вечно, а воопшто не е во откритието! Но што има да зборувам! Јас чувствувам дека сè што зборувам сега толку е слично на најопшти фрази, што мене сигурно ќе ме сметаат за ученик од нижите класови, кој го предава својот состав за „изгреј-сонце", или ќе речат дека можеби и сум сакал да изразам нешто, но и покрај целата моја

желба, не сум успеал . . . „да се развијам“. Но, всушност, ќе додадам дека во секоја генијална или нова човечка мисла, или едноставно дури и во секоја сериозна човечка мисла, која никнува во нечија глава, секогаш останува и нешто такво, кое никако не може да им се пренесе на другите луѓе, макар и да испишете цели томови и да ја објаснувате вашата мисла триесет и пет години; секогаш ќе остане нешто, кое за ништо на светов не ќе сака да излезе од под вашиот череп и засекогаш ќе остане кај вас; со тоа и ќе умрете, без да успеете, можеби, да го предадете она најглавното од вашата идеја. Но ако и јас сега не соумеав да го предадам сето она што овие шест месеци ме измачуваше, макар ќе разберат, дека, откако се стигне до моето сегашно „неопходно појаснување“, дека јас, можеби, премногу скапо сум платил за него; ете токму тоа јас сметав како неопходно да го истакнам, за извесни цели, во моето „Појаснување“.

Но, впрочем, јас продолжувам“.

VI

„Не сакам да лажам: стварноста и мене ме ловеше на јадица овие шест месеци и напати толку ме мамеше, што јас заборавав за мојата осуденост или, подобро кажано, не сакав да мислам на неа и дури извршував некои работи. Да кажам нешто за мојата тогашна положба. Кога јас, пред седум-осум месеци многу се разболев, ги прекинав сите мои врски и ги напуштив сите мои преѓешни другари. Бидејќи јас и секогаш си бев доста невесел човек, другарите лесно ме заборавија; се разбира, тие ќе ме заборавеа и без таа околност. Мојата положба дома, то ест „во семејството“, беше исто така осамена. Пред пет-шест месеци јас засекогаш се заклучив однатре и наполно се одделив себеси од собите на семејството. Мене секогаш ме слушаа, и никој не смееше да влезе кај мене, освен во определен час за да се намести собата и да ми се донесе ручек. Мајка ми трепереше пред моите наредби и дури не смееше пред мене ни да цивка,

кога јас напати одлучував да ја пуштам кај мене. Децата таа постојано ги тепаше поради мене, за да не креваат врева и да не ме обеспокојуваат; јас навистина многу често се жалев поради нивната врева; сега, сигурно, многу ме сакаат! „Верниот Коља", како што го нареков јас, исто така, чинам, доста го измачував. Во последно време и тој ме мачеше: сето тоа беше природно, луѓето се и создадени за да се измачуваат еден со друг. Но јас забележав дека тој ја поднесува мојата раздразнетост онака, небаре од порано си дал збор да го поштеди болниот. Природно, тоа ме раздразнуваше; но, се чини, нему му паднало на ум да го подражава кнезот во „христијанска смиреност", што веќе беше по малку смешно. Ова момче е младо и врело и, се разбира, сè подражава; но мене напати ми се чинеше дека веќе му е време да живее и со свој ум. Јас него многу го сакам. Го измачував јас исто така и Суриков, кој живее над нас и кој од изутрина до мрак трча извршувајќи нечии пораки; јас постојано му докажував дека самиот е виновен поради својата сиромаштија, така што тој најпосле се исплаши и престана да ми доаѓа. Тоа е многу мирен човек, најсмирено суштество. (NB. Велат дека смиреноста е страшна сила; треба да го прашам за тоа кнезот тоа е негов сопствен израз); но кога јас, во месецот март, се качив кај него горе за да видам како го „смрзнале" тие таму детето, според неговите зборови, и случајно се насмевнав над трупот над неговото дете, зашто пак почнав да му објаснувам на Суриков дека е „самиот виновен", тогаш кај него, мрсулко еден, наеднаш затреперија усните и тој, грабнувајќи ме со едната рака за рамо, со другата ми ја покажа вратата и тивко, речиси со шепот ми проговори: „Одете си!" Јас излегов и тоа многу ми се допадна, ми се допадна уште тогаш, речиси истиот миг, уште додека ме изведуваше; но неговите зборови уште долго време подоцна оставаа врз мене, кога ќе се сетев на нив, тежок впечаток на некое чудно, презриво сожалување кон него, кое воопшто не би сакал да го чувствувам. Дури и во мигот на таквата навреда (зашто јас чувствувам дека

го навредив, макар што немав таква намера), дури и во таков миг овој човек не можеше да се налути! Неговите усни тогаш воопшто не затреперија од лутина, ви се колнам: ме зграпчи тој за рака и го изговори своето величествено „одете си" без никаква лутина. Достоинство имаше, дури и многу, кое воопшто не му доликуваше (така што, вистина да речам, имаше тука и многу комично), но лутина немаше. Можеби, тој почнал наеднаш да ме презира. Оттогаш, два-трипати, како да го имав сретнато на скалите, тој наеднаш почна да ја симнува шапката пред мене, што порано никогаш не го правеше, но повеќе не запираше како порано, туку протрчуваше засрамено покрај мене. Ако и ме презираше, сепак тоа го правеше на свој начин: тој „смирено презираше". А, можеби, тој ја симнуваше својата шапка просто од страв, како на синот на својата зајмодавка, зашто тој постојано ѝ беше должен на мајка ми и никако не наоѓаше сили да се извлече од долговите. И тоа е дури и најверојатно. Јас веќе сакав да поразговарам со него, и сигурно знам дека тој по десет минути би ме молел за прошка; но јас просудив дека е подобро да не го гибам.

Во истото тоа време, то ест, околу времето кога Суриков „си го смрзнал" детето, околу половината на март, мене наеднаш ми стана значително полесно и тоа траеше околу две недели. Јас почнав да излегувам, најчесто в примрак, кога почнуваше мразот и кога се палеа гасните ламли; јас напати далеку шетав. Еднаш, во Шестлавочната, ме престигна во мракот некојси „од благородните", јас не го видов убаво; тој носеше нешто завиткано во хартија и беше облечен во некое кратко, лошо сошиено палтенце, – премногу лесно за сезоната. Кога тој стигна до фенерот, на околу десет чекори од мене, јас забележав дека нешто му испадна од џебот. Јас поитав да го кренам – и токму навреме, зашто веќе дотрча некојси во долг кафтан, но, кога го виде предметот во моите раце, не почна да оспорува, згора-згора ми ѕирна во рацете и си замина. Тој предмет беше големо сафијанско, старинско и докрај исполнето портмоне; но којзнае

зошто јас уште од првиот поглед насетив дека во него имало сè и сешто, само не пари. Минувачот кој го изгуби одеше веќе пред мене на четириесет чекори и наскоро, во толпата ми исчезна од погледот. Јас потрчав и почнав да му викам; но бидејќи освен „еј!“ не знаев што да викнам, тој не се ни сврте. Наеднаш тој скршна налево, во влезот на една куќа. Кога јас притрчав до влезот, во кој беше мрачно, веќе немаше никој. Куќата беше огромна, една од оние громади кои се градат од шпекулантите со малечки станови. Кога го претрчав влезот, ми се стори дека во десниот, задниот агол на огромниот двор небаре оди некој човек, макар што во мракот одвај да можев да видам нешто. Кога дотрчав до аголот јас видов влез за скалите; скалите беа тесни, необично извалкани и воопшто неосветлени; но се слушаше дека горе се качуваше по скалилата некој човек и јас потрчав по нив, сметајќи дека, додека некаде чека да му се отвори, јас ќе го стигнам. Така и излезе. Скалилата беа многу кратки, ги имаше бескрајно многу, така што јас ужасно се заздишав; се отвори и пак се затвори врата на петтиот кат, јас го погодив тоа уште на три одморишта подолу. Додека се искачив, додека си го вратив здивот, додека го барав ѕвончето, минаа неколку минути. Најпосле, ми отвори една проста жена, која во минијатурна кујна го разгоруваше самоварот; таа молкум ги ослуша моите прашања, ништо се разбира, не разбра и молчејќи ми ја отвори вратата во следната соба, исто така малечка, ужасно ниска, со лош неопходен мебел и со широка огромна постела оградена со завеси, на која лежеше „Терентич!“ (како што викна жената), мене ми се стори поднапиен. На масата догоруваше свеќа во железен свеќник и стоеше шише, речиси испразнето. Терентич ми испушти в пресрет некаков глас лежејќи, мавна со раката и ми ја покажа следната врата, а жената замина, така што мене не ми преостануваше ништо друго туку да ја отворам вратата. Јас така и сторив и влегов во следната соба.

Оваа соба беше уште потесна и помала од претходната, така што јас не знаев ни како да се свртам;

тесен единичен кревет во аголот заземаше ужасно многу место; од друг мебел имаше само три обични столови, претрупани со различни партали и најобична кујнска, дрвена маса пред стар диван прекриен со мушама, така што меѓу масата и креветот речиси не можеше да се мине. На масата гореше исто таков железен свеќник со свеќа од лој, како и во онаа соба, а на креветот врескаше ситно бебе, кое, судејќи по врескотот, можеше да има најмногу три недели; него го „променуваше", то ест го преповиваше болна и бледа жена, која би требало да биде млада, облечена во неглиже, која, можеби, штотуку почнала да станува по породувањето; но бебето не запираше туку врескаше чекајќи на слабата боска. На диванот спиеше друго дете, тригодишно девојче, покриено, се чини, со фрак. Крај масата стоеше господин со многу излитено палто (горното палто тој веќе го имаше симнато и тоа лежеше на кревет) и одвиваше сина хартија во која беше завиен околу две фунти пченичен леб и две малечки колбаси. На масата, покрај тоа, имаше и чајник со чај и се валкаа парчиња црн леб. Од под креветот се подаваше отворен куфер и стрчеа две бовчи со некакви партали.

Со еден збор беше страшно несредено. На прв поглед ми се стори дека тие и двајцата, и господинот и дамата – се пристојни луѓе, но од сиромаштијата доведени до таква понижувачка состојба, во која безредието совладува секој обид, најодзади, да се борат со него и дури ги доведуваа луѓето до горчлива потреба да наоѓаат во самото безредие, кое секој ден се зголемува, некакво горчливо и небаре одмаздничко чувство на задоволство.

Кога јас влегов, овој господин, кој исто така штотуку стаса и кој ја одвиваше својата храна, за нешто брзо и врело се договараше со жената; таа пак, макар што не го доврши уште повивањето, веќе стаса да пушти солзи; вестите морале да бидат лоши, како и обично. Лицето на овој господин, кој навидум имаше околу дваесет и осум години, црномуресто и суво, обрабено со црни бакенбарди, со избричена светната брада, ми се стори доста пристојно и дури и пријатно;

тоа беше тажно, со тажен поглед, но со некаква болна сенка на гордост, која премногу лесно се раздразнуваше. Кога јас влегов, дојде до чудна сцена.

Има луѓе кои во својата раздразлива навредливост наоѓаат необично уживање, а особено кога таа кај нив достигнува (што секогаш се случува многу брзо) до крајна граница; во тој миг ним дури им се чини дека е попријатно да се биде навреден, одошто ненавреден. Тие раздразливи секогаш после страшно се измачуваат од покајување, се разбира, ако се умни и се во состојба да сфатат дека избувнале десетпати повеќе одошто беше потребно. Овој господин извесно време ме гледаше со вчудовиденост, а жената исплашено, небаре имало нешто многу необично во тоа и кај нив да дојде некој; но наеднаш тој се нафрли врз мене речиси разбеснето; јас уште не стасав да промрморам ни два збора, а тој, особено кога виде дека јас сум пристојно облечен, се нашол, изгледа, страшно навреден со тоа што сум се осмелил така без стеснување да ѕиркам во неговиот кат и да ја видам целата бедна положба, од која тој самиот толку се срамел. Се разбира, тој ѝ се израдува на можноста да ја излее макар врз некој целата своја лутина поради сите свои неуспеси. Извесно време јас дури мислев дека тој ќе се втурне да се тепа; тој пребледна, небаре се најде во женска хистерија и страшно си ја исплаши жената.

– Како сте смееле вака да влезете? Надвор! – викаше тој треперејќи и дури одвај изговарајќи ги зборовите. Но наеднаш тој го виде своето портмоне во моите раце.

– Се чини, вам ви падна, – реков јас колку што можев попристојно и посуво. (Впрочем, така и требаше.)

Овој стоеше пред мене сосема исплашен и извесно време небаре не можеше ништо да разбере; потоа брзо ја стави раката на својот џеб на бокот, зина од ужасеност и се чукна со раката по чело.

– Господе! Каде сте го нашле? Како?

Јас му објаснив со најкуси зборови и колку што можев покусо, како го кренав портмонето, како трчав

и го викнав и како, најодзади, по претпоставка и речиси потамина, се искачив по него по скалите.

– Господе! – викна тој обрнувајќи ѝ се на жената, – тука се сите наши документи, тука се моите последни инструменти, тука е сѐ . . . о, милостив господине, знаете ли вие што сторивте за мене? Јас би пропаднал!

Јас, меѓутоа, ја фатив веќе рачката на вратата за да заминам без одговор; но јас и самиот се задишував и наеднаш мојата возбуденост експлодира во таков силен напад на кашлање, што јас одвај се задржав на нозе. Јас видов како господинот се втурнуваше на сите страни за да ми најде слободен стол, како тој ги зграпчи, најодзади, парталите од еден стол, ги фрли на подот и итајќи ми подаде стол, седнувајќи ме претпазливо. Но моето кашлање продолжуваше и не се смируваше уште три-четири минути. Кога јас си дојдов на себеси, тој веќе седеше крај мене на друг стол, од кој, веројтно, исто така ги фрли парталите на подот, и внимателно ме гледаше.

– Вие, чинам . . . не се чувствувате добро? – проговори тој со оној тон со кој зборуваат обично лекарите пристапувајќи му на болниот. – Јас сум и самиот . . . лекар (тој не рече: доктор), – и кога го изрече тоа, тој којзнае зошто покажа со раката кон собата, како да протестира против својата сегашна положба, – јас гледам дека вие . . .

– Јас имам туберкулоза, – проговорив јас колку што можев покусо и станав.

И тој скокна истиот миг.

– Можеби вие преувеличувате и . . . ако земете лекови . . .

Тој беше многу збунет и небаре сѐ уште не можеше да си дојде на себеси; портмонето му стрчеше во левата рака.

– О, не вознемирувајте се, – го прекинав јас пак фаќајќи ја рачката на вратата, – минатата недела ме прегледуваше Б-н (пак го замешав јас тука Б-н), – мојата работа е свршена. Проштавајте . . .

Јас веќе пак сакав да ја отворам вратата и да го напуштам мојот збунет, исполнет со благодарност и

совладан од срам доктор, но проклетото кашлање пак ме зафати. Тогаш мојот доктор почна да настојува јас пак да седнам да се одморам; тој ѝ се обрна на жената и таа, не напуштајќи го своето место, ми проговори неколку благородни и љубезни зборови. Притоа многу се збуни, така што дури и руменило ѝ се појави на нејзините бледо-жолти, суви образи. Јас останав, но со таков изглед, кој секој миг покажуваше дека страшно се плашам да ги стеснувам (така и требаше). Покајувањето, најодзади, сосема го измачи мојот доктор, јас го видов тоа.

– Ако јас ... – почна тој, везден прекинувајќи се и прескокнувајќи, – јас сум ви толку благодарен и толку сум виновен пред вас ... јас ... како што гледате ... – тој пак ја покажа собата, – во овој миг се наоѓам во таква положба.

– О, – реков јас, – нема што и да се види; јасна работа; вие, сигурно, сте си го изгубиле местото и сте допатувале да разјасните и пак да најдете место?

– По што ... познавте? – праша тој вчудовиден.

– Од прв поглед се гледа, – му одговорив јас без да сакам подбивно. – Ваму многумина доаѓаат од провинцијата надевајќи се трчаат и еве така живеат.

Тој наеднаш почна да зборува пламено и со растреперени усни; тој почна да се жали, почна да раскажува и, признавам, ме заинтересира мене; јас останав кај него речиси цел час. Тој ми ја раскажа својата историја, впрочем многу обична. Тој бил лекар во провинцијата, имал државно место, но тогаш почнале некакви интриги во кои ја замешале дури и неговата жена. Тој покажал гордост, пребрзал; се сменила провинциската управа во полза на неговите непријатели; му го разнишале местото, се пожалиле на него; тој го загубил местото и со последните пари дошол во Петербург да ја разјасни работата; во Петербург се знае, долго не сакале да го чујат, потоа го сослушале, потоа му одговориле негативно, потоа го залажале со ветување, потоа му одговориле со строгост, потоа му повелале да напише нешто како појаснување, потоа откажале да му го примат она што го напишал, му повелале да напише молба, – со еден

збор, тој трчал веќе петти месец, изел сè; последните партали на жената биле заложени, а тука им се родило бебе и, и . . . „денес добив конечен негативен одговор на мојата молба, а јас речиси немам ниту леб, немам ништо, жената ќе породи. Јас, јас . . .“

Тој срипа од столот и се сврте настрана. Жена му плачеше во аголот, бебето пак почна да вреска. Јас го извадив својот нотес и почнав да запишувам во него. Кога завршив, станав, тој стоеше пред мене и ме гледаше со бојазлива љубопитност.

– Јас го запишав вашето име, – му реков јас, – и, сè друго местото каде сте работеле, името на вашиот губернатор, датумите, месеците. Јас имам еден пријател, уште од школо, Бахмутов, а неговиот чичко, Петар Матвеевич Бахмутов е виш советник и директор . . .

– Петар Матвеевич Бахмутов! – викна мојот лекар, речиси протреперувајќи, – но од него, речиси, сè и зависи!

И навистина, во историјата на мојот лекар и во нејзиниот расплет, до кој јас случајно помогнав да дојде, сè се сложи и среди, небаре нарочно било подготвено за тоа, сосема како во роман. Јас им реков на тие кутри луѓе да се погрижат да не полагаат никакви надежи врз мене, дека и јас сум сиромашен гимназист (јас намерно го зголемив понижувањето; јас одамна веќе го завршив школувањето и не сум гимназист) и дека немаат потреба да го знаат моето име, но дека јас веднаш ќе појдам на Василевскиот Остров кај мојот пријател Бахмутов, и бидејќи сигурно знам дека чичко му, вишиот советник, неженет и без деца, го обожува својот внук и го сака до страст, гледајќи ја во него последната фиданка на своето презиме, „можеби, мојот пријател и ќе успее да стори нешто за вас и за мене, се разбира, кај својот чичко . . .“

– Само кога би ми дозволиле да му објаснам на неговото превосходство! Само кога би смогнал да ја добијам таа чест да му објаснам со зборови! – викна тој треперејќи како во треска и болскајќи со очите. Тој така и рече: кога би с м о г н а л. Откако повторуваше еднаш дека работата сигурно ќе спласне и сè ќе

излезе бесмислица, јас додадов дека ако не дојдам кај нив утре изутрината, тогаш ќе значи дека е работата готова и дека немаат што да чекаат. Тие ме испратија со длабоки поклонувања, тие речиси беа надвор од себеси. Никогаш не ќе го заборавам изразот на нивните лица. Јас зедов кочија и веднаш се упатив на Василевскиот Остров.

Со тој Бахмутов јас во гимназијата во текот на неколку години бев во непрестајно непријателство. Кај нас тој се сметаше за аристократ, во секој случај, јас го викав така: прекрасно се облекуваше, пристигнуваше со своја кочија, никогаш не се правеше важен, секогаш беше прекрасен другар, секогаш беше необично весел и напати дури и остроумен, макар што беше со сосема среден ум, и покрај тоа што секогаш беше прв во класот; јас пак никогаш во ништо не бев прв. Сите другари го сакаа него, освен мене. Тој неколкупати за тие години ми приоѓаше; но јас секогаш мрачно и раздразливо му го свртував грбот. Сега веќе го немав видено околу година; тој беше на универзитетот. Кога, накај девет часот, јас дојдов кај него (со големи церемонии: му бев пријавен), тој ме пречека отпрвин со вчудовидување, дури и сосема нељубезно, но веднаш се развесели и, гледајќи во мене, наеднаш се раскикоти.

– Та што ви текна да дојдете кај мене, Терентиев? – викна тој со својата карактеристична симпатична слобода, напати и дрска, но која никогаш не навредуваше и која јас толку не ја сакав кај него, поради која толку го мразев. – Но што е тоа, – викна тој уплашено, – вие сте толку болен.

Кашлањето пак почна да ме мачи, јас паднав на стол и одвај можев да си го повратам здивот.

– Не вознемирувајте се, јас имам туберкулоза, – реков јас, – јас дојдов со една молба кај вас.

Тој седна вчудоневиден и јас веднаш му ја изложив целата приказна со докторот и му објаснив дека тој лично, имајќи необично влијание врз својот чичко, можеби би можел да стори нешто.

– Ќе сторам, бездруго ќе сторам и уште утре ќе го нападнам чичко ми; и дури ми е мило, а вие сето тоа

толку убаво го раскажавте ... Но како тоа, сепак, Терентиев, ви паднало на ум да ми се обрнете мене?

– Тука многу зависи од вашиот чичко, а притоа, ние, Бахмутов, секогаш бевме непријатели, а бидејќи сте вие еден благороден човек, јас си помислив дека вие нема да му откажете на својот непријател, – додадов јас иронично.

– Како што Наполеон ѝ се беше обрнал на Англија! – викна тој раскикотувајќи се. – Ќе сторам, ќе сторам! Дури уште сега ќе појдам, ако можам! – додаде тој забрзано гледајќи дека јас сериозно и станувам од столот.

И навистина, работава на најнеочекуван начин ни се среди немај каде подобро. По месец и пол нашиот лекар повторно доби место, во друга губернија, доби надоместок и дури и помош. Јас се сомневам дека Бахмутов, кој си стекна обичај често да им оди (додека јас токму затоа престанав да им одам и го примив докторот, кој наминуваше кај мене, речиси суво), – Бахмутов, како што мислам јас, го наговорил докторот дури и да прими назаем од него. Со Бахмутов јас се имав видено два-трипати за тие шест недели, ние се најдовме третиот пат кога го испраќавме докторот. Испраќањето го организира Бахмутов во својата куќа, во вид на ручек со шампањско, на кој присуствуваше и жената на докторот; таа, впрочем, многу брзу си замина кај детето. Тоа беше во почетокот на мај, вечерта беше светла, огромната сончева топка се спушташе во заливот. Бахмутов ме испрати до дома; ние тргнавме по Николаевскиот мост; обајцата бевме поднапиени. Бахмутов зборуваше за своето одушевување поради тоа што работата така убаво заврши, ми благодареше мене за нешто, објаснуваше колку му било пријатно сега, кога извршил добро дело, ме убедуваше дека целата заслуга ми припаѓа мене и дека многумина сега залудно учеле и проповедале дека индивидуалното добро дело не значело ништо. И јас страшно посакав да проговарам.

– Кој посегнува против индивидуалната „милостина“, – почнав јас, – тој посегнува против природата на човекот и го презира неговото лично достоинство. Но

организацијата на „општествената милостина" и прашањето на личната слобода – тоа се две различни прашања кои не се исклучуваат едно со друго. Индивидуалното добро дело секогаш ќе постои, зашто тоа е потреба на личноста, жива потреба на директно влијание на една личност врз друга. Во Москва живеел некој старец, еден „генерал", то ест виш советник со германско презиме; тој сиот свој живот се влечкал по затворите и кај злосторниците; секоја партија изгнаници во Сибир однапред знаела дека на Воробјовите ридови ќе ги посети „старчето-генералот". Тој ја извршувал својата работа во најголем степен сериозно и побожно; тој се појавувал, минувал низ редовите на изгнаниците, кои го опкружувале, запирал пред секој, секого го прашувал за неговите потреби, не им читал поуки речиси никогаш и никому, ги викал сите „милички" Тој им давал пари, им праќал неопходни работи – објала, шалови, платно, напати им донесувал книги за спасот на душата и го наградувал со нив секој кој беше писмен, наполно убеден дека тие патем ќе ги читаат и дека писмениот ќе му прочита на неписмениот. За злосторството тој ретко се распрашувал, освен што ќе слушал кога злосторникот самиот ќе почнел да зборува. Сите злосторници кај него биле на рамна нога, немало разлики. Тој зборувал со нив како со браќа, но тие најодзади самите почнале да го сметаат за татко. Ако забележал некоја жена изгнаничка со дете на раце, тој ќе ѝ пријдел, ќе го погалил детето, ќе се поиграл со него со прстите за да се насмевне детето. Така правел тој многу години, сè до својата смрт; стигнало дотаму што станал познат во целата Русија и во целиот Сибир, то ест го знаеле сите злосторници. Мене ми раскажуваше еден што бил во Сибир дека тој самиот бил сведок на тоа како најзакоравените престапници го спомнувале генералот, а меѓутоа, посетувајќи ги партиите изгнаници, тој ретко можел да подели повеќе од дваесет копејки по човек. Се потсетувале на него, навистина, не некако со одушевување или некако особено сериозно. Некој од „несреќниците" кој убил дванаесетина души, кој заклал шест-седум деца, само од лично задоволство (велат

дека имало такви), наеднаш, без никаков повод, некогаш, и тоа можеби само еднаш за дваесет години, наеднаш ќе воздивнел и ќе кажел: „Што прави сега стариот генерал, жив ли е уште?“ Притоа, можеби, дури и ќе се насмевнел, – и ете, само толку. А што знаете какво семе му е фрлено во душата од тој „стар генерал“, кој тој не го заборавил дваесет години? Што знаете, Бахмутов, какво значење ќе има допирот на една личност кон друга во судбината на таа допрена личност? ... Та тука е целиот живот и безбројно мноштво на скриени од нас разгранувања. Најдобриот играч на шах, најостроумниот од нив, може да пресмета само неколку потези однапред; за еден францускиот шахист, кој умеел да пресмета десет потези однапред, се пишуваше како за некое чудо. Колку пак тука има потези, колку непознато за нас? Фрлајќи го вашето семе, фрлајќи ја вашата „милостина“, вашето добро дело во каква и да е форма, вие давате дел од својата личност и примате во себе дел од друга; вие заемно се допирате еден со друг; уште малку внимание и вие веќе сте наградени со знаење, со најнечекани откритија. Вие секако ќе почнете да го гледате своето дело како наука; таа ќе го вовлече во себе сиот ваш живот и може да го исполни сиот живот. Од друга страна, сите ваши мисли, сите семиња фрлени од вас, можеби веќе заборавени од вас, ќе се остварат и пораснат; оној кој ги добил од вас ќе ги пренесе на друг. И што знаете какво учество ќе примите вие во идното разрешување на судбините на човештвото? Ако пак знаењето и целиот живот на ваквата работа ве кренат, најодзади, дотаму што ќе бидете во состојба да фрлите огромно семе, да му оставите на светот во наследство огромна мисла, тогаш ... И така натаму, јас тогаш многу говорев.

– И кога ќе помислам дека токму вам не ви е дадено да живеете! – во врел прекор упатен некому викна Бахмутов.

Во тој миг ние стоевме на мостот потпрени на оградата и ја гледавме Нева.

А знаете ли што ми дојде на ум, – реков јас наведнувајќи се уште повеќе над оградата.

– Да не е да се фрлите во вода? – викна Бахмутов речиси исплашен. Можеби, тој ја прочита мојата мисла од моето лице.

– Не, засега само една мисла, следната: ете, мене ми останува да живеам два-три месеци, можеби четири; но на пример, кога ќе ми преостанат само два месеца и кога јас страшно би посакал да направам некое добро дело, за кое би било потребна работа, трчање, загриженост, ете слично на работата на нашиот доктор, во тој случај јас значи би морал да се откажам од тоа дело, поради недостиг на време кое ми преостанува и да си побарам некое друго „добро дело", поситно и кое би одговарало на моите средства (ако веќе толку посакам да извршувам добри дела). Признајте дека тоа е интересна мисла!

Сиромашкиот Бахмутов беше многу вознемирен поради мене; тој ме допрати дури до дома и беше толку деликатен што ниту еднаш не се впушти во утешување и речиси постојано молчеше. Поздравувајќи се со мене, тој топло ми ја стегна раката и побара дозвола да ме посетува. Јас му одговорив дека ако ми доаѓа како „утешител" (зашто дури и да молчи, тој сепак ќе доаѓаше како утешител, јас му го објаснив тоа), тогаш со тоа тој значи, секојпат уште повеќе ќе ме потсетува на смртта. Тој ги крена рамениците, но се сложи со мене; ние се разделивме доста учтиво, што јас дури не го ни очекував.

Но таа вечер беше фрлено првото семе на моето „последно убедување". Јас жедно ја зграпчив таа нова мисла, жедно ја разгледував во сите нејзини излачувања, во сите нејзини видови (јас не спиев целата ноќ), и колку подлабоко се задлабочував во неа, колку повеќе ја апсорбирав во себеси, толку повеќе се исплашував. Ме обзеде ужасен страв најпосле, и не ме оставаше потоа и следните денови. Напати, размислувајќи за тој мој постојан страв, јас брзо замрзнував од нов ужас; зашто по тој страв јас можев да заклучам дека моето „последно убедување" премногу сериозно се вселило во мене и неопходно ќе дојде до своето разрешување. Но за разрешувањето ми недостасуваше

решителност. Три недели подоцна сè беше готово, се појави и решителноста, но под многу чудна околност.

Тука во моето појаснување јас ги одбележувам сите тие бројки и дати. Мене, се разбира, ќе ми биде сеедно, но с е г а (и, можеби, само во овој миг) јас сакам оние кои ќе судат за мојата постапка да можат јасно да видат од каков логичен синџир на заклучоци произлезе моето „последно убедување“. Јас сега погоре напишав дека конечната одлучност која ми недостасуваше за извршувањето на моето „последно убедување“, се изврши во мене, се чини, воопшто не од некој логичен заклучок, туку од некој чуден поттик, од една чудна околност, можеби воопшто без никаква врска со текот на работите. Пред десетина денови намина кај мене Рогожин заради една своја работа, за која тука е излишно да се рашируваме. Јас никогаш не го имав видено Рогожин пред тоа, но имав чуено за него многу. Јас му ги дадов сите потребни информации и тој бргу си замина, а бидејќи и доаѓаше само за информации, со тоа и работата меѓу нас беше завршена. Но тој премногу ме заинтересира, и целиот тој ден јас бев под влијание на чудни мисли, така што решив да појдам кај него самиот следниот ден, да му ја вратам посетата. Рогожин, очигледно, не ѝ се радуваше на мојата посета и дури и „деликатно“ ми навести дека немаме зошто да го продолжуваме познанството; но сепак јас поминав еден многу интересен час, како, веројатно, и тој. Меѓу нас беше толкав контраст, кој не можеше да не ни паѓа в очи и на двајцата, особено мене: јас бев човек со веќе изброени денови, а тој – човек што живее најполн, непосреден живот, во дадениот миг, без никаква грижа за сведување на „последните“ заклучоци, бројки или што и да е друго што не се однесува на она, со што . . . со што . . . да речеме, тој е залуден; нека ми прости господинот Рогожин за тој израз, барем како на лош литерат, кој не умее да си ја изрази мислата. Без оглед на сета негова нељубезност мене ми се стори дека тој си е човек со ум и дека може многу работи да разбере, макар што е тој заинтересиран за други работи. Јас му немам навестено за моето „последно убедување“,

но мене, којзнае зошто, ми се стори дека тој слушајќи ме мене се досетил за него. Тој премолча, тој е страшно молчелив. Јас му навестив, заминувајќи, дека и покрај сета разлика меѓу нас и сите спротивности, – les exstremites se touchent* (јас му го објаснив тоа на руски), така што, можеби, и тој воопшто не бил толку далеку од моето „последно убедување“ како што се чини. Тој на тоа ми одговори со тажна кисела гримаса, стана, самиот ми го пронајде качкетот, правејќи се дека јас самиот си заминувам и едноставно ме изведе од својата мрачна куќа, правејќи се дека ме испраќа од учтивост. Куќата негова ме вчудоневиде; слична е на гробишта, а нему, се чини, му се допаѓа, што е, впрочем, разбирливо; таков полн непосреден живот со кој тој живее, е и онака премногу полн та да му треба амбиент.

Таа посета кај Рогожин премногу ме измори. Покрај тоа јас уште од изутрината не се чувствував добро; кон приквечер јас сосем премалев и легнав в кревет, а напати чувствував силен оган и дури на мигови бладав. Коља остана со мене до единаесет часот. Јас сепак се сеќавам на сè она што тој зборуваше и за што разговаравме. Но, кога за миг ќе ми се затвореа очите, постојано го гледав Иван Фомич како добил милиони пари. Тој сè не знаеше што да им прави, си ја кршеше главата со нив, трепереше од страв дека ќе му ги украдат, и, најодзади, небаре решил да ги закопа в земи. Јас, најодзади, му дадов совет, место да закопува напразно толкав куп злато в земи, да излее златна габа од тој куп за „замрзнатото“ дете и заради тоа да го ископа детето. Ова мое подбивање Суриков небаре го прифатил со солзи на благодарност и веднаш се зафати за извршувањето на планот. Јас како да сум плукнал и сум си заминал. Коља ме убедуваше, кога јас сосема си дојдов на себеси, дека воопшто не сум спиел и дека целото време јас сум зборувал за Суриков. На мигови јас бев необично тажен и збунет, така што Коља си замина загрижен. Кога јас самиот

---

* Спротивностите се допираат (од француски)

станав да ја заклучам вратата по него, наеднаш ми се појави во сеќавањето сликата која преѓеска ја имав видено кај Рогожин, во една од најмрачните сали во неговата куќа, над вратата. Тој самиот ми ја покажа кога минувавме крај неа; јас, се чини, останав пред неа околу пет минути. Во неа немаше ништо убаво во уметничка смисла; но таа предизвика кај мене некакво чудно неспокојство.

На таа слика е претставен Христос штотуку симнат од крст. Ми се чини дека сликарите обично го претставуваат Христос на крст и симнат од крст, сè уште со сенка на необична убавина на лицето; таа убавина тие бараат начин да му ја сочуваат дури и во најстрашните маки. На сликата пак на Рогожин не може ни збор да се каже за некоја убавина; тоа е во вистинска смисла труп на човек, кој поднесол бескрајни мачења уште пред крстот, рани, измачувања, тепање на стражата, тепање од народот, кога го носел крстот и, најодзади мачењето на крстот кое траело шест часови (барем јас така сметам). Треба да се признае, тоа е лице на човек штотуку симнат од крстот, то ест лице кое сочувало во себе уште многу од живост, од топлина; ништо уште не стасало да се вкочани, така што на лицето на умрениот дури провира страдањето, кое небаре сè уште тој го чувствува (тоа е многу убаво фатено од уметникот); но затоа пак лицето воопшто не е поштедено; тука е чиста природа и, навистина, таков и треба да биде трупот на човек, кој и да бил тој, по такви мачења. Познато ми е дека христијанската црква утврдила, уште во првите векови, дека Христос страдал не метафорично, туку вистински и дека неговото тело, според тоа, на крстот ѝ било потчинето на природата сосема и целосно. На сликата тоа лице е страшно изнакажено, од удари, надуено со страшни, надуени и окрвавени модрини, очите се отворени, црнките искривени; големите, отворени белки на очите болскаат со некаков мртовечки стаклест сјај. Но чудно, кога го гледаш овој труп на еден измачен човек, се појавува едно специјално и интересно прашање: ако трупот токму таков (а трупот мора да биде токму таков) го виделе сите

негови ученици, неговите главни идни апостоли, го виделе жените, кои оделе по него и кои стоеле крај крстот, сите кои верувале во него и го обожувале, како тогаш можеле да поверуваат, гледајќи го ваквиот труп, дека овој маченик ќе воскресне? Тука без да се сака доаѓа сфаќањето дека, ако смртта толку е ужасна и толку се силни законите на природата, како тогаш да бидат совладани тие? Како да се совладаат тие кога не успеал да ги победи сега дури ни оној, кој ја победувал природата за време на својот живот, кому таа му се потчинувала, на која тој ѝ викнал: „Т а л и ф а к у м и“ – и девојката станала, „Л а з а р е, и з л е з и о д г р о б о т“ – и умрениот излегол? Природата се привидува, кога се гледа оваа слика, во облик на некој огромен, нескротлив и нем ѕвер или, поточно, многу поточно е да се каже, макар што е и чудно, – во форма на некоја огромна машина со најнов механизам, која бесмислено зграпчила, здробила и голтнала, немо и неосетливо, едно големо и скапоцено суштество – такво суштество, кое самото чинело колку и целата природа и сите нејзини закони, целата земја која можеби и била создадена само за да биде појавено тоа суштество! Со оваа слика небаре се изразува токму тоа сфаќање за темната, безобѕирна и бесмислено-вечната сила, на која ѝ е сѐ потчинето и која ви се претставува и без да сакате. Тие луѓе, кои го опкружуваа умрениот и од кои нема ниеден на сликата, морале да почувствуваат страшна тага и збунетост таа вечер, која наеднаш ги здроби сите нивни надежи и речиси и верувања. Тие морале да се разделат во најужасен страв, макар што секој од нив ја понесуваше и огромната мисла, која веќе никогаш не можеше да им биде одземена. И истиот тој учител кога би можел да го види својот лик пред самото извршување на казната, тогаш самиот би се качил ли така на крстот, и дали би умрел така како сега? И ова прашање и без да сакаш ти се појавува кога ја гледаш сликата.

Сето тоа ми се привидуваше и мене во одломки, можеби навистина во бладање, напати дури и со ликови, цел час и половина по заминувањето на Коља.

Може ли да се привидува во лик нешто што нема лик? Но мене нападти небаре ми се чинеше дека ја гледам во некој чуден и невозможен облик таа бескрајна сила, тоа немо, мрачно и глуво суштество. Се сеќавам небаре некој ме поведе за рака, со свеќа в раце, ми покажал некаква огромна и одвратна тарантела и почнал да ме убедува дека тоа е она мрачното, глуво и семожно суштество и му се смеел на моето негодување. Во мојата соба, пред иконата, пред секое легнување се пали кандило, – тоа е слаба и ништожна светлина, но, сепак, сѐ може да се види, а под кандилото може дури и да се чита. Јас мислам дека веќе беше минато дванаесет; јас воопшто не спиев и си лежев со отворени очи; наеднаш вратата од мојата соба се отвори и влезе Рогожин.

Тој влезе, ја затвори вратата, молчејќи погледна во мене и тивко мина во аголот кон онаа маса, која стои речиси под самото кандило. Јас многу се вчудоневидов и гледав исчекувајќи; Рогожин се потпре на масичето и почна молкум да гледа во мене. Така минаа две-три минути и јас се сеќавам дека неговото молчење многу ме навреди и ме јадоса. Зошто тој не сака да зборува? Тоа, што тој дојде вака доцна, се разбира, ми се стори чудно, но се сеќавам дека јас не бев којзнае колку вчудоневиден токму од тоа. Дури обратното; макар што изутрината и не му ја доискажав јасно својата мисла, но јас знам дека тој ја разбрал; а таа мисла беше од таков вид, што по повод на неа, се разбира, можеше да се дојде и да се поразговара уште еднаш, макар и кога е многу доцна. Јас така и мислев дека тој затоа дошол. Изутрината ние се разделивме доста непријателски и јас се сеќавам дури дека тој два-трипати ме погледна многу подбивно. Токму тоа подбивање јас сега го прочитав во неговиот поглед и токму тоа и ме навреди мене. Во тоа пак дека тоа е вистински Рогожин, а не привидување, не бладање, јас отпрвин воопшто не се сомневав. Дури немав ни таква помисла.

Меѓутоа тој продолжуваше да седи и да ме гледа со истата подбивност. Јас луто се свртев во постелата, и се потпрев на перницата и намерно решив и јас да

молчам, та макар и целото време да одседиме вака. Јас, којзнае зошто, во секој случај сакав тој прв да почне. Мислам дека така минаа околу дваесет минути. Наеднаш ми се јави мисла дека: што ако тоа не е Рогожин, туку само привидување?

Ниту во мојата болест и никогаш порано јас ниеднаш немав видено ниедно привидување; но мене секогаш ми се чинеше, уште кога бев дете, и дури сега, то ест неодамна, дека ако макар еднаш видам сениште, истиот миг наместо ќе умрам, дури и покрај тоа што не верувам во никакви сеништа. Но кога ми се појави мислата дека тоа не е Рогожин, туку само сениште, се сеќавам, јас воопшто не се исплашив. И уште повеќе, тоа дури и ме разлути. Чудно е и тоа што разрешувањето на прашањето дали е тоа сениште, или е лично Рогожин, некако воопшто не ме интересираше и не ме вознемируваше, онака, како што, се чини, требаше; ми се чини дека јас тогаш мислев за нешто друго. Мене, на пример, многу повеќе ме интересираше зошто Рогожин, кој преѓеска беше во домашен шлафрок и во домашни чевли, сега е во фрак, со бел елек и со бела вратоврска? Ми болснуваше дури и мислата: ако е тоа сениште и јас не се плашам од него, зошто тогаш да не станам и да не му пријдам за да се убедам лично? Можеби, впрочем, јас не смеев и се плашев. Но штотуку стасав да помислам дека се плашам, наеднаш небаре мраз ми го облеа целото тело; јас почувствував студенило на грбот и колената ми затреперија. Истиот миг, небаре погодувајќи дека јас се плашам, Рогожин ја истави раката на која се потпираше, се исправи и почна да ја движи устата, небаре се готвеше да се насмее; тој ме гледаше право в очи. Ме зафати таков бес, што јас дадов клетва дека нема прв да почнам да зборувам, веќе решив да се нафрлам на него но, си останав на креветот, дотолку повеќе што јас сè уште не бев убеден дали е тоа лично Рогожин или не?

Јас не се сеќавам точно колку време траеше тоа; исто така не се сеќавам точно дали сум се занесувал напати или не? Само, најпосле, Рогожин се крена, исто така бавно и внимателно ме изгледа, како и пре-

ѓеска, кога влезе, но престана да се насмевнува и тивко, речиси на прсти, се доближи до вратата, ја отвори, ја подзатвори и излезе. Јас не станав од постелата; не се сеќавам уште колку време останав да лежам со отворени очи и постојано си размислував; господ би знаел за што размислував; не се сеќавам исто така како сум се занел во сон. Следното утро се разбудив кога некој тропаше на мојата врата, во десет часот. Кај нас е така договорено, ако јас сам не ја отворам вратата до десет часот и не ја повикам Матројна самата мора да ми тропне на вратата. Кога јас ѝ ја отворив вратата, веднаш ми дојде мислата: та како можел тој да влезе, кога вратата беше заклучена? Јас се распрашав и се убедив дека вистинскиот Рогожин не можел да влезе, зашто сите наши врати ноќе се заклучуваат.

Ете овој специјален настан, кој јас вака детално го опишав, и беше причина за јас така сосема да се „решам". За конечната одлука, значи, не придонесе логиката, логичното убедување, туку одвратноста. Не смее да се останува во животот, кој добива така чудни, навредливи за мене форми. Тоа сениште мене ме понизи. Јас немам сили да ѝ се потчинувам на мрачната сила, која зема облик, на тарантела. И дури тогаш, кога јас кон примракот го почувствував, најодзади, во себе мигот на конечната решителност, ми стана полесно. Тоа беше само првиот миг; по другиот миг јас патував во Павловск, но тоа веќе е доволно објаснето".

VII

„Јас имав мал џебен пиштол; го имав уште кога бев дете, на онаа смешна возраст кога наеднаш почнуваат да се допаѓаат приказните за двобоите, за нападите на разбојниците, за тоа како и мене некој ќе ме повика на двобој и како јас благородно ќе стојам пред пиштол. Пред еден месец јас го гледав и го приготвив. Во фиоката каде што тој лежеше се најдоа и два куршума, а во рогот за барут имаше барут за

едно три полнења. Тој пиштол не чини, удира настрана и погаѓа сè на сè на петнаесет чекори; но, се разбира, тој ќе го пробие черепот ако се стави на самата слепоочница.

Јас решив да умрам во Павловск на изгреј-сонце и тоа да слезам во паркот за да не вознемирам некој во летниковецот. Моето „Појаснување" ќе биде доволно за да ѝ ја објаснам целата работа на полицијата. Љубителите на психологијата и оние на кои им е потребно ќе можат да извлечат од него сè што ќе им треба. Јас не би сакал, сепак, овој ракопис да ѝ биде даден на јавноста. Го молам кнезот да го сочува примерокот кај себеси и да ѝ го предаде другиот примерок на Аглаја Ивановна Епанчина. Тоа е мојата последна волја. Мојот скелет ѝ го оставам на Медицинската академија за полза на науката.

Не признавам никакви судии за мене и знам дека сега сум надвор од секаква власт на законот. Уште неодамна ме насмеа претпоставката: што ако ми падне на ум наеднаш да убијам некого, та и десет луѓе наеднаш, или да сторам нешто најужасно, нешто што се смета како најужасно на светов, во каков ќорсокак би се нашол судот пред мене со моите две-три недели што ми преостануваат и со неможност на изложување на мачења и страдање? Јас би умрел удобно во нивната болница, на топло и со внимателен доктор, и, можеби, многу поудобно и на потполо, одошто дома. Не разбирам зошто на луѓето, кои се во иста положба како и јас, не им доаѓа на ум таква мисла, та макар и на шега? Можеби, впрочем, и им доаѓа; кај нас можат да се најдат многу весели луѓе.

Но, иако не признавам судии за моите постапки, сепак знам дека ќе ми се суди, кога веќе ќе бидам глув и безгласен обвинет. Не сакам да си заминам без да оставам ниту збор за одговор, – слободен збор, а не изнуден, – не за оправдување, – о, не! да молам прошка немам кого и немам зошто, – туку само онака зашто самиот го сакам тоа.

Тука, пред сè, има една чудна мисла: кому, во име на кое право, во име на каква побуда би му паднало на ум да ми го оспорува сега моето право на тие две-

три недели што ми преостануваат? Каква работа има тука судот? Кому имено му треба јас не само да бидам осуден, туку и смерно да го издржам рокот на пресудата? Зар навистина тоа му е потребно некому? Заради моралот? Уште би го разбрал тоа во цветот на здравјето и силите да сум посегнал по својот живот, кој „би можел да му биде полезен на блискиот мој“ и т.н., тогаш од моралната страна и би можело да ми се префрли, по стара рутина, поради тоа што располагав со својот живот без да прашам или којзнае уште зошто. Но сега, сега кога веќе ми е прочитан рокот на осудата? На кој морал да му е потребно уште, покрај вашиот живот, и претсмртното крчење, со кое ќе го дадете и последниот атом на животот, слушајќи ги утешувањата на кнезот, кој, во своите христијански докази неопходно ќе дојде до среќната мисла дека е дури и подобро што умирате. (Таквите како него христијани секогаш доаѓаат до оваа идеја: тоа им е најсакана точка). И што сакаат тие со своите смешни „дрвја во Павловск“? Да ги засладат последните часови на мојот живот? Зар не го разбираат тоа дека колку повеќе се заборавам, колку повеќе му се предавам на овој последен призрак на живот и љубов, со кој тие сакаат да ми го засолнат од мојот поглед ѕидот на Маер и она што е на него толку искрено и простодушно напишано, толку понесреќен ќе ме направат? Што ќе ми ја вашата природа, вашиот Павловски парк, вашите изгреј-сонца и залези, вашето сино небо и вашите задоволни лица, кога целата таа гозба, која нема крај, почна со тоа, што само мене ме смета за излишен? Што ќе ми ја целата таа убавина, кога јас секоја минута, секоја секунда морам и принуден сум сега да знам дека дури и оваа ситна мушичка, која брмчи сега околу мене во сончевиот зрак, дека е и таа дури учесник во целата оваа гозба, си го знае своето место, го сака и е среќна, а дека сум само јас единствениот исфрлен, и дека само поради својата малодушност досега не сакав да го сфатам тоа! О, та јас знам колку би сакал кнезот и сите тие да ме доведат до тоа, место сите овие „подмолни и злобни“ зборови, да ја запеам смерно и за победа на моралноста познатата и класична строфа на Милво:

O, puissent voir votre beauté sacrée.
Tant d'amis, sourds à mes adieux!
Qu'ils meurent pleins de jours, que leur mort soit pleurée
Qu'un ami leur ferme les yeux!*

Но верувајте ми, верувајте ми, простодушни луѓе, дека и во оваа смерна строфа, во тој академски благослов на светот во француски стихови има толку притаена жолчка, толку непомирлива, самозасладена со римите злоба, што дури и самиот поет, можеби, западнал во ќорсокак и ја сфатил таа злоба како солзи на разнеженост и со такво убедување и умрел; нека му е лесна земјата! Знајте дека постои граница на срамот во свеста за сопствената ништожност и слабост, надвор од која човекот не може да оди понатаму и од која во самиот свој срам почнува да чувствува огромно задоволство . . . Се разбира, смиреноста е огромна сила во таа смила, јас го дозволувам тоа, – иако и не во онаа смисла, во која религијата ја прифаќа смиреноста како сила.

Религија! Го дозволувам постоењето на вечниот живот и, можеби, секогаш сум го дозволувал. Нека биде запалена свеста со волјата на вишата сила, нека се обѕирнала таа на светот околу себе и рекла: „јас постојам!", и нека од вишата сила наеднаш ѝ биде наредено да се уништи, зашто таму е заради нешто така, – и дури не е ни објаснето заради што, – потребно, нека, сето тоа јас го дозволувам, но, пак се појавува вечното прашање: заради што беше потребна притоа мојата смиреност? Зар е невозможно едноставно да бидам изеден, без да се бара од мене возвишување на она што ме изело? Зар таму навистина

---

* О, да ја видам вашата света убост
Пријателите, што се глуви за моето заминување!
Нека умрат тие на залезот на дните свои,
Смртта нивна да им биде оплакана и пријател нека им ги затвори очите.

(Авторот на овие стихови е францускиот поет Никола Жилбер, 1750–1780).

некој ќе се најде навреден со тоа што јас не сакам да почекам две недели? Не верувам јас во тоа; и многу е поверодостојно да претпоставам дека тука едноставно стана потребен мојот ништожен живот, животот на еден атом, за исполнување на некаква општа хармонија во целост, за некојси плус и минус, за некојси контраст и така натаму, и така натаму, токму онака како што секој ден е потребно да се жртвува животот на многу суштества, без чија смрт останатиот свет не може да опстане (макар што треба да забележиме дека тоа не е многу великодушна мисла како таква). Но нека биде! Јас се сложувам дека поинаку, то ест, без непрестајното изедување на еден со друг, светот никако не можел да биде создаден; но јас дури и се сложувам да дозволам дека ништо не разбирам во тој поредок; но затоа пак ете во што сум сигурен: ако ми е веќе еднаш дадено да бидам свесен дека „постојам“, тогаш што ми е работа до тоа што е светот создаден со грешки и дека поинаку не може да опстане? Кој тогаш и за што мене ќе ми суди? Како сакате, но сето ова е невозможно и неправедно.

А меѓутоа, јас никогаш, дури и покрај сета моја желба, не можев да си претставам дека идниот живот и провидението не постојат. Најсигурно е дека сето тоа го има, но дека ние ништо не сфаќаме од идниот живот и од неговите закони. Но ако тоа толку е тешко и дури сосема невозможно да се разбере, тогаш зар ќе одговарам за тоа што сум немал сили да го осмислам несфатливото? Тие, вистина, зборуваат и, се разбира, кнезот заедно со нив, дека тука е потребна токму послушност, дека треба да се слуша без размислување, од чиста смерност, и дека за својата кроткост го понижуваме провидението, припишувајќи му ги нашите сфаќања, од јад што не можеме да го разбереме. Но, пак повторувам, ако е невозможно да се сфати тоа, тешко е и да се одговара за она за што на човекот не му е дадено да разбере. А ако е така, како тогаш ќе ми се суди поради тоа што јас не сум можел да ја сфатам вистинската волја и законите на провидението? Не, подобро е да ја оставиме религијата.

А и доста е. Кога ќе стигнам до овие редови, си-

гурно веќе ќе изгрее сонцето и ќе „заечи на небо", и ќе се разлее огромната, непресметлива сила низ сиот свет под сонцето. Нека биде! Јас ќе умрам гледајќи право во изворот на силата и животот, и не ќе го посакам тој живот. Да сум ја имал таа моќ да не се родам, јас, сигурно, не ќе го прифатев постоењето врз толку подбивните услови. Но јас уште ја имам моќта да умрам, макар што го давам веќе осуденото. Не е голема моќта, не е голем ни бунтот.

Последно појаснување: воопшто не умирам поради тоа што немам сили да ги издржам тие три недели; о, ќе ми стасаа сили и, да посакав јас веќе би бил доволно утешен само со свеста за навредата што ми е нанесена; но јас не сум француски поет и не ги сакам таквите утехи. Најодзади и соблазнот: природата до тој степен ми ја ограничи мојата дејност со своите три недели на пресудата, што можеби, самоубиството е единствената работа која уште можам да стасам да ја почнам и да ја завршам по своја сопствена волја. И што, можеби јас и сакам да ја искористам последната можност за дејност? Протестот никогаш не е мала работа . . ."

„Појаснувањето" заврши; Иполит најодзади запре . . .

Во крајните случаи постои оној последен степен на цинична искреност, кога нервен човек, раздразнет и вон од себеси, повеќе не се плаши од ништо и готов е за секаков скандал, дури и му се радува; ги напаѓа луѓето, самиот имајќи притоа нејасна, но цврста цел по неколку минути бездруго да падне од камбанарија и со тоа наеднаш да ги разреши сите недоумици, ако се појават такви. Знак на ваквата состојба е обично и блиското истоштување на физичките сили. Прекумерниот, речиси натприродниот напор, кој досега го одржуваше Иполит, стаса до овој последен степен. Ова осумнаесетгодишно момче, истоштено од болест, се чинеше слабо, како растреперено ливче откинато од дрвото; но штотуку тој стигна да ги опфати со поглед своите слушачи, – за првпат во текот на целиот последен час, – истиот миг највисоко-парна, најпрезрива и навредлива одвратност се појави во неговиот

поглед и во неговата насмевка. Тој иташе со својот предизвик. Но и слушачите се наоѓаа во големо негодување. Сите бучно и јадосано станувaа од масата. Изморeноста, виното, напрегнатоста, ја засилувaа непристојноста и небаре извалканоста на впечатоците, ако е можно така да се изразиме.

Наеднаш Ипполит брзо срипа од столот, небаре некој го откинал од местото.

– Сонцето е појавено! – викна тој, кога ги виде врвовите од дрвјата, покажувајќи му ги на кнезот како некое чудо, – појавено е!

– А вие да не сте мислеле дека нема да се појави, а? – забележа Фердишченко.

– Пак цел еден врел ден, – со незаинтересирана јадосаност мрмореше Гања, држејќи ја шапката в раце, протегнувајќи се и прозевајќи се, – речиси цел месец ваква суша! – Ќе си одиме ли, Птицин?

Ипполит се вслушуваше вчудоневидено, речиси стаписано; наеднаш тој страшно пребледе и затрепе-

– Вие многу неумешно се преправате рамнодушен за да ме навредите, – му се обрна тој на Гања, гледајќи го право в очи, – вие сте никаквец!

– Е, ова веќе не личи на ништо, вака да се распушти! – се провикна Фердишченко, – каква е тоа феноменална малодушност!

– Тој е просто улав, – рече Гања.

– Ипполит малку се прибра.

– Јас разбирам, господа, – почна тој, треперејќи како и порано и прекинувајќи се кај секој збор – дека сум можел да ја заслужам вашата лична одмазда, и . . . жал ми е што ве измачив со моето бладање (тој го покажа ракописот), а впрочем, жалам што не сум ве измачил сосема . . . (тој глупо се насмевна), ве измачив ли, Евгениј Павлович? – наеднаш се префрли тој кон него со прашање, – ве измачив или не? Кажете!

– Малку е развлечено, но впрочем . . .

– Кажете сè! Не лажете макар еднаш со својот живот! – трепереше и наредуваше Ипполит.

– О, мене ми е сосема сеедно! Сторете ми ја таа услуга, ве молам, оставете ме на мира, – Евгениј Павлович со гадење му го сврте грбот.

– Добра ноќ, кнезу, – му пријде на кнезот Птицин.

– Та тој сега ќе пука во себе, што правите! Погледајте го! – викна Вера и се втурна кон Иполит необично исплашена и дури го зграпчи за рака, – та тој нели рече дека ќе се отепа на изгреј-сонце, а вие!

– Нема да се отепа! – злорадо промрморија неколку гласови, меѓу нив и на Гања.

– Господа, внимавајте, – викна Коља, зграпчувајќи го исто така Иполит за рака, – та само погледнете го! Кнезу! Кнезу, што ќе сторите; околу Иполит се собраа: Вера; Коља, Келер и Бурдовски; сите четворица го фатија со раце.

– Тој има право, право! . . . – мрмореше Бурдовски, впрочем исто така збунет.

– Дозволете кнезу, што ќе наредите? – му пријде на кнезот Лебедев, пијан и разлутен до дрскост.

– Што да наредам?

– Сепак, господине; дозволете; јас сум домаќин, макар што не сакам да ви искажам помала почит . . . Да речеме, и вие сте домаќин, но јас не сакам, вака во мојата сопствена куќа . . . Ете, така, господине.

– Нема да се отепа; се мајтапи момчакот! – ненадејно, луто и самоуверено се провикна генералот Иволгин.

– Браво, генералу! – му се придружи Фердишченко.

– Знам дека нема да се застрела, генералу, многупочитуван генералу, но сепак . . . зашто сум домаќин.

– Чујте, господине Терентиев, – рече наеднаш Птицин, откако се поздрави со кнезот и подавајќи му рака на Иполит, – вие, се чини, во вашата тетратка зборувате за вашиот скелет, за вашиот сопствен, то ест вие ги завештавате вашите коски?

– Да, моите коски . . .

– Така, така. Зашто може да се погреши: велат веќе се случило такво нешто.

– Зошто се подбивате со него? – викна наеднаш кнезот.

– Го доведовте до солзи, – додаде Фердишченко.

Но Иполит воопшто не плачеше. Тој веќе тргна од местото, но четириминната кои го беа опкружиле наеднаш заедно го зграпчија за раце. Се чу смеа.

– Кон тоа и целеше, за раце да го држат; затоа ја прочита и тетратката, – забележа Рогожин. – Збогум, кнезу. Колку седевме, коските ме заболеа.

– Ако вие сакавте вистински да се застрелате, Терентиев, – се насмеа Евгениј Павлович, – по вакви комплименти, јас, да сум на ваше место, за инает не би се застрелал, за да им се потсмевнам.

– Тие страшно сакаат да видат како ќе се застрелам! – му се нафрли Иполит.

Тој говореше небаре се нафрлуваше.

– Јадосани се што не ќе видат.

– И вие ли така мислите дека нема да видат?

– Јас не ве поттикнувам; туку, напротив, мислам дека е сосема можно вие да се застрелате. Најважно е да не се лутите . . . – развлече Евгениј Павлович, заштитнички одолжувајќи ги своите зборови.

– Јас дури сега гледам дека сторив страшна грешка прочитувајќи им ја тетратката! – проговори Иполит, гледајќи го Евгениј Павлович со толку ненадејно доверлив изглед, небаре од пријател бараше пријателски совет.

– Ситуацијата е смешна, но . . . вистина да речам, не знам што да ви посоветувам, – насмевнувајќи се му одговори Евгениј Павлович.

Иполит строго го гледаше право в очи, не откинувајќи го погледот и молчеше. Можеше да се помисли дека на мигови тој сосема се губеше.

– Не, дозволете господине, какво му е притоа држењето, – проговори Лебедев, „ќе се застрелам, значи, во паркот, никого да не обеспокојувам!“ Тој тоа мисли дека нема никого да обеспокои, дека ќе слегне од скалите три чекори во паркот.

– Господа . . . – почна кнезот.

– Не, дозволете, многупочитуван кнезу, – жестоко не се даваше Лебедев, – како што самите повелавте да видите дека тоа не е шега, и бидејќи половината од вашите гости се во крајна линија на истото мнение и се убедени дека сега, по зборовите што се изговорени тука, тој неопходно е должен да се застрела заради честа, јас, како домаќин, во присуство на сведоци изјавувам дека ве поканувам да помогнете!

– Што може да се стори, Лебедев? Јас сум готов да ви помогнам.

– А ете што: прво, да му побарате веднаш да ви го предаде пиштолот, со кој тој се правеше важен пред нас, со сите препарати. Ако го предаде, јас се сложувам да го пуштиме да преноќи ноќва во оваа куќа, имајќи ја предвид неговата здравствена состојба, со тоа, се разбира, да биде под надзор од моја страна. Но утре бездруго нека си замине каде ќе посака; проштавајте, кнезу! Ако пак не го предаде оружјето, јас без премислување, веднаш го земам за раце, јас за едната, генералот за другата, и веднаш ќе пратам некој да ја извести полицијата и тогаш веќе работата ќе си премине на разгледување во полицијата. Господинот Фердишченко, како познат, ќе појде таму.

Се крена врева; Лебедев беснееше и веќе ја превршуваше мерката; Фердишченко се приготви да оди в полиција; Гања неспирливо настојуваше на тоа дека никој нема да се застрела. Евгениј Павлович молчеше.

– Кнезу, дали сте паднале некогаш од камбанарија? – му прошепоти наеднаш Иполит.

– Н-не . . . – наивно му одговори кнезот.

– Зар мислите дека јас не ја предвидов сета оваа омраза! – прошепоте пак Иполит, болскајќи со очите и гледајќи во кнезот небаре навистина очекуваше одговор од него. – Доста – викна тој наеднаш кон целата публика, – јас сум виновен . . . најповеќе од сите! Лебедев, еве го клучот (тој го извлече портмонето и од него челичен прстен со три или четири мали клучиња), еве овој, предпоследниов . . . Коља ќе ви покаже . . . Коља! Каде е Коља? – викна тој гледајќи во Коља и не препознавајќи го, – да . . . ете, тој ќе ви покаже; тој прекеска заедно со мене ја пакуваше патната торба. Одведете го, Коља; таа е во кабинетот на кнезот, под масата . . . мојата торба . . . со ова клуче, долу во кутивчето . . . е мојот пиштол и рокчето со барут. Тој самиот прекеска пакуваше, господине Лебедев, тој ќе ви покаже; но со тоа, утре рано, кога ќе тргнам во Петербург, да ми го вратите пиштолот назад. Слушате ли? Јас го правам ова за кнезот; не за вас.

– Еве вака е подобро! – Лебедев го зграпчи клучот и, насмевнувајќи се зајадливо, истрча во соседната соба.

Коља запре, сакаше нешто да забележи, но Лебедев го одвлечка со себе.

Ипполит ги гледаше гостите кои се смееја. Кнезот забележа дека му тропаат забите како во најсилна треска.

– Какви никаквеци се сите тие! – пак му прошепоти Ипполит на кнезот, вон себе. Кога тој разговараше со кнезот, се наведнуваше и шепотеше.

– Оставете ги; вам ви е многу лошо . . .

– Сега, сега . . . сега ќе си заминам.

Наеднаш тој го прегрна кнезот.

– Вие можеби сметате дека сум јас луд? – го погледна тој него насмевнувајќи се чудно.

– Не, но вие . . .

– Сега, сега, не говорете; не кажувајте ништо; почекајте . . . јас сакам да погледам во вашите очи . . . Стојте така, јас ќе ве гледам. Јас со Човек ќе се збогувам.

Тој стоеше и неподвижно и молчејќи гледаше во кнезот околу десет секунди, многу блед, со слепоочници оросени од пот и го фаќаше кнезот некако чудно за рака, небаре се плашеше да го испушти.

– Ипполит, Ипполит, што ви е? – викна кнезот.

– Сега . . . доста е . . . јас ќе си легнам. За здравјето на сонцето ќе испијам една голтка . . . Така сакам, така сакам, пуштете ме!

Тој брзо зграпчи од маса една чаша, појури од своето место и за еден миг му се приближи на излезот од терасата. Кнезот веќе потрча по него, но се случи така што, како нарочно, во тој ист миг Евгениј Павлович да му подаде рака за поздрав. Мина една секунда и наеднаш, општа викотница ја опфати терасата. Потоа настапи минута на необична збунетост.

Еве што се случи.

Доаѓајќи сосема до излезот од терасата, Ипполит запре, држејќи ја во левата рака чашата а десната завлекувајќи ја во десниот џеб од своето палто. Келер подоцна убедуваше дека Ипполит и порано ја држел

раката во десниот џеб, уште додека разговарал со кнезот и со левата рака го фаќал ту за рамо, ту за јаката и дека, токму таа десна рака во џебот, убедуваше Келер, и предизвикала кај него прво сомневање. Како и да било, но извесна вознемиреност го натерала и него да потрча по Иполит. Но и тој не стаса. Тој само виде како во десната рака на Иполит наеднаш нешто болсна и како во истиот миг мал џебен револвер се најде притиснат на неговата слепоочница. Келер појури да го фати за рака, но истиот миг Иполит притисна на удирачот. Се чу остро, суво чкрапање на удирачот, но не уследи истрел. Кога Келер го преграбна Иполит, овој му падна на раце, небаре в несвест, можеби вистински верувајќи дека веќе е убиен. Револверот веќе беше во рацете на Келер. На Иполит му потрчаа на помош, донесоа стол, го седнаа на него и сите се насобраа наоколу, сите викаа, сите прашуваа. Сите го слушнаа чкрапањето на удирачот и сите го видоа човекот жив, дури без гребнатинка. Самиот Иполит седеше, не разбирајќи ништо од она што се случува, и ги опфаќаше сите наоколу со својот несвесен поглед. Лебедев и Коља втрчаа во истиот тој миг.

– Не пукнал? – прашуваа наоколу.

– Можеби не бил наполнет? – напаѓаа други.

– Наполнет е! – прогласи Келер разгледувајќи го револверот, – но . . .

– Воопшто немаше капсула, – извести Келер.

Тешко е и да се раскаже тажната сцена што проследи. Првобитниот и општиот уплав брзо почна да се менува со смеа; некои дури почнаа и да се кикотаат, наоѓаа во тоа злорадо задоволство. Иполит плачеше како во хистерија, си ги кршеше рацете, се втурнуваше кон сите, дури и кон Фердишченко, го зграпчи со двете раце и му се колнеше дека заборавил, дека „заборавил сосема случајно, а не намерно“ да ја стави капсулата, дека „капсулите се ете тука сите, во џебот на неговиот елек, дека сметал секогаш дека ќе стигне да ги стави, кога ќе му притреба, и наеднаш заборавил. Тој се втурнуваше кон кнезот, кон Евгениј Павлович, го молеше Келер да му го врати пиштолот, дека тој сега ќе им докажел на сите дека неговата

„чест, чест" . . . дека тој сега бил „обесчестен засекогаш! . . ."

Најодзади тој и навистина падна во несвест. Го однесоа во кабинетот на кнезот, и Лебедев, сосема отрезнет, прати веднаш да се викне доктор, а самиот заедно со ќерката, синот, со Бурдовски и со генералот остана крај постелата на болниот. Кога беше изнесен онесвестениот Ипполит, Келер застана среде собата и изјави тука сите да можат да го чујат, одделувајќи и нагласувајќи секој збор, во големо вдахновение:

– Господа, ако некој од вас уште еднаш, гласно, пред мене ќе се посомнева во тоа дека капсулата била заборавена намерно, и почне да тврди дека несреќниот младич само играл комедија, – таквиот од вас ќе има работа со мене.

Но нему никој не му одговори. Гостите, најпосле, итно и во групи си заминаа. Птицин, Гања и Рогожин си заминаа заедно.

Кнезот беше многу вчудоневиден што Евгениј Павлович си ја промени својата намера и си заминуваше без разговор.

– Та нели вие сакавте да поразговарате со мене, откако сите ќе си заминат? – го праша тој него.

– Така е, – рече Евгениј Павлович, седнувајќи наеднаш на стол и седнувајќи го и кнезот крај себе, – но сега јас за извесно време ја изменив својата намера. Ви признавам дека сум малку збунет, а и вие сте исто така. Мислите ми се измешаа; освен тоа, она, за што сакав да поразговарам со вас, е премногу важна работа за мене, а и за вас исто така. Гледате ли, кнезу, сакам макар еднаш во животот да извршам една сосема чесна работа, то ест без никаква задна мисла, е, а јас мислам дека во овој миг не сум сосема способен за сосема чесна работа, а и вие, можеби, исто така . . . и . . . тогаш . . . но, ние после ќе се разбереме. Можеби и работата ќе се здобие со поголема јасност, и за мене и за вас, ако почекаме три-четири дни, кои јас сега ќе ги поминам во Петербург.

Тогаш тој пак се крена од столот, така што беше чудно зошто воопшто седнувал. На кнезот исто така му се стори дека Евгениј Павлович е незадоволен и

раздразнет и дека гледа непријателски, дека неговиот поглед воопшто не го изразува она што изразуваше прееска.

– Патем речено, вие сега пак кај болниот?

– Да . . . јас се плашам, – проговори кнезот.

– Не плашете се; тој сигурно ќе проживее петшест недели и, можеби, тука дури и ќе се поправи. А најубаво ќе биде да го избркате утре.

– Јас можеби и навистина сум го навел на тоа со тоа што . . . не му реков ништо; тој, можеби, помисли дека и јас се сомневам во тоа дека ќе се застрела? Што мислите вие, Евгениј Павлович?

– Никако. Вие сте премногу добар, зашто уште се грижите. Јас имам начуено за тоа, но уште никогаш немав видено во природа, како човек намерно се застрелува за да го фалат, или пак од лутина што не го фалат за тоа. Што е најважно, на таа искреност на малодушноста не би можел да ѝ поверувам! А вие, сепак, избркајте го утре.

– Вие мислите дека тој пак ќе стрела во себе?

– Не, сега веќе нема да пука. Но вардете се вие од овие наши Ласенери изникнати на наша почва! Ви повторувам, престапот премногу е вообичаено засолниште на оваа наша неталентирана, нестрплива и лакома ништожност.

– Зар тој е Ласенер?

– Суштината е иста, макар што, можеби, улогите се поинакви. Ќе видите, ако тој господин не е во состојба да отепа десет души, само од „шега“, токму онака како прееска што ни прочита самиот во своето појаснување. Тие зборови сега мене не ќе ми дадат да заспијам.

– Вие, можеби, премногу се вознемирувате.

– Ме вчудоневидувате, кнезу; не верувате дека тој е способен с е г а да отепа десет души?

– Се плашам да ви одговорам; сѐво ова е многу чудно; но . . .

– Ваша работа, ваша работа! – раздразнето заврши Евгениј Павлович, – притоа, вие сте толку храбар човек; само да не се најдете меѓу оние десетмина.

– Најверојатно е дека тој нема никого да убие, – рече кнезот гледајќи го замислено Евгениј Павлович.

Овој зајадливо се насмеа.

– До видување, време е! А дали го забележавте тоа дека тој копијата од својата исповед ја завешта на Аглаја Ивановна?

– Да, го забележав и . . . размислувам за тоа.

– Така, така, во случај на десетмината, – се насмеа пак Евгениј Павлович и излезе.

По еден час, веќе кога мина три часот, кнезот слезе во паркот. Тој се обиде прво да заспие дома, но не можеше од силното биење на срцето. Дома, впрочем, сè беше средено и колку што можеше беше смирено; болниот заспа и докторот кој пристигна изјави дека немало никаква особена опасност. Лебедев, Коља и Бурдовски легнаа да спијат во собата на болниот за да се менуваат во дежурство; според тоа, немаше од што да се плаши.

Но вознемиреноста на кнезот се зголемуваше секој миг. Тој се талкаше по паркот, гледајќи расеано околу себе и вчудоневидено застана кога стигна до платформата пред станицата и виде редица празни клупи и пултови за оркестарот. Него го стаписа тоа место и му се стори којзнае зошто ужасно грдо. Тој тргна назад и право по патот, по кој минуваше вчера со Епанчини кон станицата, стигна до зелената клупа, која му беше обележана за состанок, седна на неа и наеднаш гласно се насмеа, поради што веднаш стигна до големо негодување. Неговата тага сè уште траеше; сакаше да замине некаде . . . Тој не знаеше каде. Над него, на дрвото пееше птица и тој почна со погледот да ја бара меѓу лисјето; наеднаш птицата полета од дрвото и истиот миг тој наеднаш се потсети на онаа „мушичка“ во „врелиот сончев зрак“, за која пишуваше Иполит, дека и „таа го знае своето место и дека учествува во заедничкиот хор и дека само тој е исфрлен“. Таа реченица го стаписа уште преќеска, сега тој се сети на тоа. Еден одамна заборавен спомен зашумоли во него и ненадејно наеднаш се разјасни.

Тоа се случи во Швајцарија, првата година на неговото лекување, дури првите месеци. Тогаш тој сè

уште беше сосема како идиот, не умееше дури ни да зборува убаво, напати не можеше да разбере што се бара од него. Еднаш тој залутал меѓу ридовите, еден ведар сончев ден и долго се талкаше со една мачна мисла, која никако не можеше да се оформи. Пред него беше светло небо, долу езеро, наоколу хоризонт, чист и бескраен, на кој не можеше да му се види крајот. Тој долго време гледаше и се мачеше. Тој се сети сега како ги подаваше своите раце во таа чиста, бескрајна синевина и плачеше. Го измачуваше тоа што тој е туѓинец за сè ова. Каква е оваа гозба, каков е овој секојдневен голем празник, на кој нема крај, и кон кој тој одамна чувствува привлечност, секогаш, од самото детство и во кој тој никако не може да се вклопи. Секоја изутрина изгрева ова исто јасно сонце; секоја изутрина на водопадот се појавува виножито, секоја вечер, прекриена со снег, највисоката планина таму, во далечината, на крајот на небото избувнува во пурпурен пламен; секоја „малечка мушичка, која брмчи околу него во врелиот сончев зрак, учествува во целиот тој хор: си го знае своето место, го сака и среќна е"; и секоја тревка расте и среќна е! И сè си има своја патека, и сè си ја знае својата патека, со песна се оддалечува и со песна се враќа; тој е единствениот што ништо не знае, ништо не разбира, ни луѓе, ни звуци, за сè е туѓинец и исфрлен е од сè. О, тој, се разбира, тогаш не можеше да зборува со овие зборови и да го изрази своето прашање; тој се мачеше немо и безгласно; но сега му се чинеше дека тој сето тоа го говореше и тогаш, токму сите овие зборови и дека за таа „мушичка" Ипполит му зел лично од него, од неговите тогашни зборови и солзи. Тој беше убеден во тоа и од таа мисла неговото срце којзнае зошто биеше . . .

Тој се занесе на клупата, но неговото неспокојство траеше и во сонот. Пред да заспие тој се сети дека Ипполит ќе отепал десет души и се насмеа на неумесноста на претпоставката. Околу него се ширеше прекрасна, чиста тишина, единствено со шумолењето на дрвјата, од кое, се чини, станува уште потивко и поосамено наоколу. Тој виде многу сонови и сите не-

мирни од кои тој секој миг затреперуваше. Најодзади, му дојде една жена; тој ја познаваше неа, ја познаваше до страдање; тој секогаш можеше да ѝ го каже името и да ја покаже, – но чудно, – таа сега небаре имаше поинакво лице од она што го знаеше тој секогаш, и тој до измачување не сакаше да ја препознае во неа таа жена. Во тоа лице имаше толку покајување и ужасеност, што се чинеше дека таа била страшна престапничка и штотуку сторила ужасен престап. Една солза трепереше на нејзиниот блед образ; таа го повика со рака и стави прст на устата, небаре предупредувајќи го да ја следи потивко. Неговото срце премре; тој за ништо на светот не сакаше да поверува дека таа е злосторничка; но тој чувствуваше дека само што не се случило нешто ужасно за цел негов живот. Таа, се чини, сакаше да му покаже нешто, тука близу во паркот. Тој стана за да тргне по неа и наеднаш крај него се рашири нечија весела, свежа смеа; нечија рака наеднаш се најде во неговата рака; тој ја зграпчи таа рака, силно ја стегна и се разбуди. Пред него стоеше Аглаја и гласно се смееше.

VIII

Таа се смееше, но таа и негодуваше.

– Спие! Вие спиевте! – викна таа со презриво вчудоневидување.

– Тоа сте вие! – промрмори кнезот, уште нерасонет сосема и вчудоневидено препознавајќи ја, – ох, да! Тоа е состанокот . . . јас спиев тука.

– Видов.

– Никој не ме будеше, освен вас? Никој немаше тука, освен вас? Ми се стори дека тука беше . . . друга жена . . .

– Тука имаше друга жена . . .

Најпосле тој сосема се расони.

– Тоа беше само сон, – замислено проговори тој, – чудно, во таков миг, таков сон . . . Седнете.

Тој ја фати за рака и ја седна на клупата; самиот седна крај неа и се замисли. Аглаја не го почнуваше

разговорот, туку само внимателно го гледаше својот соговорник. И тој погледнуваше кон неа, но напати така, небаре сосема не ја гледа пред себеси. Таа почна да се вцрвува.

– Ох, да! – затрепери кнезот, – Иполит се застрела!

– Кога? Кај вас? – праша таа, но без големо чудење, – зашто вчера вечер тој, се чини, сè уште беше жив? Како можевте тогаш да спиете тука, по сè тоа? – викна таа наеднаш живнувајќи.

– Но тој не умре, пиштолот не истрела.

По настојувањето на Аглаја кнезот мораше да ја раскаже веднаш и со сите детали целата приказна од минатата ноќ. Таа секој миг го забрзуваше во раскажувањето, но самата го прекинуваше со непрестајни прашања и речиси сите без врска. Меѓу другото, таа со голема љубопитност го ислуша сè она што зборуваше Евгениј Павлович и неколкупати дури и го препраша.

– А сега доста е, треба да поитам, – заклучи таа откако сосема го ислуша, – смееме да останеме тука само еден час, до осум часот, зашто во осум часот јас морам неопходно да бидам дома, за да не дознаат дека сум била тука, а јас дојдов по работа; многу работи морам да ви кажам. Само вие сега сосема ме збунивте. За Иполит јас мислам дека неговиот пиштол и не требало да истрела, тоа нему повеќе му прилега. Но вие сте убедени дека тој бездруго сакал да се застрела и дека тука немало измама?

– Немало никаква измама.

– Ова е поверојатно. Тој така и напишал вие да ми ја донесете неговата исповед? Зошто тогаш не ми ја донесовте?

– Но тој не умре. Јас ќе го прашам.

– Донесете ми ја бездруго и немате што да го прашувате. Тоа, сигурно, ќе му биде многу пријатно, зашто тој, можеби, со таа цел и пукал во себеси, за да му ја прочитам потоа исповедта. Ве молам да не им се смеете на моие зборови, Лав Николаевич, зашто е тоа многу веројатно.

– Јас не се смеам, зашто и самиот сум убеден дека, од една страна, тоа е многу веројатно.

– Убедени сте? Зар и вие така мислите? – наеднаш страшно се почуди Аглаја.

Таа прашуваше брзо, иташе во зборувањето, но честопати небаре се збунуваше и честопати не се доискажуваше; секој миг иташе да го предупреди за нешто; воопшто, таа беше необично вознемирена и, макар што изгледаше многу храбра и со извесно предизвикување, сепак, можеби, беше малку уплашена. Беше облечена во обичен, секојдневен фустан кој ѝ стоеше многу убаво. Таа често затреперуваше, се вцрвуваше и седеше на работ од клупата. Потврдувањето на кнезот на тоа дека Иполит пукал во себеси заради тоа таа да му ја прочита неговата исповед, многу ја вчудоневиде.

– Се разбира, – објасни кнезот, – тој сакаше, освен вас, и ние сите да го пофалиме . . .

– Како тоа да го пофалите?

– То ест, тоа е . . . како да ви речам? Тоа е многу тешко да се искаже. Само, тој, се чини, сакаше сите да се соберат околу него и да му кажат дека многу го сакаат и го почитуваат, и сите да почнат да го молат да остане да живее. Сосема е веројатно дека тој вас ве имал најмногу предвид, зашто во таков момент вас ве спомна . . . макар што, можеби, и самиот не знаел дека на вас мисли.

– Ова веќе воопшто не го разбирам: мислел на мене и не знаел дека мисли на мене. А впрочем, се чини дека разбирам: знаете ли дека јас и самата триесетина пати, уште кога бев тринаесетгодишно девојче, мислев да се отрујам, и да им го напишам сето тоа на родителите и јас мислев како ќе лежам во мртовечкиот сандак, а сите ќе плачат над мене, и ќе се обвинуваат себеси што биле толку жестоки кон мене . . Зошто пак се насмевнувате, – брзо додаде таа намуртувајќи ги веѓите, – мислите ли вие нешто во себеси кога сте сам? Можеби си вообразувате дека сте фелдмаршал и дека сте го победиле Наполеон?

– Ви давам чесен збор дека си го вообразувам тоа, особено пред да заспијам, – се насмеа кнезот, – само јас не го победувам Наполеон туку сè некои Австријци.

– Воопшто не сакам да се шегувам со вас, Лав Николаевич. Со Ипполит јас сама ќе се видам; ве молам да го предупредите. А сево ова од ваша страна наоѓам дека е многу неубаво, зашто е многу грубо да се гледа вака и суди душата на еден човек, како што го судите вие Ипполит. Вие немате нежност: гола праведност, а тоа е неправедно.

Кнезот се замисли.

– Чинам дека сте вие неправедни кон мене, – рече тој, – зашто јас не наоѓам ништо лошо во тоа што тој така мислел, зашто сите се наклонети така да мислат; притоа, можеби, тој воопшто и не мислел, туку само посакал . . . посакал последен пат да се најде со луѓе, да ја заслужи нивната љубов и почит; та тоа се многу убави чувства, само сето тоа не излезе некако како треба; тука е замешана болеста и уште нешто! Притоа пак, кај некои секогаш сè убаво излегува, а кај други не личи на ништо . . .

– Ова сигурно за себе го додадовте? – забележа Аглаја.

– Да, за себе, – одговори кнезот не забележувајќи никаква злорадост во прашањето.

– Само сепак, јас никако не би заспала да сум на ваше место; вие само да ја ставите некаде главата и веднаш заспивате; тоа е многу неубаво од ваша страна.

– Но јас цела ноќ не сум заспал, а притоа и шетав, шетав, без да ја слушам музиката . . .

– Каква музика?

– Онаму каде што свиреше вчера, а потоа дојдов ваму, седнав, размислував, размислував и заспав.

– А, ете како? Тоа зборува во ваша полза . . . А зошто сте оделе на музика?

– Не знам, онака . . .

– Добро, добро, подоцна; вие сè ме прекинувате, и што ми е работа што сте оделе на музика? Која е таа жена што сте ја сониле?

– Таа . . . за . . . вие сте ја виделе . . .

– Разбирам, сосема ве разбирам. Вие неа многу . . Како ви се појавила на сон, како изгледала? А впро-

чем, не сакам ни да знам, – отсече таа наеднаш јадосано. – Не прекинувајте ме . . .

Таа малку почека небаре собирајќи сила или трудејќи се да се ослободи од јадосаноста.

– Ете во што е целата работа, за што ве имам викнато: сакам да ви предложам да ми бидете пријател. Што ги ококоривте вака наеднаш очите? – додаде таа речиси разгневено.

Кнезот навистина премногу се загледуваше во неа во тој миг, забележувајќи дека таа пак почна страшно да се вцрвува. Во овие случаи, колку повеќе се вцрвуваше, се чинеше дека толку повеќе и се лутеше на себеси поради тоа, што јасно се огледаше во нејзините светнати очи; обично по еден миг таа веќе ја пренесуваше својата лутина на оној со кого разговараше, без оглед на тоа дали тој бил или не бил виновен, и почнуваше да се кара со него. Знаејќи и чувствувајќи ја својата бојазливост и срамежливост, таа обично ретко стапуваше во разговор и беше помолчелива од своите сестри, напати беше дури и премногу молчелива. Кога пак, особено во такви незгодни случаи, беше неопходно да проговори, таа го почнуваше разговорот со необична надуеност и речиси со некое предизвикување. Таа секогаш однапред насетуваше кога ќе почнеше или само што не почнеше да се вцрвува.

– Вие можеби не сакате да ја прифатите мојата понуда? – го погледна таа кнезот од високо.

– О, не, сакам, само тоа сосема е непотребно . . . то ест јас воопшто не мислев дека е потребно да се прави ваква понуда, – се збуни кнезот.

– А што сте мислеле вие? Зошто требаше да ве повикам тука? Што сте имале на ум? Впрочем, вие, можеби, ме сметате малечко будалче, како што ме сметаат сите дома?

– Јас не знаев дека ве сметаат за будалче, јас . . . јас не ве сметам.

– Не ме сметате? Тоа е многу умно од ваша страна. Особено е умно искажано.

– Според мене, вие сте дури можеби и премногу умна напати, – продолжуваше кнезот, – вие преѓеска кажавте еден многу умен збор. Вие рековте за моето

сомневање во однос на Иполит: „тука има само гола праведност, а тоа е неправдина“. Ова јас ќе го запаметам и ќе поразмислам за тоа.

Аглаја наеднаш вивна од задоволство. Сите тие промени се случуваа кај неа необично отворено и со неверојатна брзина. Кнезот исто така се израдува и дури и се насмеа од радост, гледајќи ја неа.

– Та слушајте ме, – почна таа одново, – долго ве чекав за да ви го кажам сево ова, ве чекав уште од она време кога ми напишавте писмо оттаму, и дури и порано . . . Половината вие веќе ја чувте од мене вчера: јас ве сметав за најчесен и највистинољубив човек, најчесен и највистинољубив од сите, и ако велат за вас дека ви е умот . . . то ест, дека сте напати болен во умот, тогаш тоа е несправедливо; јас дојдов до такво убедување и спорев, зашто макар што сте и навистина болен со умот (вие, се разбира, не ќе ми се налутите, зашто јас го велам тоа од повисока точка), главниот ум ви е пак затоа подобар од сите нив, дури е таков, каков што не можеле тие ни да сонат, зашто има два ума: главен и неглавен. Така е, зар не?

– Можеби е и така, – одвај проговори кнезот; срцето страшно му трепереше и биеше.

– Сигурна бев дека ќе ме разберете, – важно продолжуваше таа. – Кнезот Ш. и Евгениј Павлович не се разбираат ништо од тие два ума, Александра исто така, а представете си, maman разбра.

– Вие многу личите на Лизавета Прокофјевна.

– Како тоа? Зар е вистина? – се почуди Аглаја.

– Жими бога, така е.

– Ви благодарам, – рече таа откако поразмисли, – мене ми е многу мило што личам на maman. Вие, се чини, многу ја почитувате? – додаде таа не забележувајќи ја воопшто наивноста на прашањето.

– Многу, многу и мило ми е што вие така непосредно го разбравте тоа.

– И мене ми е мило зашто имам забележано како напати . . . ѝ се потсмеваат. Но слушајте го најглавното: јас долго размислував и најодзади вас ве избрав. Не сакам дома да ми се потсмеваат; не сакам да ме сметаат за малечко будалче; не сакам да ме задеваат

. . Јас сето тоа веднаш го сфатив и тврдо го одбив Евгениј Павлович, зашто не сакам непрестајно да ме мажат! Јас сакам . . . јас сакам . . . ете, јас сакам да побегнам од дома, а вас ве одбрав да ми помогнете во тоа.

– Да побегнете од дома! – викна кнезот.

– Да, да, да, да побегнам од дома! – викна таа наеднаш, вивнувајќи од необична лутина, – јас не сакам, јас не сакам постојано да ме присилуваат таму да се вцрвувам. Јас не сакам да се вцрвувам ниту пред нив, ниту пред кнезот Ш., ниту пред Евгениј Павлович, ниту пред никој, и затоа ве одбрав вас. Со вас јас сакам за сè, за сè да говорам, дури и за најглавното, кога ќе посакам; од своја страна и вие не треба ништо да криете од мене. Јас сакам макар со еден човек да разговарам како со самата себе. Тие наеднаш почнаа да говорат дека јас ве чекам и дека ве сакам. Тоа се случи уште пред вашето доаѓање, а јас не им го имав покажано писмото; а сега веќе сите говорат. Сакам да бидам смела и да не се плашам од ништо. Не сакам да ги посетувам нивните балови, јас сакам да бидам корисна. Јас веќе одамна сакав да заминам. Веќе е дваесет години како сум затворена кај нив и тие непрестајно ме омажуваат. Уште на четиринаесет години мислев да побегнам, макар што бев будалче. Сега јас веќе сè пресметав и ве чекав вас да ве распрашам сè за странство. Јас немам видено ниту една готска катедрала, сакам да го посетам Рим, сакам да ги разгледам сите научни кабинети, сакам да учам во Париз; целата последна година јас се готвев и учев, и многу книги прочитав, ги прочитав сите забранети книги. Александра и Аделаида ги читаат сите книги, тие смеат, а мене не ми ги даваат сите, над мене се врши надзор. Со сестрите не сакам да се карам, но на мама и тате јас веќе одамна им имам изјавено дека сакам исцело да ја изменам мојата социјална положба. Јас решив да се занимавам со воспитна работа и сметав на вас, зашто вие зборувавте дека сакате деца. Можеме ли заеднички да се зафатиме со воспитна работа, не мора веднаш, туку во иднина? Ние заедно ќе бидеме корисни; јас не сакам да

бидам генералска ќерка . . . Кажете ми, дали сте вие многу учен човек?

– О, воопшто не сум.

– Штета, а јас мислев . . . како го мислев јас тоа? Вие сепак ќе ми давате напатствија, зашто јас ве одбрав вас.

– Тоа е бесмислено, Аглаја Ивановна.

– Сакам, сакам да побегнам од дома! – викна таа и одново почна да ѝ светкаат очите, – ако не се сложите вие, јас ќе се омажам за Гаврило Ардалионович. Јас не сакам дома да ме сметаат за одвратна жена и да ме обвинуваат којзнае за што.

– Да ли сте вие при себе! – за малку да срипа кнезот од местото, – за што ве обвинуваат, кој ве обвинува?

– Сите дома, мама, тате, сестрите, кнезот Ш., дури и вашиот одвратен Коља! Ако не ми говорат директно, тие тогаш така мислат. Јас на сите тоа во очи им го кажав и на мама и на тате. Maman беше болна цел ден; а следниот ден Александра и тате ми рекоа дека јас и сама не сум разбирала, дека сум измислувала и дека какви не зборови сум зборувала. А јас веднаш директно им фрлив в лице дека јас веќе сè разбирам, сите зборови, дека јас повеќе не сум малечка, дека јас уште пред две години намерно прочитав два романа од Пол-де-Кок, за да дознам сè. Maman штотуку ме слушна, само што не се онесвести.

Кај кнезот се појави наеднаш чудна мисла. Тој внимателно ја погледна Аглаја и се насмевна.

Тој дури не можеше да верува дека пред него седи онаа иста недостапна девојка, која така гордо и самоуверено му го прочита некогаш писмото на Гаврило Ардалионович. Тој не можеше да разбере како кај една таква самоуверена, сурова убавица можеше да се крие такво дете, дете кое можеби дури ни с е г а не ги разбира с и т е з б о р о в и.

– Вие само дома сте живееле, Аглаја Ивановна? – праша тој, – сакам да речам, не сте оделе во некоја школа, не сте учеле во институт?

– Никаде, никаде немам одено; само дома си седев, затворена како во шише и од шишето право на

мажачка; зошто се насмевнувате пак? Јас забележувам дека и вие, чинам, ми се потсмевате и сте на нивна страна, – додаде таа намуртувајќи се страшно, – не лутете ме, јас и без тоа не знам што станува со мене . . . јас сум убедена дека вие дојдовте вамy исцело убеден дека сум заљубена во вас и дека сум ве викнала на состанок, – отсече таа луто.

– Вчера јас навистина се плашев од тоа, – простодушно издрдори кнезот (тој беше многу збунет), – но денес јас сум убеден дека вие . . .

– Како! – викна Аглаја и нејзината долна усна наеднаш затрепери, – вие сте се плашеле дека јас . . . вие сте имале смелост да мислите дека јас . . . Господе! Вие можеби насетувавте дека јас сум ве викнала вамy за да ве намамам во мрежата и потоа некој да нè најде тука и да ве присили да се ожените со мене . . .

– Аглаја Ивановна! Како ви дозволува совеста? Како можеше така нечиста мисла да никне во вашето чисто, невино срце? Би можел да се обложам дека вие и самите не му верувате ниту на еден ваш збор и . . . самите не знаете што зборувате!

Аглаја седеше упорно гледајќи в земи, небаре самата беше исплашена од она што го кажа.

– Јас воопшто не се срамам, – промрмори таа, – од каде знаете дека ми е срцето невино? Како сте смееле вие тогаш да ми пратите љубовно писмо?

– Љубовно писмо? Моето писмо – љубовно! Тоа писмо е исполнето со најголема почит, тоа писмо е излеано од моето срце во најтешкиот миг на мојот живот! Јас се сетив тогаш на вас како на некоја светлина . . . јас . . .

– Добро, добро, – го прекина наеднаш таа, но веќе со сосема поинаков тон, во полно покајување и речиси исплашена, дури и се наведна кон него, трудејќи се сè уште да не го гледа директно в очи, речиси сакаше да го допре за рамо, за што поубедливо да го замоли да не се лути, – добро, – додаде таа страшно посрамена, – јас чувствувам дека употребив страшно глуп израз. Тоа го сторив онака . . . за да ве искушам. Прифатете го како и да не беше речено. Ако пак ве навредив, тогаш проштавајте. Не гледајте ме, ве молам директно

в очи, свртете се. Вие рековте дека тоа е многу нечиста мисла: јас тоа намерно го кажав за да ве засегнам вас. Напати самата се плашам од она што ми паѓа на ум да кажам и наеднаш ќе го кажам. Вие сега рековте дека тоа писмо сте го напишале во најтешкиот миг на вашиот живот . . . Јас знам кој беше тој миг, – тивко проговори таа гледајќи пак в земи.

– О, само кога би можела да знаете сѐ!

– Јас сѐ знам! – викна таа возбудувајќи се повторно, – вие сте живееле тогаш во еден стан, цел месец, со таа одвратна жена, со која сте побегнале . . .

Овојпат таа не се вцрви туку пребледе изговарајќи го тоа и наеднаш стана од местото, небаре не знаејќи што прави, но веднаш, откако се прибра, седна; усната уште долго време продолжуваше да ѝ трепери. Молчењето траеше околу една минута. Кнезот беше сосема стаписан од ненадејноста на истапот и не знаеше на што да го припише.

– Јас воопшто не ве сакам вас, – рече таа одеднаш, небаре отсече.

Кнезот не одговори; пак останаа да молчат околу една минута.

– Јас го љубам Гаврило Ардалионович . . . – проговори таа набрзина, но одвај чујно и наведнувајќи ја главата уште повеќе.

– Тоа не е вистина, – проговори кнезот, и тој речиси шепотејќи.

– Јас, значи, лажам? Тоа е вистина; му имам дадено збор, пред два дни, на истата клупа.

Кнезот се исплаши и за миг се замисли.

– Тоа не е вистина, – повтори тој одлучно, – сето тоа вие сте го измислиле.

– Ова е необично учтиво. Знајте дека тој се поправи; тој ме љуби повеќе од сѐ на светот. Тој пред мене си ја гореше раката само мене да ми докаже дека ме сака повеќе од сѐ на светот.

– Си ја горел раката?

– Да, својата рака. Верувајте или не верувајте ми, сеедно ми е.

Кнезот пак замолча. Во зборовите на Аглаја немаше шеговитост; таа се лутеше.

– Тој значи, донел ваму свеќа, ако се случувало тоа тука? Инаку не можам да си претставам . . .

– Да . . . свеќа. Што има тука неверојатно?

– Цела или со свеќник?

– Е па . . . не . . . половина свеќа . . . едно парченце . . . цела свеќа . . . – сеедно, оставете ме на мира! . . . И кибрит, ако сакате, имаше донесено. Ја запали свеќата и цел половина час го држеше прстот над свеќата; зар тоа е нешто невозможно?

– Го имам видено вчера; прстите му се здрави.

Аглаја наеднаш прсна во смеа; сосема како дете.

– Знаете ли зошто сега ве измамив? – му се сврте таа наеднаш на кнезот со највистинска детска доверливост и сѐ уште со смеа што ѝ треперешe на усните, – зашто ако лажеш и ако умешно уфрлиш нешто не сосема обично, нешто ексцентрично, ете, знаете, нешто што се случува многу ретко или не се случува многу ретко или не случува воопшто, тогаш лагата станува многу поверојатна. Јас го имам забележано тоа. Само не ми излезе како треба, зашто не успеав . . .

Наеднаш таа пак се намурти, небаре се сепна.

– Макар што јас тогаш, – му се обрна таа на кнезот, гледајќи го сериозно дури и тажно, – и макар што јас тогаш ви рецитирав за „бедниот рицар", со тоа иако сакав . . . да ве пофалам за едно, истовремено сакав и да ве суредам поради вашето држење и да ви покажам дека јас сѐ знам . . .

– Вие сте многу неправедни кон мене . . . спрема онаа несреќница, за која пред малку толку страшно се изразивте, Аглаја.

– Зашто јас знам сѐ, сѐ, затоа и се изразив така! Јас знам како вие пред половина година пред сите ѝ понудивте брак. Не прекинувајте ме, гледате дека зборувам без коментари. Потоа таа побегна со Рогожин; потоа вие живеевте со неа во некое село, или во град и таа од вас појде кај некој друг (Аглаја ужасно се вцрви). После таа пак се врати кај Рогожин, кој ја сака како . . . како луд. После вие, исто така многу умен човек, дојуривте сега ваму по неа, штотуку дознавте дека таа се вратила во Петербург. Вчера вечер

вие појуривте да ја браните, а сега сте ја виделе на соне . . . Гледате ли дека јас сè знам; зашто вие заради неа, заради неа дојдовте тука?

– Да, заради неа, – тивко одговори кнезот, – наведнувајќи ја главата тажно и замислено и не чувствувајќи со каков вжарен поглед го погледна Аглаја, – заради неа, само да дознам . . . Јас не верувам во нејзината среќа со Рогожин, макар што . . . со еден збор, јас не знам што би можел јас тука да сторам за неа и како да ѝ помогнам, но јас дојдов.

Тој затрепери и ја погледна Аглаја; таа со омраза го слушаше него.

– Штом сте дошле не знаејќи зошто, значи премногу ја љубите, – проговори таа најодзади.

– Не, – одговори кнезот, – не, не ја љубам. О, кога би знаеле со каков ужас се сеќавам јас на тоа време, кое го минав со неа!

Дури и грч помина низ неговото тело при овие зборови.

– Раскажете сè, – рече Аглаја.

– Тука нема ништо онакво што не би можеле да го чуете вие. Зошто имено јас сакав сето ова да ви го раскажам и тоа само на вас, – не знам; можеби, зашто вас и навистина многу ве сакав. Онаа несреќна жена е длабоко убедена дека е најпропаднато, најпорочно суштество од сите на овој свет. О, не резилете ја, не фрлајте го каменот. Таа премногу се измачи самата себеси со свеста на својот незаслужен срам! И во што е виновна таа, о, господе! О, таа везден избезумена вика дека не гледа никаква вина кај себеси, дека е жртва на луѓето, жртва на еден развратник и злосторник; но, што и да ви зборува таа, знајте дека таа прва не си верува себеси и дека со целата своја совест верува, напротив, дека таа . . . самата е виновна. Кога јас се обидов да го расчистам тој мрак околу неа, таа стигнуваше до такво страдање, што срцето никогаш не ќе ми заздравее сè додека се сеќавам на тоа ужасно време. Срцето ми е небаре прободено еднаш засекогаш. Таа побегна од мене, знаете ли зошто? Само за да ми докаже мене дека таа – е ниска. Но најужасно тука е тоа што таа и самата, можеби, не знаела дека

само мене сака да ми го докаже тоа, туку мислела дека бега заради тоа што во душата чувствувала неопходност да изврши срамно дело, за веднаш да си докаже самата на себеси: „Ете, си сторила уште еден резил, спрема тоа ти си едно ниско суштество!" О, можеби вие не ќе можете да го разберете тоа Аглаја! Знаете ли дека тоа непрестајно сознание на срамот кај неа содржи некакво ужасно, неприродно задоволство, небаре одмазда некому. Напати јас ја доведував до тоа, што таа речиси можеше пак да види светлина околу себе; но веднаш пак се побунуваше и стигнуваше дотаму што со горчина ме обвинуваше мене небаре премногу високо сум се кревал над неа (кога тоа ни на ум не ми паѓаше), и директно ми изјави најодзади, кога ѝ предложив брак, дека таа не барала од никој високомерно сочувство, ниту помош, ниту „возвишување на себеси". Вие ја видовте вчера; зар мислите дека таа е среќна со таа дружина, дека тоа е нејзино друштво? Вие не знаете колку е таа интелигентна и што сè може да сфати! Таа дури напати ме вчудоневидуваше!

– Вие и таму сте ѝ читале вакви . . . проповеди?

– О, не, – замислено продолжи кнезот, не забележувајќи го тонот на прашањето, – јас речиси постојано молчев. Јас честопати сакав да зборувам, но навистина не знаев што да кажам. Знаете ли, во некои случаи е најдобро воопшто да не се зборува. О, јас ја љубев неа; о, многу ја љубев . . . но после . . . после . . . после таа сè насети.

– Што насети?

– Дека јас само ја жалам, – а дека јас . . . повеќе не ја љубам.

– Од каде знаете, таа можеби навистина се вљубила во оној . . . спахија, со кој заминала?

– Не, мене ми е сè познато: таа само му се потсмевнала нему.

– А вам никогаш не ви се потсмевала?

– Н-не. Таа ми се смееше само од лутина; о, таа тогаш ужасно ме прекоруваше, разгневена, – самата страдаше! Но . . . после . . . о, не потсетувајте ме, не потсетувајте ме на тоа!

Тој си го прекри лицето со раце.

– А знаете ли дека речиси секој ден ми пишува писма?

– Тоа е, значи, вистина! – викна кнезот вознемирено, – чув за тоа но сè уште не сакав да верувам.

– Од кого сте чуле? – преплашено се сепна Аглаја.

– Рогожин вчера ми кажа, само не сосема јасно.

– Вчера? Вчера изутрина? Кога вчера? Пред музиката или по неа?

– По неа; вечерта, на кај дванаесет часот.

– А-а, штом е Рогожин . . . А знаете ли што ми пишува таа во тие писма?

– Не ќе се почудам на ништо; таа е безумна.

– Еве ги тие писма. (Аглаја извлече од џеб три писма во три плика и му ги фрли на кнезот.) Ете, веќе цела недела таа ме моли, ме наведува, ме мами да се омажам со вас. Таа . . . да, таа е умна, макар што е безумна, и вие вистина велите дека таа многу е поумна од мене . . . таа ми пишува дека е вљубена во мене, дека секој ден бара можност да ме види макар оддалеку. Таа пишува дека вие ме љубите мене, дека таа тоа го знае, дека одамна забележала и дека вие со неа таму сте разговарале за мене. Таа сака да ве види среќен; таа е убедена дека само јас можам да ви создадам среќа . . . Таа пишува така незајазливо . . . чудно . . . Никому ги немам покажано писмата, вас ве чекав; знаете ли вие што значи тоа? Ништо не насетувате?

– Тоа е безумност; доказ за нејзината безумност, – проговори кнезот и усните му затреперија.

– Да не заплачете случајно?

– Не, Аглаја, нема да заплачам, – ја погледна кнезот.

– Што да правам јас тука? Што ќе ми посоветувате вие? Та не можам јас да ги примам тие писма.

– О, оставете ја, ве молам! – викна кнезот, – што работа имате вие во тој мрак; јас ќе ги употребам сите напори за да не ви пишува таа повеќе.

– Ако е тоа така, тогаш вие сте човек без срце! – викна Аглаја, – зар вие не гледате дека таа не е во мене вљубена, туку во вас, дека таа само вас ве љуби!

Зар вие кој успеавте сè да забележите кај неа, не сте го забележале тоа? Знаете ли што е сево ова, што значат тие писма? Тоа е љубомора; тоа е нешто повеќе од љубомора! Таа . . . вие мислите дека таа навистина ќе се омажи со Рогожин, како што ми пишува тука во писмата? Таа ќе се самоубие следниот ден штом ќе се венчаме ние!

Кнезот затрепери; срцето му замре. Но тој вчудоневидено ја гледаше Аглаја: нему му беше чудно да си признае дека ова дете веќе одамна е жена.

– Господ нека види, Аглаја, дека јас за да ѝ го вратам спокојството и да ја направам среќна би си го дал мојот живот, но . . . јас повеќе не можам да ја љубам, и таа тоа го знае!

– Жртвувајте се себеси тогаш, тоа толку личи на вас! Зашто сте вие толку голем добротвор. И не велите ми „Аглаја" . . . Вие и прееѓеска ми рековте едноставно „Аглаја" . . . Вие треба, вие морате да ја воскреснете, вие треба пак да заминете со неа за да го смирувате и успокојувате нејзиното срце. Зашто вие и ја љубите!

– Јас не можев да сторам таква жртва, макар што еднаш и сакав и . . . можеби и сега сакам. Но јас сигурно знам дека таа ќе пропадне со мене и затоа ја оставам. Јас требаше да ја видам денес во седум часот; сега, може, нема да појдам. Како што е горда таа никогаш не ќе ми ја прости мојата љубов, – и ние и двајцата ќе пропаднеме! Тоа е неприродно, но тука сè е неприродно. Вие велите дека таа ме сака мене, но зар тоа е љубов? Зар може да има таква љубов, по она што веќе имам претрпено! Не, тука е нешто друго, а не љубов!

– Колку пребледнавте! – се исплаши наеднаш Аглаја.

– Ништо; малку спиев; премалев, јас . . . ние навистина говоревме тогаш за вас, Аглаја . . .

– Тоа е значи вистина? Вие навистина сте можеле да разговарате со неа за мене и . . . како сте можеле да ме засакате мене, кога ме имавте видено само еднаш?

– Не знам како. Во мојот тогашен мрак јас меч-

таев . . . ми се привидуваше, можеби, нова зора. Јас не знам како се случи да помислам за вас како за прва. Јас тогаш вистина ви напишав дека не знам. Сето тоа беше само мечта, од тогашниот ужас . . . А потоа почнав да учам; три години требаше да не доаѓам тука . . .

– Значи, дојдовте заради неа?

И нешто затрепери во гласот на Аглаја.

– Да заради неа.

Минаа две-три минути мрачно молчење од обете страни. Аглаја се крена од местото.

– Ако вие велите, – почна таа со несигурен глас, – ако вие самите верувате дека онаа . . . ваша жена . . . е безумна, тогаш мене не ми е работа до безумните фантазирања . . . Ве молам Лав Николаевич, да ги земете тие три писма и да ѝ ги фрлите од моја страна! И ако таа, – викна наеднаш Аглаја, – ако таа посмее уште еднаш да ми прати макар еден ред, кажете ѝ дека јас ќе му се пожалам на татко ми и дека ќе ја одведат во дом за душевно болни . . .

Кнезот срипа и исплашено го гледаше тој ненадеен гнев на Аглаја; и наеднаш, небаре магла се расчисти пред него . . .

– Невозможно е вака да чувствувате . . . тоа не е вистина! – мрмореше тој.

– Тоа е вистина! Вистина е! – викна Аглаја речиси избезумено.

– Што е вистина? Каква вистина? – се слушна крај нив преплашен глас.

Пред нив стоеше Лизавета Прокофјевна.

– Тоа е вистина дека јас се мажам за Гаврило Ардалионович! Дека јас го љубам Гаврило Ардалионович и бегам со него уште утре од дома! – ѝ се нафрли Аглаја. – Слушнавте ли? Задоволена ли е вашата љубопитност? Задоволни ли сте со тоа?

И таа отрча дома.

– Не, вие, братче, сега нема да си заминете, – го запре кнезот Лизавета Прокофјевна, – сторете ми го тоа, повелете кај мене да ми објасните . . . Каква мака е сега ова, јас и онака цела ноќ не заспав.

Кнезот тргна по неа.

IX

Кога влезе во својата куќа, Лизавета Прокофјевна запре уште во првата соба; таа не можеше да оди понатаму и се спушти на канабе сосема премалена, заборавајќи дури и да му каже на кнезот да седне. Тоа беше доста голем салон, со тркалеста маса на средината, со камин, со многу цвеќе на полици крај прозорците и со уште една стаклена врата во градината на задниот ѕид. Истиот миг влегоа и Александра и Аделаида, заинтересирано и во недоумица гледајќи го кнезот и мајка си.

Девојките во летниковецот обично станувaa околу девет часот; само Аглаја последните два-три дни почна да си станува малку порано и да излегува да шета во градината но, сепак, не во седум часот, туку во осум или и подоцна. Лизавета Прокофјевна, која навистина немаше спиено цела ноќ поради различни свои грижи, стана околу осум часот, намерно, за да ја најде Аглаја во градината, претпоставувајќи дека оваа веќе станала; но ниту во градината, ниту во спалната таа не ја најде. Тогаш таа конечно се вознемири и ги разбуди ќерките. Од слугинката тие дознаа дека Аглаја Ивановна уште пред осум часот излегла во паркот. Девојките ѝ се насмевнаа на новата наумничавост на нивната наумничава сестричка и ѝ забележаа на мајка си дека Аглаја може и да се разлути ако таа појде да ја бара во паркот, и дека сигурно таа сега седи со книга в раце на зелената клупа, за која таа уште пред три дни имаше зборувано и за која речиси се скараа со кнезот Ш., зашто овој не нашол ништо особено во местото на оваа клупа. Кога наиде на состанок и слушајќи ги необичните зборови на својата ќерка, Лизавета Прокофјевна многу се исплаши поради многу причини; но, доведувајќи го сега со себе кнезот, се исплаши дека ја гибна работата. „Та зошто Аглаја не би можела да се најде и да почне разговор со кнезот во паркот, дури, најодзади тоа да било и однапред договорено меѓу нив како состанок?"

– Немојте да помислите, миличок кнезу, – се прибра таа најодзади, – дека јас ве доведов тука за да ве

испрашувам . . . Јас, миличок, по вчерашната вечер, можеби уште долго не би посакала да се најдам со тебе . . .

Притоа таа небаре малку се стресе.

– Но, сепак, вие многу би сакале да дознаете како сме се нашле денес со Аглаја Ивановна? – сосема спокојно ѝ ја доврши мислата кнезот.

– Та што, се разбира! – избувна веднаш Лизавета Прокофјевна. – Не ќе се исплашам ниту од отворени зборови. Зашто никого не навредувам и немав намера никого да навредам . . .

– Ве молам, нема никаква навреда, природно е дека сакате да дознаете; вие сте мајка. Денес се најдовме со Аглаја Ивановна крај зелената клупа во седум часот изутрината по нејзината вчерашна покана. Таа вчера вечер со писмо ми даде на знаење дека треба да ме види и да разговара со мене за важна работа. Ние се најдовме и поразговаравме за работи кои се однесуваат само до Аглаја Ивановна; ете, тоа е сè.

– Се разбира дека е сè, миличок, и нема сомневање дека е сè, – достоинствено изговори Лизавета Прокофјевна.

– Прекрасно, кнезу! – рече Аглаја влегувајќи ненадејно во собата, – од сè срце ви благодарам што сметавте дека сум и јас неспособна да се спуштам тука до лага. Доста ли ви е тоа, maman, или имате намера уште да испитувате?

– Ти знаеш дека досега уште за ништо јас не морав да се вцрвувам пред тебе, макар што, можеби, ти би му се радувала на тоа, – поучно ѝ одговори Лизавета Прокофјевна. – Збогум, кнезу; простете ми што ве вознемирив. И се надевам дека вие ќе останете убедени во моето непроменето почитување кон вас.

Кнезот веднаш се поклони и на двете страни и молчејќи излезе. Александра и Аделаида се насмевнаа и си прошепотеа нешто меѓу себе. Лизавета Прокофјевна ги погледна.

– Се насмеавме само на тоа, maman, – се насмеа Аделаида, – што кнезот толку прекрасно се поклони; напати сосема е како врека, а тука, наеднаш, како . . . како Евгениј Павлович.

– Само срце учи на деликатност и достоинственост, а не танцмајстор, – сентенциозно заклучи Лизавета Прокофјевна и замина горе во својата соба, дури и не погледнувајќи ја Аглаја.

Кога кнезот се врати дома, веќе околу девет часот, на терасата ја најде Вера Лукијановна и слугинката. Тие заедно средуваа и чистеа по вчерашната безредица.

– Сполај му на господа, стасав да завршам додека стигнавте! – весело рече Вера.

– Добар ден; малку ми се врти главата; лошо спиев; јас би легнал.

– Тука на терасава, како вчера? Добро. Јас ќе им кажам на сите да не ве разбудат. Тате замина некаде.

Слугинката замина; Вера веќе тргна по неа, но се врати и загрижено му пријде на кнезот.

– Кнезу, смилувајте му се на оној, несреќникот; немојте да го избркате денес.

– Никако, нема да го избркам; како ќе сака самиот.

– Тој веќе сега нема ништо да стори и . . . немојте да бидете строг со него.

– О, не, та зошто?

– И . . . не потсмевајте му се, тоа е најглавното.

– Нема, воопшто нема!

– Глупава сум што на ваков човек како вас му го зборувам тоа, – се вцрви Вера. – А макар што сте премалени, – се насмеа таа полусвртена за да замине, – а очите во овој миг ви се толку добри . . . среќни.

– Зар навистина се среќни? – заинтересирано праша кнезот и весело се насмеа.

Но Вера, простодушно и отворена како момчак, наеднаш нешто се збуни, се вцрви уште повеќе и, продолжувајќи да се смее, забрзано излезе од собата.

„Колку е . . . прекрасна . . ." – помисли кнезот и веднаш заборави на неа. Тој навлезе во еден кат од терасата каде имаше канабе и пред него масичка, седна, го прекри лицето со раце и остана така околу десет минути; наеднаш тој забрзано и вознемирено ја завлече раката в џеб и извлече три писма.

Но вратата пак се отвори и влезе Коља. Кнезот

небаре се израдува на тоа што мораше да ги врати писмата назад в џеб и да го одложи мигот.

– Каков настан! – рече Коља наместувајќи се на канабето и приоѓајќи му отворено на предметот, како што прават сите слични на него. – Како го гледате сега Иполит? Без почитување?

– Но зошто . . . но, Коља, јас сум изморен . . . Одозгора пак премногу е тажно да почнувам пак за тоа . . . Впрочем, како е тој?

– Спие и ќе остане да спие уште два часа. Разбирам; вие не сте спиеле дома, сте се шетале по паркот . . . се разбира, возбуденоста . . . што сакаш повеќе!

– Од каде знаете дека јас сум скитал низ паркот и не сум спал дома?

– Вера сега ми кажа. Ме наговараше да не влегувам; јас не издржав, само за една минута. Јас овие два часа дежурав крај постелата; сега му е редот на Костја Лебедев. Бурдовски си замина. Та легнете си, кнезу; добар . . . ете, нека ви биде добар денот! Само, знаете, јас сум стаписан!

– Се разбира, сето тоа . . .

– Не, кнезу, не; јас сум стаписан од „Исповедта“. Главно од она место каде што зборува за провидението и за идниот живот. Таму има една ги-гантска мисла!

Кнезот галовно го погледна Коља, кој, се разбира, затоа и влегол што побрзо да поразговара за гигантската мисла.

– Но главното, главното не е само во мислата, туку во целата околност. Да го напишеше тоа Волтер, Русо или Прудон, јас би го прочитал, би го забележал, но не би се стаписал до тој степен. Но човекот, кој сигурно знае дека му остануваат уште десет минути и така зборува, – зар тоа не е гордо? Зашто тоа е највисоката независност на сопствената достоинственост, зашто тоа значи да се прават бравури директно . . . Не, тоа е гигантска сила на духот! И по ова да се тврди дека тој намерно не ја ставил капсулата, – тоа е ниско, противприродно! А знаете ли, та тој синоќа измами, итро постапи: јас воопшто никогаш не пакував со него, така што тој мене наеднаш ме збуни.

Вера вели дека вие го оставате тука; се колнам дека нема да има опасност, дотолку повеќе што ние сите сме постојано со него.

– А кој од вас бил таму ноќе?

– Јас, Костја Лебедев, Бурдовски; Келер остана таму, а потоа премина да спие кај Лебедев, зашто кај нас немаше каде да легне. Фердишченко исто така спиеше кај Лебедев, замина во седум часот. Генералот постојано е кај Лебедев, и тој сега замина . . . Лебедев можеби ќе дојде сега кај вас; тој, не знам зошто, ве бараше, двапати прашуваше. Да го пуштам или да не го пуштам, штом ќе легнете да спиете? И јас одам да спијам. Ах, да, би ви кажал една работа; ме почуди преѓеска генералот: Бурдовски ме разбуди мене пред седум часот да дежурам, речиси во шест; јас излегов за миг, наеднаш го сретнувам генералот и тоа сè уште толку пијан, што дури не ме ни позна; стои пред мене како камен; штом се сепна, веднаш ми се нафрли: „Како е, божем болниот? Одев да се распрашам за болниот“ . . . Јас му изреферирав, де – она, де ова. „Сè е ова добро, вели, но јас, што е најважно, одев за да те предупредам, затоа и станав; имам основи да претпоставувам дека пред господинот Фердишченко не смее сè да се говори и . . . треба да се внимава“. Разбирате ли, кнезу?

– Навистина? Впрочем . . . нам ни е сеедно.

– Да, несомнено сеедно ни е, ние не сме масони! Така што јас дури и се почудив што генералот поради тоа одел со намера да ме буди ноќе.

– Вие велите дека Фердишченко си замина?

– Во седум часот; намина кај мене патем: јас дежурам. Ми рече дека оди да се донаспие кај Вилкин, – има еден пијаница, Вилкин. Е, си одам! А еве го и Лукијан Тимофеич . . . Лукијан Тимофеич, на кнезот му се спие; назад!

– Само за една минута, многупочитуван кнезу; заради една значајна, во моите очи, работа, – со сила и со некаков трогнат тон, полугласно проговори Лебедев кога влезе и важно се поклони. Тој беше штотуку дојден и дури не стигна да намине во својата куќа, така што и шапката сè уште ја држеше в раце. Лицето му

беше загрижено и со некоја специјална, необична сенка на сопствената достоинственост. Кнезот го покани да седне.

– Вие двапати сте ме барале? Вие, можеби, сè уште се грижите поради вчерашното . . .

– Мислите, кнезу, што се однесува до она вчерашно момче? О, не, господине; вчера мислите ми беа несредени . . . но денес јас веќе немам намера да ги контрекарирам* со нешто вашите претпоставки.

– Контрека . . . како рековте?

– Јас реков: да контрекарирам; француски збор е, како и многу други зборови кои влегле во составот на рускиот јазик; но не држам особено до него.

– Што сте денес, Лебедев, толку важен и достоинствен и зборувате како во стихови, – се насмевна кнезот.

– Николај Ардалионович! – речиси со разнежен глас му се обрна Лебедев на Коља, – имајќи да му соопштам на кнезот за една работа, која се однесува всушност . . .

– Добро, се разбира, се разбира, тоа не е моја работа! До видување, кнезу! – истиот миг се повлече Коља.

– Го сакам детето поради разбраноста, – проговори Лебедев гледајќи по него, – момчево си е бистро, макар што е и здодевно. Западнав во необична несреќа, многупочитуван кнезу, вчера вечер или денес на изгреј-сонце . . . сè уште се колебам да го обележам точното време.

– Што се случи?

– Исчезнување на четиристотини рубли од џебот на палтото, многупочитуван кнезу; ме суредија! – додаде Лебедев со кисела насмевка.

– Сте изгубиле четиристотини рубли? Штета.

– Особено за еден беден човек кој благородно живее од својот труд.

– Се разбира, се разбира; како се случи тоа?

– Како последица на виното, господине. Доаѓам кај вас, како кај провидение, многупочитуван кнезу.

* Да се оспорува (франц.)

Сумата од четиристотини рубли во сребрени пари јас ја добив вчера во пет часот попладне од еден што ми должеше и со возот се вратив ваму. Портмонето ми беше в џеб. Кога се пресвлеков од мундирот во герок, ги преместив парите во него, сметајќи на тоа да ги имам кај себе, и истата вечер да ги дадам на еден кој ме молеше . . . чекајќи го неговиот довереник.

– Кога сме веќе при тоа, Лукијан Томофеич, вистина ли е дека вие сте објавувале во весник дека давате пари во залог за златни и сребрени работи?

– Преку полномошник; под адресата не ми е наведено моето сопствено име. Имајќи ништожен капитал и имајќи го предвид прирастот на семејството, признајте и самите дека еден чесен процент . . .

– Се разбира, се разбира; јас само онака колку да знам; проштавајте што ве прекинав.

– Полномошникот не се појави. Во меѓувреме стигна несреќникот; јас веќе бев во поднапиена состојба, по ручекот; ми наминаа гости, се напивме . . . чај, и . . . јас се развеселив за моја несреќа. Кога пак, веќе доцна навечер, дојде тој Келер и нè извести за вашиот свечен ден и за наредбата во однос на шампањското, јас, мил и многупочитуван кнезу, имајќи срце (што вие, веројатно, веќе сте забележале, зашто тоа го заслужувам), имајќи срце, да неречам чувствително, туку благородно, со што и се гордеам, – јас, за поголема свеченост на приготвениот пречек и чекајќи лично да ви честитам, си помислив да појдам и да си ги сменам старите партали со веќе еднаш соблечениот мундир по моето враќање, што и извршив, како што веројатно, кнезу, имате забележано, гледајќи ме целата вечер во мундирот. Сменувајќи ја облеката, јас си го заборавив портмонето во героктот . . . Вистина е дека кога господ ќе посака да казни тој прво умот го одзема. И дури денес, веќе во седум и пол, кога се разбудив, јас срипав како малоумен пред сè го зграпчив палтото, – само празен џеб! Портмонето како никогаш и да го немало.

– Ох, тоа е непријатно!

– Токму така: непријатно; и вие со вистински такт

го пронајдовте сега соодветниот израз, – не без подмолност, додаде Лебедев...

– Но како, впрочем . . . – се вознемири кнезот замислувајќи се, – та тоа е серизона работа.

– Токму така: сериозна работа е – уште еден збор што го пронајдовте, кнезу, за да означите . . .

– Ох, доста е, Лукијан Томофеич, што има да се пронајдува тука? Не се важни зборовите . . . Дали претпоставувате дека можеле во пијана состојба да ви испаднат од џебот?

– Можело. Сè е можно во пијана состојба, како што отворено се изразивте, кнезу! Но ве молам да процените: ако ми испадна портмонето од џебот, кога го менував палтото, тогаш испаднатиот предмет би требало да остане тука на подот. А каде е тој предмет, ве молам?

– Да не сте го ставиле некаде во фиока, во маса?

– Секаде пребарав, секаде преорав, дотолку повеќе што никаде не ги криев, и никаква фиока не отворав, што јасно помнам.

– Гледавте ли во долапчето?

– Прво таму, господине, и дури веќе николкупати денеска . . . А и како сум можел да ставам во долапчето, вистински почитуван кнезу?

– Морам да признам, Лебедев, дека тоа ме вознемирува. Значи некој ги нашол на подот?

– Или ми ги дигнал од џебот? Постојат две алтернативи.

– Мене тоа многу ме вознемирува, зашто кој токму . . . Ете го прашањето!

– Нема никакво сомнение дека тоа е главното прашање; вие зачудувачки правилно ги наоѓате зборовите и мислите и ја определувате ситуацијата, пресветол кнезу.

– Уф! Лукијан Тимофеич, оставете ги подбивањата, тука . . .

– Подбивања! – викна Лебедев плеснувајќи со дланките.

– Е, добро, добро, јас не се лутам, туку нешто сосема дурго . . . Јас се плашам заради луѓето. На кого се сомневате?

– Прашањето е многу тешко и . . . многу сложено! На слугинката не можам да се сомневам, таа си седеше во својата кујна. Родените деца исто така . . .

– Се разбира.

– Значи, некој од гостите.

– Но, зар тоа е можно?

– Воопшто, и во најголем степен е невозможно, но така мора да биде. Сепак, се сложувам да дозволам и дури сум убеден дека ако имаше кражба, таа не се случила вечерта, кога сите беа на куп, туку веќе ноќта или дури в зори, од некој кој остана да преноќи.

– Оф, господе!

– Бурдовски и Николај Ардалионович, јас природно ги исклучувам; тие дури и не влегуваа во мојата соба.

– Се разбира, та дури и да влегувале! Кој ноќеваше кај вас?

– Сметајќи ме и мене, ноќевавме ние четиримина, во две соби поврзани со врата: јас, генералот, Келер и господинот Фердишченко. Значи, еден од нас четиримината, господине!

– То ест од тројцата; но кој е?

– Јас се сметав и себеси за да бидам праведен и да си се знае редот; но признајте, кнезу, дека јас не сум можел да се крадам самиот себеси, макар што такви случаи имало на светов . . .

– Оф, Лебедев, колку е тоа здодевно! – нестрпливо викна кнезот, – преминете на работа, што одолжувате! . . .

– Значи, остануваат тројца, господине, и како прво, господинот Келер, еден несигурен човек, пијаница и во извесни случаи либерал, то ест, што се однесува до џебот, господине; во другото е пак со наклоности, така да кажеме, повеќе старо-рицарски одошто либерални. Тој прво си легна тука, во собата на болниот и дури веќе ноќе се префрли кај нас, под изговор дека било тврдо за спиење на голо душеме.

– Вие се сомневате на него?

– Се сомневав, господине. Кога јас во седум и пол часот како малоумен срипав и се удирв со дланката

по челото, овој веднаш го разбуди генералот, кој спиеше како новороденче. Имајќи го на ум чудното исчезнување, на Фердишченко, кое кај нас веќе побуди сомневање, ние обајцата веднаш одлучивме да го претресеме Келер, кој лежеше како ... како ... речиси сличен на дрво. Го претресовме наполно: во џебовите ниту паричка и дури немаше ниту еден неискинат џеб. Една сина крпа за нос на коцки, од памук, во непристојна состојба. Понатаму едно љубовно писменце од некоја собарка со барање пари и закануваање, и парчиња на веќе познатиот фељтон. Генералот заклучи дека е невин. За да ги пополниме информациите ние го разбудивме и него самиот, со сила успеавме да го размрдаме; одвај сфати во што е работата; зина со устата, пијан изглед, изразот на лицето несмасен и невин, дури и глуп, – не е тој, господине!

– Оф, колку ми е мило! – израдувано воздивна кнезот, – јас навистина се плашев за него!

– Сте се плашеле? Значи сте имале некоја основа за тоа? – замижурка Лебедев.

– О не, јас онака, – се повлече кнезот, – многу глупаво го реков тоа дека се плашев. Сторете ми го тоа, Лебедев, не кажувајте никому ...

– Кнезу, кнезу! Вашите зборови ми се во срцето ... во длабочината на моето срце! Таму е како в гроб, господине! ... – восхитено проговори Лебедев, стискајќи си ја шапката кон срцето.

– Добро, добро! ... Значи, Фердишченко? То ест, сакам да кажам дека вие се сомневате на Фердишченко?

– На кој повеќе да се сомневам? – тивко проговори Лебедев, гледајќи внимателно во кнезот.

– Да, се разбира ... на кого повеќе ... то ест, сепак, какви се доказите?

– Има докази. Како прво, исчезнувањето во седум или дури и пред седум часот наутро.

– Знам, Коља ми рече дека тој наминал кај него и му рекол дека оди да се донаспие кај ... заборавив кај кого, кај некој свој пријател.

– Кај Вилкин. Така, значи, Николај Ардалионович веќе ви рекол?

– Тој ништо не ми рече за кражбата.

– Тој и не знае, зашто засега јас ја држам работата во тајност. И така, тој оди кај Вилкин; би можело да се рече: што чудно има во тоа што еден пијан човек оди кај друг исто таков, каков што е и самиот, пијан човек, макар дури и во самите зори и без каков и да е повод? Но токму тука и се открива трагата: заминувајќи тој ја остава адресата . . . Сега внимавајте, кнезу, на прашањето: зошто тој ја оставил адресата? . . . . Зошто тој специјално влегува кај Николај Ардалионович и му нарачува дека „одам, значи, да се донаспијам кај Вилкин". И кој ќе се загрижи за тоа дека тој си заминува и дури дека заминува токму кај Вилкин? Што му требаше да известува? Не, тоа ви е лукавост, господине, лукавост на еден крадец. Тоа значи: „Еве, значи, намерно не ги скривам своите траги, каков крадец сум јас тогаш? Зар крадецот ќе кажеше каде заминува?" Излишна грижа да се оддалечат сомневањата и, така да речам, да се избришат трагите на песокта . . . Ме разбравте ли мене, многупочитуван кнезу?

– Ве разбрав, многу убаво ве разбрав, но зар тоа не е малку?

– Втор доказ господине: трагата се покажува како лажна, а дадената адреса не е точна. По еден час, то ест, во осум часот, јас веќе чукав на вратата на Вилкин; тој е тука во Петтата улица, и дури се познавам со него. Таму немаше никаков Фердишченко. Макар што и успеав да дознам од слугинката, која е сосема глува, дека пред еден час навистина некој чукал на вратата и доста силно, така што дури го скинал и ѕвончето. Но слугинката не отворила не сакајќи да го буди господинот Вилкин, а можеби не сакајќи ни самата да станува. Тоа се случува, господине.

– И тоа се сите ваши докази? Малку се.

– Но кнезу, промислете, во кого да се сомневам? – умилкувајќи се заклучи Лебедев и нешто лукаво се провре во неговата насмевка.

– Да погледневте уште еднаш во собите и фиоки-

те! – загрижено проговори кнезот по извесно размислување.

– Ги прегледав, господине! – со уште поголемо умилкување воздивна Лебедев.

– Хм! . . . и што ви требаше да го сменувате тоа палто? – викна кнезот тропнувајќи по масата од јад.

– Прашањето е од една старинска комедија. Но, најдобродушен кнезу, вие премногу ја примате кон срце мојата несреќа! Јас не го заслужувам тоа. То ест, јас самиот не го заслужувам тоа; но вие сте несреќни и заради злосторникот . . . за ништожниот господин Фердишченко?

– Да, да, вие навистина ме загриживте, – расеано и со незадоволство го прекина кнезот. – И така, што намеравате да сторите . . . ако сте толку убеден дека тоа е Фердишченко?

– Кнезу, многупочитуван кнезу, кој може друг да биде? – со умилкување кое сè повеќе се зголемуваше, се виеше Лебедев, – зашто непостоењето на друг на кој може да се посомнева и, така да речам, полната невозможност да се насетува кој и да е, освен господинот Фердишченко и тоа е, така да речам, уште еден доказ против господинот Фердишченко, тоа е веќе трет доказ! Зашто, пак ќе речам, кој може да биде друг? Зашто, зар да се посомневам во господинот Бурдовски, хе-хе-хе!

– Ете сега, каква бесмислица!

– Та зар, најодзади, во генералот, хе-хе-хе!

– Каква ми е тоа птица! – речиси луто проговори кнезот, вртејќи се нетрпеливо на своето место.

– Како да не е птица! Хе-хе-хе! И ме насмеја мене тој човек, то ест генералот, господине! Одиме ние двајцата преќеска по топлите траги кај Вилкин . . . а треба да забележиме дека генералот беше уште повеќе од мене стаписан кога јас, по загубата, го разбудив прво него, дури толку што се измени во лицето, се вцрви, пребледе и, најодзади, падна во толку силно и толку благородно негодување, што јас дури и не чекав да биде во толкав степен. Тој е најблагороден човек! Тој непрестајно лаже, тоа му е слабост, но тој е човек со највисоки чувства, и притоа не е итар, човек кој

влева најцелосна доверба со својата наивност. Јас веќе ви зборував, многупочитуван кнезу, дека чувствувам кон него не само слабост, туку дури и љубов. Наеднаш запира среде улица, го разгрнува палтото, ги открива градите: „Претреси ме, вели, ти го претресе Келер, а зошто не ме претресе мене? Справедливоста, вели, го бара тоа!“ А на самиот и рацете и нозете му се тресат, сиот дури и пребледна, стана толку страшен. Јас се изнасмеав и му велам: „Слушај, му велам, генерале, некој дург да ми го кажеше тоа за тебе, јас со сопствената рака ќе си ја симнев главата, ќе ја ставев на голем подавалник и самиот ќе им понудев на подавалникот на сите оние што се сомневаат: „Еве, значи, ја гледате главата, та ете со својата сопствена глава јас гарантирам за него и не само што ја давам главата, но дури и в оган ќе скокнам“. Ете како јас, му велам, сум готов да гарантирам за тебе! “ Тогаш тој ми се фрли в преграб, сè тоа среде улица, се насолзи, се растрепери и толку силно ме стисна на градите што јас одвај дојдов до здивот: „Ти си, вели, единствениот пријател кој ми остана меѓу сите мои несреќи!“ Чувствителен човек е! И, се разбира, веднаш патем ми раскажа и пригодна анегдота за тоа како и во него, божем, уште на млади години, се посомневале за кражба на петстотини илјади рубли, но дека тој уште следниот ден се фрлил во пламенот на една куќа што горела и го извлекол од огнот грофот што се сомневал во него и Нина Александровна, која тогаш уште била девојка. Грофот го прегрнал и така и се случила женачката негова со Нина Александровна, а веќе следниот ден во пепелта на пожарот го нашле и сандачето со исчезнатите пари; тоа било од железо, од англиска конструкција, со тајна клучакла и некако паднало меѓу штиците на подот, така што никој не забележал, и било пронајдено само поради пожарот што се случил. Чиста лага, господине. Но кога проговори за Нина Александровна, дури и залипа. Нина Александровна е најблагородна жена, иако ми е лута мене.

– Вие не се познавате?

– Речиси не, господине, но со сета душа би сакал,

да се познавам, та макар и само за тоа да се оправдам пред неа. Нина Александровна ми префрла небаре јас сега сум го расипувал нејзиниот сопруг со пиење. Но јас не само што не го расипувам туку, уште повеќе, јас го скротувам; јас, можеби, го оддалечувам од многу лошо друштво. Притоа тој ми е другар, господине, и јас, вам ќе ви признам, сега повеќе нема да го оставам, то ест, ќе биде дури и вака: каде тој, таму и јас, зашто со него можеш само ако си чувствителен. Сега тој дури воопшто не си ја посетува својата капетаница, макар што утајум го влече да појде кај неа и напати дури и стенка по неа, особено секое утро, кога станува и кога ги навлекува чизмите, а не знам зошто токму во тоа време. Тој нема пари, господине, ете во што е несреќата, а кај онаа без пари никако не смее да се појави. Не ви барал тој пари, многупочитуван кнезу?

– Не, не ми барал.

– Се срами. Тој тоа би го сакал; дури и мене ми има признаено дека сака да ве вознемири, но срамежлив е, зашто вие уште неодамна го извлековте од долговите и одозгора претпоставува дека нема да му дадете. Тој тоа како на пријател ми се довери.

– А вие не му давате пари?

– Кнезу! Многупочитуван кнезу! Не само пари, но за тој човек јас сум готов, така да речам, дури и животот . . . не, впрочем, не сакам да претерувам, – не животот, туку, така да речам, некоја треска, некој мозолец или дури и кашлица, – жими бога, би бил готов да поднесам, ако е тоа многу неопходно; зашто го сметам него за голем, но загубен човек! Ете, господине; не само пари господине!

– Вие, значи, му давате пари?

– Н-не; му немам давано пари и тој и самиот знае дека јас и нема да му дадам, но тоа само имајќи го предвид неговото воздржување и неговото поправување. Сега ми се прилепи за во Петербург; та јас одам во Петербург за да го најдам господинот Фердишченко по уште топлите траги, зашто сигурно знам, господине, дека тој веќе е таму. Генералот мој само врие; но се сомневам дека во Петербург тој ќе ми побегне за да ја посети капетаницата. Признавам дека

јас дури и намерно ќе го пуштам да ми побегне, како што веќе се здоговоривме по пристигнувањето веднаш да тргнеме на различни насоки, за да не биде поз-годно да го фатиме господинот Фердишченко. И ете јас ќе го пуштам, а после, наеднаш, како снег на гола глава, ќе го најдам кај капетаницата, – со цел да го посрамам малку, како еден семеен човек и како човек воопшто.

– Само не кревајте многу врева, Лебедев, живи бога, не кревајте врева, – полугласно и многу вознемирен проговори кнезот.

– О не, всушност само да го позасрамам и да видам какво лице ќе направи, – зашто многу работи можат да се видат од лицето, многупочитуван кнезу, а сосбено кај таков човек! Ох, кнезу! Макар што ми е голема и мојата сопствена несреќа, но јас дури и сега не можам да не помислам за него и за поправање на неговиот морал. Имам необична молба до вас, многу-почитуван кнезу, дури, ќе признам, всушност за тоа и дојдов, господине: вие веќе сте запознати со нивната куќа и дури и живеевте кај нив; кога би се одлучиле, најдобродушен кнезу, да ми помогнете во тоа, всуш-ност, само заради генералот и за неговата среќа . . .

Лебедев дури ги намести и рацете како да моли.

– Како? Како да ви помогнам? Верувајте ми дека јас многу сакам наполно да ве разберам, Лебедев.

– Токму бидејќи сум убеден во тоа јас и дојдов! Би можело да се дејствува преку Нина Александров-на; набљудувајќи го, и, така да речам, следејќи го по-стојано неговото превосходство, во пазувите на него-вото сопствено семејство. Јас, за жал, не се позна-вам . . . притоа тука е и Николај Ардалионович кој ве обожава, така да речам, со сите длабочини на својата млада душа, сигурно би можел да помогне . . .

– Н-не . . . Нина Александровна во оваа работа . . . господ да чува! А и Коља . . . Јас, впрочем, можеби сè уште не ве разбирам, Лебедев.

– Та тука воопшто и нема што да се разбира! – Лебедев дури подрипна од столот, – потребна е един-ствено, единствено чувствителноста и нежноста – тоа

е сиот лек за нашиот болен. Вие, кнезу, ќе дозволите ли, да го сметам за болен?

– Тоа дури и ја покажува вашата деликатност и вашиот ум.

– Ќе ви објаснам со пример, кој е, за да биде појасен, земен од пракса. Погледајте, каков човек е тој: сега постои кај него една слабост кон онаа капетаница, кај која тој не смее да се појави без пари и кај која јас имам намера денес да го затечам, пак за неговата среќа, господине: но да претпоставиме дека не му е слабост само капетаницата, туку да направел тој дури и вистинско злосторство, да речеме, некоја многу нечесна постапка (макар што тој наполно е неспособен за тоа), дури и тогаш, ви велам дека само со благородна, така да речам, нежност ќе можеш да постигнеш со него што сакаш, зашто си е многу чувствителен човек! Верувајте ми дека ни пет дни нема да издржи, самиот ќе каже, ќе заплаче, и сè ќе признае, – а особено ако се дејствува вешто и благородно, преку семејниот и вашиот надзор над сите, така да речам, особености негови и негови стапки ... О, најблагороден кнезу! – срипа Лебедев дури во некакво вдахновение, – та јас и не тврдам дека тој сигурно ... Јас, така да речам, готов сум сета своја крв ако сакате, и сега да ја пролеам за него, макар што треба да признаете дека невоздржувањето, и пијанството, и капетаницата, и сето тоа заедно можат да доведат до сè.

– За една таква цел, се разбира, јас сум готов да дадам помош, – рече кнезот станувајќи, – само, ќе ви признаам, Лебедев, јас сум ужасно загрижен; та кажете ми, вие сè уште ... со еден збор, вие и самите велите дека се сомневате во господинот Фердишченко.

– А во кој друг? Во кој дург, најискрен мој кнезу? – Лебедев пак милосливо ги склопи рацете, насмевнувајќи се разнежено.

Кнезот се намурти и се крена од местото.

– Гледате ли, Лукијан Тимофеич, тука ќе биде многу страшно ако се погреши. Овој Фердишченко ... јас не би сакал да зборувам лошо за него ... но тој Фердишченко ... то ест, кој ќе го знае, можеби е и тој! ... Јас сакам да речам дека, можеби, тој е и нави-

стина поспособен за тоа, одошто ... одошто некој друг.

Лебедев ги отвори и очите и ушите.

– Гледате ли, – се заплеткуваше и сè повеќе и повеќе се муртеше кнезот, чекорејќи назад и напред по собата, и трудејќи се да не го погледнува Лебедев, – мене ми е дадено на знаење ... мене ми е кажано за господинот Фердишченко дека покрај сè друго, бил и човек во чие присуство би требало да се внимава и да не се зборува ништо ... излишно, – разбирате? Сакам да речам дека тој можеби и навистина бил поспособен од некој друг ... за да не погрешиме, – еве што е најглавното, разбирате?

– А кој ви го кажал тоа за господинот Фердишченко? – речиси срипа Лебедев.

– Некој ми шепна; јас, впрочем, лично не верувам ... мене ми е ужасно непријатно дека бев принуден да го кажам тоа, верувајте ми, јас лично не верувам во тоа ... тоа е некаква измислица ... Уф, каква глупост сторив!

– Гледате ли, кнезу, – Лебедев дури сиот затрепери, – тоа е важно. Тоа е многу важно сега, то ест, не во однос на господинот Фердишченко, тукушто се однесува до тоа како допрела до вас таа вест. (Зборувајќи го ова, Лебедев трчаше по кнезот напред и назад, трудејќи се да го погоди неговиот чекор.) Ете што, кнезу, и јас сега ќе ви кажам: прееска генералот, кога одевме со него кај оној Вилкин, веќе откако ми раскажа за пожарот, и, вриејќи, се разбира, од гнев, наеднаш, почна и тој да ми го навестува истото за господинот Фердишченко, но толку несмасно и нејасно, што јас и без да сакам му поставив извесни прашања и на крајот се убедив дека целата таа новост само е чисто вдахновение на неговото превосходство ... Всушност, така да речам, од чиста добродушност. Зашто тој и лаже само поради тоа што не може да си ја воздржи својата разнеженост. Сега повелете да видите: ако тој излажал, а јас сум убеден во тоа, на кој начин тогаш и вие сте можеле да чуете? Обидете се да разберете, кнезу, тоа беше кај него вдахно-

вение во тој миг, – кој, тогаш, ви го соопштил тоа вам? Тоа е важно, господине и . . . така да речам . . .

– Мене тоа сега ми го кажа Коља, а нему прееска му рекол татко му, кој го сретнал во шест часот, на кај седум, во претсобјето кога влегол таму за нешто.

И кнезот му го раскажа сето тоа во детали.

– Ете, што ти се вика трага, господине! – триејќи ги рацете, нечујно се смееше Лебедев, – така и мислев! Тоа значи дека неговото превосходство го прекинало својот невин сон со цел во шест часот да појде да си го разбуди синот и да му соопшти за необичната опасност од близината на господинот Фердишченко! Колку опасен човек е, по сето ова, господинот Фердишченко, и колкаво е родителското вознемирување на неговото превосходство, хе-хе-хе! . . .

– Слушајте, Лебедев, – веќе сосема се збуни кнезот, – слушајте, дејствувајте тивко! Не кревајте врева! Ве молам, Лебедев, јас ве заколнувам . . . Во таков случај, ви го давам зборот, јас ќе помогнам, но никој да не знае; никој да не знае!

– Бидете сигурен, најдобродушен, најискрен и најблагороден кнезу, – викна Лебедев конечно вдахновен, – бидете сигурен дека сето ова ќе умре во моето најблагородно срце! Со тивки чекори, господине, заедно! Јас дури и сета моја крв . . . Пресветол, кнезу, низок сум во душата и во духот, но прашајте го секого, дури и некој никаквец, а не само еден низок човек: со кого му е подобро да има работа, со таков ли ист никаквец како него, или со најблагороден човек, каков што сте вие, најискрен кнезу? Тој ќе ви одговори дека му е подобро со еден најблагороден човек, и во тоа е победата на добродетелта! До видување, многупочитуван кнезу! Со тивки чекори . . . со тивки чекори и . . . заедно, господине.

X

Кнезот најодзади сфати зошто го облеваше студ секојпат кога ќе ги допреше тие три писма и зошто тој го оддалечуваше мигот да ги прочита до самата

вечер. Кога тој, уште прегеска, изутрината, падна во тежок сон на своето канбе, сѐ уште без да се одлучи да отвори некој од тие три плика, тој пак сони тежок сон и пак доаѓаше кај него истата „престапничка“. Таа пак гледаше во него со солзи што светкаа на долгите трепки, пак го викаше да тргне по неа и пак се разбуди тој како и порано, сеќавајќи се мачно на нејзиното лице. Тој сакаше да појде кај н е а истиот миг, но не можеше; најпосле, речиси очаен, ги отвори писмата и почна да ги чита.

И тие писма личеа на сон. Напати се сонуваат чудни соништа, неможни и неприродни; откако ќе се разбудите вие јасно се сеќавате на нив и му се чудите на чудниот факт. Вие сте пред сѐ свесни дека разумот не ве напуштал целото тоа долго време додека сте биле меѓу убијци, кога се обидувале да ве надмудрат, кога ги кривале своите намери, кога се држеле со вас другарски, додека оружјето веќе им било готово и тие чекале само некој знак; вие, најпосле, се сеќавате колку итро сте ги измамиле, како сте се скриле од нив; потоа сте се сетиле дека тие напамет ја знаат целата ваша измама и дека само не ви покажуваат дека знаат каде сте се скриле; но вие сте ги надмудриле и сте ги измамиле уште еднаш, сето тоа вие јасно го паметите. Но зошто тогаш во исто тоа време вашиот разум можел да се помири со такви очигледни бесмислици и неможности, со кои, впрочем, докрај бил исполнет вашиот сон? Еден од вашите убијци пред ваши очи се претворил во жена, а од жена во малечко, итро, гадно џуџе, – и вие сето тоа сте го прифатиле истиот миг кога бил извршен фактот, кога, од друга страна, вашиот разум бил во најсилна напнатост, пројавувал необична сила, итрина, досетливост, логика? Зошто исто така, разбудувајќи се од сонот и веќе сосема навлезени во стварноста, вие чувствувате речиси секогаш, а напати и со необична сила на впечатокот, дека заедно со сонот оставате нешто за вас неодгатнато. Вие ѝ се насмевнувате на бесмисленоста на вашиот сон и истовремено чувствувате дека во сплетот на овие бесмислици се крие некаква мисла, но веќе реална мисла, нешто што му припаѓа на вашиот

стварен живот, нешто што постои и што секогаш постоело во вашето срце; вам како да ви било кажано во вашиот сон нешто ново, пророчко, нешто што сте го чекале; вашиот впечаток е силен, тој е радосен или мачен, но во што се крие тој и што би било речено – сето тоа вие не можете ниту да го разберете, ниту да се сетите.

Речиси истото се случи и по овие писма. Но, уште и пред да ги отвори, кнезот почувствува дека веќе самиот факт на постоењето и на нивната можност личи на кошмар. Како се одлучила т а а да ѝ пишува н е ј з е, се прашуваше тој, талкајќи се навечер сам (напати дури и самиот не сеќавајќи се каде оди). Како можела таа з а т о а да пишува, и како можела една таква безумна мисла да се роди во нејзината глава? Но таа мисла била веќе остварена, и, што беше највчудоневидувачко за него додека ги читаше тие писма, тој и самиот речиси веруваше во можноста и дури во оправданоста на таа мисла. Да, се разбира, тоа беше сон, кошмар, безумство; но тука се криеше и нешто што беше мачно, стварно и страдалнички – праведно, што го оправдуваше и сонот, и кошмарот, и безумството. Неколку часови со ред тој небаре бладаше со она што го имаше прочитано, секој миг се потсетуваше на одломки, запираше на нив, се задлабочуваше во нив. Напати тој дури сакаше да си рече на себеси, дека сето ова тој го насетувал и си го навестувал порано; дури му се чинеше дека веќе го читал сето тоа некогаш одамна, одамна, и дека сето она по што тагувал оттогаш, сè со што се измачувал и од што се плашел, – сето тоа се наоѓало во тие одамна прочитани писма.

„Кога ќе го отворите писмото (така почнуваше првата пратка), вие пред сè ќе погледнете на потписот. Потписот ќе ви каже сè и ќе ви објасни сè, така што јас немам зошто да се оправдувам пред вас и немам што да ви објаснувам. Да бев макар малку рамна на вас, вие ќе можевте уште и да се навредите од ваквата дрскост; но која сум јас и која сте вие? Ние двете сме таква спротивност, што јас на некој начин не можам вас да ве навредам, дури и да посакам"

Понатаму, на друго место, таа пишуваше:

„Не сметајте ги моите зборови за болно восхитување на еден болен ум, – вие сте за мене – совршенство! Јас ве имам видено, јас ве гледам секој ден. Зашто јас не ве оценувам вас; јас не стигнав со помош на разум до тоа дека сте вие совршенство; јас едноставно се убедив во тоа. Но јас имам и грев кон вас: јас ве љубам. Зашто совршенството не смее да се љуби; совршенството смее само да се гледа, како совршенство, зар не? А меѓутоа јас сум вљубена во вас. Макар што љубовта ги израмнува луѓето, не вознемирувајте се, јас никогаш не ве срамнувам со мене, дури ни во своја најскриена мисла. Јас ви напишав: „не вознемирувајте се"; зар вие можете да се вознемирувате?... Кога би било можно, јас би ги бакнувала трагите од вашите стапки. О, јас не се срамнувам со вас... Погледајте го потписот, побргу погледајте го потписот!"

„Сепак јас забележувам (пишуваше таа во друго писмо), дека јас ве соединувам со него, а ниеднаш не ве прашав дали вие го љубите него? Тој ве засака вас откако ве виде само еднаш. Тој се сеќаваше на вас како на „светлина"; тоа се негови сопствени зборови, јас од него ги имам чуено. Но јас и без зборовите сфатив дека сте вие за него светлина. Јас цел месец проживеав крај него и тогаш сфатив дека и вие го љубите него; вие и тој сте за мене едно".

„Што е тоа (продолжува да пишува таа), вчера минав крај вас и вие небаре се вцрвивте? Тоа е невозможно, мене само така ми се стори. Да ве доведе човек и во најнечистата дупка и да ви го покаже разголениот порок, вие не треба да се вцрвувате; вие никако не можете да негодувате поради навреда. Вие можете да ги мразите сите подли и ниски, но не поради себеси, туку поради другите, поради оние кои тие ги навредуваат. Вас пак никој не може да ве навреди. Знаете ли, мене ми се чини дека вие треба дури и да ме сакате мене. За мене сте вие исто она што и за него: светол дух; ангелот не може да мрази, не може и да не сака. Може ли да се сакаат сите, сите луѓе, сите свои блиски, – јас честопати си го поставував на себеси тоа прашање? Се разбира дека не, и тоа е дури

неприродно. Во апстрактната љубов кон човештвото речиси секогаш го сакам само самиот себе. Но тоа ни е невозможно нам, а вие сте нешто друго; како би можеле вие да не сакате макар некој, кога вие со никој не можете да се споредувате себеси и кога сте вие над секоја навреда, над секое лично негодување? Само вие можете да љубите без егоизам, само вие можете да љубите не заради самата себе, туку заради оној кого го љубите. О, колку горчливо би ми било да дознам дека вие поради мене чувствувате срам или лутина! Тука ќе биде вашата пропаст: вие веднаш ќе се израмните со мене . . .

Јас вчера, откако ве сретнав вас, дојдов дома и ми падна на ум една слика. Сликарите го сликаат Христос сè според кажувањето на евангелието; а јас би го насликала поинаку: јас би го претставила него сам, – зашто учениците понекогаш го оставале сам. Јас би оставила крај него само едно мало дете. Детето би се играло крај него; можеби би му раскажувало нешто на својот детски јазик, Христос го слушал а после се замислил; неговата рака без да сака останала заборавена на светлата главичка на детето. Тој гледа во далечина кон хоризонтот; мисла голема како цел еден свет мирува во неговиот поглед; лицето му е тажно. Детето замолкнало, се потпрело со лактовите на неговите колееници и, потпирајќи си го образот со рачето, ја кренало главата и замислено, како сите деца напати што се замислуваат, внимателно гледа во него. Сонцето заоѓа . . . Ете ја мојата слика! Вие сте невина и во таа невиност се состои сета ваша совршеност. О, помнете го само тоа! Што ви е грижа за мојата сраст кон вас? Вие сте сега веќе моја, целиот живот јас ќе бидам крај вас . . . Јас наскоро ќе умрам“.

Најодзади, во последното писмо пишуваше:

„Живи бога, не мислите ништо за мене; не мислите исто така дека јас се понижувам себеси со тоа што ви пишувам, или дека им припаѓам на оние суштества на кои им е задоволство да се понижуваат себеси, та макар да го прават тоа и од гордост. Не, јас си имам своја утеха; но мене ми е тешко да ви го објаснам тоа. Мене ми беше тешко дури и на самата се-

беси да си го кажам тоа отворено, макар што тоа ме измачува. Но јас знам дека не можам да се понижам себеси дури ни во напад на гордост. А за самопонижување поради чистотата на срцето јас сум неспособна. Значи, јас воопшто не се понижувам себеси.

Зошто јас сакам да ве соединам вас: за вас или заради себе? Се разбира, заради себеси, во тоа се состојат сите мои разрешувања, јас тоа си го имам кажано одамна ... Слушнав дека сестра ви Аделаида онојпат рекла за мојата слика дека со таква убавина можел да се пресврти светот. Но јас се откажав од светот; вам ви е смешно да го чуете тоа од мене, кога ме сретнувате во тантелена облека и со дијаманти, со пијаници и никакввеци? Не гледајте го тоа, јас речиси повеќе не постојам и го знам тоа; само господ знае што живее во мене место мене. Јас го читам тоа секој ден во две ужасни очи кои постојано гледаат во мене, дури и тогаш кога не се наоѓаат пред мене. Тие очи сега м о л ч а т (тие постојано молчат), но јас ја знам нивната тајна. Тој има мрачна невесела куќа и во неа е тајната. Убедена сум дека во фиоката тој има скриено брич, завиен во коприна, како кај оној московски убиец; и тој исто така живеел во иста куќа со мајка си и исто така го заврзал бричот во коприна, за да пресече едно грло. Целото време додека бев во нивната куќа постојано ми се чинеше дека некаде, под некоја штица на подот, можеби уште од неговиот татко, е скриен мртовец и прекриен со мушама, како оној од Москва и исто така е опкружен со шишиња дезинфекциона течност, би можела дури да ви го покажам и катот. Тој постојано молчи: но нели јас знам дека тој толку ме љуби, што веќе не можел да не ме замрази. Вашата свадба и мојата – ќе биде заедно: јас така се договорив со него. Јас немам тајни пред него. Би можела да го убијам од страв ... Но тој ќе ме убие побргу ... тој се насмеа сега и вели дека јас бладам; тој знае дека јас ви пишувам вам".

И уште многу, многу имаше вакво бладање во тие писма. Едното од нив, второто, беше на два листа хартија за писма од голем формат, ситно испишани.

Кнезот најодзади излезе од мрачниот парк во кој

долго скиташе како и вчера. Светлата, проѕирна ноќ му се стори уште посветла од обично; „зар е толку рано?“ – си помисли тој. (Тој заборави да си го понесе часовникот). Однекаде небаре се слушаше далечина музика; „сигурно на станицата, – помисли тој пак,– се разбира, денес тие не отишле таму“. Откако го сфати тоа, тој забележа дека стои пред самиот нивен летниковец; тој така и мислеше дека најодзади мораше да се најде тука и со премреано срце стапна на терасата. Никој не го пречека, терасата беше празна. Тој почека и ја отвори вратата на салонот. „Оваа врата никогаш не се затвораше кај нив“, – му мина низ умот, но и салонот беше празен; во него беше речиси сосема темно. Тој застана среде собата во недоумица. Наеднаш се отвори вратата и влезе Александра Ивановна со свеќа в раце. Кога го виде кнезот, таа се почуди и запре пред него како да сака да го праша. Очигледно таа само минувала низ собата, од една врата во друга, не надевајќи се воопшто да најде некого.

– Како се затекнавте тука? – проговори таа најодзади.

– Јас . . . наминав . . .

– Maman не е сосема здрава, Аглаја исто така. Аделаида си легнува и јас исто така одам да легнам. Денес цела вечер сами останавме дома. Тате и кнезот се во Петербург.

– Јас дојдов . . . јас дојдов кај вас . . . сега . . .

– Знаете ли колку е часот?

– Н-не . . .

– Дванаесет и пол. Ние секогаш си легнуваме во еден.

– Оф, јас помислив дека е . . . девет и пол.

– Ништо! – се насмеа таа. – А зошто не дојдовте порано? Вас можеби и ве чекал некој.

– Јас . . . мислев . . . – пелтечеше тој заминувајќи си.

– До видување! Утре сите ќе ги изнасмеам.

Тој тргна по патот кој го обиколуваше паркот, кон својот летниковец. Срцето му чукаше, мислите се плеткаа и сѐ околу него небаре личеше на сон. И наеднаш, исто како и порано, кога тој двапати се ра-

збуди при едно исто привидување, истото привидување одново се појави пред него. Истата онаа жена излезе од паркот и застана пред него, небаре го очекуваше тука. Тој затрепери и запре; таа му ја зграпчи раката и силно му ја стисна. „Не, тоа не е привидување!“

И ете, најодзади таа стоеше пред него лице в лице, за првпат по нивната разделба; таа нешто му зборуваше нему, но тој молчејќи ја гледаше; срцето му се преполни и се згрчи од болка. О, никогаш подоцна тој не можеше да ја заборави таа средба со неа и се сеќаваше секогаш со иста болка. Таа падна пред него на колениции, тука на улица, и небаре беше избезумена; тој се повлече назад од страв, а таа ја ловеше неговата рака за да ја бакнува и токму онака, како и прегеска во неговиот сон, солзите и сега светкаа на нејзините долги трепки.

– Стани, стани! – ѝ зборуваше тој со преплашен шепот, кренувајќи ја, – стани побрзо!

– Среќен ли си? Среќен? – го прашуваше таа. – Само еден збор кажи ми, среќен ли си сега? Денес, сега? Си бил кај неа? Што ти рече таа?

Таа не се креваше, таа не го слушаше него, таа прашуваше набрзина и брзаше да зборува, небаре ја гонел некој.

– Јас си заминувам утре, како што ми нареди. Јас нема . . . Та јас последен пат те гледам, последен! Сега веќе навистина за последен пат!

– Смири се, стани! – проговори тој очаено.

Таа жедно го гледаше него држејќи се за неговите раце.

– Збогум! – рече таа најпосле, стана и брзо се оддалечи од него, речиси трчајќи. Кнезот виде дека крај неа наеднаш се најде Рогожин, ја фати подрака и ја одведе.

– Почекај, кнезу, – му викна Рогожин, – по пет минути ќе се вратам за малку.

По пет минути тој навистина дојде; кнезот го чекаше на истото место.

– Ја седнав в кола, – рече тој, – таму на аголот кочијата чекаше од десет часот. Таа знаеше дека цела

вечер ќе останеш кај онаа. Она што ми напиша, јас го предадов како што бараше. Таа повеќе нема да ѝ пишува на онаа; ми вети; и поради твојата желба таа ќе замине утре одовде. Посака да те види за последен пат, макар што ти се откажа од тоа; тука, на ова место, така и те чекавме кога ќе си тргнеш назад, ене таму, на онаа клупа.

– Таа самата ли те поведе тебе со себеси?

– Зошто да не? – се насмевна Рогожин, – ти го виде она што го знаеше. Писмата зар не си ги прочитал?

– А ти зар навистина си ги читал? – праша кнезот, поразен од таа мисла.

– Се разбира; секое писмо самата ми го покажуваше. Се сеќаваш ли на она за бричот, хе-хе!

– Безумна! – викна кнезот, кршејќи си ги рацете.

– Којзнае, можеби и не е, – тивко проговори Рогожин, речиси за себеси.

Кнезот не одговори.

– А сега, збогум, – рече Рогожин, – зашто и јас утре ќе заминам; не ме спомнувај по лошо! А ти, братче, – додаде тој свртувајќи се кон него, – зошто не ѝ одговори ништо? „Ти среќен ли си?“

– Не, не, не! – викна кнезот со бескрајна тага.

– Уште би требало да кажеш и: „Да!“ – злобно се насмеа Рогожин и си замина не свртувајќи се.

ЧЕТВРТИ ДЕЛ

I

Мина околу една недела од среќавањето на двете лица од нашата повест на зелената клупа. Една ведра изутрина, околу единаесет и пол, Варвара Ардалионовна Птицина, која беше излезена да посети некои свои познајници, се врати дома длабоко и тажно замислена.

Има луѓе за кои е тешко да се каже нешто такво кое би можело да ги претстави наеднаш и целосно во нивниот најтипичен и најкарактеристичен изглед; тоа се оние луѓе, кои обично се наречуваат „обични“ луѓе, „множество“ и кои и навистина го претставуваат најголемото множество на секое општество... Писателите во своите романи и повести најчесто се трудат да земаат типови на општеството и да ги претставуваат сликовито и уметнички, – типовите необично ретко можат да се сретнат во стварноста целосно и тоа оние кои се во најмала мерка постварни од самата стварност. Потколесин со својот типичен изглед е, можеби, и преувеличување, но не е никако измислица. Какво множество умни луѓе, откако дознале од Гогољ за Потколесин, истиот миг почнале да забележуваат дека десетици и стотици нивни добри познајници и пријатели страшно личеле на Потколесин. Тие и пред Гогољ знаеле дека нивните пријатели се такви каков што е Потколесин, но тие уште само не го знаеле тоа дека тие токму така се викаат. Во стварноста, младо-

женциите многу ретко бегаат низ прозорче пред својата свадба, зашто е тоа, ако не зборуваме за друго, многу незгодно; дотолку е пак вистинито дека многу младоженци, и тоа достоинствени и умни луѓе, пред олтарот, во длабочината на својата совест се готови да признаат дека се самите Потколесини. Исто така, не сите мажи постојано викаат: „Tu l'as voulu, George Dandin".* Но, господи, колку милиони и билиони пати им паѓал на ум на мажите од целиот свет овој искрен повик, по нивниот меден месец, а којзнае, можеби и уште утредента по свадбата.

И така, не задлабочувајќи се во посериозни објаснувања, ние само ќе кажеме дека во стварност типичноста на лицата небаре се разводенува и сите тие Жорж-Дандени и Потколесини стварно постојат, сноваат и претрчуваат пред нас секојдневно, но тие небаре се во разблажена состојба. За да ѝ се оддолжиме целосно на вистината ќе го признаеме најодзади и тоа дека и целиот тој Жорж-Данден, онака како што го создал Молиер, исто така може да го сретнеме во стварност, макар и ретко, а со тоа и ќе го завршиме нашето размислување, кое почнува да личи на критика од списание. Дотолку повеќе што пред нас сепак останува прашањето: што да прави романописецот со луѓето на место, со сосема „обичните" луѓе, и како да бидат истакнати тие пред читателот, та барем малку да му станат интересни? Никако не е возможно да се изоставаат тие сосема од раскажувањето, зашто обичните луѓе секој миг и во големо множество ја претставуваат онаа неопходна алка во врска на животните настани; значи, ако се заобиколат тие, ќе се наруши вистинитоста. Да се исполнуваат романите само со типови или и дури, за да биде поинтересно, со чудни и невистинити луѓе, не би било вистинито, а би било и дури неинтересно. По наше мислење, писателот треба да се труди да пронајде интересни и поучни нијанси дури и меѓу вообичаените работи. Кога, пак, на пример, самата суштина на некои обични луѓе токму и се

---

* „Ти го сакаше тоа, Жорж Данден" од комедијата на Молиер „Жорж Данден" (од француски)

состои во нивната секојдневна и непроменлива секојдневност или, пак, што е уште подобро, кога и покрај сите необично големи напори на тие лица по секоја цена да излезат од колосекот на обичноста и рутината, тие сепак завршуваат така што непроменливо и засекогаш остануваат само чиста рутина, тогаш таквите лица добиваат дури и извесен вид на типичност, – како обичност, која по никаква цена не сака да остане само тоа што е и која по секоја цена сака да стане оригинална и самостојна, немајќи притоа никакви средства за самостојност.

Токму кон тој оддел на „обични" или „ординарни" луѓе припаѓаат и извесни лица од нашата повест, кои досега (тоа го признавам) се малку осветлени пред читателот. Такви се имено Варвара Ардалионовна Птицина, нејзиниот сопруг, господинот Птицин, и Гаврило Ардалионович, нејзиниот брат.

Всушност ништо не може да јадоса толку колку на пример, да бидеш богат, од честитo семејство, со пристоен надворешен изглед, доста добро образован, доста умен, дури и добар а во исто време да немаш никаков талент, никаква специјална особеност, дури ни никакво чудаштво, ниедна своја сопствена идеја, докрај да бидеш „како сите". Богатство има, но не е како Ротшилдовото; презимето е чесно, но никогаш не се прославило; надворешноста е пристојна, но многу малку изразува; образованието е достатно, не знаеш за што да го употребиш; ум си имаш но е без своите идеи; срце имаш но е без великодушност и т.н. и т.н. во секој однос. Такви луѓе има на светот необично многу и ги има дури и многу повеќе одошто ни се чини; тие, како и сите луѓе, се делат на два дела: едните се поограничени, а другите се „значајно поумни". Првите се посреќни. За еден ограничен „обичен" човек, на пример, нема ништо полесно од тоа да си вообрази дека е необичен и оргинален човек и да се задоволи со тоа без никакви двоумења. На некои наши госпоѓици им беше доста да се потшишаат, да си стават сини очила и да се наречат нихилистки, та веднаш да се убедат дека ставајќи очила тие веднаш се здобиле со свои сопствени „убедувања". На некои

од нив им било доста да почувствуваат во своето срце нешто малку од општочовечко и добро чувство, та без двоумење да се убедат дека никој не го чувствува тоа, дека тој е напреден во својот општ развиток. На некој му беше доволно да долови од разговор некоја мисла или да прочита некоја страница однекаде, без почеток и крај, та веднаш да поверува дека тоа „лично негови мисли" се зародиле во неговиот сопствен мозок. Дрскоста на наивноста, ако можеме да се изразиме така, во таквите случаи стигнува до вчудовидувачки размери; сето тоа е неверојатно, но се среќава секој миг. Таа дрскост на наивноста, таа неспособност за сомневање кај глупиот човек во себеси и во својот талент, одлично е истакната од Гогољ во прекрасниот тип на поручникот Пирогов. Пирогов дури не се ни сомнева во тоа дека е гениј, дека е дури и повеќе од секој гениј; кај него не постои ни толку сомневање, што дури никогаш не си го поставува ни тоа прашање; впрочем, за него и не постојат прашања. Големиот писател беше принуден да го истепа најодзади, за да го задоволи навреденото морално чувство на својот читател но, кога виде дека големиот човек само се истресе од прав и, за да си ја поврати силата по измачувањето, изеде една кифличка од листесто тесто, ги рашири рацете од вчудовидување и така ги остави своите читатели. Јас секогаш жалев што големиот Пирогов беше претставен од Гогољ со така мал чин, зашто Пирогов толку е самозадоволен што нема ништо полесно за него одошто да се вообрази себеси, во сразмера со еполетите, кои со годините на службата а и со „вообичаениот колосек", станувaат подебели и му се превиткуваат, дека е, на пример, необичен војсководец; не треба дури ни да вообрази, туку просто да не се сомнева во тоа: штом добива чин на генерал, зошто да не биде полководец? И колкумина од таквите потоа доживуваат фијаско на бојното поле? А колку Пирогови сме имале меѓу нашите литературни дејци, научници, пропагандисти. Јас велам „сме имале", но се разбира, ги има и сега . . .

Лицето што учествува во нашата повест, Гаврило Ардалионович Иволгин, припаѓаше кон другата по-

делба; тој припаѓаше кон оние луѓе кои се „значајно поумни", макар што сиот, од глава до петици, беше заразен од желбата за оригиналност. Но таа поделба, како што веќе забележавме погоре, е мошне понесреќна од првата. Во тоа е и работата што умниот „обичен" човек дури и кога би се вообразувал патем (а може и целиот свој живот) за генијален и многу оригинален човек, сепак во своето срце би го задржал црвчето на сомневањето, кое доведува дотаму, што умниот човек напати завршува со полно очајание; ако пак и се покорува, го прави тоа веќе сосема отруен од честољубието потиснато внатре. Впрочем, ние во секој случај ја зедовме крајноста: во огромно мнозинство на таа умна поделба на луѓе работите воопшто не се случуваат така трагично; се случува само повеќе или помалку да се подјаде црниот дроб кон крајот на годините, и тоа е сè. Но сепак, пред да се смират и да се покорат, тие луѓе напати премногу долго се коцорат, почнувајќи од младоста та сè до возраста која ги совладува, и тоа сè од желба за оригиналност. Можеме да наидеме дури и на чудни случаи: заради желбата за оригиналност по некој чесен човек готов е да стори и некоја ниската; се случува дури и некој од тие несреќници да биде не само чесен, но дури и добар, да биде провидение на своето семејство, да издржува и храни со својот труд дури и туѓинци, а не само свои, и што? целиот живот да не може да се смири! За него воопшто не е успокојувачка и утешувачка мислата дека тој толку убаво ги извршил своите човечки должности; дури напротив, токму тоа го нервира: „Ете, ќе рече, на што си го растурив сиот свој живот, ете што ми ги врза рацете и нозете, ете што ми попречи да го пронајдам барутот! Да не го имаше ова, јас, можеби, бездруго ќе откриев или барут, или Америка, сè уште не сум сигурен што ќе беше тоа, но јас бездруго ќе откриев!" Најкарактеристично за тие господа е тоа што тие навистина сиот свој живот не можат да бидат сигурни што имено треба да откријат и што имено тие сиот свој живот се готови да откријат: барут или Америка? Но, вистина да речеме, измачување и тага за откривањето тие имаат во себе доста и за еден Колумбо и за еден Галилеј.

Гаврило Ардалионович токму почнуваше нешто од тој вид; но само што уште немаше почнато. Му претстоеше уште долго да се измачува. Длабокото и непрестајното чувствување на својата ненадареност и, истовремено, несовладливата желба да се убеди во тоа дека тој е еден од најсамостојните луѓе, силно му го изранија срцето, речиси уште од детска возраст. Тоа беше младич со завидливи и дрски желби и, се чини, така и беше роден со раздразливи нерви. Дрскоста на своите желби тој ја примаше како нивна сила. Со својата страсна желба да се истакне тој беше готов напати и на најбезумен чекор; но, штотуку работата пристигнуваше до безумниот чекор, нашиот херој секогаш се покажуваше премногу умен за да се одлучи да го стори. Тоа го убиваше него. Тој можеби дури и ќе се решеше, да му се укажеше можност, на некоја крајна ниског, само да постигне нешто од она за што мечтаеше; но, како за инает, штом доаѓаше да се пречекори работ, тој секогаш излегуваше премногу чесен за да ја стори таа крајна нискост. (Со мала нискост, тој, впрочем, секогаш би се сложил.) Со одвратност и омраза ја гледаше сиромаштијата и пропаѓањето на своето семејство. Дури и на мајка си ѝ се обрнуваше од високо и со презривост, без оглед на тоа што и самиот многу убаво сфаќаше дека добриот глас и карактерот на мајка му засега ја претставуваше главната потпорна точка и на неговата кариера. Кога стапи на работа кај Епанчини, тој веднаш си рече себеси: „ако треба да сум низок, тогаш да бидам низок докрај, само да добијам во тоа“, и – речиси никогаш не беше низок докрај. А и зошто беше вообразил дека му е неопходно да биде низок? Од Аглаја тој тогаш едноставно се исплаши, но не ја напушти работата со неа, туку ја развлечуваше, за секој случај, макар што никогаш сериозно не веруваше дека таа ќе се спушти до него. Потоа, за време на својот роман со Настасја Филиповна, тој наеднаш си беше вообразил дека постигнувањето на сè лежи во парите. „Ако треба да се биде низок, тогаш да се биде“, – си повторуваше тој тогаш секој ден со самозадоволство, но и со извесен страв; „ако веќе треба да се биде низок, тогаш треба

да се достигне до врвот, се охрабруваше тој себеси вездеи; рутината во вакви случаи ќе ја изгуби храброста, но ние нема!“ Откако ја изгуби Аглаја и совладан од околностите, тој сосема се изгуби и навистина му ги донесе на кнезот парите, кои му беа фрлени тогаш од безумната жена, на која ѝ ги донесе исто така еден безумен човек. Поради тоа враќање пари тој подоцна илјадапати се каеше, макар што непрестајно се гордееше со тоа. Тој навистина плачеше три дни, додека кнезот сè уште остануваше тогаш во Петербург, но за тие три дни тој успеа и да го замрази кнезот поради тоа што овој го гледал веќе премногу сожалувачки, додека пак факт беше дека тој вратил толкави пари „не ќе се решеше секој да го стори тоа“. Но благородното самопризнание во тоа дека целата негова тага е всушност само една непрестајна гордост што го притиска, страшно го измачуваше. Дури веќе по многу време тој согледа и се убеди во тоа колку сериозен пресврт можеше да му добие работата со толку невиното и страшно суштество, какво што е Аглаја. Покајувањето го гризеше; тој си ја остави службата и западна во тага и обесхрабреност. Тој живееше кај Птицин, кој го издржаваше, со татка си и мајка си, и отворено го презираше Птицин, макар што истовремено ги слушаше неговите совети и беше толку разумен, што речиси секогаш и ги бараше од него. Гаврило Ардалионович се лутеше, на пример, и на тоа дека на Птицин дури не му паѓа ни на ум да стане Ротшилд и не си постава таква цел. „Кога си веќе лихвар, тогаш оди докрај, стегај ги луѓето, истиснувај ги парите од нив, стани карактер, стани крал јудејски!“ Птицин беше скромен и тивок; тој само се насмевнуваше, но еднаш најде за потребно и сериозно да се расправи со Гања, и го изврши тоа дури со извесна достоинственост. Тој го убеди Гања дека не прави ништо нечесно и дека овој залудно го нарекува Евреин; дека тој не е виновен што се парите на толкава цена; дека тој работи вистинољубиво и чесно и дека всушност само е агент за „тие“ работи и дека, најодзади, благодарение на својата педантност во работата бил веќе познат и тоа од многу убава страна на

многу угледни луѓе и дека неговата работа ќе се проширела. „Нема да станам Ротшилд, а и немам зошто, – додаде тој смеејќи се, – а куќа на Литејна ќе имам, можеби, дури и две, и тоа ќе ми биде доста." „А којзнае, можеби и три!", – си мислеше тој во себеси, но никогаш не се доискажуваше гласно и ја прикриваше својата мечта. Природата ги сака и ги гали таквите луѓе: таа ќе го награди Птицин не со три, туку сигурно со четири куќи и тоа токму затоа што тој уште од самото детство знаел дека нема никогаш да стане Ротшилд. Но затоа, пак, повеќе од четири куќи природата никогаш нема да појде понатаму, и работата со Птицин така и ќе заврши.

Сосема поинаква личност беше сестрата на Гаврило Ардалионович. Таа исто така имаше силни желби, но тие ѝ беа повеќе упорни одошто импулсивни. Таа имаше голема разумност додека работата доаѓаше до последната линија, но таа не ја оставаше ниту на самата линија. И таа, навистина, беше од „обичните" луѓе кои мечтаат за оригиналност, но затоа пак таа многу брзо успеа да стане свесна дека во неа нема ниту капка особена оригиналност и не тагуваше премногу поради тоа, – којзнае, можеби поради особен вид на гордост. Таа го изврши својот прв практичен чекор со необична одлучност, омажувајќи се за господинот Птицин; но, мажејќи се, таа не си велеше себеси: „ако треба да се биде низок да се биде, само да се достигне целта", како што не ќе го пропуштеше случајот да се изрази Гаврило Ардалионович (и дури и за малку не се изрази во нејзино присуство кога ја одобруваше нејзината одлука како постар брат). Дури, сосема напротив: Варвара Ардалионовна се омажи откако оправдано се убеди дека идниот нејзин маж е скромен човек, пријатен, речиси образован и дека никогаш за ништо на светот не ќе направи некоја голема подлост. За ситните подлости Варвара Ардалионовна не се интересираше, сметајќи ги за ситници; та и каде ги нема тие стиници? Не може да бара некој идеал! Одозгора, таа знаеше дека мажејќи се ќе им даде покрив над главата на мајка си, татка си и на браќата. Гледајќи го брата си во несреќа, таа

посака да му помогне, без оглед на сите претешни семејни недоразбирања. Птицин напати го наговараше, се разбира пријателски, Гања да стапи на работа. „Ти, ете, ги презираш и генералите и генералството, – му говореше тој напати на шега, – а гледај, сите „тие“ ќе завршат така што ќе станат генерали кога ќе им дојде редот; ќе поживееш, та ќе видиш“. „Од каде им е сега ова дека јас ги презирам генералите и генералството?“ – саркастично си мислеше во себеси Гања. За да му помогне на братот, Варвара Ардалионовна реши да го прошири кругот на своето дејствување: таа се мушна кај Епанчини, за што од голема помош ѝ беа спомените од детството: таа и брат ѝ уште од детство се играле со Епанчини. Да забележиме тука дека Варвара Ардалионовна да следеше притоа некоја необична мечта, посетувајќи ги Епанчини, можеби, веднаш, со самото тоа, ќе излезеше од оној ред луѓе, во кој таа самата се броеше себеси; но таа не следеше мечта, во тоа имаше дури и доста оправдана сметка од нејзина страна: таа се засноваше врз карактерот на ова семејство. Карактерот на Аглаја таа го проучуваше неуморно. Таа си постави задача повторно да ги сврти обајцата, брата си и Аглаја, еден кон друг. Можеби таа и навистина нешто постигна; таа можеби и запаѓаше во грешки, сметајќи, на пример, премногу на брата си и чекајќи го од него она што тој на никаков начин не би можел да го даде. Во секој случај таа дејствуваше кај Епанчини доста искусно: по цели недели не го спомнуваше брата си, секогаш беше необично вистинољубива и искрена, се држеше едноставно но достоинствено. Што се однесува пак до длабочината на нејзината совест, таа не се плашеше да погледне во неа и воопшто за ништо немаше да си префрли себеси. Токму тоа ѝ ја зголемуваше силата. Таа само едно нешто забележуваше во себе, а тоа е дека и таа се лути, дека и во неа има премногу самољубие, да не речеме дури и потиснато честољубие; особено таа го забележуваше тоа во некои мигови, речиси секогаш кога заминуваше откај Епанчини.

И ете и сега таа се враќаше токму од нив и, како што веќе рековме, во натажена замисленост. Во таа

натаженост се наѕираше и нешто горчливо-подбивно. Птицин престојуваше во Павловск во неугледна, но удобна дрвена куќа, која се наоѓаше на една прашлива улица и која наскоро требаше да стане негова целосна сопственост, така што тој веќе од своја страна беше почнал да ја продава некому. Качувајќи се кон влезот, Варвара Ардалионовна чу необичен шум горе во куќата и ги препозна развиканите гласови на татка си и на брата си. Кога влезе во салонот и го виде Гања, кој трчаше напред и назад по собата, блед и од лутина за малку да ги кинеше косите од главата, таа се намурти и со премален изглед седна на диванот, не симнувајќи си ја шапката. Мошне добро сфаќајќи дека ако молчи уште неколку мига и не го праша брата си зошто трча вака, овој тогаш бездруго ќе се разлути, Варја поита најодзади да изговори место прашање:

– Сѐ уште она старото?

– Какво старо? – викна Гања. – Старо! Не, ѓавол би го знаел што се случува сега, не е старото! Старецот од бес си го губи здивот ... мама плаче. Жими бога, Варја, ти како сакаш, но јас ќе го изгонам од дома или ... или самиот ќе ве оставам, – додаде тој, веројатно кога се сети дека не може да се изгонуваат луѓе од туѓа куќа.

– Треба да се има снисходливост, – промрмори Варја.

– За што снисходливост? Кон кого? – избувна Гања, – кон неговите гадотии ли? Не, ти како сакаш, но вака не може! И каков ми е тој начин: самиот е виновен, а уште ми се прави важен. „Не сакам низ порта, откoвај ми ги тарабите! ...“ Ти зошто седиш вака? Целата си изгубена!

– Изгубена, нека бидам изгубена, – незадоволно одговори Варја.

Гања ја погледна повнимателно.

– Си била таму? – ја запраша наеднаш.

– Таму бев.

– Чекај, пак викаат! Ваков резил и уште во ваков миг.

– Каков миг? Не гледам никаков особен миг.

Гања уште повнимателно ја изгледа сестра си.
– Си дознала нешто? – ја праша тој.
– Во крајна линија ништо нечекано. Дознав дека сето тоа било вистина. Маж ми беше повеќе во право од нас обајцата; како што прорекна уште во самиот почеток, така и излезе. Каде е тој?
– Не е дома. Што излезе?
– Кнезот е формален младоженец, тоа е одлучено. Постарите ми го рекоа тоа: Аглаја се сложува; престанаа дури и да кријат. (Зашто досега таму сè беше толку таинствено). Свадбата на Аделаида пак ќе се одложи, наеднаш да бидат и двете свадби во еден ден, – каква поетичност! Ми личи на стихови. Ете, подобро е да измислиш стихови за склопување на бракот, одошто да трчаш залудно по собава. Вечерва ќе биде кај нив Белоконска; дошла токму навреме; ќе има гости. Тој ќе ѝ биде претставен на Белоконска, макар што тој веќе се познава со неа; се чини гласно ќе биде објавено. Се плашат само тој нешто да не собори или да не скрши, кога ќе влезе во собата со гости, или пак самиот да не падне; тоа може да се чека од него.

Гања ја ислуша внимателно, но, за вчудовидување на сестрата, оваа за него поразна вест, се чини, воопшто не остави врз него толку поразно дејство.
– Што да речам, тоа беше јасно, – рече тој откако поразмисли, – значи, готово е – додаде тој со некаква чудна насмевка, внесувајќи се лукаво во лицето на сестра си и продолжувајќи и понатаму да оди напред и назад по собата, но веќе мошне побавно.
– Убаво е што го примаш тоа филозофски; мене ми е, навистина, мило, – рече Варја.
– Барем се растоваривме; особено ти.
– Јас, чинам, искрено ти служев, без размислување и без да се распрашувам; јас не те прашував каква среќа сакаше да најдеш со Аглаја.
– Та зар јас сум ја барал среќата со Аглаја?
– Де сега, те молам, немој да филозофираш! Се разбира дека е така. Се разбира и доста ни е: останавме со празни раце. Јас таа работа, ќе ти признам, никогаш не можев сериозно да ја гледам; само „за секој случај“ се нафатив со неа, сметајќи на нејзиниот

смешен карактер, а што е најглавно, тебе да те задоволам; имаше деведесет на сто дека ќе се расипе. Јас дури и досега не знам што имено ти сакаше да постигнеш.

– Сега ти и маж ти ќе почнете да ме гоните на работа; да ми држите предавања за упорност и за силата на волјата, да не го пренебрегнувам малото и така натаму, веќе напамет знам, – се раскикоти Гања.

– „Има нешто ново во умот", – си помисли Варја.

– И како е таму – се радуваат ли родителите? – праша наеднаш Гања.

– Н-не, се чини. Впрочем, и самиот можеш да заклучиш; Иван Фјодорович е задоволен; мајката се плаши; и порано таа со одвратност го гледаше како кандидат за женидба; се знае.

– Јас не мислам на тоа; младоженецот си е невозможен и неприфатлив, тоа е јасно. Јас прашувам за сега, како е сега таму? Ја дала ли формалната согласност?

– Таа досега не рече: „не", – тоа е ете сѐ; но од неа друго и не можеше да се очекува. Ти знаеш до каква настранетост таа досега беше затворена и срамежлива; во детство таа ќе се пикнеше в долап и ќе останеше во него по два, по три часа, само да не се појави пред гости; колкава порасна, а и сега си е истата. Знаеш ли, јас којзнае зошто, мислам дека таму навистина има нешто сериозно, дури и од нејзина страна. Со кнезот таа, велат, се подбива колку што може, од изутрина довечер, само да не се открие, но сигурно веќе умее да му каже секој ден нешто тивко, зашто тој небаре по небо гази, сиот е светнат . . . Смешен е, велат, страшно. Токму од нив го имам чуено. Мене исто така ми се стори дека тие в очи ми се смееја, постарите.

Гања најодзади почна да се мурти; Варја, можеби, и намерно се задлабочуваше во таа тема, за да проникне до неговите вистински мисли. Но горе се зачу пак врева.

– Јас ќе го изгонам! – се провикна Гања, небаре израдуван дека има во што да ја излее јадосаноста.

– И тогаш тој пак ќе појде наоколу да нè срамоти како вчера.

– Како тоа – како вчера? Што значи тоа: како вчера? Зар ... – наеднаш страшно се исплаши Гања.

– Ох, господи, зар ти не знаеш? – се сепна Варја.

– Како ... та зар е вистина дека тој бил таму? – викна Гања, вжарувајќи се од срам и разбеснетост, – господи, но ти доаѓаш оттаму! Дозна ли нешто? Бил ли таму стариот? Бил или не бил?

И Гања појури кон вратата; Варја се втурна по него и го зграпчи со двете раце.

– Што ти е? Каде? – му говореше таа, – ако го пуштиш сега, тој уште полоши работи ќе стори, кај сите ќе појде со ред! ...

– Што сторил тој таму? Што зборувал?

– Та тие и самите не умееја да ми раскажат и не го разбрале; само што ги исплашил сите. Дошол кај Иван Фјодорович, – него го немало; ја побарал Лизавета Прокофјевна. Отпрвин барал од неа место, да стапи на работа, а потоа почнал да се жали на нас, на мене, на мажот, особено на тебе ... многу работи изнакажал.

– Не можеше ли да дознаеш? – Гања трепереше како во хистерија.

– Каде можев! Тој и самиот одвај да го сфаќал она што го зборувал, а можеби и не ми пренесоа сè.

Гања се фати за глава и потрча кон прозорецот; Варја седна крај другиот прозорец.

– Смешна е Аглаја, – забележа таа ненадејно, – ме запира и ми вели: „Пренесете им од мене лично особена почит на вашите родители; јас сигурно деновиве ќе најдам некоја можност да се видам со вашиот татко“. И толку сериозно ми го вели тоа. Страшно чудно ...

– Не беше тоа подбивање? Не беше подбивање?

– Во тоа е и работата што не беше; поради тоа е и чудно.

– Знае ли таа или не знае за старецот, како мислиш ти?

– За тоа дека во куќата не се знае, јас воопшто не се сомневам; но ти сега ме наведе на мисла: Аглаја

можеби и знае. Само таа и знае, зашто сестрите исто така беа почудени кога таа толку сериозно ми го кажа поздравот за тате. И зошто имено нему? Ако знае, тогаш кнезот ѝ го пренесол!

– Не треба да бидеш многу лукав та да дознаеш кој пренесол! Крадец! Уште тоа ни недостасуваше. Крадец во наше семејство, „главата на семејството“!

– Бесмислица! – викна Варја сосема налутена, – една случка во пијанство, ете што е. И кој го измислил тоа? Лебедев, кнезот . . . и самите си се добри; им се знае умот. Јас еве волкуцка го ценам тоа.

– Старецот е крадец и пијаница, – јадосано продолжуваше Гања, – јас сум питач, мажот на сестра ми е лихвар, – имаше што да ја соблазни Аглаја! Нема што да се рече, убаво е!

– Тој маж на сестра ти, лихварот, тебе те . . .

– Храни, сакаш да речеш? Не стеснувај се, те молам.

– Зошто се лутиш? – се сепна Варја. – Ти ништо не разбираш, небаре си гимназист. Ти мислиш сето тоа можело да ти напакости во очите на Аглаја? Не ѝ го знаеш ти нејзиниот карактер; таа на највиден младоженец ќе му го сврти грбот, а кај некој студент со задоволство ќе отрча да умира од глад на некој таван, – ете ѝ ја нејзината мечта! Ти никогаш не можеш ни да разбереш како би можел да станеш интересен во нејзините очи, кога со гордост и цврстина би ја поднесувал нашата состојба. Кнезот токму со тоа и ја уловил на јадица, пред сè со тоа што воопшто и не ја ловел и, второ поради тоа што е во очите на сите идиот. Веќе само тоа што заради него таа ќе го пресврти наопаку семејството, – ете што ѝ е сега драго. Е-хе, ништо вие не разбирате!

– Уште ќе видиме, дали разбираме или не разбираме, – загадочно промрмори Гања, – само јас сепак не би сакал таа да дознае за старецот. Мислев, кнезот ќе се воздржи, нема да раскаже. Тој и Лебедев го задржа; тој и мене не сакаше сè да ми каже, кога му се бев закачил . . .

– Значи и самиот гледаш дека и покрај него сè е веќе познато. А и што ти е грижа сега? На што се на-

деваш? Та и да останеше некоја надеж, ова ќе ти го зголемеше само твојот страдалнички изглед во нејзините очи.

– Ех, и таа ќе се исплашеше од скандал, без оглед на сета романтичност. Сè до извесна граница и сите до извесна граница, сите вие сте такви.

– Зар Аглаја да се уплаши? – избувна Варја, презриво погледнувајќи го брата си, – колку ти е, сепак, ниска душичката! Сите вие ништо не заслужувате. Нека биде таа и смешна и чудачка, но затоа е пак поблагородна од сите нас илјадапати.

– Добро, добро, не се лути, – самозадоволно промрмори Гања.

– Мене ми е само жал за мама, – продолжи Варја, – се плашам таа случка со тате да не стигне до неа, оф, се плашам!

– Сигурно е дека стигнала, – забележа Гања.

Варја веќе стана да тргне горе кај Нина Александровна, но запре и внимателно го погледна брата си.

– Па кој можел да ѝ каже?

– Иполит, веројатно. Мислам дека тој сметал за големо задоволство да ѝ израпортира на мама, штотуку се досели кај нас.

– Откаде тој да знае, кажи ми, те молам? Кнезот и Лебедев решија никому да не кажуваат, дури ни Коља не знае ништо.

– Иполит ли? Сам дознал. Ти не можеш да си претставиш до кој степен тоа е итро суштество; каков е озборувач, каков нос има да изнабара со сетило за сè што е лошо, сè што е скандалозно. Верувај ми, или не верувај ми, а јас сум убеден дека тој успеал Аглаја да ја земе во свои раце! А ако не ја зел, тогаш ќе ја земе. И Рогожин исто така стапи во врска со него. Како не го забележува тоа кнезот? И колку сака сега тој мене да ме намагарчи! Мене ме смета за личен непријател, јас тоа одамна го сфатив, а зошто, што му треба тука, зашто ќе умре, – не можам да разберам! Но јас ќе го намагарчам, ќе видиш дека не ќе ме намагарчи тој мене, туку јас него.

– Зошто го намами тогаш, кога толку го мразиш? И заслужува ли тој да го намагарчуваш?

– Та ти ме посоветува да го намамам кај нас.

– Мислев дека ќе ни користи; а знаеш ли дека сега тој самиот се вљубил во Аглаја и дека ѝ пишал? Ме распрашуваа . . . за малку да ѝ напишеше на Лизавета Прокофјевна.

– Во таа смисла тој не е опасен! – рече Гања, насмевнувајќи се злобно, – впрочем, сигурно е нешто друго. Дека е вљубен, тоа сосема е можно, зашто е детиште! Но . . . тој не ќе почне да ѝ пишува анонимни писма на старицата. Тоа е толку злобна, ништожна и самозадоволна ограниченост! . . . Јас сум убеден, сигурно го знам тоа дека тој ме претставил пред неа како интригант, со тоа и почнал. Јас, признавам, како улав во почетокот сè издрдорив пред него; мислев дека само за да му се одмазди на кнезот ќе навлезе во моите интереси; тој толку е итро суштество! О, сега јас наполно го проучив. А за кражбата тој слушнал од својата мајка, од капетаницата. Тој наеднаш, туку-така, ми соопштува дека „генералот" ѝ ветил на мајка му четиристотини рубли, и сосема онака, туку-така, без никакво стеснување. Тогаш јас сè разбрав. И туку ме загледува в очи со некакво уживање; и на мама тој сигурно исто ѝ рекол од задоволство што ќе ѝ го скрши срцето. И зошто не умира тој, кажи ми, те молам? Зашто нели вети да умре за три недели, а тука уште ми се здебелил! Престанува да кашла; вчера вечер самиот ми кажа дека веќе бил втор ден како не искашлува крв.

– Избркај го.

– Јас не го мразам него, јас го презирам, – гордо изговори Гања. – Та да, да, нека биде дека го мразам, нека биде! – викна тој наеднаш со необичен гнев, – и јас ќе му го кажам тоа в очи, дури и кога ќе умира на својата перница! Само да ја читаше неговата исповед, – господе, каква наивна дрскост! Тоа е поручникот Пирогов, тоа е Ноздрјов во трагедија, а што е најважно – детиште е! О, со какво задоволство јас би го истепал тогаш, токму за да го вчудоневидувам. Сега тој на сите ни се одмаздува поради тоа што тогаш не му успеа . . . Но што е ова? Таму е пак врева! Та што е тоа, најодзади? Јас тоа, најодзади, нема да го издр-

жам. Птицин! – му викна тој на Птицин кој влегуваше в соба, – што е тоа, до каде ќе ни стигнат, најодзади работите? Тоа е . . . тоа е . . .

Но вревата брзо се приближи, вратата наеднаш се отвори и старецот Иволгин, разгневен, вцрвенет, потресен, избезумен, исто така му се нафрли на Птицин. По старецот одеше Нина Александровна, Коља и по него Иполит.

II

Имаше веќе пет години како Иполит се пресели кај Птицин. Тоа се случи некако природно, без особени зборови и без какви и да е недоразбирања меѓу него и кнезот; тие не само што не се скараа, но навидум, небаре се разделија како пријатели. Гаврило Ардалионович, кој беше толку непријателски расположен кон Иполит, онаа вечер, самиот дојде да го посети, веќе третиот впрочем, еден ден по настанот, раководен веројатно од некаква ненадејна мисла. Којзнае зошто и Рогожин почна да го посетува болниот. На кнезот отпрвин му се чинеше дека ќе биде и подобро за „кутрото момче" да се исели од неговата куќа. Но и во времето на своето преселување Иполит веќе велеше дека се преселува кај Птицин, „кој е толку добар, што му дава катче", и ниеднаш, како нарочно, не кажа дека преминува кај Гања, макар што токму Гања настојуваше да го примат во куќата. Гања тоа го забележа уште тогаш и навредено го заклучи тоа во своето срце.

Тој имаше право кога ѝ велеше на сестра си дека болниот се опорави. Навистина, на Иполит му беше малку подобро одошто порано, што можеше да се забележи веднаш штом ќе се погледнеше. Тој влезе во собата не итајќи, по сите, со подбивна и лоша насмевка. Нина Александровна влезе многу исплашена. (Таа многу се измени за оваа половина година, ослабна; откако ја омажи ќерката и дојде да живее кај неа, таа речиси престана надворешно да се замешува во работите на своите деца). Коља беше загрижен и речиси

беше во недоумица; тој многу работи не сфаќаше во „лудилото на генералот", како што се изразуваше тој, не знаејќи ги, се разбира, основните причини за оваа нова мешаница дома. Но нему му беше јасно дека татко му веќе толку прави глупости, везден и насекаде, и дека толку наеднаш се измени, што стана речиси сосема друг човек одошто беше порано. Го обеспокојуваше исто така тоа што старецот последните три дни дури сосема престана да пие. Тој знаеше дека тој ги прекинал врските и дека дури и се скарал со Лебедев и со кнезот. Коља штотуку се беше вратил дома со половина шише вотка, што ја купи за свои пари.

– Навистина, мамо, – ја убедуваше тој уште горе Нина Александровна, – навистина, подобро е да се напие. Еве веќе три дни како не пивна ниту капка; сигурно е тажен. Навистина, подбро ќе биде; јас му носев и кога беше во одделението за долгови . . .

Генералот ширум ја отвори вратата и застана на прагот речиси треперејќи од негодување.

– Милостив господине! – му викна тој громогласно на Птицин, – ако вие навистина сте се решиле заради еден пилиштарец и атеист да жртвувате еден почитуван старец, кој ви е татко, то ест, во крајна линија, татко на вашата жена, кој е заслужен и кај својот цар, тогаш мојата нога уштѐ од овој миг ќе престане да биде во вашиот дом. Одберете, господине, одберете веднаш: или јас или овој . . . свредел! Да, свредел! Јас тоа го кажав случајно, но тој е – свредел! Зашто тој како свредел ми ја длаби душата и тоа без никаква почит . . . како свредел!

– Да не сум отворач за шишиња? – се вмеша Ипполит.

– Не, не си отворач за шишиња, зашто јас сум ти тебе генерал, а не шише. Јас имам белези, белези на чинови . . . а ти имаш шипинки. Или тој, или јас! Решете, господине, веднаш веднаш! – му викна тој пак избезумено на Птицин. Тогаш Коља му подаде стол и тој се спушти во него премалено.

– Навистина, можеби би било подобро . . . да се одморите, – промрмори стаписано Птицин.

– Тој уште и се заканува! – ѝ проговори Гања полугласно на сестра си.

– Да се одморам! – викна генералот, – јас не сум пијан, милостив господине и вие ме навредувате. Гледам дека, – продолжи тој повторно станувајќи, – јас гледам дека тука е сè против мене, сè и сите. Доста е! Јас си заминувам ... Но знајте го ова, милостив господине, знајте го ова ...

Него не го оставија да доречe и пак го седнаа; почнаа да го молат да се смири. Гања разгневен се повлече во агол. Нина Александровна трепереше и плачеше.

– Та што сум му сторил јас? Зошто се жали? – викна Иполит разголувајќи ги забите.

– А зар не сте му сториле ништо? – забележа наеднаш Нина Александровна, – вам би требало да ви биде особено срамно и ... нечовечно да измачувате еден старец ... и уште на ваше место.

– Како прво, какво е тоа мое место, госпоѓо! Јас вас многу ве почитувам, токму лично вас, но ...

– Тоа е сврдел! – викаше генералот, – тој ми ја длаби душата срцето! Тој сака да поверувам јас во атеизмот! Знај, пилиштарец, дека уште пред да се родиш јас веќе бев опсипан со почести; а ти си само еден завидлив црв, прекинат на две, со кашлица ... и на умирачка, од злоба и од безверие ... И зошто те пресели ваму Гаврило? Сите се против мене, од туѓинците па до родениот син!

– Доста е со трагедијата! – викна Гања, – подобро ќе беше да не нè резилевте низ целиот град!

– Како, те резилам јас тебе, пилиштарец? Тебе? Јас тебе само на чест можам да ти служам, а не да те обесчестувам!

Тој срипа и никој веќе не можеше да го запре; но и Гаврило Ардалионович изгледа експлодира.

– И тој зборува за честа! – викна тој зајадливо.

– Што рече? – загрме генералот пребледнувајќи и приближувајќи му се на еден чекор.

– Доста е само устава да ја отворам, та ... – писна наеднаш Гања и не доврши. Обајцата стоеја

еден спроти друг, прекумерно потресени, особено Гања.

– Гања, што ти е! – викна Нина Александровна, втурнувајќи се да го спречи синот.

– Какви глупости од сите страни, – отсече Варја негодувајќи, – доста е, мама, – ја зграпчи таа.

– Само заради мама и го поштедувам, – трагично изговори Гања.

– Говори! – рикаше генералот сосема избезумен, – говори, од страв од татковско проклетство . . . говори!

– Тоа ми треба, да се уплашам од вашето проклетство! Кој ви е виновен што веќе е осми ден како сте небаре улави? Осми ден, гледате ли, јас го знам тоа по дати . . . Внимавајте, да не ме доведете до граница сè ќе кажам . . . Зошто сте се одвлечкале вчера кај Епанчини? Ми се наречува уште старец, бели коси, татко на семејство! Убав ми е!

– Молчи, Гањка! – викна Коља, – молчи, глупак!

– Со што пак јас, јас пак со што сум го навредил? – настојуваше Иполит, но сè со оној небаре подбивен тон. – Зошто тој ме нарекува свредел, слушнавте ли? Самиот ми се прикачи; ми дојде сега и почна да ми зборува за некојси капетан Еропегов. Јас воопшто не го сакам вашето друштво, генерале, и порано ве одбегнував, и самите го знаете тоа. Што ми е грижа за некојси капетан Еропегов, признајте и сами? Јас не се преселив тука заради капетанот Еропегов. Јас само гласно му го изразив своето мислење дека, можеби, тој капетан Еропегов воопшто никогаш и не постоел. А тој крена прав.

– Несомнено е дека не постоел! – отсече Гања.

Но генералот стоеше како вцашен и само бесмислено се обѕираше наоколу. Зборовите на синот го поразија со својата крајна отвореност. Во првиот миг тој не можеше дури ни збор да најде. И, најодзади, дури кога Иполит се раскикоти по одговорот на Гања и извика: „Ете, слушнавте ли, и вашиот сопствен син исто така вели дека немало никаков капетан Еропегов“, старецот промрмори сосема збунето:

– Капитон Еропегов, а не капетан . . . Капитон . . . потполковник во оставка, Еропегов . . . Капитон . . .

– Та и Капитон не постоел! – веќе сосема се разлути Гања.

– Зо . . . зошто не постоел? – промрмори генералот и црвенило му го прекри лицето.

– Та престанете! – ги смирувaa Птицин и Варја.

– Молчи, Гањка! – викна Коља повторно.

Но ова застапништво небаре го опамети и генералот.

– Како тоа го немало? Зошто да не постоел? – луто му се нафрли тој на синот.

– Така, зашто го немало. Го немало и готово, и воопшто не можело ни да го има! Ете ви. Оставете ме, ви велам.

– И тоа е син . . . тоа е мој роден син, кого јас . . . о господи! Еропегов, Ерошка Еропегов го немало!

– Ете гледате, ту Ерошка, ту Капитошка! – се замеша Иполит.

– Капитошка е, господине, Капитошка, а не Ерошка! Капитон, Капитон Алексеевич, значи, Капитон . . . потполковник . . . во оставка . . . женет со Марија . . . со Марија Петровна. Су . . . Су . . . пријател и другар . . . Сутугова, уште додека бевме јункери. Јас за него сум пролеал . . . јас го засолнив . . . убиен е. Капитошка Еропегов го немало! Не постоел!

Генералот викаше вжештено, но така што можеше да се помисли дека работата била една, а вревата била за нешто друго. Вистина, тој во некој друг миг, се разбира, ќе поднесеше и нешто многу понавредливо одошто веста за целосното непостоење на Капитон Еропегов, ќе повикаше малку, ќе измислеше приказна, ќе се избезумеше но, сепак, најодзади ќе си заминеше горе во својата соба да си легне. Но сега, поради чудната своевидност на човечкото срце, се случи така што слична навреда, како што беше сомнението за Еропегов, мораше токму да ја преполни чашата. Старецот се вцрви, ги крена рацете и викна.

– Доста! Мое проклетство . . . надвор од куќава! Николај, донеси ми ја торбата, си одам . . . подалеку!

Тој излезе итајќи и необично разгневен. По него се втурна Нина Александровна, Коља и Птицин.

– И што направи сега! – му рече Варја на брата

си, – тој пак може таму да се одвлечка. Срамот пак, колкав срам!

– А ти не вреви! – викна Гања речиси засркнувајќи се од лутина; наеднаш неговиот поглед се сретна со Иполит; Гања речиси затрепери. – А вие, милостив господине, – викна тој, – би требало да не заборавате дека сте сепак во туѓа куќа и . . . дека се користите од гостољубие, а не да го изведувате од себеси старецот, кој, очигледно, изгубил разум . . .

Иполит исто небаре се сепна, но во еден миг се воздржа.

– Јас не се сложувам наполно со вас дека вашиот татко изгубил разум, – спокојно му одговори тој, – ми се чини, напротив, дека во последно време тој станал дури и поумен, жими бога; не ми верувате? Тој стана толку претпазлив, сомнителен, сѐ сака да испита, секој збор одмерува . . . За оној Капитошка тој, всушност, намерно почна да ми говори; претставете си, тој сакаше да ме наведе на . . .

– Што ми е грижа за тоа на што сакал да ве наведе! Ве молам да не одите на лукавство и да не ми се измолкнувате, господине! – вресна Гања, – ако и вие ја знаете вистинската причина зошто е старецот во ваква состојба (а вие толку шпиониравте кај мене овие пет денови, што сигурно знаете), тогаш воопшто не ви доликува да го раздразнувате . . . несреќникот и да ја измачувате мајка ми со преувеличување на работата, зашто сета оваа работа е глупост, тоа е само една случка во пијанство и ништо повеќе, која дури не е со ништо ни докажана и јас ете не ѝ придавам ни волку важност . . . Но вие морате да причинувате болка и да шпионирате, зашто сте вие . . . вие . . .

– Сврдел, – се насмевна Иполит.

– Зашто сте вие никаквец, половина час ги измачувавте луѓето со намера да ги заплашите дека ќе се убиете со вашиот ненаполнет пиштол, со кој толку срамно се покажавте, неуспешен самоубиец, разлиена жолчка . . . на две нозе. Јас ви пружив гостопримство, вие се здебеливте, престанавте да кашлате и пак ми плаќате . . .

– Дозволете ми, господине, само два збора; јас сум

кај Варвара Ардалионовна, а не кај вас; вие не ми пруживте никакво гостопримство, и јас дури мислам дека и вие самите се користите со гостопримството на господин Птицин. Пред четири денови јас ја молев својата мајка да ми побара во Павловск стан и самата да дојде, зашто јас навистина се чувствував тука подобро, макар што воопшто не сум се здебелил и сепак кашлам. Мајка ми ме извести вчера вечер дека е готов станот, а јас пак од своја страна итам да ве известам дека, откако ќе ѝ се заблагодарам на вашата мајчица и на сестра ви, уште денес ќе се преселам во мојот стан, за што се решив уште вчера вечер. Проштавајте, јас ве прекинав; вие, чинам, сакавте да ми кажете уште многу работи . . .

– О, ако е така . . . – затрепери Гања.

– А ако е така, дозволете ми тогаш да седнам, – додаде Иполит, наместувајќи се најспокојно на столот на кој седеше генералот, – зашто јас сум сепак болен; а сега готов сум да ве слушам, дотолку повеќе што тоа е наш последен разговор и дури, можеби, и последна средба.

Гања наеднаш почна да го гризе совест.

– Верувајте ми дека јас нема да се понижам до расчистување на сметките со вас, – рече тој, – но ако вие . . .

– Залудно говорите вака од високо, – го прекина Иполит, – јас, од своја страна, уште од првиот ден на моето преселување тука си дадов збор да не се лишам од задоволството да ви кажам сè и тоа на најотворен начин, кога ќе се разделуваме. Јас имам намера да го извршам тоа токму сега, по вас, се разбира.

– А јас ве молам да излезете од собава.

– Подобро е да зборувате, зашто ќе се каете дека не искажавте сè.

– Престанете, Иполит; сето ова е ужасно срамно; сторете ми го тоа, престанете! – рече Варја.

– Само заради дамата, – се насмеа Иполит, кренувајќи се. – Повелете, Варвара Ардалионовна, заради вас јас сум готов да скратам, но само да скратам, зашто извесна расправија со вашето братче ми стана

неопходна, а јас за ништо на светот не ќе се решам да заминам оставајќи недоумица.

– Вие сте едноставно еден интригант, – викна Гања, – затоа и не можете да си заминете без интриги!

– Ете гледате, – ладнокрвно забележа Иполит, – вие веќе нѐ можете да се воздржите. Вистина ви велам, ќе се каете што не искажавте сѐ. Уште еднаш ви го отстапувам зборот. Јас ќе почекам.

Гаврило Ардалионович молчеше и го гледаше со презир.

– Не сакате. Намеравате да го испробате карактерот, – ваша волја. Од своја страна, ќе бидам краток колку што можам. Јас два или трипати имам слушнато денес префрлање за гостопримност; тоа е неправедливо. Поканувајќи ме кај вас вие самите ме ловевте во мрежа, сметајќи дека јас сакам да му се одмаздам на кнезот. Вие згора слушнавте и дека Аглаја Ивановна покажала интерес кон мене и дека ја прочитала мојата исповед. Сметајќи, којзнае зошто, дека јас сиот ќе им се предадам на вашите интереси, вие се надевавте дека ќе најдете во мене помошник. Јас нема подетално да објаснувам! Од ваша страна исто така не барам да признаете, ниту да потврдите; доволно е тоа што јас ве оставам со вашата совест и што ние сега одлично се разбираме еден со друг.

– Но вие од најобична работа правите којзнае што! – викна Варја.

– Јас ти реков: „интригант е и детиштe", – проговори Гања.

– Дозволете, Варвара Александровна, јас продолжувам. Јас, се разбира, кнезот не можам ниту да го сакам, ниту да го почитувам; но тоа е навистина еден добар човек, макар што е ... и смешен. Но јас воопшто немам поради што да го мразам; јас не го покажав тоа пред вашето братче, кога тој самиот ме подбоднуваше против кнезот; јас имено сметав со тоа да му се потсмевам при расплетот. Јас знаев дека вашиот брат ќе ми се открие и ќе стори најголема грешка. Така и се случи ... Јас сум сега готов да го поштедам, но единствено заради почитта кон вас,

Варвара Ардалионовна. Но, откако ви покажав дека не е толку лесно да ме улови некој на јадица, јас ќе ви го објаснам и тоа зошто јас толку сакав да го доведам вашиот брат во глупава ситуација пред мене. Знајте дека јас го извршив тоа од омраза, отворено признавам. Умирајќи (зашто јас сепак ќе умрам, макар што сум се здебелил, како што ме убедувате), умирајќи, јас почувствував дека ќе заминам в рај неспоредливо поспокојно ако успеам да намагарчам макар еден претставник од оној многуброен вид луѓе, кој ме прогонуваше целиот мој живот, кој јас го мразев целиот свој живот и на кој како толку истакнат претставник служи вашиот многупочитуван брат. Јас ве мразам вас, Гаврило Ардалионович, единствено поради тоа што, – вам тоа, можеби, ќе ви се стори чудно, – единствено поради тоа што сте вие тип и претставник, олицетворение и кулминација на најдрската, најсамозадоволната, на најниската и најгадната обичност! Вие сте една обичност што е вообразена, обичност што не се сомнева и што е олимписки смирена; вие сте рутина на рутините! Ни на најмалечка сопствена идеја не ѝ е судено да се зароди во вашиот ум, ниту во вашето срце, никогаш. Но вие сте бескрајно завидлив; вие сте цврсто убеден дека сте најголем гениј, но сомневањето сепак ве посетува напати во темните мигови и вие се јадосувате и завидувате. О, вие сѐ уште имате црни дамки на хоризонтот; тие ќе исчезнат кога вие конечно ќе заглупите, што не е многу далеку; но, сепак, вам ви претстои долг и разновиден пат, не ќе речам дека е весел, и тоа ме радува. Пред сѐ, јас ви проречувам дека вие нема да стигнете до извесно лице . . .

– Е ова е неподносливо! – викна Варја. – Ќе завршите ли еднаш, одвратна лоштотијо?

Гања пребледе, трепереше и молчеше. Иполит запре, внимателно и со уживање го погледна, го пренесе својот поглед на Варја, се насмевна, се поклони и излезе, не додавајќи повеќе ниту збор.

Гаврило Ардалионович со право би можел да се пожали на судбата и на неуспехот. Извесно време Варја не се решаваше да му проговори, дури не го ни

погледна кога тој чекореше крај неа со крупни чекори; најодзади тој се оддалечи кон прозорецот и застана свртувајќи ѝ грб. Варја мислеше на руската поговорка: „стапот има два краја“ Горе пак се зачу врева.

– Заминуваш? – ѝ се обрна наеднаш Гања, кога слушна дека таа се крева од местото. – Почекај; погледни го ова.

Тој ѝ пријде и фрли на столот пред неа малечко хартијче, здиплено како писменце.

– Господи! – викна Варја и плесна со рацете.

Писменцето имаше седум редови:

„Гаврило Ардалионович! Откако се убедив во вашето добро расположение кон мене, се решувам да побарам од вас совет за една за мене важна работа. Јас би сакала да ве најдам утре, на зелената клупа. Тоа не е далеку од вашиот летниковец. Варвара Ардалионовна, која на секој начин мора да ве придружува, го знае тоа место мошне убаво. А.Е.“

– А сега оди па разбери ја! – ги рашири рацете Варвара Ардалионовна.

Макар што во тој миг Гања сакаше да се прави важен, тој не можеше да не го искаже своето ликување, особено по толку понижувачките проречувања на Ипполит. Самозадоволна насмевка отворено светна на неговото лице, а и самата Варја сета светна од радост.

– И тоа истиот ден кога кај нив ќе се објави свршувачката! А сега оди па разбери ја!

– Што мислиш, за што таа намерава утре да зборува? – праша Гања.

– Тоа е сеедно, главно е дека посакала да се видите првпат по шест месеци. Слушај ме сега мене, Гања: што и да биде, како и да се сврти работата, знај дека ова е *важно*! Мошне важно! Не прави се пак важен, гледај одново да не згрешиш, но гледај и да не се исплашиш! Зар можеше таа да не разбере зошто јас половина година се влечкав таму? И претстави си: денес не ми рече ниту збор, со ништо не покажа. А јас пак и влегов кај нив скришум, старицата не знаеше дека јас седам кај нив, инаку можеби и ќе ме

избркаше. Се решив да рескирам заради тебе, по секоја цена да дознам . . .

Горе пак се чу врева и татнеж; неколку души слегуваа по скали.

– Ова сега никако не смее да се дозволи! – викна Варја, заитана и исплашена, – да нема ниту сенка од скандал! Оди, барај прошка!

Но таткото на семејството веќе беше на улица. Кољa по него влечеше торба. Нина Александровна стоеше на порта и плачеше; таа сакаше да потрча по него, но Птицин ја задржа.

– Со тоа вие уште повеќе го подбуцнувате, – ѝ велеше тој, – тој нема каде да оди, по половина час ќе го доведат назад, јас веќе разговарав со Кољa; дозволете му да се излудува.

– Што се јуначите, каде ќе појдете! – му викна Гања од прозорец, – та немате каде да одите!

– Вратете се, тате! – викна Варја. – Соседите ќе нѐ чујат.

Генералот запре, се сврте, ја подаде раката и викна:

– Ја проколнувам куќава!

– И бездруго со театрален тон! – промрмори Гања затворајќи го бучно прозорецот.

Соседите навистина слушаа. Варја истрча од собата.

Кога Варја излезе, Гања го зеде од маса писменцето, го бакна, пукна со јазикот и потскокна.

III

Мешаницата со генералот во секое друго време ќе завршеше без ништо. И порано му се случуваа слични ненадејни лудувања, иако доста ретко, зашто, општо речено, тоа беше мошне мирен човек со речиси добри наклоности. Тој, можеби, стопати почнувал борба со безредието кое последните години загосподарило со него. Тој наеднаш се потсетувал дека е „татко на семејство“, се смирувал со жената, искрено плачел. Тој до обожување ја почитуваше Нина Александровна

поради тоа што таа молчејќи му проштеваше и го сакаше дури и во неговиот будалест и понижувачки лик. Но великодушната борба со безредието обично не траеше долго; генералот исто така беше и премногу „избувлив", човек, иако на свој начин; тој обично не го поднесуваше покајничкиот и празен живот во своето семејство и завршуваше со побуна; паѓаше в оган, поради кој и самиот, можеби, уште истите мигови си префрлаше себеси, но не можеше да издржи: се караше, почнуваше да зборува накитено и красноречиво, бараше прекумерно и невозможно почитување кон себеси и најодзади исчезнуваше од дома, напати дури и за долго време. Последните години за она што се случува во неговото семејство тој знаеше само згора-згора или само она што ќе подначуеше; престана подетално да навлегува, не чувствувајќи ни најмал интерес за тоа.

Но, овојпат во „мешаницата со генералот" се појави нешто необично; сите небаре знаеја за нешто и сите небаре се плашеа нешто да кажат. Генералот „формално" се појави во семејството, то ест кај Нина Александровна, само пред три дни, но некако не помирливо, и не со покајување, како што се случуваше за време преѓешните „појавувања", туку напротив – со необична раздразливост. Тој беше разговорлив, неспокоен, почнуваше разговор со секој кого ќе сретнеше, со пламеност и небаре нафрлувајќи му се на човекот, но постојано за предмети толку разновидни и ненадејни, што никако не можеше да се дознае што сега всушност толку го вознемирува. На мигови тој стануваше весел, но почесто запаѓаше во мисли, самиот впрочем не знаејќи за што имено; наеднаш почнуваше за нешто да раскажува – за Епанчини, за кнезот, за Лебедев, – и наеднаш се прекинуваше и сосема престануваше да говори, а на натамошните прашања одговараше само со тапа насмевка, впрочем и не забележувајќи дури дека нешто го прашуваат, а дека тој се насмевнува. Последната ноќ тој ја мина офкајќи и стенкајќи и ја измачи Нина Александровна, која целата ноќ, којзнае зошто, му грееше облоги; пред изгреј-сонце тој наеднаш заспа, отспа четири ча-

сови и се разбуди во мошне силен и мачен напад на хипохондрија, кој заврши со караницата со Иполит и со „проколнување на куќата“. Исто така беше забележано дека за овие три дни тој непрестајно впаѓаше во мошне силна честољубивост, а како последица на тоа и во необична навредливост. Коља пак настојуваше да ја убедува мајка си дека сето ова била носталгија по пијалак, а можеби и по Лебедев, со кој генералот во последно време необично се беше здружил. Но пред три дни тој се скара со Лебедев и се раздели во ужасна разјареност, дури и со кнезот имаше некаква сцена. Коља бараше од кнезот да му објасни и најодзади почна да се сомнева во тоа дека и овој како да не сака нешто да му каже. Ако и имало, како што претпоставуваше Гања со голема веројатност, некаков особен разговор меѓу Иполит и Нина Александровна, тогаш чудно беше што овој зол господин, кој Гања онака директно го нарече интригант, не нашол задоволство на ист начин да го поучи и Коља. Сосема е веројатно дека тој и не бил толку зло „детиште“, каков што го претставуваше Гања, зборувајќи со сестра си, туку бил зол на некој друг начин; а и на Нина Александровна којзнае дали ѝ соопштил некое од своите набљудувања, само со цел да ѝ го „скрши срцето“. Не треба да заборавиме дека причините за човечките дејствувања обично се неограничено посложени и поразновидни одошто ние секогаш подоцна си ги објаснуваме и тие ретко, јасно испакнуваат. Напати, на раскажувачот му е најдобро да се ограничи на простото излагање на настаните. Ние така и ќе постапиме при натамошното разјаснување на сегашната катастрофа со генералот; зашто, колку и да се трудиме, сепак поставени сме во неопходност да му одделиме и на ова второстепено лице на нашето прикажување малку повеќе внимание и место, одошто сме претпоставувале досега дека ќе треба.

Настаните течеа еден по друг во следниот ред.

Кога Лебедев, по своето патување во Петербург за да го пронајде Фердишченко, се врати истиот ден назад, заедно со генералот, ништо особено не му соопшти на кнезот. Да не беше кнезот во тоа време

премногу заинтересиран и зафатен со други впечатоци, поважни за него, тој брзо ќе забележеше дека и во двата дена што следеа Лебедев не само што не му дал никакви појаснувања, туку напротив, небаре и самиот ги одбегнуваше којзнае зошто, средбите со него. Откако најодзади го обрати вниманието на тоа, кнезот се почуди што во тие два дена, кога ќе се сретнеше случајно со Лебедев, тој се сеќаваше на него во најпрекрасно расположение на духот и речиси секогаш во друштво со генералот. Двајцата другари повеќе не се разделуваа ниту за миг. Кнезот слушаше одвреме навреме гласни и брзи разговори кои допираа кај него од горе, раскикотена весела расправија; еднаш дури, мошне доцна навечер, допреа до него ненадејно и наеднаш избувнати војничко-баханалски песни и тој веднаш го препозна засипнатиот глас на генералот. Но песната која се рашири не продолжи и наеднаш се стиша. Потоа уште околу еден час траеше мошне одушевен и по сите знакови пијан разговор. Можеше да се погоди дека другарите што се веселеа горе се прегрнуваа и еден од нив, најодзади заплака. Потоа наеднаш избувна силна караница, која исто така брзо и наеднаш стивна. Целото ова време Коља беше во некое особено загрижено расположение. Кнезот не беше многу дома, а се враќаше напати многу доцна; секогаш му реферираа дека Коља целиот ден го барал и се распрашувал за него. Но, кога ќе се сретнеа, Коља не можеше да му каже ништо особено, освен тоа дека бил сосема „незадоволен" од генералот и од неговото сегашно држење: „Се влечкаат, пијат тука близу во кафеана, се прегрнуваат и се караат на улица, се подбоднуваат еден со друг и не можат да се разделат". Кога кнезот му забележа дека и порано речиси секој ден се случувало истото, Коља навистина не знаеше што да одговори на тоа и како да објасни во што токму се состои неговата вознемиреност.

Изутрината по бахалиската песна и караницата, кога кнезот во околу единаесет часот излегуваше од дома, пред него наеднаш се појави генералот, необично возбуден од нешто и речиси потресен.

– Одамна ја барав честа и можноста да ве срет-

нам, многупочитуван Лав Николаевич, одамна, мошне одамна, – промрмори тој, стегнувајќи му ја раката на кнезот необично силно, речиси до болка, – мошне, мошне одамна.

Кнезот го замоли да седне.

– Не, нема да седнам, згора, јас ве задржувам, јас, – другпат. Се чини дека јас притоа можам да ви честитам со ... исполнувањето ... на желбите на срцето.

– Какви желби на срцето?

Кнезот се збуни. Нему, како и на многумина во негова положба, му се чинеше дека апсолутно никој ништо не гледа, не се досеќава и не разбира.

– Смирете се, смирете се! Нема да ви ги вознемирам најделикатните чувства. Самиот сум ги чувствувал и самиот знам дека кога некој туѓ ... така да речам, нос ... според поговорката ... се пика онаму, каде што не го канат. Јас тоа секоја изутрина го чувствувам. По друга работа дојдов, по важна работа. По мошне важна работа, кнезу.

Кнезот уште еднаш го замоли да седне и седна и самиот.

– Само за една минута ... Дојдов за совет. Јас, се разбира, живеам без некои практични цели, но почитувајќи се себеси и ... деловноста, во која толку не успева рускиот човек, општо речено ... сакам да се поставам себеси, мојата жена и моите деца во положба ... со еден збор, кнезу, јас барам совет.

Кнезот пламено ја пофали неговата намера.

– Но сето тоа е глупост, – брзо го прекина генералот, – не сакав за тоа, сакав за нешто друго и за важно да говорам. Имено, јас одлучив да ви разјаснам, Лав Николаевич, како на еден човек во чија искреност на прифаќањето и во благородствата на чувствата јас сум убеден, како ... како ... Вие не ми се вчудовидувате на моите зборови, кнезу?

Кнезот иако не со особено вчудовидување, но со необично внимание и љубопитност го следеше својот гостин. Старецот беше малку блед, усните напати лесно му протреперуваа, рацете негови небаре не можеа да си најдат мирно место. Тој седеше само не-

колку минути и веќе стигна два-трипати којзнае зошто да се крене од столот и наеднаш пак да седне, очигледно не обрнувајќи ни најмало внимание на своите маневрирања. На масата лежеа книги; тој зеде една продолжувајќи да зборува, ѕирна во отворената страница, истиот миг одново ја затвори и ја стави книгата на маса, грабна друга книга, која веќе не ја отвораше, туку целото време ја држеше во десната рака, непрестајно мавтајќи со неа во воздухот.

– Доста е! – викна тој наеднаш, – гледам дека многу ве вознемирив.

– Ни најмалку, повелете, бидете така добри, јас, напротив, ве слушам и сакам да се сетам . . .

– Кнезу! Јас сакам да се поставам себеси во положба достојна за почит . . . јас сакам да се почитувам себеси и . . . моите права.

– Човек со такви желби веќе со самото тоа е достоен за секаква почит.

Кнезот ја изрече својата фраза од правилата, цврсто убеден дека ќе остави прекрасно дејство. Тој некако инстинктивно се досети дека со некоја слична празна, но пријатна фраза, речена на место, ќе може наеднаш да ја ублажи и смири душата на еден таков човек, особено кога е во таква положба, како што е генералот. Во секој случај таков гостин требаше да си замине со олеснето срце, и во тоа се состоеше задачата.

Фразата го поласка, го трогна и мошне му се допадна: генералот наеднаш се разнежи, за миг го промени тонот и се впушти во восхитено-долги појаснувања. Но колку и да се напрегнуваше кнезот, колку внимателно да го слушаше, тој буквално ништо не можеше да разбере. Генералот говореше околу десет минути, врело, забрзано, небаре не стигнувајќи да ги изговори своите мисли кои навалуваа во толпа; дури и солзи при крајот светнаа во неговите очи, но сепак тоа беа само фрази без почеток и крај, нечекани зборови и ненадејни мисли, кои брзо и нечекано се прескокнуваа една со друга.

– Доста ми е! Вие ме разбравте и сега сум спокоен, – заврши тој наеднаш станувајќи, – срце, како

што е вашето, не може да не разбере еден страдалник. Кнезу, вие сте благороден како идеал! Што се другите пред вас? Но вие сте млад и јас ве благословувам. Најодзади, јас дојдов да ве замолам да ми определите час за важен разговор и ете каде е мојата главна надеж. Јас барам само пријателство и срце, кнезу; јас никогаш не можев да ги задоволам барањата на моето срце.

– Но зошто не сега? Јас сум готов да ве сослушам . . .

– Не, кнезу, не! – врело го прекина генералот, – не сега! Сега е сон! Тоа е премногу, премногу важно, премногу важно! Тој час на разговор ќе биде час на конечната судбина. Тоа ќе биде час на конечната судбина. Тоа ќе биде м о ј час, и јас не би сакал да може да нè прекине во таков светол миг некој што ќе намине, некој натрапник, и честопати таквиот натрапник, – се наведна тој наеднаш кон кнезот со чуден, таинствен и речиси исплашен шепот, – таков натрапник кој не го заслужува ниту ѓонот . . . од вашата нога, обожуван кнезу! О, јас не велам: од мојата нога! Забележете го особено ова дека јас не ја спомнав мојата нога; зашто премногу се почитувам себеси за да го изречам тоа без извинување; но вие сте единствен што е способен да разбере дека, отфрлајќи го во овој случај и мојот ѓон, јас ја искажувам можеби необичната гордост на достоинството. Освен вас, никој друг не ќе разбере, а т о ј пред сите други. Тој ништо не разбира, кнезу; тој е апсолутно, апсолутно неспособен да разбере! Треба да се има срце та да се разбере!

Најодзади, кнезот речиси се исплаши и му закажа на генералот средба за утре во истиот час. Овој излезе ободрен, необично утешен и речиси смирен. Навечер, кон осум часот, кнезот прати да го повикаат Лебедев кај него на неколку минути.

Лебедев се појави необично брзо „сметајќи го тоа за чест“, како што истиот миг и почна на влегување; како да немаше ниту сенка од она што тој три дни речиси се криеше и видливо одбегнуваше да се сретне со кнезот. Тој седна на работ од столот, со гримаси, насмевки, со насмеани очиња што светкаа, со триење

раце и со изглед на најнаивно очекување да чуе нешто во вид на некое соопштение од капитална вредност, кое било одамна очекувано и одамна насетено. Кнезот сиот се наежави; нему му станувеше сè појасно дека сите наеднаш почнаа да чекаат нешто од него, дека сите гледаат во него, небаре сакаат да му честитаат нешто, со навестувања, насмевки и намигнувања. Келер веќе три-четирипати дотрчуваше за миг, и исто така покажуваше јасна желба да честита: секојпат почнуваше нејасно и восхитено, но никогаш не довршуваше и брзо исчезнуваше. (Последните денови тој некаде страшно се запил и вревел во некоја билијардска сала). Дури и Коља, и покрај својата нatаженост, исто така два-трипати почнуваше некаков нејасен разговор со кнезот.

Кнезот директно и малку раздразливо го прша Лебедев што мисли за сегашната состојба на генералот и зошто е овој толку вознемирен? Во неколку зборови тој му ја опиша преѓешната сцена.

– Секој си има своја грижа, кнезу, и ... тоа во нашето чудно и немирно време, господине; така си е, – малку суво му одговори Лебедев и навредено замолча со изглед на човек, мошне измамен во своите очекувања.

– Каква филозофија! – се насмевна кнезот.

– Филозофијата си е потребна, господине, таа би била многу потребна во нашето време, во практична примена, но неа ја пренебрегнуваат, господине, ете така. Од моја страна, многупочитуван кнезу, макар што и бев во извесна точка што ви е позната почестен со вашата доверба, но само до извесен степен и никако не подалеку од околностите, кои се однесуваа всушност само на таа точка ... Јас тоа го разбирам и воопшто не се жалам.

– Лебедев, вие како да се лутите за нешто?

– Воопшто не, ни најмалку, многупочитуван и пресветол кнезу, ни најмалку! – восхитено викна Лебедев, ставајќи си ја раката на срце, – туку напротив, јас имено веднаш сфатив дека ниту со својата положба во општеството, ниту пак со развиеноста на својот ум и срце, ниту со стеченото богатство, ниту со

своето досегашно држење, ниту со знаењата, – дека со ништо не ја заслужувам вашата почитувана доверба, која толку е над моите очекувања; а ако и можам да ви служам, тогаш само како роб и наемно лице ... јас не се лутам, јас тажам, господине.

– Лукијан Тимофеич, живи господ!

– Инаку не може да биде! Така е и сега, така е и во овој случај! Кога ве сретнав и кога ве проследував со срце и мисла, си велев: јас не сум достоен за пријателски однос, но, како сопственик на стан, можеби ќе можам да добијам за определено време, до очекуваниот рок, така да речам, писмено, или во некој друг вид соопштение имајќи ги предвид извесните промени што претстојат и што се чекаат ...

Изговорувајќи го ова, Лебедев скоро се впи со своите боцкави очиња во кнезот кој го гледаше мошне вчудовиден; тој сè уште имаше надеж дека ќе ја задоволи својата љубопитност.

– Јас воопшто ништо не разбирам, – викна кнезот речиси налутено, – и ... вие сте најужасен интригант! – се насмеа тој наеднаш со најискрена смеа.

За миг се насмеа и Лебедев и неговиот светнат поглед веднаш покажа дека неговите надежи станаа посветли и дури двојно се зголемија.

– И знаете ли што ќе ви речам, Лукијан Тимофеич? Само не лутете ми се, зашто јас ѝ се чудам на вашата наивност, а и не само на вашата! Вие со толкава наивност очекувате нешто од мене, ете имено сега, истиов миг, што мене дури ме пече совеста и ми е срам што немам ништо за да ве задоволам; но ви се колнам дека апсолутно ништо нема, можете ли да си го замислите тоа?

Кнезот пак се насмеа.

Лебедев доби сериозен израз. Вистина е дека тој напати станувaше дури и премногу наивен и натраплив со својата љубопитност; но во исто време тој беше и достатно итер и снаодлив, а напати дури и мошне подмолно-затворен; со непрестајно одбивање кнезот речиси го беше подготвил за свој непријател. Но кнезот не го одбиваше него од презир, туку поради тоа што темата на неговата љубопитност беше дели-

катна. На некои свои мечти кнезот уште пред неколку денови гледаше како на злосторство, а Лукијан Тимофеич ги примаше одбивањата на кнезот само како лична одвратност и недоверба кон него, си заминуваше со нарането срце и беше љубоморен не само на Коља и Келер, туку дури и на својата сопствена ќерка, Вера Лукијанова. Дури и во овој миг тој можеби и сакаше искрено да му соопшти на кнезот една мошне интересна за него новост, но тој стушено молкна и ништо не му рече.

– Со што, всушност, можам да ви послужам, многупочитуван ·кнезу, зашто вие сепак сега .. ме повикавте? – проговори тој, најодзади, по извесно молчење.

– Јас, всушност, за генералот, – се сепна кнезот кој исто така во тој миг се беше замислил, – и ... што се однесува за онаа ваша кражба, за која ми зборувавте ...

– На што мислите, господине?

– Ете сега, како да не ме разбирате! Оф, господи, какви ви се тоа, Лукијан Тимофеич, сѐ некои улоги! Парите, парите, четиристотините рубли, кои тогаш ги бевте изгубиле од портмонето и за кои доаѓавте ваму да ми зборувате, изутрината, пред да тргнете за Петербург, – јасно ли ви е, најодзади?

– Ох, за оние четиристотини рубли ли! – развлече Лебедев, небаре дури сега се сетил. – Ви благодарам, кнезу, поради вашето искрено сочувство; тоа премногу ми ласка, но ... јас ги најдов, и тоа веќе одамна.

– Ги најдовте! Оф, сполај му на бога!

– Овој израз од ваша страна е нешто најблагородно, зашто четиристотини рубли – воопшто не се безначајна работа за еден сиромашен човек кој живее од тешка работа, со многубројно семејство на сирачиња ...

– Но јас не мислев на тоа! Се разбира, јас и поради тоа се радувам, што ги најдовте, – поита да се поправи кнезот, – но ... како ги пронајдовте?

– Сосема едноставно, господине, ги најдов под

столот на кој беше обесено палтото, така што, веројатно, портмонето се слизнало од џебот на под.

– Како под столот? Та тоа е невозможно, нели вие ми зборувавте дека сте барале во сите катови; како ви се случи да не го видите на најглавното место?

– Во тоа е и работата што гледав, господине! Мошне, мошне убаво се сеќавам дека гледав! Ползев на коленици, пипав на тоа место со раце изместувајќи го столот, не верувајќи им на сопствените очи: и гледав дека нема ништо, празно и мазно место, ете како дланката, господине, а сепак продолжував да пипам. Слично сомневање секогаш се јавува, кај човек кога силно сака да најде нешто . . . кога ќе се изгуби нешто значајно и тажно: гледа дека нема ништо, дека е местото празно, а сепак петнаесетина пати ќе наѕирне пак.

– Да, можам да си претставам; но сепак како тогаш? . . . Јас сè уште не разбирам, – мрмореше кнезот збунето, – порано вие велевте дека таму го немало, а сега наеднаш таму се нашло?

– А сега наеднаш се нашло, господине.

Кнезот чудно го погледна Лебедов.

– А генералот? – праша тој наеднаш.

– То ест, како мислите, генералот? – пак не го разбра Лебедев.

– Оф, господи! Јас прашувам што рече генералот, кога вие го пронајдовте, портмонето под столот? Зашто вие порано заедно баравте.

– Порано заедно, господине. Но овојпат, морам да признам, јас премолчав и не сакав да му кажам дека портмонето веќе сум го пронашол, сам.

– Зо . . . зошто? А парите негибнати ли се?

– Го отворив портмонето; сè е негибнато, до последна рубља.

– Макар мене да дојдевте да ми кажевте, – замислено забележа кнезот.

– Се плашев лично да ве вознемирувам, кнезу, во вашите лични и, можеби, извонредни, така да речам, впечатоци; а покрај тоа, јас и самиот се направив небаре ништо не сум нашол. Портмонето го отворив, го

прегледав, потоа го затворив и одново го ставив под столот.

– Зошто сте го сториле тоа?

– О-онака, господине, остана таму само еден ден. Гледате ли, јас всушност сакав и генералот да го пронајде. Зашто, најодзади, ако го најдов јас, зошто тогаш и генералот да не го забележи предметот, кој, така да речам, паѓа в очи, кој се подава од под столот. Јас неколкупати го кревав тој стол и го преместував, така што портмонето остануваше веќе сосема на видело, но генералот никако не го забележуваше и тоа така траеше цел ден. Изгледа, тој е сега мошне расеан, не можеш да го разбереш; зборува, раскажува нешто, се смее, се кикоти, а наеднаш ужасно ќе ми се налути, а не знам зошто, господине. Тргнавме ние, најпосле и да излеземе од собата, а јас намерно ја оставав вратата незаклучена; тој сепак се поколеба, сакаше нешто да каже, веројатно за портмонето со толкави пари се уплашил, но наеднаш страшно се налути и ништо не ми рече; не минавме ни два чекори по улица, тој ме остави и замина на друга страна. Дури вечерта во кафеаната се најдовме.

– Но, најодзади, вие сепак сте го зеле портмонето од под столот?

– Не, господине; истата ноќ тоа исчезна од под столот.

– И каде е тоа сега?

– Тука е, господине, – се насмеа наеднаш Лебедев, кревајќи се од столот и исправајќи се колку што е долг и пријатно гледајќи го кнезот, – наеднаш овде се најде, во поставата на моето сопствено палто. Еве, повелете, погледајте и самите, пипнете го.

И навистина, на левата страна на палтото, однапред, на највидно место, беше поднадуено како некоја врека и само со допир веднаш можеше да се погоди дека таму се наоѓа кожно портмоне, пропаднато низ искинат џеб.

– Го извадив и го прегледав, господине, сè е на место. Пак го спуштив таму и така си одам од вчера, го носам во поставата, а тоа дури и ме удира по нозете.

– А вие не го ни забележувате?

– Јас не го ни забележувам, ха-ха! И претставете си, многупочитуван кнезу, – макар што предметот и не е достоен за ваше толкаво внимание, – моите џебови се секогаш цели, а тука наеднаш, една волкава дупка! Го разгледав повнимателно, – небаре некој го расекол со ноже; речиси неверојатно, нели?

– А . . . генералот?

– Цел ден ми се лутеше, и вчера и денес; страшно е незадоволен; ту е весел и одушевен до умилкување, ту е разнежен до солзи, а ту наеднаш ќе се разлути, и тоа толку, што ме фаќа страв, жими бога, господине; јас, кнезу, сепак не сум војник. Вчера седиме во кафеана, а мене, небаре случајно ми се подиздаде поставата на видело, цел рид, а тој подзагледува, се лути. Право в очи тој сега веќе одамна не ме гледа, освен кога е многу пијан или кога ќе се разнежи; но вчера два-трипати така ме погледна, што морници ми сполазија по грбот. Впрочем, јас имам намера да го пронајдам портмонето, а до утре уште една вечер ќе се прошетам со него.

– Зошто го измачувате толку? – викна кнезот.

– Не го измачувам, кнезу, не го измачувам, – врело му одговори Лебедев, – јас искрено го сакам, господине и . . . го почитувам; а сега, ете верувајте ми или не верувајте, тој ми стана уште подраг; уште повеќе почнав да го ценам, господине!

Лебедев го изговори сето тоа толку сериозно и искрено, што кнезот дури почна да негодува.

– Го сакате, а толку го измачувате! Дозволете, веќе со тоа што тој на така видно место ви го ставил загубениот предмет, под стол и во палто, само со тоа тој директно ви покажува дека не сака да се впушта во лукавство, туку дека простодушно ви бара прошка. Ме слушате ли: бара прошка! Тој, веројатно, се надева на деликатноста на вашите чувства; значи верува во вашето пријателство кон него. А вие до такво понижување доведувате еден волку чесен човек!

– Волку чесен, кнезу, волку чесен! – се сложи Лебедев светкајќи со очите, – и единствено вие, најблагороден кнезу, сте во состојба да кажете така правед-

лив збор! Поради тоа јас сум ви толку верен до обожување, макар што сум инаку изгниен од различни пороци! Нека биде! Го пронаоѓам портмонето уште сега, истиот миг, а не утре; еве, го извлекувам пред ваши очи; еве го; еве и парите се сите тука, еве, земете го, најблагороден кнезу, земете и сочувајте го до утре. Утре или задутре ќе го земам; а знаете ли, кнезу, веројатно е дека изгубениот предмет првата ноќ прележал некаде под камче во мојата градинка; како мислите?

– Гледајте само, не кажувајте му онака директно в лице дека сте го пронашле портмонето. Едноставно нека види дека во поставата повеќе нема ништо и ќе разбере.

– Така ли? Зар не е подобро да му кажам дека сум го нашол и дека досега не сум се сеќавал?

– Н-не, – се замисли кнезот, – н-не, сега е веќе доцна; тоа ќе биде поопасно; навистина, подобро е да не му кажувате! А со него бидете внимателни, но ... не преправајте се премногу, и ... и ... знаете ли ...

– Знам, кнезу, знам, то ест, знам дека можеби и нема да го извршам тоа; зашто за ова треба да се има срце какво што е вашето. Одозгора јас и самиот сум раздразлив и избувлив, премногу од високо тој сега напати почна да ми се обрнува; ту липа и се прегрнува, а ту наеднаш ќе почне да ме понижува и презриво да ме задева; е, во таков миг, јас ќе земам и намерно ќе му ја покажам поставката, ха-ха! До видување, кнезу, зашто е очигледно дека ве задржувам и им пречам, така да речам, на најинтересните чувства ...

– Но, живи господ, зачувајте ја тајната!

– Со тивки стапки, господине, со тивки стапки!

Но макар што работата беше завршена, кнезот остана позагрижен дури и одошто беше. Тој нестрпливо ја очекуваше утрешната средба со генералот.

IV

Беше договорено во дванаесет часот, но кнезот сосема нечекано задоцни. Кога се врати дома тој го најде генералот како го чека. Од прв поглед тој забе-

лежа дека овој е незадоволен и, можеби, токму поради тоа што мораше да почека. Извинувајќи се, кнезот поита да седне, но некако чудно губејќи храброст, небаре гостинот да му беше од порцелан и тој секој миг се плашеше дека ќе го скрши. Порано тој никогаш не губеше храброст пред генералот, дури ни на ум тоа никогаш не му паѓаше. Наскоро, кнезот согледа дека овој е сосема друг човек од вчерашниот; место збунетост и расеаност од него зрачеше некаква необична воздржаност; можеше да се дојде до заклучок дека овој човек донесол некоја конечна одлука. Спокојството, впрочем, беше повеќе надворешно одошто вистинско. Но, во секој случај, господинот беше благородно слободен, иако воздржано достоинствен; во почетокот дури и се обрнуваше кон кнезот небаре со изглед на извесна снисходливост, – токму онака како што напати можат да бидат благороднослободни некои горди, но неправедливо навредени луѓе. Тој зборуваше љубезно иако не без извесна натаженост во тонот.

– Вашата книга, која ја земав деновиве, – кимна тој значајно накај книгата што ја донесе и која лежеше на маса, – ви благодарам.

– Ах, да; сте ја прочитале таа статија, генерале? Како ви се допадна? Нели е интересна? – ѝ се израдува кнезот на можноста побрзо да го почне разговорот за нешто пооддалечено.

– Интересна е, може да се рече, но груба е и, се разбира, глупа. Можеби е и чиста измислица.

Генералот говореше со особена интонација и дури малку ги развлекуваше зборовите.

– Ох, тоа е толку простодушен расказ; расказ на еден стар војник-очевидец на престојувањето на французите во Москва; некои работи се извонредни. Одозгора пак, сите записи на очевидци се скапоцени, дури и кога е кој и да е очевидец. Зар не?

– Да сум на место на уредникот, јас не ќе ја печатев; што се однесува пак општо до записите на очевидците, поскоро ќе му се поверува на некој груб измамник, но кој е интересен, одошто на некој заслужен и достоен човек. Знам некои записи од дванаесе-

тата година кои ... Јас донесов одлука, кнезу, јас ќе ја напуштам куќата. – куќата на господин Лебедев.

Генералот значајно го погледна кнезот.

– Вие си имате свој стан во Павловск, кај ... кај ... вашата ќерка ... – проговори кнезот, не знаејќи што да каже. Тој се сети дека генералот дошол за совет за некоја необично важна работа, од која зависела неговата судбина.

– Кај мојата жена; со други зборови, во своја куќа и во куќата на ќерка ми.

– Проштавајте, јас ...

– Јас ја напуштив куќата на Лебедев поради тоа, мил кнезу, што раскинав со тој човек; раскинав вчера вечер, каејќи се што не го сторив тоа порано. Јас барам почитување, кнезу, и сакам да го добивам дури и од тие лица, на кои им го подарувам, така да речам, своето срце. Кнезу, јас често го подарувам своето срце и речиси секогаш сум измамен. Овој човек беше недостоен за мојот подарок.

– Тој е многу несреден, – воздржано забележа кнезот, – и извесни црти ... но среде сето тоа се пројавува срце и лукав, а напати и интересен ум.

Префинетоста на изразувањето, учтивиот тон изгледа му поласкаа на генералот, макар што тој сè уште напати ќе погледнеше со ненадејна недоверба. Но тонот на кнезот беше толку природен и искрен, што беше невозможно да се сомнева.

– Дека во него има и добри особини, – се сложи генералот, – јас прв го изјавив тоа скоро подарувајќи ѝ го на оваа индивидуа своето пријателство. Но мене не ми треба неговата куќа и неговото гостопримство, кога си имам свое сопствено семејство. Јас не ги оправдувам своите пороци; јас не умеам да се воздржам; јас пиев со него вино и сега, можеби, плачам поради тоа. Но не само поради пиењето (извинете, кнезу, за грубоста на отвореноста кај еден раздразнет човек), не само поради пиењето се зближив јас со него. Мене навистина ме измамија добродетелите, како што рековте вие. Но сè до извесна граница, дури и добродетелите; и ако тој наеднаш, има дрскост да ме убедува в лице дека во дванаесеттата година, уште

како малечок, во детството, тој ја загубил својата лева нога и ја закопал на Вагањковските гробишта, во Москва, тогаш веќе ги минува границите, изразува непочитување, пројавува дрскост . . .

– Тоа, можеби, била само шега за една весела смеа.

– Разбирам. Невина лага за весела смеа, иако груба, не гӧ навредува човечкото срце. Некој дури и лаже, ако сакате, од чисто пријателство, за да му пружи задоволство на соговорникот; но ако се пробива непочитување, ако, можеби, токму со тоа непочитување сака да се покаже дека му е тешка врската со вас, тогаш на еден благороден човек му останува само да си го сврти грбот и да ја прекине врската, покажувајќи му го на навредувачот неговото вистинско место.

Генералот дури се вцрви зборувајќи.

– Но Лебедев и не би можел да биде во Москва во дванаесеттата година, тој премногу е млад за тоа; тоа е смешно.

– Тоа е прво; но, да речеме, дека веќе можел тогаш да биде роден; но како може да ме убедува в лице дека еден француски стрелец го свртел топот и пукал во неговата нога, онака, само за да се поигра; дека тој си ја кренал ногата и си ја однесол дома, а после ја закопал на Вагањските гробишта и вели дека кренал над неа споменик со натпис на едната страна: „Тука е закопана ногата на колежскиот секретар Лебедев", а на другата: „Лежи спокојно мој пепелу до радосната изутрина", и дека, најпосле, секоја година читал помен по неа (што веќе е обесветување) и заради што секоја година патувал во Москва. Како доказ на тоа ме кани во Москва за да ми го покаже гробот и дури да ми го покаже истиот француски топ во Кремљ, што бил запленет; ме убедува дека единаесеттиот топ откај портата бил француски фалконет* од стара конструкција.

– А притоа и двете нозе му се цели, на видело! –

* Стар мал топ (Заб. прев)

се насмеа кнезот. – верувајте ми дека тоа е невина шега; не лутете му се.

– Но дозволете ми и јас да си имам свое мислење што се однесува до тоа дека се нозете на видело, – тоа, да речеме, и не е сосема неверојатно; тој ме убедува дека ногата му е Черносвитова . . .*

– Ох, да, велат дека со Черносвитова нога можело и да се игра.

– Тоа совршено го знам; Черносвитов, кога ја пронајде својата нога, прво што направи, тоа беше да дојде мене да ми ја покаже. Но Черносвитовата нога е пронајдена мошне подоцна . . . И одозгора ме убедува дека дури ниту неговата покојна жена, за време на целиот брак, не знаела дека тој, нејзиниот маж, имал дрвена нога. „Ако си можел ти, ми вели кога јас му ги забележав сите бесмислици, – ако си можел ти во дванаесеттата година да му бидеш на Наполеон камер-паж, тогаш и мене дозволи ми да си ја закопам ногата на Вагањковските гробишта".

– Зар вие . . . – почна кнезот и се збуни.

Генералот го погледна кнезот сосема од високо и речиси подбивно.

– Доискажете се, кнезу, – особено мазно развлече тој, – доискажете се. Јас сум снисходлив, кажете сè: признајте дека вам ви е смешна дури и мислата да видите пред себеси човек во сегашното негово понижување и . . . залудност и во исто време да чуете дека овој човек бил личен сведок на . . . големи настани. Тој не стигнал уште ништо да ви . . . насплеткари?

– Не; ништо немам чуено од Лебедев, – ако вие мислите на Лебедев . . .

– Хм, јас претпоставував обратно. Всушност и целиот разговор ни почна вчера по повод на онаа . . . чудна статија во архивот. Јас ја забележав нејзината бесмислица и зашто лично бев очевидец . . . вие се насмевнувате, кнезу, вие ми го гледате лицето?

– Не-не, јас . . .

– Јас сум младолик наизглед, – ги развлечуваше зборовите генералот, – но јас сум малку постар со го-

* Черносвитов, познат ортопед (Заб. прев.)

дините, одошто изгледам. Во дванаесеттата година јас бев на околу десет-единаесет години. Јас и самиот не си ги знам добро годините. Во формуларот ми се смалени; а јас пак ја имав таа слабост да си ги смалувам годините во текот на животот.

– Верувајте ми, генерале, дека воопшто не ми е чудно тоа што во дванаесеттата година сте биле во Москва и . . . се разбира, вие можете да ни соопштите нешто . . . онака како и сите што биле очевидци. Еден од нашите автобиографи си ја почнува книгата токму со тоа што во дванаесеттата година, него, како пеленаче, во Москва го хранеле со леб француските војници.

– Ете гледате, – снисходливо се сложи генералот, – мојот случај, се разбира, излегува од границите на обичното, но не содржи во себе ништо необично. Мошне често вистината ќе чини невозможна. Камерпаж! Чудно е да се чуе, се разбира. Но настанот што му се случи на едно десетгодишно дете можеби и се објаснува токму со неговата возраст. На петнаесетгодишно веќе не би можело да му се случи ова, и тоа сосема е така, зашто на петнаесетгодишна возраст јас не ќе побегнев од нашата дрвена куќа, во Старата Басмана улица, на денот на доаѓањето на Наполеон во Москва, од мојата мајка, која задоцни да замине од Москва и која трепереше од страв. На петнаесет години јас ќе се исплашев, а на десет јас не се исплашив од ништо и се пробив низ толпата кај самиот влез на дворецот, кога Наполеон слегнуваше од коњот.

– Несомнено, вие одлично забележавте дека токму на десет години беше можно да не се исплашите . . . – се сложи кнезот, губејќи храброст и измачувајќи се од мислата дека еве сега ќе се вцрви.

– Несомнено, и сето тоа се случи толку едноставно и природно, како што се случува во стварност; да ја земе оваа работа еден романописец, тој ќе издрдори и она што било и она што не било.

– О, тоа е така! – викна кнезот, – таа мисла и мене ме поразуваше и тоа неодамна. Јас знам едно вистинско убиство за еден часовник, тоа е сега веќе во

весници. Да го измислеше тоа некој литерат, – познавачите на народниот живот и критичарите веднаш ќе вреснеа дека тоа е неверојатно; а ако го прочитаме во весниците како еден факт ќе почувствуваме дека токму од таквите факти и ќе научиме нешто за руската стварност. Вие тоа прекрасно го забележавте, генерале, – пламено заврши кнезот, мошне израдуван што го избегна разобличувачкото црвенило на лицето.

– Нели е така? Нели е така? – викна генералот, светкајќи дури со очите од задоволство. – Момче, дете, кое не ја разбира опасноста, се провира низ толпата за да го види сјајот, униформата, придружбата и, најодзади, големиот човек, за кој толку многу имаше чуено. Зашто тогаш сето тоа, неколку години со ред, така да речам, со млеко го цицав. Наполеон, минувајќи на два чекори, случајно го забележува мојот поглед; јас пак бев во костум на господско дете, убаво ме облекуваа. Само јас таков, во таа толпа, признајте и самите . . .

– Несомнено, тоа морало да го порази и му докажало дека не заминале сите и дека останале и благородници со деца.

– Токму така, токму така! Тој сакаше да ги привлече благородниците! Кога го фрли врз мене својот орелски поглед, моите очи, сигурно, му светнаа в пресрет: „Voilá un garçon bien eveillé! Qui est ton pére?"* Јас веднаш му одговорив речиси задушувајќи се од возбуденост: „Генерал, загинат на полињата на својата татковина". – Le fils d'un boyard et d'un brave pardessus le marché! J'aime les boyards. M'aimes-tu petit?"** На ова брзо прашање, јас исто така брзо одговорив: „Руското срце е во состојба дури и во самиот непријател на татковината да согледа голем човек!" То ест, всушност не се сеќавам дали буквално така сум се изразил . . . јас бев дете . . . но смислата сигурно беше таква! Наполеон беше стаписан, тој поразмисли и ѝ кажа на својата придружба: „Ја сакам гордоста на

---

* Какво храбро момче! Кој ти е татко? (Од француски)

** Син на благородник и тоа храбар! Јас ги сакам благородниците. Ме сакаш ли ти мене, малечко? (Од француски)

ова дете! Но ако сите Руси мислат како ова дете, тогаш . . ." Тој не дорече и влезе во дворецот. Јас истиот миг се замешав со придружбата и потрчав по него. Во придружбата веќе ми правеа место и ме гледаа како љубимец. Но сето тоа стана во еден миг . . . Се сеќавам само дека кога влезе во првата сала, императорот наеднаш запре пред сликата на царицата Екатерина, долго ја гледаше замислен и, најодзади, рече: „Тоа беше голема жена!" и мина понатаму. По два дена сите веќе ме познаваа во дворецот и во Кремљ ме викаа „le petit boyard"*. Јас само на спиење си одев дома. Дома за малку ќе излудеа. Два дена подоцна умира камер-пажот на Наполеон, барон де Базанкур, кој не го поднесе походот. Наполеон се сети на мене; ме зедоа, ме доведоа, не објаснувајќи ми ја работата, ми ја пробаа униформата на умреното момче од дванаесетина години, и веќе кога ме доведоа во униформа пред императорот и тој кимна со главата кон мене, ми соопштија дека сум бил удостоен со милост и произведен во камер-паж на неговото величество. Јас се израдував, јас навистина чувствував кон него, и тоа веќе одамна, врела симпатија . . . и, одозгора, признајте, болскава униформа, црвени ширити на ракавите со златни шиеници, висока, исправена, отворена јака прошиена со злато, шиеници на фалтите; бели панталони од еленска кожа затегнати, бел елек од коприна, копринени чорапи со шноли . . . а за време прошетките на императорот на коњ, кога и јас учествував во придружбата, тогаш високи чизми. Макар што положбата не беше болскава и веќе се насетуваа огромните страдања, но до етикецијата се држеше колку што беше возможно и дури толку построго, колку посилно се насетуваа страдањата.

– Да, се разбира, промрмори кнезот речиси со изгубен изглед, – вашите записи би биле . . . необично интересни.

Генералот, се разбира, веќе го пренесуваше она што уште вчера му раскажувал на Лебедев, и го пре-

* Малечкиот благородник (Од француски)

несуваше, според тоа, течно; но притоа пак со недоверба го погледна кнезот.

– Мои спомени, – изговори тој со двапати зголемена гордост, – да ги напишам моите спомени? Не ме соблазнува тоа, кнезу! Ако сакате, моите спомени се веќе напишани . . . тие ми лежат во маса. Нека ги, кога ќе ми бидат прекриени очите со земја, тогаш нека се појават и, несомнено, ќе бидат преведени и на други јазици, не поради нивните литературни заслуги, не, но поради огромната важност на фактите, на кои јас лично бев очевидец, макар што бев дете; но толку подобро: како дете јас проникнав во најинтимната, така да речам, спална на „големиот човек“! Јас ноќе ги слушав стенкањата на тој „великан во несреќата“, тој не можеше да се воздржува да не стенка и да не плаче пред очите на едно дете, макар што јас веќе сфаќав дека причината на неговите страдања е – молчењето на императорот Александар.

– Да, зашто тој пишувал писма . . . со понуди за мир . . . – бојазливо се сложи кнезот.

– Всушност ние не знаеме со какви точни понуди тој ги пишувал, но тој пишуваше секој ден, секој час, писмо по писмо! Се вознемируваше ужасно. Една ноќ, кога бевме сами, јас му се фрлив со солзи (о, јас го сакав него!): „Замолете го, замолете го за прошка императорот Александар“, – му викнав јас нему. То ест, јас требаше да се изразам: „Смирете се со императорот Александар“, но, како дете, јас наивно ја искажав целата своја мисла. „О, дете мое! – ми одговори тој, тој шеташе напред и назад по собата, – о, дете мое! – тој како да не забележуваше тогаш дека имам десет години и дури љубеше да разговара со мене. – О, дете мое, јас сум готов да му ги бакнам нозете на императорот Александар, но затоа пак кон прускиот крал, но затоа пак кон австрискиот крал, о, кон тие, јас чувствувам вечна омраза, и . . . најодзади . . . ти воопшто не се разбираш од политика!“ Тој небаре наеднаш се сети со кого разговара и замолча, но неговите очи уште долго фрлаа искри. И, да ги напишам јас овие факти, – а јас бев очевидец и на поголеми факти, – да ги издадам јас сега, и сите тие критичари, сите тие

литературни вообразенковци, сите тие завидувачи, групи и . . . не, ви благодарам за тоа!

– Што се однесува до групите, вие, се разбира, убаво забележавте и јас се сложувам со вас, – тивко одговори кнезот, откако помолча малкунѕа, – јас ете исто така неодамна ја прочитав книгата на Шарас за битката кај Ватерло. Книгата е очигледно сериозна и специјалистите тврдат дека е напишана со необично познавање на работата. Но на секоја страница се промолкнува радоста за понижувањето на Наполеон и, само кога би можел да се оспори и најмал знак на талент кај Наполеон и во другите битки, Шарас, се чини, необично би му се радувал на тоа; а тоа е веќе неубаво во такво сериозно дело, зашто тоа е дух на групаштвото. Многу ли сте биле зафатени тогаш во вашата служба кај . . . императорот?

Генералот беше восхитен. Забелешката на кнезот со својата сериозност и простодушност ги развеа и последните остатоци на неговата недоверба.

– Шарас! О, и јас негодував! Јас уште веднаш му напишав, но . . . јас, всушност, не се сеќавам сега . . . Вие ме прашувате дали бев зафатен со службата? О, не! Мене ме нарекоа камер-паж, но јас веќе и тогаш не го сфаќав тоа сериозно. После, Наполеон многу брзо изгуби секоја надеж да ги приближи кон себе Русите, и веќе, се разбира, ќе заборавеше и на мене, кога го приближи заради политика, да . . . да не ме засакаше лично, јас смело го изјавувам тоа сега. Мене пак срцето ме влечеше кон него. Не се бараше од мене служба: морав да се појавувам одвреме навреме во дворецот и . . . да го придружувам на коњ императорот во прошетка и тоа беше сѐ. Јас пристојно јавав. Тој излегуваше пред пладне, во придружбата обично беа Даву, јас, мамелукот Рустан . . .

– Констан, – му се испушти наеднаш на кнезот.

– Н-не, Констан не беше тогаш таму; тој беше тогаш на пат со писмо до царицата Жозефина; но место него имаше два ордонанса, неколку полски улани . . . и, тоа беше целата придружба, се разбира освен генералите и маршалите, кои Наполеон ги водеше со себеси за да ја разгледа со нив околината,

распоредот на војските, да се советува . . . Најчесто со него беше Даву, го паметам како да беше сега: огромен, дебел, ладнокрвен човек со очила, со чуден поглед. Императорот најчесто со него се советуваше. Тој ги ценеше неговите мисли. Се сеќавам, тие се советуваа веќе неколку денови; Даву доаѓаше наутро и навечер, често дури и се расправаа; најодзади, Наполеон небаре почна да се сложува. Тие беа обајцата во кабинетот, јас трет, речиси незабележан од нив. Наеднаш погледот на Наполеон случајно паѓа врз мене, чудна мисла му болснува во неговите очи: „Дете! – ми вели тој наеднаш, – како мислиш ти: ако јас ја примам православната вера и ги ослободам вашите крепосници, ќе тргнат ли по мене Русите, или нема да тргнат?“ – „Никогаш!“ – викнав јас разлутено. Наполеон беше стаписан. „Во очите на ова дете во кои светна патриотизмот, – рече тој, – јас го прочитав мислењето на целиот руски народ. Доста е, Даву! Сето тоа е фантазија! Изложете го вашиот друг проект“.

– Да, но и тој проект беше силна мисла! – рече кнезот видливо заинтересиран, – вие значи тој проект му го припишувате на Даву?

– Во крајна линија, тие се договараа заедно. Се разбира, мислата беше на Наполеон, орловска мисла, но и другиот проект исто така беше мисла . . . Тоа е оној истиот, познатиот „conseil du lion“*, како што самиот Наполеон го нарече овој совет на Даву. Тој се состоеше во тоа да се затворат во Кремљ со целата војска, да се изградат бараки, да се опколат со тврдини, да се распоредат топови, да се убие што повеќе коњи и да се посоли нивното месо; колку што беше можно повеќе да се најде и да се опљачка жито и да се помине зимата до пролет; а напролет да се пробијат низ Русите. Овој проект многу му се допадна на Наполеон. Ние секој ден јававме околу ѕидовите на Кремљ, тој покажуваше каде да се руши, каде да се градат линети**, каде ревелин***, каде ред блок-

* „Совет на лав“ (Од француски)

** Полска тврдина отворена кон внатре.

*** Полска тврдина во вид на агол со врвот кон непријателот, пред ѕидот на тврдината.

хаузи*, – со еден поглед, брзина, удар. Најодзади, сè беше решено; Даву бараше конечна одлука. И пак тие беа сами, а јас трет. Пак Наполеон шеташе по собата со скрстени раце. Јас не можев да го откинам погледот од неговото лице, срцето ми тупотеше. „Јас одам", – рече Даву. „Каде?" – го праша Наполеон. „Да ги посолувам коњите", – рече Даву Наполеон затрепери, се решаваше судбината. „Малечок, – ми рече наеднаш Наполеон, – што мислиш ти за нашата намера?" Се разбира, тој ме праша онака, како човек со најголем ум, понекогаш што фрла жрепка во последен миг. Место на Наполеон, јас му се обрнувам на Даву и му говорам како да сум вдахновен: „Заминувајте си, генерале, од каде што сте дошле!" Проектот беше урнат. Даву ги крена рамениците и на излегување рече со шепот: „Bah! Il devient superstitieux!"** И веќе утредента беше објавен поход.

– Сето тоа е необично интересно, – изговори кнезот страшно тивко, – ако така било сето тоа . . . то ест, јас сакам да кажам . . . – поита тој да се поправи.

– О, кнезу! – викна генералот толку занесен со своето раскажување, што, можеби, повеќе не би можел да запре дури и пред најголема непретпазливост, – вие велите: „Сето тоа било!" Но беше и повеќе, верувајте ми дека беше многу повеќе! Сето тоа се само мизерни факти, политички. Но ви повторувам дека јас бев очевидец на ноќните солзи и стенкања на тој голем човек; а тоа веќе никој го нема видено, освен мене! Пред крајот, вистина, тој веќе не плачеше, немаше солзи, но само понекогаш стенкаше; но неговото лице небаре сè повеќе и повеќе се прекриваше со темнина. Небаре вечноста веќе фрлаше сенка врз него со своето црно крило. Напати, ноќе, ние поминувавме цели часови сами, молчејќи – се случуваше мамелукот Рустан да си хрка во соседната соба; мошне силно спиеше тој човек. „Затоа пак тој ми е верен мене и на династијата" – имаше обичај да каже за него Наполеон. Еднаш ми стана многу жал и наед-

* Полска тврдина, обично од дрво, со пушкарници.

** Ох, тој станува суеверен.

наш тој забележа солзи на моите очи; тој разнежено ме погледна: „Тебе ти е жал за мене! – викна тој, – ти, малечок и, можеби, уште едно дете ќе жали по мене, мојот син, le roi de Rome*, сите други, сите ме мразат, а браќата првите ќе ме предадат во несреќа!“ Јас залипав и му се фрлив в преграб; тогаш и тој не издржа; ние се прегрнавме и солзите ни се измешаа. „Напишете ѝ, напишете ѝ писмо на царицата Жозефина!“ – излипав јас. Наполеон затрепери, поразмисли и ми рече: „Ти ме потсети на третото срце кое ме љуби; ти благодарам, пријателу мој!“ Тој веднаш седна и ѝ го напиша она писмо на Жозефина, со кое утредента беше пратен Констан.

– Прекрасно сторивте, – рече кнезот, – среде лоши мисли вие го наведовте на добро чувство.

– Токму така, кнезу, и колку прекрасно вие сето тоа го објаснувате, во соодветност со вашето сопствено срце! – восхитено викна генералот, и, чудно, вистински солзи светнаа во неговите очи. – Да, кнезу, тоа беше голема глетка! И знаете ли, малку требаше јас да отпатувам со него во Париз и, веќе, се разбира, тогаш ќе го поделев со него „врелиот остров на заточението“, но за жал! судбините наши се разделија! Ние се разминавме: тој – на врелиот остров, каде можеби барем еднаш, во миг на страшна тага, се сетил на солзите на кутрото момче, кое го прегрнувало и кое му простило во Москва; јас пак бев испратен во кадетски корпус, каде што најдов само обука, грубост на другарите и ... За жал! Сѐ тргна наопаку! „Не сакам да те одделам од твојата мајка и не те земам со себеси! – ми рече тој во денот на повлекувањето, – но јас би сакал да сторам нешто за тебе“. Тој веќе седнуваше на коњ. „Напишете ми нешто во албумот на мојата сестра за спомен“, – изговорив јас засрамувајќи се, зашто тој беше многу растроен и нерасположен. Тој се врати, зеде перце, го зеде албумот: „Колку години има сестра ти?“ – ме праша тој мене, држејќи го веќе перото, „три години“, – му одговорив јас. „Petite fille olors“**. И напиша во албумот:

---

* Римскиот крал.

** Таа е значи мало девојче. (Од француски)

„Ne entez jamais.

Napoleon votre ami sincere"*.

– Таков совет и тоа во таков миг, признајте и сами, кнезу!

– Да, тоа е толку значајно.

– Тоа ливче во златна рамка, под стакло, цел живот висеше кај сестра ми во салонот, на најистакнато место, до самата нејзина смрт – таа умре на породај; каде е сега, не знам . . . но . . . ох, господи! Веќе е два часот! Колку ве задржав, кнезу! Тоа е вистински грев.

Генералот се крена од столот.

– О, напротив! – препелтечи кнезот, – вие така ме забавивте и . . . најодзади . . . тоа е толку интересно; толку сум ви благодарен!

– Кнезу! – рече генералот стегнувајќи му ја пак раката до болка и гледајќи го внимателно со светнати очи, небаре и самиот да се сепнал и погоден од некоја ненадејна мисла, – кнезу! Вие сте толку добри, толку сте простодушни, што напати почнувам дури и да ве жалам. Јас со разнеженост ве гледам вас; о, господ да ве благослови! Животот ваш нека почне и процвета . . . во љубов! Мојот е пак завршен! О, простете ми, простете!

Тој брзо излезе прекривајќи си го лицето со раце. Во искреноста на неговата возбуденост кнезот не можеше да се посомнева. Нему исто така му беше јасно дека старецот излезе занесен од својот успех; но тој сепак насетуваше дека тоа беше еден од оној вид лажливци кои, иако лажат до сладострастие и самозаборав, сепак и на врвот на својот занес се сомневаат во себеси дека не им се верува и дека е невозможно да им се верува. Во сегашната своја состојба, старецот можеше да си дојде на себеси, прекумерно да се засрами, да се посомнева во безграничното сочувство на кнезот кон него, да се навреди. „Да не сум направил полошо, со тоа што го доведов во ваква вдахновена состојба?" – се вознемируваше кнезот и наеднаш не издржа и страшно се раскикоти, цели десетина мину-

* „Никогаш не лажете. Наполеон, вашиот искрен пријател" (Од Француски)

ти. Тој веќе почна да си префрлува на себеси поради таа смеа; но веднаш сфати дека нема што да си префрла, зашто тој бескрајно го жалеше генералот.

Неговите насетувања се остварија. Уште вечерта тој доби чудно писменце, кратко, но одлучно. Генералот го известуваше дека и со него засекогаш се разделува, дека го почитува и дека му е благодарен, но дури и од него дека не сака да ги прими „знаците на сожалување, кои го понижуваат достоинството на еден веќе и без тоа несреќен човек“. Кога кнезот разбра дека генералот се затворил кај Нина Елександровна, речиси се смири во однос на него. Но, ние видовме дека генералот сторил некои чуда и кај Лизавета Прокофјевна. Тука ние не можеме да ги соопштиме деталите, но накратко ќе забележиме дека суштината на средбата се состоела во тоа, што генералот ја исплашил Лизавета Прокофјевна, а со горчливите алузии на Гања ја довел до разгневеност. Тој беше на срамен начин изведен оттаму. Ете зошто тој поминал таква ноќ и таква изутрина, се мрднал конечно и истрчал на улица речиси како споулавен.

Коља сѐ уште не ја разбираше наполно работата и дури се надеваше да успее со строгост.

– Каде ќе се одвлечкаме сега, како мислите, генерале? – рече тој, – кај кнезот не сакате, со Лебедев сте се скарале, пари немате, јас пак никогаш ги немам: останавме сега во небрано, среде улица.

– Попријатно е да се остане во небрано, одошто да те оберат, – промрмори генералот, – со овој . . . каламбур јас предизвикував восхитување во офицерско друштво . . . четириесет и четвртата . . . Илјада . . . осумстотини . . . четириесет и четвртата година, да! . . . Не се сеќавам . . . О, не потсетувај ме, не потсетувај ме! „Каде ми е младоста, каде ми е свежината!“ Како што викна . . . кој викнал така, Коља?

– Тоа е кај Гогољ, во „Мртвите души“, тате, – одговори Коља и исплашено го погледна татка си.

– Мртви души! О, да, мртви! Кога ќе ме закопаш, напиши на гробот: „Тука лежи една мртва душа!“ „Срамот ме прогонува мене!“

– Кој го рече тоа, Коља?

– Не знам, тате.

– Еропегов не постоел? Ерошка Еропегов! . . . – викна тој избезумено, подзапирајќи на улицата, – и тоа ми е син, роден син! Еропегов е човек кој единаесет месеци ми заменуваше брат, заради кој јас излегов на двобој . . . Нему, кнезот Егорецки, нашиот капетан, му вели покрај шише: „Ете што да ми кажеш Гриша, каде си ја добил ти твојата Ана*?“ – „На бојните полиња на својата татковина, ете каде сум ја добил!“ Јас му викам: „Браво, Гриша!“ Така и дојде до двобојот, а потоа се венча . . . со Марија Петровна Су . . . Сутугина и беше убиен на бојно поле . . . Куршумот се одби од мојот крст на градите и директно удри во неговото чело: „Никогаш не ќе заборавам!“ – викна тој и падна наместо. Јас . . . јас служев чесно, Коља; јас служев благородно, но срамот – „срамот ме прогонува мене!“ Ти и Нина ќе ми дојдете на гробот . . . „Кутрата Нина!“ Јас порано така ја викав, Коља, одамна, уште во почетокот и таа го сакаше тоа . . . Нина, Нина! Што сторив јас со твојот живот! За што можеш да ме љубиш, трпелива душо! Мајка ти има ангелска душа, Коља, слушаш ли, ангелска!

– Јас го знам тоа, тате. Тате, миличок, ајде да се вратиме дома кај мама! Таа трчаше по нас! Зошто застанавте, сега? Небаре не разбирате . . . И зошто плачете?

Коља и самиот плачеше и му ги бакнуваше рацете на татка си.

– Ти ми бакнуваш раце, мене!

– Та да, вам, вам. Што има чудно во тоа? И зошто плачете среде улица, а уше сте ми некој генерал, воен човек, ајде, да тргнеме!

– Господ да те благослови, мило дете, поради тоа што изрази почит кон еден посрамотен, – да! кон еден посрамотен старец, твој татко . . . и ти да имаш исто такво дете . . . О, „проклетство, проклетство на кукава!“

– Та што се случува тука навистина! – избувна

* Високо руско одликување.

наеднаш Коља. – Што се случи? Зошто вие не сакате сега да се вратите дома? Зошто сте се избезумиле?

– Јас ќе ти објаснам, ќе ти објаснам . . . сè ќе ти кажам; не викај, некој ќе нè чуе . . . le roi de Rome . . .

О, ми се смачува, ме совладува тага! „Дадо, каде ти е гробот!“ – Кој го рече тоа, Коља?

– Не знам, не знам кој го рекол! Да одиме дома, сега, веднаш! Јас ќе го испретепам Гањка, ако треба . . . та каде сега пак влечете?

Но генералот го влечеше кај влезот на една куќа што беше покрај.

– Каде! Та тоа е туѓ влез!

Генералот седна на влезот и за рака сè го привлекуваше Коља кон себе.

– Наведни се, наведни се! – мрмореше тој, – јас сè ќе ти кажам . . . срам . . . наведни се . . . на уво, на уво; јас на уво ќе ти кажам . . .

– Та што ви е! – страшно се исплаши Коља, но сепак приближувајќи го увото.

– Le roi de Rome . . . – прошепоти генералот, и тој речиси сиот растреперен.

– Што? . . . Та кој ви е сега тој le roi de Rome? . . . Што?

– Јас . . . јас . . . – почна да шепоти пак генералот, зграпчувајќи го сè посилно и посилно за рамото „своето момче“, – јас . . . сакам . . . јас ќе ти . . . сè, Марија, Марија . . . Петровна Су-су-су . . .

Коља се истргна, самиот го зграпчи генералот за рамениците и како избезумен гледаше во него. Старецот се вцрви, усните му помодреа, ситни грчеви сè уште му протрчуваа по лицето. Наеднаш тој се наведна и почна тивко да му паѓа на раце на Коља.

– Удар! – викна тој низ целата улица, досеќавајќи се најодзади во што е работата.

V

Варвара Ардалионовна, навистина, во разговорот со својот брат, малку ја зголеми точноста на своите известувања за свршеништвото на кнезот со Аглаја

Епанчина. Можеби, како видовита жена, таа го насети она што требало да се случи во блиска иднина; можеби, огорчена поради мечтата што исчезна како магла (во која и самата, вистина да се рече, не веруваше), таа, како човек, не можеше да се лиши од задоволство со зголемувањето на несреќата да му долее уште малку отров во срцето на братот, кој, впрочем, искрено го љубеше и го сожалуваше. Но, во секој случај, таа не можеше да добие од своите пријателки, Епанчини, точни известија; имаше само навестувања, недоискажани зборови, премолчувања, загатки. А, можеби, сестрите на Аглаја и намерно издрдориле нешто и самите да дознаат нешто од Варвара Ардалионовна; можеше да биде, најодзади, и тоа, тие да не сакале да се лишат од женското задоволство малку да ја раздразнат пријателката, иако таа им беше тоа уште од детството: зашто не можеле тие да не забележат за толку време макар мало делче од нејзините намери.

Од друга страна и кнезот, иако беше сосема во право, убедувајќи го Лебедев дека ништо не може да му соопшти и дека нему навистина не му се случило ништо особено, исто така, можеби, грешеше. Навистина, на сите како да им се случи нешто мошне чудно: не се случи ништо, и истовремено како да се случи нешто мошне важно. Токму последното и го насети Варвара Ардалионовна со својот непогрешив женски инстинкт.

Како пак излезе кај Епанчини сите наеднаш да бидат обземени и согласни за тоа дека на Аглаја ѝ се случило нешто капитално и дека се решавала нејзината судбина, – мошне е тешко да се опише со ред. Но, штотуку светна оваа мисла истовремно кај сите, веднаш сите истовремено дојдоа до гледиштето дека веќе одамна сите јасно го согледувале сето тоа и дека сето тоа го имале предвидено; дека сѐ било јасно уште од „бедниот рицар“, дури и порано, само тогаш уште не сакале да веруваат во една таква бесмислица. Така тврдеа сестрите; се разбира, и Лизавета Прокофјевна пред сите предвидела и знаела и веќе одамна ја „болело срце“, но – дали било одамна или не било – сега

мислата за кнезот наеднаш ѝ станала неподнослива, всушност поради тоа што ја исфрлаше од колосек. Сега се појавуваше прашањето кое веднаш требаше да се разреши; но не само што тоа не можеше да биде разрешено, туку дури ни прашањето кутрата Лизавета Прокофјевна не можеше да го постави пред себеси наполно јасно, колку и да се измачуваше. Работата беше тешка: „добар ли е, или не е добар кнезот? Дали е добро сето ова, или не е? Ако не е добро (во што нема сонеавање), тогаш што имено не е добро? А ако е, можеби, и добро (што е исто така можно), тогаш по што е пак добро?“ Таткото на семејството лично, Иван Фјодорович, беше, се разбира, пред сѐ зачуден, но после наеднаш призна дека „жими бога, и нему му се привидувало цело време нешто слично, нема-нема, и наеднаш ете ќе му се привиде!“ Тој веднаш замолкна под страшниот поглед на својата сопруга, но замолкна изутрината, а навечер, во четири очи со сопругата, и принуден повторно да зборува, наеднаш и речиси со особена храброст изрази неколку нечекани мисли: „Та всушност, што ако? . . .“ (замолкнување). „Се разбира, сето ова е чудно, и ако е само вистина, и ако тој нема ништо против, но . . .“ (Пак молк.) „А од друга страна, ако директно гледаме на работите, тогаш кнезот е, жими бога, прекрасно момче, и . . . и, и – та најодзади, име е, старо наше име, сето тоа ќе има изглед, така да речам, на поддршка на нашето семејно име, кое се наоѓа во понижување во очите на светот, то ест, гледајќи од тоа гледиште, то ест, заради тоа . . . се разбира, е светот; светот си е свет; но сепак и кнезот не е без имот, макар и сосема безначаен. Тој има . . . и . . . и . . . и . . .“ (Долготрајно замолкнување и конечен прекин.) Откако го сослуша сопругот, Лизавета Прокофјевна беше исфрлена од сите граници.

По нејзино мислење сето што се случило било „дури престапничка глупост за која нема прошка, фантастична слика, глупа и бесмислена!“ Пред сѐ, се разбира, било тоа што е „тоа кнезче – болен идиот, второ – будала, не го знае ниту светот ниту пак има свое место во светот: кому ќе го покажеш, каде ќе го прилепиш? Некаков си демократ во недозволени гра-

ници, нема дури ни некој чин, и . . . и . . . што ќе рече Белоконска? И таков ли, таков ли маж сакавме ние за Аглаја?" Последниот аргумент, се разбира, беше најглавниот. Срцето на мајката трепереше од оваа мисла, се облеваше со солзи и крв, макар што во исто време и се раздвижуваше нешто во внатрешноста на тоа срце, кое наеднаш ѝ говореше: „а зошто да не е кнезот токму онаков, каков што ви треба?" И ете, токму тие спротивставувања на сопственото срце и ѝ задаваа најголема грижа на Лизавета Прокофјевна.

На сестрите на Аглаја којзнае зошто им се допадна мислата за кнезот; дури им се чинеше и не така необична; со еден збор, тие наеднаш можеа да се најдат сосема на негова страна. Но тие и двете решија да молчат. Еднаш засекогаш беше забележано во семејството дека колку поупорно и посилно нараснуваа напати спротивставувањата и отпорите на Лизавета Прокофјевна во некоја семејна расправија, толку повеќе тоа можеше на другите да им послужи како знак дека таа, можеби, веќе и се сложува со таа точка. Но на Александра Ивановна, впрочем, не ѝ беше возможно сосема да замолчи. Откако веќе одамна ја призна за своја советничка, мајка ѝ секој миг сега ја повикуваше и ги бараше нејзините мислења, а главно – да ја потсети, то ест: „како се случило сето тоа? Зошто тоа не го видел никој? Зошто уште тогаш не се кажа? Што значел тогаш тој одвратен „беден рицар"? Зошто само таа, Лизавета Прокофјевна, била должна да се грижи за сите, сè да забележува и насетува, а сите други – да си бројат чавки?" и така натаму, и така натаму. Александра Ивановна во почеток беше претпазлива и забележа само дека ѝ се чинела прилично точна идејата на таткото за тоа дека во очите на светот може да изгледа прилично оправдан изборот на кнезот Мишкин како маж за една од Епанчини. Постепено, паѓајќи в оган, таа дури додаде дека кнезот воопшто не е „будалче" и дека никогаш тоа и не бил, а пак што се однесува до значењето, – тоа господ ќе знае во што ќе се состои значењето на еден пристоен човек, по неколку години, кај нас во Русија: дали во преѓешните и неопходните успеси во служба

или пак во нешто друго? На сето тоа мајчицата веднаш одговори дека Александра била „слободоумна и дека сето тоа е нивното проклето женско прашање". Потоа, по половина час, се упати в град, а оттаму на Камениот Остров, за да ја најде Белоконска, која како нарочно во тоа време беше во Петербург, но која, впрочем, скоро требаше да замине. Белоконска ѝ беше кума на Аглаја.

„Старицата" Белоконска ги сослуша сите трескавични и очаени откритија на Лизавета Прокофјевна и воопшто не се трогна од солзите на збунетата мајка на семејството, дури и ја погледна подбивно. Таа беше страшна тиранка; во пријателство, дури и во најстаро, таа не можеше да поднесува еднаквост, а Лизавета Прокофјевна ја гледаше сосема како своја protegee, како и пред триесет и пет години, и никако не можеше да се помири со рескоста и самостојноста на нејзиниот карактер. Меѓу другото, таа забележа дека „се чини, тие таму сите, по свој секогашен обичај, истрчале премногу напред и од мува направиле слон; дека колку и да внимавала, таа не можела да се убеди дека кај нив навистина се случило нешто сериозно; дека не би било ли подобро да се почека, додека не се случи уште нешто; дека кнезот, по нејзино мислење, бил пристоен младич, иако болен, бил чуден и сосема незначителен. Најлошо било тоа што тој издржувал љубовница мошне отворено". Лизавета Прокофјевна мошне добро разбра дека Белоконска е малку лута поради неуспехот на Евгениј Павлович кој бил препорачен од неа. Таа се врати дома во Павловск уште пораздразнета одошто пред заминувањето и истиот миг сите си го добија своето, главно поради тоа што „го изгубиле умот", што апсолутно кај никого работите не се воделе вака, туку само кај нив; „што сте поитале? Што се случи? Колку и да гледам, јас никако не можам да заклучам дека навистина се случило нешто! Чекајте додека не се случи! Малку ли што можело да му се привиде на Иван Фјодорович, не ќе правиме од мува слон?" и така натаму, и така натаму.

Според тоа испаѓаше дека требале да се смират, ладнокрвно да гледаат и да чекаат. Но напразно, спо-

којствието не потраја ни десетина минути. Првиот удар на ладнокрвноста ѝ беше нанесен со вестите за тоа што се случило за време отсуствувањето на мајката, кога таа беше на Камениот Остров. (Патувањето на Лизавета Прокофјевна беше извршено утредента откако кнезот се беше вратил дома во околу еден часот, место во десет). Сестрите на нестрпливите прашања на мајката одговараа мошне детално и, пред сѐ, дека „се чини, во нејзино отсуство не се случило апсолутно ништо", дека кнезот доаѓал, дека Аглаја долго не се појавувала, околу половина час, потоа излегла, и штом излегла веднаш му предложила на кнезот да играат шах; дека кнезот не умеел да направи ниту еден потег во шах, и дека Аглаја веднаш го победила; дека станала многу весела и страшно го срамела кнезот поради неговата неумешност, страшно му се потсмевала, така што било дури жално да се гледа кнезот. Потоа му предложила да играат карти, „магаре". Но дека сега испаднало сосема обратно; кнезот испаднал таков познавач на „магаре", како . . . како професор; мајсторски играл; Аглаја одела и на лукавства, и картите ги менувала, и на негови очи го лажела, а сепак, секоја игра тој ја намагарчувал; пет-шестпати со ред. Аглаја страшно се разбеснела, дури и сосема се заборавила; му изнакажала на кнезот такви непријатности и дрскости, што тој веќе престанал и да се смее, и сосема пребледнал, кога таа најодзади му кажала дека „нема да стапи во собата додека тој е тука, и дека дури е и бесрамно од негова срана да доаѓа кај нив, и тоа уште ноќе, по дванаесет часот, п о с ѐ о н а ш т о с е с л у ч и. Потоа тропнала со вратата и излегла. Кнезот заминал како од закоп, без оглед на сите нивни утешувања. Наеднаш, по четврт час откако заминал кнезот, Аглаја истрчала одозгора на терасата и тоа толку заитана, што дури ни очите не ги избришала, а очите ѝ биле заплакани; истрчала пак затоа што дошол Коља и ѝ донесол еж. Сите тие почнале да го гледаат ежот; на нивните прашања Коља им објаснил дека ежот не бил негов и дека тој сега бил со уште еден гимназист, свој другар, Костја Лебедев, кој останал на улица срамејќи се да

влезе зашто в раце носел секира; дека и ежот и секирата тие ги купиле сега кај некојси селанец што го сретнале. Селанецот го продавал ежот и барал за него педесет копејки, а секирата тие веќе самите го наговориле да ја продаде, зашто, патем речено, секирата била мошне добра. Тогаш Аглаја наеднаш страшно му се закачила на Коља со молба да ѝ го продаде ежот, била избезумена, го наречувала Коља дури и „миличок“. Коља долго не се согласувал, но, најодзади, не издржал и го викнал Костја Лебедев, кој влегол навистина со секира и мошне се засрамил. Но тогаш наеднаш се покажало дека ежот воопшто не бил нивен, туку му припаѓал на некое трето момче, Петров, кој и на обајцата им дал пари, за да му купат од некое четврто момче „Историја“ од Шлосер, која тоа ефтино ја продавало зашто му требале пари; дека тие тргнале да ја купат, „Историјата“ на Шлосер, но не издржале и го купиле ежот, така што, според ова, и ежот и секирата му припагале на третото момче, на кое тие сега му ги носат наместо „Историјата“ на Шлосер. Но Аглаја толку настојувала, што, најодзади, тие се решиле и ѝ го продале ежот. Штотуку Аглаја го добила ежот, таа веднаш, со помош на Коља, го сместила во плетена кошничка, го покрила со салвета и почнала да го моли Коља веднаш, не наминувајќи никаде, да му го однесе ежот на кнезот од нејзино име, со молба да го прими како „знак на најдлабока нејзина почит“. Коља со задоволство се сложил и ѝ дал збор дека ќе му го однесе, но веднаш почнал да ја запрашува: „Какво значење има ежот и сличен подарок?“ Аглаја му одговорила дека тоа не е негова работа. Тој ѝ одговорил дека е убеден дека тука се крие некаква алегорија. Аглаја се разлутила и го прекинала со тоа што му рекла дека е детиште и ништо повеќе. Коља веднаш ѝ одговорил дека да не ја почитувал зашто е жена и пред сè да не ги почитувал своите убедувања, тој веднаш ќе ѝ покажал дека умее да одговори на слична навреда. Завршило, впрочем, со тоа што Коља сепак восхитено тргнал да го однесе ежот, а по него отрчал и Костја Лебедев; Аглаја не издржала и гледајќи дека Коља премногу мавта со кошничката, ви-

кнала по него од терасата: „Ве молам Коља, немојте да го истресете, миличок!“ небаре воопшто не се карала со него пред малку; Коља застанал и исто така, небаре не се карал, викнал со голема готовност: „Не, нема да го истресам, Аглаја Ивановна. Бидете совршено спокојни!“ и пак потрчал прекутрупа. По ова Аглаја страшно се раскикотела и отрчала во својата соба необично задоволна, и сиот ден потоа била мошне весела.

Ваквата вест сосема ја збуни Лизавета Прокофјевна. Би можело да се рече: та што има? Но, веројатно, такво расположение ја зафатило. Нејзината загриженост беше возбудена до најголем степен, и што е најважно – еж; што значи ежот? Што е договорено со тоа? Каква е тоа телеграма? Одозгора пак, кутриот Иван Фјодорович, кој се нашол тука за време испитувањето, сосема ја расипа работата со одговорот. По негово мислење, тука немало никаква телеграма туку ежот си бил само еж и толку, освен ако уште значел и пријателство, заборавање на навредите и смирување, со еден збор, сето тоа била игра и тоа во секој случај невина и немало ништо што не може да се прости.

Меѓу другото, ќе забележиме дека тој одлично погодил. Кнезот, кога се врати дома откај Аглаја, исмеан и изгонет од неа, седеше меѓу половина час во најцрно очајание, кога наеднаш се појави Коља со ежот. Небото истиот миг се разбистри; кнезот небаре воскресна од мртви, го распрашуваше Коља, лелееше секој негов збор, го препрашуваше по десетпати, се смееше како дете и секој миг им ги стегаше рацете на момчињата кои насмевнати го гледаа со чист поглед. Според тоа, излезе дека Аглаја му проштава на кнезот и тој пак ќе може да дојде кај неа уште истата вечер, а за него тоа не само што беше главно, туку значеше дури и сè.

– Какви деца сме сè уште ние, Коља! и . . . и. . . добро е тоа што сме деца! – занесено викна тој најодзади.

– Едноставно кажано, таа е заљубена во вас,

кнезу, и ништо повеќе! – авторитетно и убедливо одговори Коља.

Кнезот вивна, но овојпат не рече ниту збор, а Коља само се кикотеше и плескаше со раце; по еден миг се засмеа и кнезот, а после, до самата вечер, секои пет минути гледаше на часовникот колку време минало и дали уште многу останувало довечер.

Но, расположението победи: Лизавета Прокофјевна најодзади не издржа и му се предаде на хистеричниот миг. И покрај сите одвраќања на сопругот и на ќерките, таа веднаш ја повика Аглаја со цел да ѝ го зададе последното прашање и од неа да добие сосема јасен и последен одговор. „За да се заврши сето тоа веднаш, да го симнеме товарот и повеќе да не го спомнуваме!“ „Инаку, – изјави таа, – јас не ќе ја дочекам ни вечерта!“ И дури тогаш на сите им стана јасно до каква бесмислица ја довеле работата. Освен преправено вчудоневидување, негодување, кикотење и подбивање со кнезот и со сите што ја испитуваа, – тие ништо не добија од Аглаја. Лизавета Прокофјевна легна в постела и излезе дури за чај, во време кога го чекаа кнезот. Кнезот таа го чекаше со растреперeност, и кога тој се појави таа замалку ќе паднеше в хистерија.

А кнезот и самиот влезе бојазливо, речиси потамина, со чудна насмевка, загледувајќи ги сите в очи и сите како да ги прашува, зашто Аглаја пак ја немаше в соба, од што тој веднаш се исплаши. Оваа вечер немаше никој туѓ, само членовите на семејството. Кнезот Ш. беше сè уште во Петербург, по повод работата околу чичкото на Евгениј Павлович. „Макар тој да наидеше и да кажеше нешто“, – тагуваше по него Лизавета Прокофјевна. Иван Фјодорович седеше со необично загрижен израз; сестрите беа сериозни и како намерно да молчеа. Лизавета Прокофјевна не знаеше како да го почне разговорот. Најодзади, таа нечекано енергично ја искара железницата и го погледна кнезот со одлучен предизвик.

За жал! Аглаја не се појавуваше и кнезот пропаѓаше. Пелтечејќи одвај чујно и збунет тој изрази мислење дека би било необично корисно да се поправи

железницата, но Аделаида наеднаш се насмеа и кнезот пак беше уништен. Токму во овој миг влезе Аглаја, спокојно и важно, званично му одговори на поздравот на кнезот и свечено го заседе највидното место крај тркалестата маса. Таа прашално го погледнà кнезот. Сите сфатија дека дојде мигот за разрешување на сите недоумици.

– Го добивте ли мојот еж? – цврсто и речиси сериозно праша таа.

– Го добив, – одговори кнезот, вцрвувајќи се и премирајќи.

– Тогаш веднаш објаснете ни што мислите вие по тој повод? Тоа е неопходно за спокојството на мама и на целото наше семејство . . .

– Слушај, Аглаја . . . – се вознемири наеднаш генералот.

– Ова, ова ги пречекорува сите граници! – се исплаши наеднаш Лизавета Прокофјевна.

– Нема тука пречекорување на никакви граници, maman, – истиот миг строго ѝ одговори ќерката. – Јас денес му пратив на кнезот еден еж и сакам да го знам неговото мислење. Значи, кнезу?

– То ест, какво мислење, Аглаја Ивановна?

– За ежот.

– То ест, јас мислам... Аглаја Ивановна, дека вие сакате да дознаете како сум го примил . . . ежот... или, подобро речено, како сум погледнал... на таа пратка... на ежот, то ест... во тој случај, јас мислам, дека... со еден збор...

Тој се задиша и замолча.

– Та, не рековте многу, – го почека пет-шест секунди Аглаја. – Добро. Се сложувам да го оставиме ежот; но мене ми е многу драго што можам, најодзади, да завршам со сите недоумици што се насобраа. Дозволете, најодзади, да дознам лично од вас: ме барате ли вие за жена, или не?

– Ох, господи! – ѝ се откина на Лизавета Прокофјевна.

Кнезот затрепери и се занесе; Иван Фјодорович се скамени; сестрите се намуртија.

– Кнезу, не лажете, говорете ја вистината. Поради

вас мене ме прогонуваат со чудни испитувања; имаат ли тие испитувања некаква основа? А?

– Јас не ве барав, Аглаја Ивановна, – проговори кнезот наеднаш живнувајќи, – но . . . вие и самите знаете колку ве љубам вас и верувам во вас . . . дури и сега . . .

– Јас ве прашав: ја барате ли мојата рака или не?

– Ја барам, – одговори кнезот премирајќи.

Проследи сеопшто и силно раздвижување.

– Не е сето ова така, мил мој, – проговори Иван Фјодорович, силно возбуден, – тоа е . . . тоа е речиси невозможно, ако е тоа така, Глаша . . . Проштавајте, кнезу, извинете, мил мој! . . . Лизавета Прокофјевна! – ѝ се обрна тој на сопругата за помош, – би требало да се навлезе . . .

– Не можам, јас не можам! – замавта со рацете Лизавета Прокофјевна.

– Дозволете ми, maman, и јас да кажам; зашто и јас во оваа работа значам нешто: се решава за необично важен миг во мојата судбина (Аглаја токму така се изрази), и јас сакам и самата да дознам и, покрај тоа, драго ми е што е пред сите . . . дозволете ми да ве прашам, кнезу, „ако вие имате такви намери", со што имено сметате дека ќе ја создадете мојата среќа?

– Јас не знам, навистина, Аглаја Ивановна, како да ви одговорам; на ова . . . на ова што да одговорам? И . . . дали е потребно?

– Вие, чинам, сте збунети и не можете да дојдете до здив; одморете се малку и присоберете си ги силите; испијте чаша вода; впрочем сега ќе бидете послужени со чај.

– Јас ве љубам, Аглаја Ивановна, јас многу ве љубам; јас ве љубам само вас и . . . не шегувајте се, ве молам, јас многу ве љубам.

– Но сепак, тоа е сериозна работа; ние не сме деца и треба реално да погледаме . . . Потрудете се сега да ми објасните колкав е вашиот имот?

– Аглаја, Аглаја. Што ти е! Тоа не се прави така, не се прави . . . – преплашено мрмореше Иван Фјодорович.

– Срамотилак! – гласно прошепоти Лизавета Прокофјевна.

– Се споулавила! – исто така гласно шепотеше Александра.

– Имот . . . тоа се пари? – се почуди кнезот.

– Токму така.

– Јас . . . јас сега имам сто и триесет и пет илјади, – промрморе кнезот вцрвувајќи се.

– Само толку? – гласно и искрено се почуди Аглаја, не вцрвувајќи се воопшто, – впрочем, ништо; особено ако се води сметка . . . Имате намера да стапите на работа?

– Сакав да положам испит за домашен учител . . .

– Одлично; се разбира, тоа ќе ни ги зголеми нашите средства. Имате ли намера да бидете камер-јун кер?

– Камер-јункер? Никогаш не си го замислував тоа, но . . .

Но тогаш и обете сестри не издржаа и прснаа во смеа. Аделаида веќе одамна забележа во треперењето на некои црти од лицето на Аглаја знаци на брза и неспирлива смеа, која засега таа ја задржуваше со сета сила. Аглаја веќе страшно ги погледна сестрите што се смееја, но самата не издржа ни една секунда и се предаде на најлуд, речиси хистеричен кикот; најодзади срипа и истрча од собата.

– Јас го знаев тоа дека е само една смеа и ништо повеќе! – викна Аделаида, – од самиот почеток, од ежот.

– Не, еве ова нема да го дозволам, нема да го дозволам! – зовре наеднаш од гнев Лизавета Прокофјевна и брзо поита по Аглаја. По неа веднаш потрчаа и сестрите. Во собата остана кнезот и таткото на семејството.

– Тоа е . . . тоа е . . . си можел ли да си претставиш нешто вакво, Лав Николаевич? – реско викна генералот, веројатно и самиот не разбирајќи што сака да каже, – не, кажи ми сериозно, сериозно!

– Гледам дека Аглаја Ивановна се подбиваше со мене, – тажно одговори кнезот.

– Почекај, пријателу; јас ќе појдам, а ти поче-

кај .. зашто ... објасни ми макар ти, Лав Николаевич, макар ти: како се случи сето ова и што значи, во сета негова, така да речам, целост? Признај, пријателу, јас лично сум татко; зашто сепак сум татко, та затоа ништо не разбирам; макар ти објасни ми!

– Јас ја љубам Аглаја Ивановна; таа го знае тоа и ... се чини, одамна знае.

Генералот ги крена рамениците.

– Чудно, чудно ... и многу ли ја љубиш?

– Многу ја љубам.

– Чудно, сето ми е чудно. То ест, такво изненадување и удар, што ... Гледаш ли, мил мој, јас не мислам на имот (макар што чекав да имаш повеќе), но ... мене ми е за среќата на ќерката ... најодзади ... способен ли си ти, така да речам, да ја направиш ... среќна? И ... и ... што е ова: шега или вистина од нејзина страна? То ест не од твоја, туку од нејзина страна?

Од зад врата се слушна гласот на Александра Ивановна: го викаа таткото.

– Почекај, пријателу, почекај! Почекај и поразмисли, а јас сега ... – проговори тој итајќи и речиси исплашено потрча на повикот на Александра.

Тој ги најде ќерката и сопругата во преградка како се облеваат една со друга со солзи. Тоа беа солзи на среќа, разнеженост и смирување. Аглаја ѝ ги бакнуваше на мајка си рацете, образите, усните; обете врело се гушкаа една со друга.

– Ете сега, погледај ја, Иван Фјодорович, еве ја сега целата на видело! – рече Лизавета Прокофјевна.

Аглаја го сврте своето среќно и заплакано лице од градите на мама, го погледна тате, гласно се насмеа, срипа кај него, силно ги прегрна и неколкупати го бакна. Потоа пак се втурна кај мама и веќе сосема си го скри лицето во нејзините гради, никој повеќе да не ја види и истиот миг пак заплака. Лизавета Прокофјевна ја покри со крајот од својот шал.

– И што правиш, што правиш со нас, немилосрдно девојче, по сето ова, ете што си! – проговори таа, но веќе весело, небаре ѝ станало полесно да дише.

– Немилосрдна! да немилосрдна сум! – се сложи наеднаш Аглаја. – Лоша! Разгалена! Кажете му го тоа на тате! Ох, но тој е тука. Тате, тука ли сте? Ме слушате! – се насмеа таа низ солзи.

– Мила моја, идолу мој! – ѝ бакнуваше рака сиот светнат од среќа генералот. (Аглаја не ја повлече раката.) – Ти значи го сакаш овој . . . младич.

– Не-не-не! Не можам да го поднесувам тој ваш младич, не можам да го поднесувам! – наеднаш вивна Аглаја и ја крена главата, – и ако вие, тате, уште еднаш ќе посмеете . . . јас сериозно ви велам; слушате ли, сериозно ви велам!

И таа навистина, говореше сериозно: сега дури и се вцрви и очите ѝ светеа. Татко ѝ се прекина и се исплаши, но Лизавета Прокофјевна му направи знак зад грбот на Аглаја и тој сфати: „не прашувај ја".

– Ако е така, ангелу мој, како сакаш, твоја волја, тој таму чека сам; да му навестам ли деликатно да си оди?

Генералот сега од своја страна ѝ помогна на Лизавета Прокофјевна.

– Не, не, тоа е веќе непотребно; особено ако е „деликатно": одете кај него самите; јас после ќе дојдам. Јас сакам од тој младич . . . да побарам прошка, зашто го навредив.

– И мошне го навреди, – сериозно потврди Иван Фјодорович.

– Тогаш . . . останете вие подобро тука, а јас прво ќе појдам сама, вие веднаш по мене, истиот миг доаѓајте; така ќе биде подобро.

Таа веќе стигна до вратата, но наеднаш се врати.

– Јас ќе се насмеам! Јас ќе умрам од смеа! – тажно рече таа.

Но истиот миг се сврте и отрча кај кнезот.

– И што е сега ова? Како мислиш ти? – набрзина проговори Иван Фјодорович.

– Се плашам и да го изговорам, – исто така набрзина одговори Лизавета Прокофјевна, – а според мене, јасно е.

– И според мене е јасно. Јасно е како ден. Таа го сака.

– Не само што го сака, таа е вљубена! – се одзва Александра Ивановна, – само да се прашаме во кого?

– Господ нека ја благослови, ако ѝ е таква судбината! – побожно се прекрсти Лизавета Прокофјевна.

– Значи таква ѝ била судбината, – се сложи генералот, – и од судбината не можеш да избегаш!

– И сите тргнаа во салонот, а таму пак ги чекаше изненадување.

Аглаја не само што не се насмеа кога му пријде на кнезот, како што се плашеше дека ќе стори, туку дури и засрамено му рече:

– Простете ѝ на една глупа, грда и разгалена девојка (таа го зеде за рака) и верувајте ми дека сите ние неизмерно ве почитуваме. А ако се осмелив да ја свртам на подбивање вашата прекрасна . . . добра, простодушност, тогаш простете ми како на едно дете поради обесеништво; простете ми што настојував на една бесмислица, која, се разбира, не може да има никакви последици . . .

Последните зборови Аглаја ги изговори со особено нагласување.

Таткото, мајката и сестрите, сите стигнаа во салонот за да го видат и сослушаат сето тоа и сите ги порази „бесмислицата која не може да има никакви последици", а уште повеќе сериозното настроение на Аглаја, со кое се изразуваше таа за онаа бесмислица. Сите се погледнаа прашувајќи се; но кнезот, се чини, не ги разбра тие зборови и беше на највисок степен на среќа.

– Зошто зборувате така, – мрмореше тој, – зошто вие . . . молите . . . . прошка . . .

Тој дури сакаше да изјави дека е недостоен да го молат за прошка. Којзнае, тој можеби и го забележа значењето на зборовите за „бесмислицата која не може да има никакви последици", но како чуден човек, тој можеби дури и им се израдува на тие зборови. Неоспорно е дека за него претставуваше врвно блаженство самото тоа што тој пак ќе може непречено да доаѓа кај Аглаја, дека ќе му биде дозволено да разговара со неа, да седи до неа, да се шета со неа, и, којзнае, можеби, само со тоа тој би останал задово-

лен за цел живот! (Токму од тоа задоволство, се чини, и се плашеше Лизавета Прокофјевна во себеси: таа го одгатнуваше; од многу работи таа се плашеше во себеси, и од она што не умееше ни да го именува.)

Тешко е да се претстави до кој степен кнезот живна и стана бодар таа вечер. Тој беше толку весел, што гледајќи го само него стануваше весело, – така се изразија подоцна сестрите на Аглаја. Тој разврза разговор, а тоа не му се случуваше уште од онаа изутрина, кога пред половина година дојде до првото запознавање со Епанчини; кога се врати пак во Петербург тој беше забележливо и намерно молчелив и уште сосема неодамна, пред сите, тој му се откри на кнезот Ш. дека требало да се воздржува и да молчи, зашто немал право да ја понижува мислата, изложувајќи ја лично. Речиси само тој говореше целата таа вечер многу раскажуваше; јасно, весело и детално одговараше на прашањата. Но ништо, впрочем, слично на љубовен разговор не провираше од неговите зборови. Сите тие мисли беа толку сериозни, напати дури и толку мудри. Кнезот дури и изложи неколку свои погледи, свои сопствени тајни набљудувања, така што сето тоа ќе беше дури и смешно, да не беше само толку „убаво изложено", како што се согласија после сите што го слушаа. И генералот, кој инаку сакаше сериозни разговорни теми, и Лизавета Прокофјевна, признаа во себеси дека било премногу учено, така што пред крајот на вечерта станаа дури и тажни. Впрочем, кон крајот кнезот дотаму стигна што раскажа дури и неколку мошне смешни анегдоти, на кои самиот прв се смееше, така што другите веќе повеќе се смееја на неговата весела смеа, одошто на анегдотите. Што се однесува пак до Аглаја, таа целата вечер речиси и не говореше; затоа пак, не симнувајќи го погледот, го слушаше Лав Николаевич, и дури не го слушаше толку колку што го гледаше.

– Само го гледа, погледот не го симнува; виси над секое негово зборче; само гледа да не пропушти нешто! – му говореше подоцна Лизавета Прокофјевна на својот сопруг, – а кажи ѝ дека го љуби, таа и светците ќе ги избрка надвор!

– Што да се прави – судбина! – ги кревше раменициите генералот и уште долго го повторуваше тоа зборче кое го засака. Ќе додадеме дека и нему, како на деловен човек, многу работи мошне не му се допаднаа во дадената положба на сите овие работи, а што е најважно – нејасноста на работата; но засега и тој исто одлучи да молчи и да ѝ гледа . . . во очи на Лизавета Прокофјевна.

Веселото расположение на семејството не потраја долго. Уште следниот ден Аглаја пак се скара со кнезот, и така траеше непрестајно, сите следни денови. По цели часови таа го изложуваше кнезот на смеа и го претвораше речиси во играчка. Тие, навистина, седеа напати по еден и два часа во нивната домашна градинка, во тремот, но беше забележано дека во тоа време кнезот речиси секогаш ѝ читал на Аглаја весници или некоја книга.

– Знаете ли, – му рече еднаш Аглаја прекинувајќи го читањето весник, – јас забележав дека вие сте страшно необразован; вие ништо не знаете убаво, ако ве праша некој: ни кој бил имено, ниту која година, ниту по кој договор? Вие сте мошне за жалење.

– Јас ви кажав дека не сум многу учен, – одговори кнезот.

– Што имате тогаш вие? Како можам тогаш да ве почитувам по ова? Читајте понатаму; а впрочем и не треба, престанете да читате.

И пак таа вечер светна нешто мошне загадочно од нејзина страна. Се врати кнезот Ш. Аглаја беше со него мошне љубезна, многу се распрашуваше за Евгениј Павлович. (Кнезот Лав Николаевич уште не беше дојден.) Наеднаш кнезот Ш. некако си дозволи да навести за „блискиот и новиот пресврт во нивното семејство“. По неколку зборови што ѝ се слизнаа на Лизавета Прокофјевна, дека можеби ќе мораат пак да ја одложат свадбата на Аделаида, за да бидат обете свадби заедно. Не можеше ни да се претпостави како избувна Аглаја на сите тие „глупи претпоставки“, и, меѓу другото, ѝ се откинаа зборовите дека „таа сè уште нема намера да заменува нечии љубовници“.

Тие зборови ги поразија сите, но најмногу родите-

лите. Лизавета Прокофјевна настојуваше, во тајниот совет со мажот, одлучно да се поразговара со кнезот во однос на Настасја Филиповна.

Иван Фјодорович се колнеше дека сето тоа била само ена „измислица" и потекнала од „срамежливоста" на Аглаја, и да не ја спомнеше кнезот Ш. свадбата, не ќе ја имаше ниту измислицата, зашто Аглаја и самата знаела, сигурно, дека сето тоа била само обична клевета на лоши луѓе и дека Настасја Филиповна се мажела за Рогожин; дека кнезот тука не бил во ништо замешан, не само што не е во врски; туку никогаш и не бил, ако веќе сакаме да ја кажеме целата вистина.

А кнезот сепак ништо не го збунуваше и тој продолжуваше да блаженствува. О, се разбира, и тој напати забележуваше нешто темно и нетрпеливо во погледите на Аглаја; но тој повеќе веруваше на нешто друго и темнината исчезнуваше сама од себе. Откако еднаш поверува тој веќе со ништо не можеше да се поколеба. Можеби тој беше и премногу спокоен; така во крајна линија му се чинеше на Иполит, кој еднаш случајно се сретна со него во паркот.

– И зар не ви ја реков вистината јас тогаш, дека сте вљубени, – почна тој, приоѓајќи му самиот на кнезот и запирајќи го него. Овој му подаде рака и му честита на „убавиот изглед". Болниот и самиот се чинеше подобар, што е толку карактеристично за туберкулозните.

Тој и му пријде на кнезот со цел да му каже нешто зајадливо за сметка на неговиот среќен изглед, но веднаш се збуни и заговори за себеси. Тој почна да се жали, се жалеше многу и долго и доста неповрзано.

– Нема да ми поверувате, – заврши тој, – до кој степен се тие сите таму раздразливи, дребничави, егоистични, честољубиви и просечни; ми верувате ли дека тие ме зедоа само под услов јас што поскоро да умрам, и ете, сите беснеат поради тоа што не умирам и што ми е, напротив, полесно. Комедија! Би се обложил дека вие не ми верувате!

Кнезот не сакаше да противречи.

– Напати дури и помислувам пак да се преселам

кај вас, – безгрижно додаде Иполит. – Вие, значи, не ги сметате способни да примат човек со тоа тој бездруго што поскоро да умре?

– Јас сметам дека тие ве поканиле од некакви други побуди.

– Охо! Вие значи не сте онака прости, како што ве претставуваат! Сега не е време, инаку јас ќе ви откриев по нешто за оној Гањечка и за неговите надежи. Вас ве поткопуваат, кнезу, безмилосно ве поткопуваат и . . . дури ми е и жал што сте толку спокојни. Но, за жал, – вие не умеете поинаку!

– Ете за што сте зажалиле! – се насмеа кнезот, – та што мислите вие, би бил ли јас посреќен, кога би бил повознемирен?

– Подобро е да се биде несреќен, но да се з н а е, одошто среќен и да си живеете . . . намагарчен. Вие, чинам, воопшто не верувате дека имате ривали и . . . од онаа страна?

– Вашите зборови за ривалство се малку цинични Иполит; жалам што немам право да ви одговорам. Што се однесува пак до Гаврило Ардалионович, признајте и сами, може ли тој да остане спокоен по сè она што загубил, само ако макар делумно му ги знаете работите? Мене ми се чини дека од таа гледна точка е подобро да се погледа. Тој има уште време да се измени, тој долго ќе живее, а животот е богат . . . а пврочем . . . впрочем, – се збуни наеднаш кнезот, што се однесува до поткопувањата . . . јас дури и не разбирам за што зборувате; подобро е да го оставиме овој разговор, Иполит.

– Да го оставиме додека не дојде време; одозгора пак и не може без благородност од ваша страна. Да, кнезу, вие морате сами со прст да опипате и пак да не поверувате, ха-ха! А многу ли ме презирате сега мене, како мислите?

– Поради што? Поради тоа што вие страдавте повеќе од нас и сè уште страдате?

– Не, туку поради тоа што сум недостоен на своето страдање.

– Кој можеше да страда повеќе, значи и дека е

достоен повеќе да страда. Аглаја Ивановна, кога ја прочита вашата исповед, сакаше да ве види, но . . .

– Одложува . . . таа не може, разбирам, разбирам . . . – го прекина Иполит, трудејќи се небаре што поскоро да го скрене разговорот. – Кога сме веќе тука, велат дека вие самите на глас сте ѝ го читале целиот тој галиматијас; навистина во бладање напишан и . . . направен. И не разбирам до кој степен треба да се биде – да не речам жесток (зашто тоа ме понижува), но детски честољубив и одмазнички расположен, та да ми се префрла за таа исповед и да се користи таа како оружје против мене! Не возбудувајте се, јас не говорам на ваша сметка . . .

– Но мене ми е жал што се откажувате од таа тетратка, Иполит, таа е искрена, и знаете ли дека и најсмешните нејзини страни, а нив ги има многу (Иполит мошне се намурти), се откупени со страдањето, зашто и да се признаат тие исто така беше страдање и . . . можеби, голема храброст. Мислата која ве движеше неопходно имаше благородна основа, што и да ни се чини нам. Како минува времето јас сè појасно го гледам тоа, ви се колнам. Јас не ви судам, јас само ви велам, за да си го искажам мислењето, и мене ми е жал што јас тогаш молчев . . .

Иполит вивна. Кај него пролета мисла дека кнезот се преправа и го лови него; но кога го загледа во неговото лице, тој не можеше да не поверува во неговата искреност; лицето му се разведри.

– А сепак треба да се умира! – проговори тој и одвај не додаде: „еден ваков човек, каков што сум јас!“ – И претставете си, колку ме нервира вашиот Гањечка: тој измисли, под изглед на спротивставување, дека некои од оние што ја слушаа тогаш мојата исповед, можеби три-четиримина, ќе умреле пред мене. Како ви изгледа! Тој мисли дека со тоа ме теши, ха-ха! Пред сè, уште никој не умрел; та кога тие луѓе и би умреле, каква утеха би ми било тоа, признајте и самите! Тој суди според себе; впрочем, тој замина уште подалеку, тој сега едноставно се кара и вели дека пристоен човек умира во ваков случај молкум и дека во сето тоа од моја страна имало само

егоизам! Како ви изгледа! А пак, каков е ова егоизам од негова страна! Каква префинетост или, подобро да речам, каква е во исто време воловска грубост на нивниот егоизам, кој тие сепак не можат никако да го забележат кај себеси! ... Сте читале ли, кнезу за смртта на еден Степан Глебов, во осумнаесеттиот век? Јас случајно вчера прочитав ...

– Кој е тој Степан Глебов?

– Бил наденат на колец за време на Петар.

– Ох, господи, знам! Останал петнаесет часови на колец, на студ, во бунда и умрел со необична великодушност; читав, се разбира ... та што?

– Им дава господ на некои луѓе таква смрт, а нам не ни дава! Вие, можеби, мислите дека јас сум неспособен да умрам како Глебов?

– О, воопшто не мислам, – се збуни кнезот, – јас сакав само да кажам дека вие ... то ест, не дека вие не би биле слични на Глебов, но ... дека вие ... дека вие тогаш поскоро би ...

– Погодувам: поскоро би личел на Остерман, а не на Глебов, – тоа ли сакате да го кажете?

– Кој е тој Остерман? – се почуди кнезот.

– Остерман, дипломатот Остерман. Петровиот дипломат, – промрмори Иполит, одеднаш малку збунет. Проследи извесна недоумица.

– О, н-н-не! Јас не сакав тоа да го кажам, – развлече наеднаш кнезот по извесно молчење, – вие, чинам, никогаш ... не би биле Остерман ...

Иполит се намурти.

– Впрочем, јас тоа вака го тврдам, – наеднаш продолжи кнезот, со јасна желба да се поправи, – зашто тогашните луѓе (верувајте ми, мене тоа секогаш ме поразуваше) како и да не биле такви луѓе какви што сме ние денес, во нашиот век, некое друго племе, небаре некој друг род ... Луѓето тогаш беа некако со една идеја, а денес се понервни, поразвиени, посензитивни, некако како да се наеднаш со две или три идеи ... денешниот човек е поширок, – и, се колнам, токму тоа и му пречи да биде онаков цел човек, каков што беше во тие векови ... Јас ... јас тоа го кажав единствено поради тоа, а не ...

– Разбирам; поради наивноста со која вие не се сложивте со мене, вие сега сакате да ме тешите, ха-ха! Вие сте вистинско дете кнезу. Сепак, јас забележувам дека вие постојано ме третирате мене како ... порцуланска чашка ... Ништо, ништо, не ви се лутам. Во секој случај разговорот ни испадна мошне смешен; напати вие сте вистинско дете, кнезу. Знајте го, впрочем, тоа дека јас можеби сакав да станам и нешто подобро од Остерман; заради Остерман не би вредело да се воскреснува од мртви ... А, впрочем, јас гледам дека морам што поскоро да умрам, инаку јас самиот ... Оставете ме. До видување! Добро, кажете ми самите, како мислите вие: како ќе биде најдобро да умрам? ... То ест, за да излезе колку што може ... подобродетелно? Ајде, кажете ми!

– Минете крај нас и простете ни ја нашата среќа! – проговори кнезот со тивок глас.

– Ха-ха-ха! Така и мислев! Неопходно чекав нешто вакво! Сепак сте вие ... сепак сте ... Ајде, ајде! Красноречиви луѓе! До видување, до видување!

VI

За вечерниот собир во летниковецот на Епанчини, на кој се чекаше и Белоконска, Варвара Ардалионовна исто така сосема точно го извести брата си; гостите се чекаа токму тој ден навечер; но сепак таа се изрази за тоа малку пореско одошто требаше. Работава, навистина, излезе мошне забрзано и дури и со извесно, речиси сосема непотребно возбудување, и тоа токму затоа што во тоа семејство „сè се правеше онака, како што не се правеше кај никој“. Сето тоа се објаснуваше со нестрпливоста на Лизавета Прокофјевна која „не сакаше повеќе да се сомнева“ и со врелото треперење на обете родителски срца за среќата на саканата ќерка. Одозгора пак Белоконска навистина наскоро заминуваше; а бидејќи нејзината протекција навистина многу значеше во друштвото, и бидејќи се надеваа дека таа ќе му биде наклонета на кнезот, родителите на Аглаја се надеваа дека „друш-

твото“ ќе го прифати свршеникот на Аглаја директно од рацете на моќната „старица“ а, ако и има во тоа нешто необично, под такво покровителство ќе се стори помалку необично. Работата во тоа и се состоеше што родителите сами никако немаа сили да решат: „има ли, и колку има, во сета оваа работа необично? Или пак воопшто нема ништо необично?“. Пријателско и отворено мислење на авторитетни и компетентни луѓе би било добредојдено во мигот, кога, благодарение на Аглаја, сѐ уште не беше ништо конечно решено. Пократко, тие имаа намера да го „покажат“ него. Вечерта пак се приготвуваше едноставна; се чекаа само „пријатели на куќата“, во најмал број. Покрај Белоконска се чекаше една дама, жена на еден многу значаен господин со високо звање. Од млади луѓе се чекаше речиси само Евгениј Павлович; тој требаше да се појави во придружба на Белоконска.

Затоа дека ќе стигне Белоконска, кнезот слушна уште речиси три дни пред вечерта; за свечениот пак прием тој дозна дури еден ден пред тоа. Тој, се разбира, го забележа и загрижениот изглед на членовите на семејството, и дури, по некои навестувачки и загрижени разговори со него, тој сфати дека се плашат за впечатокот кој тој можел да го остави. Но Епанчини, некако сите до еден, создадоа мислење дека тој воопшто не е во состојба поради својата простота да се сети дека тие се загрижени за него. Поради тоа, гледајќи го него, тие сите во себеси тагуваа. Впрочем, тој и навистина речиси не придаваше никакво значење на настанот што претстоеше; тој беше зафатен со сосема нешто друго: Аглаја со секој час стануваше сѐ понаумничава и понерасположена – тоа го сотруваше. Кога дозна дека се чека и Евгениј Павлович, тој многу се израдува и рече дека одамна сакал да го види. Којзнае зошто овие зборови никому не се допаднаа; Аглаја јадосано излезе од собата и дури доцна вечерта, на кај дванаесет часот, кога кнезот веќе си заминуваше, најде прилика да му каже неколку зборови насамо, испраќајќи го.

– Јас би сакала утре цел ден да не доаѓате кај нас,

а да дојдете дури навечер, кога веќе ќе се соберат тие ... гости. Вие знаете дека ќе има гости?

Таа проговори нестрпливо и сосила сурово; за првпат таа проговори за тој „прием“. И за неа исто така мислата за гостите ѝ беше речиси неподнослива; сите го забележаа тоа. Таа можеби мошне сакаше да се скара со родителите поради тоа, но гордоста и срамежливоста ѝ попречија да почне разговор. Кнезот веднаш сфати дека и таа се плаши за него (и дека не сака да признае дека се плаши), и наеднаш и самиот се исплаши.

– Да, јас сум поканет, – ѝ одговори тој.

Таа очигледно се наоѓаше во тешка положба.

– Може ли со вас да се зборува за нешто сериозно? Макар еднаш во животот? – се разлути таа наеднаш прекумерно, не знаејќи зошто и немајќи сила да се воздржи.

– Може и јас ве слушам; многу ми е драго, – мрмореше кнезот.

Аглаја помолча пак еден миг и почна со видлива одвратност;

– Јас не сакав да се расправам со нив поради тоа; во некои случаи не можеш да ги вразумиш. Секогаш ми беа одвратни правилата кои напати ги има maman. Јас за тате не велам, од него нема ни што да се очекува. Maman е, се разбира, благородна жена; имајте смелост да ѝ предложите нешто недостојно и ќе видите. Ете, а ѝ се поклонува на онаа ... никаквица! Јас не велам само за Белоконска: зла старица е и со лош карактер, но е умна и сите нив умее да ги држи в раце, – макар по тоа е добра. О, нискост! И смешно е: ние отсекогаш сме биле луѓе од среден круг, од најсреден круг, каков што само може да има; зошто пак да се провираме во оној великодостоен круг? И сестрите – таму; тоа кнезот Ш. сите ги збрка. Зошто се радувате поради тоа што ќе присуствува и Евгениј Павлович?

– Слушајте, Аглаја, – рече кнезот, – ми се чини, вие многу се плашите за мене, да не пропаднам утре ... во тоа друштво?

– За вас? Се плашам? – избувна Аглаја, – зошто

да се плашам за вас, макар вие и . . . макар и да се посрамите пред сите? Што ми е мене работа? И како можете да употребувате такви зборови? Што значи „да пропаднам"? Тоа е одвратен збор, подмолен.

– Тоа е . . . школски збор.

– Па да, школски збор! Одвратен збор! Вие, чинам, имате намера и утре да употребувате сè такви зборови? Дома, во вашиот речник побарајте уште да ги имате повеќе такви зборови: ќе видите каков ефект ќе оставите! Жалам што вие, се чини, умеете убаво да влезете; каде сте го научиле тоа? Вие ќе умеете да земете и пристојно да испиете чаша чај, кога сите нарочно ќе гледаат во вас?

– Мислам дека ќе умеам.

– Жалам; инаку како ќе се смеев. Сепак, скршете ја барем кинеската вазна во салонот! Таа е скапа: ве молам, скршете ја, таа ни е подарок, мама ќе се споулави и пред сите ќе се расплаче, – толку ѝ е драга. Направете некој гест, како што секогаш правите, чукнете ја и искршете ја. Нарочно седнете крај неа.

– Напротив, ќе се потрудам да седнам подалеку; благодарам што ме предупредивте.

– Значи однапред се плашите дека ќе гестикулирате. Можам да се обложам дека ќе почнете разговор за некоја „тема", за нешто сериозно, учено, возвишено? Што ќе биде тоа . . . пристојно!

– Јас мислам дека тоа би било глупо . . . ако не е неумесно.

– Слушајте, еднаш засекогаш, – не издржа најодзади Аглаја, – ако почнете разговор за нешто како што е смртната казна или за економската положба на Русија, или за тоа дека „светот ќе биде спасен од убавината", тогаш јас . . . се разбира мошне ќе се зарадувам и ќе се изнасмеам, но . . . ве предупредувам однапред: не појавувајте ми се после пред очи! Слушате ли, јас сериозно ви велам! Овојпат јас навистина сериозно ви велам!

Таа навистина с е р и о з н о ја изрече својата закана, така што дури и нешто необично се слушна во нејзините зборови и проѕирна во нејзиниот поглед,

што порано никогаш кнезот не можеше да забележи и што, се разбира, не личеше на шега.

– Е, вие сторивте така, што јас сега бездруго „ќе почнам разговор“ и дури . . . можеби . . . и вазната ќе ја скршам. Претеска јас воопшто не се плашев, а сега од сè се плашам. Јас секако ќе пропаднам.

– Тогаш молчете. Седете си и молчете.

– Не ќе можам; убеден сум дека од страв ќе проговорам и дека од страв ќе ја скршам вазната. Можеби ќе паднам на мазниот под или пак ќе се случи нешто слично, зашто мене веќе ми се има случувано; јас ова ќе го сонувам целава ноќ; зошто почнавте за тоа?

Аглаја нерасположено гледаше во него.

– Знаете ли што, подобро ќе биде јас утре воопшто да не дојдам! Ќе се преправам болен и готово! – одлучи тој најодзади.

Аглаја тупна со ногата и дури пребледе од гнев.

- Господи! Та се случило ли ова некаде! Тој не ќе дошол, кога поради него нарочно . . . о господи! Какво задоволство да се има работа со ваков . . . неразбран човек, како што сте вие!

– Добро, ќе дојдам, ќе дојдам! – побрза да ја прекине кнезот, – и ви давам чесен збор дека ќе останам цела вечер не проговорувајќи ниту збор. Така и ќе направам.

– Прекрасно ќе направите. Вие сега рековте: „ќе се преправам болен“; од каде ги земате, навистина, ваквите изрази? Од каде ви е таа желба да разговарате со мене со таков јазик? Ми се подбивате ли вие мене, или што?

– Простете; и тоа е школски збор; нема повеќе. Јас многу убаво ве разбирам дека вие . . . се плашите за мене . . . (та не лутете се!) . . . и јас страшно му се радувам на тоа. Вие не ќе ми поверувате колку јас сега се плашам и – колку им се радувам на вашите зборови. Но сиов овој страв, верувајте ми, сето тоа е само дребулија и глупост. Жими бога, Аглаја! А радоста ќе остане. Јас ужасно сакам што сте вакво дете, толку убаво и добро дете! Ох, колку прекрасна можете да бидете, Аглаја!

Аглаја, се разбира, ќе се налутеше, и веќе сакаше,

но наеднаш, некое и за неа нечекано чувство во еден миг ѝ ја опфати целата душа.

– А вие нема да ми префрлите поради сегашниве груби зборови ... некогаш ... после? – праша таа наеднаш.

– Што ви е, што ви е! И зошто пак се налутивте и пак невесело гледате! Вие, Аглаја, понекогаш почнувате да гледате мошне тмурно, онака како никогаш порано што не гледавте. Јас знам зошто е тоа ...

– Молчете! Молчете! ...

– Не, подобро е да кажам. Јас одамна сакав да ви кажам; јас веќе реков, но ... тоа е малку, зашто вие не ми поверувавте. Меѓу нас сепак стои едно суштество ...

– Молчете, молчете, молчете, молчете! – наеднаш, го прекина Аглаја, зграпчувајќи го силно за рака и гледајќи го речиси ужасено. Во тој миг ја повикаа; како да се израдува, таа го остави и потрча.

Кнезот целата ноќ беше во треска. Чудно, веќе неколку ноќи со ред имаше треска. Овојпат, во полубладање му дојде мисла: што ако утре, пред сите, добие напад? Зашто му се случуваше да добие напади пред сите. Го опфаќаше студенило од таа мисла; целата ноќ тој се претставуваше себеси во некое необично и нечуено друштво, меѓу некои чудни луѓе. Најглавното беше тоа што тој „започнал разговор“; тој знаеше дека не треба да зборува, но цело време зборуваше, тој ги наговараше за нешто. Евгениј Павлович и Ипполит беа исто така меѓу гостите и се чинеше дека се во големо пријателство.

Тој се разбуди накај девет часот со главоболие, со мешаница на мисли, со чудни впечатоци. Тој којзнае зошто страшно посака да го види Рогожин; да го види и многу да разговара со него, – за што имено, тој и самиот не знаеше; потоа тој веќе сосема реши да појде којзнае зошто кај Ипполит. Нешто матно имаше во неговото срце, и тоа толку, што настаните што му се случија тоа утро оставија врз него иако необично силен, но сепак нецелосен впечаток. Еден од тие настани се состоеше од посетата на Лебедев.

Лебедев се појави доста рано, веднаш по девет

часот, и речиси сосема поднапиен. Макар што кнезот во последно време не забележуваше многу, сепак некако му падна в очи дека по преселувањето од нив на генералот Иволгин, ете веќе три дни, Лебедев почна многу лошо да се однесува. Тој наеднаш стана некако необично измачкан и нечист, вратоврската му одеше настрана, а јаката на палтото му беше поткината. Во својот стан тој дури креваше и врева, и тоа можеше да се чуе преку дворчето. Вера еднаш доаѓаше со солзи и нешто му раскажуваше. Кога се појави сега, тој некако чудно проговори и почна да се обвинува себеси биејќи се в гради . . .

– Добив . . . добив одмазда за мојата подлост и изневерување . . . Добив шлаканица! – заврши тој најпосле трагично.

– Шлаканица! Од кого тоа! . . . Уште волку рано?

– Рано? – саркастички се насмевна Лебедев, – времето тука ништо не значи . . . дури и за физичка одмазда . . . но јас добив морална, морална шлаканица, а не физичка!

Тој наеднаш се смести на столот без стеснување и почна да раскажува. Раскажувањето негово беше многу несврзано; кнезот веќе се намурти и сакаше да замине, но неколку зборови наеднаш го поразија. Тој се скамени од вчудоневидување . . . Чудни работи раскажуваше господинот Лебедев.

Отпрвин работата, изгледа, била за некое писмо; беше изговорено името на Аглаја Ивановна. Потоа Лебедев наеднаш луто почна да го обвинува самиот кнез; можеше да се разбере дека тој бил навреден од кнезот. Отпрвин, според него, кнезот го удостоил со својата доверба во работата со извесно „лице“ (Настасја Филиповна); но потоа сосема раскинал со него и го избркал од себеси со посрамување, и дури со толкав степен на навреда, што последниот пат небаре со грубост го избегнал „невиното прашање за блиските промени во куќата“. Со пијани солзи Лебедев му призна дека „по ова тој веќе никако не можел да поднесува, дотолку повеќе што тој знаел многу . . . мошне многу . . . и од Рогожин, и од Настасја Филиповна, и од Варвара Ардалионовна . . . и дури . . . од

самата Аглаја Ивановна, можете ли да си го претставите тоа, со посредништвото на Вера, преку Вера, господине, мојата сакана ќерка, единствената ... да ... а впрочем, не единствената, зашто ги имам три. А кој ја известувал со писма Лизавета Прокофјевна, и тоа во најголема тајност, хе-хе! Кој ѝ ги опишувал сите односи и ... за движењето на лицето Настасја Филиповна, хе-хе-хе! Кој е тој, кој е тој анонимец, дозволете ми да ве прашам?“

– Зар е можно тоа да сте вие? – викна кнезот.

– Имено јас, – достоинствено одговори пијаницата, – уште денеска во осум и пол, сѐ на сѐ пред половина час ... не, има веќе три четврти час, како ја известив најблагородната мајка дека имам да ѝ пренесам еден настан ... значаен настан. Со писменце ја известив, преку слугинка, од задниот влез. Го прими.

– Вие сте ја виделе сега Лизавета Прокофјевна? – праша кнезот, одвај верувајќи им на своите уши.

– Ја видов сега и добив шлаканица ... морална. Ми го врати писмото и дури ми го фрли неотворено ... а мене ме избрка ... впрочем, само морално, а не физички ... а впрочем, речиси и физички, не ѝ требаше многу!

– Кое писмо таа ви фрлила неотворено?

– А зар ... хе-хе-хе! Та јас уште не сум ви кажал! А јас мислев дека сум ви кажал ... Си добив едно онакво писменце, за да го предадам, господине ...

– Од кого? кому?

Но извесни „појаснувања“ на Лебедев необично тешко можеа да се средат и макар нешто од нив да се разбере. Сепак, кнезот сфати колку што можеше дека писмото ѝ било предадено рано изутрина, преку слугинката, на Вера Лебедева, за да се предаде на адресата ... „исто како и порано ... исто како и порано, на извесно лице и од истата личност ... (зашто едната јас ја означувам со „личност“, а другата само со „лице“, за понижување и за разлика; зашто постои огромна разлика меѓу невината и високоблагородната генералова девојка и ... камелијата, господине) и

така, писмото беше од „личноста“ која почнува со буквата А . . .“

– Како е можно тоа? За Настасја Филиповна? Глупост! – викна кнезот.

– Имаше, имаше, господине, а ако не беше за неа, тогаш за господинот Рогожин, седно за Рогожин, господине . . . и дури и за господинот Терентиев имаше, да предадам, еднаш имаше од личноста со буквата А, – намигна и му се насмевна Лебедев.

Бидејќи тој често се бркаше и се префрлаше од едно на друго и забораваше за што почнуваше да говори, кнезот замолча, за да му дозволи да се доискаже. Но сепак, беше извонредно нејасно: дали преку него лично оделе писмата, или преку Вера? Ако тој самиот тврдеше дека „за Рогожин е исто што и за Настасја Филиповна“, значи, поверојатно ќе биде дека, само ако имало писма, тие не оделе преку него. Случајноста пак на кој начин се најде сега писмото кај него, остана сосема необјаснета; најверојатно требаше да се претпостави дека тој на некој начин го дигнал од Вера . . . тивко ѝ го украл и со некаква цел го однесол кај Лизавета Прокофјевна. Кнезот, најодзади, дојде до таков заклучок.

– Вие сте се споулавиле! – викна тој необично збунет.

– Не сосема, многупочитуван кнезу, – не без злоба му одговори Лебедев, – вистина е дека јас веќе сакав да ви го дадам вам, во ваши раце, за да ве услужам . . . но помислив дека е подобро таму да услужам и со сè да ја запознам благородната мајка . . . онака како и порано еднаш што ја известив со писмо, анонимно; и кога претходно пreѓеска напишав на книже барајќи да ме прими, во осум часот и дваесет минути, јас исто така се потпишав: „вашиот таен кореспондент“; веднаш ме пуштија, без забавување, дури и со голема забрзаност, на задниот влез . . . кај благородната мајка . .

– И?

– А таму, веќе знаете, господине, за малку да ме претепа; то ест за малкунѕа, така што, може дури и да се смета дека го сторила тоа. А писмото ми го фрли

мене. Таа навистина сакаше да го задржи кај себеси, – видов, го забележав тоа, – но се премисли и ми го фрли: „Штом на еден таков каков што си ти е доверено да го предадеш, тогаш предај го...“ Дури и се навреди. Штом не ѝ беше срам да го каже тоа пред мене, значи, се навреди. Избувливи се со карактерот!

– И каде е сега тоа писмо?

– Та сѐ уште е кај мене, еве го.

И тој му го предаде на кнезот писмото на Аглаја за Гаврило Ардалионович, кое овој победнички, уште истото утро по два часа, ѝ го покажа на сестра си.

– Тоа писмо не смее да остане кај вас.

– Вам, вам! Вам и ви го носам, господине, – со жар се надоврза Лебедев, – сега сум пак ваш, сиот сум ваш, од глава до срце, слуга сум ви, по едно минливо изневерување, господине! Накажете го срцето, поштедете ја брадата, како што рече Томас Морус ... во Англија и во Великобританија, господине. Mea culpa, mea culpa,* вели римската папа ... то ест тоа е тој – римски папа, а јас го викам него „Римска папа“.

– Ова писмо мора да биде веднаш предадено, – се загрижи кнезот, – јас ќе го предадам.

– А не ќе биде ли подобро, не ќе биде ли подобро, највоспитан кнезу, а не ќе биде ли подобро ... ова!

Лебедев направи чудна, додворувачка гримаса; тој наеднаш страшно се раздвижи на своето место, небаре беше одеднаш боцнат со игла и, намигнувајќи лукаво со очите, правеше и покажуваше нешто со рацете.

– Што е? – страшно запраша кнезот.

– Можеби, претходно да се отвори, господине! – прошепоти тој додворувачки и некако конфиденцијално.

Кнезот срипа во толкав бес, што Лебедев веќе летна да бега; но откако дотрча до вратата, тој подзапре чекајќи нема ли да се смилостиви.

– Ех, Лебедев! Може ли, може ли да се достигне дотолку ниско безредие, до кое сте стигнале вие? –

---

* Моја вина е, моја вина. (Од латински)

викна кнезот горчливо. Цртите на Лебедев се разјаснија.

– Низок сум, низок! – му се доближи тој истиот миг со солзи и биејќи се в гради.

– Та тоа се подли работи!

– Токму така, господине, подли работи. Тоа е вӣстинскиот збор!

– И каква навика ви е тоа вака ... чудно да постапувате? Зашто вие сте ... просто еден шпион! Зошто сте пишувале анонимни писма и сте вознемирувале ... една толку благородна и добра жена? Зошто, најодзади, Аглаја Ивановна да нема право да напише кому што сака? Да се жалите ли вие денес одевте? Што се надевавте дека ќе добиете? Што ве наведе да поткажете?

– Единствено од пријатната љубопитност и ... од услужливоста на благородната душа, да, господине! – мрмореше Лебедев, – сега сум пак сиот ваш, пак сум сиот! Ако сакате обесете ме!

– Вие вака како што сте сега сте се појавиле пред Лизавета Прокофјевна? – со одвратност се заинтересира кнезот.

– Н-не ... бев посвеж и дури и попристоен, господине; јас тоа по понижувањето стигнав ... до ваков изглед.

– Добро, оставете ме сега.

Впрочем, оваа молба мораше да ја повтори неколкупати, пред гостинот да се реши, најодзади, да замине. Веќе кога сосема ја отвори вратата, тој пак се врати на сред соба на прсти и одново почна да прави знакови со рацете како да отвора писмо; да го изговори пак својот совет тој не се осмели; потоа излезе, тивко и љубезно насмевнувајќи се.

Сето ова беше необично тешко да се чуе. Од сè испакнуваше еден главен и необичен факт: тоа што Аглаја била во голема вознемиреност, во голема неодлучност, на голема мака поради нешто („од љубомора“, си прошепоти кнезот во себеси). Исто така излегуваше на видело дека ја збунувале и лоши луѓе, и беше премногу чудно што таа така им се доверувала. Се разбира, во таа неискусна, но врела и горда глава

созревале некакви си особени планови, можеби и судбоносни и . . . што не личеле на ништо. Кнезот беше необично исплашен и во својата збунетост не знаеше на што да се одлучи. Неопходно беше потребно нешто да спречи, тој тоа го чувствуваше. Тој уште еднаш ја погледна адресата на затворениот плик: о, тука за него повеќе немаше никакво сомневање и загриженост, зашто тој веруваше; друго нешто го обеспокојуваше во ова писмо: тој не му веруваше на Гаврило Ардалионович. Но сепак тој реши самиот да го предаде тоа писмо, лично и веќе тргна заради тоа од дома, но патем се премисли. Речиси крај самата куќа на Птицин, како нарочно, го сретна Коља и кнезот му нарача да го предаде тоа писмо лично на брат му, како да е директно од Аглаја Ивановна. Коља не се распрашуваше и го предаде така, што Гања не можеше ни да си претстави дека писмото минало низ неколку инстанци. Кога се врати дома, кнезот ја покани да дојде кај него Вера Лукијановна, ѝ кажа што требаше и ја смири, зашто таа цело време сѐ го бараше писмото и плачеше. Таа се ужаси кога дозна дека писмото ѝ го зел татко ѝ. (Кнезот веќе подоцна дозна од неа дека таа не еднаш им служела во тајната преписка на Рогожин и Аглаја Ивановна; нејзе ни на ум не ѝ паѓало дека тука можело да има нешто против кнезот) . . .

А кнезот најпосле толку се онерасположи што, кога по два часа дотрча кај него еден што го прати Коља за да го извести за болеста на таткото, во првиот миг тој речиси не можеше да сфати во што е работата. Но токму овој настан и го поврати малку, зашто силно му го привлече вниманието. Тој остана кај Нина Александровна (каде што се разбира беше однесен болниот) речиси до самата вечер. Тој речиси ништо не помогна, но има луѓе, кои е пријатно, којзнае зошто, да ги видиш крај себеси, во извесен тежок миг. Коља беше ужасно поразен, плачеше хистерично но, сепак, цело време трчаше таму-ваму: трчаше по доктор и најде тројца, трчаше во аптека, во берберница. Генералот беше повратен во живот, но не си дојде на себеси; докторите се изјаснуваа дека ,,во секој слу-

чај, пациентот е во опасност". Варја и Нина Александровна не се оддалечуваа од болниот; Гања беше збунет и потресен, но не сакаше да се качи горе и дури се плашеше и да го види болниот; тој си ги кршеше рацете и во несврзан разговор со кнезот успеа да изрази, небаре ете „таква несреќа и, како нарочно, во таков миг!" На кнезот му се стори дека разбира на кој миг мисли тој. Кнезот веќе не го најде Иполит во куќата на Птицин. Приквечер дотрча Лебедев кој, по утринскиот разговор, спиеше без разбудување. Сега тој беше речиси трезвен и плачеше со крупни вистински солзи, небаре по свој роден брат. Тој гласно се самообвинуваше, не објаснувајќи, впрочем, во што е работата и ѝ здодеваше на Нина Александровна, убедувајќи ја везден дека е „тој, лично тој, причина, и дека никој не е како него ... единствено од пријатна љубопитност, и дека „починатиот" (тој така којзнае зошто, упорно го наречуваше сѐ уште живиот генерал) бил дури најгенијален човек!" Тој особено сериозно настојуваше на генијалноста, небаре од тоа, во тој миг, можеше да се извлече некоја необична полза. Нина Александровна, гледајќи ги искрените негови солзи, најодзади му проговори, без никакво префрлање и дури и љубезно: „Господ да ви е на помош, та не плачете, господ ќе ви прости!" Лебедев беше толку поразен од тие зборови, што целата таа вечер не сакаше ни да се оддалечи од Нина Александровна (и следните денови, до самата смрт на генералот, тој речиси од изутрина до ноќ го поминуваше денот во нивната куќа). Во текот на денот двапати доаѓаше кај Нина Александровна човек пратен од Лизавета Прокофјевна, да се распраша за здравјето на болниот. Кога пак вечерта, во девет часот, кнезот се појави во салонот на Епанчини, веќе исполнет со гости, Лизавета Прокофјевна веднаш почна да го прашува за неговиот болен, сочувствено и детално, и значајно ѝ одговори на Белоконска на нејзиното прашање: „Кој е болниот и која е тоа Нина Александровна?" На кнезот тоа мошне му се допадна. Лично тој, одговарајќи ѝ на Лизавета Прокофјевна, зборуваше „прекрасно", како што подоцна се изразија сестрите на Аглаја; „скро-

мно, тивко, без излишни зборови, без гестикулирање, со достоинственост; влезе прекрасно; облечен беше извонредно", и не само што не падна на „измазнетиот под", како што се плашеше вчеравечер, туку на сите јасно им остави дури и пријатен впечаток.

Од своја страна, откако седна и погледна наоколу, тој веднаш забележа дека сите насобрани воопшто не биле слични на вчерашните привидувања, со кои го исплаши Аглаја, или пак на кошмарите, коишто ги сонеше ноќе. За првпат во животот тој виде едно крајче од она, што го носи страшното име „свет". Тој веќе одамна, како последица на некои свои особени цели, сфаќања и желби, жеднееше да се провре во тој маѓепсан круг на луѓе и затоа беше мошне заинтересиран од првиот впечаток. Тој прв впечаток беше дури шармантен. Некако истиот миг и ненадејно му се стори дека сите тие луѓе како да се родиле така, да бидат заедно; дека кај Епанчини нема никаков прием таа вечер и никакви канети гости, дека сите тие биле само „свои луѓе" и дека и тој самиот како веќе одамна да бил нивен близок пријател и едномисленик и дека се вратил сега кај нив по кратка разделба. Привлечноста на елегантните манири, на едноставноста и привидливата чистосрдечност, беше речиси волшебна. Нему ни на ум не можеше да му падне дека сета таа срдечност и благородство, остроумност и висока лична достоинственост се, можеби, само прекрасна уметничка обработка. Поголемиот број од гостите се состоеше дури, без оглед на сугестивната надворешност, од прилично безначајни луѓе, кои, впрочем, и самите не знаеле, во своето самозадоволство, дека многу нешта што се добри кај нив биле само украс поради кој тие не се виновни, зашто се здобиле со него несвесно и по наследство. Во ова кнезот дури не сакаше ни да се посомнева под замаеноста со убавината на својот прв впечаток. Тој гледаше, на пример, дека овој старец, овој човек на важно место, кој по години би можел да му биде дедо, го прекинува дури својот разговор за да го сослуша него, толку млад и неискусен човек и не само што го сослушува, туку и јасно покажува дека го цени неговото мислење толку е љубе-

зен со него, толку искрено добродушен а, меѓутоа, тие се туѓинци и се гледаат за првпат. Можеби врз врелата приемливост на кнезот влијаеше најмногу префинетоста на таа учтивост. Можеби тој однапред бил мошне расположен и приготвен за среќниот впечаток.

А, меѓутоа, сите тие луѓе, – макар што, се разбира, биле „пријатели на семејството" и меѓу себе, – всушност, тие беа мошне далеку од тоа да бидат такви пријатели на семејството и меѓу себеси, какви што ги прифати кнезот, кој штотуку беше претставен и запознат со нив. Тука имаше луѓе кои никогаш и за ништо на светов не би се согласиле да ги признаат Епанчини макар и малку рамни на себеси. Тука имаше луѓе дури кои ужасно се мразеа меѓу себеси; старицата Белоконска целиот свој живот ја „презираше" жената на „важниот старец", а таа, од своја страна, воопшто не ја сакаше Лизавета Прокофјевна. Овој „важен старец", нејзиниот маж, којзнае зошто сметајќи се за покровител на Епанчини уште од нивната младост, кој тука претседаваше, му се гледаше како толку крупно лице во очите на Иван Фјодорович, што тој, освен стравопочитување и страв, не можеше ништо друго да чувствува во негово присуство, и дури искрено ќе се презираше себеси, макар за еден миг да се почувствуваше рамен со својот Јупитер Олимписки. Тука имаше луѓе кои не се виѓаваа еден со друг по неколку години и кои не чувствуваа еден за друг ништо освен рамнодушност, ако не и одвратност, но кои се сретнаа сега така како уште вчера да се разделиле во најпријателско и топло друштво. Впрочем, собирот не беше многуброен. Покрај Белоконска и „важното старче", вистински важно лице, освен неговата жена, беше пред сè еден мошне солиден воен генерал, барон или гроф, со германско име, – човек необично молчелив, познат по необично познавање на управните работи и за малку та да биде познат и по својата ученост, – еден од оние олимпијци – администратори, кои познаваат сè, „освен, можеби, самата Русија", човек кој пет години повторуваше една „извонредна по својата длабочина" мисла, и тоа таква, која неопходно станува поговорка и која ста-

нува позната дури и во највисокиот круг; еден од оние високи чиновници, кои по извонредно долготрајна (дури необично долготрајна) служба умираат со високи чинови, макар што немале големи подвизи, и дури чувствувале и извесна одвратност кон подвизите. Овој генерал му беше непосредниот претпоставен на Иван Фјодорович на работа и кого тој, поради топлината на своето благородно срце и дури и по особеното свое самољубие, исто така го сметаше за свој добротвор, но кој пак воопшто не се сметаше себеси за добротвор, на Иван Фјодорович, се држеше со него сосема спокојно и, макар што со задоволство ги користеше многубројните и разновидните негови услуги, тој веднаш би го заменил со некој друг чиновник, само кога би се појавила потреба од некои причини, кои и не би морале да бидат мошне високи. Тука имаше и еден важен големец во години, кој како да бил дури и роднина на Лизавета Прокофјевна, макар што за тоа немаше апсолутно никаква основа; тоа беше човек со добар чин и звание, богат и од познат род, со крупно тело и одлично здравје, мошне зборлест и дури со репутација на незадоволен човек (макар што, впрочем, тоа беше во најдозволената смисла на зборот), дури и на жолчен човек (но и тоа кај него беше пријатно), со држење на англиски аристократ, и со англиски вкус (што се однесува, на пример, на крвав бифтек, коњска опрема, лакеи и сл.). Тој беше голем пријател на „големецот", го разонодуваше и уште, Лизавета Прокофјевна, којзнае зошто, се носеше со една чудна мисла дека на овој човек во години (малку лекомислен и донекаде љубител на женскиот пол) наеднаш ќе му падне на ум да ја усреќи Александра со своја понуда за брак. По овој, највисок и најсолиден слој на собирот, следеше слојот на помлади гости, иако и тие болскаа со своите исто така елегантни квалитети. Освен кнезот Ш. и Евгениј Павлович, на овој слој му припаѓаше уште и кнезот Н., бившиот премамник и освојувач на женските срца во цела Европа, кој сега веќе беше на околу четириесет и пет години, со сè уште прекрасен изглед, кој умееше извонредно да раскажува, имаше имот, впро-

чем, неколку имоти и кој, по навика, живееше повеќе во странство. Тука, најодзади, имаше и луѓе, кои небаре претставуваа трет, специјален слој и кои сами од себе не му припаѓаа на „одбраниот круг“ на општеството, но кои, исто како и Епанчини, којзнае зошто, можеше човек да ги сретне понекогаш во „одбраниот“ круг. Понекаков такт, кој тие го прифатија како правило, Епанчини на ретките приеми кај нив, сакаа да мешаат, високо друштво со луѓе од понизок слој, со одбрани претставници „од средниот слој луѓе“. Епанчини дури беа и фалени поради тоа и зборуваа за нив дека тие се свесни за своето место и дека се луѓе со такт, а Епанчини се гордееја со таквото мислење за нив. Еден од претставниците на тој среден слој луѓе оваа вечер беше еден технички инженер, полковник, сериозен човек, мошне близок пријател со кнезот Ш. и од него и доведен кај Епанчини; тој беше, впрочем, молчелив човек во друштво, а на показалецот од десната рака носеше голем прстен што биеше, в очи и кој најверојатно му бил подарен од царот. Тука, најодзади, беше и еден литерат – поет, од германско потекло, но руски поет, кој одозгора беше и сосема пристоен, така што без страв можеше да се воведе во добро друштво. Тој имаше среќен изглед, макар што и малку одбивен, на околу триесет и осум години, се облекуваше совршено, припаѓаше на германско семејство, во најголем степен буржоаско, но и во најголем степен достојно за почитување; умееше да користи различни прилики да се здобие со покровителство на високи лица и да се одржи во нивната благонаклоност. Некогаш тој превел од германски некое важно дело од некој важен германски поет во стихови, умеел да го посвети тоа дело некому, умеел да се пофали со пријателство со еден голем, но веќе мртов, руски поет (има цел слој писатели кои необично сакаат во печат да си припишат пријателство на некој голем, но веќе умрен писател) и сосема неодамна беше доведен кај Епанчини од жената на „важното старче“. Оваа висока госпоѓа ја биеше глас како покровителка на литерати и научници и, навистина, на еден или на двајца писатели таа успеала дури да им издејствува и

пензии, преку високопоставени лица, кај кои имаше влијание. А пак таа и имаше своевидно значење. Тоа беше дама на околу четириесет и пет години (значи, сосема млада жена за таков старец, каков што беше нејзиниот маж), некогашна убавица, која и сега сакаше; според манијата својствена на многу четириесетипетгодишни дами, прекумерно богато да се облекува; таа не беше со голем ум, а и знаењата од литература ѝ беа мошне сомнителни. Но покровителството на литерати ѝ беше исто таква манија, како и богатото облекување. Нејзе ѝ се посветуваа многу творби и преводи; два-три писатели, со нејзина дозвола, напечатиле свои писма, упатени до неа, за необично важни предмети . . . И ете, целото тоа општество кнезот го прими за највистинска вредност, за чисто злато, без легури. Впрочем, сите овие луѓе беа таа вечер како нарочно, во исто така најпријатно настроение, и сосема задоволни со себеси. Сите тие до еден знаеја дека со својата посета на Епанчини им прават голема чест. Но за жал! кнезот не се сомневаше дека постојат такви префинетости. Тој не се сомневаше, на пример, дека Епанчини, имајќи го предвид толку важниот чекор, како што е решавањето на судбината на нивната ќерка, не би можеле да не го покажат него, кнезот Лав Николаевич, на важното старче, потврдениот покровител на нивното семејство. Важното старче пак, макар што од своја страна сосема спокојно би го поднесол известието дури и за најстрашна несреќа на Епанчини – неопходно би се навредил кога Епанчини би ја свршиле својата ќерка без негов совет и, така да се рече, без да го прашаат. Кнезот Н., тој пријатен, тој неоспорно остроумен и толку чистосрдечен човек, беше крајно убеден дека тој е нешто слично на сонце, појавено таа ноќ во салонот на Епанчини. Тој ги сметаше нив бескрајно пониски од себеси и токму таа простодушна и благородна мисла ја предизвикуваше кај него необично пријатната слобода и дружељубивост токму кон тие исти Епанчини. Тој мошне добро знаеше дека оваа вечер бездруго треба нешто да раскаже, за да го очара друштвото, и се готвеше да го стори тоа дури и со извесно вдахновение. Кнезот Лав

Николаевич, откако го сослуша подоцна неговото раскажување, беше свесен за тоа дека никогаш немаше слушнато ништо слично на овој болскав хумор и таква вчудоневидувачка веселост и наивност, речиси трогнувачка од уста на таков Дон-Жуан, каков што беше кнезот Н. А меѓутоа, да знаеше само тој колку е таа приказна стара и излитена; колку е научена напамет и веќе испарталавена и станата здодевна во сите салони, и само кај наивните Епанчини претставувала новост, ненадејно, искрено и болскаво сеќавање на болскав и прекрасен човек! Најодзади дури и Германецот-поет, макар што се држеше необично љубезно и скромно, и тој дури речиси сметаше дека ѝ прави чест на оваа куќа со својата посета. Но кнезот не ја забележуваше обратнатата страна, тој не ја забележуваше опачината. Оваа неволја Аглаја не ја беше предвидела. Самата таа пак беше вчудовидувачки убава оваа вечер. Сите три госпоѓици беа поднаконтени, иако не премногу богато, и дури некако особено исчешлани. Аглаја седеше крај Евгениј Павлович и необично пријателски разговараше со него и се шегуваше. Евгениј Павлович како да се држеше посолидно одошто другпат, исто така можеби од почит кон големците. Впрочем, тој веќе одамна беше познат во светот; тој таму беше веќе свој човек, иако беше млад. Но оваа вечер тој се појави кај Епанчини со траурна лента на шапката и Белоконска го пофали за таа лента: друг некој светски внук, во слични околности, можеби не би си ставил траурна лента за таков чичко. Лизавета Прокофјевна исто така беше задоволна со тоа но, воопшто, таа се чинеше некако премногу загрижена. Кнезот забележа дека Аглаја дватрипати внимателно го погледна и, се чини, остана задоволна од него. Лека-полека тој стануваше страшно среќен. Претешните негови „фантастични“ мисли и бојазни (по разговорот со Лебедев) му се чинеа сега, кога ненадејно но често се потсетуваше на нив, како сосема неостварлив, невозможен и дури и смешен сон! (И без тоа како прва, иако несвесна желба и наклоност, прећеска и целиот ден, беше – да стори нешто, та да не му поверува на тој сон!) Тој малку говореше

и тоа само одговараше на прашања и, најодзади, замолча, седеше и сѐ слушаше, но видливо се топеше во наслада. Лека-полека и во него се приготви нешто слично на вдахновеност, готова да избувне во прва прилика . . . Тој пак случајно проговори, исто така одговарајќи на прашање и, се чинеше, воопшто немаше некои особени намери . . .

VII

Додека тој со задоволство се загледуваше во Аглаја која весело разговараше со кнезот Н. и Евгениј Павлович, големецот – англоман во години, кој го разонодуваше „важниот старец“ во друг агол раскажувајќи му нешто воодушевено, го изговори името на Николај Андреевич Павлишчев. Кнезот веднаш се сврте кон нив и почна да слуша.

Работата била за денешната состојба и за некои си безредија на спахиските имоти во – ска губернија. Раскажувањето на англоманот мораше да содржи во себе нешто весело, зашто старчето најодзади почна да се смее на зајадливото настроение на раскажувачот. Тој раскажуваше мазно, развлекувајќи ги некако мрзливо зборовите, со нежни акценти на самогласките, зошто тој бил принуден, и тоа од денешна положба, да си го продаде својот прекрасен имот во – ска губернија и дури, без особено да му требаат пари, во пола цена, и во исто време да го зачува уништениот имот, што му носи загуби и кој е во судски процес, и дури и да доплати за него. „За да го избегнам уште и процесот со делот на Павлишчев, јас се откажав од него. Уште едно или две такви наследства и јас ќе бидам уништен. А мене пак таму ми се паѓаше три илјади декари прекрасна земја!“

– Та ете . . . Иван Петрович му е роднина на Николај Андреевич Павлищчев . . . ти бараше, чинам, негови роднини, – му проговори на кнезот полугласно Иван Фјодорович, кој наеднаш се најде крај него и кој го забележа интересот на кнезот кон разговорот. До тоа време тој го занимаваше својот началник-генерал, но веќе одамна ја забележуваше вонредната осаменост на кнезот Лав Николаевич и се загрижи; тој

посака да го воведе до извесни граници во разговор и на тој начин уште еднаш да го покаже и да го претстави на „високите лица“.

– Лав Николаевич е воспитаник на Николај Андреевич Павлишчев, по смртта на неговите родители, – се вмеша тој кога го улови погледот на Иван Петрович.

– Мо-ошне ми е драго, – забележа овој, – и дури мошне добро се сеќавам. Пreѓеска, кога Иван Фјодорович нè запозна, јас веднаш ве познав, и дури по ликот. Вие, вистина да речам, малку сте се измениле на изглед, макар што ве имам видено уште како дете, бевте на десет-единаесет години. Нешто во цртите што потсеќа на . . .

– Сте ме виделе како дете? – го праша кнезот со некаква си необична почуденост.

– О, тоа беше мошне одамна, – продолжи Иван Петрович, – во Златоверхово, каде живеевте кај моите роднини. Јас порано мошне често наминував во Златоверхово, – не се сеќавате на мене? Сосема е можно да не се сеќавате . . . вие боледувавте тогаш од нешто, така што еднаш јас дури се вчудоневидев од вас . . .

– Воопшто не се сеќавам! – врело потврди кнезот.

Уште неколку зборови на појаснување, крајно спокојно од страна на Иван Петрович, и вчудоневидувачки возбудено од страната на кнезот, и се покажа дека двете спаијки, повозрасни девојки, роднините на покојниот Павлишчев, кои живееле во неговиот имот Златоверхово и на кои кнезот им бил оставен на воспитување, биле од своја страна роднини на Иван Петрович. Иван Петрович, исто како и сите, не можеше речиси ништо да објасни за причините поради кои Павлишчев толку се грижел за малечкиот кнез, својот усвоеник. „Јас и заборавив тогаш да го прашам за тоа“, но сепак се покажа дека тој има одлично сеќавање, зашто тој се сеќава дури и колку строга била кон малечкиот воспитаник постарата роднина, Марта Никитишна, „така што јас дури и се скарав еднаш заради вас за системот на воспитувањето, зашто прачки и само прачки за едно болно дете – та тоа е . . . признајте и сами“ . . . и напротив, колку нежна

била кон кутрото момче помладата роднина, Наталија Никитишна ... „Тие обете сега живеат веќе во – ска губернија (не знам само дали се сѐ уште живи?), каде Павлишчев им остави сосема, сосема пристоен малечок имот. Марта Никитишна, чинам, сакаше да појде в манастир; макар што не можам да тврдам; можеби сум чул за некој друг ... да, јас тоа деновиве го чув за докторката ...“

Кнезот го ислуша тоа со очи болскави од восхит и разнеженост. Со необична жар тој изјави од своја страна дека никогаш не ќе си прости на себеси поради тоа што за овие шест месеци на своето патување во внатрешните губернии не нашол можност да ги побара и да ги посети своите некогашни воспитачки. „Секој ден сакав да појдам и постојано бев спречен од околностите ... но сега си го давам зборот ... бездруго ... макар во – ска губернија ... Вие значи ја познавате Наталија Никитишна? Колку прекрасна, колку светла душа! Но и Марта Никитишна ... простете ми, вие, чинам се лажете што се однесува до Марта Никитишна! ... Таа беше строга, но ... зар е можно да не се изгуби трпение ... со таков идиот, каков што бев јас (хи-хи)! Зашто јас тогаш бев сосема идиот, не ми верувате (ха-ха!). Впрочем ... впрочем, вие тогаш сте ме виделе и ... А како тоа јас да не се сеќавам на вас, кажете ми ве молам? Вие сте значи ... ох, господи, та зар е можно навистина да сте роднина на Николај Андреич Павлишчев?“

– Ве-ру-вајте ми, – се насмевна Иван Петрович, гледајќи го внимателно кнезот.

– О, јас не го реков тоа зашто се сомневав ... и, најодзади, зар е можно да се сомнева во тоа (хехе!) ... макар и малку! (Хе-хе!) Но јас поради тоа што покојниот Николај Андреич Павлишчев беше толку прекрасен човек! Највеликодушен човек, навистина, верувајте ми!

Кнезот не се задушуваше, туку така да речеме, „се засркнуваше од разнежено срце“, како што се изрази за ова следниот ден изутрината Аделаида во разговор со својот свршеник, кнезот Ш.

– Ох, господи! – се насмеја Иван Петрович, – та

зошто јас да не можам да му бидам роднина дури и на еден нај-велико-душен човек?

– Ох, господи! – викна кнезот, збркувајќи се, итајќи и воодушевувајќи се сѐ повеќе и повеќе, – јас... јас пак кажав една глупост, но... тоа и требаше да се очекува зашто јас... јас... јас, впрочем, пак ќе згрешам! Та и што значам сега јас, кажете ми ве молам, во споредба со толку високи интереси... толку високи интереси! И во споредба со таков највеликодушен човек, – зашто, жими бога, тој беше највеликодушниот човек, зар не? Зар не е вистина?

Кнезот дури сиот трепереше. Зошто тој така наеднаш се вознемири, зошто дојде во така разнежена восхитеност, сосема онака, од ништо, и би можело дури и да се рече воопшто несразмерно со предметот на разговорот, – тешко можеше да се одговори на тоа. Тој си беше во такво настроение и дури во тој миг би можело да се каже дека чувствуваше кон некого и поради нешто, најврела и чувствителна благодарност, – можеби дури и кон Иван Петрович, а речиси и кон сите гости воопшто. Тој просто се топеше од среќа. Најодзади, Иван Петрович почна да гледа во него повнимателно; веќе мошне внимателно го гледаше и „големецот". Белоконска упати кон кнезот гневен поглед и ги стегна усните. Кнезот Н., Евгениј Павлович, кнезот Ш., девојките – сите го прекинаа разговорот и слушаа. Се чинеше дека Аглаја беше исплашена, а пак Лизавета Прокофјевна занеме. Чудни беа и тие; ќерките и нивната мајчица: токму тие беа претпоставиле и решиле дека ќе биде најдобро кнезот да ја помине целата вечер молчејќи, но штом го видоа в агол, сосема осамен и сосема задоволен со својата судбина, тие веднаш се вознемирија. Александра веќе сакаше да му се приближи и претпазливо, низ целата соба, да го доведе до нивната група, то ест во друштвото на кнезот Н., крај Белоконска. И еве, штотуку кнезот самиот стапи во разговор, тие уште повеќе се вознемирија.

– Дека тоа беше извонреден човек, вие сте во право, – убедливо и веќе без насмевка изговори Иван Петрович, – да, да... тоа беше прекрасен човек! Пре-

красен и достоен за почит, – додаде тој откако помолча. – Достоен дури, така да речам, за секаква почит, – додаде тој уште поубедливо по третата пауза, – и . . . и дури е мошне пријатно да се види од ваша страна . . .

– Ама да не беше тој Павлишчев, кој имал некоја афера . . . некоја чудна . . . со опатот . . . заборавив со кој опат, само тогаш сѐ раскажуваа нешто, – изговори небаре приспомнувајќи се на нешто, „големецот".

– Со опатот Гуро, со езуитот, – му помогна Иван Петрович, – да, ете ги нашите најизвонредни и најдостојни луѓе! Зашто сепак тоа беше човек со имот, камергер и да продолжел да служи . . . И ете, тој ја остава службата и сѐ, за да премине во католичка вера и да стане езуит, и тоа уште речиси отворено, со некакво си одушевување. Навистина добро е што си умре . . . да; тогаш сите зборуваа . . .

Кнезот беше избезумен.

– Павлишчев . . . Павлишчев преминал во католичка вера? Тоа е невозможно! – викна тој ужасено.

– Ех, „невозможно"! – достоинствено промрмори Иван Петрович, – веќе премногу вака да се каже и, признајте и самите, мил мој кнезу . . . Впрочем, вие толку го цените покојниот . . . навистина, тој беше мошне добар човек, на што јас и го припишувам, главно, успехот на тој никаквец Гуро. Но вие мене прашајте ме, мене, колку грижи и мешаници имав јас со таа работа . . . и токму со тој Гуро! Представете си, – му се обрна тој наеднаш на старчето, – тие сакаа дури да постават барања и по однос на тестаментот, и јас дури морав тогаш да прибегнувам кон најенергични, така да речам, мерки . . . Зашто си ја знаат работата! Из-вон-редн-но! Но, сполај му на господа, тоа се случуваше во Москва, јас веднаш кај грофот и ние . . . заедно ги вразумивме . . .

– Не ќе ми поверувате колку ме огорчивте и поразивте со ова! – викна повторно кнезот.

– Жалам; но всушност сето тоа се, така да кажеме, ситници и ситно завршија, како и секогаш; убеден сум во тоа. Минатото лето, – му се обрна тој пак на старчето, – грофицата К. исто така замина во некој католички манастир во странство: нашите некако не

издржуваат, ако еднаш подпаднат под влијание на тие . . . никаквеци . . . особено кога се во странство . . .

– Сето доаѓа, јас мислам, од нашата . . . премаленост, – авторитетно промрмори старчето, – и каков им е манирот на проповедањето . . . елегантен, специјален . . . а умеат и да заплашат. И мене исто, во триесет и втората година, во Виена, ме исплашија, верувајте ми; само јас не се предадов и им побегнав, хаха!

– Јас имам чуено дека ти тогаш, братче, со убавицата грофица Левицка, си побегнал од Виена во Париз, својот пост си го напуштил, а не езуитскиот, – се замеша наеднаш Белоконска.

– Но од езуитот, сепак излегува дека од езуитот! – се сложи старчето смеејќи се од пријатниот спомен, – вие сте, чинам, мошне религиозни, што е толку ретко да се најде сега кај еден млад човек, – милосливо му се обрна тој на кнезот Лав Николаевич, кој слушаше со отворена уста и изгледаше сè уште поразен; старецот изгледа сакаше да го запознае кнезот поблизу; поради некои причини тој почна мошне да се интересира за него.

– Павлишчев беше светол ум и христијанин, вистински христијанин, – изговори наеднаш кнезот, – како можел тој тогаш да ѝ се потчини на една нехристијанска вера? Католицизам – тоа е пак нехристијанска вера! – додаде тој наеднаш блескајќи со очите и гледајќи пред себеси, поминувајќи ги со поглед некако сите одеднаш.

– Е, ова е премногу, – промрмори старчето и почудено го погледна Иван Фјодорович.

– Како мислите тоа, католицизмот да е нехристијанска вера? – се сврте на столот Иван Петрович, – а каква е тогаш?

– Пред сè тоа не е христијанска вера! – необично возбуден и нечекано остро проговори пак кнезот, – тоа е прво, а второ, римскиот католицизам е дури полош и од самиот атеизам, така мислам јас! Да, така мислам јас! Атеизмот проповеда само нула, а католицизмот оди понатаму: тој го проповеда искривоколчениот Христос, од него оскрнавен и измамен, спротивен

Христос! Тој го проповеда антихристот, ви се колнам, верувајте ми! Ова е лично мое и дамнешно убедување, и тоа мене самиот ме има измачено... Римскиот католицизам верува дека без државна власт над целиот свет црквата не ќе може да опстане на земјата и вика: Non possumus!* Според мене, римскиот католицизам не е дури ни религија, туку вистинско продолжување на Западното Римско царство, и во него сѐ е потчинето на таа мисла, почнувајќи од религијата. Папата грабна земја, земен престол и го зеде мечот; оттогаш сѐ така и оди, само што кон мечот е додадена измамата, подмолноста, фанатизмот, суеверието, злосторството; тие се поигрувaa со најсветите, највистинските, најпростодушните, пламени чувства на народот, сѐ, сѐ имаат заменето за парите, за ниската земна власт. И зар не е тоа антихристово учење?! Како можеше да не потекне од нив атеизмот? Атеизмот од нив потекна, од самиот римски католицизам! Атеизмот, пред сѐ, од нив самите почнува: зар можеле тие да си веруваат на себеси? Тој се зацврсти од одвратноста кон нив; тој е рожба на нивната измама и духовна немоќ! Атеизам! Кај нас не веруваат уште само особени слоеви, како што прекрасно се изрази преѓеска Евгениј Павлович, само оние кои го изгубиле коренот; а таму, во Европа, веќе огромни маси на самиот народ престануваат да веруваат, – порано од незнаење и од лага, а сега веќе од фанатизам, од омраза кон црквата и кон христијанството.

Кнезот запре да поземе здив. Тој страшно брзо говореше. Тој беше блед и се задишуваше. Сите изменуваа погледи; но, најодзади, старчето искрено се насмеа. Кнезот Н. ги извади цвикерите и внимателно го разгледуваше кнезот. Поетот-Германец се извлечка од аголот и ѝ се приближи на масата насменувајќи се со злокобна насмевка.

– Вие мошне пре-уве-личувате, – развлечка Иван Петрович со извесна јадосаност и небаре потплашувајќи се од нешто, – во тамошната црква исто така

* Не можеме (Од латински)

има претставници кои се добродетелни и достојни за секаква почит . . .

– Јас никогаш и не сум зборувал за поединечните претставници на црквата. Јас зборував за римскиот католицизам во неговата суштина, јас говорам за Рим. Зар може црквата сосема да исчезне? Јас никогаш не сум го говорел тоа!

– Се сложувам, но сето ова е познато и дури е излишно и . . . ѝ припаѓа на теологијата . . .

– О не, о не! Не само на теологијата, верувајте ми, дека не само на неа! Тоа мошне поблизу се однесува и до нас, одошто мислите вие. Во тоа е и целата наша грешка, што ние не можеме да согледаме дека работата не е исклучиво теолошка! Зашто и социјализмот е рожба на католицизмот и на католичката суштина! И тој, како и неговиот брат атеизмот, произлезе од очајанието, како спротивност на католицизмот во морална смисла, за да ја замени загубената морална власт на религијата, за да ја задоволи духовната жед на жедното човештво и да го спаси не со Христос, туку со насилство! И тоа е слобода преку насилство, и тоа е обединување преку мечот и крвта! „Не верувај во бога, немај лична сопственост, немај личност, fraternité ou la mort*, два милиона глави! По нивните дела вие ќе ги препознаете нив – тоа е веќе кажано! И не мислете дека тоа може да биде толку невино и неопасно за нас; о, нам ни е нужен отпор, и тоа побрзо, побрзо! Потребно е да блесне како отпор на Западот, нашиот Христос, кој го имаме зачувано, а кој тие никогаш не го ни запознале! Не со ропското фаќање на јадицата на езуитите, туку носејќи им ја нашата руска цивилизација, ние треба сега да застанеме пред нив, и нека не се зборува кај нас дека нивната пропoвед е елегантна, како што пред малку некој кажа . . .

– Но дозволете, та дозволете, – ужасно се возбуди Иван Петрович, обѕирајќи се наоколу и дури почнувајќи сериозно да се плаши, – сите ваши мисли, се разбира, се достојни за пофалба и се полни со па-

* Братство или смрт (Од француски)

триотизам, но сето ова во најголем степен е преувеличено и ... дури би било подобро да го оставиме тоа ...

– Не, не е преувеличено, поскоро е смалено: токму така – смалено е, зашто јас не сум во состојба да се изразам, но ...

– Та дозволете!

Кнезот замолча. Тој седеше исправен на столот, неподвижно и со пламенен поглед го гледаше Иван Петрович.

– Мене ми се чини дека вас премногу ве поразила случката со вашиот добродетел, – љубезно и не губејќи го спокојството, забележа старчето, – вие сте возбудени ... можеби од осаменоста. Да сте живееле повеќе со луѓето, а во друштвото, јас се надевам, ќе бидете примени со радост, како еден извонреден младич, се разбира, тогаш ќе го смирите своето одушевување и ќе видите дека сето ова е мошне поедноставно ... и дека одозгора, таквите ретки случаи ... стануваат, според мене, делумно од нашата презаситеност, а делумно и од ... здодевноста ...

– Тоа е имено, имено така, – викна кнезот, – прекрасна мисла! Имено од „здодевноста, од нашата здодевност", не од заситеноста, туку напротив, од жедта ... не од пресітеноста, во тоа погрешивте! Не само од жедта, туку дури и од воспаление, од најврела жед! И ... и не помислувајте дека тоа е само толку мала појава, што можеме да се насмееме; проштевајте, но треба да умееме да насетуваме! Нашите штом допрат до брегот, штом поверуваат дека е тоа брег, така ќе му се израдуваат, што веднаш стигнуваат до последните столбови; зошто е тоа така? Вие еве му се чудите на Павлишчев, вие сето тоа му го припишувате на неговото споулавување или на добрината, но тоа не е така! И не само нас, туку целата Европа ја почудува, во таквите случаи, нашата руска страсност: кај нас штом премине некој во католицизмот, бездруго ќе стане езуит, и тоа од оние најмрачните; штом ќе стане атеист, веднаш ќе почне да бара искоренување на религијата со насилство, то ест, значи со меч! Зошто е тоа така, од каде веднаш таква избезуменост? Зар не знаете? Поради тоа што си нашол татковина,

која тука не можеше да ја најде, и се израдувал; брегот, земјата ја нашол и се втрурнал да ја бакнува! Не е тоа само од честољубие, зашто не потекнуваат баш сите руски атеисти само од ниските, честољубиви чувства, и руските езуити, туку од духовната болка, од духовната жед, од носталгија по повисоко дело, по цврстиот брег, по татковина, во која престанале да веруваат, зашто никогаш не ја имаат запознаето! А пак на рускиот човек му е толку лесно да стане атеист, полесно од сите други на целиот свет! И нашите не стануваат само атеисти, туку неопходно ќе се занесат со атеизмот, како со нова вера, воопшто и не забележувајќи дека поверувале во нулата. Таква е нашата жед! „Кој почва под себеси нема, тој и господа го нема". Ова не сум го рекол јас. Тоа го рече еден трговец од староверците, со кој се сретнав кога патував. Тој, навистина, не се изрази така, тој рече: „Кој од родената земја се откажал, тој и од господа се откажал". Та кога само ќе си помислиме дека кај нас и најобразованите луѓе се впуштале дури и во хлистовшчина* ... А и со што е, впрочем, полоша хлистовшчината од нихилизмот, езуитизмот, атеизмот? Таа дури, е можеби, и подлабока! Но ете до каде стигнува носталгијата! ... Откријте им го на жедните и трескавични сопатници на Колумбо брегот на „Новиот Свет", откријте му го на рускиот човек рускиот „Свет", дозволете му да го пронајде тоа злато, тоа богатство, сокриено од него во земјата! Покажете му ја во иднина обновата на целото човештво и неговото воскресение, можеби само со една руска мисла, со рускиот бог и Христос, и ќе видите, каков исполин, силен и вистинољубив, мудар и кроток ќе никне пред стаписаниот свет, стаписаниот и исплашениот, зашто тие го чекаат од нас само мечот, меч и насилство, зашто тие не можат ни да си претстават, судејќи според себеси, дека сме без варварство. И така беше досега, и така ќе биде колку понатаму, толку повеќе! И...

* Верска секта (Заб. на прев.)

Но тогаш се случи еден настан и говорот на ораторот се прекина на најнечекан начин.

Целата оваа врела тирада, сета оваа поплава на страсни и возбудени зборови и восхитени мисли, кои како да се тласкаа во некаква мешаница, кои прескокнуваа една преку друга, сето тоа навестуваше нешто опасно, нешто особено во настроението на така ненадејно избувнатиот, навидум од ништо, младич. Од присутните во салонот сите кои го познаваа кнезот бојазливо, (а понекои и со срам) се чудеа на неговиот истап, кој беше толку различен од неговата секогашна и дури бојазлива воздржаност, од неговиот редок и особен такт, а напати и од неговото инстинктивно сетило на највисока пристојност. Никој не можеше да разбере од каде потекнува тоа: та не можела веста за Павлишчев да биде причина за тоа. Во катот каде седеа, дамите гледаа во него како на споулавен, а Белоконска подоцна призна дека „уште миг, и таа веќе сакаше да побегне". „Старчињата" речиси беа изгубени од првото вчудовидување; старчето-генералот незадоволно и строго гледаше од својот стол. Инженерот-полковник седеше сосема неподвижен. Германецот дури пребледе, но сѐ уште се насмевнуваше со својата неприродна насмевка, гледајќи ги другите: што ќе речат на ова другите? Впрочем, сето тоа и „сиот скандал" можеше да биде разрешен на најобичен начин, можеби дури и по еден миг; отпрвин зачуден, но дојден на себеси попрво од другите, Иван Фјодорович веќе неколкупати се обиде да го запре кнезот; кога не успеа, тој се пробиваше сега накај него со тврда и одлучна цел. Уште еден миг, и ако се јавеше навистина потреба, тој ќе се решеше пријателски да го изведе кнезот, извинувајќи го со неговата болест, што, можеби, и навистина беше потребно, и во што Иван Фјодорович во себеси сосема веруваше... Но работата се сврте на друг начин.

Уште во почетокот, штотуку кнезот влезе во салонот, тој седна колку што можеше подалеку од кинеската вазна, со која го беше исплашила Аглаја. Можеше ли да се поверува дека по вчерашните зборови на Аглаја во него се беше вселило некакво си неи-

збришливо убедување, некакво си неверојатно и невозможно насетување, дека тој неопходно уште утре ќе ја скрши вазната, колку и да е далеку од неа, колку и да ја одбегнува неволјата! Но тоа така и се случи. Во текот на вечерта, другите силни но светли впечатоци почнаа да му ја преплавуваат душата; ние веќе говоревме за тоа. Тој го заборави своето насетување. Кога слушна за Павлишчев, и кога Иван Фјодорович го доведе и одново му го претстави на Иван Петрович, тој седна поблиску до масата и тоа токму во фотелјата што беше покрај една огромна, прекрасна кинеска вазна, која стоеше на пиедестал речиси веднаш крај неговиот лакот, малку одзади.

Кај своите последни зборови тој наеднаш се крена од местото, невнимателно замавна со раката, направи некакво движење со рамото и . . . се слушна повик од сите грла! Вазната се заниша, отпрвин небаре во дилема: дали да падне на глава на некој од старците, но наеднаш се наведна на спротивната страна, кон Германецот кој одвај стигна ужасено да се тргне настрана, и се урна наземи. Грмеж, викотници, скапоцените парчиња растурени по ќилимот, уплав, вчудоневидување – о, како се почувствува кнезот, тешко е, та дури и непотребно да се опишува! Но не можеме да не спомнеме за едно чудно чувство, кое го порази токму во истиот миг и кое наеднаш јасно испакна меѓу толпата матни и чудни чувства: не срам, не скандал, не страв, не ненадејност, најмногу не го поразија, туку оствареното пророштво! Што имено имало во таа мисла толку стаписувачко, тој ни самиот не би можел да си објасни; тој само чувствуваше дека е стаписан длабоко во срцето, и стоеше небаре во мистичен страв. Уште еден миг и небаре се рашири пред него, место ужас – светлина и радост, восхитување; почна да се задушува и . . . но мигот мина. Сполај му на господа, тоа не беше она! Тој длабоко воздивна и погледна наоколу.

Тој долго небаре не ја разбираше мешаницата што вриеше околу него, то ест сето тоа прекрасно го разбираше и сè гледаше, но стоеше како некој друг човек, кој не учествуваше во ништо и кој, како не-

видлив човек од приказна, се проврел во собата и ги набљудува туѓите, но интересни за него, луѓе. Тој гледаше како се собираа скршените парчиња, ги слушаше брзите разговори, ја гледаше Аглаја бледа, која чудно го гледаше него, мошне чудно: во нејзините очи воопшто немаше омраза, немаше ниту капка лутина; таа го гледаше со исплашен, но толку симпатичен поглед, а другите со толку светол поглед . . . што срцето наеднаш слатко му премре. Најодзади тој виде необично вчудоневиден дека сите седнаа и дека дури и се смеат, небаре се немаше ништо случено! Уште еден миг и смеата се зголеми: сега веќе се смееја пријателски гледајќи го него, неговата вџашена занеменост, но се смееја пријателски, весело; многумина му проговорија нему и говореа толку љубезно, а на чело на сите Лизавета Прокофјевна: таа говореше смеејќи се нешто мошне добродушно. Наеднаш тој почувствува дека Иван Фјодорович пријателски го тупка по рамо; Иван Петрович исто така се смееше; но уште подобар, уште попривлечен и посимпатичен беше старецот; тој го зеде кнезот за рака и, лесно стегнувајќи му ја, лесно удирајќи ја со дланката на другата рака, го наговоруваше да си дојде на себеси, небаре малечко исплашено момче, што страшно му се допадна на кнезот, и, најодзади, го седна веднаш крај себеси. Кнезот се загледуваше во неговото лице и сè уште којзнае зошто не можеше да присобере сили да проговори нешто, се задишуваше; лицето на старецот толку му се допаѓаше.

– Како, – промрмори тој најпосле, – вие навистина ми проштевате? И . . . вие, Лизавета Прокофјевна?

Смеата се засили; во очите на кнезот се појавија солзи; тој не си веруваше на себеси и беше маѓепсан.

– Вазната, се разбира, беше прекрасна. Јас ја паметам тука веќе петнаесетина години да . . . петнаесетина . . . – проговори Иван Петрович.

– Голема работа! И на човекот му доаѓа крајот, а тука за еден глинен ќуп! – гласно рече Лизавета Прокофјевна, – зар навистина толку си се исплашил, Лав

Николаевич? – дури со извесна бојазан додаде таа, – доста е, братче, доста; ти навистина ме загрижуваш.

– И сè ми проштевате? Сè друго, покрај вазната? – кнезот веќе се крена ненадејно од местото, но старецот веднаш го повлече за рака. Тој не сакаше да го испушти.

– C'est trés curieux et c'est trés sérieux!* – му шепна тој преку маса на Иван Петрович но, впрочем, прилично гласно; кнезот можеби и чул.

– Јас значи никого не сум навредил? Не ќе ми верувате колку сум среќен од таа мисла; но така и мораше да биде! Зар сум можел јас некого тука да навредам? Јас пак ќе ве навредам, ако помислам така.

– Смирете се, пријателу мој, вие претерувате. И вие воопшто немате зошто да заблагодарувате; тоа ви е прекрасно чувство, но е претерано.

– Јас не ви благодарам, јас само . . . се восхитувам со вас, јас сум среќен гледајќи ве вас; јас можеби глупо говорам, но јас морам да говорам, да објаснувам . . . дури и од почит кон самиот себе.

Сè во него беше нагло, магловито и трескавично; сосема е веројатно дека зборовите кои ги изговараше често не биле оние кои сакал да ги каже. Со поглед тој небаре прашуваше: смее ли да зборува? Неговиот поглед падна врз Белоконска.

– Ништо, миличок, продолжи, продолжи, само не задишувај се, – забележа таа, – ти и преѓеска почна со губење здив и еве каде стигна; а да говориш не плаши се; господата тука и почудни од тебе имаат видено, нема да ги вчудовидиш, а ти одозгора и не си којзнае колку мудар, само вазата ја скрши па нè исплаши.

Кнезот ја ислуша насмевнувајќи се.

– Тоа значи вие, – му се обрна тој наеднаш на старчето, – та тоа вие значи пред три месеци сте го спасиле студентот Поткумов и чиновникот Швабрин од прогонство?

Старчето дури и се вцрве малку и промрмори дека треба да се смири.

* Тоа е мошне интересно и мошне сериозно. (Од француски)

– За вас значи имам чуено, – му се обрна тој веднаш на Иван Петрович, – дека во – ска губернија на селаните што пострадале од пожар, кои биле веќе ослободени и кои ви имале сторено непријатности, сте им дале бесплатно дрвен материјал да си ги подигнат куќите?

– Ех, тоа е пре-те-рување, – промрмори Иван Петрович, кој впрочем пријатно се подисправи; но овојпат тој беше сосема во право дека е тоа „претерување“: тоа беше само неточен глас кој стигнал до кнезот.

– А вие, кнегињо, – ѝ се обрна тој ненадејно на Белоконска со светла насмевка, – зар не бевте тоа вие која пред половина година во Москва сте ме примиле како роден син, со писмото на Лизавета Прокофјевна, и која навистина, како на роден син сте ми дале еден совет кој јас никогаш не ќе го заборавам. Паметите ли?

– Што си се затрчал толку? – јадосано проговори Белоконска, – ти си добар човек, но си смешен: два гроша ќе ти дадат, а ти заблагодаруваш небаре животот ти го спасиле. Ти мислиш дека е тоа достојно за пофалба, а тоа е одвратно.

Таа веќе сосема се разлути, но наеднаш се насмеа и овојпат со добродушна смеа. Светна и лицето на Лизавета Прокофјевна; се разведри и Иван Фјодорович.

– Јас ви говорев дека Лав Николаевич е човек . . . човек . . . со еден збор, само ете кога не би го губел здивот, како што забележа кнегињата . . . – промрмори генералот во радосен занес, повторувајќи ги зборовите на Белоконска кои го поразија.

Само Аглаја беше некако тажна; но нејзиното лице сè уште пламтеше, можеби и од негодување.

– Тој навистина е мошне мил, – му промрмори пак старецот на Иван Петрович.

– Јас влегов тука со мака на срце, – продолжуваше кнезот, постојано во некоја збунетост која се зголемуваше сè побрзо и побрзо, сè почудно и поодушевено, – јас . . . јас се плашев од вас, се плашев и од себеси. Најмногу од себеси. Враќајќи се ваму, во Пе-

тербург, јас си дадов ветување неопходно да ги видам нашите први луѓе, старите, исконските, на кои и самиот им припаѓам, меѓу кои сум и самиот прв по својот род. Зашто јас сега седам со исто такви кнезови, каков што сум и самиот, зар не? Јас сакав да ве запознам, и тоа ми беше потребно, мошне ми беше потребно! . . . Јас секогаш слушав за вас премногу лоши работи, повеќе одошто добри, за дребнавоста на вашите интереси, за заостанатоста, за плиткоста на образованието, за смешните навики, – о, та толку многу нешта се пишуваат за вас и се говорат! Со љубопитност јас доаѓав денес ваму, со збунетост: дали навистина овој горен слој на руските луѓе е веќе за никаде, си го одживаел векот, и му пресушил исконскиот живот и дека бил само способен да умре, но сè уште во ситна завидлива борба со луѓето . . . од иднината, пречејќи им, не забележувајќи дека самиот умира? Јас и порано не му верував сосема на тоа мислење, зашто кај нас и сме немале никогаш највисок, сталеж, освен можеби во дворецот, бирократскиот или . . . по некоја случајност, а сега веќе воопшто го нема, зар не е така?

– Е ова воопшто не е така, – злобно се насмеа Иван Павлович.

– Еве го, пак забаботе! – не се стрпи и проговори Белоконска.

– Laissez le dire*, тој сиот трепери, – ја предупреди пак старецот полугласно.

Кнезот веќе сосема беше занесен.

– И што? Јас видов елегантни луѓе, простодушни, умни; јас видов старец кој е милозлив и кој е способен да сослуша младич, каков што сум јас; гледа луѓе способни да разбираат и да проштеваат, руски луѓе, добри, речиси исто онака добри и срдечни, какви што имав сретнато таму, речиси не полоши. Просудете сами колку бев радосно почуден! О, дозволете ми да го искажам тоа! Јас многу нешта имам чуено и самиот сосема верував дека во високото друштво е сè манир, сè излитена формалност, а дека суштината

* Пуштете го да зборува. (Од француски)

пресушила; но еве јас самиот сега гледам дека кај нас тоа е невозможно; тоа може некаде, но не кај нас. Зар е можно сите вие сега да сте измамници и езуити? Јас слушав како прегеска раскажуваше кнезот Н. и зар тоа не е простодушно, вдахновен хумор, зар тоа не е највистинска добродушност? Зар такви зборови можат да излегуваат од устата на човек . . . мртов, со исушено срце и пресушен талент? Зар мртовци би можеле да се однесуваат со мене, како што се однесовте вие? Зар тоа не е материјал . . . за иднината, за надежите? Зар таквите луѓе можат да не разбираат и да заостанат?

– Уште еднаш ве молам, смирете се, мил мој, за сево ова другпат ќе поразговараме, и јас со задоволство . . . – се насмевна „големецот“.

Иван Петрович се накашла и се сврте во својата фотелја; Иван Фјодорович се раздвижи; началникот-генерал разговараше со сопругата на големецот не обрнувајќи повеќе нималку внимание на кнезот; но сопругата на големецот често се вслушкуваше и го погледнуваше.

– Не, знаете ли, ќе биде подобро да говорам! – со нов трескавичен полет продолжи кнезот, некако особено доверливо и дури и конфиденцијално обрнувајќи му се на старчето. – Вчера, Аглаја Ивановна ми забрани да говорам и дури ми ги кажа темите за кои не смее да се говори; таа знае дека сум смешен кога говорам за нив! Веќе ми е дваесет и седма година, но јас знам дека сум како дете. Јас немам право да си ја изразувам својата мисла, јас тоа одамна го говорев; јас само во Москва, со Рогожин разговарав отворено . . . Ние со него го читавме Пушкин, целиот го прочитавме; тој ништо не знаеше, дури ни името на Пушкин . . . Јас секогаш се плашам со мојот смешен изглед да ја искомпромитирам мислата и главната идеја. Јас го немам неопходното држење. Јас секогаш го имам спротивното држење, а тоа предизвикува смеа и ја понижува идејата. Чувството за мерка исто така го немам, а тоа е главното; тоа дури е и најглавното . . . Јас знам дека е подобро да си седам и да си молчам. Кога ќе се стегнам и ќе замолчам, јас изгле-

дам дури и мошне мудар, а одозгора и размислувам. Но сега ми е подобро да говорам. Јас затоа и почнав да говорам зашто вие толку прекрасно ме гледате мене; вие имате прекрасно лице! Јас вчера на Аглаја Ивановна ѝ дадов збор дека целата вечер ќе молчам.

– Vraiment* – се насмевна старчето.

– Но напати мислам дека не сум во право што мислам така: та нели искреноста вреди колку и дружењето, зар не е така? Зар не е така?

– Напати.

– Јас сакам да објаснам сѐ, сѐ, сѐ! О, да! Вие мислите дека сум јас утопист? Идеолог? О не, кај мене се, жими бога, сѐ толку прости мисли . . . Не ми верувате? Вие се насмевнувате? Знаете дека сум јас напати подмолен, зашто ја губам верата; прегеска си одев наваму и си мислев: „И како ќе проговорам со нив? Со кој збор треба да се почне та тие макар нешто да разберат?" Колку се плашев, но за вас јас повеќе се плашев, страшно, страшно! А меѓутоа, смеев ли јас да се плашам, зар не беше срамно да се плашам? Што од тоа што на еден напреден има таква бездна, заостанати и лоши? Во тоа е сега и радоста моја, што сум јас сега убеден дека тоа воопшто не е бездна туку дека сето ова е жив материјал! Не треба да се збунуваме ни поради тоа што сме смешни, зар не? Зашто навистина е така, ние сме смешни, ветерничави, здодевно ни е, не умееме да гледаме, не умееме да разбираме, зашто сме сите такви, сите, и вие, и јас, и тие! Зашто вие, еве, нема да се лутите што в очи ви велам дека сте смешни? А ако е тоа така, зар тоа тогаш не е материјал? Знаете ли, според мене, да се биде смешен напати е дури и добро, дури и е подобро: поскоро може да се прости еден на друг, поскоро и да се помири; та не може сѐ наеднаш да се сфати, не може да се почнува директно од совршенството! За да се достигне совршенство, отпрвин треба многу нешта да не се разбираат! А ако мошне брзо ги разбереме, може и да не разбереме добро. Јас ова вам ви го велам, вам, кој веќе толку многу научи да разбира и . . . да не ра-

* Навистина? (Од француски)

збере. Јас сега не се плашам за вас; та вие нели не се лутите што такви зборови ви говори вакво момче? Вие се смеете, Иван Петрович? Вие мислите: јас за о н и е сум се плашел, дека јас сум н и в е н адвокат, демократ, оратор на еднаквоста? – се насмеја тој хистерично (тој секој миг се смееше со кратка и восхитена смеа). – Јас се плашам за вас, за сите вас и за сите нас заедно. Зашто и јас сум исконски кнез и меѓу кнезови седам. Јас за да нè спасат сите нас говорам, за да не исчезне залудно сталежот, потамина, не досетувајќи се на ништо, карајќи се за сè и губејќи се. Зошто да исчезнуваме и да го отстапуваме местото на други, кога можеме да останеме на чело и како старешини? Ако бидеме на чело, ќе бидеме и старешини. Ќе станеме слуги, за да бидеме старешини.

Тој постојано се силеше да се крене од фотелјата, но старчето сè го задржуваше, гледајќи го со вознемиреност која постојано се засилуваше.

– Слушајте! Јас знам дека е неубаво да се говори: подобро е просто, на пример, просто да се почне . . . јас веќе почнав . . . и – и зар е навистина можно да се биде несреќен? О, што значи мојата неволја и мојата несреќа, ако сум во состојба да бидам среќен? Знаете ли, јас не разбирам како може да се минува крај дрво и да не се биде среќен што го гледаш? Да се разговара со човек и да не се биде среќен што го љубиш! О, јас само не умеам да искажам . . . а колку има на секој чекор толку прекрасни нешта, кои дури и најизгубениот човек може да ги смета за прекрасни? Погледајте го детето, погледајте го божјето изгреј-сонце, погледајте ја тревката како расте, погледајте в очи кои ве гледаат и ве љубат . . .

Тој веќе одамна стоеше говорејќи. Старчето веќе исплашено го гледаше него. Лизавета Прокофјевна викна: „Ох, господи!", погодувајќи пред сите и плесна со рацете. Аглаја брзо дотрча до него, стигна да го потпре со своите раце и со ужас, со изнакажено лице од болка, таа го слушна дивиот крик на „духот кој го потресе и собори" несреќникот. Болниот лежеше на килимот. Некој поита да му намести перница под глава.

Ова никој не го чекаше. По четврт час кнезот Н., Евгениј Павлович, старчето се обидоа пак да го оживат приемот, но по уште половина час сите веќе се разотидоа. Беа искажани многу зборови на сочувство, многу натаженост, неколку мислења. Иван Петрович се изрази, меѓу другото, дека младичот бил „словенофил или нешто слично, но дека, впрочем, тоа не било опасно". Старчето ништо не изјави. Навистина, веќе на другиот и третиот ден сите малку се подналутија; Иван Петрович дури и се навреди, но малку. Началникот-генерал извесно време беше малку студен со Иван Фјодорович. „Покровителот" на семејството, големецот, исто така промрмори нешто од своја страна како поука на таткото на семејството, при што ласкаво се изрази дека мошне, мошне се интересира за судбината на Аглаја. Тој беше и навистина човек со извесна добрина; но меѓу причините за неговата љубопитност во однос на кнезот, во текот на вечерта, беше и дамнешниот заплет на кнезот со Настасја Филиповна; за тој заплет тој имал по нешто чуено и дури мошне се интересираше, би сакал дури и да се пораспраша малку.

Белоконска, заминувајќи од приемот, ѝ рече на Лизавета Прокофјевна:

– Што да ти речам, и добар е и не е добар, а ако го бараш моето мислење, тогаш е повеќе недобар. Самата гледаш каков човек е, болен човек!

Лизавета Прокофјевна конечно во себе одлучи дека младожеңецот бил „невозможен", и преку ноќта си даде збор дека „додека е таа жива, кнезот не ќе ѝ стане маж на Аглаја". Со тоа и стана изутрината. Но изутрината пак, уште во околу еден часот, за време на појадокот, таа западна во вчудоневидувачка противречност на самата себеси.

На едно, впрочем необично претпазливо, прашање на сестрите, Аглаја наеднаш студено одговори, но со гордост, небаре пресече:

– Јас никогаш му немам дадено збор, никогаш во животот не го имам сметано за мој свршеник. Тој ми е исто така туѓ човек како и секој друг.

Лизавета Прокофјевна наеднаш избувна.

– Ова не го очекував од тебе, – проговори таа со горчина, – тој си е невозможен младоженец, го знам тоа, и сполај му на господа што така излезе; но од тебе јас не чекав такви зборови! Јас мислев дека друго ќе слушнам од тебе. Јас сите оние вчерашни би можела да ги изгонам, а него би го оставила, ете каков човек е тој! . . .

Притоа таа наеднаш запре, исплашена и самата од она што го кажа. Но само да знаеше таа колку беше неправедлива кон својата ќерка? Во главата на Аглаја веќе сè беше одлучено; таа го чекаше својот час кој требаше сè да реши, и секое навестување, секое непретпазливо допирање како длабока рана ѝ го кинеа срцето.

VIII

И за кнезот оваа изутрина почна под влијание на тешки насетувања; тие можеа да се објаснат со болната состојба, но тој беше мошне неопределено тажен и тоа му беше најмачно од сè. Навистина, пред него беа светли факти, тешки и болни, но неговата тага навлегуваше подлабоко од сè за што се сеќаваше и што почнуваше да разбира; тој сфати дека не ќе може да се смири самиот себе. Лека-полека, во него се всади чекање дека уште денес ќе му се случи нешто особено и конечно. Нападот кој му се случи вчеравечер беше од полесните; освен хипохондрија, извесна тежина во главата и бол во зглобовите, тој не чувствуваше никакво друго растројство. Главата му работеше прилично јасно, макар што душата му беше болна. Стана тој прилично доцна и веднаш јасно се сети на вчерашната вечер; макар и не сосема јасно, но сепак се сети и за тоа како по половина час по нападот го донесле дома. Тој дозна дека веќе се беше јавил човек испратен од Епанчини да се распраша за неговото здравје. Во единаесет и пол се појави и друг, тоа му беше пријатно. Вера Лебедева меѓу првите дојде да го посети и да му се најде за нешто. Првиот миг штом го виде, таа наеднаш заплака, но кога кне-

зот веднаш ја успокои, – таа се насмеа. Него некако нечекано го порази силното сочувство кон него на оваа девојка; тој ѝ ја грабна раката и ја бакна. Таа се вжари.

– Ох, што ви е, што ви е! – викна таа исплашено, одземајќи ја брзо раката.

Таа брзо замина некако збунета. Меѓу другото, таа стигна да му раскаже дека нејзиниот татко денес, уште в сами зори, отрчал кај „покојникот“, како што го викаше тој генералот, да дознае да не умрел преку ноќта, и дека се зборувало дека сигурно наскоро ќе умре. На кај дванаесет часот се појави дома и кај кнезот самиот Лебедев, но само, „за миг, да се распраша за драгоценото здравје“ и т.н., и освен тоа да ѕирне во „долапчето“. Тој не кажа ништо, освен што офкаше и лелекаше, и кнезот брзо го замоли да го напушти, но сепак овој се обиде да го праша за вчерашниот напад, макар што се гледаше дека тој сето тоа веќе го знае во детали. По него дотрча Коља, исто така само за миг; овој навистина иташе и беше силно и тажно загрижен. Тој почна од тоа што директно и настојувачки го замоли кнезот да му разјасни сѐ што се криваше од него, изјавувајќи дека веќе речиси сѐ дознал уште вчера. Тој беше силно и длабоко потресен.

Со сето можно сочувство, за кое само беше способен, кнезот му ја раскажа целата работа, предавајќи му ги фактите во најголема точност и го порази кутрото момче како со гром. Овој не можеше да изговори ниту збор и молчејќи заплака. Кнезот почувствува дека ова беше еден од оние впечатоци, кои остануваат засекогаш и претставуваат пресвртница во животот на младичот за вечни времиња. Тој поита да му го пренесе својот поглед на работата, додавајќи дека, според неговото мислење, можеби и до смртта на старецот дошло, главно, од ужасеноста која останала во неговото срце по престапот, и дека за тоа не бил секој способен. Очите на Коља светнаа кога го ислуша кнезот.

– Гадни се и Гањка, и Варја, и Птицин! Јас нема да се карам со нив, но нам ни се различни патиштата

од овој миг! Ох, кнезу, од вчера јас многу нови работи почувствував; тоа нека ми биде лекција! И мама јас сега ја сметам дека е директно на мои раце; макар што кај Варја си е обезбедена, но сето она не е вистинското . . .

Тој срипа кога се сети дека го чекаат, набрзина праша за состојбата на здравјето на кнезот и, откако го сослуша неговиот одговор, наеднаш набрзина додаде:

– Нема ли уште нешто? Јас слушав вчера . . . (впрочем, јас немам право), но ако некогаш ви потреба за нешто верен слуга, тогаш тој е пред вас. Се чини, ние и обајцата не сме сосема среќни, зар не е така? Но . . . јас не се распрашувам, не се распрашувам . . .

Тој замина, а кнезот уште повеќе се замисли: сите навестуваат несреќа, сите веќе изведоа заклучоци, сите гледаат така небаре нешто знаат, и тоа нешто такво, кое тој не го знае; Лебедев испитува, Коља директно навестува, а Вера плаче. Најпосле, тој јадосано мавна со рака: „Проклета да биде болната сомничавост", – помисли тој. Лицето му се разведри кога, веќе по еден часот, тој ги виде Епанчини како доаѓаат да го посетат, „само за една минута". Овие навистина влегоа само за една „минута". Лизавета Прокофјевна, кога го заврши појадокот, изјави дека ќе појдат во прошетка уште веднаш и тоа сите заедно. Изјавата беше дадена во форма на заповед, кратко, суво и без објаснувања. Сите излегоа, то ест, мајчицата, девојките, кнезот Ш., Лизавета Прокофјевна се упати директно во насоката спротивна од онаа во која секојдневно се упатуваа. Сите разбираа во што е работата и сите молчеа, плашејќи се да не ја налутат мајчицата, а таа, небаре се плашеше од префрлање и спротивставување, одеше напред пред сите, без да се обѕирнува. Најпосле, Аделаида забележа дека на прошетка не било потребно вака да се трча и дека никој не можел да ја стигне мајчицата.

– Ете што, – се сврте ненадејно Лизавета Прокофјевна, – ние сега минуваме крај него. Што и да помисли Аглаја и што и да се случи после, туку тој нам не ни е туѓинец, а сега е уште одозгора и несреќен и болен;

што се однесува до мене, јас ќе наминам да го посетам. Кој сака нека дојде со мене, кој не сака – прав му е патот; никој не го држи.

Се разбира, сите дојдоа. Кнезот, како што и требаше, поита уште еднаш да побара прошка за вчерашната вазна и . . . за скандалот.

– Не е тоа ништо, – одговори Лизавета Прокофјевна, – не ми е жал за вазната, за тебе ми е жал. Значи, сега и самиот забележуваш дека имало скандал: ете што значи „а другата изутрина . . .", но и тоа не е ништо, зашто сега секој гледа дека нема што да бара од тебе. Е, до гледање, сега; ако имаш сили, прошетај се и поспиј си пак – тоа е мојот совет. А ако ти падне на ум, повели како и порано; биди убеден еднаш засекогаш, што и да се случи, што и да се појави, дека ти секогаш ќе останеш пријател на нашата куќа: во најмала рака мој. Макар за себеси можам да дадам одговор . . .

На предизвикот одговорија сите и ги потврдија чувствата на мајчицата. Тие заминаа, но во тоа простодушно итање да се каже нешто љубезно и одобрувачко се скриваше многу жестокост, за што не се ни сети Лизавета Прокофјевна. Во поканата „да доаѓа како и порано" и во зборовите „во најмала рака" – пак зазвучи нешто навестувачко. Кнезот почна да се потсетува на Аглаја; таа, навистина, чудно му се насмевна на влегување и на разделба, но не рече ниту збор дури ни тогаш, кога сите ги изјавуваа своите убедувања во пријателство, макар што едно двапати упорно го погледа. Лицето ѝ беше пobледо одошто обично, небаре лошо ја минала ноќта. Кнезот реши уште истата вечер да појде кај нив бездруго како и „порано" и трескавично погледна на часовникот. Влезе Вера токму по три минути по заминувањето на Епанчини.

– Лав Николаевич, мене пред малку Аглаја ми кажа тивко да ви пренесам неколку зборови.

Кнезот сиот затрепери.

– Писмо?

– Не, усно; и тоа одвај стигна. Таа многу ве моли денес цел ден ни за миг да не се оддалечувате од

дома, сè до седум часот навечер, или дури до девет, не сум сигурна дека добро слушнав.

– Но . . . зошто? Што значи ова?

– Јас ништо не знам; таа само ми порача сериозно да ви го пренесам.

– Така и рекла: „сериозно“?

– Не, таа не рече така директно: одвај стигна, веќе свртена, да изговори, а јас за среќа ѝ притрчав. Но по лицето ѝ се виде како наредуваше: сигурно или не. Така ме погледна што срцето ми замре . . .

Уште неколку прашања и кнезот, макар што повеќе не дозна, сепак уште повеќе се вознемири. Кога остана сам, тој легна на диванот и почна пак да размислува: „Можеби таму кај нив ќе има нешто до девет часот и таа пак се плаши поради мене, да не направам пак нешто пред гости“, – се сети тој најодзади и пак почна нестрпливо да ја чека вечерта и да гледа на часовникот. Но разрешувањето дојде многу порано од вечерта и исто така во форма на нова посета, разрешувањето во форма на нова, мачна, загадка: по половина час од посетата на Епанчини влезе кај него Иполит, толку премален и истоштен што, кога влезе, не проговорувајќи ниту збор, небаре занесен, буквално падна во фотелјата и веднаш западна во неподнослива кашлица. Тој кашлаше сè до крв. Очите му светеа, а црвени дамки му се појавија на образите. Кнезот му промрмори нешто, но овој не му одговори и уште долго, без одговор, мавташе со рака, засега да не го вознемирува. Најодзади си дојде на себеси.

– Заминувам! – со сила изговори тој, најодзади, со засипнат глас.

– Сакате ли, јас ќе ве одведам, – рече кнезот поткренувајќи се од местото и се пресече, кога се сети на недамнешната забрана да не ја напушта куќата.

Иполит се насмеа.

– Не заминувам откај вас, – продолжуваше тој задишувајќи се непрестајно, – јас, напротив, најдов за потреба да дојдам кај вас и поради важна работа . . . без која не ќе ве вознемирував. Јас заминувам т а м у, и овојпат, се чини, сериозно. Капут! Верувајте ми, не

го велам заради сочувство ... јас веќе денес и си легнав, од десет часот, повеќе воопшто да не станувам сè до оној миг, но еве се премислив и станав уште еднаш, за да дојдам кај вас ... значи дека е потребно.

– Тешко ми е да ве гледам; подобро ќе беше да викневте, одошто самиот да се мачите.

– А сега, доста. Ме пожаливте и доста е за една светска учтивост ... Да, ќе заборавев: како е вашето здравје?

– Ништо не ми е. Јас вчера бев ... не сосема ...

– Слушнав, слушнав. Кинеската вазна си го извлече подебелиот крај; жал ми е што не присуствував! Јас имам една работа. Како прво, денес го имав задоволството да го видам Гаврило Ардалионович на средба со Аглаја Ивановна, крај зелената клупа. Се почудив на тоа до кој степен човек може глупаво да изгледа. Ѝ го забележав тоа на Аглаја Ивановна лично кога си замина Гаврило Ардалионович ... Вие, се чини, на ништо не се чудите, кнезу, – додаде тој, гледајќи го со недоверба спокојното лице на кнезот, – на ништо да не му се чудиш, велат, е знак на голем ум; според мене, тоа во иста мера би можело да послужи и како знак за голема глупост ... Јас, впрочем, не мислам на вас, проштавајте ... Јас мошне несреќно се изразувам денес.

– Јас уште вчера знаев дека Гаврило Ардалионович ... – се пресече кнезот, видливо збунет, иако Иполит беше јадосан зошто овој на ништо не му се чуди.

– Знаевте! Е ова е новост! А впрочем, можете и да ми кажете ... Но не сте биле сведок на денешниот состанок?

– Вие сте виделе дека мене таму ме немаше, ако самите сте биле таму.

– Ех, можеби сте седеле некаде зад некоја грмушка. Впрочем, во секој случај, мене ми е драго, заради вас, се разбира, зашто јас веќе помислив дека Гаврило Ардалионович е во предност!

– Ве молам да не разговарате со мене за тоа, Иполит, и тоа со такви изрази.

– Дотолку повеќе што вие веќе сè знаете.

– Се лажете. Јас речиси ништо не знам и Аглаја Ивановна е сигурна дека јас ништо не знам. Јас дури и за овој состанок ништо не знаев... Вие велите, имало состанок? Добро, да го оставиме тоа...

– Та како тоа, ту сте знаеле, ту не сте знаеле? Вие велите: „добро и да оставиме?" Но не, не бидете толку доверливи! Особено ако ништо не знаете. А знаете ли вие какви им се сметките на тие две лица, на братчето и сестричката? Тоа можеби го насетувате?... Добро, добро, јас ќе прекинам... – додаде тој кога го забележа нестрпливото движење на кнезот, – но јас дојдов за своја работа и неа сакам да ја... разјаснам. По ѓаволите, никако не може да се умре без разјаснување; ужасно е колку јас разјаснувам. Сакате да ме сослушате?

– Говорете, јас ве слушам.

– Но јас сепак го сменувам мислењето: јас сепак ќе почнам од Гањечка. Можете ли да си претставите дека и мене денес ми беше определено да дојдам на зелената клупа. Впрочем, јас не сакам да лажам: јас самиот настојував за состанокот, ѝ побарав, и ветив да ѝ откријам тајна. Не знам дали дојдов премногу рано (се чини, навистина сум дошол рано), но штотуку си седнав на местото крај Аглаја Ивановна, кога гледам, се појавуваат Гаврило Ардалионович и Варвара Ардалионовна, обајцата подрака, небаре се шетаат. Се чини, и обајцата беа мошне поразени кога ме сретнаа мене; не го очекуваа тие тоа, се збунија. Аглаја Ивановна се вжари и верувајте ми, или не, малку дури и се збуни, дали од тоа дека јас бев тука, или просто од тоа што го виде Гаврило Ардалионович, зашто веќе си е мошне убав, но таа само се вжари и работата заврши за еден миг, мошне смешно: таа се поткрена, одговори на поздравот на Гаврило Ардалионович, на подбивната насмевка на Варвара Ардалионовна и наеднаш ги пресече: „Јас сакав да ве видам само за да го изразам моето лично задоволство за вашите искрени и пријателски чувства, и ако некогаш ќе ми затребаат, верувајте ми..." Тогаш таа ги поздрави и тие и обајцата си заминаа, – не знам дали намагарчени или со триумф; Гањечка, се разбира,

беше намагарчен; тој ништо не сфати и се вџрви како рак (напати тој има чуден израз на лицето!), но Варвара Ардалионовна, се чини, разбра дека треба што побрзо да згинат и дека и ова било сосема доволно од Аглаја Ивановна, и го одвлечка брата си. Таа е поумна од него, и јас сум убеден дека сега триумфира. Јас пак бев да поразговарам со Аглаја Ивановна за да се договориме во однос на средбата со Настасја Филиповна.

– Со Настасја Филиповна! – викна кнезот.

– А-а! Вие, чинам, ја губите ладнокрвноста и почнувате да се вчудовидувате? Мошне ми е драго дека сакате да личите на човек. За ова јас ќе ви се одолжам. Еве што значи да им се прават услуги на младите девојки со висока душа: јас денес од неа добив шлаканица!

– Мо-морална? – без да сака некако праша кнезот.

– Да, не физичка. Ми се чини дека никој нема да крене рака на еден ваков, каков што сум јас, дури ни жена сега нема да ме удри; дури ни Гањечка не ќе ме удри! Макар што извесно време вчера јас мислев дека тој ќе ми се нафрли . . . Би можел да се обложам дека знам за што размислувате сега? Вие мислите: „Да се сложиме дека не смее да се бие, затоа пак човек може да го задуши со перница или со мокра крпа додека спие, – дури и треба“ . . . Вам на лицето ви пишува дека тоа го мислите и тоа истиот овој миг.

– Никогаш не сум го мислел тоа! – се одвратност проговори кнезот.

– Не знам, туку минатата ноќ сонував дека мене ме задуши со мокар партал . . . еден човек . . . ете, јас ќе ви кажам кој: претставете си – Рогожин! Како мислите, може ли да се задуши човек со мокар партал?

– Не знам.

– Имам чуено дека можело. Добро, да го оставиме тоа. И, зошто сум јас интригант? Зошто таа денес ми префрли дека сум бил интригант? И забележете го тоа, откако ислуша сè до последен збор и дури и се распрашуваше . . . Но, такви се жените! Та јас заради неа влегов во врски со Рогожин, со интересен човек;

та за нејзин интерес јас приготвив личен состанок со Настасја Филиповна. Да не затоа, можеби, што ѝ го погодив самољубието, навестувајќи ѝ дека им се зарадувала на „остатоците“ на Настасја Филиповна? Та јас тоа за нејзин интерес цело време ѝ објаснував, нема да кријам, две писма ѝ имам напишано во таа смисла, и еве денес и третото, состанокот ... Јас прегеска со тоа почнав дека е тоа понижувачко од нејзина страна ... А одозгора и зборот „остатоците“ всушност не е мој, туку од некој друг; во крајна линија кај Гањечка така сите говореа; а и самата таа го потврди. И тогаш, зошто сум јас интригант во нејзини очи? Гледам, гледам: вам ви е сега ужасно смешно, кога ме гледате мене, и би можел да се обложам дека вие сега врз мене ги применувате глупавите стихови:

И можеби, на зајди-сонце тажно мое
Ќе светне љубовта насмејана за збогум.

Ха-ха-ха! – западна тој наеднаш во хистерична смеа. – Забележете си го тоа, – прочкрипе тој низ кашлицата, – каков е Гањечка, а зборува за „остатоци“, а самиот пак сега со што сака да се користи!

Кнезот долго молчеше; тој беше ужасен.

– Вие спомнавте состанок со Настасја Филиповна? – промрмори тој најпосле.

– Па, зар навистина не ви е познато дека денеска ќе се одржи состанокот на Аглаја Ивановна со Настасја Филиповна, заради што Настасја Филиповна е и писмено поканета од Петербург специјално, преку Рогожин, по покана од Аглаја Ивановна и со мое залагање, и сега се наоѓа, заедно со Рогожин, сосема близу откај вас, во онаа иста куќа, кај онаа иста госпоѓа Дарја Алексеевна ... мошне сомнителната госпоѓа, нејзината пријателка, и токму таму, денеска, во таа сомнителна куќа и ќе се упати Аглаја Ивановна за пријателски разговор со Настасја Филиповна за разрешување на различни проблеми. Сакаат да се занимаваат со математика. Не сте знаеле? Чесен збор?

– Тоа е неверојатно!

– Нека ви биде, штом е неверојатно; впрочем, од

каде и да знаете? Макар што е тука доволно мува дапролета та да биде веќе познато: такво си е местенцево! Но јас, впрочем, ве предупредив и вие можете да ми бидете благодарен. Сега, до гледање – на оној свет, веројатно. А ете уште што: јас макар што и бев подол пред вас, зашто . . . но зошто пак јас да си го губам своето, бидете добри да просудите? Зар за ваша корист? Та јас нејзе ѝ ја посветив мојата „исповед“ (не сте го знаеле тоа?). И уште како ми ја прими! Хе-хе! Но пред неа не бев подмолен, пред неа сум сосема чист; таа пак ме посрами и ме намагарчи . . . А впрочем, и пред вас не сум виновен за ништо; ако сум ѝ спомнувал што се однесува до „остатоците“ и сѐ во таа смисла, затоа пак сега ви го кажувам и денот и часот и адресата на состанокот и целата таа игра ви ја откривам . . . од јад, се разбира, а не од великодушност. Збогум, многу сум зборлив, како некој што пелтечи или пак како болен од сушица; гледајте, преземете мерки и тоа што поскоро, само ако го заслужувате името на човек. Состанокот ви е денеска приквечер, тоа е сигурно.

Иполит се упати кон вратата, но кнезот го викна и овој запре на вратата.

– Како што велите, значи Аглаја Ивановна самата денеска ќе дојде кај Настасја Филиповна? – праша кнезот. Црвени дамки му се појавија на образите и на челото.

– Точно не знам, но веројатно ќе биде така, – одговори Иполит полуобѕирнувајќи се, – а впрочем, поинаку и не може да биде. Нема Настасја Филиповна да појде кај неа? А и кај Гањечка нема да биде; кај него дома речиси има мртовец. На што личи генералот?

– Само поради тоа, тоа е невозможно! – продолжи кнезот. – Та како ќе излезе таа, дури и ако посака? Вие не ги знаете . . . обичаите во таа куќа: таа не може да побегне сама кај Настасја Филиповна; тоа е апсурд!

– Гледате ли кнезу: никој не скока преку прозорец, но ако се случи пожар, тогаш, и највисокиот џентлмен и највисоката дама ќе скокне низ прозорец.

Ако веќе се јави потреба, што да се прави, нашата госпоѓица ќе појде и кај Настасја Филиповна. А зар од таму никаде не ги пуштаат, вашите госпоѓици?

– Не, јас не велам тоа . . .

– А не го велите тоа, тогаш таа треба само да слезе од влезот и да тргне право, а после може и да не се врати дома. Има случаи, кога и бродовите напати можат да се спалат, и дома дури може да не се враќа: животот не се состои само од појадоци и ручеци, и од кнезови Ш. Мене ми се чини дека вие ја сметате Аглаја Ивановна за некаква си госпоѓица или ученичка на пансион ја сметате; јас веќе ѝ го кажав тоа; таа чинам се сложи со тоа. Чекајте во седум или осум часот . . . Да сум на ваше место, ќе пратев таму некој да стражари, да може така мигот да се погоди, кога ќе тргне таа од дома. Ете, можете и Коља да го пратите; тој со задоволство ќе поштпионира малку, бидете сигурни, за вас . . . то ест, зашто сето ова е релативно . . . Ха-ха!

Иполит излезе. Кнезот немаше потреба да бара од некого да шпионира, дури и да беше способен за тоа. Наредбата на Аглаја да седи дома сега речиси беше објаснета: можеби таа сакаше да дојде да го земе него. А можеби, таа имено не го сакаше тоа тој да се најде таму, и затоа му наредила да остане дома . . . Можеше и така да биде. Главата му се вртеше; целата соба се вртеше наоколу. Тој легна на диванот и ги затвори очите.

Вака или онака, туку работата си беше решавачка. Не, кнезот не ја сметаше Аглаја за госпоѓица или ученичка; тој чувствуваше сега дека веќе одамна се плашеше и тоа имено од нешто вакво; но зошто таа сака да го види? Морници минуваа низ целото негово тело; тој пак беше во треска.

Не, тој не ја сметаше нејзе за дете! Него го доведуваа до ужас по некои нејзини погледи во последно време. Напати му се чинеше дека таа премногу се стега, премногу се воздржува и тој си приспомнуваше дека токму тоа и го плашеше. Тој, навистина, сите овие денови се трудеше да не мисли за тоа, ги гонеше од себе тешките мисли, но што се скриваше во таа

душа? Тоа прашање одамна го измачуваше. И ете, сето тоа треба да се разреши и да се обелодени уште денеска. Ужасна мисла! И пак – „таа жена“! Зашто нему секогаш му се чинеше дека таа жена ќе се појави токму во најпоследниот миг и ќе му ја искине неговата судбина како гнил конец? Дека тоа секогаш така му се чинеше тој сега би можел да се заколне, макар што се наоѓаше речиси во бладање. Ако тој се трудеше да ја заборави во последно време, тоа го правеше единствено поради тоа што се плашеше од неа. И што: ја сакаше ли тој таа жена или ја мразеше? Ова прашање тој ни еднаш не си го беше поставил денеска; туку неговото срце беше чисто: тој знаеше кого го сака ... Тој не се плашеше само од средбата на двете нив, не од невообичајноста, не од причината на таа средба, која му беше непозната, не од нејзиното разрешување во што и да е, – тој се плашеше од самата Настасја Филиповна. Тој се сети веќе подоцна, по неколку денови, дека во тие трескавични часови речиси цело време му се појавуваше пред очи нејзиниот поглед, ги слушаше нејзините зборови – чудни некакви зборови, иако малку нешто му остана во сеќавањето по овие трескавични и тажни часови. Тој одвај запомни, на пример, како Вера му донела ручек и како тој ручал, не се сеќава спиел ли тој по ручекот или не? Тој само знаеше дека таа вечер почнал јасно да согледува сè дури од оној миг кога Аглаја наеднаш влезе кај него на терасата и тој срипа од диванот и излезе на сред соба за да ја пречека: беше седум и петнаесет. Аглаја беше сосема сама, облечена едноставно и небаре набрзина, со лесна наметка. Лицето ѝ беше бледо, како и прееска, а очите ѝ светкаа со силен и сув сјај; таков израз на очи тој никогаш не запознал кај неа. Таа внимателно го изгледа.

– Вие сте сосема готови, – забележа таа тивко и речиси спокојно, – облечени сте и шапката ви е в раце; значи некој ве предупредил, и јас знам кој: Иполит?

– Да, тој ми кажа ... – промрмори кнезот речиси полумртов.

– Тогаш да тргнеме: вие знаете дека е неопходно

вие да ме придружувате. Вие, се надевам, имате толку сили за да излезете?

– Можам, но . . . зар тоа е можно?

Тој се прекина во еден миг и ништо повеќе не можеше да проговори. Тоа беше единствениот негов обид да ја запре безумничката, а потоа појде по неа како роб. Колку и да му беа мислите матни, тој сепак сфаќаше дека таа и без него ќе појде т а м у а, според тоа, тој во секој случај мораше да оди по неа. Тој насетуваше со каква силина е нејзината одлучност; тој немаше сили да ја запре нејзината стихијна побуда. Тие одеа молчејќи, целиот пат не проговорија речиси ниту збор. Тој само забележа дека нејзе ѝ е добро познат патот, и кога посака да заобиколи една улица подалеку, зашто таму патот беше попразен и кога го предложи тоа, таа го ислуша небаре напрегнувајќи го вниманието и отсечно одговори: „седно е!“ Кога тие веќе речиси сосема се приближија до куќата на Дарја Алексеевна (голема стара дрвена куќа), од влезот излезе една богато облечена госпоѓа со млада девојка; обете седнаа во кочијата што ги чекаше крај влезот, смеејќи се гласно и разговарајќи, и ни еднаш дури не се свртеа кон минувачите, небаре не ги ни забележија. Штотуку кочијата се оддалечи, вратата истиот миг се отвори уште еднаш и Рогожин кој ги чекаше ги пушти да влезат кнезот и Аглаја и ја заклучи по нив вратата.

– Во целата куќа нема никој сега, освен нас четворицата, – забележа тој гласно и чудно го погледна кнезот.

Уште во првата соба ги чекаше и Настасја Филиповна, исто така облечена мошне едноставно и целата во црно; таа им појде в пресрет, но не се насмевна и дури на кнезот не му подаде рака.

Нејзиниот упорен и вознемирен поглед нестрпливо се впери во Аглаја. Обете седнаа подалеку една од друга, Аглаја на диван во аголот на собата, Настасја Филиповна крај прозорецот. Кнезот и Рогожин не седнаа, а и никој не ги покани да седнат. Кнезот во недоумица и небаре со болка го погледна Рогожин, но

тој се насмевна пак со својата прегешна насмевка. Молчењето траеше уште неколку мигови.

Некакво злокобно чувство мина, најодзади, по лицето на Настасја Филиповна; погледот ѝ стануваше упорен, тврд и речиси исполнет со омраза, ниту за миг тој не се откинуваше од гостинката. Аглаја јасно ја покажуваше својата збунетост, но не ја губеше храброста. Кога влезе, таа одвај ја погледна својата соперничка и засега цело време седеше со соборен поглед, небаре размислуваше. Едно двапати, небаре случајно, таа ја опфати собата со поглед; одвратноста јасно се покажа на нејзиното лице, небаре се плашеше да се извалка тука. Таа автоматски ја поправаше својата облека и дури загрижено еднаш си го смени местото, повлекувајќи се кон работ на диванот. Којзнае дали и самата таа беше свесна за своите движења; но нивната несвесност уште повеќе ја зголемуваше нивната навредливост. Најодзади таа погледа директно и тврдо во очите на Настасја Филиповна и веднаш јасно прочита сè што светкаше во злобниот поглед на нејзината соперничка. Жена разбра жена; Аглаја затрепери.

– Вие, се разбира, знаете зошто сум ве поканила јас, – проговори таа, најодзади, но мошне тивко и дури запирајќи се на двапати во оваа кратка фраза.

– Не, ништо не знам, – одговори Настасја Филиповна суво и кратко.

Аглаја се вцрви. Можеби, на неа наеднаш и се стори страшно чудно и неверојатно тоа што таа седи сега со оваа жена, во куќата на „оваа жена“ и го чека нејзиниот одговор. При првите звуци на гласот на Настасја Филиповна небаре трепет мина низ нејзиното тело. Сето ова, се разбира, одлично го разбра „оваа жена“.

– Вие сè разбирате . . . но вие намерно се правите небаре не разбирате, – речиси прошепоти Аглаја, тажно гледајќи в земи.

– Што ми треба тоа? – лесно-лесно се насмевна Настасја Филиповна.

– Вие сакате да ја искористите мојава положба . . .

тоа што сум кај вас дома, – смешно и неумешно продолжи Аглаја.

– За таа положба сте виновни вие, а не јас! – избувна наеднаш Настасја Филиповна, – не сум ве поканила јас, туку вие мене, и сè до овој миг јас не знам зошто?

Аглаја надмено ја крена главата.

– Додржете си го јазикот; јас не дојдов со тоа оружје да се борам со вас . . .

– А, значи, вие сепак сте дошле да се „борите“? Претставете си, јас пак мислев дека сте вие . . . поостроумна . . .

Обете гледаа една во друга, не скривајќи ја повеќе лутината. Една од тие жени беше онаа истата која на другата уште неодамна ѝ пишуваше онакви писма. И ете, сè исчезна при првата средба, од првите зборови. И што? Во тој миг се чинеше, никој од четириминатa што се наоѓаа во собата не сметаше дека тоа е чудно. Кнезот, кој уште вчера не би поверувал за можноста да го види тоа и на сон, сега стоеше, гледаше и слушаше, небаре сето ова веќе одамна го насетуваше. Најфантастичниот сон се претвори наеднаш во најјасно и реско нагласено јаве. Една од овие жени веќе дотаму ја презираше во овој миг другата и толку сакаше да ѝ го искаже тоа (можеби само затоа и дошла, како што се изрази другиот ден Рогожин), што колку фантастична и да беше оваа другава со својот растроен разум и разболена душа, никаква отпорано прифатена идеја, се чинеше, не би го издржала отровот на чисто женскиот презир на нејзината соперничка. Кнезот беше убеден дека Настасја Филиповна нема да проговори самата за писмата; по нејзините светкави погледи тој погоди колку можат да ја чинат сега тие писма; но тој би дал половина живот да не проговори за нив сега Аглаја.

Но Аглаја небаре се прибра и веднаш завладеа со себеси.

– Вие не ме разбравте правилно, – рече таа, – јас не дојдов . . . да се карам со вас, макар што не ве сакам. Јас . . . јас дојдов кај вас . . . со човечки збор. Поканувајќи ве, јас веќе одлучив за што ќе говорам

со вас, и од таа одлука нема да отстапам. Дотолку полошо ќе биде за вас, а не за мене. Јас сакав да ви одговорам на она за што ми пишавте и лично да ви одговорам, зашто така ми се чинеше поудобно. Ислушајте го тогаш мојот одговор на сите ваши писма: мене ми стана жал за кнезот Лав Николаевич уште првиот пат, истиот ден кога се запознав со него и кога подоцна дознав сè за него, што му се случи на вашиот прием. Мене затоа ми стана жал за него, зашто тој толку е простодушен човек и поради својата неискусност тој поверувал дека можел да биде среќен ... со жена ... со таков карактер. Од што се плашев, тоа и му се случи: вие не сте можеле да го засакате, го измачивте и го оставивте. Вие не сте можеле да го сакате зашто сте премногу горда ... не, не горда, јас погрешив, туку затоа што сте честољубива ... дури не е ни тоа, вие сте самољубива до ... лудило, како доказ на што служат и вашите писма што ми ги пишавте мене. Вие него, толку неискусен, не сте можеле да го засакате, и дури, можеби, во себеси вие сте го презирале и сте му се потсмевале, вие сте можеле да го засакате само својот срам и непристојната мисла за тоа дека сте осрамотени и дека сте навредени. Да сте биле помалку осрамотени, или да не сте биле воопшто, вие ќе бевте понесреќна ... (Аглаја со насладување ги изговараше овие зборови што мошне брзо излетуваа, но кои беа веќе одамна приготвени и обмислени, обмислени уште тогаш, кога ни на сон таа не можеше да ја замисли денешната средба; таа со отровен поглед го набљудуваше ефектот што го правеа врз изнакаженото од возбуденост лице на Настасја Филиповна). Се сеќавате ли, – продолжуваше таа, – тој тогаш ми напиша писмо; тој вели дека вие знаете за тоа писмо и дека дури сте го читале? Од тоа писмо јас сè сфатив, и правилно сфатив; тој неодамна самиот ми го потврди, то ест сето ова што сега ви го кажувам, дури од збор до збор. По писмото јас почнав да чекам. Јас погодив дека вие морате да дојдете тука, зашто вие не можете без Петербург: вие сте уште премногу млада и убава за провинција. Впрочем, тоа исто не се мои зборови, – додаде таа, страшно вцрвувајќи се, и од овој

миг црвенилото повеќе не ѝ го напушташе лицето, сè до завршувањето на говорот. – Кога јас одново го видов кнезот, ми стана мошне жал и мака за него. Не смејте ми се, ако се смеете, тогаш ќе значи дека не сте достојни да го разберете ова . . .

– Вие гледате дека јас не се смеам, – тажно и строго проговори Настасја Филиповна.

– Впрочем, мене ми е сеедно, смејте се ако сакате. Кога јас почнав самата да го прашувам, тој ми рече дека веќе одамна не ве сака, дека дури и споменот за вас му бил мачен, но дека ве жали и дека кога ќе се сети на вас срцето му е небаре „прободено засекогаш". Јас морам да ви го кажам уште ова дека јас во животот немам сретнато ниеден човек сличен на него по благородната простодушност и безграничната доверливост. По неговите зборови, јас погодив дека секој кој ќе посака може да го измами, и кој и да го измами, тој подоцна ќе му прости, и ете поради тоа јас и го засакав . . .

Аглаја запре за миг, небаре поразена, небаре не верувајќи на самата себе дека можела да изговори таков збор; но во истото тоа време небаре безгранична гордост светна од нејзиниот поглед; се чинеше, сега ѝ е веќе сеедно, макар „оваа жена" и да се насмееше над признанието што ѝ излета.

– Тоа е сè што имав да ви кажам и вие, се разбира, сега сфативте што барам од вас?

– Можеби и разбрав; но кажете ми самата, – тивко ѝ одговори Настасја Филиповна.

Лицето на Аглаја пламна во гнев.

– Јас сакав да дознам од вас, – тврдо и јасно проговори таа, – со какво право се вмешувате вие во неговите чувства кон мене? Со кое право сте се осмелиле да ми пишувате писма? Со какво право изјавувате секој миг, мене и нему дека го сакате, откако вие самите го напуштивте со таква навреда и . . . срамно побегнавте?

– Јас не сум изјавувала ни нему, ни вам дека го сакам, – со напор проговори Настасја Филиповна, – и . . . вие сте во право, јас му побегнав . . . – додаде таа одвај чујно.

– Како не сте изјавувале „ни нему ни мене“? – викна Аглаја, – а вашите писма? Кој ве молел да посредувате меѓу нас и да ме наговарате да се омажам за него? Зар не е тоа изјава? Зошто не нè оставите на мира? Јас отпрвин веќе помислив дека вие, обратно, сакате да вселите во мене одвратност кон него со тоа што не се замешавте, и јас да го оставам, и дури после се сетив во што била работата: вие просто сте вообразиле дека правите голем подвиг со сите тие преправања... И, сте можеле ли вие да го сакате него, кога толку сте вљубени во својата честољубивост? Зошто вие едноставно не сте заминале оттука, место да ми ги пишете тие смешни писма? Зошто вие не се мажите сега за благородниот човек, кој толку ве сака и кој ви ја направи таа чест, да ви ја понуди својата рака? Премногу е јасно зошто: ако се омажите за Рогожин, каква навреда тогаш ќе ви преостане? Ќе добиете дури и премногу чест! За вас Евгениј Павлович има кажано дека сте прочитале премногу поеми и дека сте „премногу образована за вашата... положба!“; дека сте вие начитана жена и неработничка; додајте го и вашето честољубие и ете ги сите ваши причини...

– А вие не сте неработничка?

Премногу брзо, премногу откриено стигна работата дотолку нечеканата точка, нечекана, зашто Настасја Филиповна тргнувајќи за Павловск сè уште мечтаеше за нешто, макар што, се разбира, претпоставуваше поскоро нешто лошо одошто добро; Аглаја пак наполно беше повлечена со побудата во тој миг, небаре се тркалаше од стрмнина, и не можеше да се воздржи од ужасното уживање во одмаздата. На Настасја Филиповна дури ѝ беше чудно вака да ја види Аглаја; таа ја гледаше и небаре не веруваше на своите очи, и навистина не се снајде во првиот миг. Дали таа беше жена што имаше прочитано многу поеми, како што претпоставил Евгениј Павлович, или пак едноставно беше луда, како што беше убеден кнезот, во секој случај оваа жена, – напати со толку цинично и дрско однесување, – всушност беше мошне посрамежлива, понежна и подоверлива, одошто мо-

жеше да се каже за неа на прв поглед. Вистина е дека во неа имаше многу книжно, мечтателно, затворено во себеси, и фантастично, но затоа пак и нешто моќне силно и длабоко . . . Кнезот го разбираше тоа; страдање се појави на нејзиното лице. Аглаја го забележа тоа и затрепери од омраза.

– Како смеете така да ми се обрнувате? – проговори таа неискажливо од високо, одговарајќи на забелешката на Настасја Филиповна.

– Вие, веројатно, не сте чуле убаво, – се почуди Настасја Филиповна. – Како ви се обрнав јас вам?

– Ако вие сте сакале да бидете чесна жена, зошто тогаш не сте го оставиле вашиот заводник, Тоцки, просто . . . без театарски претстави? – рече наеднаш Аглаја без никаква причина.

– Што знаете вие за мојата положба, та да смеете да ми судите? – затрепери Настасја Филиповна, страшно пребледнувајќи.

– Го знам тоа дека вие не појдовте да работите, туку заминавте со богаташот Рогожин, за да се претставувате себеси како паднат ангел. Не ме чуди што Тоцки заради паднатиот ангел сакал да се убие!

– Оставете го тоа! – со одвратност и небаре со болка проговори Настасја Филиповна, – вие, исто така, сте ме разбрале како и . . . собарката на Дарја Алексеевна, која пред некој ден се судеше со својот свршеник кај мировен судија. Таа подобро би разбрала од вас . . .

– Сигурно е чесна девојка и живее од својот труд. А зошто вие со таков презир се однесувате кон собарката?

– Јас не се однесувам со презир кон трудот, туку кон вас, кога вие зборувате за труд.

– Ако би посакале да бидете чесна, ќе појдевте да перете.

Обете станаа и бледи гледаа една во друга.

– Аглаја, престанете! Та ова е неправедливо, – викна кнезот како избезумен. Рогожин повеќе не се насмевнуваше, туку слушаше со стегнати усни и скрстени раце.

– Еве, гледајте ја неа, – говореше Настасја Фили-

повна, треперејќи од разлутеност, – оваа госпоѓица! И јас неа ја сметав за ангел! Вие без гувернантка повелавте да дојдете кај мене, Аглаја Ивановна? . . . А сакате ли . . . сакате ли јас сега да ви кажам отворено, без украси, зошто повелавте кај мене? Се уплашивте, затоа дојдовте.

– Од вас сум се уплашила? – праша Аглаја избезумена од наивно и детско вчудовидување поради тоа што оваа се осмелила вака да ѝ зборува.

– Се разбира, од мене! Од мене се плашите, штом сте се решиле да дојдете кај мене. Од кого се плашиш, него не го презираш. И кога ќе си помислам само дека јас ве почитував, дури сѐ до последниот миг! А знаете ли зошто вие се плашите од мене и која ви е сега најглавната цел? Вие сакавте самата лично да се убедите: дали тој повеќе ме сака мене, одошто вас, или не, зашто вие сте страшно љубоморна . . .

– Тој мене ми кажа дека вас ве мрази . . . – одвај пропелтечи Аглаја.

– Можеби; можеби, јас и не го заслужувам, само . . . јас мислам дека вие лажете! Не може тој да ме мрази и не можеше тоа да ви го каже! Јас, впрочем, готова сум да ви простам . . . имајќи ја предвид вашата положба . . . но сепак, имав подобро мислење за вас; јас мислев дека сте вие и поумна, та дури и поубава, жими бога! . . . Е, та земете си го вашето богатство . . . еве го, тој ве гледа вас, не може да си дојде на себеси, земете си го, но под еден услов: губете ми се веднаш од пред очи! И тоа истиов миг! . . .

Таа падна во фотелјата и се облеа со солзи. Но наеднаш нешто ново светна во нејзините очи, таа внимателно и упорно ја погледна Аглаја и стана од местото.

– А сакаш, јас сега . . . ќе заповедам, слушаш ли? само ќе му за-по-ведам, и тој веднаш ќе те остави тебе и засекогаш ќе остане крај мене и ќе се ожени со мене, а ти ќе си отрчаш дома сама? Сакаш, сакаш? – викна таа како избезумена, можеби речиси и самата не верувајќи, дека можела да изговори такви зборови.

Аглаја исплашена се втурна кон вратата, но запре на вратата како вкопана и слушаше.

– Сакаш, јас ќе го изгонам Рогожин? Ти мислеше јас веќе сум се венчала со Рогожин за твое задоволство? Еве сега, пред тебе ќе викнам: „Оди си, Рогожин!" а на кнезот ќе му кажам: „Паметиш ли што ми вети?" Господи! И зошто јас вака те понизив пред нив? Зар ти, кнезу, не ме убедуваше самиот дека ќе ме земеш што и да се случи со мене и дека никогаш не ќе ме оставиш; дека ме сакаш и дека сè ми проштаваш и дека мене ме по . . . почи . . . Да, ти тоа го говореше! И јас, само да те ослободам од ветувањето, побегнав од тебе, а сега не ќе го сторам тоа! Зошто таа постапи со мене како со валкана жена? Дали сум јас валкана жена, прашај го Рогожин, тој ќе ти каже! Сега кога таа ме осрамоти мене, и тоа во твои очи, и ти ќе ми го свртиш грбот, а неа ќе ја поведеш подрака? Да бидеш проколнат ако го сториш тоа, откако јас на тебе единствениот ти поверував. Оди си, Рогожин, не ми требаш! – викаше таа речиси избезумено, со напор испуштајќи ги зборовите од градите, со грозно лице и закоравени усни, очевидно не верувајќи ни малку на својата парада, но, истовремено, со желба барем уште за една секунда да го продолжи овој миг и да се прелаже себеси. Побудата ѝ беше толку силна, што можеби, таа и ќе умреше, барем така му се стори на кнезот. – Еве, гледај го! – ѝ викна таа најпосле на Аглаја, покажувајќи со рака кон кнезот, – ако тој сега не дојде кај мене, не ме земе мене и не те остави тебе, тогаш земај си го, ти го отстапувам, не ми треба! . . .

И таа и Аглаја запреа небаре чекајќи, и обете како споулавени гледаа во кнезот. Но тој, можеби, не ја ни сфаќаше сета силина на овој предизвик, дури и со сигурност, тоа може да се каже. Тој само го гледаше пред себеси очаеното, избезумено лице, од кое, како што ѝ рече еднаш на Аглаја, „срцето му е пронижано засекогаш". Тој повеќе не можеше да поднесе и со молба и прекор ѝ се обрна на Аглаја укажувајќи кон Настасја Филиповна:

– Зар може така! та таа . . . толку е несреќна!

Но тој стигна само тоа и да го каже, занемувајќи од срашниот поглед на Аглаја. Во тој поглед беше изразено такво страдање и во исто време бескрајна

омраза, што тој плесна со рацете, викна и се втурна кон неа, но веќе беше доцна. Таа не поднесе ниту миг негово колебање, го прекри лицето со раце, викна „Оф, господи!" и изјури надвор од собата, а по неа Рогожин за да ѝ ја одмандали надворешната врата.

Потрча и кнезот, но на прагот беше запрен од раце. Претепаното, осакатено лице на Настасја Филиповна го гледаше право в очи, а помодрените усни се помрднуваа прашувајќи:

– По неа? По неа?

Таа му падна онесвестена на негови раце. Тој ја крена, ја внесе во собата, ја намести во фотелја и застана пред неа со тапо очекување. На масичката имаше чаша со вода; Рогожин, кој се врати, ја грабна и ѝ го испрска лицето со вода; таа ги отвори очите и околу една минута не разбираше ништо; но наеднаш се обѕирна, затрепери, викна и се фрли кон кнезот.

– Мој си! Мој! – викна таа, – замина горделивата госпоѓица? Ха-ха-ха! – се смееше таа хистерично, – ха-ха-ха! Јас сакав да ѝ го дадам на таа госпоѓица! А зошто? Заради што? Улава, бев! Улава! . . . Тргни се, Рогожин, ха-ха-ха!

Рогожин внимателно ги погледна, не рече ниту збор, си ја зема шапката и излезе. По десет минути кнезот седеше крај Настасја Филиповна, без да го откине погледот ја гледаше и ја галеше по главата, по лицето, со обете раце, како мало дете. Тој се кикотеше, кога ќе се раскикотеше таа и беше готов да заплаче на нејзините солзи. Тој ништо не говореше, но внимателно се вслушуваше во нејзиното испрекинато, восхитено и неповрзано шепотење, и којзнае дали разбираше нешто, но тивко се насмевнуваше и само штом малку ќе му се сторeше дека таа ќе почне да тажи или плаче, да префрла или да се жали, тој веднаш почнуваше да ја гали по главата и нежно да ги шета рацете по нејзините образи, утешувајќи ја и зборувајќи ѝ како на дете.

IX

Минаа две недели по настанот што го раскажавме во минатата глава, и положбата на лицата што учествуваат во нашето раскажување толку се измени, што сега ни е необично тешко да го продолжиме без специјални појаснувања. Но, сепак, чувствуваме дека мораме да се ограничуваме на простото изложување на факти, по можност без особени објаснувања, и тоа од сосема проста причина: зашто и самите често наидуваме на тешкотии да го објасниме другото. Таквото оградување од наша страна мора да му се стори мошне чудно и нејасно на читателот: како да се раскаже она, за што се нема ниту јасно разбирање, ниту лично мислење? За да не се ставаме себеси во уште полажна положба, подобро ќе биде да се потрудиме да дадеме објаснување врз пример и, можеби благонаклонетиот читател ќе разбере во што имено се состои нашата тешкотија, дотолку повеќе што овој пример не ќе биде отстапување, туку напротив, директно и непосрендо продолжување на раскажувањето.

По две недели, то ест, веќе во почетокот на јули, и во текот на тие две недели, судбината на нашиот херој, а особено последниот настан од неговата судбина, се претвори во чудна, мошне забавна, небаре неверојатна но во исто време и речиси очигледна сензација, која се ширеше лека-полека по сите улици, по соседните летниковци на Лебедев, Птицин, Дарја Алексеевна, Епанчини и, пократко речено, речиси по целиот град и дури по неговата околина. Речиси целото општество, месните жители, оние што летуваат, оние што доаѓаа да слушаат музика, – сите почнаа да ја раскажуваат истата историја, со илјада различни варијации, за тоа како еден кнез, откако предизвикал скандал во една чесна и угледна куќа и откако се откажал од девојката од таа куќа, која веќе му била свршеница, бил привлечен од една позната жена од полу-свет, ги прекинал сите поранешни врски и, без оглед на ништо, без оглед на законите, без оглед на општото негодување на публиката, имал намера деновиве да се ожени со осрамотената жена, тука, во Па-

вловск, отворено и јавно, со кренатa глава и гледајќи ги сите право в очи. Сензацијата стана толку украсена со скандали, толку многу познати и значајни лица беа замешани во неа, толку ѝ се придаваа различни загадочни и фантастични нијанси а, од друга страна, таа испакнуваше со олку неодменливи и очевидни факти, што општата љубопитност и сплетките, се разбира, беа сосема разбирливи. Најфиното, лукаво и во исто време најблиско до вистината толкување го проширувaa неколкумина сериозни сплеткации, од оној слој разумни луѓе, кои секогаш во секакво друштво, итаа да им го објаснат на другите настанот, во што го наоѓаат своето остварување, а често и утеха. Според нивното толкување, момчето, од добро семејство, кнез, речиси богат, наивен, но демократ кој се споулавил со современиот нихилизам, откриен од господинот Тургенев, кој речиси не знаел да говори руски, се вљубил во ќерката на генералот Епанчини и постигнал толку што го примиле во куќата како младоженец. Но, слично на оној Французин-богослов, за кој неодамна била напечатена една анегдота и кој намерно дозволил да биде посветен во звање свештеник, самиот барал да биде посветен, ги извршил сите обреди, сите молитви, бакнување на крст, заклетви и т.н., само за да може уште утре јавно да му соопшти со писмо на својот епископ дека тој, бидејќи не верува во господа, сметал дека е нечесно да се измамува народот и да се храни на негова сметка, и дека поради тоа го остава свештеничкото звање, а писмото свое го печати во либерални весници, – слично на овој атеист небаре и кнезот извршил нешто такво. Се говореше дека тој божем нарочно го чекал свечениот прием кај родителите на свршеницата, на кој тој бил претставен пред мошне значајни лица, гласно и пред сите да го изрази својот начин на мислење, да ги навреди почитуваните големци, да се откаже од својата свршеница јавно и со навредување и, спротивставувајќи им се на слугите кои го изведувале, да ја скрши прекрасната кинеска вазна. Кон тоа се додаваше, како современо карактеризирање на ќудите, дека неурамнотежениот момчак вистински ја сакал својата свршеница, генералската

ќерка, но дека се откажал од неа единствено од нихилизам и заради скандалот што уследил, за да не се лиши од задоволството да се ожени пред целиот свет со пропадната жена и со тоа да докаже дека, според неговото убедување, не постојат ниту пропаднати, ниту добродетелни жени; туку дека постоела единствено само слободната жена; дека тој во општествената и застарена поделба не верува, туку дека верува само во „женското прашање". Дека, најпосле, пропаднатата жена, во негови очи, дури стоела и малку повисоко од непропаднатата. Ова појаснување се стори мошне веројатно и беше прифатено од поголемиот дел на оние кои летуваа, дотолку повеќе што се потврдуваше со факти. Многу работи, навистина, останувaa неразјаснети: се раскажуваше дека кутрата девојка толку го сакала младоженецот, според некои – „заводникот", што дотрчала кај него уште утредента, штотуку тој ја оставил и додека тој седел кај својата љубовница; другите убедуваа дека, напротив, таа нарочно од него била одвлечена кај љубовницата, единствено поради нихилизмот, то ест за да ја осрамоти и навреди. Како и да било, туку интересот за настанот нараснуваше секој ден, дотолку повеќе што не преостануваше ни најмалку сомневање во тоа дека скандалозната свадба навистина ќе се оствари.

И ете, да ни побараат да објасниме, – не она што се однесува до нихилистичките нијанси на настанот, о, не, – туку просто само што се однесува до тоа, до кој степен ги задоволува закажаната свадба вистинските желби на кнезот, во што имено се состојат сега неговите желби, како имено да се претстави состојбата на духот на нашиот херој во дадениов миг и т.н. и т.н. сѐ од тој вид, ќе признаеме, ние ќе се најдеме во голема тешкотија да одговориме. Ние го знаеме само тоа дека свадбата навистина била назначена и дека кнезот го ополномоштил Лебедев, Келер и некојси познајник на Лебедев, кој му беше претставен на кнезот по тој повод, да ги преземат на себе сите грижи околу оваа работа, како црковните, така и домаќинските; дека било кажано да не се жалат пари, дека ја забрзувала и настојувала на свадбата Настасја Филиповна; дека како кум на кнезот бил назначен Келер, по неговата

сопствена пламена молба, а на Настасја Филиповна – Бурдовски, кој ја примил таа должност со одушевување, и дека денот на свадбата бил закажан за почетокот на јули. Но, освен овие, сосема точни околности, познати ни се и уште некои факти, кои сосема нѐ збунуваат, имено поради тоа што се во спротивност со претходните. Ние силно се сомневаме, на пример, дека откако ги ополномоштил Лебедев и другите да ги земат на себе сите грижи, кнезот на малку што не заборавил уште истиот ден дека има церемонијалмајстор, и кум, и свадба и дека ако и ја закажал за што поскоро, предавајќи им ги грижите на други, го сторил сето тоа единствено самиот да не мора дури ни да мисли на тоа и дури и, можеби, поскоро да заборави. За што пак мислел тој самиот во ваков случај, на што сакал да се сеќава и кон што се стремел? Исто така нема никакво сомнение дека над него било вршено некакво насилство (на пример, од страната на Настасја Филиповна), дека Настасја Филиповна навистина посакала свадбата неопходно да се забрза и дека таа и ја беше измислила, а не кнезот; но кнезот слободно се сложил; дури и некако расеано и слично на тоа, небаре му била побарана некоја си најобична работа. Такви чудни факти ги има многу пред нас, но тие, не само што не појаснуваат, туку, по наше мислење, и го затемнуваат разјаснувањето на работата, колку и да ги наведуваме; но, сепак, ќе ви дадеме уште еден пример.

Така, нам ни е мошне добро познато дека во текот на тие две недели кнезот по цели денови и вечери минувал со Настасја Филиповна; дека таа го водела со себеси на прошетки, да слушаат музика; дека тој се возел со неа секој ден во кочијата; дека тој почнал да се обеспокојува за неа само еден час кога не би ја видел (значи, по сите овие знаци, искрено ја сакал); дека ја слушал со тивка и кротка насмевка, што и да му зборувала таа, со цели часови, не проговорувајќи самиот речиси ништо. Но, познато ни е исто така дека тој истите тие денови, неколкупати, дури и многупати, наеднаш ќе појдел кај Епанчини, не скривајќи го тоа од Настасја Филиповна, од што таа речиси запаѓала

во очајание. Познато ни е дека кај Епанчини, додека уште биле во Павловск, него не го примале, постојано му ја одбивале можноста да се види со Аглаја Ивановна; дека тој заминувал не проговорувајќи ниту збор, а веќе другиот ден пак одел кај нив, небаре сосема заборавил за вчерашното одбивање и, се разбира, бил повторно одбиен. Познато ни е исто така дека еден час по истрчувањето на Аглаја откај Настасја Филиповна, а можеби и помалку од еден час, кнезот веќе бил кај Епанчини, се разбира, убеден дека ќе ја најде таму Аглаја, и дека неговото појавување кај Епанчини предизвикало тогаш необична збунетост и страв во куќата, зашто Аглаја сѐ уште не се беше вратила дома и тие од него за првпат чуле дека таа одела со него кај Настасја Филиповна. Се говореше дека Лизавета Прокофјевна, ќерките и дури и кнезот Ш., се однесувале тогаш со кнезот необично сурово, нељубезно, и дека уште тогаш го одбиле, со врели изрази и во познанство и во пријателство, особено кога Варвара Ардалионовна наеднаш се појавила кај Лизавета Прокофјевна и ѝ изјавила дека Аглаја Ивановна е кај неа дома веќе околу еден час, во ужасна состојба, и дека, се чини, не сака да оди дома. Оваа последна вест ја поразила Лизавета Прокофјевна најмногу од сѐ и тоа сосема со право: кога излегла откај Настасја Филиповна, Аглаја навистина посакала повеќе да умре одошто да се појави сега пред своите домашни; и поради тоа појурила кај Нина Александровна. А пак Варвара Ардалионовна веднаш, од своја страна, нашла дека е потребно да ја запознае со сето тоа без забавување Лизавета Прокофјевна. И мајката и ќерките истиот миг сите појуриле кај Нина Александровна, а по нив и таткото на семејството лично, Иван Фјодорович, кој штотуку се појавил дома; по нив се одвлечкал и кнезот Лав Николаевич, без оглед на тоа што бил избркан и што му биле кажани сурови зборови; но, по заповедта на Варвара Ардалионовна, тој и таму не бил пуштен кај Аглаја. Работата, впрочем, завршила така што Аглаја, кога ги видела мајката и сестрите како плачат над неа и воопшто не ѝ префрлаат, им се фрлила в прегратка и веднаш се

вратила со нив дома. Се говореше, макар што гласовите и не беа сосема точни, дека на Гаврило Ардалионович и тогаш воопшто не му послужила среќа; дека, погодувајќи го моментот кога Варвара Ардалионовна трчала кај Лизавета Прокофјевна, тој, насамо со Аглаја, се сетил да проговори за својата љубов; дека, слушајќи го него, Аглаја, без оглед на целата своја тага и солзи, наеднаш се раскикотила и наеднаш му поставила чудно прашање: дали тој ќе си го изгори прстот уште истиот миг на свеќа како доказ на својата љубов? Гаврило Ардалионович бил велат стаписан од предложеното и толку не се снашол, изразил толку силна недоумица на своето лице, што Аглаја се раскикотила како во хистерија и побегнала од него горе кај Нина Александровна, каде веќе ја пронашле и нејзините родители. Оваа епизода стигнала до кнезот преку Иполит уште утредента. Иполит, кој веќе не станувал од постела, нарочно пратил по кнезот за да му ја предаде таа вест. Како стигнал до Иполит глас за тоа не ни е познато но, кога и кнезот чул за свеќата и прстот, и тој толку се изнасмеал, што дури и го зачудил Иполит; потоа наеднаш затреперил и се облеал со солзи . . . Воопшто, тие денови тој бил мошне возбуден и необично збунет, неопределено и мачно. Иполит директно тврдел дека смета дека тој не бил со сиот ум; но тоа сè уште не можело да се каже со сигурност.

Предавајќи ги сите овие факти и откажувајќи се од тоа да им се даде објаснување, ние воопшто не сакаме да го оправдаме нашиот херој во очите на читателите. Дотолку повеќе ние сме сосема готови да го споделиме дури и негодувањето кое тој го предизвика кон себе дури и кај своите пријатели. Дури и Вера Лебедева извесно време негодуваше против него; дури и Коља негодуваше; негодуваше дури и Келер, сè до моментот кога беше избран за кум, а да не зборуваме за самиот Лебедев, кој дури почна да прави интриги против кнезот, и пак од негодување, и тоа од сосема искрено негодување. Но за тоа ќе говориме после. Ние воопшто и во најголем степен сочувствуваме со извесни, мошне силни и дури и длабоки по својата психо-

логија зборови на Евгениј Павлович, кои овој директно и без стеснување му ги кажал на кнезот во пријателски разговор, шестиот или седмиот ден по настанот кај Настасја Филиповна. Да забележиме, впрочем, дека не само Епанчини, туку и сите кои директно или индиректно ѝ припаѓале на куќата на Епанчини, најдоа за потребно да ги раскинат сосема односите со кнезот. Кнезот Ш., на пример, дури и се сврти на друга страна кога го сретна кнезот, и не му го врати поздравот. Но Евгениј Павлович не се исплаши да се искомпромитира себеси, посетувајќи го кнезот, без оглед на тоа што пак почна да се појавува кај Епанчини секој ден и беше примен дури со јасно засилена љубезност. Кнезот мошне му се израдува и веднаш почна да му говори за Епанчини; вака простодушниот и директен почеток веднаш го ослободи и Евгениј Павлович, така што овој без заобиколување веднаш премина на работата.

Кнезот уште и не знаеше дека Епанчини си заминале; тој беше поразен, пребледе; но по еден миг заниша со главата, збунет и замислен, и призна дека „така и морало да биде“; потоа брзо се распраша „каде заминале?“

Евгениј Павлович, меѓутоа, внимателно го набљудуваше и сето тоа, то ест, брзината на прашањата, нивната простодушност, збунетоста и во исто време некоја чудна искреност, вознемиреност и возбуда, – сето тоа го почуди мошне многу. Тој, впрочем, љубезно и детално го извести кнезот за сè: тој уште многу работи не знаеше и тоа беше првиот известувач од куќата. Тој му го потврди тоа дека Аглаја навистина била болна и речиси цели три дни и три ноќи не заспала, в треска; дека сега ѝ било подобро и дека била вон секаква опасност, но во нервна и хистерична состојба . . . „Добро е тоа што е во куќата потполн мир! Се трудат да не загатнуваат за она што минало дури ни меѓу себеси, а не само пред Аглаја. Родителите веќе разговарале меѓу себе за заминувањето во странство, наесен, веднаш по свадбата на Аделаида; Аглаја молчејќи ги прими првите разговори за тоа“. Тој, Евгениј Павлович, исто, можеби, ќе замине во

странство. Дури и кнезот Ш., можеби, ќе се решел на едно два месеца, со Аделаида, ако му дозволат работите. Самиот генерал ќе останел. Сега тие сите преминале во Колимино, на нивниот имот, на околу дваесет врсти од Петербург, каде имале голема господска куќа. Белоконска уште не заминала во Москва и, дури, намерно останала. Лизавета Прокофјевна силно настојувала на тоа дека не било можно да се остане во Павловск по сѐ што се случило; тој, Евгениј Павлович, ѝ соопштувал секој ден за она што можело да се чуе низ градот. Тие не нашле дека е можно да се населат ниту во Елагинскиот летниковец.

– Та и навистина, – додаде Евгениј Павлович, – признајте и самите, зар може да се издржи . . . особено кога се знае сѐ што се случува кај вас во секој миг, во вашата куќа, кнезу, и по вашите секојдневни посети т а м у, без оглед на одбивањето . . .

– Да, да, да, вие сте во право, јас сакав да ја видам Аглаја Ивановна . . . – заниша кнезот пак со главата.

– Ох, мил кнезу, – викна наеднаш Евгениј Павлович со воодушевување и со тага, – како сте можеле тогаш да го дозволите . . . сето она што се лучи? Се разбира, се разбира, сето тоа за вас било толку нечекано . . . Се сложувам со тоа дека сте морале да се збуните и . . . не сте можеле вие да ја запрете избезумената девојка, тоа не било во ваши сили! Но вие морате да разберете до кој степен таа девојка сериозно и силно . . . се однесувала кон вас. Таа не сакала да ве дели со друга, и вие . . . и вие можевте да оставите и да сокршите ваква скапоценост!

– Да, да, вие сте во право; да, виновен сум, – одново проговори кнезот ужасно натажен, – и знаете ли: единствено таа, единствено Аглаја ја гледаше онака Настасја Филиповна . . . Та никој друг не ја гледаше така.

– Затоа и е толку страшно сето ова, зашто и немаше ништо сериозно во себе! – викна Евгениј Павлович вистински возбуден. – Проштавајте ми, кнезу, но . . . јас . . . јас размислував за ова, кнезу; многу имам размислувано; познато ми е сѐ што се имаше

случено порано, познато ми е што се случуваше пред половина година, сè, и – сето тоа не беше сериозно! Сето тоа беше главно само еден измислен занес, слика, фантазија, магла, и само исплашената љубомора на една сосема неискусна девојка можеше да го сфати сето тоа како нешто сериозно! . . .

Притоа Евгениј Павлович веќе без никакво стеснување го пушти на слобода сето свое негодување. Разумно и јасно, и, повторуваме, дури и со необична психологија, ја отвори тој пред кнезот сликата на сите поранешни лични односи на кнезот со Настасја Филиповна. Евгениј Павлович отсекогаш ја имаше дарбата на зборот; сега пак дури постигна красноречивост. „Уште од самиот почеток, – рече тој – кај вас почна со лага; она што почна со лага, со лага мораше и да заврши; тоа е природен закон. Јас не се сложувам, дури и негодувам кога вас, – има некои, – ве наречуваат идиот; вие сте премногу умни за вакво име; но вие сте исто толку и чуден, колку да не можете да бидете како сите луѓе, признајте и самите. Јас дојдов до заклучок дека темелите на сето ова што се случи треба да се бараат, пред сè, во вашата, така да речам, вродена неискусност (забележете го, кнезу, зборот „вродена“), а, потоа, во вашата необична простодушност; понатаму, во феноменалниот недостиг на чувството за мерка (што вие, веќе неколкупати, го признавте и самите) и, најодзади, од огромната, поплавувачка маса на умствените убедувања, кои вие, со сета ваша необична честитост, сè досега ги сфаќате како највистинските, природни и директни убедувања! Сложете се и самите, кнезу, дека во вашите односи со Настасја Филиповна уште во самиот почеток навлезе нешто релативно-демократско (се изразувам колку што можам пократко), така да речам, занес со „женското прашање“ (за да се изразам уште пократко). Та јас во детали ја знам целата таа чудна и скандалозна сцена што се случи кај Настасја Филиповна, кога Рогожин ги донесе своите пари. Ако сакате, јас можам да ве проанализирам лично вас како на прсти, да ве претставам вас самиот како во огледало, толку детално јас знам во што е работата и зошто така се

пресврте! Вие како младич, во Швајцарија, сте жедннееле по татковината, сте се стремеле кон Русија, како кон непозната но ветена земја; сте прочитале многу книги за Русија, можеби и одлични книги, но за вас штетни; сте се појавиле со првата побуда на жедта за дејствување, така да речам, сте се нафрлиле на дејствувањето! И ете, уште истиот ден, се запознавате со тажна историја, што продира длабоко во срцето, за една навредена жена, се запознавате вие, то ест рицар-девственик – и со жената! Истиот тој ден вие ја гледате таа жена; вие сте маѓепсани од нејзината убавина, фантастичната, демонска убавина! (зашто јас се сложувам дека таа е убавица). Додајте ги нервите, додајте ја вашата падавица, додајте го нашето, петербуршко јужење, што ги потресува нервите: додајте го сиот тој ден, во непознат и речиси фантастичен за вас град, ден на средби и на сцени, ден на нечекани познанства, ден на најнечекана стварност, ден на трите убавици Епанчини и меѓу нив Аглаја; додајте ја изморноста, вртоглавицата; додајте го салонот на Настасја Филиповна и тонот на тој салон, и . . . што сте можеле да очекувате од своја страна во таков миг, како мислите?

– Да, да, да, да, – нишаше со главата кнезот, почнувајќи да се вцрвува, – да, тоа е речиси така; и знаете ли, јас навистина речиси целата ноќ пред тоа не спиев, во возот, и уште една ноќ пред тоа, и бев мошне растроен . . .

– Та се разбира, а што велам јас? – продолжи Евгениј Павлович паѓајќи во уште поголем оган, – јасно е дека вие, така да речам, понесени, со восхит сте ја зграпчиле можноста јавно да изјавите една великодушна мисла, дека ете вие, роден кнез и чист човек, не ја сметате бесчесна жената, осрамотена не по нејзина вина, туку по вина на одвратен светски развратник. О, боже, та тоа е разбирливо! Но не е во тоа работата, мил кнезу, туку е во тоа: имало ли тука вистина, биле ли искрени вашите чувства, биле ли природни, или тоа било само еден умствен занес? Како мислите: во храмот ѝ било простено на жената, на иста таква жена, но не ѝ било кажано дека е добро

што ѓо прави, дека е достојна за секаква почест и почит? Зар вашиот сопствен здрав разум не ви потскажал, по три месеци, во што била работата? Та нека биде таа сега и невина, – јас нема да настојувам, зашто не сакам, – но зар сите нејзини доживувања можат да ја оправдаат нејзината толку неподнослива, ѓаволска гордост, толку дрскиот и толку алчниот егоизам? Проштавајте кнезу, јас запаѓам в оган, но...

– Да, сè е тоа возможно; можеби сте и во право... – почна пак да мрмори кнезот, – таа е навистина мошне раздразнета, и вие сте, се разбира, во право, но . . .

– Достојна е за сочувство? – тоа сакате да го кажете вие, добар кнезу? Но од сочувство и заради нејзино задоволство зар сте смееле да ја осрамотите другата, високата и чиста девојка, да ја понизите во о н и е надмени, во тие омразени очи? До каде, после ова, треба да стигнува сочувството? Зашто ова е неверојатно преувеличување. И зар е можно, сакајќи ја девојката, толку да ја понизите пред нејзината соперничка, да ја оставите заради друга, пред очите на истата таа друга, откако самите чесно ѝ ја побаравте раката . . . зашто вие сте ѝ ја побарале раката, вие сте ѝ го изјавиле тоа пред нејзините родители и пред нејзините сестри! И по сето ова дали сте вие чесен човек, кнезу, дозволете ми да ве прашам? И . . . зар не сте ја измамиле божествената девојка, убедувајќи ја дека ја љубите?

– Да, да, вие сте во право, ох, чувствувам дека сум виновен! – проговори кнезот со неподнослива тага.

– Та зар ова е доволно? – викна Евгениј Павлович во негодување, – зар е доволно само да се извика: „виновен сум!“ Виновен сте, а и понатаму сте упорни! И каде ви беше тогаш срцето, вашето „христијанско“ срце! Зашто вие сте ѝ го виделе лицето во тој миг: што, зар таа помалку страдала, одошто о н а а, одошто в а ш а т а друга, заводницата? И кога сте го виделе, како сте дозволиле? Како?

– Но . . . јас и не дозволив . . . – промрмори кнезот.

– Како не сте дозволиле?

– Жими бога, јас ништо не дозволив. Јас досега не разбирам како се изврши сето тоа . . . јас . . . јас потрчав тогаш по Аглаја Ивановна, а Настасја Филиповна се онесвести; а после, сè не ме примаат, и досега не ве примаат кај Аглаја Ивановна.

– Сеедно! Вие моравте да трчате по Аглаја Ивановна, та макар другата и да лежела во несвест!

– Да . . . да, морав . . . но таа ќе умреше! Таа ќе се убиеше, вие не ја знаете, и . . . сеедно, јас сето тоа ќе ѝ го објаснев после на Аглаја Ивановна, и . . . Гледате ли, Евгениј Павлович, јас гледам дека вие, се чини, не знаете сè. Кажете ми, зошто не ме пуштаат кај Аглаја Ивановна? Јас сè би ѝ објаснил. Гледате ли: тие обете тогаш не говореа за она што требаше, воопшто не, затоа и излезе така меѓу нив . . . Јас никако не можам да ви го објаснам тоа; но на Аглаја Ивановна можеби и би ѝ објаснил . . . Ох, боже мој, боже мој! Вие говорите за нејзиното лице во тој миг, како истрча таа тогаш . . . о, боже мој, паметам! Да појдеме, да појдеме! – го повлече тој наеднаш Евгениј Павлович за ракав, забрзано станувајќи од местото.

– Каде?

– Да појдеме кај Аглаја Ивановна, да појдеме веднаш! . . .

– Но таа не е во Павловск, јас ви реков, а и зошто да одиме?

– Таа ќе разбере, таа ќе разбере! – мрмореше кнезот, склопувајќи ги молбено рацете, – таа ќе разбере дека сето ова не е она вистинското, туку е нешто сосема друго, сосема друго!

– Како сосема друго? Та вие сепак се жените? Значи останувате на своето . . . Ќе се жените вие, или не?

– Та се разбира . . . се женам; да, се женам!

– Тогаш како е тоа нешто друго?

– О не, тоа е нешто друго, нешто друго! Не е ништо што се женам, тоа не е ништо!

– Како тоа не е ништо? Та не е тоа мала работа? Вие се жените со жената што ја љубите, за да ја усреќите, а Аглаја Ивановна го гледа тоа и знае, како тогаш не е ништо?

– Да ја усреќам? О, не! Јас само онака се женам; таа тоа го сака; та и што има во тоа што се женам: јас . . . Па, тоа е сеедно! Само таа сигурно ќе умреше. Јас гледам сега дека тој брак со Рогожин беше безумност! Јас сега го сфатив она, што не го разбирав порано и гледате: кога тие и обете стоеја тогаш една наспроти друга, јас тогаш не можев да го поднесам лицето на Настасја Филиповна . . . Вие преѓеска добро кажавте за оној прием кај Настасја Филиповна; но тука имаше и уште нешто, што пропуштивте, зашто не го знаете: јас ѝ го гледав лицето! Јас уште изутрината, кога го видов портретот, не можев да го поднесам . . . Ете, на пример, Вера Лебедева има сосема поинакви очи; јас . . . јас се плашам од нејзиното лице! – додаде тој со необичен страв.

– Се плашите?

– Да; таа е безумна! – прошепоти тој пребледнувајќи.

– Сигурни ли сте во тоа? – праша Евгениј Павлович необично заинтересирано.

– Да, сигурен сум; сега сум веќе сосема сигурен; сега, овие денови, веќе сосема се убедив!

– Што правите тогаш со себеси? – исплашено викна Евгениј Павлович, – вие, значи, се жените поради некаков страв? Ништо не можам да разберам . . . Можеби дури и без љубов?

– О, не, јас ја љубам со сета душа! Зашто таа е . . . дете; сега е таа дете, сосема е дете! О, вие ништо не знаете!

– И во исто време вие ја убедувате Аглаја Ивановна во вашата љубов?

– Ох, да, да!

– Како? Значи вие и обете ги љубите?

– О, да, да!

– Но дозволете, кнезу, што велите, дојдете на себеси!

– Јас без Аглаја . . . неопходно морам да ја видам! Јас . . . јас наскоро ќе умрам во сон, јас мислев дека минатата ноќ ќе умрам на сон. О, кога би знаела Аглаја, кога би знаела сè . . . то ест, неопходно сè. Зашто тука мора да се знае сè, тоа е прва работа!

Зошто ние никогаш не можеме да дознаеме сè за другиот, кога е тоа неопходно, кога е другиот виновен! ... Јас, впрочем, не знам што говорам, јас се заплеткав; вие ужасно ме поразивте мене ... И зар е можно сега таа да има такво лице, како тогаш, кога истрча? О, да, виновен сум! Најверојатно е дека сум јас за сè виновен. Јас уште не знам поради што имено, но виновен сум ... Тука има нешто што не можам да ви објаснам, Евгениј Павлович, и немам зборови, но Аглаја Ивановна ќе разбере! О, јас секогаш верував дека таа ќе разбере.

– Не, кнезу, нема да разбере! Аглаја Ивановна ве љубеше како жена, како човек, а не како ... апстрактен дух. Знаете ли, што, кутар мој кнезу: најверојатно од сè е тоа дека вие ниту едната, ниту другата никогаш не сте ги љубеле!

– Не знам ... можеби, можеби; вие во многу работи сте во право, Евгениј Павлович. Вие сте необично умен, Евгениј Павлович; ах, мене пак почнува да ме боли главата, да појдеме кај неа! живи бога, живи бога!

– Та ви велам дека таа не е во Павловск, таа е во Колмино.

– Да појдеме во Колмино, ајде веднаш!

– Тоа е не-воз-можно! – развлече Евгениј Павлович, станувајќи.

– Слушајте, јас ќе напишам писмо; однесете ѝ го писмото!

– Не, кнезу, не! Ослободете ме од такви пораки, не можам!

Тие се разделија. Евгениј Павлович си замина со чудни убедувања: и по негово мислење испаѓаше дека кнезот не си е сосема со умот. И што му значи тоа лицето, од кое тој се плаши и кое го љуби! А во исто време, тој и навистина можеби ќе умре без Аглаја, така што Аглаја можеби и никогаш не ќе дознае дека тој до таа мерка ја љубел! Ха-ха! И како е тоа да се љубат обете? Со некакви две различни љубови? Тоа е интересно ... кутриот идиот! И што ќе стане со него сега?

X

Сепак, кнезот не умре до својата свадба, ни најаве, ниту „на сон", како што му навестуваше на Евгениј Павлович. Можеби тој и навистина не спиеше добро и сонуваше лоши соништа; но дење, со луѓе, се чинеше добар и дури задоволен, напати само мошне замислен, но тоа само кога беше сам. Се иташе со свадбата; таа требаше да биде околу една недела по посетата на Евгениј Павлович. Во такво брзање дури и најдобрите пријатели на кнезот, ако воопшто ги имаше такви, би требало да се разочараат во своите напори „да го спасат" несреќниот безумник. Се ширеа гласови дека небаре за посетата на Евгениј Павлович делумно биле виновни генералот Иван Фјодорович и неговата сопруга, Лизавета Прокофјевна. Но тие и обајцата, од неизмерната добрина на своето срце, и да посакале да го спасат кутриот безумец од безднага, се разбира, морале да се ограничат само на овој слаб обид; ниту нивната положба, ниту, дури, можеби, душевното расположение (што е природно) не можеле да одговорат на посериозни напори. Ние спомнавме дека дури и оние околу него делумно му се спротивставија. Вера Лебедева, впрочем, се ограничи само на солзите кога е сама и уште на тоа што повеќе си седеше дома, а наѕирнуваше кај кнезот помалку одошто порано. Коља во тоа време го закопуваше татка си; старецот умре од вториот удар, по едно осум дни по првиот. Кнезот изрази мошне големо сочувство во несреќата на семејството и првите денови по неколку часови поминуваше кај Нина Александровна; беше на закопот и во црквата. Многумина забележаа дека публиката што се наоѓаше во црквата не можеше да се воздржи да не го пресретнува и испраќа кнезот со шепотење; истото се случуваше и на улиците и во паркот: кога тој минуваше пеш или со кочија, се слушаше разговор, го спомнуваа неговото име, го покажуваа, се слушаше името на Настасја Филиповна. Ја бараа неа и на закопот, но таму неа ја немаше. Ја немаше на закопот и капетаницата, која сепак успеа да ја запре и навреме да ја оневозможи Лебедев. Пее-

њето на умрениот остави на кнезот силен и болен впечаток; тој му шепна на Лебедев уште во црквата, одговарајќи му на некое прашање, дека првпат присуствува на православно отпејување и дека само од детството паметел уште едно отпејување во некоја селска црква.

– Да, небаре не лежи тој истиот човек во сандакот, кого ние уште така неодамна кај нас го направивме претседател, паметите ли? – му шепна Лебедев на кнезот, – кого го барате, господине?

– Онака, ништо, ми се стори . . .

– Да не го барате Рогожин?

– Зар тој е тука?

– Во црквава е.

– Ах така, затоа небаре му ги видов очите, – промрмори кнезот збунето, – а како . . . зошто тој? Поканет е?

– Воопшто не им паѓало на ум. Та тој воопшто не се ни познава со нив. Секакви има тука, господине, публика. И зошто сте се почудиле толку? Јас сега често го сретнувам; веќе три-четирипати последнава недела го имам сретнато тука, во Павловск.

– Јас уште ниеднаш го немам видено . . . оттогаш . . . промрмори кнезот.

Бидејќи Настасја Филиповна исто така ниеднаш уште не му соопштила дека го сретнала „оттогаш" Рогожин, кнезот сега дојде до заклучок дека Рогожин којзнае зошто сега нарочно му се појавува пред очи. Сиот тој ден тој беше длабоко замислен; Настасја Филиповна пак беше необично весела сиот тој ден и таа вечер.

Коља, кој се помири со кнезот уште пред смртта на татка си, му предложи да ги покани за кумови (зашто работата беше насушна и неодложна) Келер и Бурдовски. Тој гарантираше за Келер дека овој ќе се држи пристојно, а може и да „користи", а за Бурдовски немаше ни што да се зборува, тоа беше тивок и скромен човек. Нина Александровна и Лебедев му префрлија на кнезот дека, ако веќе свадбата била решена, зошто тогаш да биде во Павловск, и уште одозгора во монденска сезона на летување, зошто

така јавно? Не ќе ли било подобро во Петербург и дури да не се оди в црква, туку дома? На кнезот премногу јасно му беше кон што водеа сите овие бојазни; но тој одговори кратко и едноставно; таква била цврстата желба на Настасја Филиповна.

Утредента се појави кај кнезот и Келер, известен за тоа дека е кум. Пред да влезе тој запре на вратата и, штотуку го виде кнезот, ја крена нагоре десната рака и со исправен показалец извика како да дава заклетва:

– Не пијам!

Потоа му пријде на кнезот, силно му ги стегна и му ги протресе обете раце и изјави дека, се разбира, во почетокот, кога чул, бил против, што и изјавил додека играл билијард, и тоа за ништо друго, туку само затоа што секојдневно му ја пожелувал на кнезот, со нестрпливост на пријател, ништо друго освен принцезата де Роган; но сега гледал дека кнезот мисли најмалку дванаесетпати поблагородно одошто сите тие „заедно земени“! Зашто нему не му бил потребен ниту сјајот, ниту богатството и дури ниту почестите, туку само – вистината! Симпатиите на високите личности биле мошне познати, а кнезот мошне висок со своето образование, за да не биде висока личност, говорејќи воопшто! Но дека „никаквиците и секаков џган инаку суделе; во градот, во домовите, на собирите, во летниковците, на музиката, во пивниците, крај билијардите само и се говорело, се кревало врева само за настанот што претстоел. Се говорело дека уште, така да речам, првата ноќ сакале да ви приредат под прозорците мачја музика! Ако ви е потребен, кнезу, пиштолот на еден чесен човек, готов сум половина дузина благородни истрели да изменам, пред да станете другата изутрина од медената постела“. Исто така му советуваше, плашејќи се од голем прилив на љубопитни, по излегувањето од црквата да намести во дворот пожарно црево; но Лебедев се спротивстави: „Куќата, рече, парчиња ќе ми ја сторат, во случај на пожарно црево“.

– Овој Лебедев интригира против вас кнезу, жими бога! Тие сакаат да ве стават под државен надзор,

може ли да си го претставите тоа, со сè, со слободната волја, со парите, то ест, со двете работи по што се разликуваме од четириножните! Имам слушнато, највистински имам слушнато! Чиста и најчиста вистина!

Кнезот се сети дека и самиот веќе имал чуено нешто слично но, се разбира, не обрнал внимание. Тој и сега само се насмеа и истиот миг пак заборави. Лебедев навистина извесно време трчаше за нешто; сметките на овој човек секогаш се зародуваа небаре од вдахновение и од излишна пламеност се компликуваа, се разгрануваа и се оддалечуваа од појдовната точка на сите страни; ете зошто во малку работи тој успеваше во животот. Кога тој подоцна дојде, речиси на самиот ден на свадбата, кај кнезот со покајување (тој имаше неизбежна навика секогаш да дојде да се покајува кај оние против кои правеше интриги, а особено кога не му успеваа), му соопшти дека тој бил роден како Талјеран и не знае на кој начин останал само Лебедев. Потоа му ја откри целата игра, при што необично го заинтересира кнезот. По негови зборови, тој почнал со тоа, што тргнал да бара покровителство од високи личности, на кои, во случај на потреба, да може да се потпре и одел кај генералот Иван Фјодорович. Генералот Иван Фјодорович бил во недоумица, мошне му сакал добро на „младичот", но изјавил дека „колку и да сака да го спаси, непристојно било да се меша во тоа". Лизавета Прокофјевна не посакала ниту да го чуе, ниту да го види; Евгениј Павлович и кнезот Ш. само мавтале со рацете. Но тој, Лебедев, не се обесхрабрил и се посоветувал со некојси фин правник, почитуван старец, кој му бил голем пријател и речиси добротвор; овој дошол до заклучок дека работата била сосема остварлива, само кога би имало сведоци компетентни за умственото растројство и полното безумство, и притоа било главно покровителството на високи личности. Лебедев не се откажал, и по ова, и еднаш му довел на кнезот дури и лекар, исто така почитувано старче, на летување, со орден на Ана на вратот, само заради тоа да ја разгледа, така да се рече, самата околина, да се запознае со кнезот и засега неофицијално, но, така да се рече, другарски да

му се соопшти неговиот заклучок. Кнезот се сеќаваше на таа посета на докторот; тој се сеќаваше дека Лебедев уште ден пред тоа му додеваше со тоа дека не бил здрав, и кога кнезот одлучно ја одби медицината, наеднаш се појави со докторот, под изговор дека и обајцата доаѓале откај господинот Терентјев, на кој му било мошне лошо и дека докторот имал нешто да му соопшти на кнезот. Кнезот го пофали Лебедев и го прими докторот со извонредна љубезност. Веднаш почнаа да разговараат за болниот Иполит; докторот го замоли што подетално да му ја раскаже тогашната сцена на самоубиството, и кнезот сосема го заинтересира со своето раскажување и објаснување на настанот. Почнаа да зборуваат за петербуршката клима, за болеста на самиот кнез, за Швајцарија, за Шнајдер. Со излагањето на системот на лечењето на Шнајдер и со своите раскажувања кнезот толку го заинтересира докторот, што овој остана два часа; притоа тој ги пушеше одличните цигари на кнезот, а од страната на Лебедев се појави мошне вкусен домашен ликер, кој го донесе Вера, при што докторот, женет и домаќински човек, се впушти во давање на необични комлименти, со што пробуди во неа длабоко негодување. Се разделија пријателски. Кога излезе откај кнезот, докторот му соопшти на Лебедев дека ако требало сите вакви да се ставаат под старателство, кој тогаш ќе останел да биде старател? На трагичното пак излагање на Лебедев, за настанот што наскоро престоеше, докторот лукаво и заговорнички нишаше со главата и, најодзади, забележа дека, да не се зборува за тоа, зашто „малку ли кој се жени со којзнае кој“, дека „заводливата личност, колку што имал тој чуено, освен неизмерната убавина, што е самото доволно да привлече еден богат човек, имала и капитал, од Тоцки и од Рогожин, бисери и брилијанти, шалови и мебел; и поради тоа изборот на кнезот не само што не зборува за неговата, така да се рече, очигледна глупост, туку дури и сведочи за лукавост на еден префинет светски ум и сметка, и според тоа помага да се дојде до спротивен заклучок, што е за кнезот сосема пријатно“ . . . Оваа мисла го порази и Лебедев; тој притоа

и остана и сега тој му додаде на кнезот, „сега, освен верност и пролевање на крв, не ќе видите ништо друго од мене; поради тоа и ви се јавив“.

Кнезот овие последни денови го занимаваше и Ипполит; тој мошне често му порачуваше да дојде. Тие живееја близу, во мала куќарка; малите деца, братот и сестрата на Ипполит, беа барем затоа задоволни со летниковецот, што можеа да побегнат од болниот во градината; кутрата пак капетаница останувaше на неговата милост и потполно негова жртва; кнезот мораше да ги разделува и да ги смирува секојдневно и болниот продолжуваше да го вика своја „негователка“, истовремено небаре не смеејќи да не го презира поради неговата улога на смирувач. Тој мошне му префлаше на Коља што овој речиси не доаѓаше кај него, останувајќи отпрвин со таткото што му беше на умирање, а потоа со мајката што стана вдовица. Најодзади, како цел на своите подбивања тој го постави блискиот брак на кнезот со Настасја Филиповна и заврши со тоа, што го навреди кнезот и го изведе, најпосле, од трпение, така што овој престана да го посетува. По два дена, изутрината му се довлечка капетаницата и облеана со солзи го замоли кнезот да повела кај нив, инаку оној ќе ја изеде. Таа додаде дека тој сакал да му открие некоја голема тајна. Кнезот отиде. Ипполит посака да се смират, заплака и по плачењето, се разбира, стана уште позлобен, но само се плашеше да ја покаже злобата. Тој беше во мошне лоша состојба и по сѐ се гледаше дека сега веќе наскоро ќе умре. Немаше никаква тајна, освен прекумерните молби, така да речеме, задушени од возбуда (можеби наместена) да се „чува од Рогожин“. „Тоа е таков човек што нема да остапи од своето; ние, кнезу, не можеме да се мериме со него: тој ако посака, нема да му затрепери раката“ . . . и т.н. и т.н. Кнезот почна да го прашува подетално, сакаше да дојде до некои факти; но немаше никакви факти, освен личните насетувања и впечатоци на Ипполит. За свое извонредно задоволство, Ипполит заврши така, што најпосле ужасно го исплаши кнезот. Отпрвин кнезот не сакаше да одговора на некои негови необични прашања и само

се насмевнуваше на советите: „да бега дури и во странство; секаде има руски свештеници и таму може да се венча“. Но, најпосле, Ипполит заврши со следната мисла: „Зашто јас се плашам единствено за Аглаја Ивановна; Рогожин знае колку ја љубите вие; љубов за љубов; вие му јаземавте Настасја Филиповна, тој ќе ја убие Аглаја Ивановна; макар што таа сега не е ваша, а сепак, ќе ви биде тешко, зар не?“ Тој ја постигна целта; кнезот си отиде дома сиот избезумен.

Тие предупредувања за Рогожин дојдоа веќе пред самата свадба. Таа вечер, последниот пат пред венчавањето, кнезот се виде и со Настасја Филиповна; но Настасја Филиповна не беше во состојба да го смири и, дури и напротив, во последно време сè повеќе и повеќе ја засилуваше неговата збрканост. Порано, то ест пред неколку денови, таа на средбите со него ги употребуваше сите напори за да го развесели ужасно се плашеше од неговиот тажен изглед; се обидуваше дури и да му пее; а најчесто му раскажуваше сè што можеше да се сети смешно. Кнезот секогаш речиси се преправаше дека му е мошне смешно, а напати и вистински се смееше на блескавиот ум и светлите чувства со кои таа понекогаш раскажуваше, кога ќе се занесеше, а таа се занесуваше често. Гледајќи ја пак смеата на кнезот, гледајќи го впечатокот што го оставила на него, таа се одушевуваше и почнуваше да се гордее со себеси. Но сега тагата и задлабоченоста во мисли ѝ пораснуваше речиси секој час. Неговото мислење за Настасја Филиповна беше утврдено, инаку, се разбира, сè во неа ќе му се сторешe сега загадочно и несфатливо. Но тој искрено веруваше дека таа може уште да воскресне. Тој со полно право му рече на Евгениј Павлович дека искрено и наполно ја сака и неговата љубов кон неа содржеше нешто како наклонетост кон некое кутро и болно дете, кое е тешко, дури и невозможно да се остави да прави што сака. Тој никому не ги објаснуваше своите чувства кон неа, и дури и не сакаше да говори за тоа, кога веќе не можеше да го избегне разговорот; со самата пак Настасја Филиповна тие никогаш, седејќи заедно, не

разговараа „за чувствата“, небаре и обајцата си дале збор за тоа. Во нивниот обичен, жив и весел разговор можеше секој да учествува. Дарја Алексеевна раскажуваше подоцна дека целото тоа време таа само им се восхитувала и се радувала гледајќи ги нив.

Но токму тој поглед на душевната и умствената состојба на Настасја Филиповна го ослободуваше делумно и од многу други недоумици. Сега таа беше сосема поинаква жена од онаа, каква што ја знаеше тој од пред три месеци. Тој сега повеќе не се грижеше, на пример, за тоа зошто таа толку го одбегнуваше бракот со него, со солзи, проклетства и префрлања, а сега самата настојува што поскоро да биде свадбата? „Значи, повеќе не се плаши, како тогаш, дека тој брак ќе ми донесе несреќа“, – си мислеше кнезот. Толку брзо појавената сигурност во себеси, според него, не можела да биде природна кај неа. Та не можела да се јави таа сигурност само од омразата кон Аглаја: Настасја Филиповна умееше да чувствува малку подлабоко. Исто така и не од стравот пред судбината со Рогожин. Со еден збор, тука можеле да имаат важност сите тие причини заедно со другите; но за него беше сè појасно дека тука се крие токму она, во што се сомневаше тој веќе одамна и дека кутрата, болна душа не издржала. Сето тоа, макар што го ослободуваше, на извесен начин, од дилеми, не можеше да му даде ниту спокојство, ниту одмор целото ова време. Напати, тој небаре се трудеше да не мисли за ништо; бракот тој, се чини, и навистина го гледаше како некоја безначајна формалност; својата сопствена судбина тој мошне малку ја ценеше. Што се однесува пак до оспорувањата, до разговорите слични на оној со Евгениј Павлович, тука тој навистина не би можел ништо да одговори и се чувствуваше сосема некомпетентен, и затоа и избегнуваше секаков разговор од таков вид.

Тој, впрочем, забележа дека Настасја Филиповна мошне добро знаела и разбирала што му значеше нему Аглаја. Таа само не говореше, но тој ѝ го гледаше нејзиното „лице“ во тие моменти, кога таа понекогаш во почеток го затечуваше како се готви да оди

кај Епанчини. Кога си заминаа Епанчини, таа небаре се разведри. Колку и да не беше способен да забележува и да се досетува, сепак почна да го обеспокојува мислата дека Настасја Филиповна може да направи некој скандал само за да ја присили Аглаја да го напушти Павловск. Целата врева околу свадбата во сите летниковци беше, се разбира, поддржана делумно и од Настасја Филиповна за да ја раздразни соперничката. Бидејќи беше тешко да се сретнат некаде Епанчини, Настасја Филиповна еднаш, откако го седна кнезот во нејзината кочија, му нареди на кочијашот да поминат покрај самите прозорци на нивниот летниковец. Ова за кнезот беше страшно изненадување; тој се сепна, како што си имаше обичај, веќе кога не можеше да се поправи работата и кога кочијата веќе минуваше крај самите прозорци. Тој не рече ништо, но по ова два дена со ред беше болен; Настасја Филиповна повеќе не го повторуваше овој обид. Последните денови пред свадбата таа почна мошне бргу да се задлабочува во мисли; секогаш таа завршуваше со тоа што ја совладуваше својата тага и станувавше пак весела, но некако потивко, не толку бучно, некако не онака среќно весела како порано, уште толку неодамна. Кнезот го удвои своето внимание. Му беше чудно што таа никогаш не почнуваше со него разговор за Рогожин. Само еднаш, околу пет дни пред свадбата, наеднаш дојде човек пратен од Дарја Алексеевна да го покани веднаш да дојде, зашто на Настасја Филиповна ѝ било мошне лошо. Тој ја најде во состојба наполно слична на безумство: таа извикуваше, трепереше, викаше дека Рогожин бил скриен во градината, кај нив дома, дека пред малку го видела, дека тој ноќе ќе ја убиел . . . ќе ја заколел! Целиот ден таа не можеше да се смири. Но, истата вечер, кога кнезот на неколку минути намина кај Ипполит, капетаницата која штотуку се беше вратила од градот, каде одела за некои свои работи, раскажуваше дека во Петербург, во нејзиниот стан денес ѝ дошол Рогожин и се распрашувал за Павловск. На прашањето на кнезот, кога имено бил кај неа Рогожин, капетаницата го рече речиси истиот час во кој Настасја Филиповна небаре го видела во сво-

јата градина. Беше јасно дека тоа било обично привидување; Настасја Филиповна лично била кај капетаницата подетално да се распраша и мошне се смири.

Вечерта пред свадбата кнезот ја остави Настасја Филиповна мошне воодушевена: од Петербург, од шивачката стигна облеката за утре, венчален фустан, украс за главата и многу други работи. Кнезот и не очекуваше дека таа до тој степен ќе биде возбудена од облеката; тој лично сето тоа го фалеше и од неговите пофалби таа станувaше уште посреќна. Но таа се издаде: таа веќе чула дека во градот имало негодување и дека некои обесеници навистина се готвеле да ѝ приредат мачја музика и дури со стихови, специјално измислени, и дека сето тоа речиси наидувало на одобрување од целото општество. И ете, таа токму сега посакала уште повисоко да ја крене главата над нив, да ги засени со вкусот и богатството на облеката, – „нека врева̂т, нека свиркаат, ако најдат смелост!“ Само од помислата на тоа ѝ светкаа очите. Таа имаше уште една потајна желба, но гласно таа не ја искажуваше: таа си замислуваше дека Аглаја, или пак некој пратен од неа, исто така ќе биде во толпата, инкогнито, во црквата, ќе ја гледа и ќе ја види, и таа во себе си се приготвуваше. Се раздели таа од кнезот сета зафатена со овие мисли, околу единаесет часот вечерта; но уште не изби ни полноќ, кога дотрчаа кај кнезот испратени од Дарја Алексеевна, „што поскоро да дојде, зашто е мошне лошо“. Кнезот си ја најде невестата заклучена во спалната, во солзи, во очајание, во хистерија; таа долго не слушаше ништо што ѝ говореше низ заклучената врата, најпосле му отвори, го пропушти само кнезот, ја заклучи вратата кога тој влезе и падна пред него на коленици. (Барем така говореше подоцна Дарја Алексеевна, која успеа по нешто да види.)

– Што правам јас! Што правам јас! Што сакам да ти сторам! – викна таа грчевито прегрнувајќи му ги нозете.

Кнезот цел час остана покрај неа; не ни е познато за што говореа тие. Дарја Алексеевна раскажуваше дека по еден час тие се разделија смирени и среќни.

Кнезот уште еднаш праќаше човек таа ноќ да се распраша, но Настасја Филиповна веќе беше заспана. Изутрината, уште пред да се разбуди, доаѓаа уште двајца кај Дарја Алексеевна, пратеници од кнезот, и веќе на третиот испратен човек му беше порачано дека „околу Настасја Филиповна сега бил цел рој модискињи и фризери од Петербург, дека немало ни трага од вчерашното расположение, дека таа била зафатена, само како што може да биде зафатена со својата облека една таква убавица пред венчавање и дека сега, токму во тој миг, се одржува големо советување што имено да се стави од дијамантите и како да се стави?“ Кнезот наполно се смири.

Сите натамошни податоци за оваа свадба ги раскажуваа луѓето кои биле добро известени, и, се чини, точно, и тоа следното:

Венчавањето беше закажано за осум часот попладне; Настасја Филиповна беше готова уште во седум. Веќе од шест часот почнаа полека да се собираат толпи љубопитни околу летниковецот на Лебедев, но особено многу околу куќата на Дарја Алексеевна; од седум часот почна да се исполнува црквата. Вера Лебедева и Коља беа опфатени од ужасен страв за кнезот; но тие имаа мошне многу работа дома: тие го приготвуваа во собите на кнезот приемот и гоштевањето. Впрочем, по венчавањето речиси и не се приготвуваше некој собир; освен неопходните лица, кои ќе присуствуваат на склучувањето брак, беа поканети од Лебедев Птицин, Гања, докторот со орденот на Ана на вратот, Дарја Алексеевна. Кога кнезот се заинтересира кај Лебедев зошто му паднало на ум да го покани докторот, „речиси сосема непознат“, Лебедев самозадоволно одговори: „Има орден на вратот, човек достоен за почит, господине, за да ни личи“ – и го насмеа кнезот. Келер и Бурдовски, во фракови и со наракавици, изгледаа мошне пристојно; само Келер сè уште го збунуваше малку кнезот и своите довереници со извесна своја отворена наклонетост за тепачка и ги гледаше љубопитните, што се собираа околу куќата, мошне непријателски. Најодзади, во седум и пол кнезот се упати во црква, во кочија. Треба тука да забе-

лежиме дека тој самиот нарочно не сакаше да се пропушти нешто од обичаите и од постојните навики; сè се вршеше гласно, јавно, отворено и „како што е ред". Во црквата, откако мина некако низ толпата, придружен од непрестајното шепотење и повици во публиката, воден од Келер, тој фрлаше лево и десно застрашувачки погледи, кнезот за извесно време се засолна во олтарот, а Келер се упати по невестата, каде, крај влезот на Дарја Алексеевна најде толпа не само двојно или тројно погуста од онаа кај кнезот, туку, можеби, дури и тројно послободна. Кревајќи се по влезните скали, тој слушна такви повици, што не можеше да издржи и веќе сосема се сврте кон публиката со цел да изговори еден соодветен говор, но, за среќа, беше спречен од Бурдовски и од самата Дарја Алексеевна, која истрча надвор; тие го грабнаа и сосила го одведоа внатре. Келер беше раздразнет и иташе. Настасја Филиповна се појави, се погледна уште еднаш во огледало, забележа, со „искривена" насмевка, како што пренесуваше подоцна Келер, дека е „бледа како мртовец", побожно се поклони пред иконата и излезе надвор. Врева од гласови го поздрави нејзиното појавување. Навистина, во првиот миг се слушна смеа, ракоплескања, дури и свиркања; но по еден миг веќе можеа да се слушнат и поинакви гласови:

– Каква убавица! – викаше толпата.

– Таа не е ни првата ни последната!

– Со венчавањето сè се прикрива, будали!

– Е, само најдете ми уште една таква убавица, ура! – викаа оние поблиску.

– Кнегиња! За таква кнегиња јас и душата би ја продал! – викна некој си ситен чиновник. – „Со цената на живот, ноќ моја! . . ."

Настасја Филиповна излезе навистина бледа, како крпа; но големите црни очи ѝ светкаа кон толпата како вжарени јаглења; токму тој поглед толпата не можеше да го издржи; негодувањето се претвори во восхитени повици. Веќе се отворија вратичките на кочијата Келер веќе ѝ ја подаде раката на невестата, кога таа наеднаш викна и појури од излезот право

меѓу народот. Сите што ја придржуваа се стаписаа од вчудовидување, толпата се отвори пред неа и на околу пет, шест чекори од влезот се појави наеднаш Рогожин. Токму неговиот поглед и г о беше доловила Настасја Филиповна во толпата. Таа дотрча до него како избезумена и го зграпчи за обете раце.

– Спаси ме! Однеси ме! каде што сакаш, веднаш!

Рогожин ја крена речиси на раце и речиси ја донесе до кочијата. Потоа, за еден миг извади од портмонето банкнота од сто рубли и му ја подаде на кочијашот.

– На железничката станица, а ако стигнеш на возот, ќе добиеш уште една!

И самиот скокна во кочијата по Настасја Филиповна. Кочијашот не се двоумеше ниту за миг и удри по коњите. Келер се оправдуваше подоцна со ненадејноста: „Уште еден миг и јас ќе се снајдев, јас не ќе дозволев!" – објаснуваше тој, раскажувајќи за станатото. Тој фати со Бурдовски друга кочија, која се најде тука, и веќе тргна во потрага, но веќе патем се премисли, зашто „во секој случај е доцна! Со сила не ќе ја вратиш!"

– А и кнезот нема да сака! – реши потресениот Бурдовски.

А Рогожин и Настасја Филиповна на време стигнаа на станицата. Кога излезе од кочијата, Рогожин, речиси качувајќи се на возот, стигна да запре една девојка која минуваше со стара но пристојна наметка во некоја темна боја и со свилена шамија префрлена преку главата.

– Сакате ли педесет рубли за вашата наметка, – ѝ подаде тој наеднаш пари на девојката. Додека таа стигна да се вчудовиди, додека уште се готвеше да сфати, тој веќе ѝ стави во рака педесет рубли, ја симна наметката и шамијата и ѝ ги наметна на грбот и на главата на Настасја Филиповна. Мошне прекрасната нејзина облека паѓаше в очи, би го привлекла вниманието во возот, а девојката дури подоцна сфати зошто ѝ беше купена старата наметка што не чинеше ништо, за толку големи пари.

Гласот за слученото стигна во црквата со нео-

бична брзина. Кога Келер се пробиваше кај кнезот, множество нему сосема непознати луѓе се втурнуваа да го распрашуваат. Се слушаше гласен разговор, со нишање на главите и дури и смеа; никој не излегуваше од црквата, сите чекаа како ќе ја прими веста младоженецот. Тој пребледе но веста ја прими проговорувајќи тивко, одвај чујно: „Се плашев, но сепак не мислев дека ова ќе се случи . . .“ а потоа, откако помолчи малку, додаде: „Впрочем . . . во нејзината состојба . . . тоа си е сосема како што можеше да се очекува“. Ваквиот одзив Келер веќе подоцна самиот го наречуваше како „беспримерна филозофија“. Кнезот излезе од црквата навидум спокоен и бодар; барем така многумина забележија и подоцна раскажуваа. Се чинеше дека тој најмногу сака да стигне до дома и поскоро да остане сам; но ова не му го дадоа. По него влегоа во соба и некои од поканетите, меѓу другите и Птицин, Гаврило Ардалионович а со нив и докторот, кој исто така немаше намера да си замине. Освен тоа, целата куќа буквално беше опсадена со безделничари. Уште од терасата кнезот слушна како Келер и Лебедев навлегоа во жестока расправија со некои наполно непознати, иако навидум достоинствени луѓе, кои по секоја цена сакаа да се качат на терасата. Кнезот им пријде на овие што се расправаа, се распраша во што е работата и, откако учтиво ги отстрани Келер и Лебедев, деликатно му се обрна на еден веќе со побелени коси солиден господин, кој стоеше на скалите од влезот на чело на неколкумина други заинтересирани, и го покани да му стори чест и да го удостои со својата посета. Господинот се засрами, но сепак влезе; по него и другиот и третиот. Од целата толпа се најдоа седум-осум души посетители, кои и влегоа, трудејќи се да го сторат тоа колку што можеа послободно; но повеќе не се најдоа доброволци и наскоро, во самата толпа, почнаа да ги осудуваат натрапниците. Овие што влегоа беа поканети да седнат, почна разговор, почна да се служи чај, – сето тоа мошне пристојно, скромно, за извесно вчудоневидување на дојдените. Имаше, се разбира, неколку обиди да се развесели разговорот и да се доведе до „соодветната“ тема; беа

изговорени неколку нескромни прашања, беа направени некои „смели“ забелешки. Кнезот на сите им одговараше толку едноставно и пресретливо и во исто време со таква достоинственост, со таква убеденост во пристојноста на своите гости, што нескромните прашања стивнаа сами од себе. Лека-полека, разговорот почна да станува речиси сериозен. Еден господин, фаќајќи се за збор, наеднаш се заколна со необично негодување дека немало да си го продаде имотот, па што и да се случи: дека, напротив, ќе чекал и ќе дочекал и дека „претпријатијата се подобри од парите“; „ете, милостив господине, во што се состои мојот економски систем, можете да знаете“. Бидејќи тој му се обрнуваше на кнезот, кнезот пламено го пофали, без оглед на тоа што Лебедев му шепотеше на уво дека овој господин немал ни куче ни маче и никогаш немал никаков имот. Мина околу еден час, го испија чајот, и по чајот на гостите најпосле им стана незгодно понатаму уште да седат. Докторот и господинот со бели коси пламено се поздравија со кнезот; а и сите се поздравуваа пламено и бучно. Се изговараа желби и мислења, слични на тоа дека „нема зошто да жали и дека можеби така било и подобро“ и така натаму. Имаше, навистина, обиди да се побара шампањско, но постарите гости ги запреа помладите. Кога сите си се разотидоа, Келер се наведна кон Лебедев и го извести: „Да сме ние двајцата, ќе креневме врева, ќе се истепавме, ќе се изрезилевме, ќе ја привлечевме милицијата; а тој, ене, си се здоби со нови пријатели, и тоа уште какви; ги познавам јас!“ Лебедев, кој беше прилично „готов“ воздивна и проговори: „Го скрил од премудрите и разумните и им го открил на младенците, јас тоа го велев уште пред да го видам него, но сега ќе додадам дека господ го сочува и самиот младенец, го спаси од бездната, тој и неговите светци!“

Најпосле, околу десет и пол, кнезот го оставија сам, него го болеше глава; најдоцна од сите си замина Кољა, кој му помогна да си ја смени свадбената облека со домашна. Тие пламено се разделија. Кољა не се распрашуваше на станатото, но му вети да дојде утредента порано. Тој посведочи подоцна дека кнезот

не го предупредил со ништо за последната разделба, значи и од него ги прикривал своите намери. Наскоро во целата куќа не остана речиси никој: Бурдовски замина кај Ипполит, Келер и Лебедев се упатија некаде. Само Вера Лебедева остана уште извесно време во собите, доведувајќи ги набрзина од празничен во делничен изглед. Заминувајќи, таа ѕирна кај кнезот. Тој седеше на маса потпрен на неа со двата лакта и со главата прекриена со рацете. Таа тивко му пријде и го допре за рамото; кнезот во недоумица ја погледна и речиси цела минута како да му требаше да се присети; но откако се сети и сфати сè, тој наеднаш западна во необична вознемиреност. Сè, впрочем, се разреши со необично врела молба кон Вера, утре изутрина, пред првиот воз, во седум часот да му чукне на вратата. Вера му вети; кнезот почна врело да ја моли никому да не го кажува тоа; таа му го вети и тоа, и, најпосле, кога веќе сосема ја беше отворила вратата за да излезе, кнезот ја запре и третпат, ја фати за рацете, ѝ ги бакна, потоа ја бакна самата неа в чело и со некаков „необичен" изглед ѝ проговори: „До утре!" Барем така подоцна кажуваше Вера. Таа замина мошне уплашена за него. Изутрината таа малку се охрабри, кога по седум часот, според договорот, му тропна на вратата и го извести дека возот за Петербург ќе замине по петнаесет минути; нејзе ѝ се стори дека тој ѝ отвори сосема свеж, и дури со насмевка. Тој речиси не се соблече ноќта, но, сепак, спиеше. По негово мислење тој можел да се врати уште денес. Испаѓаше, според тоа, дека единствено на неа тој нашол дека е можно и потребно да ѝ соопшти во тој миг дека заминува в град.

XI

По еден час тој веќе беше во Петербург, а во девет и нешто тој ѕвонеше на вратата на Рогожин. Тој влезе од предниот влез, и долго никој не му отвораше. Најпосле, се отвори вратата од станот на старицата Рогожина и се појави стара слугинка со пријатен изглед.

– Парфјон Семјонич го нема дома, – го извести таа не пречекорувајќи го прагот, – кој ви треба?

– Парфјон Семјонич.

– Го нема дома.

Слугинката го разгледуваше кнезот со чудна љубопитност.

– Кажете ми барем, дали тојноќеваше дома?

И . . . вчера сам ли се вратил?

Слугинката продолжуваше да го гледа, но ништо не му одговори.

– Не беше ли со него, вчера, овде . . . вечерта . . . Настасја Филиповна?

– А дозволете ми да ве прашам, кој сте вие?

– Кнез Лав Николаевич Мишкин, ние мошне добро се познаваме.

– Го нема дома, господине.

Слугинката го собори погледот.

– А Настасја Филиповна?

– Јас не знам ништо за тоа, господине.

– Чекајте, чекајте! Кога ќе се врати тој?

– И тоа не го знам, господине.

Вратата се затвори.

Кнезот реши да намина по еден час. Ѕирнувајќи во дворот, тој го пресретна чуварот на куќата.

– Дома ли е Парфјон Семјонич?

– Дома е.

– Како тоа, сега ми рекоа дека не бил дома?

– Горе ли ви е речено?

– Не, слугинката на неговата мајка, а кај Парфјон Семјонич јас ѕвонев и никој не ми отвори.

– Можеби излегол, – заклучи чуварот, – зашто тој не ме прашува. А напати и клучот ќе си го земе со себе, по три дни станот му стои заклучен.

– Сигурно ли знаеш дека вчера бил дома?

– Беше. Понекогаш ќе влезе откај предниот влез и не ќе го видиш.

– А ја немаше ли Настасја Филиповна вчера со него?

– Тоа не го знам, господине. Таа не повела често ваму; се чини дека би знаел кога би повелала.

Кнезот излезе и извесно време одеше замислен.

Прозорците на собите кои ги заземаше Рогожин сите беа затворени; прозорците од делот на неговата мајка речиси сите беа отворени; денот беше ведар, врел; кнезот ја мина улицата на спротивниот тротоар и запре уште еднаш да ги погледне прозорците: не само што тие беа зтворени, туку секаде беа спуштени и бели завеси.

Тој стоеше околу една минута и чудно, наеднаш му се стори дека крајот на една од завесите се приподигна и дека се појави лицето на Рогожин, се појави и исчезна во истиот миг. Тој почека уште и веќе реши да оди и пак да му ѕвони, но се премисли и реши да го одложи тоа за еден час: „Којзнае, може само ми се привиде . . .“

Сега тој, главно, иташе во Измаиловскиот полк, во недамнешниот стан на Настасја Филиповна. Нему му беше познато дека таа, кога се пресели, по негова молба, од Павловск, пред три недели, се насели во Измаиловскиот полк кај една своја пређешна добра пријателка, вдовица на учител, домаќинска и почитувана дама, која издаваше добар наместен стан, од што речиси и живееше. Најверојатно е дека Настасја Филиповна, кога се пресели пак во Павловск, го остави станот да ја чека; барем е најверојатно дека таа преноќила во тој стан, каде, се разбира, ја довел Рогожин минатата вечер. Кнезот зеде кочија. Патем му падна на ум дека оттука и морал да почне, зашто е неверојатно таа да дошла ноќе директно кај Рогожин. Тогаш тој се сети и на зборовите на чувар-куќата дека Настасја Филиповна не повелала таму често. Ако и без тоа не доаѓала често, зошто пак сега да дојде кај Рогожин? Охрабрувајќи се себеси со овие утехи, кнезот стигна, најодзади, во Измаиловскиот полк ни жив ни мртов.

За негово големо чудо кај вдовицата на учителот не само што ни вчера, ни денес не чуле ништо за Настасја Филиповна, туку и пред него самиот тие истрчаа да го погледаат како на некое чудо. Целото многубројно семејство на вдовицата, – сите девојчиња едно на друго до уво, почнувајќи од петнаесет до седум години, – излетаа по мајка си, го опкружија со

зинати усти. По нив излезе нивната жолта, слаба тетка во црна шамија и, најпосле, се појави бабата на семејството, мошне стара бабичка со очила. Вдовицата многу го молеше да влезе и да седне, што кнезот и го направи. Тој веднаш се досети дека ним им е добро познато кој е тој и дека тие одлично знаат дека вчера мораше да биде неговата свадба, и дека умираат од желбата да прашаат и за свадбата и за тоа чудо што тој сега се распрашува за онаа, која сега секако морала да биде со него, во Павловск, но дека се стеснуваат. Во кратки потези тој им ја задоволи љубопитноста во однос на свадбата. Почнаа изрази на вчудовидување, офкање и повици, така што тој мораше да раскаже и речиси сè друго, се разбира, во главни црти. Најодзади, советот на премудрите и вознемирени дами реши дека неопходно треба пред сè да се настои да се види Рогожин и од него да се дознае сè со сигурност. Ако пак него го нема дома (што треба сигурно да се дознае), или пак ако не посака тој да каже, тогаш да се појде во Семјоновски полк, кај една дама, Германка, пријателка на Настасја Филиповна, која живее со својата мајка: можеби Настасја Филиповна, во својата возбуденост и со желба да се сокрие, преноќила кај нив. Кнезот се крена сосема убиен; тие раскажуваа подоцна дека тој „ужасно побледнел"; и навистина, нему му се отсекоа нозете. Најодзади, низ страшната врева на гласовите, тој успеа да разбере дека тие го советуваат да дејствуваат заедно со него и прашуваат за неговата адреса во Петербург. Тој немаше адреса; го посоветуваа да отседне некаде во гостилница. Кнезот поразмисли и ја даде адресата на својата поранешна гостилница, истата онаа, каде пред пет-шест недели го имаше нападот. Потоа се упати пак кај Рогожин. Овојпат не само што не му беше отворено кај Рогожин туку не се отвори дури ни вратата од станот на старицата. Кнезот се симна кај чувар-куќата и одвај го пронајде во дворот; чувар-куќата беше зафатен со нешто и одвај одговараше, дури и одвај гледаше, но сепак сигурно му изјави дека Парфјон Семјонич излегол уште рано изутрината, заминал во Павловск и дека денеска нема да се врател дома.

– Јас ќе го почекам; можеби вечер ќе дојде?
– А можеби и цела недела да не дојде, кој го знае.
– Значи, сепак тој преноќи вчера тука?
– Преноќи, преноќи . . .

Сето тоа беше сомнително и не беше чисто. Сосема беше веројатно дека чувар-куќата можел во меѓувреме да добие нови инструкции: претеска беше дури мошне дрдорлив, а сега просто не сака ни да погледне в лице. Но кнезот реши уште еднаш да намине по два-три часа и да почека крај куќата, ако биде потребно, а сега му преостануваше надеж само кај Германката, и тој појури со кочија во Семјоновски полк.

Но кај Германката дури не го ни разбраа. По извесни зборови тој дури можеше да погоди дека убавицата Германка, пред две-три недели, се скарала со Настасја Филиповна, така што сите овие денови не чула ништо за неа и сега со сите сили даваше на знаење дека не ја интересира ни да чуе, „та макар се омажила и за сите кнезови на овој свет". Кнезот поита да излезе. Нему му падна, меѓу другото, и мислата дека таа можела да замине, како тогаш, во Москва, а Рогожин, се разбира, по неа, а можеби и со неа. „Макар некакви траги да пронајдам!" Тој се сети и за тоа дека мора да се смести во гостилницата и поита на Литејна; таму веднаш доби соба. Собарот го праша да не сака да појаде нешто; тој во својата расеаност му одговори дека сака и, кога се сепна, ужасно се разлути на себеси, зашто јадењето можеше да го задржи уште половина час и дури после се сети дека ништо не го присилуваше да не го остави послуженото јадење и да не го јаде. Чудно чувство го опфати во тој мрачен и задушлив ходник, чувство кое мачно се стремеше да се вообличи во некоја мисла; но тој сѐ не можеше да се досети во што се состоеше таа нова, натраплива мисла. Тој излезе најодзади, сиот избезумен, од гостилницата; му се вртеше во главата, но – каде, всушност, да оди? Тој пак појури кај Рогожин.

Рогожин не се беше вратил; на неговото ѕвонење никој не му отвораше; тој позвони кај старицата Рогожина; му беше отворено и исто така му беше речено

дека Парфјон Семјонич го немало, и можеби не ќе дошол два-три дни. Кнезот го збунуваше тоа што, како и преќеска, го разгледувала со толкава љубопитност. Чувар-куќата овојпат тој воопшто не го најде. Тој излезе, како и преќеска, на спротивниот тротоар, гледаше во прозорците и шеташе на мачен припек околу половина час, можеби и повеќе; но овојпат ништо не се помрдна; прозорците сè уште беа затворени, белите завеси беа неподвижни. Тој конечно се убеди себеси дека сигурно и преќеска само така му се привиде, дека дури и прозорците, по сè изгледа, беа толку темни и толку одамна немиени, што и тешко би можело да се види, дури и навистина да погледал некој низ стаклата. Израдуван од оваа мисла, тој пак замина во Измаиловскиот полк кај вдовицата на учителот.

Таму него веќе го чекаа. Вдовицата веќе беше посетила две-три места и дури наминала и кај Рогожин: ни трага ни глас. Кнезот ја ислуша молчејќи, влезе во собата, седна на диванот и почна да ги гледа сите небаре не разбирајќи што му зборуваат. Чудно: тој беше тука необично внимателен, ту наеднаш стануваше незамисливо расеан. Целото семејство подоцна изјавуваше дека тој беше „за чудење", чуден човек тој ден, така што, „можеби, уште тогаш, сè се појави". Тој, најпосле, стана и замоли да му ги покажат собите на Настасја Филиповна. Тоа беа две големи, светли, високи соби, мошне пристојно наместени и не чинеа евтино. Сите овие дами подоцна раскажуваа дека кнезот во собите го разгледувал секој предмет, видел на масичето отворено книга од библиотеката за позајмување, францускиот роман „M-me Bovary", ја забележал, направил знак на страницата на која што била отворена книгата, замолил да му дозволат да си ја понесе со себеси, не послушувајќи го фактот дека книгата е од библиотека, си ја ставил в џеб. Седнал крај отворен прозорец и, кога ја видел масичката за играње карти испишана со креда, прашал „кој играл?" Тие му раскажале дека Настасја Филиповна секоја вечер играла со Рогожин магаре, преферанс, кралови, вист, адути – сите игри и дека карти – почнале да се играат

дури во последно време, по доаѓањето од Павловск во Петербург, зашто Настасја Филиповна сѐ се жалела дека ѝ е здодевно и дека Рогожин по цели вечери седел и не умеел за ништо да раскажува, и често плачела, и дека наеднаш, другата вечер, Рогожин извлекол од џебот карти; тогаш Настасја Филиповна се насмеала и почнале да играат. Кнезот прашал: каде се картите со кои играле? Но картите ги немало; картите ги донесувал Рогожин самиот в џеб, секој ден по ново пакло, и потоа си ги земал со себе.

Овие дами го посоветуваа да појде уште еднаш кај Рогожин и уште еднаш посилно да почука, но не веднаш, туку веќе навечер: „може и ќе дојде дома". А пак самата вдовица се понуди меѓутоа да појде уште попладне во Павловск кај Дарја Алексеевна: можеби таму знаат нешто? Кнезот го замолија да повела околу десет часот навечер, за секој случај, за да се договорат за следниот ден. Без оглед на сите утешувања и надежи, потполно очајание завладеа со душата на кнезот. Со неискажлива тага тој пеш дојде до својата гостилница. Летниот, прашливиот, задушливиот Петербург го притискаше како преса; тој се туркаше меѓу груб или пијан народ, се загледуваше бесцелно во лицата, можеби измина многу повеќе одошто требаше; веќе беше скоро сосема вечер, кога тој влезе во својата соба. Тој реши да се одмори малку и после да појде пак кај Рогожин, како што го советуваа, седна на диванот, се потпре со лактови на маса и се замисли.

Господ знае, колку време и господ знае за што размислуваше тој. Од многу нешта тој се плашеше и чувствуваше, болно и мачно, дека ужасно се плаши. Му дојде на ум Вера Лебедева; потоа помисли дека можеби Лебедев знае нешто за оваа работа, а ако не знае, тогаш може да дознае поскоро и полесно од него. Потоа тој се сети на Иполит и на тоа дека Рогожин одел кај Иполит. Потоа се сети на Рогожин: неодамна на погребот, потоа во паркот, потоа – наеднаш тука во ходникот, кога се беше сокрил тогаш во аголот и го чекаше со ножот. Сега се сети на неговите очи кои го гледаа тогаш во мракот. Тој затрепери:

пре́гешната натраплива мисла сега наеднаш се проби во неговата глава.

Таа се состоеше делумно во тоа дека Рогожин е во Петербург, и макар што за извесно време ќе се крие, сепак неопходно ќе заврши така што ќе дојде кај него, кај кнезот, со добра или лоша намера, можеби дури и како тогаш. Во секој случај, ако на Рогожин којзнае зошто му се јави потреба да дојде, тогаш тој нема каде да оди, освен ваму, пак во овој ходник. Адресата тој не ја знае; според тоа, сосема е можно тој да помисли дека кнезот отседнал во истата гостилница; во секој случај, ќе се обиде да го побара тука . . . ако веќе толку му биде потребен. А од каде да знае, можеби и ќе му биде многу потребен?

Тој така мислеше и оваа мисла којзнае зошто му се чинеше сосема возможна. Тој никако не би можел да си објасни само кога би се задлабочил во својата мисла: „зошто, на пример, тој така наеднаш ќе му стане потребен на Рогожин и зошто е невозможно ни да се замисли дека тие на крајот нема да се најдат?“ Но мислата беше тешка: „Ако му е добро, тогаш нема да дојде, – продолжуваше да мисли кнезот, – поскоро ќе дојде ако не биде нешто добро, а нему сигурно не му е добро . . .“

Се разбира, со такво убедување, би требало да го чека Рогожин дома, во хотелската соба; но тој како да не можеше да ја поднесе својата нова мисла, срипа, ја грабна шапката и потрча. Во ходникот веќе беше речиси сосема темно: „Што ако тој сега наеднаш излезе од оној агол и ме запре кај скалите?“ – му пролета во мислите кога се приближуваше кон познатото место. Но никој не се појави. Тој се спушти до влезната врата, излезе на тротоарот, се почуди на големата толпа народ која се истури на зајди-сонце на улица (како и секогаш во Петербург во време на летните одмори), и се упати кон Горохова. На педесетина чекори од гостилницата, на првата крстосница, во толпата, некој наеднаш го допре со лакотот и полугласно му проговори над самото уво:

– Лав Николаевич, дојди, братко, по мене, треба.

Тоа беше Рогожин.

Чудно: кнезот наеднаш почна израдувано да му раскажува, пелтечејќи и речиси не довршувајќи ги зборовите, како тој еве сега го чекал во ходникот на гостилницата.

– Јас бев таму, – ненадејно му одговори Рогожин, – ајде.

Кнезот се вчудоневиде на одговорот, но се вчудоневиде веќе откако изминаа најмалку две минути, кога успеа да сфати. Откако го сфати одговорот, тој се исплаши и почна сомнително да го гледа Рогожин. Тој веќе одеше речиси на половина чекор пред него, гледајќи право пред себе и не обрнувајќи внимание на никој од минувачите, со автоматска претпазливост пропуштајќи ги сите што ќе му се најдеа на пат.

– Зошто тогаш не си ме побарал во собата? . . . штом си бил во гостилницата? – праша наеднаш кнезот.

Рогожин запре, го погледна, поразмисли, и, небаре воопшто не го разбра прашањето, рече:

– Ете што, Лав Николаевич, ти оди оттука право, сè до дома, знаеш? А јас ќе појдам од онаа страна. И гледај заедно да стигнеме . . .

Кога го рече ова, тој ја премина улицата, се качи на спротивниот тротоар, погледна дали оди кнезот и, кога виде дека овој стои и го гледа со ококорени очи, му мавна со раката на кај Горохова и тргна, секој миг обрнувајќи се да го погледа кнезот, давајќи му знак да оди по него. Тој беше јасно охрабрен со тоа што виде дека кнезот го разбра и не минува кај него од другата страна на тротоарот. На кнезот му падна на ум дека Рогожин мора да демне некого, да не го пропушти патем и дека заради тоа и преминал на другиот тротоар. „Само зошто тој не ми рече кого треба да видам?". Така тие минаа околу петстотини чекори и наеднаш, којзнае зошто, кнезот почна да трепери; Рогожин, иако поретко, но не престануваше да се обѕирнува; кнезот не издржа и го покани со рака. Овој истиот миг премина кај него преку улицата.

– Кај тебе ли е Настасја Филиповна?

– Кај мене е.

– А прeѓеска ти ли тоа ме гледаше низ прозорецот преку завесата?

– Јас . . .

– Како тогаш . . .

Но кнезот не знаеше што да го праша понатаму и како да го заврши прашањето; одозгора пак срцето толку му биеше што му беше тешко дури и да говори. Рогожин исто молчеше и продолжуваше исто да го гледа, то ест, небаре замислен.

– Е, јас ќе си заминам, – рече тој ненадејно, приготвувајќи се пак да ја премине улицата, – а ти оди си одовде. Да не бидеме заедно на улицата . . . така ќе ни биде подобро . . . на разни страни . . . ќе видиш.

Кога тие, најпосле, од двата различни тротоари свртеа на Горохова улица и почнаа да ѝ се приближуваат на куќата на Рогожин, на кнезот пак почнаа да му се потсечуваат нозете, така што веќе му беше речиси тешко да оди. Веќе беше околу десет часот навечер. Прозорците од делот на старицата како и порано стоеја отворени, а кај Рогожин затворени, и во самракот небаре уште позабележливи станувааа спуштените бели завеси. Кнезот ѝ пријде на куќата од спротивниот тротоар; Рогожин пак од својот тротоар стапи на влезот и почна да му мавта со раката. Кнезот премина кај него кај влезот.

– И чуварот на куќата сега не знае дека сум се вратил дома. Јас преѓеска му реков дека заминувам во Павловск и кај мајчицата истото го реков, – прошепоти тој со итра, речиси задоволна насмевка, – ние ќе си влеземе и никој нема да нѐ чуе.

Во рацете тој веќе држеше клуч. Качувајќи се по скалите тој се сврте и му се закани со прст на кнезот потивко да оди, тивко ја отклуча вратата во својот стан, го пропушти кнезот, претпазливо влезе и тој по него, ја заклучи вратата по себе и го стави клучот в џеб.

– Дојди, – проговори тој со шепот.

Тој уште од тротоарот на Литејна почна да говори со шепот. Без оглед на целиот свој надворешен мир, тој беше некако длабоко, внатрешно возбуден. Кога

влегоа во салонот, пред самиот кабинет, тој му пријде на прозорецот и таинствено го повика кај себе кнезот.

– Ете, штом ти прееска позвони кај мене, јас веднаш тука и се досетив дека тоа си токму ти; дојдов напрсти до вратата и слушам како ти разговараш со Пафнутиевна, а јас пак уште на изгрејсонце ѝ реков: ако ти, или некој пратен од тебе, или кој и да било друг, почне да чука кај мене, по никоја цена да не каже; а особено ако ти лично дојдеш да ме бараш, и твоето име ѝ го кажав. А после, кога ти излезе на улица, мене ми падна на ум: ако сега стоиш тука и ме чекаш или демнеш од улица? Му пријдов јас на прозорецот и ја поткренав завесата, гледам, а ти стоиш таму, гледаш право во мене . . . Ете како беше работата.

– А каде е . . . Настасја Филиповна? – проговори кнезот задишувајќи се.

– Таа е . . . тука, – бавно проговори Рогожин, небаре малку забавувајќи се со одговорот.

– Та каде е?

Рогожин го крена погледот кон кнезот и внимателно го погледна.

– Дојди . . .

Тој постојано говореше шепотејќи и бавно, не итајќи и, како и постојано, чудно замислен. Дури и кога раскажуваше за завесата, беше како со ова да сака да каже нешто друго, без оглед на сета експанзивност на раскажувањето.

Влегоа во кабинетот. Во оваа соба, оттогаш, откако беше во неа кнезот, имаше извесна промена: целата соба ја преградуваше зелена завеса од свилен брокат со два влеза од страните и го одделуваше кабинетот од алковот во кој беше сместена постелата на Рогожин. Тешката завеса беше спуштена а влезовите затворени. Но во собата беше мошне темно: летните „бели" петербуршки ноќи почнуваа да бидат потемни и, да не беше полната месечина, тешко би можело да се распознае нешто во темните соби на Рогожин со спуштени завеси. Навистина, можеше сè уште да се согледаат лицата, иако не мошне јасно. Лицето на Ро-

гожин беше бледо, како и обично; погледот му беше упорен, силно вжарен, но некако неподвижен.

– Би можел да запалиш свеќа? – рече кнезот.

– Не, не треба, – одговори Рогожин и кога го фати кнезот за рака, го присили да седне; самиот пак седна наспроти него, наместувајќи го столот така, што речиси го допираше кнезот со колената. Меѓу нив, некако отстрана, се наоѓаше мала, тркалеста масичка. – Седни, да поседиме малку! – рече тој, небаре наговорувајќи го да седи. Околу една минута тие молчеа. – Така и знаев дека ќе отседнеш во истата гостилница, – проговори тој, како што напати се прави, кога до главната тема се приоѓа од далечни поединости, кои не се однесуваат директно до работата, – кога влегов во ходникот, веднаш си помислив: а можеби и тој седи и ме чека сега, како јас него што го чекам, во истиот миг? Си бил ли кај вдовицата на учителот?

– Бев, – одвај можеше да проговори кнезот од силното биење на срцето.

– И тоа го претпоставив. Таму сигурно ќе почнеш да раскажуваш, си помислив . . . а потоа уште си помислив: ќе го доведам ваму да преноќи, така ноќва да ја поминеме заедно . . .

– Рогожин! Каде е Настасја Филиповна? – прошепоти кнезот наеднаш и стана треперејќи сиот. Стана и Рогожин.

– Таму е, – шепна тој и покажа со главата кон завесата.

– Спие? – шепна кнезот.

Рогожин пак го погледна внимателно, како пред малку.

– Ајде тогаш да влеземе! . . . Само ти . . . е, ајде да влеземе!

Тој ја поткрена завесата, поканувајќи го да мине пред него. Кнезот мина.

– Тука е темница, – рече тој.

– Може да се види! – промрмори Рогожин.

– Јас одвај го гледам . . . креветот.

– Приближи се повеќе, – тивко му посоветува Рогожин.

Кнезот се приближи на чекор, на два и запре. Тој

стоеше и се трудеше да види една или две минути; обајцата целото време крај креветот не проговорија ништо; на кнезот срцето му биеше толку што, се чинеше, ќе се чуе во собата, во мртвиот молк на собата. Но тој веќе успеа да свикне на темнината така што можеше да ја види постелата; на неа некој спиеше, во сосема длабок сон; не можеше да се чуе ни најмало шумолење, ни најтивко дишење. Оној што спиеше беше прекриен преку глава со бела покривка, но контурите некако нејасно се навестуваа; се гледаше само, по издадените нерамнини, дека тука лежи истегнато човек. Наоколу, во безредие, крај нозете, покрај самата постела на фотељата, на подот дури, беше расфрлана соблечената облека, богатиот бел свилен фустан, цвеќе, ленти. На малата масичка покрај главата светкаа извадените и расфрланите дијаманти. Крај нозете беа собрани во купче некакви тантели, подавајќи се од под покривката можеше да се види крајче разголена нога; таа се чинеше небаре исклесана од мермер и беше ужасно неподвижна. Кнезот гледаше и чувствуваше дека колку повеќе гледа, толку помртво и потивко станува во собата. Наеднаш забрмча една пробудена мува, пролета над креветот и се смири крај главата. Кнезот затрепери.

– Да излеземе, – го допре за раката Рогожин.

Тие излегоа, седнаа пак на истите столови, пак еден наспроти друг. Кнезот трепереше сè посилно и посилно и не го симнуваше својот прашален поглед од лицето на Рогожин.

– Ете, јас забележувам, Лав Николаевич, дека ти трепериш, – проговори најпосле Рогожин, – речиси онака кога ти доаѓа твоето растројство, се сеќаваш, во Москва кога се случи? Или токму пред нападот. И не можам да си смислам што ќе правам сега со тебе . . .

Кнезот го слушаше напрегнувајќи ги сите свои сили за да разбере и постојано прашуваше со погледот.

– Ти, значи? – проговори тој најодзади кимнувајќи со главата кон завесата.

– Да, јас . . . – прошепоти Рогожин и го собори погледот.

Тие молчеа околу пет минути.

– Зашто, – одеднаш продолжи Рогожин, небаре не го прекинуваше говорот, – зашто ако сега настапи твојата болест, и нападот, и крикот сега, може да се чуе на улицата или во дворот и ќе се досетат луѓето дека во станов има некој; ќе почнат да тропаат, ќе влезат . . . зашто тие сите мислат дека јас не сум дома. Јас и свеќата не ја запалив, за да не се досетат од улица или некој од куќава. Зашто, кога не сум дома, јас и клучевите си ги земам со себе, и никој, кога ме нема, по три, по четири денови не влегува ни да наместува, така и суредив. И ете, за да не дознаат дека тука ќе преноќиме . . .

– Чекај, – рече кнезот, – јас преѓеска и чувар-куќата и старицата ги прашував да не преноќила тука Настасја Филиповна. Тие, значи, веќе знаат.

– Знам дека си ги прашал. Јас на Пафнутјевна ѝ реков дека вчера наминала Настасја Филиповна и дека уште вчера заминала во Павловск, а дека кај мене останала десет минути. И тие не знаат дека таа преноќила, – никој не знае. Вчера ние исто така влеговме сосема тивко, како ние денеска. Јас уште патем си помислив во себеси дека таа не ќе сака тивко да влезе, – но уште како! Шепотеше, на прсти мина, фустанот го собра околу себе, да не шумоли, во рацете го носи, мене самата со прст ми покажува, – тоа таа сѐ од тебе се плашеше. Во возот беше сосема како луда, сѐ од страв, и самата посака да преноќи кај мене, јас прво помислив да ја одведам во станот кај вдовицата – каде! „Таму, вели, тој ќе ме пронајде уште на изгреј-сонце, а ти сокриј ме, а утре, штотуку ќе осамне, во Москва“, а потоа сакаше некаде во Орел. И кога си легнуваше, сѐ велеше дека ќе заминеме во Орел . . .

– Чекај, а сега што, Парфјон, што мислиш да правиш?

– Та ете, ме збунуваш ти мене што трепериш постојано. Ноќта ќе ја минеме тука заедно. Постела, освен онаа, нема̀ друга и јас веќе помислив од двата дивана да ги симнеме перниците и еве тука, крај завеста, ќе ти постелам на тебе и на мене, еден покрај

друг, така да бидеме заедно. Зашто, ако влезат, и ако почнат да прегледуваат или да ја бараат, неа веднаш ќе ја видат и ќе ја однесат. Ќе почнат да ме прашуваат, јас ќе им кажам дека сум јас и мене веднаш ќе ме одведат. Та затоа нека си лежи таа сега тука, покрај нас, покрај мене и тебе.

– Да, да! – пламено се сложи кнезот.

– Значи, да не признаеме и да не дозволуваме да ја однесат.

– Н-никако! – се сложи кнезот, – ни-ка-ко!

– И јас така решив, никако, братче, и никому да не ја даваме! Ноќта ќе ја минеме тивко. Јас денес само за еден час излегов изутрината од дома, инаку сè со неа бев. И после, приквечер, кога излегов да те најдам тебе. Се плашам уште за тоа што е жешко и ќе почне да мириса. Чувствуваш ли мирис или не?

– Може и чувствувам, не знам. До изутрината сигурно ќе почне да мириса.

– Јас ја прекрив со мушама, убава американска мушама, а веќе над мушамата, со покривка и четири шишиња вода за дезинфекција оставив отворени, и сега таму стојат.

– Тоа значи како онаму . . . во Москва?

– Оттаму е, братче, и мирисаат. А како лежи таа . . . Кога ќе осамне изутрината погледај ја. Што, ти не можеш ни да станеш? – со бојазлива почуденост праша Рогожин, гледајќи дека кнезот толку трепери, што не може ни да се крене.

– Нозете не ме слушаат, – промрмори кнезот, – тоа е од стравот, знам јас . . . Ќе ми мине стравот и јас ќе станам . . .

– Чекај, додека ја постелам постелата и легни си . . . и јас покрај тебе . . . и ќе слушаме . . . зашто, момче, јас уште не знам . . . јас, момче, сега уште не знам сосема сè, и тебе сега ти велам однапред да си знаеш . . .

Мрморејќи ги тие нејасни зборови, Рогожин почна да ги постила постелите. Се гледаше дека овие постели тој, можеби, уште изутрината ги испланира. Минатата ноќ тој самиот си легна на диванот. Но на диванот двајца еден крај друг не можеа да легнат, а

тој бездруго сакаше да постели сега еден покрај друг, ете зошто сега, со голем напор, ги симна перниците со различна големина од двата дивана и ги довлечка до самиот влез на завесата. Успеа да направи некаква постела; тој му пријде на кнезот, нежно и восхитено го фати за рака, го поткрена и го доведе до постелата; но се покажа дека кнезот и самиот можеше да оди; значи, „стравот му минуваше"; но тој сепак продолжуваше да трепери.

– Тоа ти е затоа, братче, – почна наеднаш Рогожин, откако го намести кнезот на левата, подобрата перница и истегнувајќи се и самиот од десната страна, не соблекувајќи се и наместувајќи ги двете раце под глава, – што е сега топло, и се знае, мирисот ... Се плашам да ги отворам прозорците; а кај мајка ми има саксии со цвеќе, многу цвеќе и нивниот мирис е прекрасен; мислев да ги пренесам, но Пафнутиевна ќе се досети, зашто таа е љубопитна.

– Таа е љубопитна, – потврди кнезот.

– Можеби да купам букети и целата да ја прекријам со цвеќе? Па си мислам, ќе ми биде жално, братче, целата во цвеќе!

– Слушај ... – праша кнезот небаре заплеткувајќи се, небаре напинајќи се да пронајде што имено треба да праша и небаре веднаш заборавајќи, – слушај кажи ми: со што си ја? ... Со ножот? Со оној истиот?

– Со оној истиот ...

– Чекај уште! Јас, Парфјон, сакам уште да те прашам ... јас многу ќе те прашувам, за сè ... но подобро е во почетокот да ми кажеш, во самиот почеток, за да знам: ти сакаше да ја убиеш пред мојата свадба, на венчавањето, крај олтарот, со нож? Си сакал или не?

– Не знам дали сум сакал или не ... – суво одговори Рогожин, небаре малку почуден од прашањето и не разбирајќи го доволно.

– Во Павловск никогаш не си носел нож со себе?

– Никогаш. За ножот, ете само што можам да ти кажам, Лав Николаевич, – додаде тој откако помолча, – јас него веќе изутрината го извадив од заклучена фиока, зашто целата работа беше изутрината, после

три часот. Тој ми лежеше ставен во книга ... И ... и ете што уште ми е чудно: ножот небаре една и пол педа ... а може и цели две се заби ... во левата страна на градите ... а крв, сѐ на сѐ околу половина лажица истече на кошулата; повеќе немаше ...

– Тоа, тоа, тоа, – се поткрена наеднаш кнезот ужасно возбуден, – тоа јас го знам, го читав ... тоа се вика внатрешно изливање ... Се случува дури ни капка. Тоа ако удриш директно в срце ...

– Чекај, слушаш? – брзо наеднаш го прекина Рогожин и исплашено седна на постелата, – слушаш?

– Не! – исто така, брзо и исплашено проговори кнезот гледајќи го Рогожин.

– Некој чекори! Слушаш? Во салонот ...

Обајцата почнаа да слушаат.

– Слушам, – сигурно прошепоти кнезот.

– Некој чекори?

– Некој чекори.

– Да ја затворам вратата, или не?

– Затвори ја ...

Вратата ја затворија и обајцата пак легнаа. Долго молчеа.

– Ох, да! – прошепоти наеднаш кнезот со прећешниот возбуден и забрзан шепот, небаре поново ја фати мислата и небаре ужасно се плаши повторно да ја загуби, дури потскокнувајќи во постелата, – да ... но јас ги сакав ... оние карти! картите ... Ти, велат, си играл карти со неа?

– Играв, – рече Рогожин по извесно молчење.

– И каде се ... картите?

– Картите се тука ... – проговори Рогожин откако помолча уште повеќе, – еве ги ...

Тој извлече од џебот пакло веќе играни карти завиткани во хартија и му го подаде на кнезот. Овој ги зеде, но небаре во недоумица. Ново, тажно и безутешно чувство му го стегна срцето; тој наеднаш сфати дека во овој миг, и веќе одамна, постојано говори не за она што треба да говори и дека сѐ прави она што не треба, и дека еве картите, кои тој ги држи во рацете и на кои толку им се израдува, сега веќе ништо, ништо не можат да помогнат. Тој се исправи и плесна

со рацете. Рогожин лежеше неподвижно и небаре не го чу и не го виде неговото движење; но очите негови силно светеа во мракот и беа сосема отворени и неподвижни. Кнезот седна на стол и почна со страв да гледа во него. Мина околу половина час; наеднаш Рогожин гласно и испресечено се раскикоти и викна, небаре заборави дека треба да говори шепотејќи:

– Офицерот, офицерот . . . го паметиш ли, како таа тогаш на музика, го плесна офицерот, паметиш, ха-ха-ха! А после кадетот . . . кадетот притрча . . .

Кнезот срипа од столот опфатен со нов страв. Кога Рогожин стивна (а тој стивна наеднаш), кнезот тивко се наведна кон него, седна покрај него и, со срце што силно биеше, тешко дишејќи, тој почна да го разгледува. Рогожин не си ја свртуваше главата кон него и небаре и беше заборавил за него. Кнезот гледаше и чекаше; времето си минуваше, почна да се зазорува. Рогожин одвреме навреме ненадејно почнуваше да подвикнува и да се смее; кнезот ја подаваше тогаш кон него својата растреперена рака и тивко ја допираше неговата глава, неговата коса, го галеше, му ги галеше образите . . . тој повеќе ништо не можеше да стори! Тој и самиот пак почна да трепери и пак небаре му се отсекоа нозете. Некакво сосема ново чувство му го измачуваше срцето со бескрајна тага. Меѓутоа, сосема се раздени; најпосле, тој прилегна на перницата речиси веќе сосема обесилен и очаен, и го приближи своето лице кон бледото и неподвижното лице на Рогожин: солзите течеа од неговите очи на образите на Рогожин, но, можеби, тој тогаш веќе не ги чувствуваше своите сопствени солзи и веќе ништо не знаеше за нив . . .

Во секој случај, кога, веќе по многу часови, се отвори вратата и влегоа луѓе, тие го најдоа убиецот како наполно блада и во треска. Кнезот седеше крај него неподвижно на постелата и тивко, на секоја експлозија на крик или бладање на болниот, иташе да ја допре својата растреперена рака до неговата коса и по образите, небаре галејќи и смирувајќи го. Но тој повеќе ништо не разбираше што го прашуваа и не ги препознаваше влезените луѓе што беа околу

него. И да се јавеше сега лично Шнајдер од Швајцарија да си го види својот некогашен ученик и пациент, тогаш и тој, сеќавајќи се на состојбата во која запаѓаше понекогаш кнезот во првата година на своето лечење во Швајцарија, ќе мавнеше со рака и ќе речеше, како и тогаш: „Идиот!"

XII

ЗАКЛУЧОК

Вдовицата на учителот, пристигнувајќи во Павловск, се појави директно кај растроената од вчерашниот ден Дарја Алексеевна и, откако и раскажа сѐ што знаеше, конечно ја исплаши. Обете дами без забавување решија да се поврзат со Лебедев, кој исто така беше вознемирен како пријател на својот станар и како сопственик на станот. Вера Лебедева им соопшти сѐ што знаеше. По советот на Лебедев тие решија да дојдат во Петербург сите тројца заедно, што поскоро да можат, за да го спречат она „што сосема можеше да се случи". Така излезе што уште другата изутрина, околу единаесет часот, станот на Рогожин беше отклучен во присуство на полицијата, на Лебедев, на дамите и на братот на Рогожин, Семјон Семјонич Рогожин, кој живееше во зградата во дворот. За успехот на работата најмногу придонесе исказот на чувар-куќата дека тој вчера го видел Парфјон Семјонич со гостинот, како влегоа низ главниот влез и тоа некако тивко. По овој исказ веќе не се посомневаа да ја скршат вратата која не се отвораше кога ѕвонеа.

Рогожин прележа два месеци од запаление на мозок, а кога оздраве – се водеше истрага и судење. За сѐ тој даде директни, прецизни и сосема задоволувачки одговори, поради кои кнезот уште во самиот почеток на судењето беше отстранет. Рогожин беше молчелив за време целиот процес. Тој не му се спротивставуваше на својот умешен и красноречив адвокат, кој јасно и логично докажуваше дека стореното злосторство беше последица на запалението на мозок, кое почнало дамна пред злосторството како последица

на маките на обвинетиот. Но тој, од своја страна, не додаде ништо во потврда на ова мислење и, како и во почетокот, јасно и точно ги обнови и ги потврди сите и најмали околности на извршениот настан. Тој беше осуден, со оглед на олеснителни околности, на Сибир, на робија, на петнаесет години, и ја ислуша својата осуда тврдо, без збор и „задлабочен во мисли". Целиот негов огромен имот, освен мошне малиот дел, потрошен во првите пијанки, премина на неговиот брат, Семјон Семјонич, за големо задоволство на последниов. Старицата Рогожина продолжува да живее на светов и небаре го спомнува напати синот љубимец Парфјон, но не го спомнува јасно: господ го спаси нејзиниот ум и нејзиното срце од сознанието на ужасот, кој го посети нејзиниот тажен дом.

Лебедев, Келер, Гања, Птицин и многумина други лица на нашата повест живеат како и порано, малку работи се имаат изменети, и ние речиси ништо не можеме да кажеме. Ипполит почина од страшна возбуда и малку порано одошто очекуваше, по околу две недели од смртта на Настасја Филиповна. Коља беше длабоко поразен со останатото; тој конечно се зближи со својата мајка. Нина Александровна се плаши за него што е премногу сериозен за свои години; од него, можеби, ќе излезе добар човек. Меѓу другото, делумно со негово залагање, се одреди и натамошната судбина на кнезот: тој веќе одамна го имаше издвоено од сите лица што ги запозна во последно време Евгениј Павлович Радомски; тој појде кај него и му ги предаде сите детали на настанот што ги знаеше и сегашната положба на кнезот. Тој не погреши: Евгениј Павлович прими најпламено учество во судбината на несреќниот „идиот" и, како последица на неговите напори и заштита, кнезот се најде пак во странство во швајцарската установа на Шнајдер. Евгениј Павлович, кој замина во странство и кој имаше намера прилично долго да поживее во Европа и кој искрено се наречуваше себеси „сосема излишен човек во Русија", – прилично често, во секој случај еднаш во неколку месеци, го посетува својот болен пријател кај Шнајдер; но Шнаједр сè повеќе и повеќе се мурти

и ниша со главата; тој навестува тотална повреда на умните органи; тој сè уште не говори со сигурност за неизлечивост, но си дозволува најцрни навестувања. Евгениј Павлович го прима тоа мошне близу до срце, а тој има срце, што е докажано со тоа што добива писма од Коља и напати дури и одговара на тие писма. Но, освен ова, излезе на видело уште една особина на неговиот карактер, и бидејќи тоа е добра особина, ние ќе побрзаме да ви ја кажеме: по секоја посета на установата на Шнајдер, Евгениј Павлович освен на Коља испраќа и уште едно писмо на една личност во Петербург, со најдетално и симпатично излагање на состојбата на болеста на кнезот во дадениот момент. Освен најучтиви изјави на пријателство, во овие писма напати почнуваат да се појавуваат (и тоа сè почесто и почесто) извесни искрени излагања на погледи, сфаќања и чувства, – со еден збор, почнува да се обелоденува нешто слично на пријателски и блиски чувства. Ова лице, кое се наоѓа во преписка (макар, сепак, прилично ретка) со Евгениј Павлович и кое толку го заслужи неговото внимание и почит, е Вера Лебедева. Ние никако не можевме да дознаеме точно на кој начин можеа да почнат ваквите односи; почнаа тие, се разбира, по повод истиот настан со кнезот, кога Вера Лебедева беше поразена од тага толку што дури и се разболе, но под какви околности дојде до познанство и пријателство – тоа не ни е познато. А ние пак ги спомнуваме тие писма најмногу со таа цел, што во некои од нив се содржеа податоци за семејството Епанчини и, што е најважно, за Аглаја Ивановна Епанчина. За неа зборуваше Евгениј Павлович, во едно прилично нејасно писмо од Париз, дека таа, по кратка и необична приврзаност кон еден емигрант, полски гроф, наеднаш се омажила за него, против волјата на своите родители, кои иако најпосле ја дале својата согласност, го сториле тоа зашто работата се заканувала со некој голем скандал. Потоа, по речиси полгодишно молчење, Евгениј Павлович ја извести својата кореспондентка, пак во едно долго и детално писмо, за тоа дека тој, за време на својата последна посета кај професорот Шнајдер во Швајца-

рија, се нашол таму со сите Епанчини (освен, се разбира, со Иван Фјодорович кој поради работа бил во Петербург) и со кнезот Ш. Состанокот бил чуден; Евгениј Павлович сите го пречекале со некаков восхит; Аделаида и Александра, којзнае зошто, нашле дури дека треба да му бидат благодарни за неговата „ангелска грижа за несреќниот кнез". Лизавета Прокофјевна, кога го видела кнезот во неговата болна и понизена состојба, заплакала од длабочината на срцето. Изгледа нему му било веќе сè простено. Кнезот Ш. рекол притоа неколку умесни и умни вистини. На Евгениј Павлович му се сторило дека тој и Аделаида сè уште не се зближиле еден со друг, но во иднина се чинело дека било неминовно сосема доброволното и срдечното покорување на темпераментната Аделаида на умот и искуството на кнезот Ш. Одозгора пак, и лекциите кои ги добило семејството страшно дејствувале на неа и, тоа најмногу, последната случка на Аглаја со грофот-емигрант. Сè од што се плашело семејството, отстапувајќи му ја на грофот Аглаја, веќе се остварило за половина година со додаток на такви изненадувања, за кои дури и не помислувале. Излегло дека тој гроф дури и не бил гроф, а ако и бил навистина емигрант, тогаш имал некое темно и сомнително минато. Ја пленил тој Аглаја со необичната благородност на својата душа измачена од страдања по татковината, и тоа толку ја пленил, што оваа уште пред да се омажи станала член на некојси комитет во странство за обновување на Полска, и одозгора се нашле во католичка исповедница на некојси познат патер, кој завладеал со нејзиниот ум до избезуменост. Колосалното богатство на грофот, за кое ѝ покажал овој на Лизавета Прокофјевна и на кнезот Ш. речиси несомниви докази, се покажало сосема непостоечко. И тоа било малку, за околу половина година по стапувањето во брак грофот и неговиот пријател, познатиот исповедник, успеале наполно да ја скараат Аглаја со семејството, така што овие веќе неколку месеци не ја имале видено . . . Со еден збор, имало многу што да се раскаже, но Лизавета Прокофјевна, нејзините ќерки и дури и кнезот Ш. биле веќе толку поразени од сиот тој

„терор“, што дури се плашеле и да ги спомнат другите работи во разговорот со Евгениј Павлович, макар што знаеле дека тој и без тоа добро ја знаел историјата на последните занеси на Аглаја Ивановна. Кутрата Лизавета Прокофјевна би сакала да се врати во Русија и, според сведоштвата на Евгениј Павлович, таа жолчно и пристрасно критикувала сѐ што е странско: „Никаде не умеат убаво да испечат леб, зиме како глувци во визба се смрзнуваат, – говорела таа, – во секој случај, еве, овде над овој кутриов, макар се исплакав на руски“, – додала таа возбудено покажувајќи кон кнезот, кој воопшто не ја препознавал. „Доста занеси, време е и на разумот да му послужиме. И сето ова, сето ова странство, и сите ние во странство, сме само фантазија... спомнете си го мојот збор, самиот ќе видите!“, – завршила таа речиси луто разделувајќи се со Евгениј Павлович.